1. Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на законски акти, во изминатиот период од вкупно одржани 18 седници, на 14 седници беа разгледани и препорачани на Собранието 39 предлози за донесување на закони за ратификација на меѓународни договори, разгледани се измените на Буџетот за 2007 и Предлогот на буџетот за 2008 година, на кој е предложен амандман. На една седница на Комисијата беше претставена платформата на македонскиот амбасадор во САД, и за прв пат на дневен ред на седница на Комисијата, согласно со Законот за надворешни работи беа излагањата на амбасадорите на Република Македонија во Велика Британија и Србија по завршувањето на мандатот.

Две средби се одржани со министерот за надворешни работи во (едната заедно со Комисијата за одбрана и Делегацијата на РМ во ПС на НАТО) и една зедничка седница со Комисијата за европски прашања (Извештајот од ЕК- презентиран од амбасадорот Ерван Фуере).

Дваесет и втората седница на Комисијата на која е предвидено обраќање на министерот за надворешни работи е одложена.

До Министерството за надворешни работи доставувани се дописи со кои, врз основа на забелешките или интересот на Комисијата се барани информации за состојбата околу меѓународните договори (пристапување, потпишување и ратификација), извештај за досегашната имплементација на Законот за надворешни работи, вклучително и состојбата со подзаконските акти (чл.94 од ЗНР), почитување на законските обврски, особено чл. 9 од ЗНР кој се однесува на обврската обраќање на министерот за надворешни работи пред Комисијата.

2. Во однос на активностите кои се однесуваат на остварување на парламентарната соработка на билатерален и мултилатерален план, реализирани се вкупно 15 средби со претставници и делегации на други држави во земјата, од кои на две делегации Комисијата беше домаќин, и една средба во странство. Претседателот на Комисијата, оствари четири средби во земјата и една во странство а учествуваше и на Конференцијата на претседатели на комисии за надворешна политика на земјите членки на ЕУ во рамките на Германското претседателство. На Конференцијата во рамките на Португалското претседателство, присуствуваше советникот во Комисијата.

Во функција на развој на парламентарната дипломатија упатени се следниве иницијативи за соработка:

- упатена е покана за соработка и посета на РМ до претседателот на КНП на Данскиот парламент, иницијативата е прифатена;
-упатена е покана за продолжување на соработката со КНП на Големото Национално Собрание на Турција - не е одговорено;
-упатени се честитки по повод членството во ЕУ до претседателите на КНП на Романија и Бугарија и изразена подготвеност за продолжување на соработката, со Бугарија е остварена, а од Романија начелно е поздравен интересот но нема конкретен одговор;
- по повод усвојувањето на Предлогот на законот за поддршка на А3, Грузија и Украина за членство во НАТО беше упатен допис до претседателот на КНП на Конгресот на САД Том Лантос во кој беше и

изразен интересот на Комисијата за соработка - не е одговорено (г. Лантос е поканет да учествува на Конференцијата посветена на НАТО која ќе се одржи на 17-19 февруари 2007г. во Скопје);

-по повод изборот за претседател на КНП на Естонија Свен Миксер упатена честитка и покана за соработка начелно изразена согласност;

-упатена е покана до претседателот на КНП на Австрискиот парламент за соработка-начелно прифатено без конкретни датуми за реализација;

-поканата за возвратна посета на Делегација на КНП на Чешкиот парламент и продолжување на соработката, беше реализирана во ноември 2007 година.

-упатени се покани до претседателите на Долниот дом и Сенатот на Парламентот на Јапонија за соработка - начелно е прифатена иницијативата и

-упатен е допис до претседателот на КНП на Грција за соработка меѓу комисиите - не е одговорено.

3.Во пресрет на Самитот на НАТО во Букурешт Комисијата за надворешна политика и Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија во соработка со Институтот за економски стратегии и меѓународни односи "Охрид" ќе бидат домаќини на Конференција на претседатели на комисии за надворешна политика и одбрана на земјите членки на НАТО земјите од Јадранската група и земјите од Партнерството за мир од регионот која ќе се одржи од 17 - 19 февруари 2008 година во Собранието на Република Македонија.

Одржани седници		18
Вкупно разгледани точки		39
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	15
	економски систем	12
	јавни дејности	7
Поднесени амандмани		1
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		3
Прашања, предлози		-

Komisija za evropski pra{awa

НАДЛЕЖНОСТИ:

-следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на работните тела на Собранието на овој план;

-исполнувањето на обврските што произлегуваат од спогодбите меѓу Република Македонија и Европската унија;

-следењето на активностите на Владата и органите на државната управа насочени кон стекнување на членство на Република Македонија во Европската унија и-остварувањето на програмите и другите акти на институциите на Европската унија во Република Македонија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска поддршка;

-редовното информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција;

-покренувањето и остварувањето на активностите за информирање на јавноста во врска со процесите на европската интеграција;

-соработката со соодветните комисии на другите земји и

-разгледува други прашања во врска со европската интеграција во врска со нив дава мислења и препораки;

За изминатиот едногодишен период (јануари-декември 2007г.) Комисијата за европски прашања оддржа **18** седници и оствари повеќе активности од своите надлежности.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	ТИТО ПЕТКОВСКИ, - претседател	
	БЛАГОЈ ЗАШОВ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Александар Спасеновски	
2.	Владанка Авировиќ	
3.	Петар Поп Арсов	
4.	Анита Кипаризовска Крстевска	
5.	Валентина Божиновска	
6.	Панче Дамески	
7.	Ружди Матоши	
8.	Радмила Шеќеринска	
9.	Илинка Митрева	
10.	Андреј Жерновски	
11.	Теута Арифи	
12.	Агрон Буџаку	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Зоран Витанов	
2.	Лилјана Поповска	
3.	Илија Димовски	
4.	Александар Николовски	
5.	Владимир Ѓорчев	
6.	Гарип Каба	
7.	Марјан Додовски	
8.	Јован Манасијевски	
9.	Славица Грковска	
10.	Игор Ивановски	
11.	Азис Положани	
12.	Фадил Сулејмани	

Во извештајниот период Комисијата за европски прашања:

-разгледа 37 законски предлози од аспект на нивната усогласеност со европското законодавство;

-во рамките на следењето на процесот на усогласување на македонското со европското законодавство и давањето на насоки на Владата на РМ за забрзување на овој процес Комисијата усвои *Заклучоци за подобрување на процесот на усогласување на македонското законодав-ство со правото на Европската* унија, кои ги достави до Собранието на Република Македо-нија на усвојување;

-согласно со Декларацијата за поднесување на барање за членство на Република

Македонија во Европската унија, Комисијата разгледа **три** триме-сечни извештаи доставени од Владата на РМ за преземените активности и состојбата во областа на евро-интеграциите (за периодите: декември 2006г. и јануари, февруари 2007г.; март, април и мај 2007 г; и јуни, јули и август 2007 г.), кои ги достави до сите пратеници заедно со Извештајот од расправата на Комисијата. Преку овие извештаи на пратениците им се овозможува следење и контрола на владината димензија на полето на евроинтеграцијата;

-расправаше по Нацрт-резолуцијата за напредокот на Република Македонија во 2006 година поднесен од страна на известителот за Македонија од Комисијата за надворешни работи на Европскиот парламент, г-нот Ерик Мејер и изготви мислење по Извештајот кој го достави до европските институции со цел за подобрување на текстот.

-расправаше по предвидените буџетски средства за евроинтегративните процеси во измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2007 година и во Буџетот за 2008 година и констатира дека издвоените средства се доволни за исполнување на обврските за спроведување на Националната стратегија за интегрирање во ЕУ и Акциониот план за европско партнерство и останатите активности и потенцира дека треба кадровско зајакнување на Мисијата на Република Македонија при ЕЗ-во Брисел;

-во рамките на манифестацијата "Денови на Собранието" по повод одбележувањето на 50-годишниот јубилеј од потпишувањето на Римските договори. Комисијата заедно со Европското движење на Република Македонија организира трибина посветена на овој значаен ЕУ јубилеј;

-во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на Република Македонија за приоритетите на ЕУ Претседателството одржа **три** посебни седници посветени на Приоритетите и програмите за работа на Претседателството на: Сојузна Република Германија за јануари-јуни 2007г; на Португалија за јули- декември 2007 г. и на Република Словенија за јануари-јуни 2008г. Европската унија (јули - декември, претставени од амбасадорите на овие земји во Република Македонија;

-расправаше по Годишниот извештај за напредокот на Република Македонија за 2007 година на Европската комисија и врз основа на расправата му предложи на Собранието на Република Македонија, согласно Декларацијата за поднесување барање на членство на Република Македонија во Европската унија, што ја донесе.

Собранието на Република Македонија (Службен весник бр. 7/2004) да свика годишна седница посветена на евроинтеграциските процеси;

Во рамките на меѓународните активности Комисијата за европски прашања ги оствари следните активности:

-билатерални средби со претседателите и членовите на комисиите за европски прашања на Дониот дом на Обединетото Кралство, Хрватска, Турција, Словенија, Турција, Португалија и Холандија, на кои беа разменети мислења и искуства за евроинтеграциските процеси од парламентарен аспект;

-учество на делегации на Комисијата на следните меѓународни конференции на:

- Третиот заеднички парламентарен состанок за Лисабонската агенда (5 и 6 февруари 2007 г. во Брисел);

-На подготвителните состаноци и на 36-та и 37-та Конференција на комисиите за европски прашања на земјите членки на ЕУ-КОСАК (во мај во Берлин и во октомври во Лисабон);

-Интер-Парламентарниот Колоквиум посветен на Енергетиката (16-17.04 2007 година во Брисел);

-Конференцијата за слобода, безбедност и правда (Брисел 29.11. 2007)

-Конференција "Душата на Европа" во организација на Форум Белград 31.03-2.04. 2007г.)

Членовите на Комисијата имаа средби и со:

г.Владимир Дробњак главен преговарач на Република Хрватска за пристапување во Европската унија (05.02 2007.); Делегацијата на францускиот Економски и социјален Совет во состав: г-н Жан-Клод Пасти, г.Ален Тернуар и г-ѓа Изабела Бак (20.02.2007година);

Парламентарната и НВО Делегацијата на Босна и Херцеговина во Република Македонија (21.03. 2007); амбасадорот Митја Дробнич (05.10. 2007 г); Мајкл Ли, Генерален директор на Директоратот за проширување на Европската Комисија (27.03. 2007г.); Министерката за европски прашања на Бугарија Гергана Грнчарова (24.10. 2007 г.); Средба со Комисијата за надворешна политика 11. 2007 г);

-Средба со Г. Пер Вестерберг претседател на Парламентот на Кралството Шведска (3-5.05 2007 г); Делегацијата на Комисијата за цивилна димензија на безбедноста на Парламентарното Собрание на НАТО; Делегацијата на Центарот за Демократска контрола на вооружените сили (08.05.2007г); Групата за соработка на парламентот на Естонија со Собранието на Република Македонија;

Средби на претседателот на Комисијата г.Тито Петковски со:

-г-ѓа Ливија Плакс, Претседател на Проектот за етнички односи и со г-дин Алекс Григориев Роеншвили, директор за Западен Балкан, (03.10. 2006 година, Специјалниот претставник на ЕУ и Шеф на Делегацијата на ЕК во Македонија амбасадорот Ерван Фуере (04.10.2007). Директорот на Директоријатот на ЕК за проширување г-дин Даниелсон (23.11 2007 г.); амбасадорката на Кралството Холандија во Република Македонија, г-ѓа Фредерик Де Ман, (24.11. 2006 година); г-дин Алекс Романик програм менаџер за Европа во Вестминстер фондацијата за демократија со седиште во Лондон (27.11.2007г.)

Беше реализирано учество на прославата по повод 50 години претседателот на Комисијата, Тито Петковски (23.03.2007 година во Рим)

Одржани седници		18
Вкупно разгледани точки		44
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	10
	економски систем	18
	јавни дејности	7
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		7
Прашања, предлози		-

Komisija za pra{awa na izborite i imenuvawata

НАДЛЕЖНОСТИ:

- поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата;

- поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

- предлагање состав на постојаните и повремени работни тела на Собранието;

- предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти;

- предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

- предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието;

- предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието;

- предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди;

- давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи;

- разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување;

- донесување акти за кои е овластена од Собранието;

- донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието;

- донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело;

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации;

- определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци;
- одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено;
- давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија" и
- разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ, - претседател	
	БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Љубисав Иванов Синго	
2.	Ристана Лалчевска	
3.	Илија Китановски	
4.	Силвана Бонева	
5.	Ружди Матоши	
6.	Горан Мисовски	
7.	Никола Ќурчиев	
8.	Оливер Спасовски	
9.	Рафиз Алити	
10.	Азис Положани	
11.	Роза Топузовска Каревска	
12.	Марјан Додовски	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Надица Танчева Тулиева	
2.	Оливер Шамбевски	
3.	Виолета Ташева	
4.	Нада Станчевска	
5.	Флора Кадриу	
6.	Иван Анастасовски	
7.	Верица Филипова	
8.	Влатко Серафимов	
9.	Блерим Беџети	
10.	Ајше Селмани	
11.	Јован Манасијевски	
12.	Валентина Божиновска	

Комисијата во рамките на својата надлежност согласно Деловникот на Собранието, Одлуката за основање на работни тела и одделни закони, во овој период, има одржано 13 седници со 31 точка на дневен ред.

Во функција на одржување на седниците, при свикување на седниците, до членовите на Комисијата заедно со поканите беше доставуван и материјал. Ова подразбира и реализација на седниците од Комисијата, односно изготвување на предлог - акти за седница на Собранието и тоа:

- предлози, предлог-одлуки,
- предлог-одлуки за изменување и дополнување
- одлуки.

При утврдување на Предлог-одлуките, односно одлуките претседателот на Комисијата остваруваше соработка со координаторите на пратеничките групи, со органите на државната управа, јавните служби, научните институции и здруженија на граѓани.

Позначајни предлози на Комисијата од овој период се предлозите за:

-именување на генерален секретар на Собранието на РМ;

-членови на Државната комисија за спречување на корупцијата;

-Совет на научно-културно средби "Десет дена Крушевска Република";

-состав на одбори за доделување на државни награди;

-именување на заменици на генералниот секретар на Собранието на РМ;

-состав на Анкетната комисија за испитување на поседување прислушни уреди од страна на политичките партии;

-состав на на Повремената комисија на Собранието за утврдување на реалната состојба и условите во казнено-поправните установи;

-избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија;

-одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на РМ;

-состав на Анкетната комисија за утврдување на околностите на настаните во Собранието на РМ случени на ден 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани;

-на кандидат за потпретседател на Собранието на РМ;

-избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија;

-изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

-именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции;

-изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на РМ и

-измена на дел од составот на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкцијата, доградбата и надградбата на зградата на Собранието.

Во овој период Комисијата има донесено одлуки за:

-дополнување на Одлуката за висината на надоместокот на пратениците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина;

-за определување на надоместок за користење на стан под закуп на потпретседателите на Собранието на РМ и на јавен обвинител за време на вршење на функциите и

-одлуки за одбивање од плата согласно Деловникот на Собранието на РМ.

До Комисијата преку архивската книга има пристигнато голем број на дописи и барања, и истите се реализирани.

Комисијата има донесено поединачни решенија за плати на функционерите кои ги избира и именува Собранието и решенија за остварување плати по престанување на функција.

Други активности на Комисијата:

-прием и разгледување на анкетните листови на членовите на Државна комисија за спречување на корупција.

Одржани седници		13
Вкупно разгледани точки		31
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		170
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		31

Postojana anketna komisija za za{tita na slobodite i pravata na gra|aninot

НАДЛЕЖНОСТИ:

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратифицираните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните;

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

Согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот има претседател, осум члена и нивни заменици

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	МЕРИ МЛАДЕНОВСКА ЃОРЃИЕВСКА , - претседател	
	ВЕСНА БЕНДЕВСКА , - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Ружа Ѓорѓеска	
2.	Стојан Андов	
3.	Шабан Салиу	
4.	Јаготка Ивановска	
5.	Иван Анастасовски	
6.	Хазбије Ибиши	
7.	Јован Манасијевски	
8.	Тахир Хани	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Шамбевски Оливер	
2.	Надица Танчева Тулиева	
3.	Нада Станчевска	
4.	Стојанов Ристо	
5.	Горан Мисовски	
6.	Агим Рамадани	
7.	Верица Филипова	
8.	Садула Дураку	

1. Во извештајниот период, комисијата одржа осум седници на кои се разгледаа законски проекти, извештаи, претставки на граѓани и информации во врска со претставките, беа презентирани проекти од областа на човековите права и се разгледуваа прашања од областа на човековите права.

а) Законски проекти разгледани на седниците на Комисијата:

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон;

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, со Предлог на закон и

Предлог на закон за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција.

б) Извештаи разгледани на седниците на Комисијата:

Извештај за имплементацијата на одлуките на Европскиот суд за човекови права на Комитетот за правни прашања и човекови права на Парламентарното Собрание на Советот на Европа;

Годишен извештај за работата на Народниот правобранител во 2006 година и

Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2007 година во делот од политичките критериуми кој се однесува на човековите права и заштитата на малцинствата и поглавјето 23 (правосудство и фундамен-тални права) од делот на извештајот кој се однесува на способностите за преземање на обврските од членството во Европската унија.

в) Претставки на граѓани и информации во врска со претставките разгледани на седниците на Комисијата:

Претставка од Здружението на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија и Информација на Министерството за надворешни работи за активностите за актуелизирање на состојбата и остварувањето на правата и на слободите на Македонците протерани за време на Граѓанската војна во Република Македонија.

г) Презентација на проекти од областа на човековите права:

Презентација на проектот на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје за развивање на модел за надворешен надзор врз органите за спроведување на законот.

д) Прашања од областа на човековите права:

На посебна тематска седница на Комисијата се расправаше за потребата од донесувањето на антидискриминационото законодавство во Република Македонија.

По однос на Извештајот за имплементација на одлуките на Европскиот суд за човекови права, по расправата Комисијата утврди Предлог на заклучоци кои беа доставени до Собранието, а кои се однесуваат на подобрувањето на спроведувањето на одлуките на овој суд од страна на Република Македонија.

Во врска со претставката на Здружението на децата бегалци од Егејскиот дел и Информацијата на Министерството за надворешни работии, Комисијата одржа две седници. На првата седница беше формирана работна група составена од членови на Комисијата и претставници од Министер-ството за надворешни работи и Здружението на децата бегалци. По одржаниот состанок, работната група достави Извештај до Комисијата, врз основа на кој, Комисијата едногласно зазема став дека има потреба од донесување на резолуција од страна на Собранието со која ќе се укаже на Владата на Република Македонија за мерките кои е потребно да ги преземе со цел да се остварат правата на граѓаните на Република Македонија, бегалци од воените дејствија за време на Граѓанската и Втората светска војна во Република Грција. Истовремено, члено-вите на Комисијата, доставија до Собранието Предлог на резолуција за бегалците од воените дејствија во Република Грција за време на Граѓанската и Втората светска војна, со предлог истата да биде разгледана на посебна седница на Собранието.

Во рамките на својата надлежност за укажување на потребата од донесување на закони и други акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, одржа посебна седница на која се разгледуваше потребата од донесувањето на антидискриминационото законодавство во Република Македонија и на која беа поканети претставници од државните органи и здруженија на граѓани. По завршувањето на расправата, едногласно се усвои заклучок со кој се укажа на потребата од донесување на закон за заштита од дискриминација. Овој заклучок беше доставен до Владата на Република Македонија.

2.До Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во извештајниот период се поднесени вкупно 103 претставки од граѓани и здруженија на граѓани.

3.Во рамките на својата меѓународна активност, претседателот и членовите на Комисијата во мај годинава имаа средба со членовите на Парламентот на Кралството Шведска на која беа разменети мислења за улогата на парламентарните тела во заштитата на човековите права.

Исто така, претседателот на Комисијата, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Ружа Ѓорѓеска, член на Комисијата, во месец април ги посетија двајцата македонски државјани притворени од страна на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија во Хаг, Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски.

Одржани седници		8
Вкупно разгледани точки		14
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	3
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		7
Информации, извештаи		4
Прашања, предлози		-

Komisija za nadzor nad rabotata na Upravata za bezbednost i kontrarazuznavawe i Agencijata za razuznavawe

НАДЛЕЖНОСТИ:

- почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и закони од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица;
- законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата. преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон;
- методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти;
- материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и
- други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	ЕСАД РАХИЌ, - претседател	
	БОРИС КОНДАРКО, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Павле Трајанов	
2.	Цветко Грозданов	
3.	Зоран Петрески	
4.	Стојче Крстевски	
5.	Оливер Деркоски	
6.	Мендух Тачи	
7.	Лазар Китановски	
8.	*Тахир Хани	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Дарко Димитриевски	
2.	Александар Николовски	
3.	Стојан Андов	
4.	Ванчо Коцев	
5.	Анета Стефановска	
6.	Ружди Матоши	
7.	Никола Рилкоски	
8.	Блерим Беџети	

* Со изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија од 25.12.2007 година Рафис Алити

Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање на Собранието на Република Македонија согласно надлежностите утврдени со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

Комисијата ги разгледа следните **предлози на закони:**

-Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето;

-Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година;

-Буџет на Република Македонија за 2008 година.

Други материјали и акти разгледувани во овој период:

-Извештај за работата на Управата за безбедност и контраразузнавање за 2006 година;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за разузнавање за 2006 година;

-Информација за случајот "Калед Ел Масри"

Одржани седници		8
Вкупно разгледани точки		13
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	1
	економски систем	1
	јавни дејности	2
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Информации, извештаи		3
Прашања, предлози		6

Komisija za finansirawe i buxet

НАДЛЕЖНОСТИ:

- системот на финансирање;
- Буџетот на Републиката;
- даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица;
- царинскиот систем;
- монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем;
- платниот промет и ревизијата;
- заемите и кредитите;
- јавните набавки;
- системот на осигурување;
- сопственоста и други имотно-правни односи;
- стоковните резерви;
- игрите на среќа и
- други прашања што се однесуваат на финансирањето.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	ЏЕВАТ АДЕМИ, - претседател	
	АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Соња Гелова Стојанова	
2.	Ратко Димитровски	
3.	Зоран Витанов	
4.	Владанка Авировиќ	
5.	Горан Петров	
6.	Горан Мисовски	
7.	Хазбие Ибиши	
8.	Данаил Дончев	
9.	Никола Поповски	
10.	Слободан Најдовски	
11.	Игор Ивановски	
12.	Аднан Јашари	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Оливер Деркоски	
2.	Љубисав Иванов Синго	
3.	Миле Пачемски	
4.	Илија Китановски	
5.	Јован Гинев	
6.	Мирјана Секуловска	
7.	Насер Ајдини	
8.	Марјан Додовски	
9.	Марјанчо Николов	
10.	Верица Филипова	
11.	Роза Топузовска Каревска	
12.	Рафиз Алити	

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија" број 97/2006).

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари до 31 декември 2007 година има закажано 10 седници со вкупно 31 точка на дневен ред. Од вкупно закажаните, Комисијата има одржано само четири седници. Со осмата и деветтата седница претседавал членот на Комисијата Владанка Авировиќ. На осмата седница е разгледан Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државни награди, со Предлог на закон. На деветтата седница е разгледан Предлогот за донесување на закон за банките, со Предлог на закон. Со овој закон се предлагаат решенија кои ќе ја зајакнат и унапредат акционерската структура на банките, а истовремено се врши усогласување со директивите на ЕУ.

Со 14-та и 15-та седница претседавал членот на Комисијата Слободан Најдовски. На 14-та седница е разгледан Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година. Во расправата по Ребалсот на Буџетот беа изнесени забелешки, предлози, сугестии, мислења кои најверојатно ќе се имаат во предвид при изготвување на идни буџети.

На 15-та седница е разгледан Предлогот за изменување и дополнување на Законот за управата за јавни приходи, со Предлог на закон.

При расправата на овој закон беа изнесени одредени забелешки, сугестии,

мислења. Комисијата поднесе 1 амандман на Предлогот на овој закон.

Останатите 6 седници (7-та, 10-та, 11-та, 12-та, 13-та и 16-та) беа закажувани, односно започнуваа и се прекинуваа бидејќи пратениците ги напуштаа седниците, заради употреба на албанскиот јазик од страна на претседателот на Комисијата при отпочнувањето на водењето на седниците. Имено, според членови на Комисијата потребно е да се почитува членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно дека службен јазик е македонскиот јазик и според тоа седниците треба да се водат на македонски јазик. Основа за овој став на пратениците е толкувањето на членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија од страна на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

Воедно треба да се истакне дека неодржувањето на седниците на Комисијата за финансирање и буџет има негативно влијание врз работата на Собранието на Република Македонија, имајќи предвид дека оваа Комисија е една од позначајните работни тела во Собранието поради надлежностите кои ги има согласно Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Одржани седници		4
Вкупно разгледани точки		4
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	1
	економски систем	2
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		1
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		1
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Komisija za ekonomski pra{awa

НАДЛЕЖНОСТИ:

- производство и трговија;
- минерални суровини и енергетика;
- туризам, угостителство и занаетчиство;
- надворешно-трговско работење,
- странски вложувања;
- сопственичка трансформација;
мерки против монополска положба и моно-полско однесување на пазарот;
- заштита на потрошувачите;
- јавни претпријатија;
- концесии;
- побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;
- статистика и
- други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	ЉУБИСАВ ИВАНОВ SИНГО, - претседател	
	ИЛИЈА КИТАНОВСКИ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Ванчо Коцев	
2.	Нада Станчевска	
3.	Ратко Димитровски	
4.	Мирјана Секуловска	
5.	Агим Рамадани	
6.	Верица Филипова	
7.	Незири Хади	
8.	Слободан Најдовски	
9.	Абдулади Вејсели	
10.	Зумрете Јакупи	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Ристо Стојанов	
2.	Соња Гелова Стојанова	
3.	Виолета Ташева	
4.	Горан Мисовски	
5.	Хазбие Ибиши	
6.	Марјанчо Николов	
7.	Ацо Киров	
8.	Игор Ивановски	
9.	Теута Арифи	
10.	Сафет Незири	

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 07 септември 2006 година ("Службен весник на РМ" бр. 97/2006 година). Со оваа Одлука се определени надлежностите и бројот на членовите на Комисијата.

Комисијата има претседател, десет членови и нивни заменици.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа 16 седници. На седниците беа разгледани вкупно 38 точки на дневен ред од областа на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања покрај редовните седници одржа и три работни средби, една на барање на Канцеларијата на Светска Банка во Република Македонија, со Комисијата за надворешна трговија и царина на Претставничкиот дом на Парламентарното Собрание на Босна и Херцеговина, како и средба со делегација предводена од министерот за земјоделство, шумарство и водо-стопанство на Република Хрватска.

Комисијата за економски прашања во овој период разгледа 30 закони во скратена постапка, три Предлози на закони и два Предлози за донесување на закони. Комисијата ги разгледа двата Ребаланси на Буџетот за 2007 година, како и Предлогот на Буџетот за 2008 година.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања поднесе 17 амандмани.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на определените надлежности.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи и записници од секоја седница.

Одржаните седници на Комисијата за економски прашања беа отворени за претставниците на средствата за јавно информирање.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања активностите ги насочи во разгледување на закони од економскиот систем.

Особено значајна е расправата на Комисијата по *Предлогот за донесување на закон за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог на закон.* Според образложението на предлагачот законот е во насока на забрзување на економскиот развој преку привлекување на странски и домашен капитал за развој на нови технологии, зголемување на извозот, зголемување на вработувањето и конкурентноста на државата на надворешниот трговски пазар.

Комисијата водеше обемна расправа по *Предлогот на законот за минерални суровини* со кој се предлагаа условите и начинот на вршење на геолошки истражувања, експлоатација, подготовка и преработка на минерални суровини со цел да се обезбеди нивна оптимална искористеност во согласност со начелата на одржлив развој и заштита на животната средина. Како новина во законот беше предложено средствата наплатени од надоместоците за вршење на детални геолошки истражувања и концесите за експлоатација на минерални суровини, да бидат приходи на буџетот на општината на чие подрачје ќе се врши концесионерска дејност со цел да се поттикне развојот на општините.

Комисијата посвети особено внимание и оствари обемна расправа по *Предлогот за донесување на закон за рамномерен регионален развој*. Предложениот закон се засноваше на начелата на: рамномерност на регионалниот развој, партнерство меѓу државата и единиците на локалната самоуправа при планирањето на регионалниот развој, субсидијарност во подготвувањето и спроведувањето на плановите и програмите за регионален развој, кофинансирање на регионалниот развој и јавност и транспарентност во планирањето и спроведувањето на регионалниот развој. Целта на донесувањето на овој закон е обезбедување на услови за рамномерен и одржлив развој на замјата, надминување на развојните разлики помеѓу одредени подрачја, како и зачувување на природните и културните вредности. Во расправата на Комисијата беа поставени голем број на прашања и изнесени забелешки, различни мислења, сугестии и предлози.

Меѓународна активност

Комисијата за економски прашања на 26 јануари 2007 година одржа средба со претставници на мисијата на Светска банка која во тој период престојуваше во

Република Македонија. Целта на одржувањето на средбата беше продолжување на разговорите кои беа водени со Комисијата за економски прашања на работната средба претходно одржана на 30 ноември 2006 година, и во врска со имплементацијата на одредбите од Законот за стечај. Исто така и запознавање со активностите на Светската Банка кои претстојат во наредниот период.

Во организација на Европскиот Парламент, на 16 и 17 април 2007 година во Брисел, Кралството Белгија беше одржан Интер Парламентарен Колоквиум посветен на " *Енергетската политика на Европската Унија и на земјите кандидати: Република Македонија, Хрватска и Турција*". На овој Интер-парламентарен колоквиум учествуваа парламентарни делегации од Република Македонија, Хрватска и Турција. Делегацијата на Собранието на Република Македонија беше во состав: Мирјана Секуловска, Слободан Најдовски и Ванчо Коцев - членови на Комисијата за економски прашања како и Владанка Авировиќ член на Комисијата за европски прашања. Главни цели на новата енергетска политика на ЕУ ќе бидат: обезбедување со енергија, зголемување на конкурентноста, еколошката оддржливост и справувањето со климатските промени. Глобалното затоплување, заедно со потребата за обезбедување на сигурно снабдување со енергија се повеќе придонесуваат за потребата од креирање на интегрирана енергетска стратегија како на европско така и на национално ниво.

Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија на 6 јуни 2007 година одржа работна средба со Делегација на Комисијата за надворешна трговија и царина на Претставничкиот дом на Парламентарното Собрание на Босна и Херцеговина.

Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија на 13 јули 2007 година одржа средба со делегација предводена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Хрватска.

Одржани седници		16
Вкупно разгледани точки		38
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	
	економски систем	34
	јавни дејности	1
Поднесени амандмани		17
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		3
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Komisija za zemjodelstvo, {umarstvo i vodostopanstvo

НАДЛЕЖНОСТИ:

- земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили;
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата;
сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството:
- ловот и риболовот;
- животинскиот и растителниот свет;
- ветеринарно здравство и заштита на растенијата;
- премерот и катастарот на земјиштето;
- употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите;
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи и
- други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	МАРЈАН ДОДОВСКИ, - претседател	
	ДАНАИЛ ДОНЧЕВ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Фијат Цаноски	
2.	Панче Дамески	
3.	Ристо Стојанов	
4.	Јован Гинев	
5.	Даут Реџепи	
6.	Ацо Киров	
7.	Влатко Серафимов	
8.	Слободан Најдовски	
9.	Садула Дураку	
10.	Сафет Незири	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Љубисав Иванов Синго	
2.	Катерина Димеска	
3.	Јаготка Ивановска	
4.	Ратко Димитровски	
5.	Ружди Матоши	
6.	Тале Герамитчиоски	
7.	Никола Ќурчиев	
8.	Андреј Жерновски	
9.	Рафиз Алити	
10.	Аднан Јашари	

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 07 септември 2006 година ("Службен весник на РМ" бр. 97/2006 година). Со оваа Одлука се определени надлежностите и бројот на членовите на Комисијата.

Комисијата има претседател, десет членови и нивни заменици

Седници на Комисијата

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија за периодот од 01 јануари до 31 декември 2007 година одржа 16 седници на кои се разгледани вкупно 38 точки на дневен ред.

Во извештајниот период Комисијата разгледа: 18 закони во скратена постапка, 6 Предлози за донесување на закони и 6 Предлози на закони. Комисијата разгледа два Предлози за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 2007 година. Исто така Комисијата го разгледа и Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2008 година. Разгледана е една информација поднесена од пратеници и расправано е по четири точки- Предлози и прашања.

Во извештајниот период Комисијата поднесе два амандмани.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата изготвени се посебни извештаи и записници од секоја седница.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на седниците расправаше по предлози за донесување на закони кои се во рамките на нејзините надлежности и од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Сите активности на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство се реализираат согласно надлежностите утврдени во Одлуката за основање на работни тела на Собранието на Република Македонија.

Комисијата особено внимание посвети на *Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој*. Со воведувањето на Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија-ИПА, Република Македонија како земја со статус кандидат за членство во Унијата, ќе биде во можност да користи средства од ИПАРД фондот за рурален развој. Како услов поставен од ЕУ за користење на овие средства е претходно формирање на посебна институција, која по добивање на овластување од Европската Комисија, ќе реализира проекти и програми со средства од националниот буџет, како и со средства од фондовите на ЕУ за земјоделство и рурален развој. Целта на предложениот закон беше да се обезбеди спроведување на мерките на националната земјоделска политика и поддршка на руралниот развој на Република Македонија, и користење на средства од претпристапните фондови на ЕУ. После пристапувањето на Република Македонија во ЕУ, агенцијата ќе ги спроведува и мерките на Заедничката земјоделска политика на Унијата.

Значајна е расправата на Комисијата по *Предлогот за донесување на закон за земјоделско земјиште.* Како основна причина за донесување на нов закон е дорегулирање на одредени прашања во врска со управувањето и користењето на земјоделското земјиште во државна сопственост, подобро и потранспарентно управување со земјоделското земјиште, спречување на понатамошното уситнување на земјоделските парцели, заштита на земјиштето и зачувување на обработливиот земјишен фонд од трајна пренамена. Целите на предложениот закон беа: заштита и рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс и обезбедување правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште.

Особено значајна е комисиската расправа по *Предлогот за донесување на закон за земјоделство и рурален развој.* Со овој закон се уредуваат планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите и мерките на земјоделската политика и политиката на рурален развој, државната помош, квалитетот, ознаките, прометот на земјоделските примарни и преработени производи, формите на организирање во земјоделството, земјоделскиот информативен систем како и надзорот.

Законот за земјоделство претставува најзначаен правен акт во секторот на земјоделството на државата и во исто време треба да претставува промотор на сите реформи во политиката и институциите во земјоделско прехрамбениот сектор и руралните подрачја. Со законот беа

регулирани прашањата кои се однесуваат на: планирање на земјоделската политика и мерките, финансирањето на секторот и работата на институциите. За имплемент-тација на овој закон ќе треба да се донесат околу 150-200 подзаконски акти и да се создаде силен институционален капацитет во областа.

Комисијата водеше широка расправа и по *Предлогот на законот за ветеринарно здравство*.

Овој закон претставува системски закон и истиот ги опфаќа сите сегменти на ветеринарното здравство кои дополнително и пошироко ќе се разработат и во други закони. Со законот се воведуваат нови системи во функционирањето на ветеринарното здравство како и структури за имплементација за регулирање на активностите поврзани со заштитата на животните и луѓето од болести кои се пренесуваат преку животни и производи од животинско потекло кои се во целост усогласени со ЕУ законодавството од областа на ветеринарното здравство. Целта на законот е да се усогласат контролните мерки и службените контроли во Република Македонија од областа на ветеринарното здравство со соодветните кои се применуваат во земјите членки на ЕУ, да се обезбеди нова организациска структура на ветеринарните служби, посебно се посветува внимание на активностите од јавен интерес кои се во надлежност на Министерството за земјоделство и се регулира работењето на ветеринарната комора. Голем сегмент од Предлогот на законот содржи одредби кои се однесуваат на здравствената заштита на животните, нивна контрола и радикација.

Меѓународна активност

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во извештајниот период оствари значајна меѓународна активност.

Претседателот на комисијата Марјан Додовски учествуваше на Конференција на Комисиите за земјоделство на земјите членки на ЕУ и на земјите кандидати, што се одржа во Германскиот Бундестаг, во рамките на Германското претседателство со Европската Унија, на 20 и 21 мај 2007 година во Берлин, Сојузна Република Германија. На конференцијата беа разгледани прашањата кои се однесуваа на потенцијалот на руралните области и користењето на обновливи извори на енергија во земјоделството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија на 13 јули 2007 година одржа средба со делегација од Република Хрватска предводена од г-дин Петар Чобанковиќ министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на 27 јули 2007 година одржа средба со делегација од Република Словенија предводена од г-дин Изток Јарц министер за земјоделство, шумарство и прехрана.

На 19 декември 2007 година Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија одржа средба со делегација од Република Србија предводена од г-дин Слободан Милосављевиќ министер

за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За реализираната меѓународна активност на Комисијата изготвени се посебни извештаи и истите се доставени до претседателот на Собранието на Република Македонија.

Одржани седници		16
Вкупно разгледани точки		38
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	30
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		2
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		3
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		1
Прашања, предлози		4

Komisija za transport, vrski i ekologija

НАДЛЕЖНОСТИ:

- патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско-телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот;
- жичарите и ски-лифтовите;
- системите на телекомуникации и радиодифузниот систем;
- изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите;
- просторното и урбанистичкото планирање;
- уредувањето на градежното земјиште;
- станбеното и комуналното стопанисување;
- заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување;
- обезбедување услови за здрава животна средина:
- спречување на штетната бучава;
- заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и
- други прашања што се однесуваат на транспортот,врските, урбанизмот и екологијата.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	НИКОЛА ЌУРЧИЕВ, - претседател	
	МАРЈАНЧО НИКОЛОВ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Зоран Витанов	
2.	Катерина Димеска	
3.	Горан Петров	
4.	Веле Митановски	
5.	Гарип Каба	
6.	Данаил Дончев	
7.	Влатко Серафимов	
8.	Тале Герамитчиоски	
9.	Рафиз Алити	
10.	Агрон Буџаку	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Гоце Марковски	
2.	Петар Поп Арсов	
3.	Фијат Џаноски	
4.	Благој Зашов	
5.	Агим Рамадани	
6.	Марјан Додовски	
7.	Хади Незири	
8.	Слободан Најдовски	
9.	Аднан Јашари	
10.	Ајше Селмани	

Почнувајќи од првата седница на Комисијата одржана на 18 септември 2006 година до сега Комисијата имала 24 седници на кои се разгледувале бројни закони, извештаи и информации, планови и програми најмногу поднесени од Министерството за транспорт и врски и секако и од Министерството за животна средина и просторно планирање .

За одбележување во работата на Комисијата во текот на извештајниот период се бројни седници на Комисијата, меѓу кои: **Шестата седница,** оддржана на 17 јануари 2007 година на која се разгледувани

-Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за железниците, со Предлог на закон;

-Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, со Предлог на закон;
-Предлогот на просторен план на регионот на сливот на реката Треска и Информацијата за одредени состојби и активности во крајбрежниот дел на Охридското езеро.
Исто така значајна е **Седмата седница,** оддржана на 23 јануари 2007 година на која се разгледуваше:
-Информацијата на министерот за транспорт и врски г-дин Миле Јанакиевски за актуелните прашања во врска со статусот на бесправно изградени градби во Република Македонија.

На **Осмата седница**, оддржана на 07 февруари 2007 година се водеше расправа по значајнита закони за изменување и дополнување на Законот за безбедност во сообраќај, со Предлог на закон како и за Предлогот за донесување на закон за бучава во животната средина.

Деветтата седница, оддржана на 14 февруари 2007 година беше посветена на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.

Десеттата седница**,** оддржана на 12 март 2007 година се водеше расправа по Предлогот на законот за безбедност во железничкиот сообраќај и Предлогот за донесување закон за поштенски услуги.

На **Единаесетта седница**, оддржана *на* 13 април 2007 година беа разгледувани Предлогот за донесување на закон за внатрешна пловидба, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за договорите за превоз во железничкиот сообраќај, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон.

На **Тринаесетта седница**, оддржана на 06 јуни 2007 година се разгледуваа Предлог на закон за заштита од бучава во животната средина и Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежни производи,со Предлог на закон.

Четиринаесетта седница, оддржана *на* **13** јуни 2007 година е значајна по расправата по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата, со Предлог на закон и Предлогот на закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.

Петнаесетта седница, оддржана на 18 јуни 2007 година е значајна по расправата за Состојбите со наплатата на радио-дифузната такса, и Предлогот за донесу-вање на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиенталниот воздух, со Предлог на закон.

На **Шеснаесетта седница,** оддржана на 25 јуни 2007 година разгедувани се Предлогот за донесување на закон за водите и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон.

Седумнаесетта седница, оддржана на 11 јули 2007 година беше особено важна по расправата по Предлогот за донесување

на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон, Предлогот на законот за поштенски услуги, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за жичари и ски - лифтови, со Предлог на закон.

На **Осумнаесетта седница**, оддржана на 04 септември 2007 година беше водена расправа по Предлогот за донесување закон за генетски модифицирани организми.

Деветнаесетта седница ,одржана на 14 септември 2007 година беше посветена на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за престанување на важење на Законот за градежната инспекција, со Предлог на закон, Предлогот за донесување закон за престанување на важење на Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за определување повластици во јавниот патнички сообраќај, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за престанување на примена на Законот за единствена евиденција на просторните единици, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за престанување на примена на Законот за определување на градежното земјиште во градовите и населбите од градски карактер, со Предлог на закон.

На **Дваесет и првата седница**, оддржана на 22 октомври 2007 година се разгледуваа Предлогот за донесување на закон за градежно земјиште , со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, со Предлог на закон И Предлогот за донесување закон за прогласување на дел од планината Пелистер за Национален парк, со Предлог на закон.

На **Дваесет и втората седница**, оддржана на 11 декември 2007 година освен Предлог Буџетот на Република Македонија за 2008 година се разгледуваше и Предлогот за донесување закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги, со Предлог на закон.

Дваесет и третата седница, оддржана на 09 јануари 2008 година е недовршена освен по Предлогот на закон за водите, Предлогот на одлуката за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на собранискиот канал за 2007 година, Предлогот на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности наменети за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија за 2008 година и Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија за периодот 2007- 2012 година.

Меѓународна активност

Делегација на Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија, на покана на Мисијата на ОБСЕ на Косово и Собранието на Косово учествуваше на Регионална парламентарна конференција за животна средина што се одржа во Приштина, Косово на 19 и 20 октомври оваа година, на тема "Животната средина како медиум за промоција на демократијата и економскиот развој на општествата во транзиција".

Одржани седници		17
Вкупно разгледани точки		54
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	33
	јавни дејности	1
Поднесени амандмани		8
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		12
Информации, извештаи		6
Прашања, предлози		-

Komisija za obrazovanie, nauka i sport

НАДЛЕЖНОСТИ:

- системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование;
- правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието;
- системот и организацијата на научно-истражувачката дејност;
- создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво;
- информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура;
- организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката;
- образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард;
- поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите;
- едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА;
- развој и унапредување на физичката култура;
- развојот на врвниот спорт и
- други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	СЛАВИЦА ГРКОВСКА, - претседател	
	НЕЖДЕТ МУСТАФА, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Виолета Ташева	
2.	Фијат Цаноски	
3.	Цветко Грозданов	
4.	Ружа Ѓорѓеска	
5.	Мирјана Секуловска	
6.	Насер Ајдини	
7.	Тале Герамитчиоски	
8.	Благородна Цветковска	
9.	Фазли Велиу	
10.	Фадил Сулејмани	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Марија Андоновска	
2.	Горан Петров	
3.	Томе Даневски	
4.	Васко Шутаров	
5.	Веле Митановски	
6.	Даут Реџепи	
7.	Радмила Шеќеринска	
8.	Весна Бендевска	
9.	Теута Арифи	
10.	Азис Положани	

**со Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија (од 25 декември 2007 година) нови членови на Комисијата се пратениците Марија Андоновска и Сафет Незири, а наместо Фазли Велиу, член на Комисијата е пратеникот Ајше Селмани.*

Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија, во периодот јануари - декември 2007 година работеше на седници на Комисијата посветени на законски проекти и на актуелни теми од областа на образованието, науката и спортот. Комисијата одржа и јавна расправа, а беше домаќин и на регионална работилница. Во текот на 2007 година, Комисијата оствари активности од меѓународен карактер.

Во 2007 година, Комисијата одржа **16 седници** на кои беа разгледани предлози на закони и актуелни теми од областа на образованието. Членовите на Комисијата расправаа и за Предлогот за изменување и

дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година и за Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Седници посветени на законски предлози

На една од седниците, Комисијата водеше дебата за Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон. Со измените е предложено воведување на предметот веронаука, како изборен предмет, односно можност учениците да избираат меѓу изучување на веронаука, историја на религијата, етика и граѓанска култура, врз основа на наставен план и програма.

Во расправата беа изнесени различни видувања за потребата од воведување на веронаука во образованието, од целосна поддршка и позитивна оценка на можноста за избор на наставните содржини, до оспорување на уставната заснованост на предложеното законско решение.

Во сферата на основното образование, Комисијата дебатираше и за Амандманите на Владата на Република Македонија на Предлогот на законот за основното образование, со кои се воведува деветгодишно основно образование. Со цел да се даде поголема тежина на оваа реформа укажано е на потребата амандманите да бидат предложени во законски предлог, со што би се остварило и правото на Комисијата да поднесува амандмани. Комисијата едногласно го поддржа предложениот концепт во Амандманите и усвои Заклучок со кој укажа Министерството за образование и наука, при подготовката на новиот закон за основното образование да ги има предвид забелешките од комисиската расправа.

Комисијата расправаше и едногласно ги поддржа измените на Законот за просветната инспекција, со кои се врши операционализација на решенијата од Законот за прекршоците.

На посебна седница, Комисијата ги разгледа предложените измени и дополнувања на Законот за ученичкиот стандард, со кој, државните ученички домови продолжуваат со работа како општински, односно на градот Скопје, со цел да се избегнат финансиските проблеми, со нивното примопредавање на крајот на буџетската година.

Комисијата одржа две седници посветени законски проекти од високото образование.

Едната од нив, се однесуваше на Предлогот за донесување на закон за изменување и допонување на Законот за високото образование, со Предлог на закон. Со измените, кои Комисијата едногласно ги поддржа, се скратуваат долготрајните постапки и трошоците при нострификација на дипломи и еквиваленција на високообразовни квалификации.

На дневен ред на Комисијата беше и Предлогот на законот за високото образование. Со оглед дека се работи за нов законски проект за високото образование, како и заради сложеноста на материјата која ја регулира, на комисиката седница и претходеше јавна дебата, на која учествуваа претставници на високообразовните установи и други релевантни институции.

На седницата, Комисијата предложи пет амандмани со кои се согласи претставникот на предлагачот.

Комисијата на посебна седница расправаше и поддржа два нови законски акти: Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програм ии мобилност и Законот за образование на возрасните. Донесувањето и на двата закони произлегува од потребата за усогласување на европското законодавство.

Во расправата по Предлогот за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, Комисијата предложи амандман, кој се однесува на потребата од поголемо учество на државата во финансирањето на научните проекти од технолошкиот развој, кој беше прифатен од претставникот на предлагачот.

Комисијата водеше дебата по измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2007 година

Во расправата по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2008 година, вниманието на членовите на Комисијата беше насочено на буџетските показатели за реализација на образовните цели во високото образование и во областа на спортот.

Комисијата на посебна седница расправаше за Предлогот за изменување и дополнување на Законот за спортот, со Предлог на закон. На овој законски предлог, со кој се уредува статусот и професионалните односи на спортистите и спортските клубови, беа поднесени три амандмани, со кои се согласи претставникот на предлагачот.

На дневниот ред на Комисијата беа и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон (поднесен од пратениците: Славица Грковска и Тале Герамитчиоски) и Информацијата во врска со случувањата на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, во врска со Високата медицинска школа, во периодот од 01.09.2006 година до 12.05.2007 година, кои не беа разгледани, бидејќи не беше добиено мислење од Владата на Република Македонија.

Тематски седници на Комисијата

Комисијата во два наврати расправаше за деветгодишното основно образование. На седницата на чиј дневен ред беше точката - Информација околу подготовките за отпочнување на деветгодишното основно образование, во присуство на претставници на Бирото за развој на образованието, Природно-математичкиот факултет, Факу-лтетот за физичка култура и од Педагошкиот факултет во Штип, беа изнесени повеќе предлози и сугестии за успешно надминување на проблемите и недостатоците на овој проект.

Во расправата за "Состојбите во деветгодишното основно образование и произлезените проблем со учебниците", акцентот беше ставен на настанатите проблеми околу учебниците, недостатокот на наставен простор, адаптацијата на училниците, како и финансиските проблеми околу исплатата на платите на наставниците.

Комисијата одржа седница на која го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот "Св. Климент Охридски" од Битола за академската 2005/2006 година. Со работата на Универзитетот "Св. Климент Охридски", членовите на Комисијата беа информирани

од ректорот на Универзитетот проф. д-р Виолета Панова. Врз основа на расправата по Извештајот, Комисијата усвои Заклучок, во кој, меѓу другото се укажува на потребата од поскоро донесување на новиот закон за високото образование во насока на реализација на Болоњската декларација и аналитичко согледување на уписната квота, со цел да се утврди квота што ќе биде реална на интересот за студии на Универзитетот.

Расправата по извештаите за работата на универзитетите стана пракса во овој мандатен состав на Комисијата, во согласност со одредбата од членот 70, став 3 од Законот за високото образование, според која, ректорот е должен најмалку еднаш во годината до сенатот и основачот да поднесува извештај за работата.

Јавна расправа

На 9 февруари 2007 година, Комисијата одржа јавна расправа на тема: "Девијантните појави кај учениците". Расправата се одвиваше во три дела, во кои беа изнесени искуствата и предлозите за надминување на девијантните појави кај младата популација, на представници од: невладините организации, основните и средните училишта и научни установи. Комисијата предложи заклучоци, кои беа разгледувани на седница на Комисијата.

-Регионална тркалезна маса

На иницијатива на Комисијата, на 5 и 6 јуни 2007 година во Собранието на Република Македонија се одржа регионална работилница, на тема: "Прилагодување на стручното образование кон потребите на пазарот на труд". Работилницата беше организирана во соработка со Пактот за стабилност за Југоисточна Европа и инструменот TAIEX на Директоратот запроширување на ЕУ.

Улогата на националните парламенти во развојот на политиките, реформите и финансирањето на стручното образование беа темите на кои дебатираа претставници на парламентарните комисии за образование, агенциите за стручно образование, агенциите за вработување, стопанските комори и синдикалните организации на: Македонија, Бугарија, Хрватска, Романија и Турција.

Присутните на работилницата ги поздрави претседателот на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски.

Работилницата заврши со усвојување на заедничка изјава на учесниците, со која се залагаат за понатамошно проширување на меѓусебните односи за поблиска соработка на поле на реформи во политиките на стручно образование, промоција, унапредување и поддршка на твининг програмите меѓу парламентарните комисии кои работат на образованието и вработувањето во регионот и меѓу парламентите во ЈИЕ и европските парламенти, особено со новите земји членки на ЕУ, кои можат да ги презентираат нивните искуства на трансформација. Твинингот треба да биде организиран меѓу социјалните партнери во регионот и со европските колеги и/или други релевантни страни. Учесниците бараат систематска ангажираност на парламентите на земјите во регионот, во промовирање на регионалната соработка и ефикасна употреба на механизмите на парламентарна контрола во процесот на реформи во стручното образование

Меѓународна активност на Комисијата

Во рамките на **Германското претседателство со ЕУ,** на 10 и 11 јуни 2007 година, во Берлин, се одржа Конференција на претседатели на комисии за образование, наука и истражување на парламентите на земјите членки и на земјите кандидати за членство во ЕУ, на која учествуваше претседателот на Комисијата Славица Грковска. Говорејќи за образовниот систем во Република Македонија, претседателот Грковска се заложи за поголема регионална поврзаност на стопанството со образовните институции, преку создавање на мрежа на можности за образование на кадри за нивните потреби и капацитети.

Во **организација на УНЕСКО**, претседателот на Комисијата Славица Грковска учествуваше на два меѓународни форми. **-Регионална тркалезна маса**

На иницијатива на Комисијата, на 5 и 6 јуни 2007 година во Собранието на Република Македонија се одржа регионална работилница, на тема: "Прилагодување на стручното образование кон потребите на пазарот на труд". Работилницата беше организирана во соработка со Пактот за стабилност за Југоисточна Европа и инструменот TAIEX на Директоратот за проширување на ЕУ.

Улогата на националните парламенти во развојот на политиките, реформите и финансирањето на стручното образование беа темите на кои дебатираа претставници на парламентарните комисии за образование, агенциите за стручно образование, агенциите за вработување, стопанските комори и синдикалните организации на: Македонија, Бугарија, Хрватска, Романија и Турција.

Присутните на работилницата ги поздрави претседателот на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски.

Работилницата заврши со усвојување на заедничка изјава на учесниците, со која се залагаат за понатамошно проширување на меѓусебните односи за поблиска соработка на поле на реформи во политиките на стручно образование, промоција, унапредување и поддршка на твининг програмите меѓу парламентарните комисии кои работат на образованието и вработувањето во регионот и меѓу парламентите во ЈИЕ и европските парламенти, особено со новите земји членки на ЕУ, кои можат да ги презентираат

На **Форумот на парламентарните комисии за наука и технологија од Југоисточна Европа,** што се одржа од 27 до 29 јуни 2007 година во Букурешт, претседателот Грковска имаше панел дискусија, во која пред присутните информираше за работата на Комисијата и за стратешките определби на Република Македонија во науката и развојот на технологиите.

На крајот на Форумот беше усвоена заедничка изјава, со која се изразува согласноста на учесниците за одлучувачката улога на праламентите во областа на образованието, науката, технологијата и иновациите.

На **III Светски форум за науката,** што се одржа од 8 до 10 ноември 2007 година, во Будимпешта, претседателот на Комисијата Славица Грковска беше говорник на

сесијата посветена на "Финансирањето од аспект на науката и технологијата". Пред присутните, се осврна на процесот на донесување на буџетот на државата и на потребата од континуиран притисок врз Владата од страна на парламентарците, научниците, стопанството и медиумите за обезбедување поголеми финансиски средства за науката.

Комисијата оствари **билатерална соработка** со: комисиите за образование и наука на **парламентите на Република Бугарија и на Република Полска.**

Во текот на еднодневниот престој (8 март 2007 година) во Бугарија**,** делегацијата на Комисијата имаше средби и разговори со: бугарската парламентарна комисија за образование, министерот за образование и наука господинот Александар Влчев, а корисни искуства беа разменети и при посетата на Националната агенција за стручно образование и обука.

На покана на претседателот на Комисијата за образование, наука и млади на Полскиот Сеим госпоѓа Кристина Шумилас, делегација на Комисијата престојуваше во Полска (23 - 26 април 2007 година). Покрај разговори со својот домаќин нашата делегација имаше средби со потпретседателот на Сејмот госпоѓа Геновева Висњовска, со претставници на министерството за образование и на Управата на Градот Варшава.

Делегацијата го посети и Варшавскиот Универзитет

Одржани седници		16
Вкупно разгледани точки		20
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	10
Поднесени амандмани		9
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		5
Прашања, предлози		3

Komisija za kultura

НАДЛЕЖНОСТИ:

- организацијата, развојот и унапредувањето на културата;
- заштита на природното и културното наследство во Република Македонија;
- збогатување на историското и уметничкото творештво;
- афирмирање и заштита на врвни културни вредности;
- афирмација и заштита на авторството и авторското право;
- дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство;
- издавачка дејност и библиотекарство;
- споменично одбележување и заштита на спомениците на културата;
- употреба и заштита на македонскиот јазик;
- информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците;
- определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности;
- начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности;
- активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања и
- други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	ТЕУТА АРИФИ, - претседател	
	БЛЕРИМ БЕЏЕТИ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Оливер Шамбевски	
2.	Петар Поп-Арсов	
3.	Васко Шутаров	
4.	Анета Стефановска	
5.	Веле Митановски	
6.	Флора Кадриу	
7.	Благородна Цветковска	
8.	Неждет Мустафа	
9.	Роза Топузовска Каревска	
10.	Рафиз Алити	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Горан Петров	
2.	Лилјана Поповска	
3.	Миле Пачемски	
4.	Ружа Ѓорѓеска	
5.	Мирјана Секуловска	
6.	Хади Незири	
7.	Влатко Серафимов	
8.	Мери Младеновска Ѓорѓиева	
9.	Хазбие Ибиши	
10.	Сафет Незири	

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за култура својата активност ја остварува преку одржување редовни седници.

Во извештајниот период Комисијата одржа 1седница и тоа:

06 јули 2007 година

-Активности во врска со изготвување на Предлог Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2008 година

Одржани седници	1
Вкупно разгледани точки	1
Поднесени амандмани	-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка	-
Други акти (одлуки, декларации, програми)	1
Информации, извештаи	-
Прашања, предлози	-

Komisija za zdravstvo

НАДЛЕЖНОСТИ:

- здравствената заштита на населението;
- здравственото осигурување;
- заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи;
- заштита од болестите на зависност и од СИДА;
- хигиенско-епидемиолошката состојба;
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги;
-санитарниот и здравствениот надзор
-други прашања што се однесуваат на здравството.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	АЗИС ПОЛОЖАНИ, - претседател	
	АЈШЕ СЕЛМАНИ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Гоце Марковски	
2.	Миле Пачемски	
3.	Јован Гинев	
4.	Веле Георгиевски	
5.	Марија Андоновска	
6.	Агим Рамадани	
7.	Кенан Хасипи	
8.	Весна Бендевска	
9.	Кире Гештаковски	
10.	Зумрете Јакупи	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Ванчо Коцев	
2.	Васко Шутаров	
3.	Цветко Грозданов	
4.	Светлана Јакимовска	
5.	Ружа Ѓорѓеска	
6.	Благородна Цветковска	
7.	Никола Поповски	
8.	Роза Топузовска Каревска	
9.	Елмазе Селмани	
10.	Џеват Адеми	

Комисијата за здравство е постојано работно тело на Собранието врз основа на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија и работи согласно Деловникот на Собранието.

Во извештајниот период од 1 јануари 2007 година заклучно со 31 декември 2007 година, Комисијата за здравство има закажано 2 седници.

Согласно член 116 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководи и претседава претседателот на Комисијата за здравство Азис Положани. Седниците беа закажани, односно започнаа, но не продолжија со работа поради напуштање на седниците на мнозинството членови на Комисијата.

Несогласувањето меѓу претседателот на Комисијата и поголем дел членови на Комисијата настана бидејќи претседателот на Комисијата започна да ги води седниците на албански јазик.

Според членови на Комисијата службен јазик е македонскиот јазик и седниците треба да се водат на македонски јазик. Овој став се базира на толкувањето на членот 3 од Деловникот на Собранието од страна на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието.

Претседателот на Комисијата смета дека врз основа на Амандманот В став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија има право седниците да ги води на албански јазик.

Четвртата седница на Комисијата беше закажана на 12 јуни 2007 година со дневен ред - Предлог за донесување на закон за заштита на правата на пациентите, со Предлог на закон.

Петтата седница на Комисијата беше закажана на 13 јули 2007 година со следниот дневен ред: Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година; Предлог за донесување на закон за лековите и медицинските помагала, со Предлог на закон и Предлог за донесување на закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, со Предлог на закон.

Претседателот на Комисијата оствари неколку средби на барање на здруженија од стоматолошката, фармацевтската дејност за актуелните состојби во овие дејности. Особено е значајна средбата остварена на Претседателот и членовите на Комисијата со министерот за здравство и претставници од Фармацевтската комора по прашања од фармацевтската дејност.

Неодржувањето на седниците на Комисијата за здравство имаат негативен одраз врз работата на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред се расправа по прашања од здравствената област.

Одржани седници		-
Вкупно разгледани точки		-
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Komisija za trud i socijalna politika

НАДЛЕЖНОСТИ:

- работните односи и за заштитата на работниците на работа;
- правото на штрајк;
- вработување и права во случај на невработеност;;
- заштита на жената на работа и заштита на мајчинството;
- платите и животниот стандард;
- социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните;
- системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата;
- популационата политика, бракот и семејството;
- системот на пензиското и инвалидското осигурување;
- боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
- други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Согласно Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Комисијата за труд и социјална политика е постојано работно тело на Собранието со утврдени надлежности

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ, - претседател	
	АЦО КИРОВ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Светлана Јакимовска	
2.	Нада Станчевска	
3.	Виолета Ташева	
4.	Миле Пачемски	
5.	Дарко Димитриевски	
6.	Даут Реџепи	
7.	Агим Рамадани	
8.	Весна Бендевска	
9.	Кире Гештаковски	
10.	Неждет Мустафа	
11.	Селвие Салиу	
12.	Ајше Селмани	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Катерина Димеска	
2.	Ратко Димитриевски	
3.	Јован Гинев	
4.	Владанка Авировиќ	
5.	Анита Кипаризовска Крстевска	
6.	Елмазе Селмани	
7.	Гарип Каба	
8.	Оливер Спасовски	
9.	Цветанка Иванова	
10.	Тале Герамитчиоски	
11.	Садула Дураку	
12.	Фадил Сулејмани	

Во извештајниот период од 1 јануари 2007 година заклучно со 31 декември 2007 година, Комисијата за труд и социјална политика има одржано 16 седници.

Во рамките на своите надлежности, Комисијата ги има разгледано следните закони:

-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Големото Војводство Луксембург за социјално осигурување, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување закон за вработување и работа на странци, со Предлог-закон;
-Предлог за донесување закон за волонтерство, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување закон за мирно решавање на работните спорови, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за меѓу државни посвојувања, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за вработување на сезонски работници, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување закон за инвалидски организации, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување на закон за безбедност и здравје при работа, со Предлог на закон;
-Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година;
-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување закон за социјална заштита и социјална сигурност;
-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон;
-Предлог за донесување на закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон;
-Предлог на Буџет на Република Македонија за 2008 година;

Согласно член 116 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководи и претседава претседателот на Комисијата за труд и социјална политика Јован Манасијевски. Седниците се одржуваат редовно во закажан термин и со присуство на кворум. На седниците на Комисијата беа поканети и придонес во работата дадоа претставници од синдикати, здруженија на пензионери, борци, трудови инвалиди, инвалидни организации и др.

По однос на предлози на закони поднесени од пратеници, согласно членот 140 од Деловникот на Собранието, Владата не доставуваше мислење во рок од три дена пред денот определен за одржување на седница на работното тело, заради што Комисијата не ги разгледуваше овие закони.

Законските проекти по кои расправаше Комисијата се во насока на усогласување со европското законодавство.

Комисијата даде целосна поддршка на заокружување на процесот на реформата на пензискиот систем во Република Македонија со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, кој воедно претставува и можност за воспоставување професионални шеми и усогласување со Директивите на Европската Унија.

Во расправата по Предлогот на буџетот за 2008 година, вниманието на членовите на Комисијата беше насочено кон зголемување на проектираните буџетски средства во програмите за социјална заштита, детска заштита за остварување на дејноста во овие сегменти.

Од особено значење е расправата во Комисијата по Законот за волонтерство со кој за прв пат нормативно се уредуваат сите прашања околу волонтерството, Во овој контекст битно е да се каже и за решенијата во Законот за мирно решавање на работните спорови кои се позитивно оценети од членовите на Комисијата бидејќи се промовира и воспоставува медијацијата како механизам и средство за решавање на работните спорови како дел од процесот на хармонизација на нашето со законодавството на ЕУ.

Билатерална соработка

Комисијата имаше средба и разговори во рамките на посетата на Пратеничката група на Парламентот на Република Летонија за соработка со Собранието на Република Македонија, во размена на искуства во процесот на приближување кон ЕУ.

Од билатерално значење во делот на надлежностите е и средбата на Комисијата со претседателот и членовите на Комисијата за труд и социјална политика на Република Бугарија (22 јуни 2007 година)

Одржани седници		16
Вкупно разгледани точки		28
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	21
Поднесени амандмани		7
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		3
Други акти (одлуки, декларации, програми)		4
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Komisija za delovni~ki i mandatno-imunitetni pra{awa

НАДЛЕЖНОСТИ:

- спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања;
- иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела;
- предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието;
- извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот;
- основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај;
- имунитетот на пратениците, судиите ијавниот обвинител и неговите заменици и
- други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА, - претседател	
	ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ, - заменик на претседателот	
	ЧЛЕНОВИ	
1.	Оливер Деркоски	
2.	Ристана Лалчевска	
3.	Благој Зашов	
4.	Елмазе Селмани	
5.	Никола Рилкоски	
6.	Слободан Најдоски	
7.	Надица Танчева Тулиева	
8.	Аднан Јашари	
	ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ	
1.	Анета Стефанова	
2.	Илија Димовски	
3.	Јаготка Ивановска	
4.	Иван Анастасовски	
5.	Ружди Матоши	
6.	Влатко Серафимов	
7.	Оливер Спасовски	
8.	Фазли Велиу	

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, во периодот од 01 јануари 2007 година до 31 декември 2007 година, има одржано пет седници со вкупно пет точки на дневен ред

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието на Република Македонија и Одлуката за основање на работни тела, има разгледано:

Предлогот за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија;

Предлогот за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија со Предлог на деловник;

Предлог одлука за одземање на имунитет на пратеникот Владо Бучковски;

Барање на претседателот на Собранието на Република Македонија за

давање мислење во врска со примената на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, по однос на поднесените амандмани на Предлог законот за Комитет за односи меѓу заедниците и

Барање на претседателот на Собранието на Република Македонија за давање мислење во врска со примената на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, по однос на поднесените амандмани на Предлог законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција.

Одржани седници		5
Вкупно разгледани точки		5
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		5
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Komisijata za ednakvi mo`nosti na `enite i ma`ite

НАДЛЕЖНОСТИ:

- разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието, и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив;
- разгледување на предлог на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите;
- следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика;
- следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика;
- иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите;
- поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите;
- редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите;
- соработка со соодветните комисии на другите земји и
- други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

ред. број	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА, - претседател	
	СИЛВАНА БОНЕВА - заменик на претседателот	
ЧЛЕНОВИ		
1.	Катерина Димеска	
2.	Јаготка Ивановска	
3.	Александар Николовски	
4.	Јагнула Куновска	
5.	Елмазе Селмани	
6.	Цветанка Иванова	
7.	Марјанчо Николов	
8.	Весна Бендевска	
9.	Селвије Салиу	
10.	Ајше Селмани	
ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ		
1.	Веле Ѓорѓиевки	
2.	Панче Дамески	
3.	Соња Гелова Стојанова	
4.	Мирјана Секуловска	
5.	Хазбије Ибиши	
6.	Верица Филипова	
7.	Есад Рахиќ	
8.	Иван Стоиљковиќ	
9.	Агрон Буџаку	
10.	Зумрете Јакупи	

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, во текот на 2007 година одржа три седници и една јавна расправа.

Седници на Комисијата

На **трите седници,** Комисијата разгледа три предлози на закони, измените на Буџетот на Република Македонија за 2007 година и буџетските проекции за 2008 година.

1. На **седницата** одржана на 8 февруари 2007 година, Комисијата расправаше за Предлогот за донесување на закон за малолетничка правда. По повод донесувањето на овој закон, на членовите на Комисијата им се обрати **шефот на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, господин Вахид Хасан**, кој ја подвлече заложбата на УНИЦЕФ за поделба на правото и законите кои се однесуваат на

децата во сите земји и за зачувување на меѓународните стандарди, што произлегува од Меѓународната конвенција за правата на децата и други меѓународни документи. Реформите во малолетничката правда треба да бидат интегрален дел од реформите на правосудството, како приоритет во зачленувањето во ЕУ.

Во однос на предложениот закон Комисијата ги зазеде следниве ставови:

- во целиот текст на законот да се води сметка за родовиот аспект;
- образованието, видот на посебните знаења и искуства на лицата вклучени во постапката што се води за кривични дела во кои малолетникот се јавува како жртва, да се врши во Академијата за обука на судии и обвинители; и
- да се обезбедат поголеми буџетски средства за превенција и ресоцијализација на малолетниците.

Во рамките на оваа седница, по точката - Разно, **по повод донесувањето на измените на Деловникот на Собранието на Република Македонија**, Комисијата ја констатираше **потребата од запазување на родовиот аспект во одредбите на Деловникот.**

Комисијата укажа и на обврската од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Собранието **при изборот на составот на работните тела и на неговите делегации за соработка со меѓународни организации и со парламентите на други држави да го почитува принципот за еднакво учество на жените и мажите.**

2. На **седницата** одржана на 13 јули 2007 година, Комисијата расправаше за законските предлози за изменување и дополнување на **Кривичниот законик и на Законот за заштита на децата**. За двата законски проекти се усвоени заклучоци, според кои, Комисијата по истекот на шест месеци од донесувањето на законите, ќе организира јавни расправи, во кои ќе бидат вклучени сите субјекти кои работат на овие проблематики, со цел да се оцени текот на имплементацијата на законите.

Акцентот на комисиската дебата за **Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година,** беше ставен на **Програмата за репродуктивно здравје,** односно на придобивките од буџетските средства од оваа програма во превентивната заштита од ракот на дојката и грлото на матката кај жената.

3. На **седницата** одржана на 12 декември 2007 година Комисијата го разгледа и поддржа **Предлогот на буџетот за 2008 година.**

Дел од оваа седница беше посветен на информирање на членовите на Комисијата за: **посетата и разговорите на нашата делегација со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Австрискиот парламент (остварена на 29.11.2007 година); Кампањата за женското здравје "Победи го ракот - биди здрава жена"; Кампањата на Советот на Европа "Обединети парламенти во борбата против семејното насилство над жените" и за иницијативата на УНИЦЕФ за планирање на буџетските средства за заштита на децата.**

Јавна расправа

Комисијата на 3 април 2007 година одржа **јавна расправа, на тема: "Избор на матичен гинеколог и значењето на**

редовните гинеколошки прегледи за превенција на малигните заболувања".

На расправата учествуваа претставници од здравствената дејност кои непосредно учествуваат во лекувањето на малигните болести, од невладините организации кои располагаат со информации за состојбите на здравствен план, од надлежните министерства, како и членови на Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија.

По расправата, Комисијата усвои **Заклучок,** во кој ја констатира потребата од: ***позасилени превентивни активности; целосна реализација на буџетските средства за 2007 година во делот од Програмата - Здравствена заштита за превенција, кој се однесува на репродуктивното здравје; воспоставување институционални форми на информирање на гинеколозите од здравствените домови од страна на Министерството за здравство и на Фондот за здравствено осигурување; обезбедување поголеми финансиски средства за оваа намена во буџетот за 2008 година; создавање електронска база на податоци и систематичен приод во третманот на пациентките од страна на Министерството за здравство; и, обезбедување поголема јавност за правата на жените за користење на здравствените услуги од Програмата, преку кампања, под мотото "Изберете матичен гинеколог".***

Овие заложби на Комисијата, се реализираат преку **кампањата "Надмудри го ракот - биди здрава жена"**, која започна на 8 октомври 2007 година. Кампањата, која има за цел подигање на свеста на жената за правата за здравствена заштита, се спроведува преку работилници во населените места во државата, во кои, покрај Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите, активно се вклучени и Клубот на парламентарки, Македонското женско лоби, комисиите за еднакви можности на локално ниво, како и здруженија на гинеколози. Во рамките на оваа кампања, до крајот на 2007 година се одржани околу 70 работилници.

Меѓународна активност на Комисијата

Во рамките на Кампањата "Здружени парламенти во борбата против домашното насилство врз жената" (која започна на 19 октомври 2006 година и ќе трае две години), претседателот на Комисијата Лилјана Поповска учествуваше на **Вториот координативен состанок на претседатели на комисии за еднакви можности на жените и мажите и национални координатори за Пан-европската кампања на Советот на Европа, што се одржа на 4 и 5 јуни 2007 година, во Стразбург**.

Целта на дводневната конференција беше годишна евалуација на Кампањата и активностите на земјите членки на Советот на Европа за решавање на проблемот со насилството врз жените. Република Македонија се вбројува меѓу активните држави, а според дисусиите на повеќе учесници на Конференцијата, би можела да служи како пример во регионот.

Парламентарната активност посветена на борбата против насилството врз жените во 2007 година, ја одбележува и подготовката на преводот на Прирачникот наменет за парламентарци "Обединети парламенти во борбата против семејното насилство врз жените" на Парламентарното

собрание на Советот на Европа. Прирачникот беше доставен до сите пратеници во Собранието на Република Македонија.

- Комисијата имаше ***средба со Женскиот парламентарен Клуб од Косово*** (20 јуни 2007 година), на која беше разговарано за искуствата и иницијативите преземени во насока на еднакви можности меѓу половите.
- Комисијата учествуваше и на **тркалезната маса, на тема: "Активности кои се преземаат во борбата против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија"**, организирана по повод 8 март - Меѓународниот ден на жените.

Одржани седници		4
Вкупно разгледани точки		11
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	2
	економски систем	-
	јавни дејности	2
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		4
Прашања, предлози		1

ODR@ANI SEDNICI I RAZGLEDANI AKTI

Комисија за	Одржани седници	Вкупно разгледани точки	Измени на Уставот	Закони по области			Поднесени амандмани	Буџет, ребаланс, завршна с-ка	Други акти	Информации, извештаи	Прашања, предлози
				Политички систем	Економски систем	Јавни дејности					
уставни прашања	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Законодавно-правна комисија	27	328	2	111	132	40	275	3	40	-	-
одбрана и безбедност	20	35	-	27	-	2	-	2	-	2	2
политички систем и односи меѓу заедниците	23	54	-	48	-	-	1	2	2	2	-
надворешна политика	18	39	-	15	12	7	1	2	-	3	-
европски прашања	18	44	-	10	18	7	-	2	-	7	-
прашања на изборите и именувањата	13	31	-	-	-	-	-	-	-	-	31
Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот	8	14	-	-	-	3	-	-	7	4	-
надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање	8	13	-	1	1	2	-	-	-	3	6
финансирање и буџет	4	4	-	1	2	-	1	1	-	-	-
економски прашања	16	38	-	-	34	1	17	3	-	-	-
земјоделство, шумарство и водостопанство	16	38	-	-	30	-	2	3	-	1	4
транспорт, врски и екологоја	17	54	-	-	33	1	8	2	12	6	-
образование, наука и спорт	16	20	-	-	-	10	9	2	-	5	3
култура	1	1	-	-	-	-	-	-	-	1	-
здравство	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
труд и социјална политика	16	28	-	-	-	21	7	3	4	-	-
деловнички и мандатно-имунитетни прашања	5	5	-	-	-	-	-	-	5	-	-
еднакви можности на жените и мажите	4	11	-	2	-	2	-	2	-	4	1
Вкупно:	**230**	**757**	**2**	**215**	**262**	**96**	**321**	**27**	**70**	**38**	**47**

5. PRETSEDATEL I POTPRETSEDATELI NA SOBRANIETO

5.1. PRETSEDATEL

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (61 пратеник). Мандатот на претседателот трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците на Собранието и раководи со нив, се грижи за примената на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Претседателот на Собранието на Република Македонија г-дин Љубиша Георгиевски пратеник од ВМРО-ДПМНЕ на оваа функција беше избран на Првата конститутивна седница на Собранието, одржана на 26 јули и 1 август 2006 година, по штотуку завршените петти парламентарни избори во Република Македонија.

Претседателот на Собранието на Република Македонија г-дин Љубиша Георгиевски во извршувањето на функцијата во текот на 2007 година, продолжи да делува во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија, во функција на владеење на правото и следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската Унија.

Во оваа смисла, зајакнувањето на законодавната улога на Собранието и подобрувањето на квалитетот на законите беа поставени како примарна задача.

Претседателот на Собранието сеопфатно ги остваруваше бројните надлежности утврдени со Уставот и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, од кои како позначајни може да се истакнат:

-Константната потреба за испитување и оценување на уредноста на предлозите за донесување на закони, распишување на референдум, како и планирање на динамиката на седниците на Собранието според природата и времето на поднесување на предлозите на акти и други материјали;

-Грижата за усогласување на активностите на Собранието со Претседателот на Републиката и Владата;

-Продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието;

-Грижа за остварување на правата на Пратениците и за обезбедување услови за нивна работа;

-Претседателот прифати бројни покровителства на одделни прослави и на настани од значење за Република Македонија и определување претставници на Собранието за други настани во земјава и во странство;

-Со нагласен интерес иинтезитет Претседателот ја следеше работата на Службата на Собранието и се грижеше за создавање услови за нејзино современо и ефикасно работење;

-Собранието на Република Македонија, покрај неговата доминантна законодавна функција продолжи да биде значаен субјект и партиципиент во остварувањето на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.;

-Претседателот на Собранието перманентно остваруваше извонредно динамична меѓународна соработка со парламентите, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, меѓународни организации како и со други истакнати личности надвор од државата;

-Претседателот заедно со потпретседателите на состаноците на Колегиум одлучување за прием на Делегации на парламенти на други држави и на претставници на органи и организации од странство како и за испраќање постојани и повремени парламентарни делегации во странство. Во текот на 2007 година беа оддржани 28 состаноци на Колегиум на кои покрај споменатото посебен акцент беше ставен на координирањето на активностите на Собранието, работните тела, како и на Делегациите и пратеничките групи за соработка со други парламенти, мешовити работни групи и пратениците во остварувањето на меѓународната соработка.

Акцентирана е потребата за рационализирање на законодавната постапка истовремено со активирање на механизмите за внесување оптимален квалитет во законските предлози. Во ова насока се работи на подобрување на парламентарниот капацитет од сите аспекти, при што се превземени чекори на активно учество на претставници на засегнатите целни групи на граѓани, бизнис заедницата и невладиниот сектор. За оваа цел помагаат и иницијативи како што е на пример потпишаниот Меморандум за разбирање со Стопанската комора на Македонија за поттикнување на пристапот и иницијативите поврзани со економското законодавство.

Меморандумот за разбирање меѓу Собранието на Република Македонија и Стопанската комора на Македонија е потпишан во јуни 2007 година и има за цел приватниот сектор организиран во коморското здружување да воспостави дирекна и навремена информираност за работата на Собранието во сферата на законодавната активност, почитувајќи го правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, при што информациите од Собранието објавени на неговата ВЕБ станица кои се однесуваат на пленарните седници се презентирани со директен линк на ВЕБ страницата на Стопанската комора на Македонија, која ќе овозможи учество во јавните расправи и дирекно ќе доставува иницијативи и мислења на предложените закони.

Преседателот на Собранието на Република Македонија потпиша Меморандум со кој се пристапи кон значително унапредување на претставничката функција на пратениците. Во соработка со Националниот демократски институте и ЗЕЛС се пристапи кон отварање на 65 канцеларии за контакт на пратениците со граѓаните, со висок степен на покриеност и пристапност на граѓаните до секоја канцеларија не поголема од 35 километри. Проектот “Канцеларии за комуникација со граѓаните” треба да придонесе за

зголемување на редовната комуникација меѓу граѓаните и пратениците, како и меѓу локалната самоуправа и Собранието.

Во поглед на транспарентноста и отчетноста на парламентарното работење, претседателот продолжи да делува во насока на развој на веќе воспоставените механизми:

-Собранискиот канал кој годишно емитува повеќе од 1250 часа преноси, а со трансформацијата ќе прави продукција и на свои емисии;

-се изготвуваат годишни и периодични извештаи за работата на Собранието на Република Македонија;

-се имплементира Декларацијата за воведување Е-Парламент во Собранието, пратениците ќе имаат на располагање персонални лап-топови;

-сите предлог закони и донесени закони се достапни до сите граѓани, преку ВЕБ страницата креирана од Собранието и Граѓанската иницијатива МОСТ www.sobranie.mk;

-со Меморандумот за соработка со невладината организација МОСТ се објавуваат периодични извештаи за законодавната активност на пратениците;

-редовни и манифестациони посети на граѓаните на Собранието и.т.н.

Претседателот на Собранието го иницираше и проектот Собраниска библиотека, кој ќе биде реализиран во текот на 2008 година. Со овој проект ќе се подигне вкупниот истражувачки капацитет И ќе се обезбеди брзо интернет поврзување и пристап кон библиотечниот и истражувачкиот фонд и капацитет на Конгресната библиотека во Вашингтон.

Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски (01 јануари 2007 - 31 декември 2007)

Средба со **Небојша Радмановиќ,** претседател на БиХ, (25 јануари 2007);

Средба со **делегација од Република Словенија**, (27 февруари 2007);

Средба со **Јанез Јанша**, Премиер на Република Словенија, (28 февруари 2007);

Средба со **Роб Бенџамин**, регионален координатор на НДИ, (05 март 2007);

Средба со **Драган Приморац,** министер за образование на Р. Хрватска, (07 март 2007);

Средба со амбасадорот на РМ во Ватикан, **Бартоломеј Кајтази**,(12 март 2007);

Средба со **Амира Арнон,** Амбасадор на Израел, (13 март 2007);

Средба со **Мангаси Шомбинг,** Амбасадорот на Индонезија, (13 март 2007);

Средба со **Захида Ансари,** Амбасадорот на Авганистан, (15 март 2007);

Средба со **парламентарна делегација на Турција**, (21 март 2007);

Средба со **Солтан Саад Ал-Мораики**, Амбасадор на Катар, (27 март 2007);

Средба со **Делегација на Хрватски Сабор,** (02 април 2007);

Средба со **Адриан Стефан Константинеску**, Амбасадор на Романија, (03 април 2007);

Средба со Кинески Амбасадор **Донг Чунгфенг** во Охрид, (09 Април 2007);

Официјална посета на БиХ, (12-15 април 2007);

Средба со претставници на социјалдемократската фракција на Бундестагот на Германија, (19 април 2007);

Средба со **Австриски новинари**, (25 април 2007);

Средба со **Каталин Сили**, претседател на Парламент на Унгарија,(26 април 2007);

Средба со **Бернард Валеро**, Амбасадор на Република Франција, (30 април 2007);

Средба со **Улрика Кроненберг-Мосберг,** Амбасадорот на Шведска (02 мај 2007);

Средба со **Пер Вестберг**, претседател на Шведски Парламент, (03 мај 2007);

Средба со **Џејмс Даглас,** гувернер на Вермунт (14 мај 2007);

Средба со **Душко Лаличевиќ,** Амбасадорот на Црна Гора, (15 мај 2007);

Престој во Рим по повод Македонија во чест на Св.Кирил (23-25 мај 2007);

Средба со пратеници на ЦДУ, Германија, (30 мај 2007);

Проштален прием со **Британскиот Амбасадор**, (30 мај 2007);

Проштален прием со **Амбасадорот на Словенија**, (31 мај 2007);

Одбележување на роденден на **кралицата Елизабета**, (20 јуни 2007);

Проштална средба со амбасадорот на Кина, **Донг Чунгфенг** (30 октомври 2007);

Средба со **Министерот за надворешни работи на Албанија**, (01 јуни 2007);

Проштален прием со **Амбасадорот на Холандија**, (18 јуни 2007);

Проштален прием со **Швајцарскиот Амбасадор,** (18 јули 2007);

Средба со **Оливер Дулиќ,** претседател на Парламентот на Србија (20 јули 2007);

Средба со **Милан Роќен,** министер за надворешни работи на Црна Гора, (30 јули 2007);

Средба со **министерот за надворешни работи на Литванија,** (29 август 2007);

Средба со **Хуго Остергард Андерсон**, Амбасадорот на Данска, (10 септември 2007);

Средба со Холандскиот амбасадор, **Симоне Филипини** (10 септември 2007);

Средба со **Иван Кујунџиќ,** Амбасадор на Република Хрватска, (10 септември 2007);

Средба со **Закир Ариф оглу Хашимов**, Амбасадор на Азербеџан, (11 септември 2007);

Средба со **Елард Ескала,** Амбасадор на Перу, (11 септември 2007);

Средба со **Филип Вујановиќ,** претседател на Црна Гора, (12 септември 2007);

Официјална посета на Албанија, (13-15 септември 2007);

Средба со **Марк Перин**, генерален секретар на ОБСЕ, (01 октомври 2007);

Средба со **Михо Михов**, Амбасадор на Република Бугарија, (02 октомври 2007);

Средба со **Зоран Јолевски**, Амбасадор во САД, (03 октомври 2007);

Работна посета на Република Бугарија, (4-7 октомври 2007);

Официјална посета на Република Србија, (11-12 октомври 2007);

Средба со **Зоран Поповиќ,** Амбасадор на Република Србија, (09 октомври 2007);

Средба со **Адриан Стефан Константинеску**, Амбасадор на Романија,(18 окт. 2007);

Средба со **Владимир Титов**, зам.министер за надворешни работи на Руската федерација, (22 октомври 2007);

Средба со министерот за евроинтеграции на Република Бугарија, **Гергана Грнчарова,** (24 октомври 2007);

Средба со **Душан Чапловиќ,** заменик претседател на Владата на Словачка,(25 октомври 2007);

Средба со **Педро Аграмонд,** известител на Советот на Европа, (01 ноември 2007);

Средба со **Кристофер Хил,** поранешен Амбасадор на САД, (13 ноември 2007);

Средба со **Мартин Ердман,** НАТО (15 ноември 2007);

Средба со премиерот на Црна Гора**, г. Жељко Штурановиќ,** (21 ноември 2007);

Средба со **Комисијата за европски прашања на Обединетото Кралство**, (21 ноември 2007);

Средба со **Жозе Лело,** претседател на Парламентарно Собрание на НАТО, (26 ноември 2007);

Официјална посета на Чешка, (28-30 ноември 2007);

Средба со Косовскиот претседател **Сејдиу,** (01 декември 2007);

Средба со **Доналд Бисон** (ОБСЕ), (07 декември 2007);

Средба со **Маија Моника**, Амбасадор на Литванија, (17 декември 2007);

Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија (01 јануари 2007 - 31 екември 2007)

Посета на Лајпциг, Германија (управен одбор на FDLL), (23-25 февруари 2007);

Средба со **Пат Кокс** , претседател на меѓ. европско движење, (21 март 2007);

Престој во Рим, 50 годишнина од Римските договори (22-23 март 2007);

Учество на конференција на претседатели на парламенти од ПСЈЕ во Загреб, Република Хрватска (15-17 април 2007);

Прием по повод ден на Европа во Битола, средба со амбасадори, (09 мај 2007 г.);

Престој во Рим по повод Македонија во чест на Св.Кирил (23-25 мај 2007);

Средба со пратеници на ЦДУ, Германија, (30 мај 2007);

Средба со **Франкофони,** (05 јуни 2007);

Одбележување на роденден на кралицата Елизабета, (20 јуни 2007);

Обраќање во Битола, Македонија и евроинтеграциите (23 јуни 2007);

Престој во Вилнус, меѓународна конференција (28-30 јуни 2007);

Работен ручек со **Ерван Фуере**, (12 јули 2007);

Официјална посета на Албанија, (13-15 септември 2007);

Средба со **Хина Џилани,** специјален претставник на Генералното Собрание на Обединетите нации за одбрана на човековите права (24 септември 2007);

Официјална посета на Република Бугарија, (4-7 октомври 2007);

Официјална посета на Република Србија, (11-12 октомври 2007);

Официјална посета на Чешка, (28-30 ноември 2007);

5.2. POTPRETSEDATELI

Д-Р ИВАН АНАСТАСОВСКИ

Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија реализирал голем број на активности преку редовното учество на седниците на Претдседателството на Собранието што се одржуваат еднаш седмично на кои се разгледуваат многу важни прашања сврзани со тековните работи на Собранието, меѓународните активности како и прашања на општ карактер.

Потпретседателот д-р Иван Анаста-совски доаѓа од редовите на Нова Социјал Демократска партија, а на оваа функција е избран на седницата на Собрание на Република Македонија одржана 30.11.2006 година И функцијата ја извршува до 25.12.2007 година кога по неговата оставка за потпретседател на Собранието на Република Македонија е избран пратеникот Благој Зашов од Нова Социјал Демократска партија

Како пратеник редовно учествувал на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија, а како Потпретседател по потреба раководи со пленарните седници на Собранието.

Во споменатиот период активно учествувал во работата на комисијата за Политички систем и односи меѓу заедниците, Постојаната анкетна комисија за заштита и слободите на правата на граѓаните, а заменик член е и на Комисијата за надворешна поли-тика.

Потпретседателот д-р Иван Анастасовски е потпретседател и на Мешовитиорт парламентарен комитет - Република Македонија и Европска Унија.

Потпретседател е и на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Член е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Италија .

Член е за соработка на парламентот во Големото Војводство Луксембург.

Во својство на член на споменатите комисии бил меѓу најактивните прате-ници и учествувал на сите седници на комисиите.

Како потпретседател д-р Иван Анастасовски на Собранието на Република Македонија учествувал на повеќе средби и приеми со министрите и Владата на Република Македонија, средби со координаторите на други политички партии во Собрание на Република Македонија, учествувал на повеќе свечености организирани по повод значајни датуми, доделување на признанија, награди и други.

Учество на конференции

Учество на Трибината "Перспективата на младите на Република Македонија" одржана на 13.03.2007 година во Валандово.

Учество на трибината "Евроатлански интеграции и улогата на Парламентот" na 15.10.2007 година

Учество на доделувањето на наградите 4ти Ноември"- 03.11.2007 година-Битола

Учество на Трибина "Заедно кон Европа назадуваме или напредуваме" 08.05.2007 година во Скопје

Учество на трибина организирана од ромската организација "Даја" 21.06.2007 година во Скопје

Отворање на "Балканскиот фестивал на народни песни и игри" во Охрид на 05.07.2007 година каде Собранието на Република Македонија е покровител

Средби со странски делегации и други дипломатски претставници во Скопје

Средба со г-дин Ерван Фуере Амбасадор на мисијата на Европската унија во Република Македонија на 12.01.2007 година

Средба со пратениците на Европскиот мешовит парламентарен состав 29.01.2007 година

Средба Анжелика Берн пратеник во Европскиот Парламент - 30.01.2007 год.

Средба со заеднички делегации од Република Босна и Херцеговина и Република Црна Гора - 21.03.2007 година Скопје

Средба со делегација на Република Хрватска на 02.04.2007 година

Средба со претставници на првата детска Амбасада "Меѓаши" 25.04.2007 година

Средба со г-дин Себастијан Дворжак шеф на политичкиот оддел на ОБСЕ одржана на 15.05.2007 година.

Средба со високи претставници на ОБСЕ оддржана на 18.07.2007 година

Средба со г-дин Ерван Фуере Амбасадор на мисијата на Европската унија во Република Македонија19.07.2007 година

Домаќин на делегација од Собранието на република Србија предводена од Претседателот на Собранието на Република Србија г-дин Оливер Дулиќ - 20.07.2007 година

Присуство на семинар за обука на кадри за отворање на канцеларии за пратениците подржано од НДИ - 26.09.2007 година - Маврово

Средба со претставници на Здружението на деца без родители "Иднина" 09.10.2007 година

Домаќин на делегација од Република Унгарија 26.04.2007 година

Средба со делегација од Естонија 04.10.2007 година Скопје

Учество на конференции во странство

Учество на конференцијата за парламентарната димензија на набљудува-ње на изборите 14-17.02.2007 година - Стразбур

Одбележување на тригодишнината од смртта на Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски 26.02.2007 година - Мостар

Учество на Парламентарна конферен-ција 01-04.03.2007 година - Рим

Учество на Четвртиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија Република Македонија 25-27.11.2007 - Брисел

БЕСИМ ДОГАНИ

Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и пратенички групи за билатерална соработка

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија реализирал голем број на активности кој што се состојат во редовно учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуват еднаш неделно во кои се разгледуваат многу важни прашања поврзани со редовните работи на Собранието, меѓународните активности како и прашања на општ карактер.

Потпретседателот Бесим Догани доаѓа од редовите на Демократска Партија на Албанците и е избран на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 30 ноември 2006 година.

Во споменатиот период, како пратеник редовно учествувал на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во споменатиот период активно учествувал во работата на комисијата за Уставни прашања како член на комисијата.

За истакнување е и тоа што г-дин Бесим Догани активно учествувал во работата на работната група за подготвување на новиот деловникот за работа на Собранието на Република Македонија .

Господинот Бесим Догани како потпретседател на Собранието на Република Македонија е активно ангажиран во билатералната парла-ментарна соработка и е член на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на Балтичките земји Естонија, Летонија и Литванија.

Претседател е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка на парламентите на Блискиот и Средниот исток.

Член е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка на парламентот на Исламската Република Иран.

Член е на пратеничката група за соработка на парламентот на Канада, Република Монголија и на парламентот на Кралството Шпанија .

Во својство на член на споменатите комисии бил меѓу најактивните пратеници и учествувал на сите седници на комисиите.

Господинот Бесим Догани како потпретседател на Собранието на Република Македонија е шеф на делегацијата на Собранието на Репу-блика Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланската Договорна Орга-низација (ПС на НАТО).

Господин Бесим Догани како потпретседател на Собранието на Република Македонија учествувал на повеќе средби и приеми со министрите и

Владата на Република Македонија, средби со координаторите на другите политички партии во Собрание на Република Македонија, учествувал на доделување на признанија, награди и друго.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Бесим Догани имал и многубројни средби со странки - граѓани на Република Македонија.

1. Учество на конференции

Учество на конференцијата "Охридски Договор" како модератор на првата сесија, која се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија на 08.02.2007 година.

По повод 50 - та годишнина на Римскиот договор, г-дин Бесим Догани учествувал на јавна средба за одбележување на јубилејот, каде што како гостин говорник беше г-дин Пат Кокс - Претседател на Меѓународното Европско Движење која се одржи на 21.03.2007 година, во Клубот на Државните Органи.
На покана од Асоцијацијата за Демо-кратска Иницијатива (АДИ), учество на Форумот на тема "Бандетеровото право - употреба на локално и централно ниво", одржана на 05.04.2007 година, во Скопје.

Конференција - Јадранска повелба НАТО интеграција и безбедносните предизвици, одржана на 12.06.2007 година, кристална сала на Собранието на Република Македонија.

Учество и на Безбедносен форум ЕАПС - Охрид, која се одржа на 28-29.06.2007 година во Охрид.

2.Средби со странски делегации и други дипломатски претставници во Скопје

Средба со г-дин Едуард Линтер претседател на комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Парламентарното Собрание на Европа, одржана на 17.01.2007 година.

Средба со г-дин Габриел Касконе експерт член на НАТО МАП/ПАРП тимот надлежен за Република Македонија 24.01.2007 година.

Средба со г-дин Јанош Барабаш, заменик амбасадор на Унгарија одржана на 07.02.2007 година.

Средба со делегацијата од Државниот Збор на Словенија, одржана на 27.02.2007 година.

Средба со делегација од Американскиот Конгрес и Сенатот како и членови на Американската Амбасада во Република Македонија, 04.04.2007 година.

Средба со политичкиот советник на ЕУ г-дин Герард Мц Гурк одржана на 25.04.2007 година.

Средба со делегација на Комисијата за цивилна димензија на безбедноста на Парламентарното Собрание на НАТО 26.04.2007 година.

Средба со претставници од Фондацијата Конрад Аденауер, 16.05.2007 година

Средба со претставници на ОБСЕ, 17.05.2007 година
Средба со делегација на Парламентарното Собрание на Франкофонијата 04.06.2007 година

Средба со Манфред Грунд, пратеник на ЦДУ во Германскиот Бундестаг, 05.06.2007 година

Средба со г-дин Пиерре Еммануел Пессемиер, регионален аташе за аудиовизуелна соработка, г-ѓа Флоренце Цхамбон министерство за надворешни работи на Франција дирекција за аудиовизуелна соработка, г-дин Јохан Умрес советник за соработка во Француската амбасада во Скопје, г-дин Бранко Чобанов претставник од Француската амбасада во Скопје и Ирина Габиќ претставник од Француската амбасада во Белград одржана на 05.07.2007 година.

Средба со заменик амбасадор на Унгарија г-дин Јанош Барабаш 04.09.2007 година.

Средба со претставници на Американската амбасада во Скопје 02.10.2007 година.

Пречек на делегацијата на Парламентарната група на Народното Собрание на Кувајт за пријателство со Собранието на Република Македонија 16.10.2007 година

Вечера во чест на делегацијата од Народното Собрание на Кувајт 16.10.2007 година

Средба со членовите од Уставниот Суд на Република Албанија 18.10.2007 година.

По повод 20 регионално Собрание на Европа на Парламентарното Собрание на франкофонијата - работен ручек, 23.10.2007
Средба со Викторија Нуланд, постојан претставник на мисијата на САД во НАТО - 08.11.2007 година

Средба со г-дин Крис Инграм - ИРИ, 09.11.2007 година

Средба со групата за соработка на Парламентот на Летонија со Собранието на Република Македонија, 13.11.2007 г.
Средба со претставници од Американската амбасада 1.12.2007 година.

Средба со Јозефина Топалли, претседател на Собранието на Република Албанија 19.12.2007 година.

3.Учество на конференции во странство

Студиска посета на Германскиот Бундестаг - Германија, 29.01- 02.02.2007 година.

НАТО - пролетна сесија Мадеира - Португалија, 25 - 28.05.2007 година.

Тркалезна маса организирана од ИРИ, Братислава, Словачка, 24 -27.06. 2007 година.

53-та годишна сесија на парламентарното Собрание на НАТО, Рејкјавик, Исланд, 5 - 9.10.2007 година.

Регионална Конференција организирана од страна на ИРИ, Сараево, Босна и Херцеговина 06.12.2007 година.

Трансатлански парламентарен форум, што секоја година го организира Парламентарното Собрание на НАТО, Атланскиот форум на САД и Национален Универзитет за одбрана, Вашингтон 10.12.2007 година.

6. ME\UNARODNA SORABOTKA

6. ME\UNARODNA SORABOTKA

Парламентарната соработка на Собранието на Република Македонија се базира на уставните и законските решенија со кои се дефинираат надлежностите на парла-ментот за оваа област:

Парламентарната дипломатија е насочена кон:

- *натамошно приближување на замјата кон европските и евроатлантските структури;*
- *јакнење на односите со земјите кои се стратешки важни за надворешната политика на Република Македонија;*
- *развивање на регионалната соработка и стабилност во Југоисточна Европа*

6.1. Multilateralna sorabotka

ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Шеф на делегацијата: г. Оливер Шамбевски
Членови: г. Ружди Матоши, г-ѓа Илинка Митрева
Заменици-членови: г. Благој Зашов, г. Азиз Положани, г. Андреј Жерновски

Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од 10 земји, а денес има 46 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото;
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност;
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество(ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот крими-нал и сл.)
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Парламентарното собрание на Севетот на Европа е парламентарен форум на Советот на Европа, каде се расправаат проблемите со кои се соочува европското општество и има советодавна функција во

однос на Комитетот на министрите. Тоа е најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието има пет политички групи: Социјалистичка група; Народна европска партија; Европска демократска група; Либерална, демократска и реформаторска група и Група на обединетата левица.

Вообичаено членовите се групираат во овие партиски групи според нивната партиска припадност во своите земји, но некои членови избираат да не бидат членови на ниедна политичка група. Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и септември), на јавни седници кои траат една работна седмица, а вообичено одржува и една мини пролетна седница во некоја од земјите-членки.

Активности во периодот 1 јануари- 31 декември 2007 година

На редовната сесија на Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ), што се одржа од 21 до 26 јануари 2007 година во Стразбург, Република Франција, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на Советот на Европа во состав од пратениците: шефот на Делегацијата г. Оливер Шамбевски, г. Ружди Матоши, г-ѓа Илинка Митрева, членови на Делегација, г. Благој Зашов, г. Андреј Жернвоски, г. Азиз Положани, заменици-членови на Делегацијата во придружба на г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Делегацијата.

На состаноците на Комисијата за деловнички прашања и имунитет и на Комисијата за политички прашања, што се одржаа од 11 до 17 февруари 2007 година во Стразбур, Република Франција, учествуваше пратеникот г. Благој Зашов, заменик-член на Делегацијата.

На 15 и 16 февруари 2007 година во Стразбур, Република Франција, се одржа Конференција за парламентарната димензија на набљудување на изборите, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија предводена од потпредседателот г. Иван Анастасовски, г. Зоран Петрески, пратеник и г-ѓа Марија Стефанова секретар на Делегација.

На седницата на Комисијата за култура, наука и образование и на 42-от пленарен состанок на Европската комисија против расизам и нетолеранцијата, што се одржа нод 12 до 17 март 2007 година во Стразбур, Република Франција, учествуваше пратеникот, г. Азиз Положани, заменик член на Делегацијата.

На 28 март 2007 година во Стразбур, Република Франција, на седницата на Мониторинг Комисијата, учествуваше пратеникот, г. Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата.

На седниците на Бирото на Собранието на ПС на СЕ и на Постојаниот Комитет што се одржаа од 15 до 16 март 2007 година во Париз, Република Франција, учествуваше Делегација предводена од г. Оливер Шамбевски, шеф на Делегацијата и г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

На Второто продолжение на Редовната сесија на Парламентарно

Собрание на Советот на Европа, што се одржа од 16 до 20 април 2007 година во Стразбур, Република Франција, учествуваа: г. Благој Зашов, г. Азиз Положани, заменици-членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Делегацијата.

На 10 мај 2007 година во Атина, Република Грција, се одржа седница на Комисијата за миграции, бегалци и население, на која учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата.

На 30 мај 2007 година во Биен, Швајцарска Конфедерација, г. Благој Зашов, заменик-член на Делегацијата, учествуваше на седница на Комисијата за деловник и имунитет.

На 31 мај 2007 година во Париз, Република Франција, се одржа седница на Комисијата за економски прашања и развој, на која учествуваше г. Благој Зашов, заменик-член на Делегацијата.

На 31 мај 2007 година во Санкт Петерсбург, Руска Федерација, се одржа седница на Комисијата за култура, наука и образованиена која учествуваше г. Азиз Положани, заменик-член на Делегацијата.

На 4 и 5 јуни 2007 година во Стразбур, Република Франција, се одржа Кконференција на контакт лица од Парламентите на земјите членки на ПС на СЕ за борба против семејното насилство. Учествуваше пратеникот г-ѓа Лилјана Поповска и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за правни прашања и човекови права на Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ), што се одржа на 11 септември 2007 година во Париз, Република Франција. Учествува г-ѓа Илинка Митрева, член на Делегацијата на ПС на СЕ и г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

На седницата на Мониторинг комисијата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ), што се одржа на 12 септември 2007 година во Париз, Република Франција. Учествува пратениците: г. Оливер Шамбевски, шеф на Делегацијата, г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата и г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за политички прашања на Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ), што се одржи на 13 септември 2007 година, Париз, Република Франција. Учествуваше пратеникот г. Благој Зашов, заменик член на ПС на СЕ и г. Никола Тодоровски секретар на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за култура, наука и образование, што се одржа на 14 септември 2007 година во Стразбур, Република Франција, учествуваше г. Азиз Положани, заменик-член на Делегацијата.

На Четвртото продолжение на Редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа од 1 до 5 октомври 2007 година во Стразбур, Република Франција, учествуваше Делегација во состав: г. Благој Зашов, г-ѓа Илинка Митрева, г. Азиз Положани, г. Андреј Жерновски, членови и заменици членови на ПС на СЕ како и секретаријатот на Делегацијата г. Никола Тодоровски и г-ѓа Марија Стефанова.

На седницата на Поткомисијата за културно наследство, што се одржа од 11 до 13 октомври 2007 година во Вилнус, Литванија, учествуваше г. Азиз Положани, заменик-член на Делегацијата.

На седница на Комисијата за миграции, бегалци и население, што се одржа од 20 до 23 октомври 2007 година во Анталија, Република Турција, учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата.

Од 30 октомври до 2 ноември 2007 година во официјална посета на Република Македонија претстојуваше г. Педро Аграмунт, Известител на Комисијата за политички прашања на Бирото на ПС на СЕ.

На 5 и 6 ноември во Берлин, Сојузна Република Германија, се одржа седница на Мониторинг комисијата, на која учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата и г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за правни прашања што се одржа на 12 ноември 2007 година во Париз, Република Франција, учествуваше г-ѓа Илинка Митрева, член на Делегацијата.

На 14 ноември 2007 година во Рим, Република Италија, се одржа седница на Комисијата за култура наука и образование и Конференција за улогата на образованието и медиумите во интекултурниот дијалог. На седниците учествуваше г. Азиз Положани, заменик-член на Делегацијата.

На 16 ноември 207 година во Париз, Република Франција, се оджа седница на Комисијата за деловник и имунитети, на која учествуваше заменик-член на Делегацијата.

На седницата на Бирото и на Постојаната комисија што се одржаа на 22 и 23 ноември 2007 година во Братислава, Република Словачка, учествуваше шефот на Делегацијата г. Оливер Шамбевски.

Во рамките на активностите на Советот на Европа и Парламентарното собрание во областа на владеењето на правото, на 3 и 4 декември во Стразбур, Република Франција, се одржа Семинар на кој учествуваше заменик генерален секретар на Собранието на Република Македонија г. Вјекослав Анѓеловски и г. Милован Таков, преведувач.

На 6 декември 2007 година во Истанбул, Република Турција, се одржа седница на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите, на која учествуваше г. Азиз Положани, заменик-член на Делегацијата.

На 10 и 11 декември 2007 година во Париз, Република Франција, г. Азиз Положани, заменик-член на Делегацијата учествуваше на седница на Комисијата за култура, наука и образование и Колоквиум за предавање европска литература.

Од 16 до 18 декември 2007 година во Париз, Република Франција се одржа Редовен годишен состанок на секретарите на делегациите, на кој учествуваше г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Делегацијата

На 18 декември 2007 година во Париз, Република Франција, г. Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата учествуваше на седница на Мониторинг Комисијата.

OSCE PA

ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

Шеф на Делегацијата: г. Јован Манасиевски

Членови: г. Владимир Ѓорчев, г-ѓа Влора Кадри

Заменици-членови: г. Андреј Жерновски, г-ѓа Лилјана Поповска, г. Ружди Матоши

Парламенарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) е формирано во 1991 година, по предлогот за негово формирање со Париската Повелба за Нова Европа од 1990 година.

Основна задача на Парламентарното Собрание е да го олеснува меѓу-парламентарниот дијалог меѓу земјите членки на ОБСЕ и да ја вреднува имплементацијата на целите на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три Генерални комитети: Комитет за демократија, човекови права, хуманитарни прашања; Комитет за економски работи, технологија и животна средина, како и Комитет за политички работи и безбедност.

Членовите на Делагацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учестуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот Комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

На Шестата зимска сесија на Парламентарното собрание на Оранизацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), што се одржа на 22 и 23 февруари 2007 година во Виена, *Република Австрија, учествуваше* Делегација во состав: г. Јован Манасијевски, шеф на Делегација, г. Владимир Ѓорчев, член на Делегација и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

На Економската конференција на тема: "Зајакнување на стабилноста и соработката преку меѓународната трговска размена", што се одржа од 24 до 26 мај 2007 година во Андора ла Вела, Андора, учествуваше Делегација во состав: г. Владимир Ѓорчев и г-ѓа Флора Кадриу, членови на Делегацијата и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ (Парламентарната конференција на тема: "Безбедноста преку соработка во Југоисточна Европа - улогата на парламентарците", седницата на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ и Медитеранскиот парламентарен форум) се одржаа од 29 септември до 2 октомври 2007 година во Порторож, Република Словенија. На состаноците учествуваше Делегација во состав: г. Јован Манасијевски, шеф на Делегацијата, г. Владимир Ѓорчев, г. Азиз Положани, членови на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

Шеф на делегацијата: г. Љубиша Георгиевски

Членови: г. Илија Китановски, г. Горан Мисовски, г. Јани Макрадули, г. Агрон Буџаку и г-ѓа Флора Кадри

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 146 национални парламенти и 7 меѓународни парламентарни собранија.

Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји, разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови, придонесува за заштита и унапредување на човековите права, чиешто почитување е суштествен фактор на парламентарната демократија и обезбедува подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција.

Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика. ИПУ презема и активности за ратификација на најзначајните меѓународно-правни инструменти.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија (Сл. весник на Република Македонија бр. 85/02) се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и четири членови.

Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2007 година

На 116. Собрание на Интерпарламентарна унија, што се одржа од 29 април до 4 мај 2007 година во Нуса Дуа, Бали, Индонезија учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: г-ѓа Силвана Бонева, шеф на Делегација, г. Горан Мисовски, г. Јани Макрадули, г-ѓа Флора Кадри и г. Ружди Матоши, членови на Делегацијата, како и г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Лидија Каракамчева и г-ѓа Анита Огњановска од Службата на Собранието на Република Македонија.

На 117. Собрание на ИПУ, што се одржа од 7 до 10 октомври 2007 година во Женева, Швајцарска Конфедерација, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: г-ѓа Силвана Бонева, шеф на Делегација, г-ѓа Мирјана Секуловска, г-ѓа Славица Грковска и г-ѓа Елмазе Селмани, членови на Делегацијата, како и г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Билјана Огеновска и г-ѓа Анита Огњановска од Службата на Собранието на Република Македонија.

ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

Шеф на Делегацијата: г. Петар Поп Арсов

Членови: г. Нада Станчевска и г. Никола Поповски

Заменици-членови: г. Васко Шутаров, г-ѓа Елмазе Селмани и г. Тале Герамитчиоски

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат седумнаесет земји членки: Алија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Украина и Србија и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година.

Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и ад хок комитетите на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена.

Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2007 година

Од 23 до 25 април 2007 година во Софија, Република Бугарија се одржа седница на Парламентарниот комитет на кој учествуваа г. Петар Поп Арсов, шеф на Делегацијата, г. Никола Поповски, член на Делегација и г. Рецеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Од 28 до 30 октомври 2007 година во Рим, Република Италија се одржа седница на Политичкиот комитет, на која учествуваше г. Петар Поп Арсов, шеф на Делегацијата и г-ѓа Маријана Опашинова, советник за мултилатерала.

На 21 и 22 ноември 2007 година во Софија, Република Бугарија, се одржа седница на Парламентарниот комитет на кој учествуваа г. Петар Поп Арсов, шеф на Делегацијата, г. Никола Поповски и г-ѓа Нада Станчевска, членови на Делегација, во придружба на г. Рецеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

Шеф на делегацијата: г. Бесим Догани

Членови: г. Владо Бучковски и г. Ѓорѓи Оровчанец

Заменици-членови: г. Гарип Каба, г. Илија Китаноски и г. Есад Рахиќ

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација која нема формални односи со НАТО. Формирано е во 1955 година, како Северноатлантско собрание, а во ноември 1998 година се преименуваше во Парламентарно собрание на НАТО. Составено е од 26 земји членки и 13 асоцирани делегации, меѓу кои е Делегацијата на Собранието на Република Македонија.

Република Македонија учествуваше за прв пат во работата на Северноатлантско собрание во 1994 година, како набљудувач на 41 сесија, што се одржа во Париз, Франција. На оваа сесија и беше доделен статус на асоцирана делегација.

Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2007 година

Од 31 јануари до 2 февруари 2007 година, г. Владо Бучковски и г. Ѓорѓи Оровчанец, членови на Делегацијата, остварија посета на Брисел, Белгија.

Од 25 до 28 мај 2007 година во Мадеира, Португалија, Делегација на Собранието учествуваше на Редовното пролетно заседание на ПС на НАТО. Делегацијата ја предводеше: г. Бесим Догани, Шеф на Делегацијата, г. Владо Бучковски и г. Ѓорѓи Оровчанец, членови на Делегацијата како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

Од 19 до 21 септември во Баку, Азербејџан, г. Бесим Догани, шеф на Делегацијата, оствари работна посета на Азеребејџан.

Во официјална посета на Република Македонија престојуваше Генералот г. Рејх Хено, претседавач на Воениот комитет на НАТО. Посета е реализирана на 20 и 21 септември 2007 година во Скопје, Република Македонија.

Од 28 до 30 октомври 2007 година во Брисел, Кралството Белгија оствариј студиски престој службениците кои работат во релеватни комисии на националните парламенти. На студискиот престој учествуваа: г-ѓа Лидија Каракамчева, раководител на секторот за меѓународна соработка, г. Рецеп Прекопуца, раководител на Одделението за билатерала; г. Димитрија Велков, советник на комисијата за одбрана, г. Слободан Кузмановски, Раководител на Одделение и г-ѓа Љила Трпковска, советник на Комисијата за надворешна политика.

Од 5 до 9 октомври 2007 година во Рејкјавик, Исланд се одржа 53-та Годишна сесија на Парламентарното собрание на НАТО, на која учествуваше г. Бесим Догани, шеф на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

Претседателот на Парламентарното собрание на НАТО, г. Жозе Лело, оствари официјална посета на Република Македонија од 25 до 28 ноември 2007 година.

Во официјална посета на Република Македонија на 29 ноември 2007 година претстојуваше Н.Е. г. Стујарт Елдон, Амбасадор во Мисијата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во НАТО.

На 11 и 12 декември 2007 година во Вашингтон, САД, Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО учествуваше на Парламентарниот Трансатлански форум. Делегацијата беше предводена од г. Бесим Догани, шеф на Делегацијата, г. Ѓорѓи Оровчанец, член на Делегацијата и г. Есад Рахиќ, заменик член на Делегацијата.

Парламентарното собрание на Франкофонијата

Шеф на Делегацијата: г-ѓа Илинка Митрева
Членови: г. Балгој Зашов, г. Насер Ајдини, г. Агрон Буџаку, г. Теута Арифи, г. Васко Шутаров

Меѓународната организација на Франкофонијата е меѓувладина организација формирана на 20 март 1970 година, од 21 држави и влади, под името Агенција за културна и техничка соработка (Agence de coopération culturelle et technique - ACCT), а во 1998 година таа се преименува во Меѓународна организација на Франкофонијата (Organization internationale de la Francophonie-OIF). Во оваа организација со седиште во Париз, денес членуваат 53 држави и влади и 10 земји наблудувачи. Република Македонија се здоби со асоцијативен статус во оваа организација на Самитот на Шефови на држави и влади, одржан во септември 1999 година во Монктон, Канада.

Основните цели на меѓународната организација на Франкофонијата се: промовирање на францускиот јазик и јазичната и културната различност, промовирање на мирот, демократијата и човековите права, подршка на образованието, обуката, високото образование и истражувањето, развој на соработката во служба на одржливиот развој и солидарноста.

Парламентарното Собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание.Тоа е формирано во мај 1967 година на Конститутивното собрание во Луксембург, под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989 година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата (Assemblée parlementaire de la Francophonie -APF).

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста помеѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето

на правото, особено во франкофонските заедници. Парламентарното собрание на Франкофонијата дава значителен придонес во дебатите за теми, како што се: слободата и политичките права, парламентите и комуникацијата, франкофонскиот економски простор, образованието, пречките за дифузија на знаењата во франкофонските земји, местото на францускиот јазик во меѓународните организации и сл. Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкфонијата се формирани и следните органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата членуваат 65 парламенти, парламентарни собранија или совети на земји, покраини, региони и меѓународни организации. Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година.

на Франкофонијата се одржа од 22 до 26 октомври 2007 година во во Собранието на Република Македонија во Скопје, Република Македонија.

Делегација на Парламентарното собрание на Франкофонијата Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2007 година

На седницата на Комисијата за политички прашања, што се одржа од 1 до 3 март 2007 година во Вале д´Аост, Италија, учествуваа пратеникот г. Благој Зашов, прв потпретседател на Секцијата и г. Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата.

На седницата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања, што се одржа од 5 до 7 март 2007 година во Форт де Франс, Мартиник, Република Франција, учествуваа г. Насер Ајдини, потпретседател на Секцијата и г-ѓа Билјана Огненовска, извршен секретар на Секцијата.

На Конференцијата на претседателите на секциите на Парламентарното собрание на Франкофонија-Регион Европа, што се одржа од 24 до 26 април 2007 година во Џерси, Велика Британија учествуваа д-р Илинка Митрева, претседател на Секцијата и г-ѓа Билјана Огненовска, извршен секретар на Секцијата.

На седницата на Комисијата за парламентарни прашања, што се одржа од 21 до 23 мај 2007 година во Софија, Република Бугарија, учествуваше г. Благој Зашов, прв потпретседател на Секцијата.

Дваесеттото регионално собрание Европа на Парламентарното собрание, предводена од директорот на програмата НОРИА, оствари работна посета на Република Македонија од 19 до 22 ноември 2007 година.

Пратеникот г. Благој Зашов, прв потпретседател на Секцијата, во својство на предавач учествуваше на семинарот на ПСФ за пратеници и сенатори од Мавританија, што се одржа од 3 до 8 декември 2007 година во Нуакшот, Мавританија.

Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

Ко-преседател на МПК РМ-ЕУ: г. Александар Спасеновски

Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија (ЕУ) е формиран врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година, Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, (особено чл. 114). Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и четиринаесет члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на нашата земја за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува форум каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент ќе разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Комитетот, како билатерално тело со кое Република Македонија се одвојува од останатите земји на т.н. Западен Балкан, претставува формално и ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на МПК е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2007 година

На 30 и 31 јануари 2007 година во Скопје, Република Македонија, се одржа Третиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија.

На 26 и 27 ноември 2007 година во Брисел, Краството Белгија, се одржа Четвртиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија Република Македонија. На состанокот учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: г. Александар Спасеновски, ко-председавач на МПК РМ-ЕУ, и членовите на Делегацијата: г-ѓа Силвана Бонева, г. Иван Анастасовски, г. Блерим Беџети, г. Игор Ивановски, г. Андреј

Жерновски, г-ѓа Елмазе и Селмани како и секретаријатот на Делегацијата г-ѓа Лидија Каракамчева и г-ѓа Маријана Опашонова.

На 3 и 4 декември 2007 година во Брисел, Кралството Белгија се одржа Интер-парламентарен состанок на тема:"Иднината на Европа", на кој учествуваа: г-ѓа Владанка Авировиќ, член на МПК РМ-ЕУ, г. Неждет Мустафа, член на МПК РМ-ЕУ и г-ѓа Марија Опашинова, секретар на Делегацијата.

СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

Шеф на Делегацијата: г. Александар Николски

Членови: г. Насер Ајдини и г. Рафиз Алити

Заменици-членови: г. Павле Трајанов, г-ѓа Мирјана Секуловска, г. Борис Кондарко

Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ), со седиште во Париз, е основано во 1954 година, а инаугуративната седница ја одржало на 5 јули 1955 година. Како прво европско интерпарламетарно собрание за безбедносни и одбрамбени прашања, Собранието преставува форум за дебата со три главни домени на активност:

- ја претставува парламентарната димензија на Западноевропската унија;
- дејствува како *Интерпарламентарно европско собрание за безбедност и одбрана,* со фокус на Европската безбедносна и одбранбена политика (ESDP)
- врши контрола на меѓувладината соработка во полето на вооружувањето и истражувањето и развојот на вооружувањето, односно актовностите на Западноевропската групата за вооружување (WEAG) и Западно-европската организација за вооружување (WEAO).

Во Собранието на Западноевропската унија членуваат околу 400 пратеници од националните парламенти на 37 европски држави. Собранието одржува две редовни седници годишно во седиштето на Собранието во Париз, а по потреба можат да одржат и вонредни седници во други градови. Во СЗЕУ се формирани шест постојани комисии, кои одржуваат по неколку седници годишно**.** Собранието, исто така организира колоквиуми на кои учествуваат пратеници, експерти и претставници на владите, кои дискутираат за тековни одбрамбени и безбедностни прашања.

Делегација на Собранието на Република Македонија е постојано присутна на седниците на Собранието на Западноевропската унија, почнувајќи од 1993 година. Во декември 2003 година Република Македонија се здоби со стасус на "специјален гостин" во Собранието на ЗЕУ. Со овој статус се овозможува делегација од двајца пратеници редовно да учествува на седниците на СЗЕУ (без право на глас), како и на седниците на комисиите и во другите форми на редовна активност на СЗЕУ (семинари, конференции, колоквиуми и слично).

Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2007 година

На Конференцијата за иднината на Европската безбедност и одбрамбена политика, што се одржа од 4 до 7 февруари

2007 година во Берлин, Сојузна Република Германија, учествуваше Делегација во состав: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г. Насер Ајдини, член на Делегацијата, г. Павле Трајанов, заменик член на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На седницата на Проширениот претседателски комитет и на седниците на комисиите на Собранието на ЗЕУ, што се одржаа на 29 март 2007 година во Брисел, Белгија, учествуваа г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата и г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

На Првиот дел од 53. сесија на Собранието на Западноевропската унија, што се одржа од 4 до 6 јуни 2007 година во Париз, Република Франција учествуваше Делегација во состав: г. Павле Трајанов, шеф на Делегацијата, г. Борис Кондарко, член на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На седниците на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања и на Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста на СЗЕУ, што се одржаа на 10 и 11 октомври 2007 година во Париз, Република Франција учествуваа г. Рафиз Алити, член на Делегацијата во СЗЕУ и г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

На седниците на комисиите на Собранието на Западноевропската унија, што се одржаа на 18 октомври 2007 година во Брисел, Белгија, учествуваа г. Рафиз Алити, член на Делегацијата во СЗЕУ и г-ѓа Маријана Опашинова, советник за мултилатерална соработка.

На седниците на Прширениот претседателскиот комитет, Комисијата за политички прашања, Комисијата за одбрамбени прашања, Комисијата за парламентарни прашања, како и на семинарот организиран од СЗЕУ, што се одржаа на 6 и 7 ноември 2007 година во Париз, Република Франција учестуваа г. Насер Ајдини, член на Делегацијата и г. Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.

На Вториот дел од 53. сесија на Собранието на ЗЕУ, што се одржа од 2 до 6 декември 2007 година во Париз, Република Франција, учествуваа: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата во СЗЕУ, г. Борис Кондарко, заменик-член на Делегацијата и г-ѓа Флора Кадриу, претседател на Комисијата за надворешни политика, како и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

Шеф на Делегација: г. Илија Димовски

Членови: г- ѓа Мирјана Секуловска и г. Џеват Адеми

Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2007 година

На Втората сесија на ПСМ, што се одржа од 22 до 26 ноември 2007 година во Сен Џулијанс, Малта, учествуваше Делегација во состав: г. Илија Димовски, Шеф на Делегацијата и членовите на Делегацијата г-ѓа Мирјана Секуловска и г. Џеват Адеми, во придружба на г. Рецеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

6.2.DRUGA ME\UNARODNA AKTIVNOST

BILATERALA

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција на 21 март 2007 година во Скопје, Република Македонија, оставри средба со Парламентарна делегација на Големото Народно Собрание на Република Турција.

Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија, од 16 до 20 април 2007 година, оствари официјална посета на Народното Собранието на Република Бугарија. Делегацијата ја сочинуваа: г. Стојан Андов, претседателот на пратеничката група, г. Владо Бучковски, член на пратеничка група и г. Рецеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел на 4 јуни 2007 година во Скопје, Република Македонија, оствари средба со Амбасадорот на Државата Израел во Република Македонија.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Босна и Херцеговина на 6 јуни 2007 година во Скопје, Република Македонија, оставри средба со Делегацијата на Комисијата за надворешна трговија и царина на Претставничкиот дом на ПС на БиХ.

На 4 октомври 2007 година Групата на Парламентот на Естонија за соработка со Собранието на Република Македонија оствари посета на Република Македонија.

Во официјална посета на Република Македонија од 16 до 20 октомври 2007 година престојуваше Делегација на кувајтско-македонска група на националното Собрание на Кувајт.

Претседателот на Претаничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Палраментот на СР Германија на 18 октомври 2007 година во Скопје, Република Македонија, оствари средба со Делегација на Изборната комисија за избор на македонски учесници во Меѓународната парламентарна стипендија на Германскиот Бундестаг.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Канада на 18 октомври 2007 година одржа средба со Н.Е. д-р Сашко Насев, амбасадор на Република Македонија во Канада.

Од 11 до 15 ноември 2007 година Делегација на Парламентот на Република Летонија оствари официјална посета на Република Македонија.

Од 14 до 17 ноември 2007 година членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија оствариија посета на Бундестагот на Сојузна Република Германија. Делегацијата беше во составе: г. Иван Стоиљковиќ, г. Хади Незири, г. Рафиз Алити, г-ѓа Роза Топузова Каревска, г-ѓа Благородна Цветковска, пратеници, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

DRUGI AKTIVNOSTI

На 29 и 30 јануари 2007 година во Копенхаген, Данска, учествуваше на средба на IPEX коруспонденти, г. Реџеп Прекопуца, раководител на Одделението за билатерала.

На Семинарот на тема: "Правни советници´´, што се одржуваше во Парламентот на Кралството Шпанија од 5 до 16 февруари 2007 година, учествуваше г-ѓа Маријана Опашинова, советник за мултилатерална соработка.

На 3 и 4 март 2007 година во Рим, Република Италија, Делегација на Собранието на Република Македонија, претдводена од пратеникот г. Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Репбулика Македонија и г-ѓа Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска, пратеник, учествуваа на Парламентарна конференција на тема:´´Улогата на Парламентите за креирањето политики за развој на информатичкото општество".

На семинар на тема:" Жените во позиција на одлучување", што се одржа на 6 март 2007 година во Брисел, Белгија, учествуваше пратеникот г-ѓа Ристанка Лалчевска.

Делегација на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија учествуваше на семинар во Џорџ Маршал во Гармиш Партенкирхен, што се одржа од 9 до 13 април 2007 година. На Семинарот учествува пратениците: г. Гарип Каба, г. Фадил Сулејмани, г. Иван Стоилковиќ, г. Павле Трајанов, г. Веле Митановски, како и г-ѓа Маријана Опашинова, г. Никола Атанасовски, г. Емил Крстески г. Лиман Авдиу и г. Димитрија Велков, државни службеници во Собранието на Република Македонија.

На 25 и 26 април 2007 година во Приштина, Косово, пратеникот г. Оливер Спасовски учествуваше на тркалезна маса на тема: "Регионот и патот до ЕУ".

На конференција на жените парламентарки што се одржа на 27 и 28 април 2007 година во Приштина, Косово, учествуваше делегација од Собранието на Република Македонија предводена од пратеникот, г-ѓа Лилјана Поповска, г-ѓа Цветанка Ивановска и г-ѓа Зумрете Јакупи.

Од 17 до 19 мај 2007 година во Приштина, Косово, пратениците г. Никола Рилкоски и г. Фадил Сулејмани учествува на Регионална Конференција на тема:" Контрола на јавниот безбедносен сектор".

На 19 и 20 септември 2007 година во Собранието на Република Македонија се одржа Семинар за службениците, организиран во рамките на СОХ Програмата за информаци и соработка на Европскиот Парламент.

На 5 и 6 ноември 2007 година во Стразбур, Република Франција се одржа семинар посветен на "Заштитата и унапредувањето на човековите права", на кој учествуваше г. Музафер Камбери, заменик генерален секретар на Собранието на Република Македонија и г-ѓа Маријана Опашинова, советник за мултилатерала.

Од 5 до 7 ноември во Тирана, Република Албанија учествуваше делегација на Собранието на Република Македонија на Конференција на тема: "Парламентарците против корупцијата". Делегацијата беше во состав: Веле Митаноски, Шеф на

Делегацијата, г. Блерим Беџети, г. Оливер Спасеновски, членови на Делегациата и г. Рецеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Во рамките на СОХ Програмата на Европскиот парламент за соработка со Собранието на Република Македонија, група од 15 државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија, предводена од Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, оствари студиска посета на Европските институции во Брисел од 5 до 8 ноември 2007 година. Делегацијата беше на составена: г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, г. Весел Весељи, дравен совеник за јавни дејности, г-ѓа Љиљана Ивановска, раководител на Секторот за законодавство, г. Фелек Касами, помошник раководител на Секторот за истражување и анализа, г-ѓа Марија Алексовска, помошник раководител на Секторот за работни тела, г-ѓа Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка, г-ѓа Василка Илиевска, раководител на Одделението за јавни дејности, г-ѓа Јасминка Перчинкова, раководител на Одделението за политички систем, г-ѓа Даниела Велковска, раководител на Одделението за економски, г. Димитрија Велков, советник на Комисијата за одбрана, г. Слободан Кузмановски, советник на Комисијата за надзор над работа на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, г-ѓа Лиднита Ахмед Јашари, советник на Комисијата за култура, г. Глигор Стоименов, советник во Кабинетот на претседателот на Собранието, г-ѓа Станислава Гоговска, помлад соработник во Секторот за меѓународна соработка и г. Драган Пулевски, помлад соработник во Одделението за економски систем.

7. ODBELE@UVAWE NA ZNA^AJNI NASTANI VO SOBRANIETO NA RM

7.1.Meјunarodna aktivnost i protokolarni sredbi



7.2.Sve~eni izjavi

Свечена изјава на **г. Љупчо Шврговски,** јавен обвинител на Република Македонија
Свечена изјава на **г. Џелил Бајрами,** министер за животна средина и просторно планирање на Република Македонија
Свечена изјава на **г. Имер Алију,** министер без ресор во Владата на Република Македонија
Свечена изјава на **г. Арификмет Џемаили**, министер за култура на Република Македонија
Свечена изјава на **г. Димитар Гогов**, вицегувернер на Народна Банка на Република Македонија
Свечени изјави на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата (вкупно 7)
Свечена изјава на **г. Мемети Абдираман**, министер за локална самоуправа на Република Македонија
Свечена изјава на **г-ѓа Лина Петровска**, член на судски совет на Република Македонија
Свечена изјава на г. **Љубомир Богески**,член на судски совет на Република Македонија
Свечена изјава на **г. Бујар Сабриу,** член на судски совет на Република Македонија
Свечена изјава на **г. Ментор Ќоку**, член на судски совет на Република Македонија
Свечена изјава на **г. Благој Зашов,** потпретседател на Собранието на Република Македонија
Свечена изјава на **г-ѓа Тања Таневска**, државен ревизор на Државниот завод за ревизија на Република Македонија
Свечена изјава на г. **Насер Хаџи Ахмет Агиќ,** член на судски совет на Република

Македонија

7.3.Me|unarodni konferencii,manifestacii, godi{nini, sve~enosti i seminari

Одбележување на традиционалниот карневал во Вевчани
Трет состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и ЕУ
Промоција на водичи за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
Семинар "Прашања на Ромите во Република Македонија: Недостиг на знаење или недостиг на политичка волја";
Одбележување на Глобален ден на изборите
Конференција посветена на "Охридски рамковен договор";
Одбележување на меѓународниот ден на Франкофонијата
Церемонијална манифестација на потпишување на донаторски пристапници кон Фондот на децата на бранителите
Промоција на книгата "Жените во небезбедниот свет";
Семинар на тема: "Жените градат безбедност";
Промоција на книгата "Збирка поезија" од Александрос Панагулис
Трибина на европско движење
Одбележување на Денот на Европа и европското помирување
Одбележување на Манифестацијата "Македонија во чест на Свети Кирил" во Рим, Република Италија и Ватикан
Покровителство на г. Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија на Меѓународна конференција во организација на Паневропска Унија
Петти интернационален дебатен турнир "Македонија опен";
Тркалезна маса на тема: " Правни стандарди и најдобра практика за надзор над разузнавачките агенции - тековни предизвици и следни чекори".
Регионална работилница на тема: "Прилагодување на стручното образование и обука кон потребите на пазарот на трудот";
Потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Стопанска Комора на Македонија и Собранието на Република Македонија;
Покровителство на г. Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија на традиционалната културна Манифестација "Галичка свадба";
Македонски демократски Форум во организација на Intern Alumni (Асоцијација на поранешни практиканти од Собранието на Република Мкаедонија од првата генерација од 1999-2000 година, па до последната генерација од 2006-2007 година);

Конференција на здруженија на граѓани политички прогонувани, затворани и осудувани
Конференција " Еднакви можности и за жените Ромки ";
Средба на ИППЛГ - за заштита на инвалидизирани лица;
Работилница на тема: "Внатрешна комуникација", во организација на Националниот институт за надворешни работи во соработка со Клубот на жени парламентарки;
Тематски брифинг на тема: "Имплементација на бесплатните гинеколошки прегледи", со Министерот за здравство, Директорот за здравствено осигурување и претставници на релевантни невладини организации за членките на Клубот;
Одбележување на 104 та годишнина од Илинденското востание и Крушевската Република
Покровителство на г. Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија на "Илинденски марш";
Покровителство на г. Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија на фестивалот на народни песни и игри "Илинденски денови"
Семинар за информирање и соработка на Европскиот Парламент со Собранието на Република Македонија;
Семинар на тема :" Улогата на Парламентот и евроатланските интеграции ";
Работилница:"Унапредување на процесот на реформата на економското законодавство во Република Македонија";
Светска Конференција за меѓу религиски и меѓуцивилизациски дијалог
Свечено предавање на предлог Буџет за 2008 година
Семинар на тема:" Парламентарна контрола врз разузнавачките служби и кризниот менаџмент";
Зелен центар - По повод меѓународниот ден за борба против климатски промени;
Конференција на држави од Југоисточен Балкан во организација на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност

7.4.Dodeluvawe na godi{ni nagradi

Доделување на наградата "Гоце Делчев"
Доделување на државната награда " Мајка Тереза "
Доделување на државната награда " 11 Октомври "
Доделување на државната награда " 23 Октомври "
Доделување на државната награда "Св. Климент Охридски"

Доделување на државната награда "Мито Хаџи Василев Јасмин"

8.JAVNOST VO RABOTATA NA SOBRANIETO

8.1.SOBRANISKI TV KANAL

Собранискиот канал емитува програма во траење од 14 часа дневно (од 10.00 до 24.00) но, по потреба, времетраењето на емитување на програмата се продолжува и до подоцна, доколку пленарните седници на Собранието траат подолго, или пак, доколку снимките од седниците на собраниските комисии се емитуваат и по овој термин.

Својата правна заснованост Собранискиот канал ја има во член 117 став 6 и став 7 од Законот за радиодифузна дејност ("Службен весник на Република Македонија " број 100/2005) според кој "МРТ обезбедува програмски сервис, исклучиво наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија".

Во член 3 од Спогодбата за заедничко користење на основната мрежа на ЈП МРТ за пренесување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, склучена помеѓу Претседателот на Советот на Собранискиот канал и Работоводниот орган на МРТ (двајца извршни директори) децидно е наведено: " Во време кога нема активности во Собранието на Република Македонија и додека не се создадат сите со закон предвидени услови за емитување на програмскиот сервис од член 1 од Спогодбата, МРТ на мрежата ќе емитува содржини од сопствено производство и обработена програма. Во тој случај, емитувањето ќе се врши со идентификациски знаци на МРТ, како комплементарен сервис. Програмската одговорност за емитување на содржините од сопствено производство и за обработената програма ја има МРТ".

Покрај директните преноси на пленарните седници на Собранието на Република Македонија, на Собранискиот канал, се емитуваат снимки од активностите на работните тела (постојани или привремени комисии), а се емитуваат и преноси или снимки од други активности што се одвиваат во Собранието на Република Македонија (Меѓународни конференции, посети на официјални странски делегации, активности на невладини организации, на Клубот на жени-пратенички, прес-конференции на пратенички групи или на пратеници и.т.н.).

На овој начин се остварува основната функција на Собранискиот канал – јавност во работењето на пратениците во Собранието на Република Македонија, со што, нивната работа се става на увид на оние кои им го дале мандатот, односно, граѓаните (избирачите) на Република Македонија.

Во периодот од 01.01.2007-ма година до 31.12.2007-ма година на Собранискиот канал беа пренесувани вкупно 210 преноси од Собранието на Република Македонија, во траење од 49245 минути; 131 снимка од седници на собраниските комисии и 88 преноси и снимки од други настани што се случувале во Собранието (прес-конференции, изјави, пригодни обраќања и сл.) со вкупно траење од 67836 минути.

Во текот на 2007-ма година беа пренесувани директно и беа емитувани снимки и од активностите во Собранието на Република Македонија по повод Меѓународниот ден на франкофонијата, Меѓународната конференција на тема: “Охридскиот рамковен договор – чекор напред“, “Денови на отворен Парламент”, промоција на Канцеларијата за контакт помеѓу Собранието и НВО и.т.н.

Во делот од програмата кој сега е во надлежност на уредувачката политика на МРТ (значи, кога нема активности во Собранието на РМ) беа пренесувани 3 отворени седници на Владата на Република Македонија и две прес-конференции, во траење од 1239 минути.

Преку интернет беше пренесен почетокот на судењето на Љубе Бошкоски во Хаг.

Евидентирани се 241 преноси и снимки од спортски натпревари.

Согласно Спогодбата, во време кога нема активности во Собранието (пред почетокот на седниците, како и за време на паузите) МРТ емитува програма од сопствено производство и обработена програма.

8.2. Elektronska komunikacija

Секојдневно се ажурира содржината на WEB страницата со најнови информации, соопштенија и најави на претстојните активности на Собранието

Собрание
на Република Македонија
ЗАКОНОДАВСТВО
ПРАТЕНИЦИ
РАБОТНИ ТЕЛА
ДЕЛЕГАЦИИ
НОВОСТИ
АКТИВНОСТИ
ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА
ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ
СТЕНОГРАМИ
ПРИМЕНИ МАТЕРИЈАЛИ
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ПОДНЕСУВАЊЕ АМАНДМАН
КОНТАКТИ
СЛУЖБА
ИНФО МАТЕРИЈАЛИ
ВРСКИ
ENGLISH
Новости >>
НАЈАВА
за Трет состанок на Мешовит парламентарен комитет Република Македонија и Европска унија
документ
[26.01.2007]
НАЈАВА НА АКТИВНОСТИ
на Собранието на Република Македонија за периодот од 26.-29.01.2007 година
документ
[26.01.2007]
Архива >>
Предлог деловник
Забелешки НДИ
Забелешки ЛП,
Забелешки,
[24.01.2007]
Прелог деловник
Забелешки ДОМ
Забелешки СП,
Стенограм од првата средба на координаторите на ПГ за деловникот одржана 11.01.2007,
[16.01.2007]
Предлог деловник
Предлог деловник
Забелешки ВМРО-НП,
Забелешки СДСМ,
Забелешки ЛДП,
Забелешки ДУИ - ПДП
[16.01.2007]

Целосната транспарентност во работата на Собранието се огледува и преку содржината на WEB страницата која секојдневно се збогатува со нови податоци.



ПРЕБАРУВАЊЕ
ПО СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ





ДНЕВНИ РЕДОВИ НА СЕДНИЦИ СО ЛИНКОВИ ДО АКТИТЕ КОИ СЕ РАЗГЛЕДУВААТ И ГЛАСАЊАТА ПО ТОЧКИТЕ ОД ДНЕВНИОТ РЕД

Собрание на Република Македонија

ЗАКОНОДАВСТВО | ПРАТЕНИЦИ | РАБОТНИ ТЕЛА | ДЕЛЕГАЦИИ

НОВОСТИ
АКТИВНОСТИ
ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА
ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ
› 2006-2010
› 2002-2006
СТЕНОГРАМИ
ПРИМЕНИ МАТЕРИЈАЛИ
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ПОДНЕСУВАЊЕ АМАНДМАН
КОНТАКТИ
СЛУЖБА
ИНФО МАТЕРИЈАЛИ
ВРСКИ
ENGLISH

ЗАКАЖАНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

29 седница на Собранието	18.01.2007
23 седница на Собранието	26.12.2006

НЕЗАВРШЕНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

28 седница на Собранието	26.01.2007
26 седница на Собранието	24.01.2007
21 седница на Собранието	20.12.2006
20 седница на Собранието	19.12.2006
24 седница на Собранието	13.12.2006
16 седница на Собранието	13.12.2006
14 седница на Собранието	30.11.2006

28 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дневен ред — гласање

1. Предлог на закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост; — гласање
2. Предлог на закон за изменување на Законот за домување, со Предлог на закон; — гласање
3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон; — гласање
4. Предлог за донесување на закон за технолошки индрустриски развојни зони, со Предлог на закон. — гласање
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, со Предлог на закон; — гласање
6. Предлог за именување генерален секретар на Собранието на Република Македонија; — гласање
7. Предлог за именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата; — гласање
8. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател, член и заменик-член на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката; — гласање
9. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни — гласање

```
CDS200 Резултати од гласање;  2007/01/26;  12:06
Гласање број; 0009
Гласање :: Јавно
Точка за гласање;

    Присутни;   84
          За;   65
    Воздржан;    0
      Против;    0
      Вкупно;   65

0001; AVIROVIKJ VLADANKA.......; 0001; Не гласал
0002; ADEMI DZEVAT.............; 0001; Не гласал
0003; AJDINI NASER.............; 0001; + ( За )
0004; ALITI RAFIZ..............; 0001; Не гласал
0005; ANASTASOVSKI IVAN........; 0001; Не гласал
0006; ANDOV STOJAN.............; 0001; Не гласал
0007; ARIFI TEUTA..............; 0001; Не гласал
0008; AHMETI ALI...............; 0001; Не гласал
0009; BENDEVSKA VESNA..........; 0001; + ( За )
0010; BEDZETI BLERIM...........; 0001; Не гласал
0011; BOZINOVSKA VALENTINA.....; 0001; Не гласал
0012; BONEVA SILVANA...........; 0001; + ( За )
0013; BUCKOVSKI VLADO..........; 0001; Не гласал
0014; BUDZAKU AGRON............; 0001; Не гласал
0015; VEJSELI ABDULADI.........; 0001; Не гласал
0016; VELIU FAZLI..............; 0001; Не гласал
0017; VELJANOVSKI TRAJKO.......; 0001; + ( За )
0018; VITANOV ZORAN............; 0001; + ( За )
0019; GEORGIEVSKI LJUBISHA.....; 0001; + ( За )
0020; GEORGIEVSKI LJUBCHO......; 0001; Не гласал
0021; GERAMITCHIOSKI TALE......; 0001; + ( За )
0022; GESTAKOVSKI KIRE.........; 0001; Не гласал
0023; GINEV JOVAN..............; 0001; + ( За )
0024; GRKOVSKA SLAVICA.........; 0001; Не гласал
0025; GROZDANOV CVETKO.........; 0001; + ( За )
```

РЕЗУЛТАТИ ОД ГЛАСАЊЕ

28 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Предлог на закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;

Да се Донесе по Итна Постапка	Предлог од Влада	документ
Предлог на Закон		документ

МОЖНОСТ ЗА УПАТУВАЊЕ НА АМАНДМАНИ

НОВОСТИ
АКТИВНОСТИ
ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА
ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ
СТЕНОГРАМИ
ПОДНЕСУВАЊЕ АМАНДМАН
КОНТАКТИ
СЛУЖБА
ИНФО МАТЕРИЈАЛИ
ВРСКИ
ENGLISH

ПОДНЕСУВАЊЕ АМАНАДМАН

Начинот на поднесувањето на амандмани на Предлог за изменување или дополнување на предлог на закон е регулиран во Деловникот на Собранието на РМ.

Согласно Деловникот, амандман може да поднесе секој пратеник, работно тело, Владата и најмалку 10.000 избирачи.

Се наоѓате на делот на WEB страната на Собранието на РМ преку кој ви се овозможува да упатите амандман на одреден Предлог за изменување или дополнување на предлог на закон. Амандманот кој ќе го упатите, согласно Деловникот, нема да влезе во собраниска процедура но, со неговата содржина, покрај јавното објавување, ќе бидат запознаени сите релевантни структури во Собранието на РМ.

Нов амандман | Преглед на досега упатени амандмани | Дел од Деловникот кој се однесува на поднесување на амандмани

ПОДНЕСУВАЊЕ АМАНАДМАН

Забелешка: Задолжително е пополнувањето на полињата означени со *. Во спротивно амандманот нема да биде регистриран.

До
Претседателот на Собранието на Република Македонија

* Амандманот се однесува на Предлог-законот за

* Амандман

* Образложение

Предложениот амандман

- не бара
- бара

дополнителни финансиски средства

Финансиски средства може да се обезбедат од

ОТВОРЕНИ СЕ ЛИНКОВИ ДО КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА КОНТАКТ МЕЃУ НВО-и И СОБРАНИЕТО, ПОРТАЛ ПРАВО, Е-ИЗБИРАЧКИ СПИСОК И СОВЕТ НА ЕВРОПА

ПОБРЗ ПРИСТАП ДО НОВОСТАСАНИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОЕКТИ СЕ ОСТВАРУВА ПРЕКУ СТРАНАТА ЗА ПРИМЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

9.AKTIVNOST NA KLUBOT NA @ENI PRATENI^KI

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КЛУБОТ НА ЖЕНИ-ПРАТЕНИЧКИ

(декември 2006 - декември 2007 год.)

Клубот на жени-пратенички на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 14.02.2007 година го разгледа **Предлогот за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија**

На предлогот за донесување на деловникот на Собранието на Република Македонија Клубот на жени-пратенички предложи во втората фаза во постапката во донесувањето на деловникот членот 20 и членот 117 да се усогласат со Законот за еднакви можности.

Усогласување во смисол на тоа при изборот на претседател и потпретседатели на Собранието на Република Македонија, како и претседатели, нивни заменици, членови и нивни заменици на работните тела и парламентарните делегации за соработка да се води сметка за еднаква застапеност на жените и мажите.

Во пресрет на 8 Март - Меѓународниот ден на жените - на 7 март 2007 година во сала 2 во Собранието на Република Македонија**,** Министерството за труд и социјална политика - Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите, во чии рамки функционира и координативната канцеларија на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе во соработка со Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Владата на Република Македонија организираа информативна средба со Клубот на жени-пратенички во Собранието на Република Македонија на тема: **Активности кои се преземаат во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија.**

Учесници на средбата беа пратеници од Собранието на Република Македонија, а гости министерот за труд и социјална политика г. Љупчо Мешков, државниот секретар и координаторот на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција г. Гоце Џуклески и претставници на меѓународните организации ОБСЕ, Американската амбасада, ИОМ и УНИЦЕФ.

На 31 мај 2007 година, Националниот демократски институт за надворешни работи (НДИ) во соработка со Клубот на жени-пратенички организира тркалезна маса насловена **Анализирање на законодвството од родов аспект**.

На тркалезната маса свое излагање имаше г-ѓа Шармит Булте, поранешна пратеничка од канадскиот парламент, инаку соработничка на НДИ.

По излагањето на гостинката се разви плодна дискусија, при што пратеничките ги запознаа гостите со работата на Клубот и неговите достигнувања во изминатиот

период (**во буџетот е донесена ставка за борба против семејното насилство, ставка за бесплатно прегледување на дојката и матката за рано откривање на ракот**).

Се разговараше за Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените, за женското движење во Македонија, за семејното насилство и негово препознавање, за дискриминацијата и борба против неа, за борбата против трговијата со луѓе.

На тркалезната маса покрај пратеничките на Собранието на Република Македонија присуствуваа и гости вработени во НДИ Косово кои ја поздравија активноста на пратеничките.

Клубот на жени-пратенички на Собранието на Република Македонија во соработка со Националниот демократски институт за надворешни работи (НДИ) на 11 јули 2007 година, организира тематски брифинг: ***Имплементација на бесплатните гинеколошки прегледи*** на којшто учествуваше и министерот за здравство, г. Имер Селмани.

На оваа тематска средба Клубот на жени заедно со НДИ ја поддржа ***Кампањата за подигање на свеста на жените за избор на матичен гинеколог и превентивни бесплатни пап-тестови,*** што ја започна Министерството за здравство, и го означи почетокот на своето активно вклучување и делување во кампањата.

По остварената голема дебата во врска со начинот на кој Клубот на жени-пратенички на Собранието на Република Македонија ќе учествува во оваа кампања беа донесени следните Заклучоци: Клубот на жени-пратенички да се вклучи во целина во кампањата за подигање на свеста на жените за избор на матичен гинеколог и превентивни бесплатни пап-тестови; НДИ да ги стави на располагање канцелариите за комуникација со граѓаните и асистентите од истите за потребите на кампањата; Министерството за здравство со медицинските експерти да изврши обука на пратеничките и асистентите пред кампањата; Министерството за здравство да ја води целосно кампањата, со поддршка на клубот на жени-пратенички, НДИ и невладините организации за унапредување и статусот и положбата на правата на жените.

На 30 и 31 октомври 2007 година во Собранието на Република Македонија беа одржани работилници во рамките на проектот "Жените го можат тоа - јакнење на капацитетите на жените во парламентот", на тема Лобирање и застапување, во организација на Националниот совет на жените на Македонија - СОЖМ во партнерство со Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика, а поддржано од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

Во воведниот дел со свое излагање и осврт на значајноста на темата и поддршката на работата на избраните жени во Парламентот, до присутните се обратија: амбасадорката Наталија Дрозд, заменик-шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, претседателката на Клубот на жените парламентарки, г-ѓа Цветанка Иванова,

државниот советник во МТСП г-ѓа, Елена Грозданова, претседателката на Комисијата за еднакви можности во Собранието на РМ, г-ѓа Лилјана Поповска и г-ѓа Савка Тодоровска, претседателка на НСЖМ-СОЖМ.

Голем придонес во организацијата и поддршката на работилниците даде Клубот на жените парламентарки, со што покажа дека пратеничките во однос на родовата политика имаат усогласени ставови и дека се подготвени да се анимираат и во корелација со граѓанскиот сектор заеднички да работат на подобрување на законската регулатива и имплеметирање на постоечките законски одредби.

На темата на работилниците „Лобирање и застапување" презетираа г-ѓа Емина Нурединовска од МЦМС, која говореше за Поимите лобирање и застапување, како и за Граѓанското општество во Македонија, структура, околина, вредности и влијание, и г-ѓа Савка Тодоровска од СОЖМ, која на втората работилница се надоврза на Јавното застапување и кампањи, од аспект на учеството на пратеничките во процесите на лобирање за обезбедување еднакви права и можности за жените и мажите во структурите на општеството.

Во работната сесија предвидена за прашања и дискусија, пратеничките покажаа голем интерес да проговорат и дискутираат на теми поврзани со родовите прашања од аспект на лобирањето и застапувањето на истите во Парламентот, со цел да се подобри законската регулатива по прашањата на еднаквите права и можности на жените и мажите во сите сегменти од општествениот живот.

Некои од препораките донесени врз основа на дискусијата на пратеничките на зададената тема се: Понатамошни заложби за дополнување на Изборниот законик со одредби за родови квоти; Лобирање на Клубот на жените Парламентарки за подобри решенија во однос на гендер компонентата во законската регулатива; Фокусот на вниманието да се насочи кон економското јакнење на жените и развојот на жените во руралните средини; Поголема комуникација и соработка со граѓанските организации како линк помеѓу жените во локалните заедници и жените во парламентот; Ефективна и ефикасна работа на Клубот на жените Парламентарки и следење на имплементацијата на Законот за еднакви можности; Понатамошно лобирање за Членот 64 став 5 од Изборниот законик да остане непроменет.

Од 23 до 25 11 2007 година пратеничките беа во Маврово каде беше одржана работилница во рамките на проектот "Жените го можат тоа - јакнење на капацитетите на жените во парламентот", на тема „Вклучување на родовата перспектива во главните текови" (Gender mainstreaming), при што беа обработени следните теми: Механизми за воспоставување на родовата рамноправност на локално, национално и меѓународно ниво; Мапа за родова еднаквост; Вклучување на родовите перспективи во законската регулатива; Основни компоненти и механизми на вклучувањето на родовата

перспектива во главните текови, меѓународни искуства; Рамноправен наспроти ист пристап - корективен пристап или модел на суштинска рамноправност, кој не е засегнат само со подеднакви можности туку повеќе од правичност на резултатите; Вклучување на родовите перспективи на ниво на генералните политики и стратегии, системи и процедури и на ниво на секторски програми во рамките на институциите; Родово - сензитивни индикатори за следење и оценка; Концепти; Родово слепи политики, родово сензитивни политики родово редистрибутивни политики; Родовата анализа и родовото буџетирање како основна алатка на вклучувањето на родовата перспектива во главните текови.

На работилницата беа присутни и претставници од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, кои ги поддржаа проектните активности.

Учесничките на работилницата покажаа интерес за темите и подготвеност да дебатираат на прашања поврзани со родовата перспектива во Република Македонија. Се дискутираше за имплементацијата на Законот за еднакви можности, за механизмите за постигнување родова рамноправност на национално и на локално ниво и за многу други прашања и проблеми со кои се соочуваат жените а особено на полето на насилството, трговијата со луѓе, во текстилната индустрија, здравството, на пазарот на трудот, а се проговори и за жените во руралните подрачја.

Се истакна потребата од усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија, од аспект на родовата еднаквост до 2010 год.

На работилницата стана збор и за донесувањето на Законот за антидискриминација, кој е веќе во постапка.

Врз основа на дискусијата на пратеничките може да се издвојат следниве заклучоци: Да постои координирана соработка и распределба на ингеренциите помеѓу Клубот на жените парламентарки, Секторот за еднакви можности и Комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Македонија; Лобирање и поголеми заложби на жените Парламентарки за подобри решенија во однос на гендер компонентата во законската регулатива; Клубот на жените парламентарки да се официјализира (своја канцеларија, лице кое ќе ги координира активностите, и минимум средства за работа), и да подготви стратегија и програма за работа; Следење на имплементацијата на законските одредби кои ја вклучуваат родовата компонента и подготовка на извештаи за резултатите и постигнувањата.

На 21.12.2007 година во Собранието на Република Македонија беше одржана работилница во рамките на проектот "Жените го можат тоа - јакнење на капацитетите на жените во парламентот", на тема "Корелација помеѓу националната законска регулатива со европската легислатива и интернационалните документи кои се однесуваат на родовата рамноправност", во организација на Националниот совет на

жените на Македонија - СОЖМ во партнерство со Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика, а поддржано од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

На работилницата беа обработувани следните теми: Презентација - Националната регулатива од аспект на родовата рамноправност (посебен осврт на Националниот план за акција за родова рамноправност); Преглед на Интернационалните документи кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите; Прашања и дискусија (приоритети, предлози и потреби за измени и дополнувања на законската регулатива, можности за инкорпорирање на родовиот концепт во законската регулатива во РМ, почитување и имплементација на законските одредби).

На работилницата беа присутни и претставници од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, кои ги поддржаа проектните активности.

Пратеничките покажаа интерес за темите и подготвеност да дебатираат на прашања поврзани со родовата перспектива во Република Македонија. Воедно, водеа конструктивна дискусија од која може да се сублимираат неколку подрачја како идни приоритети:

- Да се донесе посебен закон за семејното насилство;
- Да се имплементира Законот за еднакви можности;
- Да се иницираат промени во Законот за социјална заштита;
- Да се обезбеди родов баланс во исплатата на платите во поедини професии;
- Да се проучат можностите за користење на Европските фондови со цел да се преземат мерки за подобрување на економската состојба на жените;
- Да се зголеми функционалноста на Клубот на жените пратенички (редовни средби, активна партиципација од сите пратенички, програма и стратегија за работа, финансии и сл.).

Клубот на жени-пратенички поднесе амандмани за Правилата на Процедурата, со цел промена на статусот на клубот во формално тело на Собранието со право да ги користи услугите кои ги пружаат вработените во собранието, но со свој посебен буџет.

10. AKTIVNOSTI NA NEVLADINITE ORGANIZACII VO SOBRANIETO NA REPUBLIKA MAKEDONIJA

10.1. Активностите на канцеларијата за контакт помеѓу невладините организации и Собранието на Република Македонија

КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

КАНЦЕЛАРИЈА
ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи
И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

Канцеларијата за контакт помеѓу НВОи и Собрание на Р Македонија е успешна алатка за лобирање и застапување.

Има за цел поврзување на граѓанските организации и граѓаните со законодавните тела во македонскиот Парламент и притоа користење на целиот ресурс на цивилниот сектор со сите релевантни препораки и заклучоци, истражувања, се со цел да се зголеми влијанието во процесот на креирање политики и донесување одлуки.

Канцеларијата за контакт помеѓу НВОи и Собрание на Р Македонија е проект на Граѓанска асоцијација МОСТ, кој што се реализира во соработка со Собрание на Р Македонија.

Оваа канцеларија е дел од програмата Отворени институции, која ја спроведува Граѓанската асоцијација МОСТ, а чија основна цел е зголемување на одговорноста на цивилните, политичките и владините институции кон потребите на граѓаните.

Канцеларијата за контакт е во вистинска смисла сервис на граѓаните, но и на пратениците. Пратениците овде можат да добијат повеќе информации од граѓанските организации во секојдневните подготовки на пратеничките активности, со посебен акцент на законските решенија.

Граѓанските здруженија овде можат да ги добиваат сите потребни материјали за работата на Собранието и да ги доставуваат своите предлози. Една од целите е Канцеларијата да послужи и како место за состаноци на пратениците и невладините организации.

Канцеларијата е постојано отворена за сите заинтересирани, и за тие кои што доаѓаат во просториите, и за оние кои преку веб адресите 24 часа сакаат да бидат на директна линија и комуникација со Собранието на Р Македонија.

ЦЕЛИ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА

- Институционализирање на соработката помеѓу Собранието и граѓанските организации;
- Поврзување на граѓаните со законодавните тела, во насока на зголемување на инпутот од цивилниот сектор во процесите на донесување одлуки;
- Обезбедување на релевантни податоци неопходни за остварување на интензивен дијалог помеѓу Собранието и цивилниот сектор, со употреба на сите комуникациски средства.

РАСПОЛОЖЛИВИ РЕСУРСИ

- Сопствена библиотека, каде секој граѓанин ќе може да ги најде законите донесени од Собранието на Р. Македонија, законите од соседните земји и земјите од Европската Унија, исто како и други корисни материјали;
- Сопствена интернет страна каде што се сместени сите материјали од библиотеката, како и секојдневни информации за активностите на Собранието;
- Можност за on-line контакт, каде цивилниот сектор би доставувал предлози за измени и дополнувања на законите;
- Компјутери за јавна употреба, каде што заинтересираните граѓани и членови на граѓански организации можат да ги подготвуваат своите материјали;
- Канцеларијата е технички опремена што овозможува брз проток на информации.

Во рамките на Канцеларијата се спроведуваат повеќе проекти:

- ***Мобилен Парламент***- јавни средби на пратеници од различни пратенички групи, претставници на локаната самоуправа и граѓаните, во сите изборни единици, на теми актуелни за подрачјето каде што се одвива средбата.

Мобилен Парламент е започнат да се реализира во 2004 година, а до крајот на февруари 2008 година треба да заврши четвртата фаза од неговата имплементација. Заклучно со декември 2007 година, реализирани се вкупно 75 средби на пратениците и граѓаните на кои присуствувале 170 пратеници (од двата собраниски состава; 2002- 2006 и 2006- 2010) и повеќе од 2885 граѓани и претставници на НВОи.

Од наведените, во периодот јануари- декември 2007 реализирани се 21 јавна средба, на кои присуствувале 45 пратеници и повеќе од 750 граѓани и претставници на НВОи. До крајот на февруари 2008 година останува да се реализираат уште 12 средби.

- ***www.pravo.org.mk***- бесплатен сервис за граѓаните и граѓанските организации, каде можат да се најдат:

  - ***закони донесени во Р Македонија***- базата содржи вкупно 678 закони, донесени од страна на Собранието на Р Македонија, како и 836 измени и дополнувања на истите
  - ***Меѓународни договори***- ратификувани од страна на Собранието на Р Македонија
  - ***26 анализи на закони***- кои биле на дневен ред за донесување во собранието на Р Македонија, со можност за коментари од страна на граѓаните
  - ***Судска пракса од Врховниот суд на Р Македонија***- 165 пресуди се дел од базата
  - ***70 одлуки на Врховен суд на Р Македонија***
  - **110 новости**- кои се однесуваат на законодавството и правната регулатива
  - **пребарувач за одлуките на Европскиот суд за човекови права-** кој содржи 1565 пресуди
  - **линк до правната регулатива на Европската унија** (Eur- Lex).

Интернет страната на Правниот ресурсен центар (www.pravo.org.mk) во текот на 2007 година била посетена 115 932 пати.

- ***Мојот пратеник***- мониторинг на работата на пратениците и Собранието на Р Македонија

Проектот Мојот пратеник е алатка преку која на граѓаните им се презентираат информации за работата на пратениците, присуствата и отсуствата на седници, бројот на поставени пратенички прашања и сл. При тоа, Граѓанската асоцијација МОСТ ги претставува официјалните податоци добиени од Собранието на Р Македонија, без да ги анализира или коментира истите.

Првиот и вториот извештај за работата на пратениците беше инсертиран во дневните весници во 60.000 примероци на крајот на февруари 2007, односно на почетокот на октомври 2007 година. За потребите на проектот се спроведува и истражување, чија цел е да се види колку граѓаните се запознаени со работата на Собранието, Собраниските комисии и работата на пратениците.

Проектот Мојот пратеник се спроведува на база на потпишан Меморандум за соработка помеѓу МОСТ и Собрание на Р Македонија, кој што е продолжен и за наредната 2008 година.

Мониторинг на работата на Канцеларииите за комуникација на пратениците со граѓаните – започнат во август 2007 година

Отворањето на Канцеларии за комуникација на пратениците со граѓаните е проект на НДИ, а мониторингот на работата на канцеларииите ќе го работи МОСТ преку Канцеларијата за контакт помеѓу НВОи и Собрание на Р Македонија. Во тек е отворање на канцеларииите во општините од каде што се избрани пратениците, а периодот август – декември 2007 беше искористен за развивање на методологија за мониторинг.

Покрај наведените проекти, секојдневните редовни активности на Канцеларијата за контакт се состојат од средби со граѓани и граѓански организации, закажување и организирање на состаноци помеѓу пратениците и заинтересирани групи, организирање на јавни расправи, сослушувања и сл.

Статистиката за редовните активности на Канцеларијата го говори следново:

Активност	
Број на барања од НВОи/ граѓани до Канцеларијата за средба со пратеник	7
Број на граѓани кои ги користеле услугите на Канцеларија	23
Број на НВОи кои ги користеле услугите на Канцеларија	43
Број на иницијативи од граѓани/ НВОи поднесени до Собранието на РМ	2
Присуства на седници на комисиите во Собрание на РМ	6
Број на настани/ дебати/ сослушувања организирани од	4

Канцеларијата за контакт помеѓу НВОи и Собрание на Р Македонија, заедно со Европскиот центар за непрофитно право (ECNL) од Будимпешта и Одделението за соработка со невладините организации при Генералниот секретаријат на Владата на Р Македонија, во декември организираше **Конференција на тема: "Учество на граѓаните и граѓанските организации во процесите на креирање политики и донесување одлуки".** На конференцијата покрај претставници на невладиниот сектор, присуствуваа и пратеници, вработени во службите на Собранието и Владата на РМ, претставници на Министерствата и експерти. Конференцијата беше одлична можност да се слушнат странските искуства, но и да се продискутираат состојбите во Р Македонија, како и да се дефинираат правци за понатамошна работа.

Во рамки на работата на Канцеларијата спаѓа и подготовката и изработката на стенограмите од одржаните собраниски седници, како поддршка на проектот е-Собрание, што го реализира Собранието на Р Македонија. Во текот на 2007 година изработени се 3.252 страници на стенограмите.

Канцеларијата за контакт е отворена од страна на **Граѓанска асоцијација МОСТ** во соработка со **Собрание на Р Македонија,** а секојдневните активности се менаџирани од страна на МОСТ. Намерата е, во блиска иднина, оваа канцеларија која сега се наоѓа одвоено (но во непосредна близина) од Собранието, да помине во неговите простории и да биде дел од секторите во самото Собрание на Р Македонија.

Функционирањето на канцеларијата е потпомогнато и поддржано од Balkan Trust for Democracy и Swedish Helsinki Committee.

10.2. Aktivnostite pome|u NDI i Sobranieto na Republika Makedonija

Извештај за работата на Националниот демократски институт за ндаворешни работи (НДИ) со Собранието на Република Македонија за периодот јануари - декември 2007 година

мај – август 2007 Консултации со пратениците за новиот предлог деловник за работа на Собранието на Република Македонија.

31 мај 2007 Работен ручек на Претседателството на Клубот на жени пратенички со г-ѓа Шармит Булте (поранешна пратеничка во Канадскиот парламент)

31 мај 2007 Работилница на тема „Анализирање на законодавството од родов аспект„ на Клубот на жени пратенички со г-ѓа Шармит Булте (поранешна пратеничка во Канадскиот парламент)

20-23 јуни 2007 – Посета на директорот на одделот за добро владеење на НДИ, Џон Џонсон, раговори со Претседателот на Собрание на Република Македонија, Генералниот Секретар на Собрание на Република Македонија и Пратенци на Реформи на Деловникот на Собранието на Република Македонија; Ефективно менаџирање со човекови ресурси; Основни елементи за ефективна работа на комисиите.

27 јуни 2007 Церемонија на потпишување на меморандум за соработка меѓу проектните партнери НДИ, Собранието на Република Македонија и ЗЕЛС за зајакнување на комуникацијата со граѓаните

10 јули 2007 Работилница на тема „Внатрешна комуникација„ на Клубот на жени пратенички со г-дин Дејл Арчер (виш програмски офицер во НДИ Косово)

11 јули 2007 Тематски брифинг на тема „Бесплатни гинеколошки прегледи за сите жени во Република Макеоднија – успешна имплементација и чекор понатаму„ на Клубот на жени пратенички со Министерот за здравство, директорот на Фондот за здравство, директорот на Клиниката за гинекологија и претставници на невладините организации

јули 2007 – НДИ помогна во изготвуваното заедно со службите на Собранието на Република Македонија на амандмани за новиот предлог деловник за работа на Собранието на Република Македонија кои беа предложени и поддржани од група на пратеници од различни политички партии

Септември 2007 Состанок за известување со претставници на Клубот на жени пратенички во врска со нивната посета на САД

25-27 септември 2007 – Академија за комуникација со граѓаните

ноември 2007 – интервјуа со координатори на пратенички групи, пратеници и раководителите на секторите за поддршка на Програмата за практиканти во Собранието

ноември 2007 – Промоција на прирачникот за одржување на јавни расправи

30 ноември – 2 декември 2007 – Симулација на јавни расправи со пратеници и службата на Собранието на Република Македонија

4-6 декември 2007 – Академија за комуникација со граѓаните

Зајакнување на комуникацијата со граѓаните

Од почетокот на 2007 година НДИ продолжи со активности за рестартирање на проектот Канцеларии за комуникации со граѓаните.

Во партнерство со Собранието на Република Македонија и ЗЕЛС, НДИ започна со отворање на 65 Канцеларии за комуникација со граѓаните во вкупно 38 општини низ целата територија на Република Македонија. Во таа насока, на 27 јуни 2007 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу проектните партнери.

Со овој меморандум се обезбедија две клучни придобивки,првата е долгорочноста на проектот преку фазното преземање на финансиските обврски од страна на Собранието на Република Македонија а втората е лоцирањето на канцеларииите во неутрални, општински простории.

Финансиран од Швајцарската агенција со соработка и развој (SDC) и поддржан од УСАИД проектот овозможува да ниту еден граѓанин на Република Македонија не е на подалеку од 30 км од канцеларија во која ќе може да комуницира со своите избрани претставници.

НДИ во соработка со координаторите на пратеничките групи, преку јавен и транспарентен процес ангажираше 65 Асистенти во горенаведените канцеларии кои ќе работат минимум 5 часа во денот и 5 дена во текот на неделата додека пратениците ќе присуствуваат во канцеларииите еднаш неделно.

Исто така, НДИ организираше две консекутивни Академии за комуникација со граѓаните на кои ангажираните асистенти беа обучени за извршување на активностите во Канцеларииите. Ова заедно со техничката опрема обезбедена од НДИ како и основниот мебел во канцеларииите обезбеден од соодветните општини ги создаде потребните услови за ефективно функционирање на канцеларииите. НДИ во соработка со своите партнери подготвува медиумска кампања која ќе биде имплементирана во почетокот на 2008 година.

НДИ е сигурен дека воведените новини многукратно ќе го зголемат ефектот на Канцеларииите за комуникација со граѓани и ќе допринесат кон понатамошно зајакнување на парламентарната демократија во Република Македонија.

Зајакнување на законодавниот процес

НДИ произведе и промовираше прирачник за одржување на јавни расправи кој е трет во серијата прирачници насловени Служба и отчетност, со посебно внимание на аспектите на добро владеење. Овој специфичен прирачник, Служба и отчетност – Прирачник за јавни расправи е наменет за користење од страна на претседателите, членовите и советниците на собраниските комисии, со цел да им се помогне во организацијата и водењето на ефективни јавни расправи. Прирачникот беше развиен во соработка со канцеларијата на претходниот и сегашниот Претседател на Собрание и од минати и сегашни претседатели на собраниски комисии. Прирачникот се заснова на досегашните искуствата на НДИ, на соработката со Собранието, на принципите на јавни расправи и на најдобрите европски, американски и светски практики. Оваа публикација е навистина корисно помошно средство кое заедно со придружното ЦД овозможува практична примена на урнеци посебно развиени за оваа намена.

НДИ помогна во припремувањето на амандмани за предлог-Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Овие амандмани се поддржани од група на пратеници од различни политички партии и етнички заедници, како и од НДИ. НДИ верува дека усвојувањето на овие амандани ќе овозможат институционализирање на јавните расправи во комисиската работа.

Во текот на ова лето персоналот на НДИ Македонија и НДИ Црна Гора работеа заедно на создавањето на вежбовен пакет, Симулацијата за јавни расправи што е соодветно продолжение на промоцијата на публикација на НДИ „Служба и отчетност – Прирачник за јавни расправи“. Тоа што беше создадено е едно од најдинамичните, иновативни и предизвикувачки вежбовни пакети што НДИ ги создал. По поминати два месеци од создавањето, симулацијата на реален начин ги истражува извршните и раководни процеси поврзани со јавните расправи.

Симулацијата за јавни расправи одржана во Охрид беше значителен успех. Пратениците и парламентарните служби го оценија пакетот како многу корисна активна вежбовна алатка за водење на јавни расправи но и можност за размена на мислења и искуства во околности вон секојдневните предизвици.

Во Охрид се придружија и три професионалци од службата на Конгресот на САД, експерти за процесот на јавни расправи. Тие земаа целосно учество во случувањата за време на викендот како законодавни експерти и пружаа помош и консултации за потребите на комисиите и политичките партии за време на симулацијата. Тие исто така учествува во куси и неформални дискусии во врска со јавните расправи. Регионалниот Директор на НДИ, Роберт Бенџамин, како и претставници од екипата на УСАИД за Демократија и владеење беа исто така присутни.

Интервјуа со пратеници и шефови на секторите за поддршка на Програмата за практиканти во Собранието

Во периодот помеѓу 2 и 21 ноември 2007 година, НДИ во склоп на нејзиниот проект за зајакнување на демократското наследство спроведе 17 интервјуа со координатори на пратеничките групи, пратеници и раководителите на административните сектори во Собранието. Интервјуата беа спроведени со цел да се утврди степенот на поддршка на Програмата за практиканти во Собранието, аспектите на моменталната добра практика и областите кои треба да се подобрат во поглед на идното спроведување на Програмата. Реализацијата на интервјуата ни овозможи да добиеме информации за барањата на пратеничките групи и на собраниските служби во однос на профилот и бројот на следната генерација на практиканти.

11.SLU@BA NA SOBRANIETO

11.SLU@BA NA SOBRANIETO

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, службата на Собранието ги врши стручните и другите работи за потребите на Собранието, собраниските работни тела и за пратениците.

Во извештајниот период, службата на Собранието на Република Македонија настојуваше стручно, професионално, навремено и одговорно да ги изврши поставените задачи, кои произлегуваа, првенствено, од делокругот на нејзината работа, но и од потребите на пратениците, од соработката со надлежните државни органи и институции во земјата и од барањата на меѓународната заедница.

Во мај 2003 година, врз основа на Законот за државни службеници (донесен во јули 2000 година), беа донесени внатрешните акти за организација и систематизација, со што, за прв пат, вработените во службата се здобија со статус на државни службеници. Службата, организационо и функционално, беше поставена според современи стандарди кои претпоставуваа квалитетно и ефикасно извршување на поставените задачи, раководејќи се притоа, од принципите на деполитизираност, професионалност и непристрасност во работата. Со воведувањето на новиот систем на контрола, оценување и наградување, се обезбеди пообјективно вреднување и стимулација на стручноста, креативноста, иницијативноста и одговорноста во работењето.

Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и делокруг и со Правилникот за систематизација на работните места во службата.

Со стручната служба на Собранието раководи Генералниот секретар **г-дин Жарко Денковски**, а негови заменици се **г-дин Вјекослав Ангеловски** и **г-дин Музафер Камбери.**

Државните советници ги вршат најсложените задачи од соодветната област, ја координираат работата на одделни организациони облици, предлагаат ставови по прашања од собраниска надлежност, и ги советуваат генералниот секретар и другите функционери за релевантни прашања.

Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работите и другите услови потребни за нивно вршење, во службата постојат следниве организациони облици: кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.

Кабинетот на претседателот на Собранието со две одделенија ги врши стручните и административно-техничките работи за потребите на претседателот на Собранието, вклучително координативните, консултативните, организационите и другите работи што произлегуваат од функцијата на претседателот и на потпретседателите на Собранието.

Секторот на генералниот секретар со седум одделенија ги врши нормативно-правните работи од делокруг на генералниот секретар, преведувачките, лекторските, протоколарните работи, како и оние што се однесуваат на кадровските прашања во Собранието, на канцеларијата на генералниот секретар и на внатрешната ревизија.

Секторот за законодавство со две одделенија, подготвува мислења по предлозите за донесување закони, нацртите и предлозите на законите и на другите акти што ги донесува Собранието, дава стручна помош на пратениците во подготвувањето на законите и другите акти и на амандманите и ги подготвува за објавување во "Службен весник на Република Македонија" текстовите на законите и на другите акти од областа на политичкиот систем, јавните дејности и економскиот систем.

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и други работи во врска со подготвувањето и реализацијата на седниците, како и работи што се однесуваат на пратеничките прашања.

Секторот за работни тела со четири одделенија, врши работи во врска со одржувањето на седниците на работните тела, обезбедува стручна помош на членовите на работните тела , подготвува извештаи, предлози на заклучоци и амандмани од седниците на работните тела по прашања од областа на политичкиот, економскиот систем и јавните дејности и разгледува прашања во врска со усогласеноста на законите со законодавството на Европската Унија.

Секторот за истражување и анализа со две одделенија, врши истражувања и подготвува анализи, информации и мислења во областите на политичкиот, економскиот систем и јавните дејности по прашања од надлежност и интерес на Собранието.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, помага во остварувањето на билатералната и мултилатералната соработка на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата.

Секторот за документација, библиотека и информатика е составен од шест одделенија и врши работи за обработка и чување на документационите материјали, унапредување на библиотечната дејност, функционирањето на информатичкиот систем и техниката на Собранието, за прашањата сврзани со публицистичката дејност и за остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиско- материјално работење со две одделенија, врши работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието.

Секторот за административни и општи работи со четири одделенија, врши административни, општи, инвестициони, технички работи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Програма за практиканти во
Собранието на Република Македонија

Во соработка со Националниот Демократски Институт од Вашингтон, во Собранието на Република Македонија, активно се спроведува Програмата за практиканти. Од 2005 година, со потпишувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу НДИ и Собранието на Република Македонија оваа програма во целост е во надлежност на Собранието на Република Македонија. Во изминатите шест години околу 250 студенти ја имаа можноста да практицираат во Собранието, при што со задоволство може да се констатира дека Програмата во целост го оправда нејзиното постоење. Интересот на студентите кои аплицираа на објавениот оглас беше исклучително голем, што зборува за квалитетот и оправданоста на оваа програма.

Во основа, програмата се заснива на волонтерска основа, со изнаоѓање на можности за минимален надомест од страна на Собранието во износ од 3000 денари месечно. Од досегашното искуство, може да се констатира дека практикантите имаа одговорен пристап кон поставените задачи за време на нивното практицирање и нивната голема желба за проучување на собраниското работење . По завршувањето на семестарот на практицирање студентите добиваат сертификат за нивниот ангажман во Собранието на Република Македонија.

Програмата за практиканти, претходно се објавува во дневниот печат, каде се дефинирани критериумите кои треба да ги исполнат студентите - кандидати за оваа програма. Во основа, право на аплицирање имаат студентите од четвртата година на студиите и апсолвенти. Изборот на пријавените кандидати се врши на исклучително транспарентен начин, при што поединечно се објавува тестирање т.е. разговор со секој апликант. Програмата трае шест месеци. Бројот на примени студенти се дефинира врз основа на претходната сондажа, која се прави во Собранието, помеѓу пратеничките групи и потребите на Стручната служба на Собранието. Од досегашното искуство, бројот се движи во просек од 35 до 40 студенти. Согласно природата на работата на Собранието, структурата на практикантите се движи во просек 60% од правните факултети, 20% од економските факултети, 10% од Факултетот за политички науки и 10% од Електро-техничкиот факултет - Оддел информатика и од останатите области. Во вкупниот број на студенти, кои практицираат во Собранието, со 22% застапени се студентите од националностите.

Практикантите се должни да бидат присутни во Собранието по четири часа дневно а за нивното присуство се води евиденција.



1-Раководни државни службеници
2-Стручни државни службеници
3-Стручно - административни државни службеници
4- Работници кои не се државни службеници

Преглед на секторите во Службата на Собранието

назив на секторот	*вкупен број на вработени во сектор*	*Државни службеници*			*работници кои не се државни службеници*
		раководни	*стручни*	*стручно-административни*	
Кабинет на претседателот на Собранието	*7*	*3*	*4*	*-*	*-*
Сектор на генералниот секретар	*23*	*6*	*13*	*4*	*-*
Државни советници	*8*	*-*	*8*	*-*	*-*
Сектор за законодавство	*6*	*3*	*2*	*1*	*-*
Сектор за седници на Собранието	*9*	*5*	*2*	*2*	*-*
Сектор за работни тела на Собранието	*16*	*6*	*10*	*-*	*-*
Сектор за истражување и анализа	*6*	*3*	*3*	*-*	*-*
Сектор за меѓународна соработка на Собранието	*8*	*4*	*3*	*1*	*-*
Сектор за документација, библиотека и информатика	*17*	*4*	*4*	*9*	*-*
Сектор за финансиско-материјално работење	*8*	*1*	*-*	*7*	*-*
Сектор за административни и општи работи.	*77*	*5*	*1*	*42*	*29*
Одделение за внатрешна ревизија	*2*	*1*	*1*	*-*	*-*
ВКУПНО:	***187***	***41***	***51***	***66***	***29***

Страни на стенограм на седници на Собранието



Преглед на заведени акти во Деловодникот на писарницата и архивата



Преглед на испратени акти и пратки од писарницата и архивата



Преглед на доставени акти за објавување во "Службен весник на Република Македонија"



ИЗВРШЕН ПРЕВОД 5030 страници



ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Вкупно измножени: А4 формат: 1.024.792 копии
А3 формат: 2.701.078 копии
А4 формат печатени: 854.940 копии



12. PRILOZI

Prilog 1

Pregled na odr`ani sednici

Реден број	Седница на Собранието на Република Македонија	дата	Одржана на	
			ден	час (од -до)
1.	Дванаесетта седница	06.02.2007 07.02.2007 12.02.2007 28.02.2007 01.03.2007 07.03.2007	-вторник -среда -понеделник -среда -четврток -среда	11,15-16,30 11,15-17,05 11,15-13,15 11,35-15,00 11,45-18,00 11,00-12,15
2.	Четиринаесетта седница	09.01.2007 10.01.2007 11.01.2007 12.01.2007 15.01.2007 16.01.2007 17.01.2007 18.01.2007 19.01.2007 22.01.2007 23.01.2007 08.02.2007 09.02.2007	-вторник -среда -четврток -петок -понеделник -вторник -среда -четврток -петок -понеделник -вторник -четврток -петок	11,00-18,00 12,05-15,05 11,20-18,05 11,05-17,20 13,10-17,35 11,10-18,00 11,05-18,00 11,15-18,00 14,00-17,15 11,20-17,30 11,00-18,00 12,05-17,15 11,50-14,05
3.	Шеснаесетта седница	20.02.2007	-вторник	15,10-17,30
4.	Дваесет и трета седница	26.02.2007 05.03.2007 06.03.2007	-понеделник -понеделник -вторник	11,20-17,45 12,25-17,50 17,55-18,05
5.	Дваесет и четврта седница	04.06.2007	-понеделник	12,45-15,15
6.	Дваесет и шеста седница	24.01.2007 14.02.2007 15.02.2007 16.02.2007 21.02.2007	-среда -среда -четврток -петок -среда	11,10-18,00 13,30-18,00 11,15-17,50 11,30-15,00 11,10-13,35
7.	Дваесет и седма седница	25.01.2007	-четврток	11,25-18,20
8.	Дваесет и осма седница	26.01.2007 29.01.2007 30.01.2007 31.01.2007	-петок -понеделник -вторник -среда	11,40-15,25 11,20-17,50 11,15-17,05 12,25-13,30
9.	Дваесет и деветта седница	31.01.2007 01.02.2007 02.02.2007 05.02.2007 25.06.2007 26.06.2007	-среда -четврток -петок -понеделник -понеделник -вторник	15,05-18,00 11,20-18,00 11,20-18,00 11,50-18,00 11,4017,55 11,10-13,45
10.	Триесетта седница	12.02.2007 13.02.2007 14.02.2007	-понеделник -вторник -среда	15,35-18,00 11,05-18,05 11,00-13,30
11.	Триесет и прва седница	19.02.2007 27.02.2007 07.03.2007 13.03.2007 14.03.2007 15.03.2007	-понеделник -вторник -среда -вторник -среда -четврток	11,15-18,00 15,00-17,55 12,25-12,50 11,15-17,50 12,05-15,15 11,30-18,05

12.	Триесет и втора седница	22.02.2007	-четврток	11,20-18,20
13.	Триесет и трета седница	20.02.2007	вторник	11,05-14,00
14.	Триесет и четврта седница	19.03.2007 20.03.2007 21.03.2007 22.03.2007 26.03.2007 28.03.2007 30.03.2007 25.04.2007 22.05.2007 28.05.2007	понеделник -вторник -среда -четврток -понеделник -среда -петок -среда -вторник -понеделник	11,15-18,00 11,10-15,30 11,20-18,00 11,15-18,00 12,15-18,00 11,25-16,20 11,35-16,25 16,45-17,30 11,20-18,20 11,20-11,30
15.	Триесет и петта седница	29.03.2007	-четврток	11,25-18,25
16.	Триесет и шеста седница	02.04.2007 03.04.2007 04.04.2007 05.04.2007 10.04.2007 11.04.2007 12.04.2007 13.04.2007 17.04.2007 18.04.2007 20.04.2007 23.04.2007 24.04.2007 25.04.2007	-понеделник -вторник -среда -четврток -вторник -среда -четврток -петок -вторник -среда -петок -понеделник -вторник -среда	11,35-17,55 11,15-18,00 11,50-18,00 11,20-16,30 11,30-15,45 11,25-17,40 16,20-18,05 11,15-17,00 11,30-18,00 11,25-17,20 13,05-15,55 11,30-16,50 11,30-17,40 11,40-16,10
17.	Триесет и седма седница	27.03.2007	-вторник	11,25-18,05
18.	Триесет и осма седница	12.04.2007	-четврток	11,20-16,20
19.	Триесет и деветта седница	16.04.2007	-понеделник	11,20-17,20
20.	Четириесетта седница	19.04.2007 20.04.2007	-четврток -петок	11,20-17,40 11,25-12,40
21.	Четириесет и прва седница	26.04.2007	-четврток	11,20-18,20
22.	Четириесет и втора седница	16.05.2007 17.05.2007 21.05.2007 28.05.2007 29.05.2007	-среда -четврток -понеделник -понеделник -вторник	11,35-17,25 12,30-17,00 12,20-16,50 11,50-18,00 11,25-16,25
23.	Четириесет и трета седница	27.04.2007 30.04.2007 07.05.2007 08.05.2007 09.05.2007 10.05.2007 11.05.2007 14.05.2007 15.05.2007	-петок -понеделник - понеделник -вторник -среда -четврток -петок -понеделник -вторник	11,25-16,30 14,05-14,10 11,40-18,00 11,30-16,00 11,35-14,15 13,20-16,35 11,30-16,00 11,30-17,05 11,30-16,30
24.	Четириесет и четв. седница	18.05.2007 21.05.2007	-петок -понеделник	11,40-17,00 11,35-12,00

25.	Четириесет и петта седница	30.05.2007 01.06.2007 05.06.2007 06.06.2007 21.06.2007 10.07.2007 11.07.2007 12.07.2007 26.09.2007	-среда -петок -вторник -среда -четврток -вторник -среда -четврток -среда	11,20-18,15 11,20-17,25 11,40-18,00 11,35-15,50 12,45-18,00 11,35-17,50 14,15-18,00 12,10-16,30 11,25 - 17,30
26.	Четириесет и шеста седница	31.05.2007	-четврток	11,20-17,50
27.	Четириесет и седма седница	11.06.2007 12.06.2007 13.06.2007 14.06.2007 15.06.2007	- понеделник -вторник -среда -четврток -петок	12,10-16,40 12,00-17,10 11,30-18,00 11,50-18,00 12,05-16,50
28.	Четириесет и осма седница	07.06.2007	-четврток	12,15-24,00
29.	Четириесет и девет седница	18.06.2007 19.06.2007 20.06.2007 21.06.2007	-понеделник -вторник -среда -четврток	11,20-14,00 13,40-18,00 11,15-18,00 11,15-12,30
30.	Педесетта седница	14.06.2007	-четврток	11,15-11,30
31.	Педесет и прва седница	18.06.2007	-понеделник	15,15-19,30
32.	Педесет и втора седница	19.06.2007	-вторник	11,20-13,20
33.	Педесет и трета седница	02.07.2007 03.07.2007 04.07.2007 05.07.2007 06.07.2007 09.07.2007 03.09.2007 07.09.2007 05.10.2007 19.10.2007	-понеделник -вторник -среда -четврток -петок -понеделник -понеделник -петок -петок -петок	11,20-17,10 11,30-16,20 11,20-17,25 11,15-18,00 11,10-16,15 11,15-16,10 11,45-16,30 11,30-13,30 12,45-12,55 11,10-13,50
34.	Педесет и четврта седница	27.06.2007	-среда	11,55-18,35
35.	Педесет и петта седница	19.05.2007 20.07.2007 24.07.2007 25.07.2007 27.07.2007 30.07.2007 31.07.2007	-четврток -петок -вторник -среда -петок -понеделник -вторник	11,30-18,00 11,30-16,50 11,25-17,10 12,10-18,00 11,05-17,20 11,25-22,00 12,10-02,30

36.	Педесет и шеста седница	16.07.2007 18.07.2007 23.08.2007 24.08.2007 04.09.2007 07.09.2007 08.10.2007 09.10.2007 10.10.2007 15.10.2007 16.10.2007 18.10.2007 01.11.2007 05.11.2007 06.11.2007 07.11.2007 08.11.2007	-понеделник -среда -четврток -петок -вторник -петок -понеделник -вторник -среда -понеделник -вторник -четврток -четврток -понеделник -вторник -среда -четврток	11,30-14,00 11,00-18,00 15,15-17,10 13,15-18,05 13,15-18,05 15,10-18,00 10,50-16,20 10,35-13,30 12,55-15,30 11,25-17,55 11,40-11,50 11,45-18,00 11,30-15,45 11,50-18,00 11,40-17,35 13,00-17,45 13,00-17,10
37.	Педесет и седма седница	16.07.2007 17.07.2007	-понеделник -вторник	15,10-18,00 11,00-17,20
38.	Педесет и осма седница	26.07.2007	-четврток	11,30-12,45
39.	Педесет и деветта седница	01.08.2007	-среда	15,05-15,25
40.	Шеесетта седница	23.07.2007	-понеделник	11,35-00,20
41.	Шеесет и прва седница	25.07.2007	-среда	11,25-11,45
42.	Шеесет и втора седница	26.07.2007	-четврток	13,20-18,05
43.	Шеесет и трета седница	16.08.2007 17.08.2007 20.08.2007	-четврток -петок -понеделник	11,00-01,00 11,10-18,10 11,15-18,05
44.	Шеесет и четврта седница	31.08.2007	-петок	11,15-22,30
45.	Шеесет и петта седница	29.08.2007 03.12.2007 05.12.2007 10.12.2007 11.12.2007 12.12.2007	-среда -понеделник -среда -понеделник -вторник -среда	11,20-18,00 11,50-13,20 11,40-18,00 11,15-17,55 11,10-18,00 11,25-17,50
46.	Шеесет и шеста седница	30.08.2007	-четврток	11,25-18,05
47.	Шеесет и седма седница	05.09.2007 06.09.2007	-среда -четврток	12,00-18,00 11,35-14,25
48.	Шеесет и осма седница	05.09.2007	-среда	11,10-11,35
49.	Шеесет и деветта седница	10.09.2007 11.09.2007 12.09.2007 13.09.2007 14.09.2007 17.09.2007 18.09.2007 19.09.2007 20.09.2007 21.09.2007 22.09.2007 24.09.2007 25.09.2007 25.12.2007	-понеделник -вторник -среда -четврток -петок -понеделник -вторник -среда -четврток -петок -сабота -понеделник -вторник -вторник	11,15-20,00 11,45-18,00 11,25-18,00 11,15-16,50 11,10-15,00 10,55-17,30 11,15-16,20 10,35-17,30 11,45-17,30 11,10-17,30 11,10-17,35 10,40-17,30 11,45-13,25 17,05-17,15
50.	Седумдесетта седница	25.10.2007	-четврток	11,30-17,50

51.	Седумдесет и прва седница	01.10.2007 02.10.2007 03.10.2007 05.10.2007	-понеделник -вторник -среда -петок	11,40-17,30 11,15-17,30 10,45-17,30 11,25-12,45
52.	Седудесет и втора седница	27.09.2007	-четврток	15,20-15,30
53.	Седудесет и трета седница	05.10.2007	-петок	11,05-11,15
54.	Седудесет и чет. седница	04.10.2007	-четврток	10,45-22,30
55.	Седумдесет и петта седница	09.10.2007 10.10.2007	-вторник -среда	14,30-17,30 10,50-12,35
56.	Седумдесет и шеста седница	22.10.2007 26.10.2007 29.10.2007 30.10.2007 31.10.2007 20.11.2007 21.11.2007 23.11.2007 27.11.2007 30.11.2007 03.12.2007 03.12.2007	-понеделник -петок -понеделник -вторник -среда -вторник -среда -петок -вторник -петок -понеделник -понеделник	11,55-16,45 11,15-16,55 11,20-18,00 11,10-17,20 11,30-18,00 16,50-17,40 11,50-17,05 11,45-17,00 15,35-18,00 15,25-17,00 11,05-11,20 15,15-17,45
57.	Седумдесет и сед. седница	25.10.2007	-четврток	18,15-22,50
58.	Седумдесет и осма седница	12.11.2007 13.11.2007 14.11.2007 19.11.2007 25.12.2007	-понеделник -вторник -среда -понеделник -вторник	12,30-19,10 12,00-13,00 11,10-18,40 12,50-19,15 16,20-16,55
59.	Седумдесет и деветта	13.11.2007	-вторник	12,00-13,00
60.	Осумдесетта седница	15.11.2007 16.11.2007 19.11.2007	-четврток -петок -понеделник	11,40-16,35 12,10-15,40 11,35-11,55
61.	Осумдесет и прва седница	26.11.2007	-понеделник	13,10-13,30
62.	Осумдесет и втора седница	20.11.2007	-вторник	15,30-16,35
63.	Осумдесет и трета седница	04.12.2007	-вторник	11,40-20,50
64.	Осумдесет и четв.седница	29.11.2007	-четврток	11,35-18,00
65.	Осумдесет и петта седница	26.11.2007 27.11.2007	-понеделник -вторник	15,25-21,00 11,15-14,15
66.	Осумдесет и шеста седница	19.12.2007	-среда	12,10-12,45
67.	Осумдесет и седма седница	30.11.2007	-петок	11,30-13,00
68.	Осумдесет и осма седница	18.12.2007 19.12.2007 21.12.2007 25.12.2007 26.12.2007 27.12.2007 28.12.2007	-вторник -среда -петок -вторник -среда -четврток -петок	11,50-18,00 15,15-18,00 11,20-21,00 17,30-21,00 11,20-21,00 11,45-21,00 11,25-02,50
69.	Осумдесет и деветта седница	06.12.2007 13.12.2007 14.12.2007 17.12.2007	-четврток -четврток -петок -понеделник	11,50-15,50 11,15-18,00 12,35-17,15 11,50-22,05
70.	Деведесет и втора седница	24.12.2007 25.12.2007	-понеделник -вторник	11,50-21,00 11,10-16,10

Prilog 2

Usvoeni dnevni redovi na sednicite

Дванаесетта седница **08.11.2006 (среда)**

1. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
2. Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;
3. Предлог на одлука за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал;
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката;
6. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби во областа на пазарот на хартии од вредност;
7. Предлог на одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија;
8. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија;
9. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006;
10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на туризмот, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Европската заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стечај, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон;
17. **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации, со Предлог на закон;**
18. **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, со Предлог на закон;**
19. **Барање за давање автентично толкување на член 70 од Законот за основно образование, поднесено од пратеникот Ратко Димитровски;**

20. **Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување и поседување прислушни уреди од страна на политичките партии;**
21. **Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година;**
22. **Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година;**
23. **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување;**
24. **Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон;**

Четиринаесетта седница **30.11.2006 (четврток)**

1. Предлог за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал;
3. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка;
4. Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;
5. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација;
6. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива;
7. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот;
8. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на шеф,членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Совет на Европа;
9. Предлог на одлука за изменување на одлуката за претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
10. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за заштита од конкуренција;
11. Предлог на одлука за утврдување на потребата и постапката за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија;
12. Интерпелација за работата на министерот за образование и наука, господин Сулејман Рушити;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за оружје со заслепувачки ласер (Протокол IV од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја) , со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за експлозивни остатоци од војна (Протокол V од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја) , со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за враќање и преземање на лица кои престојуваат без одобрение, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за измена на Спогодбата за стопанска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната влада на Република Австрија за преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за прекугранична полициска соработка, со Предлог на закон;
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон;
22. **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политички партии, со Предлог на закон;**
23. **Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, со Предлог на закон;**
24. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за извршување, со Предлог на закон;
25. **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон;**
26. **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон.**

Шеснаесетта седница **13.12.2006 (среда)**

1. Предлог на одлука за огласување именување на Јавен обвинител на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за огласување именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата;
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";
5. Предлог на Буџет на Република Македонија за 2007 година;
6. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот заперсонален данок од доход, со Предлог на закон
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка, со Предлог на закон;
9. **Предлог за донесување на закон за јавна внатрешна финансиска контрола, со Предлог на закон;**
10. **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, со Предлог на закон;**
11. **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за култура, со Предлог на закон;**

12. **Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи, со Предлог на закон;**
13. **Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон.**

Дваесет и трета седница **26.02.2007 (вторник)**

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Полска за социјално осигурување, со Предлог на закон;
2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска за преземање на сопствени државјани и странци кои незаконски престојуваат на териториите на договорните страни, со Предлог на закон;
3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за преземање на кои незаконски престојуваат на териториите на договорните страни, со Предлог на закон;
4. Предлог за донесување на закон за ратификација на мултилатерална Спогодба помеѓу Европската заедница и нејзините земји-членки Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за оснивање Европска заедничка воздухопловна област, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа, со Предлог на закон;
10. Барање за давање автентично толкување на член 66 од Завршните одредби од Законот за управни спорови, поднесено од пратеникот Народниот правобранител;
11. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Дваесет и четврта седница **15.12.2006 (петок)**

1. Избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.

Дваесет и шеста седница **24.01.2007 (среда)**

1. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;
3. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог за именување на вицегувернер на Народна банка на Република Македонија;
5. Предлог за именување на член на советот на Македонска радиотелевизија;
6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемни патувања на граѓаните, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски држави на научна и технолошка соработка, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (фаза III), кој ќе се склучи помеѓу Македонска банка за поддршка на развојот и Кредитна банка за обнова од СР Германија, со Предлог на закон;
9. Предлог за именување Јавен обвинител на Република Македонија;
10. Предлог за донесување на закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција;
11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за медијација, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за управна инспекција, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за јавни претпријатија, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени материјали, со Предлог на закон;
16. Предлог на закон за минерални суровини;
17. Предлог на закон за државен пазарен инспекторат;
18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за железниците, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, со Предлог на закон;
20. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година;
21. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон;
22. Барање за давање автентично толкување на член 27 став 1 од Законот за јавни претпријатија, поднесено од пратеникот Ристанка Лалчевска;
23. Барање за давање автентично толкување на член 54 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, поднесено од градоначалникот на општина Карпош;
24. Предлог на просторен план на регионот на сливот на река Треска;
25. Предлог на стратегија за управување со јавен долг за периодот од 2007 до 2009 година.

Дваесет и седма седница **25.01.2007 (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

Дваесет и осма седница **26.01.2007 (петок)**

1. Предлог за закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;
2. Предлог за закон за изменување на Законот за домување;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговски регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон;
4. Предлог за донесување на закон за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, со Предлог на закон;
6. Предлог за именување Генерален секретар на Собранието на Република Македонија;
7. Предлог на именување на членови на Државната комисија за спречување на корупција;
8. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател, член и заменик-член на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката;
9. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Дваесет и деветта седница **31.01.2007 (среда)**

1. Предлог за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија.

Триесетта седница **12.02.2007 (четврток)**

1. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија, медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан;
2. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија, медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан;
3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, со Предлог на закон;
4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата , со Предлог на закон;
6. Предлог на закон за спречување на интереси;
7. Предлог за донесување на закон за малолетничка правда;
8. Предлог за донесување на закон за бучава во животната средина;
9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државна статистика, со Предлог на закон.

Триесет и прва седница **19.02.2007 (понеделник)**

1. Предлог за именување на членови на Советот на Македонската радио телевизија;
2. Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот на научно-културните средби "Десет дена Крушевска Република";
3. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ;
5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за задолжување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија "Електрани на Македонија" во државна сопственост, Скопје кај "Кредитна банка за обнова" од Франкфурт на Мајна СР Германија, за набавка на опрема за површинскиот коп на

јаглен Брод Гнеотино, од фирмата "МАН Текраф Фердертехник" Гмбх од Лајпциг СР Германија;
6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Финска за соработка и взаемна помош по царински прашања;
7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за животна средина, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување , со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај;
12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициони фондови, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за меѓународно приватно право;
15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за туристички заедници во Република Македонија;
17. Предлог за донесување на закон за такса за привремен престој;
18. Предлог за донесување на закон за туристичка инспекција;
19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност;
20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност;
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон;
22. Предлог на одлука за давање на согласност на Статутот на Комисијата за заштита на правата за слободен пристап на информациите од јавен карактер;
23. Барање за давање автентично толкување на член 12 од Законот за даноците на имот, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Триесет и втора седница **22.02.2007 (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

4.	Преглед на забелешки по одделни одредби на предлогот за донесување на Деловникот на Собранието на РМ	07.03.2007	Кабинет на претседателот на Собранието
5.	Компаративна анализа на одредбите што го уредуваат прашањето за мерката притвор*	26.03.2007	пратеник
6.	Компаративна анализа за признавање и еквиваленција на дипломи и професионални квалификации стекнати во странство*	30.03.2007	пратеник
7.	Компаративна анализа за регистрација на цркви и други верски заедници*	05.04.2007	Претседател на Комисијата за политички систем
8.	Истражување и обезбедување на интегрални документи на деловници и устави за европските држави	15.04.2007	Служба на Собрание на РМ
9.	Истражување и обезбедување на иницијална национална легислатива во врска со 1) Конфликт на интереси во средно и високо образование; 2) Научно истражување и 3) Социјална заштита	07.05.2007	пратеник
10.	Работни задачи реализирани за потребите на Комисијата за јавни набавки во Собранието на РМ	15.05.2007	Комисија за јавни набавки
11.	Компаративна анализа за обештетување на поранешните политички затвореници во поранешните комунистички држави*	20.08.2007	пратеник
12.	Компаративна анализа за Фискализација на зелените пазари	28.10.2007	пратеник
13.	Листа на закони усогласени со Законодавството на ЕУ	28.10.2007	Генерален секретар
14.	Компаративна студија за финансиската и административната автономија*	28.10.2007	Генерален секретар
15.	Компаративна студија за статусот на стручните служби во националните парламенти*	12.11.2007	Генерален секретар
16.	Компаративна анализа за Политиката на вработување во ЕУ*	12.11.2007	пратеник
17.	Компаративна анализа за покаракте-ристични одредби од законите за образование на возрасни*	12.11.2007	пратеник
18.	Компаративна анализа за доживотното образование (модули, законска основа) како дел од светската политика за образование*	15.11.2007	пратеник
19.	Статистичка обработка на податоци за работата	15.11.2007	пратеник

	на Собранието во актуелниот мандатен период		
20.	Компаративна студија за Пензиската политика на земјите - членки на ЕУ (Трендови на стареење; Оддржливост на пензиските системи; Антидискриминаторско законодавство; Пензиска политика по основ на стаж, старост, инвалидитет, статус на невработеност и специфични категории на вработени*	09.11.2007	пратеници
21.	Компаративна анализа за надлежностите на Анкетните комисии за човекови права во европските парламенти, од аспект на претставки и поплаки од граѓаните*	02.11.2007	пратеник
22.	Статистичка обработка на податоци во врска со број на поднесени, повлечени, прифатени и неприфатени амандмани од страна на опозициоиите пратенички групи	12.11.2007	координатор на пратеничка група
23.	Статистичка обработка на податоци за бројот на формираните ad hoc Анкетни комисии во Собранието на РМ од 1991- 2007 и податици за подготвени извештаи	15.11.2007	пратеник
24.	Стручен материјал за надлежности, вид на донесени одлуки и начин на нивно објавување од страна на Републичкиот судски совет	15.11.2007	пратеник
25.	Стручен материјал за Вонсудско решавање на спорови меѓу деловни субјекти/ арбитража/ Арбитражен суд *	15.11.2007	пратеник
26	Преглед на Закони донесени согласно одредбите на Уставот на РМ, односно амандманите, (Бадентеров принцип)	26.11.2007	Генерален секретар
27.	Компаратвна анализа за законските решенија за бесплатна правна помош на граѓаните*	03.12.2007	пратеник
28.	Компаративна анализа за надлежностите на судскиот буџетски совет со акцент на органот кој управува со средствата на судскиот буџет*	19.11.2007	пратеник
29.	Податоци за Историјатот, Организацијата, Легислативата и Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија	21.11.2007	пратеник
30.	Компаративни статистички податоци за работата на Собранието за последните два мандатни периоди со акцент на работата на ЗПК	22.11.2007	пратеник
31.	Арбитража - механизми, легислатива, модалитети на арбитража *	28.11.2007	пратеник
32.	Потсетник со забелешки и побарувања за работната група за посета на Службата за истражување на Конгресот на САД	12.12.2007	Работна група
33.	Стандардите и препораките на НАТО низ законите и одредбите од законите на легислативата на Република Македонија	09.12.2007	Пратеник
34.	Механизми за регистрација на нови и употребувани моторни возила и висина на надоместоци од страна на купувачот во земјите на ЕУ *	28.12.2007	Пратеник
35.	Етички кодекс за пратениците во Собранието на РМ *	28.12.2007	Претседател на Собрание

Забелешка:

* Сите компаративни анализи и истражувања се изготвени со обезбедување на иницијална национална легислатива и нејзин превод од страна на вработените во Секторот, што е достапна во документацијата на Секторот за истражување и анализа.

Prilog 4

Meјunarodni aktivnosti

Датум	Меѓународна организација	Настан	Место на одржување
ЈАНУАРИ 2007			
15 -18	ПС на СЕ	Посета на на Република Македонија на г. Едуард Линтнер, претседател на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на ПС на СЕ (Мониторинг комисија)	Скопје, Република Македонија
24	Мултилатерала	Средба со г. Габриел Касконе, експерт, член на НАТО МАП/ПАРП тимот, надлежен за Република Македонија	Скопје, Република Македонија
21 -26	ПС на СЕ	Учество на Редовната сесија на ПС на СЕ (Оливер Шамбевски, Илинка Митрева, Ружди Матоши, Благој Зашов, Азис Положани и Андреј Жерновски)	Стразбур, Република Франција
29-30	IPEX	Средба на IPEX коросподенти	Копенхаген, Данска
29 -31	МПК РМ-ЕУ	Трет состанок на МПК - Република Македонија и ЕУ	Скопје, Република Македонија
31 јан- 2 фев	ПС на НАТО	Посета на Брисел (Владо Бучковски и Ѓорѓи Оровчанец)	Брисел, Белгија
ФЕВРУАРИ 2007			
4-7	СЗЕУ	Конференција за иднината на Европската безбедност и одбрамбена политика (Александар Николоски, Насер Ајдини, Павле Трајанов)	Берлин, Германија
5-16	Мултилатерала	Семинар за правни советници во Парламентот на Кралството Шпанија	Мадрид, Кралство Шпанија
15-16	ПС на СЕ	Конференција за парламентарната димензија на набљудување на изборите (Иван Анастасовски, Зоран Петревски, Благој Зашов)	Стразбур, Република Франција
11-17	ПС на СЕ	Состанок на Комисијата за деловнички прашања и имунитети и на Комисија за политички прашања (Благој Зашов)	Стразбур, Република Франција
22-23	ПС на ОБСЕ	Учество на Шестиот зимски состанок на ПС на ОБСЕ (Јован Манасиевски и Владимир Ѓорчев)	Виена, Република Австрија

МАРТ 2007			
1-3	ПСФ	Седница на Комисијата за политички прашања (Благој Зашов)	Вале д´Аост, Италија
3-4	Мултилатерала	Учество на Парламентарна конференција (Иван Анастасовски И Мери Младеновска Георгиевска)	Рим, Италија
5-7	ПСФ	Седница на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања (Насер Ајдини)	Форт де Франс, Мартиник, Република Франција
6	ЕП	Учество на семинар на тема:"Жените во позициите на одлучување" (Ристанка Лалчевска)	Брисел, Белгија
12-17	ПС на СЕ	Седница на Комисијата за култура, наука и образование, учество на 42-от пленарен состанок на Европската комисија против расизам и нетолеранцијата (Азис Положани)	Стразбур, Република Франција
15-16	Генерален секретар	Состанок на Генералните секретари на националните парламенти на земјите членки на ЕУ	Братислава, Република Словачка
15-17	ПС на СЕ	Седница на Бирото на Собранието и Постојаниот Комитет (Шамбевски Оливер)	Париз, Република Франција
21	Билатерала	Посета на Република Македонија на Парламентарната делегација на Големото Народно Собрание на Република Турција	Скопје, Република Македонија
28	ПС на СЕ	Седница на Мониторинг Комисијата (Андреј Жерновски)	Стразбур, Република Франција
29	СЗЕУ	Седница на Проширениот претседателски комитет и седници на комисии на СЗЕУ (Александар Николоски)	Брисел, Белгија

АПРИЛ 2007			
9-13	Мултилатерала	Учество на Делегација на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија и на државни службе-ници на Семинар во Центарот за безбедносни студии "Џорџ Маршал" (Гарип Каба, Фадил Сулејмани, Иван Стоиљковиќ, Павле Трајанов, Веле Митановски,	Гармиш Партенкирхен, Германија
16-20	ПС на СЕ	Учество на Редовната сесија на ПС на СЕ (втор дел) (Благој Зашов, Азис Положани)	Стразбур, Република Франција
16-20	Билатерала	Официјална посета на Република Бугарија на Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија (Стојан Андов, Владо Бучковски)	Софија, Република Бугарија
18-19	Билатерала	Посета на Република Македонија на членови на Парламентот на Сојузна Република Германија	Скопје, Република Македонија

18-20	Мултилатерала	Информативен семинар за Договорот за слободна трговија помеѓу земјите од Централна Европа	Брисел, Белгија
23-25	ПД на ЦЕИ	Седница на Парламентарниот комитет на ПД на ЦЕИ (Петар Поп-Арсов, Никола Поповски)	Софија, Република Бугарија
24-26	ПСФ	Учество на Конференција на претседатели на секциите на ПСФ-Регион Европа (Илинка Митрева)	Џерси, Велика Британија
25-26	Мултилатерала	Учество на Тркалезна маса " Регионот и патот до ЕУ" (Оливер Спасовски)	Приштина, Косово
25-27	ПС на НАТО	Посета на Делегацијата на Комитетот за цивилна димензија на безбедноста на ПС на НАТО на Република Македонија	Скопје, Република Македонија
27-28	Мултилатерала	Учество на Регионална Конференција на жените парламентарки (Лилјана Попо-вска, Цветанка Иванова и Зумрете Јакупи)	Приштина Косово
29-4 мај	ИПУ	Учество на 116-то Собрание на ИПУ (Силвана Бонева, Јани Макрадули, Горан Мисовски, Ружди Матоши и Флора Кадриу)	Нуса Дуа, Бали, Индонезија

МАЈ 2007			
10-13	ПС на СЕ	Седница на Комисијата за миграции, бегалци и население (Андреј Жерновски)	Атина, Република Грција
14- 15	ПС на СЕ	Состанок на Мониторинг Комисијата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ)	Скопје и Охрид, Република Македонија
16-18	Билатерала	Посета на Република Македонија на членовите на Германско-Југоисточно европската пратеничка група при Германскиот Бундестаг	Скопје, Република Македонија
17-19	Мултилатерала	Учество на Регионална паламентарна конференција за контрола на јавниот и безбедносниот сектор (Никола Рилко-вски и Фадил Сулејмани)	Приштина, Косово
21-23	ПСФ	Седница на Комисијата за парламен-тарни прашања (Благој Зашов)	Софија, Република Бугарија
25-28	ПС на НАТО	Учество на Пролетното заседание на ПС на НАТО (Бесим Догани, Владо Бучковски и Ѓорѓи Оровчанец)	Мадеира, Португалија
24- 26	ПС на ОБСЕ	Учество на конференција на тема: "Зајакнување на стабилноста и соработката преку меѓународната трговска размена (Владимир Ѓорчев и Флора Кадриу)	Андора ла Вела, Андора.
30	ПС на СЕ	Седница на Комисијата за деловник и имунитет (Благој Зашов)	Биен, Швајцарска Конфедерација
31	ПС на СЕ	Седница на Комисијата за економски и прашања и развој (Благој Зашов)	Париз, Република Франција.
31	ПС на СЕ	Седница на Комисијата за култура, наука и образование (Азис Положани	Санкт Петерсбург, Руска Федерација

ЈУНИ 2007			
4	Билатерала	Средба на претседателот на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Државата Израел со Амбасадорот на Државата Израел во РМ	Скопје, Република Македонија
4-5	ПС на СЕ	Конференција на контакт лица од парламентите за борба против семејното насилство (Лилјана Поповска)	Стразбур, Република Франција
4-6	СЗЕУ	Учество на Првиот дел од 53-та сесија на СЗЕУ (Павле Трајанов и Борис Кондарко)	Париз, Република Франција
5-7	ЦЕИ	Меѓународниот семинар на тема: Модерните технологии на традиционалната и обновлива енергија и механизмите на финансирањето на инвестиционите проекти и седница на Генералниот комитет за економски прашања на ЦЕИ (Петар Поп-Арсов)	Минск Белорусија
6	Билатерала	Средба на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Босна и Херцеговина со Делегација на Комисијата за надворешна трговија и царина на Претс.дом на ПС на БиХ	Скопје, Република Македонија
11-12	ЕП	Учество на 3-тиот Мешовит парламентарен состанок-иднината на Европа (Панче Дамески и Оливер Спасовски)	Брисел, Кралство Белгија
23-26	ПС на НАТО	Учество на РОС-РОТ семинарот на ПС на НАТО(Ѓорѓи Оровчанец и Есад Рахиќ)	Дубровник, Република Хрватска
25-29	ПС на СЕ	Трет дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2007 година (Благој Зашов, Азис Положани и Андреј Жерновски)	Стразбур Република Франција
28-29	ЕП	Годишен состанок на офицери за врска на националните парламенти	Брисел, Кралство Белгија

ЈУЛИ 2007			
3-7	ПСФ	Учество на 33. годишна сесија	Либревил, Габон
5-9	ПС на ОБСЕ	Учество на Шеснаесетата годишна сесија на ПС на ОБСЕ (Јован Манасиевски и Владимир Ѓорчев)	Киев, Украина
15-21	Мултилатерала	Делегација на жени-парламентарки оствари работна посета на Вашингтон, САД (Силвана Бонева, Цветанка Иванова, Флора Кадриу, Селвие Салиу, Роза Топузовска Каревска и Мирјана Секуловска)	Вашингтон, САД

АВГУСТ 2007			
/	/	/	/

СЕПТЕМВРИ 2007			
11	ПС на СЕ	Седница на Комисијата за правни прашања и човекови права (Илинка Митрева)	Париз, Република Франција
12	ПС на СЕ	Седница на Мониторинг комисијата (Оливер Шамбевски, Андреј Жерновски)	Париз, Република Франција
13	ПС на СЕ	Седница на Комисијата за политички прашања (Благој Зашов)	Париз, Република Франција
14	ПС на СЕ	Учество на седница на Комисијата за култура, наука и образование (Азис Положани)	Стразбур, Република Франција
19-20	ЕП	Семинар организиран во рамките на Програмата за информаци и соработка на ЕП со Собранието на Република Македонија	Скопје, Република Македонија
19-21	ПС на НАТО	Работна посета на Азербејџан (Бесим Догани)	Баку, Азербејџан
20-21	ПС на НАТО	Официјална посета на Република Македонија на Генералот Рејх Хено, Претседавач на Воениот комитет на НАТО	Скопје, Република Македонија

ОКТОМВРИ 2007			
29.09 - 02.10	ПС на ОБСЕ	Учество на Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ (Јован Манасиевски, Владимир Ѓорчев и Азис Положани)	Порторож, Република Словенија
1-5	ПС на СЕ	Редовна годишна сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа (Четврто продолжение) (Илинка Митрева, Благој Зашов, Азис Положани и Андреј Жерновски)	Стразбур, Република Франција
4	Билатерала	Посета на Република Македонија на Делегација на Групата на Парламентот на Естонија за соработка со Собранието на Република Македонија.	Скопје, Република Македонија
5-9	ПС на НАТО	Учество на 53 Годишна сесија на Парламентарното собрание на НАТО (Бесим Догани)	Рејкјавик, Исланд
7-10	ИПУ	Учество на 117 Собрание на ИПУ (Бонева Силвана, Грковска Славица, Секуловска Мирјана и Елмазе Селмани)	Женева, Швајцарска Конфедерација
10-11	СЗЕУ	Учество на седници Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања и на комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста (Рафиз Алити)	Париз, Република Франција
11-13	ПС на СЕ	Седница на Поткомисијата за културно наследство (Азис Положани)	Вилнус, Литванија
16-20	Билатерала	Посета на РМ на Делегација на кувајтско-македонска група за соработка на националното Собрание на Кувајт	Скопје, Охрид, Република Македонија

18	Билатерала	Средба на Претседателот на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на СРГерманија со Делегација на изборната комисија за избор на македонски учесници во Меѓународната парл.стипендија во Германскиот Бундестаг	Скопје, Република Македонија
18	Билатерала	Средба на г. Владимир Ѓорчев, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија со Делегацијата на Изборната комисија за избор на македонски учесници во Меѓународната парламентарна стипендија во Бундестагот на Сојузна Република Германија	Скопје, Република Македонија
18	СЗЕУ	Учество на седници на комисиите на Собранието на Западноевропската унија (Рафиз Алити)	Брисел, Кралството Белгија
20-23	ПС на СЕ	Седница на Комисијата за миграции, бегалци и население (Андреј Жерновски)	Анталија, Република Турција
22-26	ПСФ	20-то Собрание на Регион Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата	Скопје, Република Македонија
28-30	ПС на НАТО	Студиски престој на службениците кои работат во релевантни комисии на националните парламенти во Брисел	Брисел, Кралството Белгија
28-30	ПД на ЦЕИ	Учество на седница на Политичкиот комитет на ПД на ЦЕИ (Петар Поп-Арсов)	Рим, Република Италија
30- 2 ноември	ПС на СЕ	Официјална посета на Република Македонија на Известителот на Комисијата за полички прашања на ПС на СЕ	Скопје, Република Македонија

НОЕМВРИ 2007			
5-6	ПС на СЕ	Учество на седница на Мониторинг Комисијата на ПС на СЕ (Андреј Жерновски)	Берлин, Сојузна Република Германија
5-6	ПС на СЕ	Учество на Семинар посветен на "Заштитата и унапредувањето на човековите права"	Стразбур, Република Франција
5-7	GOPAC	Учество на Конференција на тема: "Парламентарците против корупцијата" (Веле Митановски, Блерим Беџети и Оливер Спасовски)	Тирана, Република Албанија
5-8	СОХ Програмата на ЕП	Студиска посета на државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија на ЕП	Брисел, Кралството Белгија
6-7	СЗЕУ	Учество на седницата на Претседателскиот комитет, Комисијата за политички прашања, Комисијата за одбрамбени прашања, комисијата за парламентарни прашања, како и на семинар организиран од СЗЕУ (Ајдини Насер)	Париз, Република Франција

11-15	Билатерала	Делегација на Парламентот на Република Летонија оствари официјална посета на Република Македонија	Скопје, Република Македонија
12	ПС на СЕ	Учество на седница на Комисијата за правни прашања на ПС на СЕ Илинка Митрева)	Париз, РепубликаФранција
14	ПС на СЕ	Учество на Седница на Комисијата за култура наука и образование и на Конференција за улогата на образованието и медиумите во интер-културниот дијалог на ПС на СЕ (Азис Положани)	Рим, Република Италија
14-17	Билатерала	Посета на Сојузна Република Германија на членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија (Роза Т. Каревска, Благородна Цветковска, Веле Митановски, Иван Стоиљковиќ, Рафиз Алити и Хади Незири)	Берлин, Сојузна Република Германија
16	ПС на СЕ	Учество на седница на Комисијата за деловник и имунитети на ПС на СЕ	Париз, Франција
19-22	ПСФ	Посета на Македонија на Директорот на Програмата НОРИА	Скопје, Република Македонија
21-22	ПД на ЦЕИ	Учество на седница на Парламен-тарната Димензија на ЦЕИ (Наде Станчевска и Славица Грковска)	Софија, Република Бугарија
22-23	ПС на СЕ	Седница на Бирото и на Постојаната комисија на ПС на СЕ (Шамбевски Оливер)	Братислава, Република Словачка
22-26	ПСМ	Учество на Втората сесија на ПС на Медитеранот (Илија Димовски, Мирјана Секуловска и Џеват Адеми)	Сен Џулијас, Малта
25-28	ПС на НАТО	Официјална посета на г. Жозе Лело, претседател на Парламентарното собрание на НАТО на Република Македонија	Скопје, Република Македонија
26-27	МПК РМ-ЕУ	Учество на Четвртиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија Република Македонија (Александар Спасеновски, Иван Анастасовски, Блерим Беџети, Силвана Бонева, Игор Ивановски, Елмазе Селмани и Владанка Авировиќ)	Брисел, Кралството Белгија
29	ПС на НАТО	Посета на Република Македонија на Стјуард Елдон, Амбасадор во Мисијата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во НАТО	Скопје, Република Македонија

ДЕКЕМВРИ 2007			
2-6	СЗЕУ	Учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 53-та Годишна седница на Собранието на ЗЕУ (Втор дел) (Александар Николовски, Борис Кондарко и Флора Кадриу)	Париз, Република Франција

3-4	МПК РМ-ЕУ	Учество на Интерпарламентарен состанок на парламентите на земјите членки на ЕУ и на земјите кандидати на тема:"Иднината на Европа" (Владанка Авировиќ и Неждет Мустафа)	Брисел, Кралството Белгија
3-4	ПС на СЕ	Учество на семинар за активностите на Советот на Европа и Парламентарното собрание во областа на владеењето на правото	Стразбур, Република Франција
3-8	ПСФ	Учество на семинар на ПСФ за пратеници и сенаторите од Мавританија (Благој Зашов)	Нуакшот, Мавританија
6	ПС на СЕ	Учество на седница на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите на ПС на СЕ (Азис Положани)	Истанбул, Репулика Турција
10-11	ПС на СЕ	Учество на седница на Комисијата за култура, наука и образование и Колоквиум за предавање европска литература (Азис Положани)	Париз, Република Франција
11-12	ПС на НАТО	Учество на Парламентарниот Транс-атлански форум на ПС на НАТО (Бесим Догани, Ѓорѓи Оровчанец и Есад Рахиќ)	Вашингтон, САД
16-18	ПС на СЕ	Состанок на секретари на националните парламентарни делегации во ПС на СЕ	Париз, Република Франција
18	ПС на СЕ	Седница на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ (Андреј Жерновски)	Париз, Република Франција

ПС на СЕ - Парламентарно собрание на Совет на Европа;
ПС на НАТО - Парламентарно собрание на НАТО;
ПС на ОБСЕ - Парламентарно собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;
ИПУ - Интерпарламентарна Унија;
ПС на ЦЕИ - Парламентарно собрание на Централноевропската иницијатива;
СЗЕУ - Собрание на Западноевропската унија;
ПСФ - Парламентарно собрание на Франкофонија
МПК - Мешовит парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ
ПзС - Пакт за стабилност
СТО - Светска трговска организација
ЕП - Европски парламент
ПАМ - Парламентарно собрание на Медитеранот

Prilog 5

INTEGRALNI IZVE[TAI ZA AKTIVNOSTITE NA PARLAMENTARNITE GRUPI I DELEGACII

1. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТ НА ЕВРОПА **249**

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Првиот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2007 година, одржана од 22 до 26 јануари 2007 година во Стразбур, Република Франција 249

ИЗВЕШТАЈ за Парламентарната димезија на набљудување на изборите и примена на заеднички стандарди 15 - 16 февруари 2007 година, Стразбур 255

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Вториот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2007 година, одржана од 16 до 20 април 2007 година во Стразбур, Република Франција 261

ИЗВЕШТАЈ од вториот координативен состанок на претседатели на комисиите за еднакви можности на жените и мажите и национални координатори за Паневропската кампања на Советот на Европа за борба против насилството врз жените оддржан на 4 и 5 јуни во Стразбур, Република Франција 269

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Третиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2007 година, одржана од 25 до 29 јуни 2007 година во Стразбур, Република Франција 275

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Четвртиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2007 година, одржана од 1 до 5 октомври 2007 година во Стразбур, Република Франција 283

ИЗВЕШТАЈ од состанокот на Комисијата за почитување на обрските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа (мониторинг комисијата) и сослушување за замрзнатите конфликти Берлин, 5-6 ноември 2007 година 291

ИЗВЕШТАЈ од Семинарот организиран од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа за заштита и промовирање на човековите права Стразбур 5-6 ноември 2007 година 295

2. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ **303**

ИЗВЕШТАЈ од Шестата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана на 22 и 23 февруари 2007 година во Виена, Австрија **303**

ИЗВЕШТАЈ од Шеснаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана од 5 до 9 јули 2007 година во Киев, Украина 309

ИЗВЕШТАЈ од есенските состаноци на Парламентарното Собрание на ОБСЕ, одржани од 29 септември до 2 октомври 2007 година во Порторож, Република Словенија 319

3. ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА **329**

ИЗВЕШТАЈ за учеството на 116-то собрание на интерпарламентарната унија, одржано од 29 април до 4 мај 2007 година во Нуса Дуа, Бали, Индонезија **329**

ИЗВЕШТАЈ за учеството на 117. собрание на Интерпарламентарната Унија одржано од 8 до 10 октомври 2007 година во Женева, Швајцарска Конфедерација 341

4. ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКА ИНИЦИЈАТИВА (ЦЕИ) **355**

ИЗВЕШТАЈ од состанокот на Парламентарниот комитет на Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), што се оддржа од 23 до 25 април 2007 година во Софија, Република Бугарија 355

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива на Меѓународниот семинар на тема: Модерните технологии на традиционалната и обновлива енергија и механизмите на финансирањето на инвестиционите проекти што се одржа на 4 и 5 јуни 2007 година и на седницата на Генералниот комитет за економски прашања на ЦЕИ, одржана од 5 до 7 јуни во Минск, Белорусија. 359

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива на седница на Комитетот за политички и внатрешни прашања на тема: Улогата на ЦЕИ во политиката на соработка на ЕУ со земјите од Централна и Источна Европа, што се одржа на 29 октомври 2007 година во Рим, Република Италија 365

ИЗВЕШТАЈ од учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во парламентарната димензија на ЦЕИ во Парламентарното собрание на ЦЕИ што се одржа од 20 до 21 ноември 2007 година во Софија, Република Бугарија 371

5. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО **375**

ИЗВЕШТАЈ за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на пролетното заседание на Парламентарното Собрание на НАТО Мадеира, Португалија, 25-28 мај 2007 година 375

ИЗВЕШТАЈ за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 66 РОС-РОТ семинар што се одржа воДубровник, Хрватска, 24 - 26 јуни 2007 година 381

ИЗВЕШТАЈ за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 53-то годишно заседание на Парламентарното Собрание на НАТО Рејкјавик, Исланд, 5-9 октомври 2007 година 385

ИЗВЕШТАЈ за официјалната посета на Република Македонија на г. Жозе Лело, претседател на ПС на НАТО, реализирана на 26 и 27 ноември 2007 година 393

6. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈА **399**

ИЗВЕШТАЈ за учеството на делегацијата на секцијата на Собранието на Република Македонија, на состанокот на политичката комисија при Парламентарното Собрание на Франкофонијата, одржана од 1 до 3 март 2007 година во Вале Д´аост, Италија 399

ИЗВЕШТАЈ од седницата на Комисијата за образование, комуникации И културни прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата, одржана од 5 до 7 март 2007 година во Фор-д-Франс, Мартиник, Франција 407

ИЗВЕШТАЈ од Конференцијата на претседателите на секциите на Парламентарното собрание на Франкофонијата - Регион Европа, одржана од 24 до 26 април 2007 година во Церси 413

ИЗВЕШТАЈ од работна посета на Националното Собрание на Македонија на Делегација на НОРИА остварена од 19 до 21 ноември 2007 година во Скопје, Република Македонија 419

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Благој Зашов на семинарот на Парламентарното Собрание на Франкофонијата за пратениците и сенаторите од Мавританија, оддржан на 5 и 6 декември 2007 година во Нуакшот, Мавританија 425

7. СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКА УНИЈА **431**

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија на Конференцијата за иднината на Европската безбедносна и одбранбена политика, одржана од 4 до 7 февруари 2007 година во Берлин, Сојузна Република Германија 431

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на состанокот на проширениот претседателски комитет, одржан на 29 март 2007 година во Брисел, Кралство Белгија 443

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Педесет и третата седница на Собранието на Западноевропската унија (прв дел), одржана од 4 до 6 јуни 2007 година, во Париз, Република Франција 449

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија на седница на Комисиите на Собранието на Западноевропската унија Постојаниот совет на ЗЕУ/Комитетот за политички прашања и безбедност на ЕУ, одржана на 18 октомври 2007 година во Брисел, Кралството Белгија 459

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на седницата на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања и на Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста, оддржани на 10 и 11 октомври 2007 година во Париз, Франција 465

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на седницата на Комисијата за одбрана и на семинарот за проблематиката на антиракетната балистичка одбрана во Европа, оддржани на 6 и 7 ноември 2007 година во Париз, Франција 471

ИЗВЕШТАЈ за учеството на Вториот дел на Педесет и третатата сесија на Собранието на Западноевропската унија, одржана од 3 до 5 декември 2007 година во Париз, Република Франција 477

8. ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ **483**

ИЗВЕШТАЈ од третиот состанок на мешовитиот Парламентарен Комитет -Европска Унија - Република Македонија оддржан на 29 и 30 јануари 2007 година во Скопје 483

ИЗВЕШТАЈ од четвртиот состанок на мешовитиот Парламентарен Комитет - Европска Унија - Република Македонија оддржан на 26 и 27 ноември 2007 година во Брисел 493

ИЗВЕШТАЈ од Четвртиот мешовит парламентарен состанок за иднината на Европа, одржан на 3 и 4 декември 2007 година во Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија 505

9. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ **513**

ИЗВЕШТАЈ од Втората сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот, што се одржа од 22 до 24 ноември 2007 година во Св. Џулијанс, Малта 513

10. БИЛАТЕРАЛА **519**

БЕЛЕШКА од средбата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција со Парламентарната делегација на Големото народно собрание на Република Турција, остварена на 21 март 2007 година 519

ИЗВЕШТАЈ од посетата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија, што се реализира од 17 до 20 април 2007 година во Софија, Република Бугарија 525

БЕЛЕШКА од средбата на членовите на пратеничката група за соработка со парламентот на Сојузна Република Германија со Делегација на Групата за соработка со Југоисточна Европа при германскиот Бундестаг оддржана на 17 мај 2007 година во Скопје 529

БЕЛЕШКА од средбата на г-ца Славица Грковска, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел со г-ѓа Амира Арно, Амбасадор на Државата Израел во Република Македонија (резидентна во Ерусалим, Израел), остварена на 4 јуни 2007 година во Собранието на Република Македонија 533

БЕЛЕШКА од средбата на членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Босна и Херцеговина со Делегацијата на Комисијата за надворешна трговија и царина на Претставничкиот дом на Парламентарното Собрание на Босна и Херцеговина, остварена на 6 јуни 2007 година 537

ИЗВЕШТАЈ од посетата на Вашингтон, САД на Делегација на Собранието на Република Македонија, што се оствари од 16 до 21 јули 2007 година 541

ИЗВЕШТАЈ за реализираните средби во Собранието на Република Македонија на 4 октомври 2007 година со Делегацијата на Групата на Парламентот на Естонија за соработка со Собранието на Република Македонија, во рамките на нивната официјална посета на Република Македонија 547

БЕЛЕШКА од средбата на г. Владимир Ѓорчев, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија со Делегацијата на Изборната комисија за избор на македонски учесници во Меѓународната парламентарна стипендија во Бундестагот на Сојузна Република Германија, остварена на 18 октомври 2007 година во Собранието на Република Македонија 553

БЕЛЕШКА од средбата на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Канада со Н.Е. д-р Сашко Насев, амбасадор на Република Македонија во Канада, одржана на 18 октомври 2007 година 557

ИЗВЕШТАЈ за посетата на Република Македонија на Групата за соработка на Парламентот на Латвија со Собранието на Република Македонија од 11 - 15 ноември 2007 година 561

ИЗВЕШТАЈ од посетата на Сојузна Република Германија на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, што се оствари од 14 до 17 ноември 2007 година 567

11. МУЛТИЛАТЕРАЛА **575**

ИЗВЕШТАЈ од одржаната средба на IPEX коресподенти на 29 и 30 јануари, 2007 во Копенхаген, Данска 575

ИЗВЕШТАЈ од семинарот за правни советници во Парламентот на Кралството Шпанија 4-16 февруари 2007 година, Мадрид, Шпанија **581**

ИЗВЕШТАЈ од состанокот на Генералните секретари на Парламентите на земјите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство во ЕУ што се одржа на 16 март 2007 година во Братислава, Република Словачка 599

ИЗВЕШТАЈ од Третиот мешовит парламентарен состанок за иднината на Европа, одржан на 11 и 12 јуни 2007 година во Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија 609

ИЗВЕШТАЈ од Годишниот состанок на офицерите за врски во националните парламенти, одржан на 28 и 29 јуни 2007 година во Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија 615

ИЗВЕШТАЈ од учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во на Основачката конферецнија на Регионалниот огранок на ГОПАК за Југоисточна Европа за борба на парламентарците против корупцијата, што се одржа од 5 до 7 ноември 2007 година во Тирана, Република Албанија 621

ИЗВЕШТАЈ од Студиската посета на г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија и државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија, остварена на 6 и 7 ноември 2007 година во Европскиот парламент и Европската комисија во Брисел, Кралство Белгија 627

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Првиот дел на редовната сесија на
Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2007 година,
одржана од 22 до 26 јануари 2007 година во
Стразбур, Република Франција

Скопје, март 2007 година

Парламентарното собрание на Советот на Европа од 22 до 26 јануари 2007 година во Стразбур, Франција го одржа Првиот дел на редовната сесија за 2007 година на која учествуваа: шефот на Делегацијата г. Оливер Шамбевски и членовите на Делегацијата г-ѓа Илинка Митрева, г. Ружди Матоши, г. Благој Зашов, г. Азис Положани и г. Андреј Жерновски во придружба на г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и Марија Стефанова косекретар на Делегацијата.

Во текот на сесијата според редоследот на нивното излагање, свое обраќање имаа: Неговата Светост Вселенскиот патријарх Бартоломеј I, г-ѓа Ен Венеман, извршен директор на УНИЦЕФ, Нејзиното Височество Принцезата Каролина од Хановер, претседател на Светската асоцијација за пријателство со децата, г. Томас Хамарберг, Комесар за човекови права на Советот на Европа, г. Гај Верхофштат, премиер на Белгија, г. Марти Ахтисари, специјален пратеник на ОН за Косово, г. Костатс Караманлис, премиер на Грција, г. Флоренцо Столфи, министер за надворешни работи на Сан Марино и претсетдавач со Комиетот на Министри.

На сесијата се расправаше за теми како запирање на сите видови на насилство, екплоатација и злоупотреба врз децата, потоа опасноста од употребата на енергијата како инструмент за политички притисок, актуелната состојба на Косово, понатаму земјоделството и нелегалните вработувања во Европа и состојбата со работниците мигранти во агенциите за привремено вработување, а се расправаше и за ХИВ/СИДАТА во Европа и иднината на децата со ХИВ/СИДА и сираците, ширењето на ХИВ/СИДАТА на жените и децата во Европа. Темата на итната рсправа беше заканата за животите и слободата на изразување на новинарите.

Делегацијата имаше и средба со претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа г. Рене ван дер Линден. Шефот и членовите на Делегацијата учествуваа во работата на партиските групи и комисиите чии што членови се.

1. Неговата Светост Вселенскиот патријарх Бартоломеј и зборуваше на темата "Неоходност и цели на меѓурелигискиот дијалог". На почетокот тој истакна дека како прв Бискуп на Православната црква има чест да се обрати пред најстарата политичка организација на континетот која е посветена на постигнување на поголемо единство меѓу нејзините членки, на бранењето на човековите права и владеењето на правото, на промовирањето на свеста за европски идентитет заснован на заеднички вредности на различните култури. Задржувајќи се на историскиот развој на неговата институција. Неговата Светост подвлече дека за него дијалогот е искуство и пракса долга милениуми. Понатаму тој истакна дека во последните декади постои особен напор да се воспостави меѓурелигиски дијалог особено меѓу трите најголеми монотеистички религии и за таа цел одржани се многу академски консулатации на водечките претставници на трите монотеистички религии или на иницијатива на Екуменскиот патријарх, или со негово присуство, донесени се многу важни и интересни одлуки и потпишани се многу важни декларации. Понатаму во своето обраќање Вселенскиот патријарх подвлече дека од историјата е познато дека многупати во минатото, а под извесни околности и во наше време, религиозните причини биле мотив да се потурнат поединци или дури и цели народи во војна, или да се заживе воинственоста на оние веќе во војна. Постојат дури аналитичари рече тој, кој се занимаваат со иднината на човештвото и кои сметаат дека судирот на религиите и на ралигиозните народи е неизбежен. Но, ако сакаме да одиме кон спознанието на вистината, која го ослободува поединецот од предрасудите и од било каква заблуда, треба да го користиме подарокот од Бога - зборот, со чиста намера. Зборот, како израз и како оправдување за нашите убедувања, кога се разменува со оние со кои зборуваме станува дијалог. Дијалогот, продолжи Вселенскиот патријарх, е во природата на човекот и секој оној што се откажува да учествува во дијалог го негира овој човечки квалитет не само кај оние со кои не прифаќа дијалог туку и кај себе. Меѓурелигискиот дијалог ја промовира можноста за меѓусебно запознавање на луѓето и на идеите, за култивирање на религиската толеранција и коегзистенција, за елиминирање на фанатизмот и другите фиксирани предрасуди. Овие цели имаат

огромна важност зашто тие му служат на мирот, кој е камен темелник на секаков културен напредок. Другата важна цел на меѓурелигискиот дијалог е приодот кон прашањето на човековите права. Познат е фактот, нагласи Неговата Светост, дека Западната цивилизација под влијанието на евенгелиските принципи за еднаквост на луѓето, за слободата на свеста и посторењето, за заштита на послабите, за праведност и љубов, но исто така и под влијание на идеате на хуманизмот, ја издигна институцијата човекови права на многу високо ниво. Ова е спротивно на некои цивилизации, од кои некои многу малку се занимаваат со прашањето на човековите права, или дури имаат дури закони кои дискриминираат одредени категории на луѓе, како малцинства, жени, деца, робови, итн. Но ако сакаме да го подобриме стандардот на живеење на сите луѓе, тогаш во нашите декларации мораме да ги вклучиме овие прашања како предмет на агендата на меѓурелигискиот дијалог. Ние веруваме, понатаму рече Вселенскиот патријарх, дека моралната сила на почитувањето на човечкото суштество, без оглед на полот, возраста, расата, религијата, неговиот економски, образовен и друг статус, е толку голема што ќе ја надмине и надвладее долготрајната духовна слабост која им дозволува на оние на власт да ги игнорираат или што е уште полошо законски да ги кршат човековите права. Она што се постигнува со меѓурелигискиот дијалог е култивирање на духот на толеранција, помирување и мирен соживот на верниците на различни религии, ослободени од фанатизам и фобии. Спротивно на политичките позиции кои често го поттикнуваат духот на конфликти и конфронтации, ние се трудиме да го негуваме духот на еднакви права и обврски на сите, независно од нивната религија. Само со отворање на срцето и на умот и прифаќањето на разликата на другиот како еднаква вредност на нашатата можно е да се изгради мир во светот. На крајот од своето обраќање Вселенскиот патријарх упати апел до членовите на Парламентарното собрание на Советот на Европа да го шират своето влијание, својата политичка умешност и наука за да се воспостави слобода на живеењето и на изразувањето на религиските традиции во светот, со цел граѓаните на државите во светот да не бидат прогонувани или маргинализирани, да не ги губар своите цркви или имоти само заради своите различни религиозни убедувања.

Една од темите на оваа сесија беше темата на **децата како жртви и сузбивањето на сите видови на насилство, експлоатација и злоупотреба на децата**. Извештај во име на Комисијата за правни прашања и човекови права, поднесе известителот г. Жан Шарл Гардето, а во името на Комисијата за социјални, здравствени и семејни работи, мислење поднесе г-ѓа Карина Олсон. Во излагањата бешеј истакнато дека децата се по дефиниција физички помали, најчесто зависни од возрасните на различни начини и не ги уживаат истите законски права како возрасните. Заради тоа тие се поранливи на многу форми на насилство и злоупотреба. Советот на Европа прави се што може да ги заштити децата и покрај целиот постоечки арсенал на правно оружје, започна да работи на мултилатераен договор за борба против сексуална експлоатација на децата, и сега е на половина пат од тригодишната програма "Градење на Европа за и со децата" , но според Комисијата за правни прашања владите во Европа би требало да прават многу повеќе. Тие би требало да ги сметаат сите мешања во телесниот или духовниот интегритет на децата за кривични дела, усогласувајќи ги законите и зајакнувајќи ја полициската соработка, како и проширување на јурисдикциите за да можат извршителите да одговараат за кривични дела извршени во странство. Периодот на оргграничување за сериозни кривични дела треба да се одложи додека лицето не достигне полнолетство. Децата треба да имаат посебен третман во судовите, приспособен на нивните потреби, и треба да имаат пристап до судии кои се пријателски расположени кон децата и во идеален случај до детски омбудсман. Меѓу другото, државите треба да обезбедат бесплатни телефонски броеви и веб страни каде децата ќе можат да пријават анонимно случаи на насилство или злоупотреба. На оваа теме свое обраќање имаа и г-ѓа Ен Венеман, извршен директор на УНИЦЕФ, Нејзиното височество Принцезата Каролина од Хановер, претседател на светската асоцијација на пријателите на децата, како и г. Томас Хамарберг, Комесар за човекови права на Советот на Европа. Извршниот директор на УНИЦЕФ, г-ѓа Венеман рече дека Советот

на Европа и УНИЦЕФ долго време имаат успешна соработка во области на промоција на свет прилагоден за децата, борбата против насилството врз децата и заштита на децата од сексуално искористување, злопуотреба и трговија. Денес, подвлече Венеман, потпишавме заедничка декларација за зајакнување на соработката меѓу Советот на Европа и УНИЦЕФ и ги нагласивме нашите заеднички цели за задоволување на потребите на децата и заштита на нивните права. Таа ги изрази и своите очекувања дека ваквата блиска соработка ќе продолжи во иднина за доброто на сите деца во светот. Асоцијацијата на пријателите на децата чии претседател е Принцезата Каролина презема бројни важни активности како работа со училишта, борба за спречување на слепило кај децата и подобрување на исхраната на децата. Во нејзиното обраќање таа рече дека постојат многу области во кои би требало да се зајакнат законите со цел да се заштитат децата, како цивилна заштита, заштита од принудни бракови, насилство, и задолжително одење на училиште.Отсуствата од училиште се често знак дека постои голем ризик за детето. Борбата против експлоатација на детскиот труд е исто така многу важна. Каков и да е животниот стандард на децата во различни држави, секогаш има можност за подобрување. Законите треба да бидат усогласени, рече на крајот Принцезата Каролина, а Советот на Европа може во врска со тоа да одигра многу важна улога. Комесарот за човекови права истакна дека постојат меѓународни и европски норми за правата на децата, вклучувајќи ги и оние за заштита од насилство. Знаеме, рече г. Хамарберг, дека овие права се кршат постојано, и затоа би требало да се концентрираме на имплементацијата и на спроведувањето. Првиот неопходен чекор против насилството врз децата, без оглед дали тоа се случува во училиште, во институција или дома. Околу 26 земји членки на Советот на Европа или целосно и правно го укинале телесното казнување на децата или се обврзале да го сторат тоа. Одредено е до 2009 година сосема да се укине телесното казнување врз децата. Програмата "Градење на Европа за и со децата" има за цел да поттикне расправа и да пружи обука за ненасилни односи како и да ја промовира свеста за правата на децата во општеството.

На јануарската сесија свое обраќање имаше и **г. Гај Верхофштат, премиер на Белгија.** Во својот говор, г. Верхофштат истакна дека Советот на Европа има важна мисија како чувар и промотер на човековите права, основните слободи и владеењето на правото; Европската унија е повеќе посветена на управувањето во контекст на глобализацијата а главната задача на Оргзнизацијата за економска соработка и развој е да ја зголеми безбедноста, и таа работи на глобална сцена. Советот на Европа, според Верхофштат, и земјите членки треба да обезбедат исполнување на три барања.

Прво, основната важност на човековите права и особено работата на Европскиот суд за човекови права. Земјите членки мораат да ги почитуваат одлуките на судот.

Второ, мора да постои заложба да се почитува духот и словото на пресудите и да се земат предвид и другите тела на Советот на Европа.

Трето, треба да се преземат мерки за да може Судот да работи со сегашниот работен товар. Постојат 89.000 случаи што треба да се решат и тие се закануваат да го преплаваат Судот.

Важно е, нагласи г. Верхофштат, да се подобри Протоколот 14 за да се ратификува начинот на кој функционира Судот. Понатаму во својот говор, белгискиот премиер му да де поддршка на Извештајот на Јункер, во кој се дадени неколку препораки во однос на Советот на Европа. Во Извештајот се споменуваат неколку заеднички програми на Советот на Европа и на Европската унија, како на пример основањето на сигурно судство на Балканот. Во врска со основањето на Агенцијата за основните права на Европската унија, г. Верхофштат рече дека внимателното разгледување на правилата под кои Агенцијата ќе работи би требало да ги смират оние кои се скептични во однос на овој проект. Оваа Агенција ќе делува само во рамките на правото на зедницата, и нејзините активности ќе бидат географски ограничени. Таа има потенцијал да го промовира образованието, родовата еднаквост и меѓурелигискиот дијалог во Европа. Таа ќе ја промовира соработката меѓу Европската унија, Венецијанската Комисија, Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа и Комесарот за човекови права.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

Парламентарната димензија на набљудување на изборите, примена на заеднички стандарди 15 - 16 февруари 2007 година, Стразбур

Скопје,февруари 2007 година

Во организација на Парламентарното собрание на Советот на Европа во Стразбур се одржа дводневна Конференција за Парламентарната димензија на набљудување на изборите. Собранието на Република Македонија беше претставено од Делегација во состав Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија, Зоран Петрески, претседател на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, Благој Зашов, заменик на шефот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа и Марија Стефанова секретар на Делегацијата.

На Конференцијата беа поканети пратеници и други клучни актери во процесот на набљудување на изборите, вклучувајќи претставници на институции надлежни за меѓународните мисии за набљудување на изборите како ОБСЕ, Европскиот парламент и други, со цел да се зајакне парламентарната димезија на набљудувањето и да се обезбеди поширока гобална слика преку размена на искуства и зајакнување на соработката со партнери надвор од георгафскиот регион на Советот на Европа.

Свое обраќање на отворањето на Конференцијата имаа Рене ван дер Линден, претседател Парламентарното собрание на Советот на Европа, Жоао Соарес, потпретседател на Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Јосеп Борел Фонтелес ко-претседавач на Групата за координација на изборите во Европскиот парламент, Даниела Смадја, директор на одделот за мултилатерални односи и човекови права на Европската Комисија како и Халвадан Скард, претстедател на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа.

Конференцијата беше поделена на четири работни сесии и тоа:

- Интернационални стандарди за слободни избори: основи за објективна оценка
- Интерпарламентарно искуство во набљудување на изборите: последни искуства
- Администрацијата на изборите и набљудување на изборите
- Набљудување на изборите: потреба од подобра синергија

Главните поенти на излагачите и дискутантите беа дека меѓународното набљудување на изборите има истовремено техничка и политичка природа. Техничкото набљудување се фокусира на адекватноста на корпусот на закони според кои се одвиваат изборите, но тие не можат да бидат одвоени од политичкиот контекст во кој се одвиваат. Општо е прифатено дека демократски избори можат да се одржат само ако се исполенти основните услови за демократска држава заснована на владеење на правото, како почитување на основните правила, минимум елементи на политички плурализам, стабилност на изборниот закон и ефикасни процедурални гаранции. Во дискусиите беше истакнато дека за набљудување на изборите се воспоставени заеднички норми базирани на принципите на демократија, плурализам и почитување на правото на слободни избори. Набљудувањето е процес кој почнува неколку месеци пред изборите со проверка на изборното законодавство, избирачките списоци и изборните органи и затоа набљудувањето не се врши само на денот на изборите, туку пред, за време и по изборите. Наблудувањето е важен елемент за утврдување на демократскиот капацитет на една држава.

Во мисиите за набљудување на изборите учествуваат набљудувачи од Советот на Европа, ОБСЕ и од Европскиот парламент и при тоа е многу е важна нивната експертиза како и постоењето на "корпус на знаења" кој ќе можат да го пренесат на оние кои доаѓаат по нив.

По одржување на изборите странските набљудувачи треба да усогласат заедничка декларација којашто треба да ги изразува ставовите на сите. Тие мораат да зборуваат со еден глас зашто само така можат да пренесат порака. Но работата не е

завршена со давањето на изјава по извршување на изборите, бидејќи наблудувањето треба да продолжи и по изборите

Понатаму беше констатирано дека парламентарците се одлични набљудувачи зашто со своето искуство можат да ги детектираат сите позитивни работи и недостатоци на изборниот процес во една земја. Сепак меѓу набљудувачите треба да има политичари, парламентарци и експерти.Исто така многу е важно да се знаат специфичностите на земјата во која се одржуваат избори бидејќи секоја земја го утврдува изборното законодавство, изборниот праг и процедурата. Не постои изборен модел што би можел да им се препорача на сите земји. Во дискусиите беше наведен и примерот кога Судот за човекови права донесе пресуда дека во Турција не е прекршено демократското право за слободни избори со утврдувањето на изборниот праг од 10%, иако најголем број држави се имаат определено за праг од 5%.

Во однос на фалсификување на изборите беше истакнато дека не постојат меѓународни санкции за тоа. Наблудувачите не треба да бидат ниту многу строги ниту многу благи кон организаторите на изборите и кон земјата во која се одвиваат избори, кога има неправилности.

Постојат разлики во одвивањето на изборите. Еден од излагачите направи споредба на одењето на гласање во западноевропските земји каде атмосферата е речиси како кога се влегува како во црква со само неколку присутни на избирачките места, со одењето на гласање во некои други земји, како Азербејџан каде на избирачките места има по 40 луѓе што делува помалку застрашувачки и се добова впечаток дека секој секого набљудува.

Набљудувањето станува се повеќе определена професија и иако сеуште наблудувачите не постанале професионалци, во иднина треба да се очекува набљудувачите да бидат токму професионалци. Засега има само некои експерти кои живеат од учество во набљудувачки мисии. Меѓу набљудувачите треба да се најдат секакви професии и да има рамноправна застапеност на жени и мажи. Засега нема ист број на посматрачи од двата пола. Жените се помалку застапени и затоа е значајно е да се зголеми нивниот број особено во руралните средини каде има појави на семјно гласање.

Наблудувањето на изборите во некоја земја значи и желба на меѓународната заедница да и помогне на таа земја во решавањето на некои проблеми поврзани со изборниот процес кои не би требало да се повторуваат на секои наредни избори.

Пред новинарите изјави треба да даваат само шефовите на делегациите. Новинарите имаат голема улога, но и гоелма одговорност за слободни избори во некоја земја. Наблудувачите не смеат да примаат жалби од избирачите на денот на гласањето, бидејќи тоа го чинат судовите.

Потребно е изготвување на воедначени стандарди за набљудување на избори. Засега постојат неколку документи:

- Повелбата за добро однесување за време на изборите изготвена од Комисијата од Венеција.
- Копенхагенскиот документ на ОБСЕ. Овие документи треба да им се стават на располагање на граѓаните

- Се изнесе и мислење да се изготви текст на Конвенција за избори во којашто ке се утврди и улогата на наблудувачите. Некои учесници изразија резерва за овој предлог.
- Сите оние кои учествуваат како наблудуваче треба да имаат можност да го кажат своето мислење, но само шефот на делегацијата дава изјави за новинарите.
- Во последно време има избори и преку Интернет. Во тоа предници Данка.

Заклучоци подготвени од Секретаријатот на Советот на Европа за текот на Конференцијата и за идеите за натамошна работа:

* Нивото на учесниците на Конференцијата беше многу високо. Тоа покажува дека оваа тема е од голем интерес.

* Изборите се процес и потребно е да бидат наблудувани пред за време и по нивното одржување.

* Постојат норми, стандарди за наблудување на изборите и можат да се најдат во документите на Комисијата од Венеција, Документот од Копенхаген. Пактот за граѓански и политички права на ООН и др. Тие би требало да им се ставаат на располагање и на организаторите на изборите.

* Не е ургентно да се подготвува специјален документ во вид на Конвенција, зашто тоа би ги ограничувало наблудувачите со оглед на тоа што секои избори се посебни за себе и мора да се води сметка за специфи/носта на секоја земја и изборен систем.

* Наблудувањето е процес кој треба да биде координиран, но и акција од која треба да произлезе заедничка изјава на наблудувачките мисии за тоа дали изборите во една земја биле слободни, фер и според постојните норми за демократија, почитување на индивидуалните човекови права.

* ОБСЕ и Советот на Европа се заинтересирани да соработуваат во рамките на наблудувачките мисии и тоа се чини засега без проблеми.

* Учеството на парламентарците во наблудувањето на изборите, вклучително и оние кои се во пензија е од големо значење за демократско одвивање на изборите.

* Се бара рамнотежа во бројот на мажите и жените во посматрачките мисии. Се истакна проблемот со недоволно жени подготвени да се вклучат во наблудувачките мисии, но тоа е последица и на нерамноправната застапеност во самите тела на СЕ, ОБСЕ и ЕП.

* Интернетот и техниката веќе овозможуваат гласање на далачина. Тоа го покажа примерот со Естонија. Со овој систем на гласање се отвараат други проблеми за кои треба да се разговара на некоја специјална конференција (сигурноста за изразената волја на гласачите, опасности од фалсификати, достапноста на сите до техничка можност за гласање на далечина и др.). ПС на СЕ е подготвено да го продлабочи ова прашање.

* Наблудувањето на изборите е процес, но тој не треба да се претвори во мониторинг на обврските на државите поврзани со изборите. За тоа постои посебен систем на мониторинг на вкупните обврски на секоја земја членка на СЕ. Во ракмите на тој мониторинг треба да се верификува дали некоја земја ги исполнува обврските што се произлезени и од констатираните неправилности на некои избори и добиените препораки за подобрување на изборното законодавство или изборната процедура.

* Не постојат санкции за лошо организирани избори. Се добива добра или лоша оценка за организирани избори и тоа е доволно да се има предвид во понатамошните политички контакти со таа земја, во дијалогот и дискусиите што ке ги имаат претставниците на меѓународната заедница со претставници на земјата за која станува збор.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Вториот дел на редовната сесија на
Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2007 година,
одржана од 16 до 20 април 2007 година
во Стразбур, Република Франција

Скопје, мај 2007 година

На Вториот дел на редовната сесија за 2007 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа, која се одржа од 16 до 20 април 2007 година во Стразбур, Франција, учествуваа: заменик на шефот на Делегацијата г. Благој Зашов, и заменикот на членот на Делегацијата г. Азис Положани а Делегацијата ја придружуваше Марија Стефанова како косекретар.

Во текот на сесијата според редоследот свое обраќање имаа: претседателот на Парламентот на Црна Гора г. Ранко Кривокапиќ, премиерот на Украина г. Виктор Јанукович, министерот за надворешни работи на Сан Марино и претседавач со Советот на министри г. Фиорензо Столфи, комесарот за човекови права на Советот на Европа Томас Хамарберг и други.

На сесијата се расправаше за почитувањето на обврските и заложбите на Азербејџан, приемот на Република Црна Гора во Советот на Европа, кодексот на добро однесување за политичките партии, состојбата со човековите права и демократијата во Европа, за нацрт меморандумот за разбирање меѓу Советот на Европа и Европската унија, а точки за итна расправа беа состојбата на Блискиот Исток и функционирањето на демократските институции во Украина.

1. По отворање на сесијата Известителот назначен од Бирото и Постојаниот комитет поднесе Извештај со опис на сите активности меѓу двете сесии на Парламентарното собрание. Како поважни точки во Извештајот беа спомнати: согласноста на Бирото да не се преземаат чекори за делумо обновување на Судот за човекови права до јуни 2007 година; разговорите со Европската унија, за кои беше заклучено дека не е постигнат очекуваниот напредок; како и прашањето на човековите права во случајот со палестинските и бугарските медицински лица.

2. Во однос на приемот на Република Црна Гора во Советот на Европа, во своето мислење, Политичката Комисија го поздрави напредокот што оваа земја го постигнува на полето на реформите, особено динамиката во областа на законодавството и изготвувањето на нацртот на новиот Устав. Поради тоа, Политичката комисија му предложи на Собранието тоа да му препорача на Советот на министри да ја покани Република Црна Гора да стане 47 членка на Советот на Европа со уверување дека земјата ќе ги почитува, во рамките на дадениот временски рок, обврските наведени во Мислењето. Тие вклучуваат, меѓу другото, потпишување и ратификување на бројни европски конвенции а особено писмена потврда дека Црна Гора се обврзува, почнувајќи од 6 јуни 2007 година, да ја почитува Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи и нејзините протоколи, забрзано да го заокружи процесот на уставните реформи и да усвои нов Устав најдоцна во рок од една година како и да ги продолжи законодавните и институционални реформи особено на полето на човековите и малцинските права.

По излагањата на Известителите на Политичката Комисија, на Комсијата за правни прашања и човекови права како и на Мониторинг комисијата, следеше расправа во која учествуаа и заменик на шефот на Делегацијата г. Благој Зашов и замник на членот на Делегацијата г. Азис Положани.

Пратеникот Зашов рече дека Црна Гора е мала држава на храбри мажи и жени, и последната република која се здоби со независност по распадот на Југославија. При одлучувањето дали Црна Гора треба да биде примена во Советот на Европа, земјите членки не би требало да ги занемарат целите на Советот на Европа од 1949 година. Советот ги обедини оние кои се бореа за основните човекови вредности, и тоа е сеуште потребно. Црна Гора заслужува да му се придружи на Советот, нагласи г. Зашов. Таа има традиција на државност и била независно суверено кралство до 1920 година. На крајот тој рече дека ќе гласа во корист на приемот на Црна Гора во Советот и дека се надева дека никој друг нема да гласа поинаку.

Во своето обраќање г. Азис Положани, истакна дека Црна Гора помина низ тешки проблеми и дилеми на својот пат но со повторното воспоставување на независноста - таа имаше независност претходно во поинаква форма - во поинакви услови на поинаква

основа и со поинакви вредности и дозволува да стане членка на европското семејство, на кое му припаѓаат сите други држави во регионот. Сето тоа е заслуга на Црногорците и на сите граѓани на Црна Гора вклучувајќи ги и Албанците, Бошњаците, Србите и останите кои живеат таму. Имајќи ги предвид проблемите со кои се соочуваа државите во регионот, подвлече Положани, Црна Гора како мултиетничка и мултикултурна држава треба да се залага за културна промоција на малцинствата и зачувување на културната различност и наследство, како и за правична застапеност во институциите, особено во безбедносните организации и судството како најдобар начин да се избегнат недоразбирањата. Поздравувајќи го пристапувањето на Црна Гора во семејството на Советот на Европа, Република Македонија се придржува на својата принципелна политика на затворање на сите отворени прашања во регионот заради стабилност и просперитет. Затоа ние, рече Положани на крајот, го подржуваме оваа решение, како и решавањето на косовското прашање со независиност и подобра соработка во иднина за попросперитетен Балкан и Европа.

По расправата Собранието со мнозинство од 106 гласови за и 1 против го усвои извештајот за прием на Црна Гора во Советот на Европа. Свечениот прием беше закажан за 11 мај на состанокот на Комитетот на министри, со кој сега претседава Србија.

3. На сесијата се обрати и премиерот на Украина г. Виктор Јанукович, во едно, како што рече г. Рене ван ден Линден, критично време за неговата земја. Во своето обраќање г. Јанукович даде преглед на актуелната политичка состојба во Украина и рече дека таа е резултат на нејасни и неспроведливи закони на кои им недостасуваат јасни разграничувања на одговорности и должности. Во 2004 година Украина реши да премине од претседателски систем на парламентарен во согласност со европските модели. Овој план немаше за цел сосема да го лиши претседателот од сите овластувања, туку меѓу останатото предвидуваше тој да има одговорности врз армијата, назначувањето на гувернери и правото да става вето на новите закони. Понатаму во своето обраќање премиерот Јанукович објасни дека неговите недоразбирања со претстедателот се од техничка природа и делумно резултат на недостаток на консензус во рамките на владеачката коалиција. Во однос на предвремените избори тој рече дека оние кои го заговараат тоа се политичка заедница која сака да се оддалечи од напредокот кон парламентарен систем. Понатаму Јанукович ја критикуваше одлуката на Претседателот Јушченко да го распушти Парламентот врз политичка наместо врз правна основа. Според него решение за кризата во Украина постои и тоа се состои од преземање акции во согласност со Уставот, продолжување на преговорите и изнаоѓање на компоромис. На крајот тој ги увери членовите на ПС на СЕ дека неговата партија ќе делува во законските рамки и ќе направи се за промовирање на демократијта во Украина и се заблагодари на Советот на Европа за помошта и советите.

4. Парламентарното собрание расправаше и го усвои Извештајот на Политичката Комисија за Кодексот на добра пракса на политичките партии. Во Извештајот беше наведено дека политичките партии претставуваат обележје на модерните демократски општества и механизам на поврзување меѓу граѓаните и државата. Во таа насока, нивната легитимност и кредибилитет се неопходен предуслов за ефективноста на демократскиот процес. Сепак, во многу земји членки на Советот на Европа политичките партии се соочуваат со криза во однос на легитимноста, се сметаат за корумпирани, недемократски во нивните внарешни постапки или пак се смета дека им служат на интересите на мали групи. Ова опаѓање на довербата во политичките партии резултира во недоверба во демократскиот систем во целина и индиферентност кон политичките институции.

Со цел да се надмине оваа состојба, Политичката Комисија предлага подготовка на “кодекс на добра пракса на полтичките партии” заснован на искуствата на партите во земјите членки на Советот на Европа, кој ќе го опфати изборниот процес, еднаквоста

меѓу мажите и жените кандидати, финансирањето на партиите и на кампањите, однесувањето во опозиција, справувањето со медиумите и вклучувањето на младите во политичкиот процес.

5. Парламентарното собрание не го усвои Извештајот на Комисијата за политички прашања и човекови права за кандидатите за Европскиот суд за човекови права, според кој се бараше измена на став 2 на Резолуцијата 1366 (2004). Имено според сегашните правила во Деловникот, Собранието мора да ги одбие листите на кои има кандидати само од еден пол доколку тој пол е премногу застапен во Судот, без оглед што кандидатите ги исполнуваат другите услови. Сепак, според Комисијата за политички прашања и човекови права, ваквото автоматско одбивање може, во исклучителни случаи да ја намали можноста на Собранието да избира меѓу кандидати кои ги исполнуваат сите останати критериуми. Но, по жешка расправа Собранието со мнозинство го одби предлогот на Комисијата за политички прашања и човекови права за измена на оваа пракса.

6. Централно прашање на априлската сесија беше состојбата со човековите права и демократијата во Европа и мониторингот на перформансите на државите: напредокот на мониторинг постапките на Парламентарното собрание. Оваа опсежна расправа беше поделена на три дела.

Заштитата на човековите права и промовирањето на демократијата лежат во средиштето на мисијата на Советот на Европа и се идеално поставени - заедно со Судот за човекови права и констелација на други мониторинг механизими - за да можат да дадат здрава севкупна оценка на овие две области во Европа.

Првиот дел на расправата беше посветен на состојбата со човековите права и во својот придонес во заедничкиот Извештај, Комисијата за правни прашања истакна дека иако е направено многу, сепак постои јаз меѓу она што е на хартија и реалноста на теренот. Сеуште има серозни прекршувања на човековите права на европскиот континент, а прекршителите поминуваат неказнети. Некои делови на Европа, како Белорусија, остануваат “црни дупки” каде механизмите за човекови права на Организацијата не се применуваат. Време е, беше наведено во Извештајот, земјите членки на Советот на Европа да стават крај на лицемерието и да ги претворат зборовите во дела, преку воведувањето на нулта толеранција за прекршителите на човековите права.

На оваа тема зборуваше и г. Азис Положани. Тој истакна дека со задоволство може да констатира дека Советот на Европа одигра многу значајна улога во воведувањето на стандарди за човековите права и им помогна на државите да ги применат. Советот на Европа ги придружува земјите членки, особено младите демократии на нивниот пат на надминување на тешкотиите. Во тој контекст, рече Положани, треба да им честитаме и на државите и на нивните граѓани за нивната посветеност и партнерство во постигнувањето на целта: демократизација и интеграција. Имајќи ја предвид комплексноста на реалностите и специфичностите на одделни држави, продолжи Положани, Советот на Европа и неговите тела би требало да продолжат со својата работа, избегнувајќи ги притоа стереотипите во мониторинг постапките и обрнувајќи повеќе внимание на специфичностите. На пример, во соочувањето со новата реалност на младите демократии во однос на нивната етничка и културна различност, и во сфаќањето на потребата за стабилност, ние ги охрабруваме и поддржуваме решенијата кои ги консолидираат мултиетничките и мултикултурните демократии. Лошото управување со различностите, кое се води од принципот на исклучување и не ја зема предвид легитимноста на главните политички фактори во мултиетнички и постконфликтни држави, може да го продлабочи недостатокот на доверба, да го поткопа помирувањето и да го фрагментира општеството. Јас верувам, заклучи Положани, дека мојата држава Македонија ќе има уште многу за што да дискутира во рамките на постмониторинг дијалогот со Советот на Европа со цел да не ја

загуби шансата дадена од Европската унија во форма на кандидатски статус минатата година.

Во однос на состојбата со демократијата во Европа во својот придонес кон заедничкиот извештај на повеќе Комисии, известителот на Политичката Комисија г. Андреас Грос истакна дека државите мораат да се обврзат на почитување на демократските принципи со цел да станат дел од Советот на Европа, но откако ќе станат членки тие се во можност да користат многу закони и пракса кои одиграле значајна улога во поддршка на демократските трансформации на средината на седумдесетите и на деведесетите. Но и покрај неспорниот напредок, Политичката комисија изрази загриженост поради зголемениот дефицит на демократија во Европа, намалениот излез на гласачи како симптом на разочараност од политиката, нефункционални институции, како и оспоруваната претставничка улога на парламентот. Во некои држави се чини дури и основните принципи на демократијата како поделбата на власта, транспарентноста и одговорноста недостасуваат. Комисијата даде и низа предлози за подобрување на демократското функционирање на континентот, вклучувајќи посилен мониторинг на Советот на Европа, проширување на правото на гласање, поголема застапеност на жените, повеќе "директна демократија" слободни медиуми и зајакнато цивилно образование.

На оваа тема свое обраќање поднесе г. Благој Зашов. Тој му заблагодари на известувачот за извонредниот извештај за состојбата со демократијата во Европа и изрази надеж дека овој и други вакви извештаи кои ќе следат, ќе послужат како водич за парламентарците од земјите членки на Советот на Европа. Тие, според него, можат да ги инспирираат пратениците во нивната секојдневна работа како чувари на претставничката демократија.

Пратеникот Зашов не пропушти да потсети на важноста што им е дадена на ограничувањата на слободата на здружување во двете соседни земји на Република Македонија - Бугарија и Грција. Тоа, според него, е загрижувачко зашто се работи за две земји членки на ЕУ кои треба да ги почитуваат и пошироко граѓанските права и слободи и посебно правото од членот 11 од Европската конвенција за човекови права. Во продолжение Зашов констатираше дека дури и во овие земји демократијата останува еден постојан отворен процес, а Советот на Европа е тука да им помогне на овие земји да напредуваат на патот на демократијата. Во таа насока беа и активностите на Форумот за иднината на демократијата организиран од страна на Советот на Европа, заклучи Зашов.

За третиот дел од расправата кој се однесуваше на мониторингот на перформансите на државите: напредокот на мониторинг постапките на Парламентарното собрание Извештај поднесе претседателот на Мониторинг Комисијата г. Линтнер. Во својот годишен извештај кој исто така е дел од еднодневна расправа на Собранието, Мониторинг комисијата извлече некои заклучоци од својата работа со десет земји членки кои се во мониторинг постапка (Албанија, Азербеџан, Босна и Херцеговина, Грузија, Молдавија, Монако, Русија, Србија и Украина) како и оние во постмониторинг постапка (Бугарија, Република Македонија и Турција). Извештајот исто така се осврна на истрагите во барањата за започнување на мониторинг во две држави (Италија и Обединетото Кралство). Напредок има секаде, беше наведено во Извештајот на Комисијата, но има и назадувања, поради промена на околностите или политичка безизлезност. Во некои земји, изборите сеуште не се фер и слободни, парламентарната политика не се одвива во најдобар ред или има потреба од уставни промени. Меѓу проблемите беа навдени контролата на медиумите, слабото цивилно општество и лошите затворски услови а беше истакнато и дека судските реформи се поголем предизвик отколку што се предвидувало. Сите држави во мониторинг постапка треба да ја подобрат примената на постоечките закони. Комисијата ја повтори својата

определба да воспостави циклус од три години за периодично оценување на останатите 33 држави.

На ова тема во својот говор г. Положани рече дека важно е мониторинг постапката да се сфати како постапка на барање на решенија наместо како спротивсавување или казна. Ние мораме да обрнеме поголемо внимание на имплементацијата на основните документи усвоени во Собранието, нагласи Положани, како ефикасни обвраувачки инструменти. Но треба и да бидеме загрижени поради нискиот степен на имплементација на нашите резолуции, иако се тие необврзувачки инструменти. Извештајот на Мониторинг комисијата покажува дека дури и нашите основни обврзувачки инструменти не се целосно имплементирани, како на пример Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Протоколот 12 или Европската повелба за регионалните и малцински јазици. Неимплементирањето на ваквите заложби ја поткопува нашата работа и создава простор за индивидуални, паушални оценки за основните принципи на нашата активност. Истото се однесува и на имплементацијата на одлуките на Судот за човекови права. Во тој контекст, заклучи Положани, земјите членки ќе продолжат да соработуваат со Мониторинг комисијата и другите тела на ова Собрание со цел да најдат решение на овие проблеми.

7. Значително внимание на сесијата доби и расправата за нацрт меморандумот за разбирање меѓу Советот на Европа и Европската унија. Мислењето изготвено од Политичката Комисија препорачува зајакнување на партнерството меѓу европските институции и организации како и координирање на активностите меѓу нив, избегнување на дуплирање на активностите и воспоставување на конструктивен дијалог. Мислењето за нацрт меморандумот беше израз на разочарувањето на известителот од содржината на меморандумот. Тој, според известителот, не нуди нов приод кон предизвиците со кој се соочуваат Советот на Европа и Европската унија ниту ја изразува изворната политичка определба за унапредување на соработката. Понатаму, меморандумот не ги изразува во доволна мерка предлозите и препораките содржани во извештајот за односите меѓу Советот на Европа и Европската унија изготвени од г. Јункер по Третиот самит на Советот на Европа ниту предлозите на Собранието повторувани во неколку наврати во текот на процесот на подготовка. Известителот сметајќи дека некои одредби од нацрт меморандумот би требало да бидат подобрени и дополнети, поднесе и неколку амандмани.

8. Повторно на дневниот ред како точката за итна расправа беше и состојбата на Блискиот исток за што Извештај поденесе г. Михаил Маргелов. Известителот рече дека е постигнат значителен напредок во воспоставување на дијалог и промовирање на демократските вредности на Блискиот исток во последните години, а соработката меѓу Советот на Европа и израелските и палестинските пратеници досега се оценува како добра. Но важно е да се нагласи дека Собранието не може директно да се вклучи во мировниот процес, туку може да придонесе со тоа што ќе ги унапредува односите на парламентарно ниво. Зајакнатата соработка меѓу Кнесетот, Палестинскиот законодавен совет и Парламентарното собрание може да помогне за поголема посветеност на вредностите за кои се залага Собранието како почитувањето на човековите права и отфрлање на насилството и сите форми на тероризам, а со тоа да придонесе кон создавање на поволни услови за мирно решавање на состојбата на Блискиот исток.

* * * * *

На априлската сесија беше понесен и предлог за разолуција насловена “Маките на македонското национално малцинство во Северна Грција”. Предлогот беше поднесен од пратеникот Ерик Јиргенс, а на него се потпишаа 14 пратеници. Во предлогот се наведува дека потписниците се длабоко загрижени поради големиот број на долготрајни прекршувања на човековите права на македонското етничко и лингвистичко малцинство во Северна Грција. Грчката држава, се наведува во предлогот, одбива да го признае постоењето на македонското етничко и лингвистичко малцинство на своја

територија, а властите систематски ги исклучуваат етничките Македонци од политичкиот процес. И покрај постоењето на население кое зборува македонски јазик во Северна Грција, македонскиот јазик не е признат од грчките власти, и тој не се изучува во рамките на грчкиот образовен процес. Во прелогот на г. Јиргенс понатаму се наведува случајот со одбивањето на регистрацијата на здружението "Дом на македонската култура" од страна на грчките судови.

Во предлогот потписниците предлагаат Правната Комисија да изготви Извештај за случаите на кршење на човековите права на македонското етничко и лингвистичко малцинство во Северна Грција и да им се обезбеди можност на претставници на ова малцинство да бидат сведоци на сослушување. На крајот се потсетува дека Грција одбива да ја ратификува Конвенцијата за заштита на националните малцинства и Европската повелба за малцински јазици.

Се очекува Бирото на Парламентарното собрание на следната седница да одлучи дали овој предлог ќе биде доставен до Правната Комисија за Извештај како што бараат неговите потписници.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

од вториот координативен состанок на претседатели на комисиите за еднакви можности на жените и мажите и национални координатори за Паневропската кампања на Советот на Европа за борба против насилството врз жените оддржан на 4 и 5 јуни во Стразбур, Република Франција

Скопје, јуни 2007 година

Во рамките на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Парламентарното собрание на Советот на Европа на 4 и 5 јуни 2007 година во Стразбур, Франција се одржа Вториот координативен состанок на претседатели на Комисиите за еднакви можности на жените и мажите и на националните координатори за Паневропската кампања на Советот на Европа за борба против семејното насилство врз жените. На состанокот учествуваше г-ѓа Лилјана Поповска, а беше придружувана од Марија Стефанова од службата на Собранието

Работата на состанокот беше поделена во два дена. Првиот ден во расправата учествуваа контакт парламентарците кои се вклучени во парламентарната димензија на Кампањата на Советот на Европа "Стоп за домашното насилство врз Жените". Целта на овој дел беше да се направи годишна евалуација на Пан-европската кампања за борба против насилството врз жените, која започна во 2006 година, а ќе трае до 2008 година. Учесниците се сложија дека парламентарците треба да ги координираат своите активности во насока на измена на законите, но и заклучија дека импламентацијата е многу потешка од донесувањето на законите. Според статистиките од една петина до една четвртина од жените во земјите членки се жртви на физичко насилство, и поради тоа борбата против семејното насилство мора да биде приоритет во сите земји членки на Советот на Европа. Извештаите од националните парламенти покажаа дека се преземаат најразлични активности во борбата против семејното насилство. На состанокот учествува и претставници на Амнести Интернешенал кои ја нагласија потребата од заедничка акција на парламентите, владите и невладините организации и им препорачаа на пратениците дека многу е важно за нивната работа да ја информираат јавноста и да ги споделуваат своите искуства и методи со другите држави.

Во своето обраќање, г-ѓа Поповска се заблагодари на писмото со признание за она што на ова поле е постигнато во Република Македонија, но истовремено изрази и жалење што нашата земја не е вклучена во Извешатајот - компилација на одговори на прашалник упатен до земјите членки на СЕ - во врска со преземените активности на национално ниво за справување со семејното насилство врз жените.Таа во продолжение информираше за активностите кај нас, како иницијативата за измена на кривичниот закон и законот за семејство, иницијативата за подобрување на состојбата во центрите за згрижување, програмата за ресоцијализација на жртвите на семејното насилство, потоа медиумската кампања за подигнување на свеста за да се анимира јавноста со цел да се прекине со молчењето за овој проблем, а институциите да преземат активности за спречување на ова зло. На крајот г-ѓа Поповска рече дека на веб страницата на Собранието на Република Македонија се наведени сите овие активности. Подоцна следеше извинување од страна на Секретаријатот на Комисијата за еднакви можности на Парламентарното собрание на Советот на Европа поради тоа што земји како што се Република Македонија, Велика Британија и Италија не се вклучени во табелата а имаат исклучителни постигнувања. Дури беше утврдено дека извештајот од Република Македонија постои во електронска форма на веб сајтот на Кампањата но не е вклучен и обработен во пишаниот материјал.

На состанокот обраќање имаше и Известителот на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Парламентарното собрание на Советот на Европа, г. Бота од Португалија, кој изрази незадоволство од она што националните парламенти го направиле досега. Имено, девет од вкупно 47 парламенти се уште не назначиле контакт парламентарци ниту владите назначиле национални координатори. Тој рече дека иако некои парламенти работат многу на ова прашање, некои не прават буквално ништо. Неговиот Извештај во јуни 2007 година ќе биде на дневен ред на седница на Комисијата а во октомври 2007 година ќе се разгледува на пленарната сесија на Парламентарното собрание. Тој сугерираше да се зајакнат мониторинг механизмите на СЕ, да се создаде нова конвенција за борбата против насилството врз жените, како и да се одржува

регионална соработка меѓу парламентите. Известителот ги повика учесниците да дадат сугестии на активности кои би можеле да се најдат во неговиот Извешатај.

Во дискусијата која следеше претставничката на Парламентот на Азербејџан предложи во Баку да се организра кнференција на која ќе бидат поканети научни работници, социолози, психолози со цел да се открие причината за насилството врз жените, да се изготви псхилошки портрет на насилниците и на жртвите и да се добие академско знаење за оваа проблематика. Понатаму беше сугерирано и младите да се запознаат со овој проблем и во договор со министерствата за образование да се спроведе кампања во училиштата за семејното насилство врз жените.

Поповска даде три предлози за Извештајот на г. Бота и тоа имплементација на законите и обука на службениците во институциите, потоа програма за ресоцијализација (која веќе се применува во Шведска) и успешна регионална соработка (како примерот со Шпанија, Португалија и Андора) со цел да се надмине јазот меѓу оние држави во кои имплементацијата оди подобро и оние во кои оди потешко. Онаа држава во регионот која има најдобра пракса за справување со проблемот на семејно насилство врз жените би можела да служи како пример. Се разбира ваквата регионална соработка би требало да има поддршка од СЕ. Во заклучоците г. Бота предложи во кривичните закони на земјите членки да се вклучат одредби за семејно насилство, да се предвидат повисоки казни ако насилството се одвива пред деца а жртвите на насилство да имаат статус на заштитени сведоци.

Во врска со идните активности на националните парламенти беа спомнати: размената на студиски посети, искуства, најдобра пракса, директен дијалог на земјите кои предначат и оние кои заостауваат во активностите, интензивирање на регионалната соработка и на работата на регионалните координатори. Беа идентификувани и четирите точки на кои треба да се фокусира Кампањата: законски мерки, помош за жртвите, собирање на податоци и подигнување на свеста.

Вториот ден се одржа заедничка конференција на националните координатори и контакт парламентарците. Во овој дел на состанокот се идентификуваа дополнителните активности кои треба да ги преземат националните парламенти и владите за поттикнување на имплементацијата на Кампањата на национално ниво. Ова беше можност петставниците на владите и на парламентите да седнат заедно и да видат што е направено досега во борбата против семејносто насилство врз жените и кои се идните чекори.

Во својата презентација, г-ѓа Поповска информираше дека во Република Македонија постои одлична соработка меѓу парламентот и Владата. На состаноците на парламентарната Комисија редовно се поканува владиниот национален кординатор. Но, нагласи таа, не треба да се заборави улогата на невладините организации. Кај нас кампањата имаше три цели, продолжи Поповска: подобрување на законите, подобрување на имплементацијата и подигнување на свеста. Како примери беа наведени законот за семејно насилство, обуката на државните службеници кои работат со овој проблем, СОС линијата за жртвите и широката и силна мрежа на женски организации. Луѓето зборуваат за овој проблем и молчењето веќе не постои. Ова е исто така начин за борба против насилството, зашто извршителите не можат веќе да се скријат во тишина, заврши Поповска.

Интересен беше примерот со Обединетото Кралство каде што постојат специјализирани судии кои решаваат случаи на семејно насилство. Судиите се обучуваат за да имаат поголемо разбирање за семејното насислтво, бидејќи иако жртвата е првпат пред суд тоа не значи дека насилството се појавило за првпат. Статистиката на Обединетото Кралство покажува дека обично има 30 случаи на насилство пред жртвата да одлучи да оди на суд. Во секој суд постои независен

советник за домашно насилство а има и посебна обука за судски службеници кои работат со вакви случаи.

Во однос на иднината, претставникот од Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија г-ѓа Сузана Велковска запраша што ќе се случи по завршувањето на кампањата. Одговорот беше дека Парламентарното собрание на Советот на Европа ќе ги искористи своите законски инструменти, ќе ги зајакне мониторинг механизмите а за дополнителни активности ќе се одлучува по завршувањето на Кампањата.

Оваа дводневна конференција покажа дека иако проблемот на семејно насилство врз жените постои во сите земји членки на Советот на Европа, некои држави преземаат бројни активности додека некои не преземаат речиси ништо за решавање на овој проблем. Република Македонија се вбројува меѓу активните држави и нашите искуства, како што беше посочено од повеќе учесници на конференцијата, би можела да служи како пример во регионот.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Третиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2007 година, одржана од 25 до 29 јуни 2007 година во Стразбур, Република Франција

Скопје, јули 2007 година

На Третиот дел од редовната сесија за 2007 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа, која се одржа од 25 до 29 јуни 2007 година во Стразбур, Франција, учествуваа: г-ѓа Илинка Митрева, член на Делегацијата, замениците на членовите на Делегацијата г. Благој Зашов, г. Азис Положани и г. Андреј Жерновски, како и секретарот г. Никола Тодоровски и косекретарот на Делегацијата Марија Стефанова.

Во текот на сесијата според редоследот свое обраќање имаа: австрискиот сојузен канцелар г. Алфред Гусенбауер, претседателот на Европскиот парламент г. Ханс-Герт Потеринг, претседателот на Европската банка за обнова и развој г. Жан Лемиер, високиот претставник на Обединетите нации за бегалци, г. Антонио Гутерес, главниот обвинител на меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија г-ѓа Карла дел Понте, министерот за надворешни работи на Србија и претседавач со Советот на министрите г. Вук Јеремиќ и други.

На сесијата се расправаше за Европската социјална димензија: целосна имплементација на дополнетата Европска социјална повелба и евалуацијата на новите одредби за работни односи и минималната плата; Европската банка за обнова и развој и фокусот на Источна и Југоисточна Европа; Вториот дополнет извештај за тајните затвори и незаконските трансфери на затвореници во кои биле вклучени земјите членки на Советот на Европа; борбата против антисемитизмот, состојбата со бегалците и расселените лица во Југоисточна Европа; понатаму судски прогон за злоделата во надлежност на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија, меѓукултурен и меѓурелигиски дијалог, а точка за итна расправа беше спречување на компјутерскиот-криминал против државните институции во земјите членки.

1. По воведното обраќање на претстедателот на Парламентарното собрание г. Рене ван ден Линден и формалното отворање на сесијата, обраќање имаше **г. Алфред Гусенбауер, сојузен канцелар на Австрија**. Изразувајќи ја честа што може да му се обрати на Собранието, тој истакна дека бил негов член повеќе од 16 години и дека токму тоа искуство и праксата за постигнување договори меѓу политички различни групи се големите предности во неговата сегашна улога на челото на голема коалициона влада во Австрија. Канцеларот Гусенбауер зборуваше и за постигнатиот договор на Самитот на Европската унија за новата уставна основа. Советот на Европа и Европската унија имаат различни структури, но исти вредности. Советот на Европа игра клучна улога за прашањата на човековите права и од тоа Европската унија може да има само корист. Двете организации, продолжи канцеларот, треба тесно да соработуваат и меморандумот за разбирање е многу позитивен чекор во таа насока. Оние држави кои не се членки на Европската унија треба да го користат форумот на Советот на Европа, единствениот вистински европски форум.

Советот на Европа има своја улога и не треба да се плаши од други институции кои се занимаваат ао човековите права. Тие институции, нагласи Гусенбауер, ја дополнуваат и зајакнуваат улогата на Советот. Агенцијата за фундаментални права се бори на истиот фронт, како и Советот и може само да му е од помош на Советот.

2. Првиот ден се расправаше и за **евро-медитеранската земјоделска и рурална политика** и беше усвоен Нацртот на резолуцијата поднесен од Комисијата за животна околина, земјоделство и локални и регионални прашања. Европа треба да соработува со медитеранските држави за поставување на встратешки приоритетиг за земјоделството, фокусирајќи се на изградба на руралната инфраструктура, со постепена либерализација на земјоделската трговија со овие држави, и пренесување на знаења со цел да се охрабри производството на билошко нештетни производи за околината на места каде што е водата е оскудна. Националните собранија на медитеранските држави, како и европските и медитеранските парламентарни собранија можат да одиграат витална улога во промовирањето на соработката. Медитеранскте држави пак од своја страна треба да ги координираат своите земјоделски политики за да бидат појаки на глобалниот пазар.

3. На оваа сесија свое обраќање имаше и **г. Ханс-Герт Потеринг, претстедател на Европскиот парламент.** Тој истакна дека соработката меѓу Европскиот парламент и Советот на Европа се многу важни во однос на промовирањето на човековите права, владеењето на правото и демократијата. Тој се согласи дека пристапувањето на Европската унија кон Европската повелба за човекови права уште повеќе би ги зајакнало овие процеси. Тажно е, рече Потеринг, што на последниот самит, ЕУ не се одлучи на тој чекор. Во својот говор, тој се задржа на заклучоците од последниот самит на ЕУ. Овој самит беше пресвртница и соодветено постигнување за одбележување на 50-годишнината од Договорот од Рим. Суштината на оригиналниот Уставен договор е задржана, рече Потеринг. Европскиот парламент е единствената институција која ќе биде зајакната според новиот договор. Сега Европскиот парламент ќе биде на исто рамниште со Советот на министрите во областите како што се за внатрешни работи и правда. Европската унија ќе добие претседател со мандат од две ипол години, и постојан претставник за надворешна политика. Тој изрази жалење поради одложувањето на имплементацијата на новиот систем на гласање со квалификувано мнозинство до 2014 година и на реформата на Комисијата за намалување на комесарите одложено до 2017 година. Навраќајќи се повторно на односите меѓу Европскиот парламент и Советот на Европа, Потеринг нагласи дека зајакнатата соработка и избегнувањето на дуплирање на активностите, двете организации можат да придонесат за создавање на значителна синергија, како на пример во набљудувањето на изборите.

Иднината на Европа зависи од мирот и разбирањето меѓу различните култури и религиозни заедници, рече на крајот Потеринг. Од витално значење е прифаќањето на дијалогот како двонасочен процес. Сите религиозни заедници треба да се чувствуваат како дома во Европа, а проблемот најчесто е недостатокот од знаење на едни за други. Бидејќи Советот на Европа има 47 земји членки, а со тоа и повеќе културна и религиозна различност, во можаност е да го информира Европскиот парламент за овие прашања.

4. На оваа сесија се усвои и **Резолуција за Европската социјална димензија**: целосна имплементација на дополнетата Европска социјална повелба и евалуацијата на новите одредби за работните односи и минималната плата. Европската политика за социјална политика и социјалната вклученост денес се соочуваат со големи предизвици, тоа е според мислењето на Комисијата за социјални прашања. Глобалната конкурентност, влијанието на новите технологии и возрасната популација ја одредуваат долгорочната политика додека слабиот пораст, високите стапки на невработеност и постојаната нееднаквост ја карактеризираат краткорочната политика. Европа мора да усвои глобален пристап кој ќе биде комбинација на активна политика за пазарот на трудот, флексибилни договори и социјална сигурност, како и акцент на обуката и квалификациите. Дополнетата Европска социјална повелба содржи одредби кои најголемиот број на држави членки ги прифаќаат, но и јавноста и политичарите не се доволно запознати со нивната содржина. Правата која таа ги штити мора да бидат публикувани пошироко, а Европската унија и Советот на Европа мора да соработуваат поинтензивно со другите мултилатерални организации како што е Меѓународната организација на трудот, со цел да и се даде социјална димензија на глобализацијата.

5. Швајцарскиот пратеник Дик Марти на јунската сесија го презентираше својот **Втор извештај за тајните затворања и нелегалните трансфери на затвореници во кои биле вклучени земјите членки на Советот на Европа**. Во неговиот Извештај од пред една година, г. Марти ја изложи глобалната "пајакова мрежа" на незаконски затворања и трансфери од страна на САД во рамките на таканаречената "војна против тероризмот" и наводната тајна согласност со овој систем на 14 држави членки на Советот на Европа, од кои седум ги прекршиле правата на извесни поединци.

Во својот втор извештај, Дик Марти оди многу подалеку: сега е утврдено со факти , вели тој, дека центри за тајни затворања со кои управувала ЦИА постоеле

неколку години во Полска и во Романија. Известителот Марти, исто така зборува за серија на делумно тајни одлуки меѓу земјите членки на НАТО во октомври 2001 година по настаните од 11 септември, што создаде основа за овие затворања и други нелегални активности на ЦИА во Европа. Според Комисијата за правни прашања, ваквите кршења на човековите права мора да се истражат а на жртвите да им се даде компензација. Истрагите за сериозни кршења на човековите права не треба да бидат блокирани со изговор дека се работи за државни тајни или државна безбедност. Треба да се изнајдат начини - како доверливи судии кои ќе имаат пристап до доверливи информации - да се гонат вакви прекршувања без притоа да се загрозува државната безбедност.

Во Резолуцијата која беше изгласана со 124 гласа за, 37 против и 8 воздржани, се наведува дека иако во Германија, Анкетната комисија за истрага напредува, обвинителните власти, кои се вклучени во прогонот на киднаперите на г. Калед ел-Масри се соочуваат со недостаток на кооперативност од страна на американските и македонските власти.

6. Значајно место зазема и Извештајот на Комисијата за миграции, бегалци и население за **Состојбата на долготрајните бегалци и раселени лица во Југоисточна Европа**. Извештајот наведува дека 12 години по војната во Босна и Херцеговина и Хрватска и осум години по вооружениот конфлинкт на Косово, повеќе од половина милион бегалци и раселени лица се сé уште во Југоисточна Европа. Тие се мошне ранлива група на луѓе кои сé повеќе се запоставуваат, бидејќи локалните ресурси се пренасочуваат и хуманитарната помош се смалува. Во Резолуцијата која беше усвоена од Собранието се повикува Комитетот на министрите да ги охрабри владите во регионот да постават јасни правни и институционални рамки и да обезбедат неопходни финансски средства за локалната интеграција и доброволно враќање. Владите треба да ги имплементираат меѓународните инструменти за човекови права за да се избегне статус на лица без државјанство, за да се обезбеди посебна заштита вклучително и за членовите на малцинствата - и да се преземат неопходните административни, судски и полициски реформи. Тие исто така се повикуваат да продолжат со прогонувањето на воените злосторници, како дел од процесот на помирување. Комисијата ги повика земјите членки, како и Советот на Европа и неговата Банка за развој целосно да го поддржат овој процес, а Европската унија да го задржи политичкиот моментум во регионот нудејќи им на државите во регионот перспектива за европска интеграција.

На оваа резолуција беа поднесени два амандмани кои се однесуваа на правата на македонското малцинство и на другите малцинства во Грција. Имено, во 1982 година Грчкиот парламент донесе закон според кој на политичките бегалци кои ја напуштиле Грција во текот на Граѓанската војна (1946-1949) и на кои им било одземено државјанството, дозволено им е да се вратат само ако се “Грци по раѓање”. Според друг закон од 1985 година, на политичките бегалци им е дозволено да ги повратат конфискуваните имоти, но пак само ако се “Грци по раѓање”. Со ова етничките Македонци и другите се исклучени од уживање на правата дадени според овие закони, кои се на сила и денес. Овој амандман беше отфрлен, а образложението на грчкиот пратеник Варвитсиотис беше дека Извештајот се однесува на бегалците и раселените лица во посткомунистичката ера и по војните на Балканот, а не на состојбата по Втората светска војна во Грција. Вториот амандман од истата група пратеници ги повика грчките власти веднаш да ги разгледаат законите 106841 од 1982 година и 1540 од 1985 година со цел за укинување на дискриминацијата која потекнува од нив, за да можат македонското малцинство и другите малцинства да ги уживаат сите бенефиции на овие закони. И овој амандман не беше прифатен со истото образложение.

7. На оваа сесија се одржа и дебата за **меѓукултурниот и меѓурелигискиот дијалог**. Според Комисијата за култура религиите кои ја обликуваа Европа и нејзините вредности сé уште имаат улога во модерниот живот. Државите треба да ги почитуваат во целиот нивен плуралитет како форма на етнички и идеолошки израз на европските граѓани, но треба да ги третираат како дел на цивилното општество. Индивидуалните

права за практикување на религиите треба да бидат заштитени но треба да постои јасна одвоеност на црквата и државата. Многу од проблемите со кои се соочуваат модерните општества - како фундаменталситичките движења, терористичките напади, расизмот и ксенофобијата - содржат религиозен аспект и затоа е многу важно децата да учат за религиите. Дури и оние општества во кои доминира една религија се должни да предаваат за потеклото на сите главни религии, наместо да се обидуваат да придобиваат следбеници во својата вера. Но на крајот, принципите на човековите права имаат предност пред оние на религиозните права. На оваа тема обраќање имаше пратеникот **Благој Зашов**. Тој нагласи дека во минатото религијата играла позитивна улога во општеството. Македонија отсекогаш била крстопат на различни религии и место каде што постоело взаемно почитување и хармонија меѓу припадниците на различните религии. Во мир живееле христијаните кои го сочинувале најголемиот број на населението и припадниците на мулсиманското малцинство. Македонската православна црква, продолжи Зашов, не е призната од Канонскиот закон, но би требало да биде. Толеранцијата меѓу религиите не е од суштинско значење, туку таа е и обврска во демократските општества. Во Република Македонија особено внимание се посветува на религиската слобода. Дека нашата земја придава големо значење на различноста на религиите се потврдува и со фактот што во Македонија наскоро ќе биде организрана светска конференција за меѓурелигискиот дијалог со размена на мислења меѓу религиите, заврши Зашов.

* * * * *

Во текот на сесијата во рамките на затворените седници на одделни комисии беа разгледувани повеќе прашања од директен интерес за Собранието и Република Македонија. Така на состанокот на Комисијата за политички прашања беше претставен меморандумот на известителот Педро Аграмунт (шпански пратеник, член на групата на европските народни партии) за "Времето име на Република Македонија во Советот на Европа " (Дов. AS/Pol 2007-28 од 21 јуни 2007). Документот започнува со ставот дека "поранешна југословенска Република Македонија" не е име, туку дескриптивна и времена референца креирана во 1993 год. за специфична употреба во ОН, а потоа преземена од Советот на Европа, ЕУ и ОБСЕ. Во него се потсетува дека со иницијативата од 2005 година, на основа на која тој е определен за известител, е побарано Парламентарното собрание да разгледа и да му предложи на Советот на Европа да го употребува уставното име на земјата имајќи притоа предвид: дека станува збор за долгогодишна состојба со која се надминува вообичаеното значење на поимот "времено"; дека зборот "Југославија" повеќе не се употребува за означување на кој било ентитет и дека принципите на Советот на Европа ја гарантираат слободата на граѓаните и консеквентно и на нивните држави, да го иразувааат и афирмираат сопствениот идентитет.

Во документот се содржани официјалните позиции на Република Македонија и Република Грција во однос на прашањето на името како појдовна позиција за собирање на непосредни информации во двете земји. На состанокот е прифатено известителот Аграмунт, по извршените посети на двете земји, да подготви извештај кој би бил разгледан и усвоен од Политичката комисија, а потоа за него би се расправало на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Во врска со Вториот извештај на швајцарскиот пратеник Дик Марти од страна на Делегацијата, по речиси двегодишно барање е доставен официјален одговор во кој се презентирани чекорите кои се презмени од надлежната комисија на Собранието на Република Македонија за случајот "Ел Масри". Но, се очекуваат и дополнителни ангажмани за целосно расветлување на случајот. Во позитивен контекст е коментирана и натаму охрабрена готовноста на парламентите на земјите членки на Советот на Европа за остварување на нивната контролна улога во однос на заштитата на човековите права и почитувањето на конвенциите и базичните принципи на најбројната европска организација.

Мошне позитивно е примено и дополнителното известување на Делегацијата за односот на Република Македонија кон прашањето на Ромите бегалци од Косово. Од известителот за ова прашање литванскиот пратеник Цилвичиус посебно е поздравен децидниот став на македонските власти дека немало и нема да има насилно враќање на Ромите кои избегале од Косово.

Во текот на сесијата се остварени низа средби со пратениците и службениците на одделни комисии на Парламентарното собрание на Советот на Европа во врска со нивните активности сврзани со натамошното разгледување на постмониторинг дијалогот на Советот на Европа со Република Македонија, иницијативата на швајцарскиот пратеник Андреас Грос за истражување на сомневањата во врска со трагичната смрт на претседателот Трајковски, положбата на македонското малцинство во Грција и Бугарија, како и за натамошната соработка со Службата на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Јунската сесија на евидентен начин укажа на потребата за континуираното учеството и активната сорботка на Делегацијата во активностите на Парламентарното собрание на Советот на Европа во врска со разгеледувањето на повеќе прашања директно сврзани со Република Македонија. Притоа треба да се има предвид дека во областа на заштитата на човековите права и владеењето на правото сознанијата, ставовите и препораките на Советот на Европа за одделни земји се преземаат и вклучуваат во документите од релевантно значење за процесот на целосното европско и евроатлантско интегрирање.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Четвртиот дел од редовната сесија на
Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2007 година,
одржана од 1 до 5 октомври 2007 година
во Стразбур, Република Франција

Скопје, октомври 2007 година

На Четвртиот дел од редовната сесија за 2007 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа, која се одржа од 1 до 5 октомври 2007 година во Стразбур, Франција, учествуваа: г-ѓа Илинка Митрева, член на Делегацијата, замениците на членовите на Делегацијата г. Благој Зашов, г. Азис Положани и г. Андреј Жерновски, како и секретарот Никола Тодоровски и косекретарот на Делегацијата Марија Стефанова.

Според редоследот во текот на сесијата свое обраќање имаа: Претседателот на Црна Гора г. Филип Вујановиќ, патријархот на Москва и цела Русија, Алексеј II, Претседателот на Турција г. Абдула Ѓул, идниот претседател на Азиското парламентарно Собрание г. Агунг Лаксоно, министерот за надворешни работи на Србија и претседавач со Советот на министрите г. Вук Јеремиќ и други.

На сесијата се расправаше за миграциите и тоа за активностите на Меѓународната огранизација за миграции, се избираа судии за Европскиот суд за човекови права, тема беше и хуманитарната криза во Дарфур, потоа обврските на земјите членки да соработуваат со Европскиот суд за човекови права, остварувањето на економски развој и социјална заштита во Европа во ерата на глобализација, ОЕЦД и светската економија, потребата од европска конвенција за лекови за промовирање на политиката на јавно здравје и контрола на лековите, проституцијата, како и опсноста од религиските толкувања за постанокот (креационизам) во образованието, обединувањето на парламентите во борбата против семејното насилство врз жените и концептот на превентивна војна и нејзините консеквенци врз меѓународните односи.

1. Во своето **последно воведно обраќање** пред исекот на мандатот, претстедателот на Парламентарното собрание **г. Рене ван ден Линден** зборуваше за своите заложби како претседател на Парламентарното собрание: промовирањето на потенцијалот на Советот на Европа како единствената пан-европска демократска организација најспособна да ја соедини цела Европа околу заедничките вредности, да спречи појава на нови линии на поделба и со потенцијал за меѓукултурен и меѓурелигиски дијалог и промовирањето на поблиски односи со религиозните организации, невладините организации и другите тела на цивилното општество. Со својата водечка улога во овие области, нагласи Рене ван ден Линден, Советот на Европа прерасна во модел за регионалните собранија во Азија, Африка и Латинска Америка. Во врска со односите со Европската унија, не би требало да се заборават разликите меѓу Советот на Европа и Евроспката унија кога станува збор за човековите права, рече на крајот ван ден Линден. По ова, беше поднесен Извештајот со опис на сите активности меѓу двете сесии на Парламентарното собрание а потоа обраќање имаше **г. Филип Вујановиќ, Претседател на Црна Гора.** Црна Гора е свесна за својата одговорност во однос на нејзината европска иднина и Европската иднина на регионот, рече Вујановиќ. Како стратешка цел и приоритет на надворешната политика тој ги наведе афирмирањето на добрососедските односи и регионалната соработка. Имајќи ги предвид настаните кои во минатото го обележаа Западниот Балкан, афирмирањето на пријателството и регионланата соработка се клучна обврска на секоја од државите во овој дел на Европа. Многу значајно е и за Европа, истакна Вујановиќ, да ја олесниме и забрзаме интеграцијата на Западниот Балкан бидејќи Европа ќе биде целосно интегрирана само ако и овие држави се дел од таа Европа.

2. Главна тема на првиот ден од октомвриската сесија беше **прашањето на миграциите** и начините како да се зајакнат позитивните и да се намалат негативните влијанија на оваа појава. Тоа е главната задача на Меѓународната организација за миграции (МОМ) во која членуваат 120 држави и која има буџет од 1 милијарда долари. Но миграциите исто така вклучуваат и многу прашања на човековите права како: нелегалните миграции, трговијата со луѓе, ксенофобијата кон мигрантите за кои директно е засегнато Парламентарното собрание. Заради тоа Советот на Европа и МОМ треба

поинтензивно да соработуваат а Банката за развој на СЕ треба да ги разгледа можностите за ко-финансирање на проекти заедно со МОМ со цел да се намалат нелегалните миграции преку отворање работни места и обезбедување микро-кредити. Во текот на расправата беа понудени решенија за регулирање на статусот како разновидните програми преку кои мигрантите взаработуваатг работни дозволи преку демонстрирање на својот придонес кон општеството. Земјите членки на Советот на Европа треба да ги разгледаат ваквите програми и треба да ги вклопат во пошрика општа стратегија, да ги објават и да ги информираат своите европски партнери за своите планови. Во меѓувреме од владите се очекува да го оценат влијанието на овие програми како водич за иднина. На оваа тема од името на политичката група Алијанса на либерали и демократи за Европа, зборуваше и пратеникот **Андреј Жерновски.** Според некои пресметки, рече тој, повеќе од 5,5 милиони мигранти со нерегулиран статус живеат во ЕУ, а околу 8 милиони во Русија. Станува јасно дека најголем дел од овие луѓе нема да се вратат во своите држави ниту присилно ниту доброволно и затоа се поставува прашањето како да се реши проблемот со овие луѓе кои се толерираат но немаат правен статус. Програмите за регулирање на статусот треба да се третираат како еден дел од севкупната стратегија за решавање на овој проблем, а Советот на Европа треба поинтензивно да соработува со МОМ.

3. На оваа сесија се **избираа и судии за Европскиот суд за човекови права**. Според Европската конвенција за човекови права, мандатот од шест години истекува за половина од судиите секои три години, што резултира со периодично обновување на половина од Судот. Според Конвенцијата, секој судија се избира од Парламентарното собрание од листа со тројца кандидати кои ги доставува земјата членка. За да помогне во донесувањето на одлуката, Парламентарното собрание ја задолжува Поткомисијата за избор на судии во Европскиот суд за човекови права да достави препораки засновани на лични интервјуа со сите кандидати и оценки на нивните биографии. Комисијата за избор на тројца кандидати за судија од Република Македонија во Европскиот суд за човекови права во Стразбур ги предложи г-ѓа Мирјана Лазарова Трајковска, г-ѓа Гзиме Старова и г. Зоран Гаврилоски. Од вкупно 170 гласови, г-ѓа Мирјана Лазарова освои 142 а со тоа и апсолутно мнозинство додека г. Зоран Гаврилоски освои 18 а г-ѓа Гзиме Старова 10 гласови.

4. Хуманитарната криза во Дарфур, како најсериозна во светот повторно се најде на дневен ред. Во текот на четири години на кризата во Дарфур убиени се 85.000 луѓе, 200.000 лица умреле од глад или болести а 2 милиона луѓе се раселени и живеат во кампови. Комисијата за миграции, бегалци и население најстрого го осуди неуспехот да се спречи кршењето на човековите права од страните во конфликтот како насилството врз жените и децата, измачувањата и силувањата и пречките кои ги поставува владата на Судан за испорачување на хуманитарна помош. Владата во Судан мора целосно и веднаш да ги исполни барањата на ОН, да запре со поддршката за насилство врз цивили, да ги одблокира напорите за помош и да ја промовира хуманитарната работа. Во истовреме, според препораките на Комисијата, меѓународната заедница треба да спроведе санкции за увоз на оружје, повторно да ги отпочне мировните преговори, и да го распредели мировни сили - како што неодамна беше изгласано во Советот за безбедност на ОН - за да се заштити цивилното население.

5. Со цел да го промовира односите и дијалогот со религиозните заедници, Парламентарното собрание воспостави пракса да поканува религиски лидери, а на оваа сесија тоа беше **Патријархот на Москва и цела Русија Алексеј II**. Тој зборуваше за христијанскиот приод кон човекот, и учењата на христијанството за дигнитет, слобода и морален карактер на човекот кои имаа силно влијание врз Европската главна политичка идеја, концептот на човекови права.

Потоа Патријархот се осврна на јазот кој постои денес меѓу новата генерација на права и моралот, и рече дека човековите права се користат за оправдување на неморално однесување. Според него, многу е важно да се задржи моралната димензија

која ги инспирира и облагородува луѓето со цел да се заштити европскиот културен идентитет, особено во контекст на европските контакти со други култури и цивилизации и ниту една власт не треба да се искористи да пропагира или охрабрува работи кои можат да ги ослабнат или уништат моларните столбови на општествата. Патријархот беше запрашан за мислење за обвинувањата на негова адреса за нетолеранција кон правата на хомосексуалците, на што одговори дека Црквата одговора со љубов кон сите, вклучувајќи ги и грешинците. На пропагандата за одржување на парада на хомосексуалците во Москва, Црквата завзема став дека тоа е пропаганда за грев. Според него, хомосексуалноста е болест и искривување на личноста. Клептоманијата може да се гледа на сличен начин, но никој не тврди дека таа треба да се рекламира. Хомосексуалноста не може да се оправда, особено имајќи го предвид нејзиното влијание кон младите, заврши Алексеј II. Ваквиот одговор на Патријархот предизвика бурни реакции и беше поднесена декларација потпишана од 40 пратеници во која тие бараа од Патријархот да се воздржи од јазик кој поттикнува нетолеранција и да ги почитува, наместо да ги негира, фундаменталните права на сексуалните малцинства.

6. Тема на расправа беше и **како до економски пораст и социјална заштита во Европа во ерата на глобализацијата?**

Некои ја гледаат глобализацијата како неизбежна сила која ги следи принципите на слободниот пазар и која ќе предизвика идеално интегрирана економија на корист на сите. Други ја гледаат како закана која ќе ја осиромаши Европа во "трката до последен здив", ќе ги намали нивоата на плати и ќе ги загрози високите стандарди на социјална заштита. Комисијата за економски прашања верува дека Европа може да има голема корист од глобалната економска интеграција преку поголемите можности за пообемен и поефтин увоз, намалување на производствените трошоци, привлекувањето на странски инвестиции, искористување на можностите за инвестирање во странство истовремено специјализирајќи се на производи и услуги со поголема додадена вредност. Но, ова не би смеело да биде на сметка на социјалните и културните вредности кои Европејците ги негуваат. Владите во таа смисла мораат да ги регулираат процесите преку соодветни мерки за социјална заштита. во соработка со своите социјални партнери за да може континентот лесно да се приспособи на новиот економски свет Според Комисијата, треба да постои поголема флесибилност на пазарите на трудот за да се стимулира вработувањето, но истовремено е потребно и инвестирање во иновации, доживотно образование и обука за да се произведе високо квалификувана и мотивирана работна сила.

7. Во своето обраќање, **Претседателот на Република Турција, Абдула Ѓул** зборуваше за силните заложби на Турција да ги достигне највисоките стандарди на демократијата, владеењето на правото и човековите права и во таа насока потпишувањето на бројни конвенции и меѓународни исктрументи за фундаменталните права и слободи вклучувајќи ги протоколите на Советот на Европа за укинување на смтрната казна во сите околности.

Претседателот Ѓул информираше и за јавната расправа која е во тек во Турција за комплетно нов Устав или сеопфатни измени на постоечкиот а во која учествуваат сите политички партии, НВО, професионални асоцијации, универзитети, интелектуалци, медиуми и граѓани. Се надевам, рече Ѓул, сето ова ќе придонесе за подобрување на уставните норми на Турција за да ги задоволат барањата на 21 век. Понатаму во својот говор, тој се осврна на конфликтот на Кипар и одбивањето на референдумот за планот за решавање на спорот на ОН од страна на грчките Кипарци во 2004 година и пропуштената шанса денес островот да биде обединет, на замрзнатите конфликти во регионот на Кавказот како закани за мирот и стабилноста во тој дел и пречки за развој на регионалната соработка и на прашањето на статусот на Косово. На крајот, Претседателот Ѓул истакна дека денес Европа ужива демократска стабилност и просперитет како никогаш претходно и затоа има обврска да придонесе кон мирно решавање на нерешените регионални конфликти, преку поттикнување интеркултурен

дијалог, борба против дискриминацијата и тероризмот и промовирање на поголемо почитување на човековите права насекаде на континентот.

8. Темата која предизвика најголем интерес на оваа сесија беше **опсноста од религиските толкувања за постанокот (креационизам) во образованието.** Креационизмот кој ја негира еволуцијата на видовите, беше долго време речиси ексклузивно американски феномен. Според Комисијата за култура, наука и образование, денес теориите на креационизмот наоѓаат свој пат и во Европа и нивното ширење има влијание врз повеќе земји членки на Советот на Европа. Главната цел на денешните креационисти, од кои најголемиот број се христијани и муслимани, е образованието: тие се залагаат нивните идеи да бидат вклучени во наставните програми. Сепак, креационизмот не е научна дисциплина и постои ризик од сериозно збунување на децата меѓу прашањата на науката и прашањата на религијата. Креационизмот најчесто, според Комисијата, има облик на религиозен екстремизам и неговите најсилни заговорници сакаат да ја заменат демократијата со теократија. Комисијата предупредува дека креатионизмот може дури и да ги загрози човековите права бидејќи ако не сме доволно внимателни суштинските вредности на Советот на Европа можат да бидат директно загрозени од фундаменталистите кои заговараат креатионизам. На крајот, Комисијата верува дека на настојувањата за воведувањето на креатионизмот како научна дисциплина мора силно да му се спротивставиме. Свои коментари за Извештајот на Комисијата за култура, наука и образование даде и пратеникот **Азис Положани**. За да се избегне недоразбирање треба да се разјаснат три аспекти на темата, рече Положани. Правото на верување е фундаментално право и никој не смее да биде лишен од него и тоа е јасна димензија на креатионизмот. Вториот важен аспект е научниот. Треба да направиме разлика, објасни Положани, меѓу верувањето и науката. Свесни за разликата меѓу нив, треба да се обидеме да најдеме начин тие да коехзистираат. А третиот аспект на ова прашање е образовниот, и ние не треба да ги збунуваме децата со различни аспекти на прашањето туку треба да се држиме до научната теорија. Имајќи ги предвид социјалните импликации од промовирањето на креатиознимот во училиштата, може да се рече дека ваквиот феномен го загрозува демократскиот развој. Но, истакна Положани, тоа не значи дека сме против потребата за учење на културата и религијата. Извештајот на Комсијата не е против слободата на изразување и индивидуалните верувања, вклучувајќи го и концептот на креатионизмот. Сепак, креатионизмот нема научна подлога, заврши Положани.

* * * * *

Во текот на сесијата во рамките на затворените седници на одделни комисии беа разгледувани повеќе прашања од директен интерес за Собранието и Република Македонија. На Комисијата за правни прашања и човекови права во која членува **г-ѓа Илинка Митрева** се расправаше за Барањето за истрага за расветлување на наводната сомнителна смрт на поранешниот Претседател Трајковски за што Бирото на ПС на СЕ за Известител го назначи г. Андреас Грос. На седницата на Комсијата г. Грос ја презентираше својата информација по посетата на Република Македонија во јули 2007 година, и рече дека постојат премногу отворени прашања на кои треба да се одговори. Исто така беше предложено и Собранието на Република Македонија да основа анкетна Комисија за овој случај. Митрева најпрво реагираше на употребата на референцата БЈРМ во Информацијата и на разликата која се прави во текстот помеѓу Албанци и Славо-Македонци во Република Македонија. Понатаму Митрева посочи дека со цел Извештајот да биде покомплетен, г. Грос, покрај средбите во Република Македонија (со највисокиот државен врв, членови на семеството на загинатиот Претседател, новинари) треба да разговара со властите во БИХ, со СФОР а Извештајот да содржи и резиме од официјалната истрага. Таа истакна дека Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ е целосно подготвена да соработува со г. Грос. Митрева потсети дека ова прашање е многу болно за македонските граѓани и затоа ги замоли

сите кон ова прашање да се однесуваат со внимание со цел да се избегне сензационализам. Известителот Грос рече дека откако Бирото на Парламентарното собрание ќе ја прифати Информацијата, тој планира да оди во Босна и Херцеговина, а и да се сретне со претставници на НАТО. Тој се сложи дека помошта од НАТО ќе биде клучна. Комисијата ги прифати препораките на Известителот Грос и одлучи Информацијата да ја достави до Бирото.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

од состанокот на Комисијата за почитување на обрските и заложбите
на земјите членки на Советот на Европа (мониторинг комисијата)
и сослушување за замрзнатите конфликти
Берлин, 5-6 ноември 2007 година

Скопје, ноември 2007 година

Во рамките на редовниот состанок на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа а во ко-организација со Германскиот институт за меѓународни и безбедносни прашања на 5 и 6 ноември 2007 година во Берлин, Сојузна Република Германија се одржа Сослушување за замрзнатите конфликти во регионот на Јужниот Кавказ. На состанокот учествуваше членот на Мониторинг комисјата Андреј Жерновски, а беше придружуван од Марија Стефанова од службата на Собранието

Работата на состанокот беше поделена во два дела. Првиот дел беше посветен на замрзнатите конфликти и тоа во Нагорно-Карабах (Азербејџан и Ерменија), во Абхазија и Јужна Осетија (Грузија) и во Транснистрија (Молдавија), а вториот дел беше резервиран за редовниот состанок на Мониторинг комисијата.

Во воведот на расправата беше истакнато дека регионот на Јужниот Кавказ кој го сочинуваат три држави Грузија, Ерменија и Азербејџан е значаен како транзитен регион за енергија. Трите држави кои се дел од поранешниот Советски Сојуз а сегашни членки на ЗНД (Заедница на независни држави) кон крајот на 80тите и почетокот на 90тите се соочија со посериозни конфликти поврзани со распадот на Советскиот сојуз и тоа два сепаратистички конфликти во Грузија, Абхазија и Јужна Осетија, и конфликтот помеѓу Ерменија и Азербејџан поради територијата на Нагорно-Карабах.

Експертите и универзитетски професори кои беа поканети на сослушувањето дадоа осврт на конфликтите задржувајќи се на политиката на ЕУ кон нивното решавање. Како најсклон кон насилство беше посочен замрзнатиот конфликт во регионот на Абхазија, во Грузија. Во Абхазија како резултат на етничкото чистење речиси и нема грузиско население, нема комуникација меѓу заедниците, нема мерки за градење доверба, а руското влијание е големо. Европската Унија го подржува толкувањето на грузиските власти за територијалниот интегритет на Грузија и е спремна да ги зголеми своите напори за решавање на конфликтот, но не во временска рамка на која инсистира Грузија. Брисел не сака со спротивставување да ги загрози своите и онака комплицирани дипломатски односи со Русија, особено не за прашања кои не се клучни за нејзините безбедносни интереси. ЕУ се плаши дека грузиската нетрпеливост може да биде еден од факторите кои можат да доведат конфликтите да излезат од контрола и да прераснат во насилни. Од друга страна, Грузија стравува дека премногу трпение ќе доведе до тоа конфликтите да тлеат предолго.

Особено интересна беше анализата на ЕУ за решавање на конфликти која е релевантна и во случајите на Транснистрија (Молдавија) и Нагорно Карабах, а според која постојат пет опции:
а) признавање на отцепениот дел, како примерот со Пакистан и Бангладеш;
б) присилно укинување на државноста на отцепените делови, како примерот со Хрватска и Краина и Русија со Чеченија;
в) присилно вклучување во федерацијата како што беше направено преку НАТО во Босна;
г) мирно вклучување на отцепените делови во федерална рамка, за што за жал не постојат примери;
д) и на крајот статус кво, за што постојат многу примери.

Понатаму, анализата се занимава со целите на решавање на конфликтите.
Првата цел е превеција на конфликтите, односно спречување различните позиции да не ескалираат во отворено насилство. ЕУ се обидува да ја вклучи оваа димезија во својата стратегија преку мониторинг на границата на Грузија.
Втората цел е трансформација на конфликтот односно напори позициите на страните да се доближат што е можно повеќе. ЕУ презема иницијативи и во оваа насока и во Абхазија и во Јужна Осетија особено на соработката меѓу зедниците преку невладините организации.

Меѓународно менаџирање на кризата е третата цел. Надворешните фактори треба да покренат иницијативи за разрешување на конфликтите преку влијание врз страните во конфликтот или преку промена на балансот на сила меѓу нив. Назначувањето на специјален претставник на ЕУ за Јужниот Кавказ е иницијативата во оваа насока.

Последната цел е разрешување на конфликтот. Страните треба да постигнат договор за заедничка институционална рамка. Заедничкото одлучување е показател дека идентитетите и интересите се компатибилни. Во случајот со Грузија ЕУ постојано нагласува дека треба да се надмине сегашниот застој во преговорите за стаусот.

Замрзнатиот конфликт во Нагорно Карабах меѓу Ерменија и Азербејџан беше оценет како најсложен. Политиката на ЕУ за решавање на овој конфликт опфаќа два механизми:

Европската политика за соседството, која ја спроведува Европската Комисија и Специјалниот претставник на ЕУ за Јужниот Кавказ кој делува под мандатот на Советот на Европската унија.

Во врска со Нагорно Карабах ЕУ ја подржува ОБСЕ Минск групата со која ко-претстедава Франција заедно со Русија и САД. ЕУ има големо искуство со политиките на управување со кризи и решавање на конфликти. Иако сите тие не се позитивни и многу од нив се неуспешни, сепак важно е да се учи од успесите и неуспесите со цел во иднина да се развива проактивна и ефикасна политика. Една од главните карактеристики на активностите на ЕУ во управувањето со кризи и решавањето на конфликти е тоа што ЕУ има попасивна улога во фазите на преговорање на решение, но презема значајна одговорност во имплементацијата и оперативноста на решенијата. Западниот Балкан е пример за ваква состојба. Поврзано со ова е секако и прашањето на финалниот статус на Косово и во помала мерка Северен Кипар на кои се повикуваат страните во конфликтот во нагорно Карабах како тест-случаи. Ова покажува дека успехот или неуспехот на решавање на еден конфликт има моментален ефект на другите конфликти.

Во врска со Улогата на Парламентарното собрание на Советот на Европа во решавањето на замрзнатите конфликти беше истакнато дека поради широкото членство ПССЕ нуди платформа за дискусија за искуствата од решавање на конфликти од која можат да се научат лекции.

Земјите членки на ПССЕ можат и треба да го искористат овој форум не само за дискутираат туку и да ги пренесуваат информациите на своите влади и да лобираат кај нив да ги подржуваат напорите за мирно решавање на конфликтите и да помагаат за долгорочна стабилност и демократска солидарност на земјите и регионите зафатени со конфликти.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

од Семинарот организиран од страна на Парламентарното собрание
на Советот на Европа за заштита и промовирање на човековите права
Стразбур 5-6 ноември 2007 година

Скопје, ноември 2007 година

Во организација на Парламентарното собрание на Советот на Европа, на 5-6 ноември 2007 година, се одржа Семинар за активностите за ова собрание за заштита и промовирање на човековите права. На Семинарот, предвиден за парламентарни службеници од земјите членки, како претставници од Собранието на Република Македонија учествуваа г-дин Музафер Камбери, заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и м- р Маријана Опашинова, советник за мултилатерална соработка во Секторот за меѓународна соработка. На Семинарот имаше вкупно 23 парламентарни учесници од Албанија, Азербејџан, Грузија, Ерменија, Молдавија, Руската Федерација, Република Македонија, Србија и Украина, земји за кои се уште се води мониторинг од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Семинарот беше организиран со цел поблиско и практично запознавање со работата и начинот на функционирање на институциите на Советот на Европа, Европскиот суд за човекови права, со активностите на комесарот за човекови права, Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ), Европската комисија за спречување на тортура (ЦПТ), како и со работата на Парламентарното собрание на Советот на Европа и поединечните комитети за правни прашања и човекови права и за еднакви можности на жените и мажите.

Семинарот го отвори **г-динот Матео Соринас**, генерален секретар на Парламентарното собрание на Советот на Европа, кој топло ги поздрави учесниците и изрази надеж дека семинарот ќе им помогне стекнатите искуства да ги применуваат во своите национални парламенти. Во неговото излагање, тој начелно ја претстави работата и функцијата на институцијата Совет на Европа и на Парламентарното собрание. Основан на 5 мај 1949 година од страна на 10 земји членки, Советот на Европа претставува меѓувладина организација со главна цел заштита на човековите права, плуралистичката демократија, владеењето на правото, промоцијата на културниот идентитет и диверзитет, изнаоѓање решенија за борба против дискриминацијата на малцинствата, ксенофобијата, нетолеранцијата, биоетиката и клонирањето, тероризмот, нелегалната трговија со луѓе, организираниот криминал и корупцијата, електронскиот криминал, насилството против жените и децата и сл., како и консолидирање на демократијата и стабилноста во земјите членки преку давање поддршка на реформите на политички, законодавен и уставен план.

Г-динот Војчек Савицки, генерален директор на Парламентарното собрание на Советот на Европа, надоврзувајќи се на неговиот колега, рече дека денеска, оваа организација е горда што брои дури 47 земји членки. Тие, при преземањето на членството, се обврзани да ги засноваат владините активности во заштита на горенаведените принципи. Одлуките вградени во конвенции или договори и во форма на препораки се донесуваат од страна на Советот на министри на Советот на Европа. Државите членки имаат обврска тие конвенции и договори да ги ратификуваат, а препораките кои не се законски обврзувачки, да ги почитуваат и во одредени случаи да изменат одредени законски решенија за нивно почитување. Досега се донесени 200 конвенции и договори, а најзначајни конвенции во областа на човековите права за кои се води сметка да бидат применувани од страна на земјите членки се: Европската конвенција за човекови права, ревидираната Европска социјална повелба, Европската конвенција за спречување тортура и Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства.

Г-динот Џон Кејлворт, заменик регистратор во Големиот дом при Европскиот суд за човекови права, се осврна на начинот на функционирање на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Донесувањето на Конвенцијата за заштита на човековите права и фундаменталните слободи во 1950 година, како знак на колективно

спроведување на правата во пост-воена Европа, наметна поставување на механизми за нејзино почитување: Европската комисија за човекови права, Европскиот суд за човекови права и Комитетот на министри на Советот на Европа. Согласно Конвенцијата, жалби може да се доставуваат против страните потписнички од други страни потписнички или од поединци, групи и невладини организации. По поднесување на жалбата до судот, истата најпрво треба да се разгледа дали е издржана за понатамошно процесуирање или за нејзино целосно отфрлање. Доколку се прифаќа, треба да биде разгледана од страна на судот и по истата треба да се донесе одлука. Конечните одлуки на судот се обврзувачки за засегнатата страна. Спроведувањето на одлуката од страна на судот се следи од страна на Советот на министри на Советот на Европа.

Во однос на начинот на изборот на судии, **г-динот Кејлворт** кажа дека судот е составен од 47 судии, или број кој што е еднаков на оној на страните потписнички на Конвенцијата. Судиите се избираат од Парламентарното собрание на Советот на Европа, кој гласа по листата од предложени три кандидати од секоја земја членка, доставена од страна на владата на таа земја. Мандатот на судиите е шест години, со можност на повторен избор. Г-динот Кејлворт потенцираше дека судиите делуваат во лично својство и не претставуваат ниедна држава при донесувањето на одлуките.

Во однос на практичното работење на судот, беше кажано дека истиот се соочува со проблемот на преголем број на поднесени жалби и неможноста за нивна брза обработка, така што се наметнала потребата од процес на реформи, финализирана со усвојување на новиот Протокол 14. Протоколот кој треба да стапи на сила по ратификацијата од страна на сите земји членки (уште Русија не го ратификувала) налага еден судија, наместо досегашните тројца, самиот да одлучува дали одредена жалба доставена до судот е прифатлива или не. Ова се однесува на случаи каде јасно се гледа дали случајот може да се проследи понатаму или целосно да се отфрли. Со тоа би требало да се забрза постапката на разгледување на илјадниците жалби кои се доставуваат до судот и отфрлање на оние кои се неприфатливи, а кои досега одземаа многу време за разгледување. Исто така, тројца судии ќе имаат право да прифаќаат жалби и да донесуваат одлуки за рутински случаи кои се повторуваат, кои досега се разгледуваа од страна на седум судии. Со реформите, се предвидува судиите да бидат избирани со мандат од девет години, а Комитетот на министри во иднина да може да побара толкување на пресудата од страна на судот и да презема мерки во случаи кога засегнатата држава одбива да се придржува со одлуката на судот.

Г-ѓата Ана Степанова, законодавен застапник од Директоратот за човекови права и правни прашања, го образложи извршувањето на пресудите од страна на Европскиот суд за човекови права, вклучително и улогата на националните парламенти во тој процес. Таа нагласи дека по донесување на пресудата од страна на судот, владата на земјата од која доаѓа жалбата е должна да ја исплати сумата која е предвидена за праведна сатисфакција. Комитетот на министри е задолжен да го следи спроведувањето на одлуките од страна на владите во засегнатите земји, кои доколку не постапуват навремено на одлуката, ќе треба да плаќаат камати. Сепак, за избегнување на доставувањето преголем број на предмети кои стигнуваат во судот, националните парламенти имаат значајна улога во овој процес. Улогата на националните парламентите во однос на почитување на Конвенцијата за заштита на човековите права и фундаменталните слободи е да се погрижат нивното законодавство да биде усогласено со принципите во конвенцијата. Парламентите имаат субсидијарна улога во системот на конвенцијата, бидејќи конвенцијата не може да го замени домашното законодавство, туку само да го дополни.

Примерите на некои држави како Швајцарија, Обединетото Кралство, Финска и други земји покажуваат дека во нивниот систем предвиделе сите закони кои се донесуваат од страна на нивните парламенти да бидат во согласност и со конвенцијата.

Г-ѓата Степанова притоа посочи дека ова е добар начин за намалување на бројот на жалби кои пристигаат до судот, особено за оние случаи за кои се работи за системски недостатоци и грешки. Таа ги наброи и земјите на кои се однесувале најголем број, или 70 проценти од пресудите во 2006 година и тоа: Турција, Словенија, Украина, Полска, Италија, Русија, Франција и Романија, пресуди кои се однесуваат на директно кршење на човековите права, пресуди како резултат на системски грешки, судење во неразумен рок и слично.

Г-ѓата Ракел Кондак, советник на комесарот за човекови права, ги претстави активностите и мандатот на комесарот за човекови права кој е независна институција одговорна за промовирање на едукација, давање совети и почитување на човековите права во земјите членки, како и почитување на нормативните инструменти на Советот на Европа. Тој има во основа превентивна улога бидејќи е насочен кон давање совети, анализи и препораки до земјите членки за да ги надминат законодавните недостатоци и да се спречи кршење на човековите права во праксата. Неговата активност може да се заснова по добивање на информации за одредена влада, национален парламент, национален омбудсман, поединец или организација. Комесарот заради подобар квалитет на работата, соработува и со други меѓународни организации како Обединетите нации, Европската унија и ОБСЕ. По добивање на одредни информации, се остварува посета на засегнатата земја со цел да се утврди состојбата, со средби на највисоко ниво во институциите и дијалог со засегнатите страни, по што се подготвува извештај со препораки до земјата, а истиот се доставува до Советот на Европа и Парламентарното собрание и на крајот се објавува за медиумите. Дијалогот со тие земји продолжува до конечно надминување на проблемот. Таа нагласи дека комесарот исто така може да дава препораки за одредени законски решенија до земјите кои ги побарале тоа, да се грижи за промоцијата на човековите права во земјите членки на Советот на Европа, но и активно да соработува со омбудсманите од тие земји за подобра координација и добивање повеќе информации за состојбата и унапредувањето на човековите права во тие земји. Во однос на неговата практична работа во изминатите две години, г-ѓата Кондак рече дека комесарот остварил повеќе посети на Германија, Украина, Босна и Херцеговина, Естонија, Данска, Шведска, Полска и Турција, а исто така испратил писма до владите на Грција, Турција и Словенија за решавање на одредени прашања.

Г-ѓата Исли Гаше, извршен секретар на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ), се осврна на мандатот и активностите на оваа институција како независен механизам за следење и борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата во земјите членки на Советот на Европа и против сите активности на насилство преземени врз лица или група на лица врз основа на раса, боја, јазик, религија, националност или национално или етничко потекло. Работејќи во согласност Европската конвенција за спречување на тортура и нечовечки или деградирачки третман или казна, оваа организација нема судска превентивна машинерија за заштита на притвореници и затвореници. Нејзината работа се состои во организирање на посети на засегнати земји од страна на независни експерти, кои потоа даваат мислење до земјата. Начинот на кој работи организацијата се темели на два начелни принципи и тоа: соработка со националната власт и доверливост на дијалогот кој се води со тие власти. Во крајни случаи, доколку владата не соработува за подобрување на условите на затворениците, оваа организација може да излезе со јавни критики кои ги упатува до земјата.

Исто така, г-ѓата Гаше нагласи дека ЕКРИ има усвоено девет препораки до владите на земјите членки на Советот на Европа во кои се опфатени областите од борбата против расизмот и нетолеранцијата и обезбедуваат основа за национални политики од страна на владите во тие земји. Во делот на престои остварени во изминатите две години, беше кажано дека се направени посети на Азербејџан, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Естонија, Лихтенштајн, Грузија, Косово, Русија,

Шпанија, Грција и Турција во делот на начин на отслужување на доживотни казни, установи на социјална заштита, малолетничка деликвенција, условите на притворените лица и слично.

Г-динот Андреј Дрземцевски, шеф на Секретаријатот на Комитетот за правни прашања и човекови права во Парламентарното собрание на Советот на Европа зборуваше за улогата и активностите на овој значаен комитет. Истиот има улога во промовирањето и заштитата на човековите права и претставува еден вид советодавно тело на Парламентарното собрание. Улогата станала уште позначајна по падот на комунизмот и приемот на нови земји членки во Советот на Европа, каде била потребна контрола врз тие земји дали соодветно го применуваат владеењето на правото, дали ги почитуваат човековите права и фундаменталните слободи парламентарната демократија и правата на малцинствата. Комитетот работи на повеќе области:

- давање мислење за законодавството на одредена земја и усогласеноста со стандардите на Советот на Европа при нејзиниот прием.
- изготвување извештаи, препораки и резолуции до земјите членки и други инстанци на Советот на Европа
- активни залагања за укинување на смртната казна во земјите членки и земјите набљудувачи во Советот на Европа
- изготвување предлози за подобрување на структурите, постапките, ресурсите, механизмите и финансирањето на Европската конвенција за човекови права, а бил и тесно вклучен во елаборацијата на нејзиниот Протокол 14.
- има значајна улога во изборот на Комесарот за човекови права во Собранието на Советот на Европа и назначувањето на членовите на Европската комисија за спречување на тортура.
- испраќање свои претставници во тела на Советот на Европа
- по барање на Советот на министри, давање на мислење по нацрт конвенции пред нивно усвојување од страна на Советот.
- одржување на сослушувања со експерти и невладини организации поврзани со прашања од неговиот делокруг на работа.

Меѓу прашањата кои се на врвот на работењето на овој комитет во изминатиот период, г-динот Дрземцевски ги издвои:

- Состојбата на човековите права и демократијата во Европа
- Прекршување на човековите права во Чеченската Република
- Тајните притвори и нелегални трансфери на притвореници во земји членки на Советот на Европа
- САД и меѓународното право
- Советот за безбедност на ОН и црните листи на ЕУ
- Почитување на човековите права во борбата против тероризмот.

Г-ѓата Силвие Афхолдер, ко-секретар на Комитетот за еднакви можности за жените и мажите при Парламентарното собрание на Советот на Европа истакна дека овој комитет активно работи на елиминирање на сите форми на насилство врз жените и нивен нееднаков третман и дискриминација во однос на спротивниот пол, согласно Конвенцијата на Обединетите Нации за елиминација на дискриминацијата против жените. Комитетот будно ја следи состојбата во земјите членки на Советот на Европа и активно делува преку подготвување на извештаи и давање препораки до Парламентарното собрание на разгледување и усвојување. Г-ѓата Афхолдер рече дека истражувањата во Европа во изминатата декада покажуваат висок процент на насилство врз жените. Улогата на националните парламенти за подобрување на состојбата е

да ги ратификуваат и имплементираат сите меѓународни инструменти од оваа област, да усвојуваат планови и буџетски мерки за стопирање на насилството врз жените, да основаат комисии за дискутирање на овие прашања и следење на состојбата на терен кај своите избирачи со вклучување на невладини организации за давање мислење и информации за нивната работа, организирање семинари на оваа тема со медицински лица, претставници на школството, полицијата, социјално-професионалните групи и слично.

Овој комитет во Парламентарното Собрание на Советот на Европа работи преку своја мрежа на парламентарци во националните парламенти кои ги следат овие прашања во нивните земји и го информираат комитетот за состојбата; донесена е Препорака Rec(2002)5 за заштита на жените против насилство која е доставена до националните парламенти; се работи на идентификација на законодавни пропусти и изнаоѓање решенија на ова поле во системите на земјите членки; се подготвуваат извештаи на годишно ниво за постигнатиот напредок по овие прашања.

* * * * *

Учеството на Семинарот на Делегацијата од Собранието на Република Македонија обезбеди можност за изворно запознавање со работата и функционирањето на Советот на Европа, со неговите поединечни институции, како и со актуелните конкретни случаи на кои работат и начинот на кој ги решаваат сите прашања. Непосредниот контакт со колегите од другите парламенти и овозможи запознавање со начинот на кој се уредени човековите права, но и пропустите кои ги имаат тие земји и споредба до каде се тие во процесот на унапредување на човековите права и фундаменталните слободи. Семинарот исто така обезбеди стекнување на практични искуства за заштитата на човековите права во земјите членки на Советот на Европа, како за учесниците, така и за домаќините и даде простор за дискусија како да се изнајдат најдобри решенија за тие прашања.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ

ИЗВЕШТАЈ

од Шестата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана на 22 и 23 февруари 2007 година во Виена, Австрија

Скопје, март 2007 година

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), ја одржа својата редовна Зимска сесија на 22 и 23 февруари 2007 година во Виена, Австрија. Во рамките на Шестата зимска сесија беа одржани: седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ, одделни седници на Постојаната комисија за политички прашања и безбедност, Постојаната комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина и Постојаната комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, заедничка седница на трите постојани комисии, како и Специјална дебата на тема "Енергетската безбедност во регионот на ОБСЕ".

На Шестата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваше Јован Манасијевски, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ, Владимир Ѓорчев, член на Делегацијата и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

На сесијата, на која учествуваа над 250 парламентарци од 55 земји членки на ОБСЕ и земји партнери беа разгледани бројни прашања од надлежност на оваа Организација, од аспект на безбедноста и соработката во Европа.

На оваа сесија најголем број дискусии беа посветени на соработката со ОБСЕ/ОДИХР во однос на заедничките надлежности на ПС на НАТО за следење на изборните процеси, како и одредени недоразбирања што се случуваат во тој процес, а кои кулминирале при следењето на парламентарните избори во Србија.

СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЕСИЈА

На свеченото отворање на Шестата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ говореа: г. Горан Ленмаркер, претседател на ПС на ОБСЕ, г-ѓа Барбара Прамер, претседател на парламентот на Австрија и г. Јосеп Борел, специјален претставник на Шпанија, актуелен претседавач со ОБСЕ, како и г. Марк Перин д Бришамбо, генерален секретар на ОБСЕ.

Претседателот на Парламентот на Австрија г-ѓа Палмер им посака добредојде на учесниците на Шестата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ и изрази задоволство од големиот број на присутни пратеници, со што ова заседание претставува најголема досега одржана Зимска сесија. Тој ја нагласи значајната улога на Парламентарното собрание на ОБСЕ во унапредувањето и продлабочувањето на активностите и целите на ОБСЕ.

На пратениците им се обрати и г. Јосеп Борел, кој го истакна растечкото значење на Парламентарното собрание на ОБСЕ преку него се обезбедуваат идеи и инспирација, како и парламентарна поддршка за работата на ОБСЕ.

СЕДНИЦА НА ПОСТОЈАНИОТ КОМИТЕТ НА ПС НА ОБСЕ

Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ОБСЕ, во кој членуваат шефовите на делегациите во ПС на ОБСЕ, одржа седница на 23 февруари 2007 година. На седницата беа разгледани тековните и идните активности на Парламентарното собрание.

Претседателот г. Горан Ленмаркер, со оглед на неговото назначување за посебен координатор на мисијата за набљудување на изборите во Србија, поднесе извештај за парламентарните избори во Србија и истакна дека тие ги задоволиле стандардите на ОБСЕ и Советот на Европа за демократски избори. Сите 100 пратеници од трите парламентрани собранија и тоа: Советот на Европа, ПС на НАТО и ПС на ОБСЕ биле позитивно изненадени од начинот како биле спроведени изборите и заклучиле дека изборите биле слободни и фер. За разлика од извештајот на трите парламентарни собранија, ОДИХР сакал понејасен заклучок во извештајот и понатаму барале да се земат предвид изборните резултати што е против правилото за непристрасност на набљудувањата, како и да се внесат бројни статистички податоци што, исто така, не било прифатливо за парламентарците. Поради овие недоразбирања ОДИХР се одлучил

да поднесе прелиминарен извештај, кој не бил целосно во иста линија со извештајот на ПС на ОБСЕ, ПС на НАТО и ПС на СЕ и предизвикал конфузија. Како излез од сегашните недоразбирања, г. Ленмаркер итно побара средба помеѓу генералните секретари на ПС на ОБСЕ и ОБСЕ пред да се организира следното следење на избори.

Во текот на сесијата, Постојаниот комитет формално го одобри оддржувањето на Годишната сесија на ПС на ОБСЕ во 2008 година во Казакстан. По тој повод на пратениците им се обрати претседателот на Сенатот на Парламентот на Казакстан г. Касим Токајев, кој истакна дека ПС на ОБСЕ е ефикасен панел за размена на мислења и искуства со цел подобрување на правните системи и форум на кој се дискутира за економскиот развој, локалната самоуправа, образованието и заштита на човековата околина. За Казакстан е привилегија да се биде домаќин на значаен форум како што е ПС на ОБСЕ, кој го олеснува меѓупарламентарниот дијалог и соработката и го зголемува учеството на земјите од Централна Азија во постигнување на главните цели на ОБСЕ. Казакстан е познат по својата клучна улога во зајакување на регионалната стабилност и во придонесот за зачувување на мирот И благосостојбата во Централна Азија. Тој ја подвлече кандидатурата на неговата земја да претседава со ОБСЕ во 2009 година и побара поддршка од сите пратеници. Евентуалната позитивна одлука на нивното барање ќе даде нов поттик за натамошен развој на Централна Азија и ќе ја зголеми улогата на ОБСЕ во овој дел на светот.

Благајникот на Парламентарното собрание сенаторот Џери Графштајн даде преглед на финасиската состојба на Организацијата при што оцени дека меѓународниот секретаријат успешно раководи со буџетот, одржувајќи највисоки стандарди на транспарентност, одговорност и ефикасност. Тој се заблагодари на Шведскиот парламент за постојаната поддршка што ја дава на претседателот Ленмаркер со цел за непречено да ја извршува својата задача како претседател на ПС на ОБСЕ на ефикасен начин. Понатаму тој се заблагодари на Данскиот парламент за нивниот финансиски придонес со кој се плаќа киријата на канцелариите на Секретаријатот во Копенхаген, како и на владите во Австрија и Германија, кои обезбедуваат финансиска поддршка за Канцеларијата за врски во Виена. Сенаторот Графштајн информираше дека до сега се пристигнати околу 80% од средствата од членарините на парламентите членки за периодот 2006/2007 година и изрази надеж дека наскоро ќе пристигне и останатиот дел од средствата.

Генералниот секретар на Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Спенсер Оливер, поднесе извештај за работата на меѓународниот секретаријат, при што се задржа на подготовките за Годишната сесија на ПС на ОБСЕ што ќе се одржи во јули 2007 година во Киев, Украина.

На седницата беше поднесен извештај на посебниот претставник за Југоисточна Европа со цел да се продолжи со набљудување на развојот на овој регион толку значаен за европскиот мир и безбедност. Посебна задача на претставникот е да ги координира активностите на парламентарната тројка на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа и трите меѓупарламентарни организации, и тоа: ПС на ОБСЕ, ПС на СЕ и Европскиот парламент. Пред се се настојува да се промовира дијалогот во сите сегменти на општеството, заради обезбедување на помирување и рехабилитација во Југоисточна Европа, а особено во Западен Балкан, како и известување за состојата во регионот, а особено прашањето за финалниот статус на Косово, иднината на Србија и Црна Гора, како и комуницирање со релевантните субјекти во рамките на ОБСЕ, кои работат на прашања поврзани со овие теми.

Шефовите на делегациите во Парламентарното собрание на ОБСЕ, исто така, дискутираа за претстојните состаноци на Собранието. Како што беше веќе најавено следната регионална конференција на ПС на ОБСЕ ќе се одржи во Андора од 24 до 27 мај 2007 година.

СЕДНИЦИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ

Првата постојана комисија за политички прашања и безбедност, одржа седница на 23 февруари 2007 година. Со седницата претседаваше г. Ханс Раидел,

потпретседател на Комисијата. На членовите на Комисијата им се обрати амбасадорот Ролф Екеус, висок комесар на ОБСЕ за национални малцинства, кој информираше за безбедносниот аспект на политиката за малцинствата во регионот на ОБСЕ. Амбасадорот Вернер Внент, шеф на Мисијата на ОБСЕ на Косово, исто така, се обрати на седницата на Комисијата и информираше за состојбата на Косово и во регионот, при што ја нагласи значајната улога на ОБСЕ и придонесот што можат да го дадат пратениците преку промоција на дијалог во балканскиот регион.

Господинот Кристијан Лорензен, известител на Првата комисија ги образложи своите намери за темите што ќе се обработуваат во извештајот и резолуциите на претстојната Годишна сесија, а кои се однесуваат на имплементација на главните препораки на Бриселската декларација. Во однос на регионот на Југоисточна Европа ќе се посветува поголемо внимание на косовското прашање, при што ќе се настојува да се одржи поголемо меѓународно присуство со проширен мандат. Во врска со реформите на ОБСЕ ќе се настојува да се продолжи со завршување на неопходните структурни реформи со цел за подобро функционирање на организацијата. Ќе се настојува да се унапреди соработката меѓу ОДИХР и ПС на ОБСЕ за следење на изборите врз основа на потпишаниот Договор за соработка меѓу двете организации од 1997 година.

Леонид Иванченко, претседател на Втората постојана комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина, претседаваше со седницата на Комисијата што се одржа на 23 февруари 2007 година. На седницата свое обраќање имаше г. Бернар Сној, координатор на ОБСЕ за економски и еколошки прашања, кој информираше за активностите на неговата Канцеларија за заштита на човековата околина со посебен акцент на енергетската безбедност и климатските промени. Господинот Роланд Блум, известител на Комисијата, ги презентираше темите кои ќе се разработуваат во неговиот извештај за Годишната сесија на ПС на ОБСЕ, а во врска со имплементацијата на Бриселската декларација. На претстојната сесија ќе се стави акцент на зголемување на улогата на ОБСЕ за проблемите на миграцијата, зголемување на свесноста за деградација на почвата и контаминацијата и правилниот начин на управување со водите за пиење, како и заштитата на храната.

Со седницата на Третата постојана комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, што се одржа на 22 февруари 2007 година претседаваше г-ѓа Сесилиа Вигстом, претседател на Комисијата. На седницата се дискутираше за значењето на слободните и демократските избори, кои ја одразуваат волјата на граѓаните. Директорот на ОБСЕ-ОДИХР г. Кристијан Строхал информираше за активностите во полето на набљудувањето на избори, при што го истакна значајниот придонес на Парламентарното собрание на ОБСЕ на овој план како со директно учество во набљудувањето на изборите, така и преку дебати и резолуции. Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите г. Миклош Харасти, исто така, информираше за неговите активности поврзани со изборите, при што образложи што претставува поволна медиумска средина за избори.

Известителот на Третата комисија г. Лопез Мадел даде преглед на основните теми кои планира да ги вклучи во извештајот за Годишната сесија: набљудување на избори, соработката со граѓанското општество, борба против антисемитизмот и исмалофобијата, како и другите форми на нетолеранција и други недоследности кои произлегуваат од извештаите на ОБСЕ/ОДИХР.

Во врска со соработката со ОБСЕ/ОДИХР за следење на изборните процеси, Комисијата силно ја поддржа идејата да се формира работна група ПС на ОБСЕ/ОДИХР во врска со утврдување на понатамошната методологијата и процедурите при набљудувањето и препорачаа кога ОДИХР ќе воведе нови инструменти кои не се споменуваат во Договорот за соработка од 1997 година, како што се таканаречените Мисии за оценување на изборите што сега се спроведуваат, треба да работи во тесна соработка со ПС на ОБСЕ.

Заедничката седница на трите постојани комисии се одржа на 22 февруари 2007 година. На оваа седница, со која претседаваше претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Лентмаркер, извештај поднесе г-ѓа Тоне Тингсгард, специјален претставник на ПС на ОБСЕ за родови прашања. Таа ги извести пратениците дека

формира неформална група наречена Група на пријатели на специјалниот претставник за родови прашања и ги покани пратениците да се придружат со цел понатамошно организирање на семинари. Како една од следните теми што би се разгледувала е имплеметацијата на Резолуцијата 1325 - жените во конфликт. Извештаи поднесоа и претседателите на трите комисии, кои информираа за работата на комисиите и резултатите од одржаните седници.

СПЕЦИЈАЛНА ДЕБАТА НА ТЕМА "ЕНЕРГЕТСКАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕГИОНОТ НА ОБСЕ "

Во рамките на Зимската сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, на 23 февруари 2007 година се одржа дебата на тема "Енергетската безбедност во регионот на ОБСЕ". Преку 20 говорници од САД и Канада па се до Западна и Источна Европа, како и од Кавкаскиот регион и Централна Азија, дискутираа на оваа тема. Повеќето од нив го истакнаа значењета да се изнајде глобално решение кое ќе креира стабилност и постојаност, додека други пратеници го посочија аспектот на заштитата на човековата околина на енергетската безбедност, како што е енергетската заштеда, конзервацијата и изнаоѓањето на алтернативни извори на фосилните горива. Се истакна дека претстојат уште помалку од десет години за да се избегнат катастофални климатски промени и затоа е потребно што е можно поефикасно да се дејствува. Исто така, повеќето од говорниците посочија дека енергијата никогаш не смее да се користи како политички инструмент.

* * * * *

Шестата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ во целост ги исполни своите поставени цели: интеракција со владината димензија на ОБСЕ, следење на одлуките што Парламентарното собрание ги донесе на Годишната сесија одржана во јули 2006 година во Брисел и овозможување на дијалог и меѓусебно влијание за теми и прашања во врска со активностите на ОБСЕ.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ

ИЗВЕШТАЈ

од Шеснаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана од 5 до 9 јули 2007 година во Киев, Украина

Скопје, јули 2007 година

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), ја одржа Шеснаесеттата годишна сесија од 5 до 9 јули 2007 година во Киев, Украина. Во рамките на редовната годишна сесија беа одржани седници на трите постојани комисии на ПС на ОБСЕ: Постојаната комисија за политички прашања и безбедност, Постојаната комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина и Постојаната комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ и состаноци на политичките групи[1] во Собранието.

На Шеснаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваа пратениците г. Јован Манасијевски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ и г. Владимир Ѓорчев, член на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На сесијата учествуваа над 500 парламентарци од 55 земји учеснички и земји партнери на ОБСЕ, како и Парламентарна делегација од Авганистан, специјални гости од меѓународните парламентарни собранија[2] и претставници на ОБСЕ. Парламентарното собрание на ОБСЕ разгледа бројни прашања од надлежност на оваа организација, од аспект на безбедноста и соработката во Европа и усвои "Киевска декларација", која ќе биде упатена до владите на сите 56 земји учеснички во ОБСЕ.

СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА ГОДИШНАТА СЕСИЈА

На свеченото отворање на Шеснаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ говореа: г. Виктор Јушченко, претседател на Украина, г. Јоран Ленмаркер, претседател на ПС на ОБСЕ, г. Олександр Мороз, претседател на Парламентот на Украина и г. Мигел Анхел Моратинос, министер за надворешни работи на Шпанија и претседавач со ОБСЕ.

Претседателот на Украина, г. Виктор Јушченко во своето обраќање ја истакна цврстата поддршка на активностите на ОБСЕ, нагласувајќи дека Организацијата треба да претставува пример за рамноправна соработка и корисно партнерство за промовирање на заедничките цели и разрешување на заедничките предизвици. Тој ја нагласи значајната улога на Парламентарното собрание на ОБСЕ, подвлекувајќи дека демократијата не е возможна без демократски избрани парламенти. Во тој дух, тој ги покани членовите на Парламентарното собрание на ОБСЕ да ги набљудуваат парламентарните избори во Украина, што ќе се одржат во септември 2007 година. Подвлекувајќи ја потребата за транспаренти уставни реформи и предвремени парламентарни избори, со цел да се промовира поголема одговорност и поблиски врски меѓу граѓаните и Владата, украинскиот претседател оцени дека овие избори треба да донесат нова перспектива за Украина. Претседателот Јушченко оцени дека апсолутниот имунитет на украинските пратеници го спречува прочистувањето на парламентот од криминалните шеми и корупцијата и се заложи за ограничување на привилегиите и имунитетот на пратениците, во согласност со европските стандарди.

Gospodinot Joran Lenmarker, pretsedatel na Parlamentarnoto sobranie na OBSE se zalo`i za zacvrstuvawe na ulogata na PS na OBSE, so cel da ovozmo`i poddr{ka na OBSE vo razre{uvaweto na postojnite konflikti i spre~uvaweto na novi konflikti, po~ituvaweto na ~ovekovite prava, borbata protiv nelegalnata trgovija so lu|e i nabquduvaweto na izborite. Toj

[1] Група на демохристијани и конзервативци, Група на социјалисти и социјалдемократи, Група на либерали и Група на зелените.

[2] Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка, Собранието на Западноевропската унија, Парламентарното собрание на Советот на Европа, Интерпарламентарното собрание на Заедницата на независните држави и Нордискиот совет.

oceni deka e potrebno pogolemo vklu~uvawe na zemjite od Centralna Azija i Kavkaskiot region vo aktivnostite na OBSE. So taa cel, Parlamentarnoto sobranie narednata godina }e ja odr`i svojata godi{na sesija vo Kazahstan. Pretsedatelot Lenmarker ja pozdravi Parlamentarnata delegacija na Turkmenistan, koja po podolg period na otsustvo povtorno se vklu~uva vo rabotata na PS na OBSE i Parlamentarnata delegacija na Avganistan, koja za prv pat u~estvuva vo aktivnostite na Parlamentarnoto sobranie. Toj, isto taka ja istakna neophodnosta za razre{uvawe na "smrznatite konflikti" vo oblasta na OBSE: Nagorno Karabak, Abhazija, Ju`na Osetija i Transdnistrija.

Претседателот на Парламенот на Украина, г. Олександр Мороз се задржа на значењето на парламентарната демократија, истакнувајќи дека Украина е независна и демократска земја, која е дел од традициите на регионот на ОБСЕ и која се раководи од идеите на европскиот парламентаризам.

На пратениците им се обрати и г. Мигел Анхел Моратинос, министер за надворешни работи на Шпанија и претседавач со ОБСЕ. Тој информираше за приоритетите на Шпанското претседавање со ОБСЕ, при што се задржа на процесот на реформи во рамките на организацијата. Во врска со состојбата на Косово, министерот Моратинос нагласи дека најзначајно во моментов е да се создаде атмосфера на помирување. Во споредба со другите меѓународни организации, ОБСЕ има најголем број на ангажирани лица на Косово, а по донесувањето на одлуката за конечниот статус на Косово, мандатот на организацијата нема да се смени, туку само ќе биде зацврстен. Господинот Моратинос, кој и самиот е парламентарец, оддаде признание за работата на Парламентарното собрание на ОБСЕ и оцени дека Собранието игра значајна улога во рамките на ОБСЕ. По излагањето, претседавачот со ОБСЕ одговараше на бројни прашања од пратениците во врска со набљудувањето на изборите, состојбата на Косово и во Авганистан, статусот на Парламентарното собрание во рамките на ОБСЕ и сл.

СЕДНИЦА НА ПОСТОЈАНИОТ КОМИТЕТ НА ПС НА ОБСЕ

Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ОБСЕ, во кој членуваат шефовите на делегациите во ПС на ОБСЕ, одржа седница на 5 јули 2007 година. На седницата беа разгледани тековните и идните активности на Парламентарното собрание.

Претседателот г. Јоран Ленмаркер даде извештај за активностите што ги реализирал во последните месеци, при што информираше за остварените официјални посети и средби и за мисиите за набљудување на избори.

Благајникот на Парламентарното собрание, сенаторот Џери Графштајн даде преглед на финасиската состојба на организацијата при што оцени дека меѓународниот секретаријат успешно раководи со буџетот, одржувајќи највисоки стандарди на транспарентност, одговорност и ефикасност. Тој информираше дека се намирени 99,66% од средствата од членарините на парламентите членки за периодот 2006/2007 година и го презентираше Предлогот на буџетот за фискалната година 2007/2008, со кој се прадвидува зголемување од 4,18%.

Генералниот секретар на Парламентарното собрание на ОБСЕ, г. Спенсер Оливер, поднесе извештај за работата на меѓународниот секретаријат. На Постојаниот комитет му беа презентирани и извештаите за активностите на специјалните

претставници за Буџетот на ОБСЕ (г. Петур Блондал), за Југоисточна Европа (г. Роберто Бателі), за медитерански прашања (г. Алси Хејстингс) и за Централна Азија (г.Кимо Килјунен), како и извештајот од Економската конфреренција на ПС на ОБСЕ, што се одржа во мај 2007 година во Андора.

На седницата се дискутираше за набљудувањето на парламентарните избори во Ерменија, каде што тимот на набљудувачи од Парламентарното собрание на ОБСЕ беше предводен од потпретседателот на Собранието, г-ѓа Тоне Тинггсгард. Стана збор и за подготовките на мисиите за набљудување на парламентарните избори во Казахстан (18 август 2007 г.) и Украина (30 септември 2007 г.).

Постојаниот комитет го повторно го разгледа Предлогот на амандманот на Правилото 39 од Деловникот на ПС на ОБСЕ[3], кој се однесува на изборот и мандатот на генералниот секретар на Парламентарното собрание. Овој предлог не го доби потребното мнозинство (консензус минус еден) од присутните шефови на делегациите.

На седницата се дискутираше и за претстојните седници на комисиите во рамките на 16. Годишна сесија. Шефовите на делегациите на Белорусија, Украина, Казахстан, Азербејџан и Русија имаа забелешки на извештајот на г. Кристиан Пил Лоренцен, известител на Првата комисија, кој се однесува на енергетската безбедност и состојбата во Белорусија.

Постојаниот комитет ги усвои десетте предлози на резолуциите за дополнителни точки за 16. Годишна сесија и одлучи во секоја комисија да бидат разгледани по три предлози на резолуции (во зависност од предложените теми и надлежностите на комисиите), а еден предлог на резолуција да биде разгледан на Пленарната седница на Собранието.

Шефовите на делегациите во Парламентарното собрание на ОБСЕ, исто така дискутираа за претстојните состаноци на Собранието: Есенските состаноци (29 септември - 2 октомври 2007 година, Порторож, Словенија), 7. Зимската сесија (февруари 2008 година, Виена, Австрија) и 17. Годишна сесија (јули 2008, Алмати, Казахстан). Беше одлучено Есенските состаноци во септември 2008 година да се одржат во Торонто, Канада, а 18. Годишна сесија на ПС на ОБСЕ да се одржи во јули 2009 година во Вилнус, Литванија.

СЕДНИЦИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ

Првата постојана комисија за политички прашања и безбедност, одржа седница на 6, 7 и 8 јули 2007 година. Со седницата претседаваше г. Жан-Шарл Гардето, претседател на Комисијата и шеф на Делегацијата на Монако. На членовите на Комисијата им се обрати генералниот секретар на ОБСЕ, амбасадорот г. Марк Перин д Бришамбо, кој информираше за активностите на ОБСЕ и одговараше на прашањата поставени од пратениците.

Господинот Кристиан Пил Лоренцен, пратеник од Данска и известител на Првата комисија ги презентираше извештајот и Предлогот на резолуцијата кои се однесуваат на енергетската безбедност во областа на ОБСЕ и состојбата во Белорусија, по што следеше дискусија и разгледување на 58 амандмани по Предлогот на резолуцијата.

Најголем број од дискутантите се задржаа на состојбата во Белорусија, при што одреден број на пратеници од поранешните советски републики го критикуваа овој дел од извештајот како премногу критичен и неизбалансиран, истакнувајќи дека е неприфатливо да се издвои само една земја како предмет на дискусија во рамките на 16. Годишна сесија. Беа упатени и забелешки на работата на Работната група на ПС на ОБСЕ за Белорусија. Делегацијата на Белорусија побара од Предлогот на резолуцијата комплетно да се отфрли вториот дел, кој се однесува на состојбата во земјата, истакнувајќи дека овој дел е апсолутно неприфатлив од гледна точка на принципите за меѓусебно почитување, дијалог и соработка на ОБСЕ.

[3] Овој предлог на амандман беше разгледуван на Седницата на Постојаниот комитет во рамките на Есенските состаноци (ноември 2007 година, Малта), кога против предлогот се изјасниија шефовите на делегациите на Франција и Бугарија.

Одреден број на пратеници и известителот г. Лоренцен истапија во одбрана на извештајот и Предлогот на резолуцијата, информирајќи за средбите со претставниците на опозицијата во Белорисија, кои учествуваа на 16. Годишна сесија во својство на специјални гости.

По дискусијата и усвојувањето на четириесеттина од предложените амандмани, Комисијата го усвои Предлогот на резолуцијата. Во резолуцијата, земјите учеснички во ОБСЕ се охрабруваат да ги имплементираат заложбите на ОБСЕ и да ги исполнат задачите во однос на енергетската безбедност, како и да ги почитуваат принципите на пазарната економија (фер конкуренција, транспарентност и недискриминаторски транзит) во енергетскиот сектор. На Владата и Парламентот на Белорусија им се сугерира да ги искористат придобивките од Иницијативата за соседство на ЕУ, при што се поздравуваат декларираните намери за почеток на дијалог и зацврстување на соработката со европските партнери. Истовремено, Владата и Парламентот се поттикнуваат на реформи на Изборниот кодекс, со цел да се исполнат стандардите на ОБСЕ, како и да го почитуваат правото на слобода на изразување и пристап до независни информации, правата на невладините организации, на религиозните верници и малцинствата. Во декларацијата, исто така се бара ослободување на сите политички затвореници во Белорусија и завршување на истрагите за исчезнатите личности.

Членовите на Комисијата ги разгледаа и усвоија следниве предлози на резолуции, како дополнителни точки на дневниот ред: "Разрешување на конфликти во областа на ОБСЕ", на предлог од г. Олег Билорус, шеф на Украинската делегација и потпретседател на ПС на ОБСЕ, "Жените во мир и безбедност", на предлог од г-ѓа Барбара Херинг, член на Швајцарската делегација и потпретседател на ПС на ОБСЕ и "Забрана на касетните бомби", на предлог од г-ѓа Ан-Мари Лизан, претседател на Сенатот на Белгија и претседател на Третата комисија на ПС на ОБСЕ. На предлогот на резолуцијата од г. Билорус беа поднесени 14 амандмани, на предлогот од г. Херинг два амандмани, а на предлогот од г-ѓа Лизан еден амандман.

На седницата на Комисијата за политички прашања и безбедност беа избрани и членовите на Бирото на Комисијата, чиј мандат започнува по завршувањето на 16. Годишна сесија и трае до завршувањето на 17. Годишна сесија на ПС на ОБСЕ. За претседател на Комисијата повторно беше избран г. Жан-Шарл Гардето, за потпретседател сенаторот Консиљо ди Нино, шеф на Канадската делегација, а за известител г. Арминас Лидека, член на Делегацијата на Литванија.

Господинот Леонид Ивашенко, претседател на Втората постојана комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина и шеф на Руската делегација, претседаваше со седницата на Комисијата што се одржа на 6 и 7 јули 2007 година.

На седницата се водеше дискусија по извештајот и Предлогот на резолуцијата, поднесени од г. Ролан Блум, известител на Втората комисија и член на Француската делегација, а кои се однесуваат на миграцијата во регионот на ОБСЕ. Во дискусијата учествуваа десет пратеници, кои се задржаа на миграционите политики и проблемите со илегалната миграција во нивните земји. По разгледувањето и усвојувањето на дел од 32 предложени амандмани, Комисијата едногласно ја усвои резолуцијата, во којашто се бара елаборација и имплементација на единствен статистички систем за миграторните движења, за да се обезбедат заеднички, непристрасни и веродостојни податоци. Во резолуцијата, исто така се повикуваат земјите учеснички во ОБСЕ да ги потпишат и ратификуваат Конвенцијата на Советот на Европа за правниот статус на работниците мигранти, Протоколот на ООН против криумчарење на мигранти преку земја, море и воздух, Протоколот на ООН за спречување, сузбивање и казнување на нелегалната трговија со луѓе, а особено со жени и деца и сл.

Комисијата разгледа и усвои три предлози на резолуции, како дополнителни точки на дневниот ред: "Нелегален воздушен транспорт на мало и лесно оружје и муниција за него", на предлог од г. Франсоа-Ксавие д Донеа, член на Белгиската делегација, "Безбедносна стратегија за животната средина", на предлог од г-ѓа Барбара Херинг, член на Швајцарската делегација и потпретседател на ПС на ОБСЕ и

"Либерализација на трансатлантската трговија", на предлог од г. Консиљо ди Нино, шеф на Канадската делегација (на кој беше поднесен и усвоен еден амандман).

На седницата на Комисијата за економски прашања, наука, технологија и животна средина повторно беа избрани истите членови на Бирото, за дополнителен мандат од една година: г. Леонид Ивашенко за претседател, г. Петрос Ефтимиу (член на Грчката делегација) за потретседател и г. Ролан Блум за известител на Комисијата.

Со седницата на Третата постојана комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, што се одржа на 6, 7 и 8 јули 2007 година претседаваше г-ѓа Ан-Мари Лизан, претседател на Комисијата и шеф на Белгиската делегација.

Известителот на Третата комисија, г. Хезус Лопез-Медел, член на Шпанската делегација, ги презентираше извештајот и Предлогот на резолицијата, кои се осврнуваат на демократијата како обврзувачка етичка вредност, развојот на јавните права и слободи, одржувањето на демократски избори и набљудувањето од страна на ОБСЕ, зајакнување на принципите за социјално вклучување, транспарентност и борбата против корупцијата, миграциите, заштитата на малцинствата и религиозните слободи и соработката за развој. На седницата на Комисијата се водеше дебата по извештајот и Предлогот на резолуцијата, како и 55-те амадмани поднесени на текстот на Предлогот на резолуцијата. Најголемо внимание предизвика амандманот на параграфот 6, во кој, меѓу другото, се подвлекува потребата за усвојување на мерки кои ќе гарантираат слобода на сексуален идентитет и еднакви права. Амандманот со кој беше предложена измена на овој дел од текстот не го доби потребното мнозинство од присутните пратеници.

Комисијата ја усвои резолуцијата во која се истакнува потребата за имплементација на активни родови политики, промоција на поголемо присуство на жените во политичката арена, слободни и независни медиуми, демократски избори, зацврстување на цивилното општество, зголемување на транспарентноста и цврсти мерки за борба против корупсцијата, гаранција на религиозните слободи итн.

На седницата на Комисијата беа разгледани и усвоени следниве предлози на резолуции по дополнителните точки: "Зацврстување на ангажманите на ОБСЕ со бранителите на човековите права и националните институции за човекови права", на предлог од г.Тони Лојд, шеф на Делегацијата на Обединетото Кралство, "Зацврстување на спротивставувањето на нелегалната трговија со луѓе во земјите учеснички во ОБСЕ", на предлог од г-ѓа Катерина Левченко, член на Украинската делегација и "Борба против антисемитизмот, расизмот, ксенофобијата и другите форми на нетолеранција, вклучувајќи и против муслиманите и Ромите", на предлог од г. Бенџамин Кардин, член на Делегацијата на САД и потпретседател на ПС на ОБСЕ. На Предлогот на резолуцијата од г. Лојд беа поднесени девет амандмани, на предлогот на г-ѓа Левченко 13 амандмани, а на предлогот на г. Кардин 37 амандмани.

За претседател на Комисијата за демократија, човекови права и хуманитарни прашања во наредниот период од една година беше избран известителот г. Хезус Лопез-Медел. За потпретседател за истиот период беше избрана г-ѓа Хилда Солис, член на Делегацијата на САД, а за известител г-ѓа Валбурга Хабсбург Дуглас, член на Шведската делегација.

ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА

Пленарната седница на 16. Годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ се одржа на 8 и 9 јули 2007 година. На седницата извештаи поднесоа г. Џери Графштајн, благајник и г. Спенсер Оливер, генерален секретар на ПС на ОБСЕ, како и специјалните претставници за Гвантанамо (г-ѓа Ан-Мари Лизан) и за антитероризам (г. Панос Коменос).

На Пленарната седница беше одржана дебата на тема: "Имплементација на заложбите на ОБСЕ". Во рамките на дебатата, во која учествуваа триесеттина пратеници, се дискутираше за широк спектар на прашања од доменот на надлежностите на ОБСЕ, како и за претстојните активности на Парламентарното собрание.

Најголем број од учесниците во дебатата, влкучувајќи го и шефот на Авганистанската делегација, се осврнаа на состојбата во Авганистан и предизвиците во врска со градењето на траен мир и зачувувањето на безбедноста. Прашањето за родовата дискриминација беше покренато од одреден број на пратеници, при што беше нагласено значењето на активностите на жените парламентарки во рамките на ПС на ОБСЕ и потребата за поголем број на парламентарки во управните тела на Собранието. Се дискутираше и за приоритетите и реформата на ОБСЕ, а особено за теренските активности, како што се набљудувањето на изборите и операциите на границите. Беше покренато и прашањето за борба против антисемитизмот и сите форми на нетолеранција.

Во текот на дебатата стана збор и за идниот статус на Косово, при што беше укажано на неопходноста за усвојување на декларација на Советот за безбедност на Обединетите нации за ова прашање. Дел од пратениците се осврнаа и на проблемите на Големиот Север, геноцидот со изгладнување (Холодомор) во 1932/33 година во Украина, состојбата во Белорусија, последиците од одлуката на Естонската влада за отстранување на споменикот на рускиот војник, потребата за затворање на Гвантанамо и сл.

На Пленарната седница беше разгледан и усвоен Предлогот на резолуцијата за "Улогата и статусот на Парламентарното собрание во рамките на ОБСЕ", поднесен од г. Ханс Раидел, пратеник од Германија. Во резолуцијата се подвлекува значењето на активностите на ПС на ОБСЕ, а особено напорите за промовирање на демократијата и вклучувањето на парламентарните институции во регионот на ОБСЕ, како и улогата на Собранието во набљудувањето на изборите.

Во рамките на 16. Годишна сесија беа израни претседател, четворица потпретседатели и благајник на Парламентарното собрание на ОБСЕ. Претседателот г. Јоран Ленмаркер едногласно беше реизбран за втор едногодишен мандат за претседател на ПС на ОБСЕ. Господинот Ленмаркер е член на Парламентот на Шведска од 1991 година, претседател на Комисијата за надворешни работи и поранешен претседател на Комисијата за европски прашања. Тој за прв пат беше беше избран за претседател на ПС на ОБСЕ на 15. Годишна сесија во Брисел, во 2006 година. Член на Парламентарното собрание е од 1996 година и поранешен претседател на Првата комисија и специјален претставник за конфликтот во Нагорно Карабак.

Парламенатарното собрание на ОБСЕ избра и четворица потпретседатели[4]:

1. г-ѓа Ан-Мари Лизан, претседател на Белгискиот сенат, член на ПС на ОБСЕ од 1992 година, досегашен претседател на Третата комисија и специјален претставник за Гвантанамо од 2005 година;
2. г. Џери Графштајн, член на Сенатот на Канада, член на ПС на ОБСЕ од 1995 година и благајник на Парламентарното собрание во изминатите шест години;
3. д-р Кимо Килјунен, член на Парламентот на Финска, член на ПС на ОБСЕ од 1995 година и специјален претставник за Централна Азија И
4. г. Памос Каменос, член на Парламентот на Грција, член на ПС на ОБСЕ од 1999 година, потпретседател на ПС на ОБСЕ од 2003 година и специјален претставник за антитерористички прашања.

Госпоѓата Ан-Мари Лизан, г. Џери Графштајн и д-р Кимо Килјунен беа избрани за мандат од три години, а г. Памос Каменос за мандат од една година.

Господинот Ханс Раидел, член на Германскиот бундестаг, едногласно беше избран за благајник на ПС на ОБСЕ, за мандат од две години.

На пленарната седница беше усвоена "Киевската декларација"[5], која ги содржи резолуциите од трите комисии, како и резолуциите по дополнителните точки. Во декларацијата се потврдува значењето на демократските вредности и се повикуваат владата на Белорусија и владите на другите земји учеснички во ОБСЕ да продолжат со своите меѓународни заложби и принципи за градење на слободни и демократски

[4] Парламентарното собрание на ОБСЕ има вкупно девет потпреседатели.
[5] Киевската декларација е достапна на web страната на ПС на ОБСЕ: www.oscepa.org

држави. Декларацијата, исто така повикува на продлабочување на активностите во врска со миграцијата и борбата против нелегалната трговија со луѓе, а особено со деца, како и растурање на криминалните мрежи што ја олеснуваат илегалната миграција. Во декларацијата се содржани и одредби во врска со жените, мирот и стабилноста, касетните бомби, безбедноста на животната средина, човековите права и нетолеранцијата. Истовремено, земјите учеснички се повикуваат да ги потпишат и ратификуваат Договорот за енергетска повелба и Протоколот од Кјото.

Во декларацијата се искажува поддршка на напорите за постигнување на мирно решение, засновано на принципите за територијален интегритет, на "замрзнатите конфликти" во Молдавија и Грузија. Исто така, се нагласува дека Парламентарното собрание на ОБСЕ претставува најзначаен фактор за зголемување на кредибилитетот на ОБСЕ во напорите за промовирање на демократијата и воспоставувањето и подобрувањето на парламентарните институции. Декларацијата го подвлекува значењето на мисиите на ОБСЕ за набљудување на избори и укажува дека парламентарците, со своето професионално и политичко искуство, во голема мерка придонесуваат кон квалитетот и визибилитетот на овие мисии.

* * * * *

Шеснаесеттата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, што се одржа од 5 до 9 јули 2007 година во Киев, Украина ја потврди улогата на Собранието во промовирањето на парламентарното учество и олеснувањето на интерпарламентарниот дијалог и соработка, како и поддршката на јакнењето на демократските институции и придонесот во соработката меѓу институците на ОБСЕ. Во дневниот ред на сесијата беа вклучени прашања за регионалната безбедност, вклучувајќи ја и енергетската безбедност, миграциите, корупцијата, демократскиот развој и изборните стандарди. Беа разгледани и прашања во врска со човековите права, борбата против различните форми на нетолеранција, заштитата на малцинствата, слободата на медиумите и нелегалната трговија со луѓе. На сесијата на пратениците им се обратија највисоките функционери на земјата домаќин и на ОБСЕ.

Во текот на Годишната сесија членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија остварија средби и контакти со пратеници од повеќе земји, како и со дипломатите од Амбасадата на Република Македонија во Украина, кои се ангажираа во остварувањето на учеството на Македонската парламентарна делегација на овој настан.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 16. Годишна сесија на ПС на ОБСЕ се оствари континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврди интересот за натамошно активно партиципирање на пратениците во активностите на меѓународните парламентарни собранија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ

ИЗВЕШТАЈ

од есенските состаноци на Парламентарното Собрание на ОБСЕ, одржани од 29 септември до 2 октомври 2007 година во Порторож, Република Словенија

Скопје, октомври 2007 година

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ги одржа своите редовни Есенски состаноци од 29 септември до 2 октомври 2007 година во Порторож, Република Словенија. Во рамките на Есенските состаноци, што Парламентарното собрание на ОБСЕ ги организираше во соработка со Националното собрание на Република Словенија, беа одржани Парламентарна конференција, седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ и Медитеранскиот парламентарен форум.

Парламентарната конференција, која беше организирана во рамките на претседавањето на ПС на ОБСЕ со Парламентарната тројка на Пактот за стабилност[6] и воедно претставуваше последен формален состанок на парламентарната димензија на Пактот, беше на тема: "Безбедноста преку соработка во Југоисточна Европа - улогата на парламентарците". Работата на Конференцијата се одвиваше преку три сесии: "Децентрализацијата и локалната власт во Југоисточна Европа", "Образованието како основа за безбедност: запознај го својот сосед" и "Регионалната соработка на полето на енергетската безбедност".

На Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: г. Јован Манасијевски, шеф на Делегацијата во ПС на ОБСЕ, г. Владимир Ѓорчев, член на Делегацијата, г. Азис Положани, претставник на Парламентарното собрание на Советот на Европа, како и г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за мултилатерална соработка и секретар на Делегацијата во ПС на ОБСЕ. На Парламентарната конференција присуствуваа и г. Трифун Костовски, градоначалник на Скопје, д-р Алајдин Абази, ректор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, како и г. Агон Ферати, г. Јелмаз Дервиши и г-ѓа Нина Павловска, студенти на овој Универзитет.

ПАРЛАМЕНТАРНА КОНФЕРЕНЦИЈА " БЕЗБЕДНОСТА ПРЕКУ СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - УЛОГАТА НА ПАРЛАМЕНТАРЦИТЕ"

Во рамките на дводневната Парламентарна конференција на тема "Безбедноста преку соработка во Југоисточна Европа - улогата на парламентарците" на учесниците им се обратија бројни претставници од земјите на Југоисточна Европа, како и високи претставници на земјата домаќин и на ОБСЕ. По обраќањата следеа дебати во кои пратениците разменија мислења и споделија искуства во врска со темите што беа разгледувани на Конференцијата.

Конференцијата ја отвори г. Јоран Ленмаркер, претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ, кој го нагласи значењето на интерпарламентарниот дијалог и улогата на пратениците во обезбедувањето на долгорочна безбедност во регионот. Во врска со трансформацијата на Пактот за стабилност, тој оцени дека ПС на ОБСЕ, ПС на СЕ и Европскиот парламент мораат да продолжат со напорите за заемна соработка, со цел да се постигнат заедничките цели и приоритети.

Претседателот Ленмаркер информираше и за неговата неодамнешна посета на Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија и Македонија (Скопје, Тетово и Охрид), во рамките на која ги посетил мисиите на ОБСЕ на теренот. Тој заклучи дека во регионот на Југоисточна Европа се случуваат огромни позитивни промени и го изрази своето цврсто уверување дека преостанатите проблеми набргу ќе бидат надминати.

Осврнувајќи се на темите кои ќе бидат разгледувани на Конференцијата, тој го посочи позитивниот пример на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, каде што студираат студенти од различни етнички заедници и го поздрави учеството на претставници од овој Универзитет на Парламентарната конфереција.

Претседателот на Националното собрание на Словенија, г. Франце Цукјати оцени дека денес, повеќе од кога било е јасно дека парламентарната дипломатија има

[6] Парламентарното собрание на ОБСЕ, Парламентарното собрание на Советот на Европа и Европскиот парламент.

незаменлива улога во меѓународната соработка и развој и во разрешувањето на меѓународните предизвици. Тој подвлече дека по една цела декада исполнета со војни и нестабилност, земјите од Западен Балкан се соочени со нов предизвик - тие ги споделуваат истите идеали за владеење на правото, парламентарната демократија и пазарната економија. Стратешка цел на сите земји од регионот е интеграција во ЕУ и НАТО.

На отворањето на Конференцијата, во својство на специјален пратеник на Шпанското претседателство со ОБСЕ, на учесниците им се обрати г. Жозеп Борел, европратеник и поранешен претседател на Европскиот парламент. Тој истакна дека членовите на Парламентарното собрание на ОБСЕ имаат клучна улога во пренесувањето на вредностите и интересите на ОБСЕ во националните парламенти. Со оглед на тоа што политичката клима меѓу земјите учеснички во ОБСЕ, како и низ целиот регион на ОБСЕ станува се покомплексна, оваа улога на парламентарците се повеќе добива во значење.

Во врска со претстојниот Министерски совет на ОБСЕ што ќе се одржи на 29 и 30 ноември во Мадрид, специјалниот пратеник се осврна на приоритетите и подготовките на Шпанското претседателство за наредните месеци. Во очи на Министерскиот совет, претседателството активно работи на обезбедување на консензус за прашањата во врска со безбедноста на животната средина, зацврстувањето на плуралистичките општества и продлабочувањето на соработката во борбата против тероризмот. Шпанското претседателство со ОБСЕ е исто така фокусирано и на справувањето со долготрајните конфликти во регионот и на продолжувањето на преговорите за нивно разрешување.

Господинот Борел се осврна и на значајната улога на Мисиите на ОБСЕ на теренот и нивниот придонес кон регионалната безбедност. Оценувајќи дека на Косово ОБСЕ постигнало многу добри резултати, тој ја подвлече подготвеноста на Организацијата да продолжи со своите активности за мониторинг и заштита на правата на заедниците, без оглед на исходот на евентуалното решение за идниот статус. Тој истакна дека ОБСЕ зазело многу неутрален став во врска со идниот статус на Косово, но смета дека решението за статусот мора да биде поддржано од Советот за безбедност на ООН.

Господинот Матјаж Шинковец, државен секретар во Министерството за надворешни работи на Словенија во своето обраќање истакна дека Словенија, во рамките на претседавањето со Европската унија во првата половина на 2008 година, ќе се фокусира на вклучување на регионот на Југоисточна Европа во Европската унија.

Господинот Роберто Батели, шеф на Словенечката делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ и специјален претставник за Југоисточна Европа, истакна дека овој собир е од особено значење, со оглед на фактот дека претставува последен настан организиран од Тројката на Пактот за стабилност, којашто од јануари 2008 година ќе се трансформира во Регионален совет со седиште во Софија. Поздравувајќи го присуството на студентите од Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, тој оцени дека овој Универзитет претставува одличен пример, како образованието може да биде предуслов за сигурно и стабилно општество.

Конференцијата продолжи со работа по три сесии. Во рамките на *првата работна сесија* на тема: "*Децентрализацијата и локалната власт во Југоисточна Европа*", воведни излагања поднесоа г. Антун Паларик, државен секретар во Централното државно биро за администрација на Хрватска и г. Трифун Костовски, градоначалник на Скопје. Модератор на работната сесија беше г-ѓа Барбара Херинг, потпретседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ.

Господинот Антун Паларик се задржа на правната рамка за ефективно демократско владеење на локално и регионално ниво во Република Хрватска. Во Хрватска постои двостепена локална самоправа со 20 жупании како единици на регионалната самоуправа и 429 општини и 126 градови (плус главниот град Загреб, кој има специјален статус), како единици на локалната самоуправа. Локалните власти вработуваат околу 10.000 службеници. Владата на Република Хрватска, во соработка со Унијата на здружението на градовите и здружението на општините и со Хрватското

здружение на жупаниите формирала Академија за локална демократија, чија цел е перманентна обука на вработените во единиците на локалната и регионалната самоуправа. Особено внимание во Хрватска се посветува на застапеноста на членовите на националните малцинства во претставничките и извршните тела, како и во професионалните услуги.

Господинот Трифун Костовски, градоначалник на Скопје, во своето излагање критички се осврна на процесот на децентрализацијата во Република Македонија, истакнувајќи дека и покрај политичката волја за имплементирање на системот на локалната самоуправа, резултатите се скромни. Причините за ова тој ги лоцира во ниското ниво на економски развој и недоволните институционални реформи во државата, како и во недоволниот капацитет на единиците на локалната самоуправа. Градоначалникот Костовски оцени дека трансферот на социо-економските, правните и финансиските надлежности од централно на локално ниво се одвива мошне бавно, а ова е особено видливо во доменот на фискалната децентрализација, даночните реформи и урбанистичкото планирање. Тој информираше дека градот Скопје одлучил да не аплицира за вклучување во втората фаза на децентрализација, бидејќи за тоа не постојат материјално-финансиски, ниту правно-нормативни услови. Прифаќањето на "декоративна" улога која би создала илузија на успешна реформа, негативно би се одразила врз процесот на децентрализацијата и врз интересите на граѓаните на главниот град.

Господинот Трифун Костовски го оцени моделот на територијалната организација во Република Македонија како апсурден, а Законот за градот Скопје како несоодветен. Тој истакна дека улогата на главниот град како посебна единица на локалната самоуправа не е прецизно дефинирана, што доведува до нејасна поделба на надлежностите, како и паралелизам и дуплирање на институциите меѓу главниот град и десетте општини во негов состав. Од друга страна, Скопје претставува огромен конгломерат на кој неприродно му се додадени многу рурални и планински региони.

За надминување на овие проблеми, градоначалникот г. Костовски предложи воведување на систем на организација со две нивоа на градот Скопје и неговите општини, сеопфатна реформа на фискалниот систем со рамноправна дистрибуција на персоналниот данок и данокот на додадена вредност, како и подобрување на системот на капитални донации.

Во дискусијата што следеше доминираа прашањата во врска со тешкотиите со кои се соочуваат главните градови, значењето на локалната самоуправа во мултиетничките општества, механизмите за вклучување на националните малцинства во локалната власт, принципите на Европската повелба за локална самоуправа на Советот на Европа и сл.

Во дискусијата учествуваше и пратеникот г. Азис Положани, кој оцени дека неаплицирањето за втората фаза на децентрализацијата не е позитивно. Нагласувајќи дека постојат други начини за надминување на постојните проблеми, тој истакна дека ги поттикнува сите градоначалници активно да се вклучат во децентрализацијата. Господинот Положани се осврна и на децентрализацијата во образованието, како и на предизвиците со кои се соочуваат мултиетничките општини.

Со *втората работна сесија* на тема *"Образованието како основа за безбедност: запознај го својот сосед"* претседаваше пратеникот г. Азис Положани, член на Парламентарното собрание на Советот на Европа и поранешен министер за образование и наука на Република Македонија. Воведни излагања по оваа работна сесија поднесоа: г. Мирко Марковиќ, помошник - министер задолжен за национални прашања во Министерството за наука, образование и спорт на Хрватска, д-р Аида Премиловац, член на Кабинетот на шефот на мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина и д-р Алајдин Абази, ректор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.

Господинот Мирко Марковиќ се задржа на достигнувањата во образованието на националните малцинства во Хрватска, а особено на промоцијата на етнички мешано школство во Источна Славонија. Образованието на малцинствата се спроведува преку повеќе модели: образование на јазикот и писмото на малцинствата (модел А), билингвално образование, со изучување на природните науки на хрватски јазик, а

социјалните науки на мајчиниот јазик и писмо (модел Б), негување на јазикот и културата (модел Ц), образование каде што малцинскиот јазик се изучува како јазик од таа област и специјални форми на образованието, како што се летни школи, зимски школи, коренспонденција и образование преку консултации.

Доктор Аида Премиловац во своето обраќање се осврна на образованието во Босна и Херцеговина, како запоставено безбедносно прашање. Таа оцени дека начинот на којшто се едуцираат децата во Босна и Херцеговина претставува закана за долгорочната стабилност на земјата. Доктор Премиловац укажа дека по војната, меѓународната заедница била фокусирана на физичката реконструкција на земјата и на поддршката на функционирањето на институциите, додека секторот на образовието не го добил потребното внимание. Ова резултирало во поделба на образовниот систем по етнички линии, што ја спречува етничката реинтеграција и поттикнува идна дестабилизација преку радикализација и поларизација на новите генерации. Таа нагласи дека според процените на Хелсиншкиот комитет за човекови права, само една третина од вкупниот број на бегалци и раселени лица се вратиле во местата каде што живееле пред војната. Само две општини, Тузла и Сараево-Центар со својот состав имаат малцинско население поголемо од 10%. По војната, учениците Бошњаци, Срби и Хрвати учат во паралелки составени од ученици од иста етничка група. Како последица на ова, многу од овие ученици имаат мали познавања за другите етникуми кои живеат во државата.

Во 2003 година била формирана Интеретничка комисија за учебници, чија цел била да ги отстрани несоодветните текстови од учебниците по јазик и литература, историја, природа и општество, географија и религија. Работата на оваа комисија не ги дала очекуваните резултати. Дополнителен проблем во образованието претставува фактот што во Босна и Херцеговина има 14 министерства за образование[7], односно децентрализираниот систем на образование во земјата не одговара на европските и светски стандарди.

Доктор Премиловац подвлече дека приоритетите на Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина се развој на соодветни образовни програми и формирање на тело кое ќе изготви образовни стандарди за целата територија на земјата.

Ректорот на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово д-р Алајдин Абази, се осврна на функционирањето на овој Универзитет, кој претставува успешен модел за обезбедување на стабилноста во Тетово, во Западна Македонија, како и на целата територија на Република Македонија. Тој нагласи дека овој Универзитет претставува уникатен модел и многу атрактивна образовна институција, која има водечка улога во високото образование во земјата и во Јужниот Балкан, пред се заради мултикултурната, мултиетничката и мултијазичната средина и пристап. Ректорот д-р Абази нагласи дека Универзитетот започнал со работа во 2001 година со 900 студенти, а денес на петте факултети (Правен, Бизнис Администрација, Јавна администрација, Комуникациски науки и технологии, Педагошка и методолошка обука) и двете виши школи (за англиски јазик и за информатичка технологија), студираат 5.200 студенти. Почетната фаза на развојот на Универзитетот на ЈИЕ била овозможена со помош на донациите од земјите членки на ОБСЕ и ЕУ и од САД. Универзитетот бил формиран со цел да придонесе кон решение на проблемот со високото образование на албански јазик, да промовира заемно интеретничко разбирање и да овозможи мултијазичен и мултикултурен пристап во образованието.

Доктор Алајдин Абази се задржа и на политиката за "флексибилна употреба на јазиците", нагласувајќи дека ова е првиот универзитет во Република Македонија, кадешто главните предмети се предаваат на албански јазик, но во исто време се обезбедени и предавања на македонски јазик. Сите студенти го изучуваат англискиот јазик (а изборно францускиот и германскиот јазик), за да можат да следат настава на англиски јазик, со меѓународен и визитинг академски кадар.

[7] Едно на државно ниво, по едно во секој етнитет (Федерацијата Босна и Херцеговина и Република Српска), по едно во секој од десетте кантони на Федерацијата и едно во независниот дистрикт Брчко.

По воведните излагања, на пратениците им се обратија студентите од Универзитетот на Југоисточна Европа, кои ги споделија своите искуства од студирањето на овој Универзитет и го искажаа задоволството од укажаната прилика да учествуваат на овој парламентарен собир.

Дискусијата во којашто учествуваа голем број на пратеници беше фокусирана на позитивните аспекти од образованието, при што беа презентирани различните модели на образованието во земјите учеснички на ОБСЕ. Во дел од дискусиите беше поздравен успешниот модел на образованието на Универзитетот на Југиосточна Европа во Тетово.

Третата работна сесија на тема *"Регионалната соработка на полето на енергетската безбедност"* ја отворија г. Рено ван дер Елст, експерт за енергија на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа и г-ѓа Јелена Бероња, офицер задолжен за Југоисточна Европа во Иницијативата за животна средина и безбедност (ЕНВЕЦ). Модератор на сесијата беше г. Роберто Батели, шеф на Словенечката делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ и специјален претставник за Југоисточна Европа.

Господинот Рено ван дер Елст го презентираше процесот Енергетска заедница, во кој се вклучени Европската комисија, Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Романија, Хрватска, Црна Гора и УНМИК, а ција цел е проширување на внатрешниот енергентски пазар на ЕУ кон регионот на Југоисточна Европа. Договорот за формирање на Енергетската заедница бил потпишан на 25 октомври 2005 година во Атина. Господинот ван дер Елст истакна дека главните цели на оваа заедница се формирање на економска рамка за енергетска мрежа, креирање на стабилен и регулиран пазар, способен за привлекување на инвестиции, формирање на заеднички регулаторен простор за трговија, зголемување на безбедноста во снабдувањето со енергија, подобрување на состојбата со животната средина и развивање на конкуренцијата на пазарот на струја и природен гас. За мониторинг на овој процес се формирани следниве институции: Министерски совет, Постојана група на високо ниво, Регулаторен одбор, форуми и Секретаријат со седиште во Виена. Со оглед на потребата за инвестиции во регионот, значајна улога во овој процес им е дадена и на донаторите.

Госпоѓата Јелена Бероња се осврна на активностите на Иницијативата за животна средина и безбедност (ENVEC), што претставува заедничка програма на Програмата за животна средина на Обединетите нации (UNEP), Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), ОБСЕ и НАТО. Во 2006 година во програмата се вклучиле и Економската комисија за Европа на Обединетите нации (UNECE) и Регионалниот центар за животна средина за Југоисточна Европа. Главна цел на оваа иницијатива е олеснување на соработката на полето на животната средина, како и промовирање на активности со кои истовремено ќе се унапредат и заштитат мирот и животната средина. Активностите на ENVEC се фокусирани во четири региони: Централна Азија, Источна Европа, Југоисточна Европа и Јужниот Кавказ. ENVEC е раководен од Одбор на директори, а активностите ги координира секретаријат. Советодавниот одбор, кој го сочинуваат донаторите, фокалните точки од националните влади (по еден во министерствата за животна средина и за финансии) и други засегнати страни, обезбедува научни и политички совети.

Госпоѓата Бероња се задржа и на Рамковната конвенција за заштита и одржлив развој на планинските региони во Југоисточна Европа, која предвидува формирање на SEE Mountain Convention Process, кој ќе ги вклучува Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора и УНМИК, како и Грција и Словенија.

Во дискусијата по воведните обраќања, членовите на Парламентарното собрание на ОБСЕ се задржаа на енергенските политики во соодветните земји, употребата на обновливите енергии, подобрувањето на енергетската безбедност и сл.

На *затворањето на Конференцијата* на учесниците им се обратија: г-ѓа Гергана Гранчарова, министер за европски прашања на Бугарија, г-ѓа Ана Лилехук, шеф на Делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа, г. Роберто Батели, шеф на Словенечката делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ и специјален

претставник за Југоисточна Европа и г. Јоран Ленмаркер, претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ .

Министерот за европски прашања на Бугарија г-ѓа Гергана Гранчарова, имформираше за приоритетите на Бугарското претседателство со Процесот за соработка во Југоисточна Европа. Таа се осврна и на трансформацијата на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа во Регионален совет за соработка, кој ќе биде инаугуриран во февруари 2008 година. Седиштето на Секретаријатот на Советот ќе биде во Сараево, а негов генерален секретар г. Хидо Бишчевиќ, заменик министер за надворешни работи на Хрватска. Секретаријатот за парламетарна соработка во рамките на Регионалниот совет за соработка ќе биде лоциран во Софија.

Госпоѓата Ана Лилехук, г. Роберто Батели и г. Јоран Ленмаркер се осврнаа на иднината на регионалната соработка во Југоисточна Европа и дадоа краток осврт на дискусиите и резултатите од Конференцијата.

СЕДНИЦА НА ПОСТОЈАНИОТ КОМИТЕТ НА ПС НА ОБСЕ

Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ОБСЕ во кој членуваат шефовите на делегациите во ПС на ОБСЕ, одржа седница на 30 септември 2007 година. На седницата учествуваше шефот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ г. Јован Манасијевски.

На седницата на Постојаниот комитет извештај за реализираните активности поднесоа: претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Јоран Ленмаркер, благајникот г. Ханс Рајдел и генералниот секретар г. Спенсер Оливер.

Во согласност со воспоставената практика, на членовите на Постојаниот комитет им се обрати генералниот секретар на ОБСЕ амбасадорот г. Марк Перин д Бришамбо, кој информираше за Предлогот на буџетот на ОБСЕ за 2008 година и одговараше на поставените прашања од страна на пратениците. Со Предлогот на буџетот за 2008 година е предвидено намалување на финансиските средства за мисиите на ОБСЕ во Македонија и во Босна и Херцеговина, но мисиите во Југоисточна Европа и понатаму заземаат најголен дел од буџетот на ОБСЕ. За мисиите во овој регион се предвидени 75,2 милиони евра, односно 65% од буџетот на сите мисии на теренот или 44% од вкупниот буџет на Организацијата.

Шефовите на Делегациите едногласно го потврдија назначувањето на г. Густаво Паларес од Шпанија за заменик на генералниот секретар на ПС на ОБСЕ. Од страна на шефот на Шведската делегација беше укажано дека со заминувањето на заменикот на генералниот секретар г. Виталиј Евсејев од Русија (на чие место беше избран г. Паларес), во Меѓународниот секретаријат на Парламентарното собрание на ОБСЕ повеќе нема висок фукционер од источните земји. Тој сугерираше при следните назначувања да се води сметка за ова прашање.

На Постојаниот комитет му беше презентиран Извештајот за набљудувањето на парламентарните избори во Казахстан и информацијата за текот на набљудувањето на парлалентарните избори во Украина, кои се одржуваа истиот ден. Главен акцент, од страна на учесниците во набљудувачкиот процес и од генералниот секретар на Собранието, беше ставен на проблемот во комуникацијата со Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОБСЕ-ОДИХР), чии претставници не се придржуваат до Договорот за соработка потпишан меѓу двете организации во 1997 година. Истовремено, пратениците беа информирани дека ПС на ОБСЕ ќе ги набљудува претстојните парламентарни избори во Русија, кои ќе се одржат на 2 декември 2007 година.

На шефовите на делегациите им се обратија и г. Роберто Батели (Словенија), специјален претставник за Југоисточна Европа, г. Кимо Килјунен (Финска), специјален претставник за Цетрална Азија и г. Алси Хејстингс (САД), специјален претставник за Медитеранот, кои информираа за своите активности, како и новоименуваниот специјален претставник за борба против организираниот криминал, сенаторот Карло Вицини (Италија), кој ја презентираше својата програма за работа.

Шефовите на делегациите во Парламентарното собрание на ОБСЕ, исто така дискутираа за претстојните состаноци на Собранието: седницата на Бирото во рамките на Состанокот на Министерскиот совет на ОБСЕ (28 ноември 2007, Мадрид), учеството на Делегацијата на Парламентарното собрание на Состанокот на Министерскиот совет (29 и 30 ноември 2007, Мадрид), Зимската сесија на ПС на ОБСЕ (21 и 22 февруари 2008, Виена), седницата на Биро на ПС на ОБСЕ (април 2008, Копенхаген), Седумнаесеттата годишна сесија на ПС на ОБСЕ (од 29 јуни до 3 јули 2008, Астана, Казахстан) и Есенските состаноци на ПС на ОБСЕ (од 18 до 21 септември 2008, Торонто, Канада).

МЕДИТЕРАНСКИ ПАРЛАМЕНТАРЕН ФОРУМ

Седницата на Медитеранскиот парламентарен форум, посветена на заштитата на малцинствата и недискриминизацијата во медитеранскиот регион ја отвори претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Јоран Ленмаркер, а на учесниците им се обратија: г. Алси Хејстингс, почесен претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ и специјален претставник за Медитеранот, амбасадорот г. Марк Перин д Бришамбо, генерален секретар на ОБСЕ, амбасадорот Омур Орхун, специјален претставник на претседавачот на ОБСЕ за борба против нетолеранцијата и дискриминацијата врз муслиманите, г. Амин Калаф, кодиректор на Центарот за еврејско-арапско образование во Израел "Hand-in-Hand", г. Соломон Паси, член на Бугарската делегација во ПС на ОБСЕ и поранешен претседавач со ОБСЕ и г. Иван Вејвода, извршен директор на Балканскиот труст за демократија.

Господинот Алси Хејстингс се задржа на проблемот со бегалците и раселените лица од Ирак, за кој оцени дека има директно влијание врз целиот медитерански регион, а особено врз соседните земји на Ирак: Јордан, Сирија и Иран. Амбасадорот г. Марк Перин д Бришамбо се осврна на можностите и перспективите на медитеранскиот дијалог во рамките на ОБСЕ. Специјалниот претставник на претседавачот со ОБСЕ г. Омур Орхун, зборуваше за концептуалните основи, приоритетите и активностите за борба против дискриминацијата во рамките на ОБСЕ, како и за почитувањето на различноста и промовирањето на меѓукултурниот и меѓурелигиозниот дијалог. Господинот Амин Калаф ги презентираше активностите на Центарот за еврејско-арапско образование во Израел "Hand-in-Hand", што опфаќаат формирање на мрежа на арапско-еврејски училишта, кои се раководени од принципите на еднаквост, двојазичност и мултикултурализам. Во моментов, во рамките на Центарот функционираат четири училишта во Галилеа, Вади Ара, Ерусалим и Бир Шива, а целта на проектот е во наредните години бројот на училиштата да се зголеми на десет. Господинот Соломон Паси се заложи за проширување на активностите на Парламентарното собрание на ОБСЕ и иницирање на соработка со парламентите на Зелено́ртските острови, Либија, Северна Кореја, Кина, а на подолг рок и со Мијанмар. Господинот Иван Вејвода се осврна на активностите на невладината организација "Балкански труст за демократија" за поддршка на демократијата, доброто владеење и евроатлантската интерграција на Југоисточна Европа.

Во дебатата што следеше дискусиите беа фокусирани на отворените прашања во зоната на Медитеранот, а пред се, на заштитата на малцинствата и недискриминизацијата. Стана збор и за преклопувањето на активностите меѓу различните парламентарни инстанци за прашања поврзани со Медитеранот, како што се Медитеранскиот форум на ПС на ОБСЕ, Парламентарното собрание на Медитреанот и Евромедитеранското парламентарно собрание.

* * * * *

Во текот на Есенските состаноци на ПС на ОБСЕ членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија остварија бројни контакти со пратеници од повеќе земји, на кои беа разменети мислења за билатералната и мултилатералната соработка и најактуелните случувања на меѓународен план. Шефот на Делегацијата на

Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ г. Јован Манасијевски, оствари одделни средби со сенаторот Карло Вицини, шеф на Италијанската делегација во ПС на ОБСЕ и специјален претставник за борба против организираниот криминал и членовите на Италијанската делегација, со г-ѓа Романа Влахитин, директор за политички прашања на Мисијата на ОБСЕ на Косово и со г. Самуил Филиповски, амбасадор на Република Македонија во Република Словенија.

На средбата со шефот и членовите на Италијанската делегација во ПС на ОБСЕ стана збор за борбата против прекуграничниот организиран криминал, перењето на пари и корупцијата и за активностите што ги презема Република Македонија, а особено Македонскиот парламент за стекнување со полноправно членство во Европската унија. Од шефот на Македонската делегација беа побарани сугестии за идните активности на новоназначениот специјален претставник за борба против организираниот криминал, г. Карло Вицини.

На средбата со г-ѓа Романа Влахитин се разговараше за активностите на Мисијата на ОБСЕ на Косово и за прашањето за идниот статус на Косово.

* * * * *

На Парламентарната конференција "Безбедноста преку соработка во Југоисточна Европа - улогата на парламентарците", седницата на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ и Медитеранскиот парламентарен форум беа разгледани бројни прашања од надлежност на ова Парламентарното собрание, пред се од аспект на безбедноста и соработката во Југоисточна Европа, како и соработката меѓу земјите од поширокиот медитерански регион и земјите членки на ОБСЕ.

На Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваа над 250 парламентарци од 44 земји членки на ОБСЕ, две земји партнери, две меѓународни парламентарни собранија и Европскиот парламент, високи претставници на земјата домаќин, на ОБСЕ и на други меѓународни организации, претставници на локалната самоуправа, образовните институции и невладините организации, како и експерти по темите кои беа дискутирани на состаноците. Со тоа Парламентарното собрание на ОБСЕ ја потврди својата улога во промовирањето на парламентарното учество и олеснувањето на интерпарламентарниот дијалог и соработка, како и поддршката на јакнењето на демократските институции и придонесот во соработката меѓу институциите на ОБСЕ.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Есенските состаноци на ПС на ОБСЕ се остварува континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање на пратениците во активностите на меѓународните парламентарни собранија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Интерпарламентарната унија

ИЗВЕШТАЈ
за учеството на 116-то собрание на Интерпарламентарната унија,
одржано од 29 април до 4 мај 2007 година
во Нуса Дуа, Бали, Индонезија

Скопје, јуни 2007 година

Собранието на Интерпарламентарната унија (ИПУ) го одржа своето редовно 116-то заседание од 29 април до 4 мај 2007 година, во Меѓународниот конференциски центар во Нуса Дуа, Бали, Индонезија. На 116-то Собрание на ИПУ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците Силвана Бонева, шеф на Делегацијата, Јани Макрадули, Горан Мисовски, Ружди Матоши и Флора Кадриу членови на Делегацијата, Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието, Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата и Анита Огњановска, Раководител на Одделение.

Во рамките на 116-то Собрание на ИПУ седници одржаа трите постојани комисии на Интерпарламентарната унија, Управниот совет на ИПУ, Здружението на генералните секретари на парламентите, како и други тела, геополитички групи и облици на ангажирање во рамките на ИПУ.

116-то СОБРАНИЕ НА ИПУ

Сто и шеснаесетото Собрание на Интерпарламентарната унија го отвори г. Пјер Фердинандо Казини, претседател на ИПУ. По официјалното отворање на Собранието, г. Агунг Лаксоно (Индонезија) беше избран за претседател на Собранието. Во работата на Собранието учествуваа делегации на 111 парламенти.[8] Од придружните членови во работата на Конференцијата учествуваа регионалните парламентарни асоцијации,[9] а во својство на набљудувачи - делегација на Палестина, како и претставници на повеќе тела и специјализирани агенции на ООН[10] и други претставници на меѓународни и регионални организации,[11] на невладини организации[12] итн.
На Заседанието учествуваа 1.148 делегати, од кои 588 члена на парламенти. Од делегатите - членови на парламентите, 36 беа носители на претседавачка функција, 27 носители на потпретседавачка функција и 156 жени парламентарки (26,5%).

[8] Авганистан, Алжир, Андора, Ангола, Австралија, Австрија, Бангладеш, Бахреин, Белгија, Белорусија, Боливија, Боцвана, Бразил, Бугарија, Буркино Фасо, Боцвана, Брегот на Слоновата Коска, Бурунди, Камбоџа, Канада, Чиле, Кина, Конго, Куба, Кипар, Чешката Република, Демократска Република Конго, Данска, Египет, Ел Салвадор, Естонија, Етиопија, Финска, Франција, Габон, Германија, Гана, Грција, Гватемала, Унгарија, Исланд, Индија, Индонезија, Иран, Ирска Италија, Јапонија, Јордан, Казахстан, Кенија, Кувајт, Народна Демократска Република Лао, Латвија, Либан, Либерија, Либиска Арапска Џамахирија, Луксембург, Малезија, Малдиви, Малта, Мексико, Монако, Монголија, Мароко, Мозамбик, Намибија, Непал, Холандија, Нов Зеланд, Нигер, Нигерија, Норвешка, Пакистан, Палау, Панама, Перу, Филипини, Полска, Португалија, Катар, Кореја, Романија, Руската Федерација, Руанда, Сан Марино, Сао Томе и Принципе, Саудиска Арабија, Сенегал, Србија, Сингапур, Словенија, Сомалија, Јужна Африка, Шпанија, Шри Ланка, Судан, Суринам, Шведска, Швајцарија, Македонија, Тунис, Уганда, Соединети Арабски Емирати, Велика Британија, Уругвај, Венецуела, Виетнам, Јемен, Замбија и Зимбабве.

[9] Андскиот парламент, Источноафричкото законодавно собрание, Латинскоамериканскиот парламент, Европскиот парламент, Парламентарното собрание на Советот на Европа и Парламентот на Економската заедница на западноафриканските држави.

[10] Обединетите нации, Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (УНЦТАД) Меѓународната организација на трудот (ИЛО), Организацијата за храна и земјоделство (ФАО), Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСЦО), Канцеларијата на Високиот комесар на ООН за бегалци (УНХЦР), Организацијата за образование, наука и култура (УНЕСЦО), Фондот за деца на ООН (УНИЦЕФ), Волонтерите на ООН (УНВ), Светската организација за здравство (ЊХО), Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд (ИМФ) и Светската трговска организација (ЊТО).

[11] Африканската унија, Меѓународната организација за миграции (ИОМ), Лигата на арапските држави, Арапската интерпарламентарна унија (АИПУ), Африканската парламентарна унија (АПУ), Собранието на Западноевропската унија (АЊЕУ), Здружението на европските парламентарци за Африка (АЊЕПА), Магребскиот консултативен совет, Парламентарното собрание на Унијата на Белорусија и Руската Федерација, Парламентарното здружение за евроарапска соработка (ПАЕАЦ), Парламентарната унија на земјите на Организацијата на исламската конференција (ПУОИЦМ) и Организацијата за забрана на хемиското оружје (ОПЦЊ).

[12] Амнестѕ Интернатионал, Меѓународниот комитет на Црвениот крст (ИЦРЦ) и Меѓународната федерација на здруженијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

ИТНА ДОПОЛНИТЕЛНА ТОЧКА НА ДНЕВНИОТ РЕД

Согласно со Статутот до ИПУ пристигнаа шест предлози за дополнување на дневниот ред со итна точка, но по извршените консултации со азископацифичката геополитичка група, Индонезија и Иран, тие ги повлекоа предлозите во корист на Алжир и Индија и се договорија предлогот за итна точка предложен од **Алжир, Индонезија, Иран и Индија** да гласи:
"Меѓународната соработка во борбата против тероризмот, причините за неговото појавување и финансирање, вклучително и прекуграничното финансирање".
Овој предлог беше едногласно прифатен од сите пратеници.

Имајќи предвид дека на 30 април, Собранието ја вклучи оваа точка како дополнителна, се назначи Комисија за изготвување на нацрт резолуција составена од претставници на парламентите на Алжир, Канада, Данска, Индија, Индонезија, Иран, Јордан, Кенија, Мексико, Пакистан, Руската Федерација, Швајцарија и Венецуела. Комисијата го назначи г. Суилах (Алжир) за свој претседател, а делегатот од Иран за известител. Тие заседаваа на 1, 2 и 3 мај и подготвија текст на резолуција кој беше поднесен за усвојување на Собранието на 4 мај. Пред да се усвои резолуцијата, процедурална забелешка имаше г. Де Пикија (Франција) кој настапи во име на групата 12+ и ја прочита изјавата на групата во која се вели дека групата 12+ жали што Комисија не го зела предвид советот на генералниот секретар на ИПУ дека поднесената резолуција е против правилата на ИПУ и доколку претседателот на Собранието продолжи да работи против ИПУ правилата и ја задржи нацрт резолуцијата во процедура, групата 12+ нема да учествува во работата на Собранието по оваа точка ниту пак ќе гласа. Г. Тоха (Индонезија) посочи дека не се кршат правилата на ИПУ и дека резолуцијата не осудува ниедна земја поединечно. Тој истакна дека Индонезија, а особено Бали биле жртви на тероризмот и потенцирајќи дека милиони луѓе го напуштиле Ирак кои се проблем на соседните земји, како резултат на зголемениот број терористички акти, како никогаш досега. Американскиот конгрес гласал за повлекување на американските трупи почнувајќи од октомври 2007 година и затоа поднесената нацрт резолуција не смее да се смета како непријателска. Текстот на резолуцијата не е во спротивност со правилата на ИПУ и затоа таа треба да биде усвоена. Во дискусијата учествуваа делегати на Јапонија, Венецуела, Пакистан, Кореја, Јордан, Исламската Република Иран, Индија, Боцвана и Чиле кои беа за или против текстот на резолуцијата. На барање на Корејската делегација претседателот на Собранието побара објаснување од генералниот секретар. Тој се повика на правилото 14.2 од Статутот и членот 11 од Правилата, каде што се вели дека само една точка може да биде усвоена како итна дополнителна точка. Претходно пристигнаа шест предлози за дополна, три за теророзам, една за повлекување на трупите од Ирак, една за глобалното затоплување и една за миграциите. По преговарањата што се случија првиот ден од заседанието некои предлози се повлекоа, а се поднесе нов предлог за тероризмот, а не за повлекување на трупите од Ирак. Понатаму тој истакна дека не е практика во резолуциите на ИПУ конкретно да се споменува поеднично некоја земја. За конкретниот спор тој посоветува Собранието да го слушне извештајот на Комисијата, да забележи дека некои делегации не сакаат да гласаат по текстот на резолуцијата и да побараат Извршниот комитет да предложи амандман на Статутот за да се избегнат слични ситуации во иднина. По ваквиот развој на настаните, резолуцијата беше усвоена. Земјите членки на групата 12+ Кореја и Јапонија истакнаа дека нема да учествуваат во работата на Собранието во врска со резолуцијата со оглед дека ја сметаат контраверзна на правилата на ИПУ.

РАБОТА НА КОМИСИИТЕ

Првата постојана комисија за мир и меѓународна безбедност на седниците одржани на 30 април и 2 мај 2007 година расправаше за *вОбезбедување почит за мирна коегзистенција меѓу сите религиозни заедници и верувања во глобалниот свет".* Во работата на Комисијата учествуваше пратеникот Горан Мисовски.

Комисијата дискутираше по Извештајот и Предлогот на резолуцијата подготвени од известителите Даман Масри од Јордан и Биери од Швајцарија . На текстот на резолуцијата беа поднесени 23 амандмани. За дискусија се јавија 51 пратеник од 47 парламенти, и две меѓународни организации. По дебатата беше формирана Техничка комисија составена од парламентарци од Алжир, Белгија, Бенин, Данска, Египет, Индија, Израел, Јапонија, Малезија, Мексико, Руската Федерација, Судан, Тунис, Обединетото Кралство и Венецуела.

На седницата, исто така, беше определена темата за расправа на Првата комисија за 118-то Собрание на ИПУ:

- *За 118-то Собрание* "Улогата на парламентите во изнаоѓање баланс меѓу националната безбедност, човековата безбедност и индивидуалните слободи", а за известители ги номинираше Лорд Морис на Аберавон од Обединетото Кралство, Суклабаидија од Индија и Маваделі од Јужна Африка.

Во својата дискусија пратеникот Горан Мисовски истакна дека пратениците мора да дејствуваат во правец за обезбедување на почитување и мирна коегзистенција меѓу сите верски и религиски заедници. Тој посочи дека Република Македонија е мултиетничка и мулитикултурна суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Според податоците од последниот попис што се спроведе во 2002 година, од вкупното население кое изнесува околу 2 милиона жители, 66% од популацијата е македонско православно население, 30% се муслимани, околу 1% се католици и приближно 3% се од други вероисповеди.

Понатаму се укажа дека со Уставот на Република Македонија се гарантира слободата на вероисповед и на сите граѓани на Република Македонија им се гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет. Уставната одредба за верска слобода е дополнително прецизирана во Законот за верските заедници и религиозни групи од 1997 година. Со овој закон се уредува положбата на верските заедници, основањето и работата на религиозните групи, верската поука и верските училишта, како облик на остварување на слободата на вероисповедта и на изразување на верата. Во Република Македонија како верски заедници се регистрирани: Македонската православна црква, Исламската верска заедница, Католичката црква, Еврејската заедница и Евангелско-Методистичката црква.

Со оглед дека верската толеранција претставува една од големите вредности на македонската демократија, во соработка со ОБСЕ и со Венецијанската комисија, засилено се работи на изготвување на нов закон за верските заедници. Основната идеја е да се усвои либерален закон, во согласност со меѓународните стандарди и пракса и со почитување на македонските специфики. Во Македонија на сите граѓани од различна вероисповед им е овозможено правото на празнување на своите верски празници кои со Законот за празниците се прогласени за неработни денови.

На крајот тој ги извести пратениците дека од 26 до 28 октомври 2007 година во Охрид е предвидено одржување на Светската конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог. Конференцијата е поддржана од УНЕСКО и ќе овозможи широк дијалог и размена на мислења меѓу авторитетни претставници - духовни и верски лидери од сите религии и вери од различни географски региони во светот, како и истакнати интелектуалци и експерти на теми и области кои се особено актуелни и значајни во светски рамки. Светската конференција се очекува да биде дел од двете актуелни декади на ОН и УНЕСКО: Декада за дијалог меѓу цивилизациите и Декада за култура и мирот.

Во **Втората постојана комисија за траен развој, финансии и трговија** на 1 и 2 мај 2007 година се оствари расправата за четвртата точка на дневниот ред "*Креирање на работни места и безбедност на вработувањето во ерата на глобализација". Во работата на Вториот комитет учествуваше пратеникот Јани Макрадули.*

Комисијата ги разгледа Извештајот и Предлогот на резолуцијата поднесени од известителите, поднесените амандмани, како и информацијата подготвена од Секретаријатот.

Во дискусијата учествуваа 52 говорници од 47 земји и меѓународни организации.

Пратеникот Макрадули во своето обраќање истакна дека согласно со извештајот се менува реториката за глобализација и наместо да се плашиме, ги подготвуваме нашите земји за истата. Невработеноста е еден од најострите економски и социјални проблеми на македонската економија при што структурната неприлагоденост и ниските стапки на економскиот пораст претставуваат главна причина за високата невработеност, но затоа зголемувањето на економскиот пораст и оспособувањето на економијата за создавање нови работни места се клучни приоритети во државата.

Понатаму, пратеникот Макрадули истакна дека во земјата се воведе втор капитален финансиски столб на пензискиот систем, со што се обезбеди долгорочна стабилност на пензискиот систем, што се темели врз современите пазарни принципи во креирањето на пензиите на сегашните млади генерации.

Во Македонија во изминатиот период се отвори и процесот на фискална децентрализација, со што започна прераспределбата на клучните јавни функции на државата од централна и локална власт. Станува збор за темелна и сеопфатна децентрализација со која ќе се создадат нови локални функции во образованието, здравството, социјалната и детската заштита и заштитата на животната средина. На овој начин се мобилизираат човечките и природните ресурси за развој на локалната економија, се зголемува вработувањето и подобрувањето на социјалната положба на граѓаните, се подобрува стандардот и квалитетот на локалните јавни услуги и се зајакнуваат демократските процеси и учеството на граѓаните во уредувањето на животот во општините.

Пратеникот Макрадули посочи дека во Македонија постои свест дека глобализацијата и зголемената конкурентност бараат драстично зголемување на конкурентските способности на претпријатијата и затоа мора да ги надградуваме со образованието и ИТ способности за да се изгради економија базирана на знаења. Тој нагласи дека во земјата постои 10 годишна стратегија за образованието усвоена со консензус во Собранието, се воведе задолжително средно образование и се отвори четврт државен универзитет во источниот дел на Македонија.

Иновациите и информациите се меѓу најзначајниот извор на порастот на современите економии. Информатизацијата на современите процеси дава печат на вкупните процеси во современите општества. Секторот на телекомуникациите и информатичките технологии е битен инфраструктурен услов за динамизирање на економскиот пораст и глобалните комуникации. Либерализацијата на банкарскиот и телекомуникацискиот пазар, националната политика за привлекување на странски инвестиции наметнуваат нов тренд на пазарот на работна сила и потреба од нови и различни висококвалификувани и нискоквалификувани кадри во современите општества, а се очекува да бидат дополнителен катализатор на целокупниот економски развој на државата.

На крајот тој потенцираше дека Македонија се стекна со статусот земја кандидат за членство во Европската унија, што е доказ дека земјата е на прав пат. Овој статус овозможува рефокусирање на вниманието и на ресурсите кон економијата и потребата за забрзан развој и намалување на невработувањето. Со посветено работење и поголема соработка меѓу Парламентот и Владата ќе се продолжи промовирањето на демократијата и адаптирањето на националната економија кон глобалните трендови за зголемување на пазарот на трудот.

***за 118 Собрание* "Парламентарниот надзор на државните политики за странска помош во ерата на глобализацијата";**

Третата постојана комисија за демократија и човекови права на седниците одржани на 1, 2 и 3 мај расправаше за "*Промовирање на различностите и еднакви права за сите преку универзални, демократски и изборни стандарди*". Со Комисијата претседаваше г-ѓа J. K. Jo од Република Кореја, Во работата на Третата постојана комисија учествуваше пратеникот Флора Кадриу.

Комисијата дискутираше по Извештајот и Предлогот на резолуцијата подготвени од известителите Гадиент од Швајцарија и Николини од Уругвај, како и по амандманите на Нацртот на резолуцијата поднесени од делегациите на Алжир, Аргентина, Канада,

Чиле, Египет, Германија, Исламската Република Иран, Јапонија, Мексико, Нигерија и Швајцарија.
Во расправата учествуваа 46 дискутанти.
***За 118-то Собрание* "Оспособување на граѓаните преку ефективен режим на право на информирање".**

Генералната дебата за политичката, економската и социјалната состојба во светот со темата Глобалното затоплување: десет години по Кјото, **се одржа на 30 април, 1 и 3 мај.**
Во дебатата учестуваа 110 говорници од 97 делегации меѓу кои и Силвана Бонева, шеф на Делегацијата.

Во својата дискусија таа ги претстави напорите што Македонија ги прави во насока на приклучување кон светските напори за ублажување на климатските промени и одржливиот развој.

Република Македонија уште во 1997 година ја ратификуваше Рамковната конвенција на ОН за климатски промени и како земја која не спаѓа во групата земји од Анексот 1 на Конвенцијата, Македонија ги дели единствено општите обврски со останатите земји членки на Конвенцијата кои успешно ги спроведува со изработката на националните извештаи за климатски промени, финансиски помогнати од Глобалниот фонд за животната средина (ГЕФ) преку Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).
Таа истакна дека Македонија е страна на Протоколот од Кјото уште од неговото влегување во сила на глобално ниво на 16 февруари 2005 година. Промоцијата на Националната стратегија за механизмот за чист развој за првиот период на обврските според Протоколот од Кјото, токму во февруари оваа година и симболично го одбележа овој ден и ја потврди заложбата на Република Македонија за почитување на глобалните заложби за намалување или ублажување на климатските промени. Стратегијата претставува и еден вид портфолио на можна соработка со држави кои имаат обврски за намалување во одреден процент за одредено време на емисиите на стакленички гасови.

Таа изрази надеж дека успешното реализирање на препораките од Стратегијата во делот на спроведување на идентификуваните потенцијални проекти подобни за механизмот за чист развој од Протоколот од Кјото, ќе придонесат кон реализирање на општата цел на Република Македонија за привлекување странски инвестиции, овој пат преку промоција на инвестициите во животната средина преку предвидениот механизам од Протоколот.

Таа нагласи дека надлежните институции во Република Македонија за координирање на активностите поврзани со климатските промени и Протоколот од Кјото, веќе потпишале меморандуми за соработка во делот на спроведување на Протоколот од Кјото со релевантните министерства на Република Италија и Република Словенија. Со Италијанското министерство за животна средина е оформена заедничка канцеларија, која веќе работи и која дава техничка и правна поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање на Р Македонија.

Понатаму потенцираше дека наши најголеми придобивки од спроведувањето на Протоколот од Кјото се принципот на заеднички, но издиференцирани одговорности на земјите во напорите за справување со климатските промени, овозможувајќи им на развиените земји да инвестираат во земјите во развој и да добиваат кредити за резулатите за постигнатата редукција. Финансиите насочени преку овој механизам ќе им помогнат на земјите во развој за постигнување на целите на економски, социјален одржлив развој, како и за заштита на животната средина преку намалување на загадувањето на воздухот и водите, подобро управување со земјиштето, а придружено со социјални придобивки, развој на руралните подрачја, поттикнување на користењето на обновливите извори, намалувањето на зависноста од фосилните горива и слично.

Иако мала држава, Република Македонија е целосно посветена на спроведувањето на Договорот од Кјото и дејствува во правец на подигнување на јавната свест за значењето на ратификацијата на овој протокол.

Во завршувањето на дебатата, претседателот на Собранието прочита декларација за климатските промени, која беше потврдена од делегатите.

УСВОЈУВАЊЕ НА РЕЗОЛУЦИИТЕ НА 116-то СОБРАНИЕ НА ИПУ

На пленарна седница одржана на 4 мај 2007 година, Собранието расправаше и ги усвои извештаите на постојаните комисии и предложените резолуции за точките од дневниот ред. Усвоените резолуции се доставени во прилог на Извештајот.

Членство во Унијата

Управниот совет го одобри барањето за прием на Парламентот на Авганистан, додека заради воениот удар во Фиџи го суспендираше членството во ИПУ на оваа земја и на Узбекистан поради неплаќање на финансиските обврски. Во моментот ИПУ брои 147 члена и седум меѓународни парламентарни асоцијации како асоцирани членови.

Управниот совет го одобри барањето за добивање на статус на набљудувач на Пан - афричканскио парламент и Организацијата на договорот за напуштање на нуклеарните тестирања (СТВТО).

Финансиска состојба на Унијата и буџет за 2007 година

На седницата беше дистрибуиран писмен извештај за финансиската состојба на Интерпарламентарната унија заклучно со 31 декември 2006 година, со список на членките кои имаат заостанат долг кон Унијата. Пет земји членки на ИПУ имаат заостанат долг и се предмет на санкционирање. Генералниот секретар посочи дека ИПУ ќе ја заврши финансиската година со вишок на средства од околу 2 %. Известителот на Извршниот комитет г. Остин, (Обединетото Кралство), поднесе извештај за Предлогот на програмата и буџетот за 2007 година.

Соработка со системот на Обединетите нации

Советот го имаше прегледот на сите активности на ИПУ кои се извршиле во соработка со Обединетите нации. Се заклучи дека во последните две години соработката се проширува. Управниот совет ја поздрави пораката на генералниот секретар на ОН г. Бан Ки Мун, во која се потенцира критичната улога на националните парламенти во работата на ОН, и повика на слежни напори за градење на стратешко партнерство меѓу ИПУ и ОН.

Консолидирање на реформата на ИПУ

Извршниот совет ги одобри серијата на реформи препорачани од претседателската работна група за реформите на ИПУ. Советот го разгледа новиот аранжман за второто, октомвриско Собрание во текот на годината и реши да го имплементира врз основа на експеримент во текот на 2007 година. Постојаните комисии веќе нема да заседаваат на пленарните седници, додека ќе му се даде поголема улога на Управниот совет кој ќе треба поефикасно да ја контролира организацијата. Ќе се формира нов пленарен комитет на ИПУ, и од неговите редови ке се формира група на парламентарци, кои ќе треба да работат на зајакнување на контролната функцијата.

ДВАНАЕСЕТИ СОСТАНОК НА ЖЕНИ ПАРЛАМЕНТАРКИ

Овој состанок се одржа на 29 април и на него учествуваа 91 учеснички и 9 учесници од 64 држави. Со состанокот претседаваше г-ѓа Бајдлови од Индонезија, која говореше за напорите на Индонезија во промовирање на правата на жените. Како свој придонес во работата на Собранието, тие се одлучија да дискутираат за темата на Вториот постојан комитет за креирање на работни места во ерата на глобализацијата.

Се поделија во две групи и секоја дискутираше за поттема и предложените амандмани беа доставени до известителите од кои повеќето беа вградени во текстот на резолуцијата.

Потоа одржаа посебна седница за политичките партии и нивната улога во промовирањето на женското учество во политиката. Се дискутираше и за соработката со ОН за прашањата за половата еднаквост и за предизвиците со кои се соочуваат ОН, а особено за претстојните реформи.

ГЕОПОЛИТИЧКА ГРУПА "ДВАНАЕСЕТ ПЛУС"

Групата "Дванаесет плус" одржуваше редовни состаноци пред заседанијата на телата на Унијата на 29 април, 2, 3 и 4 мај 2007 година. Од Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија на состаноците учествуваа членовите на Управниот совет Јани Макрадули и Горан Мисовски.

На состаноците на Геополитичката група "Дванаесет плус" беа усогласени ставовите за итната дополнителна точка на дневниот ред на 116-то Собрание. Со оглед на потешкотиите во Комисијата за подготовка на резолуција за дополнителната точка, се изгради став сите делегации од Групата 12+ да не гласаат за Нацрт-резолуцијата.

ЗАСЕДАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГЕНЕРАЛНИТЕ СЕКРЕТАРИ НА ПАРЛАМЕНТИТЕ

Во текот на 116-то Собрание се одржа заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите (ЗГСП) кое е формирано како консултативно тело на ИПУ и чија примарна цел е да ги проучува законите, постапките и работните методи на различните парламенти, како и да предлага мерки за подобрување на тие методи и овозможување соработка меѓу нивните служби. На заседанието на ЗГСП учествуваше г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

Заседанието го отвори претседателот на Здружението, генералниот секретар на Парламентот на Шведска г. Андерс Форсберг, кој потоа ги промовира и новите членови на Здружението, меѓу кои беше и генералниот секретар на Собранието на Република Македонија г. Жарко Денковски.

Добредојде на сите учесници им посака домаќинот на ова заседание, генералниот секретар на Парламентот на Иноднезија, г. Фаисал Дамал. Тој даде и краток осврт на поставеноста и работата на неговиот парламент.

На заседанието се водеа општи дебати по четири теми: "Отсликување на општеството во парламентот претставено преку парламентарната служба"; "Парламентарната контрола врз одбранбените и тајните служби"; "Воведување на новите пратеници: Улогата на Секретаријатот" и "Транзиција од едно партиски во повеќе партиски систем". Модератор на дебатата по првата тема беше заменик генерален секретар на Парламентот на Канада, г. Марк Боск, со дебатата на втората тема раководеше геенралниот секретар на Норвешкиот парламент г. Ханс Братеста, модератор по третата тема беше заменик генерален секретар на Холандскиот парламент г. Хенк Бакер и модератор по четвртата тема беше генералниот секретар на Парламентот на Естонија г. Хеики Сибул.

Во рамките на третата дебата беше дистрибуирана Информацијата вУлогата на службите во запознавањето на новоизбраните пратеници со функционирањето на Собраниетог, поднесена од генералниот секретар на Собранието на Република Македонија г. Жарко Денковски. Во Информацијата се истакнува дека поради тоа што во секој парламентарен состав има поголем или помал процент на пратеници на кои им е прв мандат, се јавува и потребата од воведување во работата на новоизбраните пратеници. На последните парламентани избори во Република Македонија кои се одржаа на 5 јули 2007 година, од вкупно 120 пратеници, за 88 пратеници или 73,3%

пратеници, пратеничката функција претставува едно ново искуство. Во запознавањето на новоизбраните пратеници со работата на Собранието важна улога има Службата на Собранието на Република Македонија, која брои 190 службеници кои имаат статус на државни службеници, се наведува во Информацијата. Службата е професионална, политички неутрална и сервисно-ориентирана и ги опслужува сите пратеници, за разлика од други парламенти каде што покрај постојано вработените службеници, секоја пратеничка група во парламентот има и вработени кои што се во функција на нивните партиски интереси и даваат поддршка на една пратеничка група.

Понатаму, се наведува дека во Собранието веќе седма година се реализира Програма за практиканти со која им се овозможува на студенти кои се при крај со нивните студии, да изведуваат практична работа во Собранието на Република Македонија. Станува збор за околу 40 студенти, кои во период од шест месеца, помагаат во работата на пратеничките групи, кабинетите на претседателот и потпретседателите на Собранието, како и во секторите.

Исто така, во Информацијата се истакнува дека во овој пратенички мандат за прв пат за новоизбраните пратеници, Собранието на Република Македонија во соработка со невладината организација Национален демократски институт, во зградата на Собранието, организира т.н. Парламентарна ориентациона сесија за новоизбраните пратеници насловена како “Услуги и одговорности - Претставувајќи го народот”. На овој дводневен настан свои излагања имаа странски експерти, пратеници од претходниот мандат и раководни службеници од Собранието. Пратениците од претходниот мандат ги споделија своите богати искуства пред сегашните пратеници. Учесниците на Семинарот од редот на Службата на Собранието имаа излагања на тема: ”Вашата поддршка во Собранието” и “Вашата улога како парламентарец”. Во делот за поддршка на пратениците со Собранието, свои излагања имаа раководителите на секторите во Собранието. Секој од раководителите го презентираше делокругот на работата на својот сектор, видот на поддршка што пратениците може да ја добијат од секторот, како и постапката за добивање на бараната услуга. На темата “Вашата улога како парламентарец” свои излагања имаа заменикот на генералниот секретар и државните советници кои ја објаснија улогата на пратениците како законодавци, во смисла на нивно право да предлагаат закони и други акти кои ги донесува Собранието, да предлагаат амандмани по предлог-законите, да учествуваат во расправата на седниците на комисиите на Собранието и на пленарните седници, како и други права кои произлегуваат од Уставот на Република Македонија, Законот за пратеници и Деловникот на Собранието на Република Македонија. Од страна на Националниот демократски институт на сите пратеници им беше поделен прирачник кој е подготвен да биде практичен и пристапен и кој ќе им користи да ја исполнат својата повеќекратна улога како избрани претставници. Покрај прирачникот, секој пратеник го доби Уставот на Република Македонија и Деловникот на Собранието. Исто така, за пратениците, од страна на ИТ Одделението, беше спроведена и обука за употребата на картичките за системот за електронско гласање и говорење, се наведува во дистрибуираната информација.

БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ

Делегацијата на Собранието на Република Македонија оствари и билатерални средби со Делегацијата на Парламентот на Индонезија и на Парламентот на Чиле, при што побара што побрзо воспоставување на дипломатски односи меѓу нашите држави под уставното име на нашата земја. Делегацијата на парламентот на Индонезија, како земја членка на Советот за безбедоност на ОН, покажа посебна подготвеност за поддршка на Република Македонија и лобирање за признавање на уставното име на нашата земја кај другите земји, бидејќи во минатото и нивната земја била именувана со слично име, односно како поранешна холандска република Индонезија. Македонската делегација извести дека г. Срџан Керим ќе биде претседател на Генералното собрание на Обединетите нации за 62-то заседание, како кандидат од земјите од Источна Европа и понуди поддршка доколку е потребна во текот на претседавањето. Двете делегации

се интересираа за корените на спорот околу употребата на уставното име на нашата земја со Република Грција.

Македонската делегација ги извести соговорниците и за состојбите во регионот, важноста од решавање на косовското прашање во рамките на ОН со поддршка на планот на Марти Ахтисари.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 116-то Собрание на ИПУ беше мошне успешно, активно и конструктивно. Со настапите на пратениците се овозможи презентација на ставовите од македонските парламентарци за актуелните прашања од доменот на надлежностите на ИПУ. Покрај тоа, беше остварено активно учество во работата на организационите структури на Унијата, како и непосредни контакти и средби со парламентарци од голем број земји. Со тоа е продолжен континуитетот во соработката и во градењето на ставовите на ИПУ, а особено во поглед на афирмацијата на Република Македонија на поширок меѓународен план.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Интерпарламентарната унија

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на 117. собрание на Интерпарламентарната Унија
одржано од 8 до 10 октомври 2007 година
во Женева, Швајцарска Конфедерација

Скопје, октомври 2007 година

Собранието на Интерпарламентарната унија (ИПУ) го одржа своето редовно 117. заседание од 8 до 10 октомври 2007 година во Меѓународниот конференциски центар во Женева, Швајцарска Конфедерација. На 117. Собрание на ИПУ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците: г-ѓа Силвана Бонева, шеф на Делегацијата, г-ѓа Славица Грковска, г-ѓа Мирјана Секуловска и г-ѓа Елмазе Селмани, членови на Делегацијата, како и г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за меѓународа сорабтка и секретар на Делегацијата и г-ѓа Анита Огњановска, раководител на Одделението за поддршка на канцеларијата на генералниот секретар. На дел од активностите присуствуваа и амбасадорот г. Ѓорѓи Аврамчев и г-ѓа Билјана Тасевска, ополномоштен министер советник во Постојаната мисија на Република Македонија при Обединетите нации во Женева.

Во рамките на 117. Собрание на ИПУ беа одржани: седницата на новоформираниот Комитет за прашања на Обединетите нации, три-панел дискусии на темите кои ќе бидат разгледувани на следното Собрание, 181. сесија на Управниот совет на ИПУ, заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите, како и состаноци на други тела, геополитички групи и облици на ангажирање во рамките на ИПУ.

117. Собрание на ИПУ

Сто и седумнаесеттото Собрание на Интерпарламентарната унија го отвори г. Пјер Фернандо Казини, пратеник од Италија и претседател на ИПУ. Господинот Казини беше избран за претседател на Собранието, а г-ѓа Маргатет Менса-Вилиамс, пратеник од Намибија и потретседател на Извршниот комитет на ИПУ беше избрана за потпретседател на Собранието.

На Собранието учествуваа делегации на 125 парламенти[13] членки на ИПУ (од 147 парламенти - членки на Унијата). Од придружните членови, во работата на Собранието учествуваа регионалните парламентарни асоцијации,[14] а во својство на набљудувачи: Делегацијата на Парламентот на Палестина, претставници на повеќе тела и специјализирани агенции на ООН[15], на меѓународни и регионални организации,[16] на меѓународни парламентарни собранија[17], на невладини организации[18] итн. На 117.

---

[13] Авганистан, Австрија, Алжир, Андора, Ангола, Аргентина, Бангладеш, Бахреин, Белгија, Белорусија, Бенин, Боливија, Босна и Херцеговина, Боцвана, Бразил, Брегот на Слоновата Коска, Бугарија, Буркина Фасо, Бурунди, Венецуела, Виетнам, Габон, Гана, Гватемала, Германија, Грузија, Данска, Демократска Република Конго, Египет, Еквадор, Ел Салвадор, Естонија, Етиопија, Ерменија, Замбија, Зимбабве, Израел, Индија, Индонезија, Иран (Исламска Република), Ирска, Исланд, Италија, Јапонија, Јордан, Јемен, Јужна Африка, Казахстан, Камбоџа, Камерун, Канада, Катар, Кенија, Кина, Кипар, Конго, Куба, Кувајт, Латвија, Либан, Либерија, Либиска Арапска Џамахирија, Литванија, Лихтенштајн, Луксембург, Маврициус, Мадагаскар, Малдиви, Малезија, Мали, Мароко, Мексико, Монако, Монголија, Мозамбик, Намибија, Народна Демократска Република Лаос, Непал, Нигер, Нигерија, Никарагва, Нов Зеланд, Норвешка, Обединета Република Танзанија, Обединети Арапски Емирати, Обединето Кралство, Пакистан, Панама, Перу, Полска, Португалија, Република Кореја, Република Македонија, Романија, Руанда, Руска Федерација, Сан Марино, Сао Томе-и-Принсипе, Саудиска Арабија, Сенегал, Сингапур, Сириска Арапска Република, Словачка, Словенија, Сомалија, Србија, Судан, Суринам, Тунис, Турција, Уганда, Украина, Унгарија, Уругвај, Филипини, Финска, Франција, Холандија, Чешка Република, Чиле, Швајцарија, Шведска, Шпанија и Шри Ланка.

[14] Андскиот парламент, Законодавното собрание на Источна Африка, Европскиот парламент, Латиноамериканскиот парламент, Парламентарното собрание на Советот на Европа и Парламентот на Економската заедница на западноафриканските држави.

[15] Обединетите нации, Програмата на ОН за животна средина (UNEP), Конференцијата на ОН за трговија и развој (UNCTAD), Меѓународната организација на трудот (ILO), Организацијата за храна и земјодество (FAO) и Организацијата за образование, наука и култура (UNESCO).

[16] Светската банка, Светската трговска организација (WTO), Лигата на арапски држави и Подготвителната комисија на Организацијата на Договорот за целосна забрана на нуклеарните проби (CTBTO).

[17] Африканската парламентарна унија (APU), Арапската интерпарламентарна унија (AIPU), Азиско парламентарно собрание (APA), Собранието на Западноевропската унија (AWEU), Здружението на европски парламентарци за Африка (AWEPA), Асоцијацијата на сенати, шури и еквивалентни совети во Африка и

Собрание учествуваа и делегации на парламентите на Источен Тимор и на Мавританија, во својство на набљудувачи со можност за идно членство во ИПУ.

На Заседанието учествуваа 1075 делегати, од кои 511 членови на парламенти. Од делегатите - членови на парламентите 42 беа носители на претседавачката функција, 28 носители на потпретседавачката функција и 159 жени парламентарки (31,1%).

На попладневната сесија одржана на 8 октомври 2007 година на Собранието му се обрати г-ѓа Кристин Егерсеги-Обрст, претседател на Националниот совет на Швајцарија.

Итна дополнителна точка на дневниот ред

Согласно со Статутот, Собранието на Интерпарламентарната унија се изјаснуваше за дополнување на дневниот ред со итна дополнителна точка. Беа поднесени четири предлози за дополнување на дневниот ред:
од Обединетото Кралство: ”Намалување на ризиците од природните катастрофи и парламентарната поддршка на зацврстување на активностите против климатските ризици”;
од Исламската Република Иран: "Поддршка на независноста, сувереноста и територијалниот интегритет на Ирак ";
од Индонезија: "Итната потреба веднаш да се запре со кршењето на човековите права и повторно да се воспостават демократските права на населението на Мјанмар" и
од Бахреин, во име на Арапската група: "Поддршка на независноста и територијалниот интегритет на Ирак и отфрлање на секој обид за поделба на неговата територија".
Делегацијата на Обединетото Кралство се откажа од својот предлог во корист на предлогот од Индонезија. Делегациите на Исламската Република Иран и на Бахреин пред Собранието излегоа со заднички ревидиран предлог: ”Поддршка на независноста, сувереноста и територијалниот интегритет на Ирак”.

По извршеното поединечно јавно гласање, предлогот на Иран и Бахреин доби 672 гласови “за”, 574 гласови “против” и 117 "воздржани" гласови (Македија: 11 “против”), а предлогот на Индонезија 898 гласови “за”, 367 гласови “против” и 102 "воздржани" гласови (Македонија: 11 “за”[19]), со што овој предлог беше избран за итна дополнителна точка.

Дебатата по итната дополнителна точка се одржа попладнето на 8 октомври 2007 година. Во неа учествуваа 32 пратеници од 29 земји, по што беше формирана техничка комисија за подготвување на предлог на резолуција.

Техничката комисија, составена од парламентарци од: Замбија, Индија, Индонезија, Јапонија, Канада, Кенија, Кина, Обединета Република Танзанија, Обединетото Кралство, Уругвај, Филипини, Холандија и Чиле се состана на 9 ноември 2007 година и подготви Предлог на резолуција, која беше поднесена за усвојување на Собранието на ИПУ.

Предлогот на резолуцијата беше едногласно усвоен на седницата на Собранието, одржана на 10 октомври 2007 година.

Арапскиот свет (ASSECAA), Интерпарламентарното собрание на Евроазиската економска заедница (EURASEC), Интерпарламентарниот комитет на Економската и монетарна унија на Западна Африка (WAEMU), Консултативниот совет на Магреб, Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка (PABSEC), Парламентарното собрание на унијата на Белорусија и Руската Федерација, Парламентарната унија на земјите на Организацијата на исламската конференција (PUOICM) и Парламентарниот форум на Заедницата за развој на Јужна Африка (SADC).

[18] Amnesty International, Меѓународниот комитет на Црвениот крст (ICRC), Меѓународната федерација на здруженијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина (IFRC) и Светската федерација на асоцијациите за Обединетите нации (WFUNA).

[19] Делегацијата на Собранието на Република Македонија гласаше во согласност со договорот постигнат во рамките на геополитичката група “12+”.

Седница на комитетот за прашања на обединетите нации

Комитет за прашања на Обединетите нации ја одржа својата прва седница во рамките на 117. Собрание на ИПУ. Во работата на Комитетот учествуваа пратениците: *г-ѓа Мирјана Секуловска* и *г-ѓа Елмазе Селмани.* Овој Комитет е формиран на експериментална основа, како помошен орган на Собранието. Во очекување на конечната одлука на Управниот совет на ИПУ, Комитетот треба да го заокружи дефинирањето на својот мандат и модалитетите на функционирање, како и да изготви предлог на правила за работа.

Извештајот на г. Герт Версник, пратеник од Белгија, за природата на односите меѓу ОН и светот на парламентите беше одобрен од членовите на Комитетот и подоцна усвоен од Собранието како официјален документ на ИПУ.

Господинот Хуан Сомавиа, генерален директор на Меѓународната организација на трудот (ИЛО) и член на Советот за координација на шефовите на управните тела на органите на ОН, пред Комитетот изнесе експозе за тековниот статус на реформата на ОН, по што следуваше дискусија со членовите на Комитетот.

Господинот Аким Шнајдер, извршен директот на Програмата на ОН за животна средина (УНЕП), се осврна на опасностите со коишто се соочуваат луѓето, нациите и глобалиот економски развој, како последица на климатските промени и временските феномени. Дискусијата што следеше беше фокусирана на улогата и обврските на парламентарците во овој домен.

Претседателот на Советот за човекови права на ОН и амбасадор на Романија, г. Дору Костеа се задржа на основните можности и предизвици на ова новоформирано тело и начините на кои парламентите можат да се вклучат во работата на овој Совет.

Госпоѓата Сесил Молиние, директор на Канцеларијата на УНДП во Женева, имаше презентација на постигнатиот напредок и воочените тешкотии во реализацијата на Милениумските развојни цели (MDGs), по што следеше дискусија со членовите на Комитетот. Комитетот побара вакви извештаи да бидат презентирани на секоја годишна сесија, со посебен акцент на парламентарните иницијативи насочени кон реализација на Милениумските развојни цели.

Господинот Кобсак Чутикул од Конференцијата на ОН за трговија и развој (UNCTAD) информираше за подготовките на UNCTAD XII, што ќе се одржи во април 2008 година во Акра, Гана. Резолуцијата за парламентарната контрола на државните политики за странска помош, што се очекува да ја усвои Интерпарламентарната унија на своето следно собрание, што ќе се одржи во Јужна Африка, ќе претставува значаен придонес за состанокот во Акра.

Извештајот на г. Фин Мартин Валерснес, пратеник од Норвешка, за резултатите од првиот состанок на Советодавната група на Комитетот, одржан во јули 2007 година во Женева, беше основа за широка расправа за практичните и операционалните аспекти на идните активности на Комитетот. Идеите и предлозите што произлегоа од дискусијата беа подетално разгледани од страна на техничкатата комисија, составена од пратеници од: Белгија, Боливија, Буркина Фасо, Индија, Јужна Африка, Канада, Мароко, Мексико, Намбија, Норвешка, Пакистан, Република Кореја и Швајцарија.

Извештајот на Комитетот за прашања на Обединетите нации, подготвен од техничката комисија, подоцна беше разгледан од страна на целиот Комитет, кој даде одредени забелешки и усвои мали измени на истиот. Извештајот беше усвоен со акламација на седницата на Собранието, одржана на 10 октомври 2007 година.

Панел-дискусии

Во рамките на одлуката за консолидација на реформата на ИПУ, на седницата на Управниот совет, одржана на 30 април 2007 г. во Бали, беше усвоена Работна програма за Второто годишно собрание на ИПУ, согласно со која на 117. Собрание на Интерпарламентарната унија во Женева не беа одржани седници на трите постојани комисии. Наместо ова, на експериментална основа, беа организирани панел-дискусии за

трите теми кои се вклучени во дневниот ред на 118. Собрание на ИПУ, што ќе се одржи во април 2008 година во Јужноафриканската Унија (JAP):
- Улогата на парламентарците во изнаоѓањето на рамнотежа меѓу националната безбедност, човековата безбедност и индивидуалните слободи, како и во отстранувањето на заканите по демократијата;
- Парламентарна контрола на државните политики за странска помош и
- Работници мигранти, трговија со луѓе, ксенофобија и човекови права.

Панел-дискусија за темата која ќе биде разгледувана од Првата постојана комисија за мир и меѓународна безбедност на 118. Собрание на ИПУ

Во согласност со новиот формат на Второто годишно собрание на ИПУ, панел-дискусијата на тема: "*Улогата на парламентарците во изнаоѓањето на рамнотежа меѓу националната безбедност, човековата безбедност и индивидуалните слободи, како и во отстранувањето на заканите по демократијата*", се одржа на 9 октомври 2007 година.

Трите коизвестители на темата: г-ѓа Хленгиве Мгабадели од Јужна Африка, г. Лалит Мохан Суклабаидја од Индија и г. Марк Причард од Обединетото Кралство ги информираа учесниците за напредокот во подготовките на извештајот по оваа тема.

На пратениците им се обратија г. Мартин Шенин, специјален известител на ОН за промоција и заштита на човековите права и фундаменталните слободи во борбата против тероризмот и г. Клаудио Кордоне, директор за истражување и регионални програми на Amnesty International. Тие се задржаа на односот меѓу безбедноста и индивидуалните слободи, како и мерките кои парламентите и парламентарците треба да ги преземат за гарантирање на почитувањето на човековите права при обезбедувањето на националната безбедност.

Во дебатата по оваа тема се вклучија 23 пратеници. Дискусиите ќе бидат земени во предвид при изготвувањето на извештајот и нацртот на резолуцијата на Првата постојана комисија за 118. Собрание на ИПУ, што ќе се одржи во април 2008 година во Јужна Африка.

Панел-дискусија за темата која ќе биде разгледувана од Втората постојана комисијата за траен развој, финансии и трговија на 118. Собрание на ИПУ

Панел дискусијата на тема: *"Парламентарна контрола на државните политики за странска помош",* се одржа на 9 октомври 2007 година. Дебатата им овозможи на членовите на ИПУ поблиску да се запознаат со темата која ќе биде разгледувана од Втората комисија на Собранието во Јужна Африка. Таа исто така, им обезбеди на известителите г. Франсоа-Ксавие де Донеа од Белгија и г. Епифан Кенум од Бенин да информираат за подготовката на извештајот. Покрај коизвестителите, воведничари во дебатата беа и г. Чарлс Гор од Секретаријатот на UNCTAD и г. Марк Хале од Меѓународниот институт за одржлив развој.

По воведните излагања на панелистите, следеше дискусија во која учествуваа 26 говорници, кои се осврнаа на квалитетот и квантитетот на странската помош, како и улогата на пратениците од земјите донатори и земјите корисници во надзорот и контролата на распределбата на помошта.

Панел-дискусија за темата која ќе биде разгледувана од Третата постојана комисија за демократија и човекови права на 118. Собрание на ИПУ

Панел-дискусијата на тема: *"Работници мигранти, трговија со луѓе, ксенофобија и човекови права"* исто така се одржа на 9 октомври 2007 година. Коизвестелите г. Ендру Дисмор од Обединетото Кралство и г. Сезар Камачо од Мексико ги инфорираа учесниците за подготовката на извештајот и предлогот на резолуцијата. Пратенците ги ислушаа излагањата и на г-ѓа Рика Путонен од Канцеларијата на ОН против дрога и криминал (UNODC) и г-ѓа Џилијан Редпет од Меѓународната организација за миграции (IOM). Тие информираа за актуелната состојба на миграциите и трговијата со луѓе и се задржаа на иницијативите што треба да ги преземат парлментите и парламентариците за подобрување на условите за живот на работниците мигранти и за спречување на трговијата со луѓе.

Во дебата за овие прашања се вклучија триесеттина пратеници.

Амандмани на статутот и правилата на ИПУ

На пленарната седница, одржана на 10 октомври 2007 година Собранието усвои три амандмани на Статутот, три амандмани на Правилата на Собранието и два амандмана на Правилата на Постојаните комисии.

Со амандманите на Статутот на ИПУ се воведува обврска за поднесување на извештаи за учеството на собранијата на ИПУ до националните парламенти, со копија до генералниот секретар на ИПУ. Истовремено, со амандманите се нагласува политичката улога на претседателот на ИПУ и се воведува избор на шест потпретседатели на ИПУ, претставници на секоја од геополитичките групи.

Амандманите на Правилата на Собранието ги допрецизираат процедурите за предлагање на итна дополнителна точка, за поднесување на извештаи од страна на известителите, како и за поднесување на амандмани на предлог-резолуциите.

Амандманите на Правилата на Постојаните комисии, исто така се однесуваат на поднесувањето на извештаи и амандмани на предлог-резолуциите по темите кои се разгледуваат од комисиите.

181. Заседание на Управниот Совет на ИПУ

Заседанието на Управниот совет на ИПУ се одржа на 8, 9 и 10 октомври 2007 година, а во неговата работа учествуваа пратениците: *г-ѓа Силвана Бонева* и *г-ѓа Славица Грковска,* членови на Управниот совет[20].

Членство во Унијата

На седницата одржана на 10 октомври 2007 година Советот одлучи да го суспендира членството на Парламентот на Гвинеја, заради неплаќање на членарината во перод подолг од три години. Со оваа измена, Интер-парламентарната унија брои 146 члена-парламенти, како и седум асоцијативни членки-меѓународни парламентарни собранија.

Во врска со состојбата со Парламентот на Тајланд, Управниот совет го поздрави развојот на настаните во последните шест месеца и го покани Парламентот повторно да се вклучи во активностите на ИПУ, по парламентарните избори закажани за 23 декември 2007 година.

По препорака од Извршниот комитет, Управниот совет го одобри барањето за стекнување со статус на набљудувач, поднесено од Организацијата на Договорот за колективна безбедност (OCST).

Финансиската состојба на ИПУ

Управниот совет ги разгледа Извештајот за финансиската состоба на ИПУ заклучно со 30 јуни 2007 година и списокот на членовите кои имаат заостанати обврски спрема Унијата. Покрај Парламентот на Гвинеја, заради неплаќањето на членарните беа санкционирани уште четири парламенти. Генералниот секретар оцени дека и покрај големите вонредни трошоци на почетокот на годината, ИПУ ќе ја заврши буџетската година во рамките на предвидениот буџет.

Програма и буџет за 2008 година

Пред членовите на Управниот совет беше презентиран Предлогот на буџетот за 2008 година, којшто е ориентиран кон резултатите и обезбедува среднорочна и родова

[20] Во согласност со Правилото бр. 1.2 од Правилата на Управниот совет, во работата на Управниот Совет на ИПУ учествуваат по тројца претставници од секоја делегација. Неопходно е пратениците да се од различен пол. Делегациите кои се составени од пратеници од еден пол учествуваат во работата на Советот со два претставника.

перспектива. Од друга страна, буџетот за 2008 г. е карбонеутрален и обезбедува средства за компензација на емисиите на јаглен.

Господинот Герт Версник, пратеник од Белгија информираше за дебатата по буџетот во Извршниот комитет на ИПУ. Комитетот побарал во идните буџети одделно да бидат презентирани податоците за редовните средства и волонтерските придонеси. Со оглед на актуелноста на грижата за животната средина, Извршниот комитет ја одобрил идејата за карбонеутален буџет.

Комитетот бил против зголемувањето на членарините за 5% и побарал од генералниот секретар да направи редукции. Како резултат на ова, буџетот бил ревидиран во согласност со намалувањето на вредноста на американскиот долар, како и со укинување на некои планирани трошоци.

Во дебата по буџетот земаа учество повеќе претставници на геополитичките групи. Тие се осврнаа на неопходноста за акција за борба против климатските промени и подвлекоа дека е значајно ИПУ да одигра лидерска улога на овој план. Беше истакната потребата за финанскиска поддршка на одредени тела на ИПУ, а особено на Комитетот за човекови права на парламентарците и на Комитетот за прашања на Блискиот Исток.

Соработка со Обединетите нации

Управниот совет изрази задоволство од неодамнешната посета на генералниот секретар на Организацијата на Обедитите нации, г. Бан Ки-Мун, на седиштето на Интерпарламентарната унија во Женева. За време на посетата било дискутирано за следењето на Декларацијата за климатските промени, усвоена на 116. Собрание на Интерпарламентарната унија. Станало збор и за приоритетите на идната соработка меѓу ООН и Интерпарламентарната унија.

Советот ги разгледа различните иницијативи, преземени по неговата последна седница во Бали, со цел за имплементација на *Резолуцијата 61/6 на Генералното собрание на ОН за соработката меѓу ООН и ИПУ*, а особено во врска со поттикнувањето на соработката меѓу ИПУ и новите тела на ОН, како што е Комисијата за консолидација на мирот.

Беше дискутирано и за подготовките на Парламентарното сослушување во рамките на Генералното собрание на ОН, што за прв пат заеднички го организираат ИПУ и ООН, како и за другите идни заеднички активности на ИПУ и организациите од системот на ООН.

Консолидација на реформата на Интерпарламентарната унија

Генералниот секретар поднесе извештај за резултатите од институционалната реформа на ИПУ, што е започната пред неколку години, со цел Унијата да стане позначајна, поактуелна и повеќе видлива. Со спроведувањето на реформата веќе се зацврстени структурата и методите на работа на ИПУ, усвоена е новата програма за работа на Второто годишно Собрание, подобрени се извештаите за имплементацијата на резолуциите на ИПУ и постигнат е значен напредок во односите со Обединетите нации.

По презентацијата, Управниот совет дискутираше за улогата на претседателот на ИПУ како политички лидер на организацијата, предлогот за избор на шест потпретседатели, претставници на геополитичките групи, потребата за обезбедување на адекватни средства за Комитетот за прашања на Блискиот Исток и Комитетот за човекови права на парламентарците, како и потребата за подинамични односи со системот на ООН.

Со цел да се обезбеди статуторна рамка за продолжување на реформскиот процес, Управниот совет одобри одреден број на амандмани на Статутот и правилата на Интерпарламентарната унија, кои подоцна беа усвоени од Собранието.

Специјализирани конференции и состаноци

Членовите на Управниот совет беа информирани за резултатите од: Регионалниот семинар за улогата на парламентите во промоцијата на помирувањето и консолидацијата на рамноправни и инклузивни општества, Регионалниот семинар за воспоставување на заштитна рамка за децата од Јужна Азија: улогата на парламентарците во заштитата на децата, Регионалниот семинар за парламентите од Европа и Централна Азија за буџетскиот процес од родова перспектива и Третиот подготвителен состанок на Советодавната група на ИПУ за ХИВ/СИДА.

Извештаи за работата на комисиите и другите тела на Унијата

На седницата на 10 октомври 2007 година, на Управниот совет му беа презентирани извештаите за активностите на Координативниот комитет на жените членови на парламенти, Комитетот за прашања на Блискиот Исток, Групата за партнерство меѓу половите и Комитетот за човекови права на парламентарците.

Советот го осуди фактот што Комитетот за прашања на Блискиот Исток не одржал седница заради отсуство на поголемиот број од неговите членови. Беше изразена надеж дека со изборот на тројца нови членови, Комитетот ќе биде во можност да одговори на очекувањата поврзани со неговото функционирање.

Во извештајот на Групата за партнерство меѓу половите се истакнува дека 20 делегации (16,8%) што учествуваат на 117. Собрание на ИПУ се составени исклучиво од мажи парламентарци, што претставува највисок број во последните три години. Од друга страна, две делегации (меѓу кои и Делегацијата на Република Македонија) се составени исклучиво од жени пратенички, што претставува уназадување во однос на претходното Собрание, на коешто немало ниту една ваква делегација. Групата ќе продолжи да ги набљудува делегациите составени од пратеници од само еден пол. Истовремено, во извештајот се упатува препорака до генералниот секретар на ИПУ да им пише на делегациите кои во својот состав немаат мажи или жени пратеници, со цел да го ревидираат составот на делегациите.

За одбележување е извештајот на Комитетот за човекови права на парламентарците, кој за време на заседанието во Женева разгледа 62 случаи (од 32 земји) на нарушување на човековите права на парламентарците и одржа десет состаноци со делегации или претставници од соодветните земји. Од Комитетот беа поднесени, а од Советот усвоени 34 резолуции, што се однесуваат на 206 пратеници од: Бангладеш, Белорусија, Бурунди, Еквадор, Еритреја, Зимбабве, Израел/Палестина, Либан, Колумбија, Малезија, Мјанмар, Монголија, Пакистан, Руанда, Турција, Филипини, Хондурас и Шри Ланка.

Идни интерпарламентарни состаноци

На Управниот совет му се обрати г-ѓа Балека Мбете, претседател на Парламентот на Јужна Африка, која информираше за подготовките на 118. Собрание на Интерпарламентарната унија, што ќе се одржи од 13 до 18 април 2007 година во Кејп Таун. Советот го одобри списокот на меѓународни организации и други тела кои ќе бидат поканети да учествуваат на 118. Собрание и одлучи генералната дебата на ова Собрание да биде на тема: "*Намалување на сиромаштијата*".

Советот го разгледа и одобри календарот на идните активности на Унијата, меѓу кои: Семинарот за членови на парламетарните комисии за човекови права: "Миграцијата од перспектива на човековите права" (24-26 октомври 2007 г., Женева), Подготвителниот состанок во рамките на Форумот на ИЛО (31 октомври 2007 г., Лисабон), Годишното парламентарно сослушување во Обединетите нации (20-21 ноември 2007 г., Њујорк), Првиот глобален парламентарен состанок за ХИВ/СИДА (28-30 ноември 2007 г., Манила), Состанокот на парламентарните тела за статусот на жените и родовата еднаквост (6-8 декември 2007 г, Женева), Парламентарниот форум за борба против трговијата со луѓе (12 февруари 2008 г., Виена), Парламентарниот состанок во

рамките на 52. Сесија на Комисијата за статусот на жените (27-28 февруари 2008 г., Њујорк), 118. Собрание на ИПУ (13-18 април 2008 г., Кејп Таун), Годишната сесија на Парламентарната конференција за СТО (прва половина на 2008 г.), 119. Собрание на ИПУ (13-15 октомври 2008 г., Женева) и др.

Избори и именувања

Управниот совет со акламација ги избра г-ѓа Зора Дриф Битат (Алжир), Нго Ан Џунг (Виетнам), г. Тизазу Тога (Етиопија), г. Џај-Кун Јо (Република Кореја), г. Робер дел Пикиа (Франција) и г. Хуан Антонио Колома (Чиле) за членови на Извршниот комитет на ИПУ, со мандат до октомври 2011 година. Со оглед на тоа што за едно место на Африканската геополитичка група имаше двајца кандидати (г. Матуран Наго од Бенин и г. Ебенезер Хјуџис од Гана), Управниот совет прејде на избор со тајно гласање. Од вкупно 214 гласачки ливчиња (150 валидни и 64 празни или неважечки), 89 гласа доби г. Наго, а 61 глас г. Хјуџис, со што г. Матуран Наго беше избран за член на Извршниот комитет со мандат до октомври 2011 година.

Управниот совет, исто така ја избра г-ѓа Џозефин Фотсо за член на Извршниот комитет, со мандат до октомври 2010 гоина, на местото од г. Филип Сенде, кој повеќе не е член на Парламентот.

На седницата беа избрани и двајца членови (г-ѓа Ен Клајд од Обединетото Кралство и г. Џон Картер од Нов Зеланд) и еден заменик-член (г. Франсоа-Ксавие де Донеа од Белгија) на Комитетот за прашања на Блискиот Исток, со мандат до октомври 2011 година.

Господинот Фучел од Германија и г. Апиа-Офори од Гана беа именувани за внатрешни ревизори на Интерпарламентарната унија за финансиската година 2008.

УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА ДРУГИ ТЕЛА, ОБЛИЦИ И АКТИВНОСТИ НА УНИЈАТА

Геополитичка група “дванаесет плус”

Групата "Дванаесет плус” одржа редовни состаноци пред заседанијата на телата на Унијата на 7, 9 и 10 октомври 2007 година. Од Делегацијата на Собранието на Република Македонија во работата на Групата учествуваа *г-ѓа Силвана Бонева,* шеф на Делегацијата и *г-ѓа Мирјана Секуловска,* член на Делегацијата.

На состаноците на Геополитичката група “Дванаесет плус”, беа разгледани бројни прашања од надлежност на оваа Група и на Интерпарламентарната унија. Членовите на Групата беа информирани за работата на Извршниот комитет, на постојаните комисии и на другите тела на ИПУ, како и за реформата на Организацијата.

На состаноците на Групата, исто така беа усогласени ставовите за итната дополнителна точка на дневниот ред на Собранието. Делегацијата на Обединетото Кралство информираше дека ќе го повлече својот предлог којшто се однесува на климатските промени, во корист на предлогот поднесен од Индонезија, којшто се однесува на состојбата во Мјанмар. Беше одлучено членовите на Групата да гласаат "за" предлогот на Индонезија, а "против" предлогот на Исламската Република Иран[21], со цел како итна дополнителна точка на Собранието да биде разгледувана состојбата во Мјанмар.

Групата “Дванаесет плус” одлучи да даде поддршка на кандидатите од членовите на Групата за упразнетите функции во органите и телата на ИПУ и за техничките комисии. Со оглед на тоа што за едно место во Извршниот комитет на ИПУ беа пријавени двајца кандидати од Групата (г. Робер дел Пикиа од Франција и г. Доналд Оливер од Канада), со тајно гласање г. дел Пикиа беше избран за официјален кандидат за член на Извршниот комитет од Групата “Дванаесет плус”.

[21] Во моментот на одлучување во рамките на Групата 12+, се уште не беше поднесен предлогот за итна дополнителна точка од Бахреин.

Заседание на Здружението на Генералните секретари на парламентите

Здружението на генералните секретари на парламентите (ЗСГП) одржа седници на 8, 9 и 10 октомври 2007 година. На Заседанието на ЗГСП учествуваше г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

Здружението на генералните секретари на парламентите е формирано како консултативно тело на ИПУ и негова примарна цел е да ги проучува законите, постапките и работните методи на различните парламенти. ЗГСП работи самостојно и функционира во согласност со неговиот сопствен деловник за работа.

Заседанието го отвори претседателот на Здружението, генералниот секретар на Парламентот на Шведска, г. Андерс Форсберг, кој истакна дека овие заседанија претставуваат одлична можност за размена на искуства и знаења меѓу парламентите претставени преку своите генерални секретари.

На Заседанието се водеше општа дебата по темата: "Нова димензија, односно развој на регионалните парламенти во Африка: Улогата и предизвиците на Пан-Африканскиот парламент и регионалните собранија". Модератор на дебатата беше генералниот секретар на Националното собрание на Кенија, г. Самуел Ваверу Ндиндри.

Покрај оваа тема на Заседанието интересни излагања по различни теми имаа и: генералниот секретар на Претставничкиот дом на Австралија г. Јан Харис, на тема: "Парламентарните процедури за дисциплинирање и исклучување на пратениците", генералниот директор на ЕБУ г. Борис Бергант, на тема: "Парламентите и телевизијата" и г. Жерардо Касини од Глобалниот Центар за информирање на тема: "Информатичката технологија и парламентите".

Свои презентации околу поставеноста и работата на нивните парламенти имаа: генералниот секретар на Парламентот на Брегот на Слоновата Коска г. Бриси Лукас Гвехи, околу методите за подготовка на седниците на Парламентот на Брегот на Слоновата Коска, потоа генералниот секретар на Парламентот на Камбоџа г. Сарит Оум, ја презентираше стратешката рамка за градење на капацитетот на Камбоџискиот парламент итн.

Потпретседателот на Здружението, генералниот секретар на Сенатот на Чиле г. Карлос Хофман Контрерас, се осврна на целите, функционирањето и полето на интерес на интерпарламентарните организации во светот.

Генералниот секретар на Парламентот на Јужна Африка г. Зингиле А. Дингани, информираше за подготовките за одржувањето на следното заседание на ЗГСП, што ќе се одржи во Кејп Таун, во рамките на 118. Собрание на Интерпарламентарната унија.

Други активности во текот на собранието

На 8 октомври 2007 година беше промовиран *Прирачникот за парламентарци за Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби и нејзиниот факултативен протокол: Од исклученост до еднаквост - остварување на правата на лицата со посебни потреби*. Овој прирачник е заеднички проект на Интерпарламентарната унија, Високиот комесаријат на ОН за човекови права и Секторот за економски и социјални работи на ОН. Целта на прирачникот е поблиску да ги запознае пратениците со Конвенцијата и на тој начин да ја олесни нејзината ратификација и имплементација.

На 10 октоври 2007 година, во рамките на седницата на Управниот совет беше организиран специјален настан за одбележување на Десетгодишнината од Универзалната декларација за демократија, усвоена во септември 1997 година во Каиро. По овој повод, на членовите на Управниот совет им се обратија: г. Пјер Фернандо Казини, претседател на Интерпарламентарната унија, г-ѓа Балека Мбете, претседател на Националното собрание на Јужна Африка, г-ѓа Хино Бурџанадзе, претседател на Парламентот на Грузија и г. Фатмир Сорур, поранешен претседател на Народното собрание на Египет и претседател на Советот на Интерпарламентарната унија за време на 98. Конфренција на ИПУ, на која беше усвоена декларацијата.

Управниот совет со акламација усвои Декларација за Десетгодишнината од усвојувањето на Универзалната декларација за демократија.

Во текот на Собранието беа одржани седници на Извршниот комитет, Координативниот комитет за жените парламентарки, Комисијата за човекови права на парламентарците, Комитетот за прашања на Блискиот Исток и Групата за партнерство меѓу половите.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Учеството на Собранијата на Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции, што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено за клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Истовремено, собранијата на ИПУ претставуваат извонредна можност за остварување контакти и размена на мислења со пратеници од целиот свет.

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 117. Собранието на ИПУ беше мошне успешно, со оглед на тоа што беше остварено учество во работата на организационите структури на Унијата, како и непосредни контакти и средби со парламентарци од голем број земји. Со тоа е продолжен континуитетот во соработката и во градењето на ставовите на ИПУ, а особено во поглед на афирмација на Република Македонија на поширок меѓународен план.

Во остварувањето на учеството на Македонската парламентарна делегација на овој настан активно се вклучија дипломатите од Постојаната мисија на Република Македонија при Обединетите нации во Женева, кои во целост излегоа во пресрет на потребите на членовите на Делегацијата.

Прилог 1

Итната потреба веднаш да се запре со кршењето на човековите права и повторно да се воспостават демократските права на населението на Мјанмар

Резолуција едногласно усвоена од 117. Собрание на ИПУ
(Женева, 10 октомври 2007 година)

117. Собрание на Интерпарламентарната унија,
Потсетувајќи на резолуцијата на ИПУ усвоена на 108. Конференција (Сантијаго, 2003) за "Улогата на парламентите во зајакнувањето на демократските институции и човековиот развој во фрагметираниот свет" и на резолуцијата усвоена на 110. Собрание (Мексико Сити, 2004) за "Унапредување на парламентарната демократија со цел да се заштитат човековите права и да се зајакне помирувањето меѓу народите и партнерството меѓу државите", кои ги охрабруваат државите да ги елиминираат структурните причини за насилни конфликти,

Потсетувајќи, исто така на Резолуцијата A/HRC/S-5/L.1/rev.1 усвоена со консензус на 2 октомври 2007 г. на Петтата специјална сесија на Советот за човекови права на ОН,

Потсетувајќи потоа на резолуциите на Комитетот на ИПУ за човековите права за парлментарците во врска со кршењето на човековите права на парламентарците од Националната лига за демократија (НЛД) избрани на општите избори од 1990 година,

Сериозно загрижени поради влошувањето на ситуацијата со човековите права во Мјанмар, каде бруталните акти на насилство од страна на воените и полициските сили на Мјанмар против мирољубивите протести на будистичките монаси и цивили резултирааше со голем број мртви, случаи на тортура, повреди и неоправдани апсења и поради неодманешото апсење на уште неколку избрани парламентарци,

Длабоко вознемирени поради користењето од страна на воената хунта на најбрутални методи за зачувување на цивилниот поредок, продолжувајќи да не ги почитува начелата на сите меѓународни инструменти за човекови права, особено Универзалната декларација за човековите права, како и острите мерки против медиумите, блокирањето на меѓународните комуникации, вклучувајќи го интернетот и убивањето на еден јапонски новинар,

Длабоко разочарани поради фактот дека буквално нема никаков напредок во правец на политички реформи кои би осигурале демократизација во Мјанмар заснована врз Планот за демократизација кој го прифати Владата,

Изразувајќи длабока жал за жртвите и бранителите на човековите права и изразувајќи искрено сочувство со нивните семејства,

Поздравувајќи ја изјавата на претседавачот на ASEAN во име на министрите за надворешни работи на ASEAN од 27 септември 2007 г. во Њујорк во врска со ситуациата во Мјанмар,

Потсетувајќи понатаму на Декларацијата на ASEAN CONCORD II (Бали Concord II), потпишана од лидерите на ASEAN на Самитот во Бали на 7 октомври 2003 година,

Признавајќи ги напорите на меѓународната заедница, специјалниот поратеник на ОН, регионалните групи и соседните земји за намалување на тензиите и подобрување на ситацијата во Мјанмар,

Поздравувајќи го прифаќањето од страна на Владата на Мијанмар за посета на специјалниот пратеник на генералниот секретар на ОН, г. Ибрахим Гамбари.

Силно ја осудува репресијата врз мирните демонстрации на монасите и цивилите во Мјанмар што претставува кршење на најосновните права на обичните граѓани, имено нивното право на живот и на слобода на мирно изразување на своето мислење;

Ја повикува Владата на Мјанмар да се воздржи од натамошни акти на насилство против сегашните и идните демонстрации и да не користи безмилосни акти против граѓаните, кои имаат целосно право да го реализираат своето право на слобода на изразување;

Бара Владата на Мјанмар веднаш и безусловно да ги ослободи затворените парламентарци, Дау Аунг Сан Су Чи и другите политички лидери на НЛД, како и сите политички затвореници, монаси и етнички лидери кои се борат за демократизација, политички реформи и почитување на човековите права во земјата;

Бара исто така, Владата на Мјанмар целосно да соработува со специјалниот известител за ситуацијата со човековите права во Мјанмар во согласност со Резолуцијата усвоена на Петтата сесија на Советот за човекови права;

Ги повикува воените власти во Мјанмар да пристапат без одлагање кон имплементација на демократизацијата и политичките реформи во Мјанмар;

Ги повикува Обединетите нации, вклучувајќи го и Советот за безбедност, брзо да реагираат со натамошни активности во врска со резултатите од посетата на специјалниот пратеник на ОН за забрзување на процесот кој ќе доведе до национално помирување;

Ги повикува земјите членки на ASEAN сериозно да размислат за суспензија на членството на Мјанмар во ASEAN додека процесот за помирување со демократските сили не бидат во напредната фаза;

Ја повикува меѓународната заедница, во случај на натамошен застој на конструктивниот процес на дијалог и помирување, серизоно да размисли за преземање неопходни и ефективни мерки и суспензија на воената помош и продажба на оружје на Мјанмар;

Ги повикува парламентарците од целиот свет да продолжат со силните заложби за промоција и заштита на фундаменталните човекови права на народот од Мјанмар, како израз на солидарност со нивната жртва и борба против тиранијата и

Одлучува да продолжи да ја следи состојбата во врска со настаните во Мјанмар.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Централноевропската иницијатива

ИЗВЕШТАЈ

од состанокот на Парламентарниот комитет на
Централноевропската иницијатива (ЦЕИ),
што се оддржа од 23 до 25 април 2007 година
во Софија, Република Бугарија

Скопје, мај 2007 година

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ЦЕИ) од 23 до 25 април 2007 година ја посети Софија, каде што учествуваше на седницата на Парламентарниот комитет на ЦЕИ. Во составот на Делегацијата беа Петар Поп- Арсов (шеф) и Никола Поповски (член).

Петар Поп-Арсов учествуваше и во работата на Генералниот комитет за политички и внатрешни прашања, а Никола Поповски во работата на Генералниот комитет за економски прашања, каде што и членуваат. Членовите на генералните комитети расправаа за тековната работа на комитетите и нивната претстојна активност во блиска иднина.

Боико Боев, шеф на Делегацијата на Народното собрание на Република Бугарија во ЦЕИ, го отвори состанокот на Парламентарниот комитет со пригодно обраќање, при што ги поздрави присутните делегации. Тој ги изнесе приоритетите на бугарското претседателство со ЦЕИ истакнувајќи ги напорите за координација и избегнување на преклопувањето на активностите. Исто така, се заложи за соработка на парламентите и владите во насока на остварување на целите на ЦЕИ. Како приоритет беше наведена и потребата од политички дијалог и регионална соработка. Таквата соработка би требало да им помогне на земјите аспиранти за членство во ЕУ и НАТО. ЦЕИ го промовира и поддржува зачленувањето на нејзините членки во ЕУ.

Беше наведено дека ЦЕИ треба да се реформира. За таа цел е формирана работна група од Албанија, Полска, Украина, Бугарија, Австрија, предводена од Италија за подготовка на предлог за реорганизација на активностите и областите на дејствување на ЦЕИ. Работната група има за цел да ги намали досегашните области на дејствување идентификувајќи ги најважните области во кои ЦЕИ може да даде најголем придонес, со што би се овозможило вниманието да се посвети на поважните точки, верувајќи дека треба да се стеснат областите на дејствување.

Беше наведено дека постои можност ЦЕИ да се употреби како форма за искористување на ЕУ фондови. Исто така, беше побарано делегациите од парламентарната димензија да преземат иницијативи во парламентите на нивните земји за поттикнување на активностите на нивните влади во процесот на реформирањето на ЦЕИ.

Исто така, се истакна потребата од поддршка на земјите членки ЦЕИ да добие официјален статус на набљудувач во ЕУ, како и можност за одржување годишен состанок со официјални претставници на ЕУ.

Работата на Парламентарниот комитет на ЦЕИ беше поделена во две сесии. На првата сесија на тема "Енергетскиот пазар на Балканот во контекст на новата енергетска стратегија на ЕУ", со презентации настапија Јордан Костадинов, пратеник во Народното Собрание на Република Бугарија и заменик на Комисијата за енергетика, Владимир Старирадев, директор на Директоратот Енергија и стратегија во Министерството за економија и енергија и Анри Дончев, државен експерт во Директоратот Енергетски пазар во Министерството за економија и енергија.

Јордан Костадинов во неговата презентација ги претстави основните политики на ЕУ во областа на енергетиката, како и правецот на идната стратегија во ова поле за европска стратегија за одржлива и компетитивна енергија за да се одговори на зголемените побарувања без да се оштети природата.

Владимир Старирадев се осврна на ставот на Република Бугарија за новата енергетска политика на ЕУ, при што ги изнесе приоритетите на неговата земја на овој план.

Анри Дончев зборуваше за развојот на енергетската заедница, како и за регионалниот пазар на енергетика на земјите од Југоисточна Европа

Во текот на првата сесија на присутните им се обрати и пратеникот Никола Поповски. Тој во своето обраќање, се осврна на влијанието и последиците на енергетската ситуација, односно нејзиниот недостаток врз севкупната економска ситуација на земјите, земајќи ја предвид потребата од финансирање на нови извори на енергија што се одразува врз буџетот на одредена земја.

Во втората сесија на тема “Регионалната соработка на Балканот и проширувањето на ЕУ“, презентации имаа Љубомир Ќучуков, заменик министер за надворешни работи на Република Бугарија и Ирина Рангелова експерт во Генералниот директорат Програмирање на регионалниот развој.

Љубомир Ќучуков се осврна на значењето на регионалната соработка во културата, економијата, транспортот, прекуграничната соработка, притоа истакнувајќи дека активностите на ЦЕИ во областа на регионалната соработка треба да се синхронизираат со политиката на регионалната соработка на ЕУ.

Ирина Рангелова во нејзината презентација зборуваше за програмите на ЕУ за регионална соработка, како и за усогласување на политиките на ЦЕИ со оние на ЕУ.

Во своето обраќање пратеникот Петар Поп Арсов истакна дека согласно со своите стратешки определби за интеграција во ЕУ и НАТО, нашата земја во континуитет активно придонесува за развојот на регионалната соработка и остварува значаен ангажман во постојните иницијативи за соработка во ЈИЕ и ги развива и унапредува билатералните односи со земјите од соседството. То се осврна на сите иницијативи и процеси за регионална соработка во кои учествува нашата земја, како и на билатералните односи на Република Македонија со сите земји од соседството, наведувајќи го досегашниот прогрес на тој план.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива на Меѓународниот семинар на тема: Модерните технологии на традиционалната и обновлива енергија и механизмите на финансирањето на инвестиционите проекти што се одржа на 4 и 5 јуни 2007 година и на седницата на Генералниот комитет за економски прашања на ЦЕИ, одржана од 5 до 7 јуни во Минск, Белорусија.

Скопје, јуни 2007 година

Претседателот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива, Петар Поп-Арсов, учествуваше во работата на Меѓународниот семинар на тема Модерните технологии на традиционалната и обновлива енергија и механизмите на финанисрањето на инвестиционите проекти што се одржа на 4 и 5 јуни 2007 година во Минск, Белорусија. Семинарот, чија цел беше промовирањето на модерните технологии во областа на традиционалната и обновливата енергија и изнаоѓање на механизмите за финансирање на инвестициите во ова поле.

Посебно влијание беше посветено на анализата на бариерите и на ризикот поврзан со инвестирањето, како и на препораките за минизимирање и коплетно отстранување на ризикот.

Размена на искуствата меѓу учесниците од различни земји, дискусиите за важните прашања во врска со финанисрањето на ефективната енергетска технологија и на обновливата енергија овозможи плодна соработка и дискусија меѓу учесниците.

На семинарот учествуваа претставници на администрацијата на Белорусија, менаџери и квалификуван персонал на претпријатијата од енергетскиот сектор, научници, експерти, претставници од земјите членки на ЦЕИ и претставници на ОН кои работат во областа на алтернативната и обновлива енергија.

За време на дводневната работа на семинарот беа опфатените политиките и стратегиите на модерниот развој во областа на енергијата, технологиите на употребата на обновливата енергија и локалните облици на гориво, механизмите на финансирањето на енергетските проекти, имплементацијата на механизмите на протоколот од Кјото и друго.

Во рамките на горенаведените теми, учесниците дискутираа и разменија мислења и искуства за развојот на енергетскиот сектор, финансирањето на имплементацијата на енергетските проекти, светските трендови во областа на развојот на енергетиката, постојните проекти на обновливата и алтернативната енергија, искуствата на одредени земји во изградбата на централи за производство на термална и електрична енергија со искористување на дрвото како гориво, ефективноста на сончевата енергија, технологиите за искористување на биомасите, како извор на енергија, последните достигнувања во искористување на ветерот како извор на енергија, искорисувањето на банкарскиот капитал при финанисрањето на енергетскиот сектор, имплементирањето на протоколот од Кјото, како и за пречките и успехот во развојот на алтернативната и обновливата енергија.

Господинот Петар Поп-Арсов, како претседател на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива учествуваше во работата на Генералниот комитет за економски прашања на ЦЕИ, што се одржа од 6 до 7 јуни 2007 година во Минск, Белорусија.

На седницата на Генералниот комитет за економски прашања на ЦЕИ учествуваа и претставници на Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Чешка, Италија, Молдавија, Романија и Украина.

Седницата на Генералниот комитет беше отворена со пригодно обраќање на Николаи Чергинетс, претседател на Постојаниот комитет за меѓународни прашања и национална безбедност на Националното собрание на Република Белорусија кој ја истакна важноста на развојот на алтернативната енергија за зачувување на животната средина и енергетските ресурси на планетарно ниво. Осврнувајќи се на алтернативните извори на енергија, ефикасноста во искористувањето на енергијата, односно намалување на нивото на нејзиното искористување, тој ги претстави и плановите на Белорусија за намалување на потрошувачката на енерегија преку искористување на можностите на алтернативната енергија.

Претседателот на Генералниот комитет за економски прашања на ЦЕИ Богдан Паску зборуваше за улогата на трите генерални комитети во новата поставеност и организацијата на работата на ЦЕИ.

Работата на Генералниот комитет беше поделена на две сесии: Традиционалната и алтернативна енергија и законското регулирање во регионот на ЦЕИ и Равојот на малите и средните претпријатија во регионот на ЦЕИ.

За време на првата сесија, презентации пред присутните членови на Генералниот комитет за еконопмски прашање имаа претставниците на приватните претпријатија кои работат во областа на алтернативната енергија, во кои се осврнаа на најмодерните концепти во искористувањето на биомасите за производство на топла вода и електрична енергија, хидрогенската енергија, искористувањето на ефективната сончева енергија во домовите и последните достигнувања во развојот на технологиите за искористување на ветерот за производство на енергија.

На присутните им се обратијаи Леонид Шенетс, заменик на министерот за енергија на Република Белорусија, Анатолиј Павлович, заменик на претседателот на Белоруската делегација во ПД на ЦЕИ, Александар Ликашевски, директор на Секторот за претприемаштво во Министерството за економија на Република Белорусија, Џанфрано Чиконјани, советник за наука и технологија на ЦЕИ, Владимир Кариагин, претседател на Одборот на унијата на бизнисмени и работодавачи-Минск, Георги Бадеј, претседател на Одборот на Бизнис унијата на претприемачи и работодавачи-Проф. Куниавски.

Пратеникот Петар Поп-Арсов зборуваше и за улогата на малите и средни претпријатија во Република Македонија, истакнувајќи дека економската програма на Владата на Република Македонија, малите и средните претпријатија ги стави на преден план во генерирањето на вработување и економски раст. Беше речено дека зголемениот број на мали и средни претпријатија го апсорбира најголемиот број на работноспособната сила. Воедно, тој потсети дека Република Македонија е одлучна во продолжување на реформите за развој на модерно и демократско општество и отворена пазарна економија со пригодно бизнис опкружување. Нашата земја веќе има оформено инситутционална инфраструктура за малите и средни претпријатија и е определена за развој на политиките и реформите кон повеќе динамичен економски развој.

Поп Арсов се осврна и на заложбите на Република Македонија во изнаоѓање на алтернативни и нови извори за финансирање на малите и средни претпријатија преку измена на постојните и усвојување на нови законски решенија и преземање на комплексни реформи за стабилна, предвидлива и едноставно бизнис опкружување за да понуди услови за нови претпријатија и зголемувањето на профитот и вработувањето во постојните претпријатија.

На крајот на седницата, Генералниот комитет усвои Предлог на резолуција (во прилог), кој ќе биде поднесен на Парламентарното собрание на ЦЕИ за усвојување.

Прилог 1

РЕЗОЛУЦИЈА

поднесена на 2007 сесија на Парламентарното собрание
Генерален комитет за економски прашања на ПД на ЦЕИ

Со оглед на значењето на посебната стратешка позиција на ЦЕИ за поврзување на земјите членки на ЕУ и оние кои тоа не се во здружените напори фокусирани вез потесна соработка и трансфер на знаења, како што беше истакнато во Финалната декларација усвоена на последната Конференција на шефови на владите на земјите членки на ЦЕИ (Тирана, 24 ноември 2006),

Истакнувајќи дека повторното иницирање на соработката меѓу земјите членки на ЕУ оние што тоа не се и хармонизацијата на приоритетите на ЦЕИ со другите регионални организации и со ЕУ беа меѓу акцентираните прашања на бугарското претседавање со ЦЕИ. Како што беше уште еднаш истакнато на состанокот на Комитетот на националните координатори на ЦЕИ одржан во февруари 2007 г. во Софија,

Истакнувајќи дека е потребно подобро и поефективно користење на работните структури на ЦЕИ, како што беше договорено на последниата Конференија на министрите за надворешни работи на земјите членки на ЦЕИ (Софија, 18 мај 2007 г.),

Поздравувајќи ја потребата од подобра кооридинација и соработка на ЦЕИ со другите организации (како РКК, ПСЈИЕ, ЦМЕС),

Потсетувајќи на реформските процеси на Парламентарната димензија иницирани во 2005 година во Братислава, продолжени во 2006 г. во Тирана, со посебен акцент врз зголемено внимание врз трите генерални комитети во овој контекст,

Со оглед на потребата активностите и пристапите во рамки на ПД на ЦЕИ да се прилагодат на новиот контекст поради најновите политички, економски и културни предизвици,

Истакнувајќи ја потребата да се обезбеди, за трите генерални комитети на ПД на ЦЕИ, јасен преглед на активностите во рамки на различните работни групи на ЦЕИ, како главен предуслов за ефикасни расправи,

Поддржувајќи јги одредбите во врска со енергијата и малите и средни претпријатија од Акциониот план на ЦЕИ 2007-2009 усвоен од страна на шефовите на влади во Тирана на 24 ноември 2006 година,

Истакнувајќи ја Зелената книга на Комисијата на ЕУ за Европска стратегија за оддржлива конкурентна и безбедна енергија издадена во 2006 година,

Потсетувајќи на блиската врска меѓу одржливиот растеж и енергетските прашања,

Потсетувајќи на се поголемото значење на малите и средни претпријатија во градењето на одржливи економии, особено во оние во транзиција,

Свесни за перспективата на малите и средни претпријатија во контекст на глобализацијата,

Истакнувајќи го значењето на законодавците во поддршката на развојот на малите и средни претпријатија.

Генералниот комитет за економски прашања на ПД на ЦЕИ

Го повикува Парламентарното собрание на ЦЕИ да ги преземе потребните активности пред Извршниот секретаријат на ЦЕИ со цел сите три генерални комитети да ги добиваат (преку Секретаријатот на ПД на ЦЕИ) сите извештаи на работните групи на ЦЕИ во електронска форма и да се согласи дека Секретаријатот на ПД на ЦЕИ треба да ги дистрибуира овие извештаи до сите национални делегации 5 дена по нивното добивање,

Го повикува Парламентарното собрание да го поддржи усвојувањето на нов став во Деловникот за работа на ПД на ЦЕИ кој ќе гласи: "Во случај кога статутарно свикан состанок на генерален комитет нема кворум (според Правило 10 (9)), но постои

консензус меѓу присутните членови на генералниот комитет, документот усвоен на овој начин ќе се дистрибуира според истата процедура од Правило 10 (6) до сите национални делегации за нивно информирање и придонеси, а по "тивката процедура" ќе биде проследен до следниот состанок на Парламентарно собрание".

Го истакнува се поголемото значење на поширокиот Црноморски регион, каде лежат повеќето од можните одговори за европската и глобалната енергетска безбедност, со значајни потенцијални бенефиции за сите земји членки на ЦЕИ,

Го повикува Парламентарното собрание да му даде приоритет на подобрувањето на дијалогот со ПАБСЕЦ како парламентарна организиација со конкретни надлежности во оваа област,

Ја подвлекува потребата земјите членки на ЦЕИ да имаат тесна соработка, да се информиурат и да ги консултираат сите други потенцијално засегнати земји во врска со планирањето на меѓународните енергетски дистрибутивни мрежи, гасоводи и сродни инсталации,

Ги охрабрува парламентарците од ПД на ЦЕИ да дадат придонес во усвојувањето на одржливи развојни политики за енергија,

Ги охрабрува парламентарците од ПД на ЦЕИ да делуваат кај своите влади за зајакнување на соработката меѓу земјите членки и да го олеснат трансферот на знаења во областа на енергијата,

Истакнува дека земјите членки на ЦЕИ треба да го промовираат истражувањето и развојот на обновливи извори на енергија и производството на енергија од согорување на отпад,

Ги охрабрува земјите членки на ЦЕИ - членки на ЕУ - да го поддржат заедничкото вклучување во Одделот за финансирање на ЦЕИ со земјите членки на ЕУ - кои не се членки на ЕУ - во програми и проекти во областа на обновлива и алтернативна енергија кои треба да се имплементираат во рамки на Европската унија,

Ја поздравува иницијативта на ЦЕИ, како што е образложена во Акциониот план на ЦЕИ 2007-2009 усвоен од шефовите на влади во Тирана на 24 ноември 2006 година, за поддршка на проекти во целиот регион за промоција на развојна стратегија за обновлива стратегија преку зајакнување на регионалната соработка за енергетска ефикасност и развој на инвестициски проекти,

Ги охрабрува сите земјите членки на ЦЕИ да развијат пријателски и соодветни стратегии за поттикнување на развојот на малите и средни претпријатија,

Ја поздравува намерата на ЦЕИ да ја зголеми соработката во областа на малите и средни претпријатија со Деловната димензија (CECCI) и ја изразува подготвеноста на специјализираните тела на Парламентарната димензија да помогнат, доколку бидат поканети, во овој процес,

Ја повикува ПД на ЦЕИ да ги контактира земјите членки со цел да се обезбеди подобар пристап за малите и средни претпријатија до капитал за нивен растеж и развој,

Ги повикува земјите членки да ги промовираат практиките на добро владеење и правна рамка погодна за развој на малите и средни претпријатија,

Ги повикува сите нивоа на администрациите во земјите членки на ЦЕИ да ги преодоставаат административните процедури за основање мали и средни претпријатија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Централноевропската иницијатива

ИЗВЕШТАЈ

за учествотото на Делегацијата на Собранието на Република Македонија
во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива
на седница на Комитетот за политички и внатрешни прашања на тема:
Улогата на ЦЕИ во политиката на соработка на ЕУ
со земјите од Централна и Источна Европа,
што се одржа на 29 октомври 2007 година
во Рим, Република Италија

Скопје, ноември 2007 година

Претседателот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива, Петар Поп-Арсов, присуствуваше на седница на Комитетот за политички и внатрешни прашања на тема: Улогата на ЦЕИ во политиката на соработка на ЕУ со земјите од Централна и Источна Европа, што се одржа на 29 октомври 2007 година во Рим, Република Италија. Седницата беше свикана со цел разгледување и дискутирање на препораките и заклучоците усвоени од страна на Работната група во јуни 2006 година, а која беше основана по состанокот на шефовите на влади во Тирана во ноември 2006 година, со една единствена цел: зајакнување и репозиционирање на улогата на ЦЕИ и нејзината соработка со институциите на Европската унија.

Седницата ја отвори **претседателот на Италијанската делегација во ЦЕИ, г-динот Маурицио Гаспари** кој ги информираше учесниците за напредокот што е постигнат по состаноците на Работната група во однос на повторното промовирање на ЦЕИ како регионална иницијатива и како координатор за развој и соработка меѓу нејзините земји членки. Репозиционирањето на ЦЕИ било поттикнато од новонастанатите состојби во Европа, особено по стапувањето на некои од земјите членки на ЦЕИ во Европската Унија, како и од реформите кои се одвиваат во Унијата и нејзините институции. Г-динот Гаспари накратко ги изложи целите и резултатите што ги постигнала Работната група, чија основа за работа било дефинирање на приоритетите на ЦЕИ во иднина и излегување со конкретни предлози на кои треба да им се даде конкретна форма на состаноците на парламентарно и владино ниво во ноември 2007 година во Софија. Работната група работела на поставување на јасни граници на надлежности на кои ќе работи ЦЕИ во иднина и тоа: *Човечки развој* (развој на човечки ресурси, информатичко општество и медиуми, меѓукултурна соработка, наука и технологија) и *Економски развој* (клима и оджлива употреба на енергија, развивање на претпријатија, мултимодален транспорт и одржливо земјоделие). Приоритетите се избрани во соработка со Европската унија, заради унапредување на регионалните програми и на соработката меѓу земјите во регионот на ЦЕИ, како и поактивен пристап на оваа Иницијатива во области каде Унијата нема доволно капацитети да ги покрие поради ограниченоста на ресурси и администрација. Ова особено се однесува за земјите од Западниот Балкан, поточно вклучување на ЦЕИ во активности за меѓусебно развивање и унапредување на трговијата и културната размена на тие земји.

Г-динот Фамијано Кручанели, државен секретар за надворешни работи на Република Италија, се осврна на ситуацијата во земјите од Западниот Балкан во пресрет на решавањето на прашањето со статусот на Косово. Тој нагласи дека на Балканот се уште нема конечни решенија и покрај напредокот што е постигнат досега и дека ЦЕИ, во соработка со Европската унија, може многу да помогне во стабилизација на Југоисточна Европа и на земјите од Западниот Балкан. Решавањето на прашањето на Косово е во фокусот на збиднувања во Унијата, која сака со решавањето да го затвори последното, а не да се отвори ново, поглавје на нестабилност во балканската историја. Тој исто така зборуваше за аспектите на кои треба да се осврнат шефовите на влади на нивниот следен состанок на ЦЕИ во Софија и тоа: зајакната соработка со Европската унија, строго дефинирање на активностите, промовирање на работа во групи, репозиционирање на глобалната политичка сцена и добивање ресурси од сите вклучени страни. На крајот, г-динот Кручанели рече дека Италија работи на обезбедување на финансиски средства од Буџетот за делот на ЦЕИ, за што во моментот се води расправа во парламентот.

Г-динот Рафаело ди Браси, член на Комисијата за надворешна политика во Претставничкиот дом на Италија, во своето излагање се задржа на клучната улога што ја имала Италија во подготвувањето на Реформскиот договор на Унијата и како силен подржувач на предложените промени. Тоа особено се однесува на соединувањето на трите главни столба на Унијата, на обврзувачкиот карактер на Повелбата за човекови права, промена на управувањето во ЕУ, зајакнување на стабилноста на претседателот на Комисијата, системот на двојно мнозинство, зајакнувањето на улогата на високиот претставник за надворешна и безбедносна

политика на Унијата, зајакнување на улогата на националните парламенти во заштитата на принципот на субсидијарност и друго. Тој нагласи дека процесот на имплементација на овие реформи може да трае повеќе од планираното, но сепак она што е значајно за Италија е дека процесот на проширување ќе продолжи, најпрво за земјите кандидати како Хрватска и Македонија, а потоа и за сите останати земји од Балканот. ЦЕИ во сите овие процеси може да има клучна улога како мост за регионална соработка, а на тој начин најдобро да придонесе за подобра имплементација на политиките на Европската унија.

Г-ѓата Каролина Котова, од Кабинетот на потпретседателот на Европската комисија Франко Фратини, зборуваше за аспектите од проширувањето како значаен момент во историјата на Европа, но и за денешните предизвици со кои се соочува Унијата како миграцијата, тероризмот, нелегалната трговија, пандемиите, организираниот криминал и друго. Проширувањето во голема мера ја подобрило економијата на Унијата со слободниот проток на луѓе, стоки и капитал и овозможило отворање на нови работни места. Од друга страна, предизвиците на новиот век ги натерале земјите членки потесно да соработуваат преку изготвување на заеднички програми и партнерства, за да постигнат подобри резултати и полесно да се справат со тие предизвици. Бидејќи Унијата сама не може да се справи со сите тие предизвици, ЦЕИ може многу да помогне преку нејзина поголема вклученост во три клучни области: проширувањето, новата политика на соседство и стратегијата за Црното Море. На крајот, г-ѓата Котова нагласи дека парламентите на земјите членки на ЦЕИ имаат значајна улога во целиот процес, како демократски претставници на народот и инстутиции во кои се разгледуваат и донесуваат сите законски проекти.

Амбасадорот Харалд Крид, генерален директор на Извршниот секретаријат на ЦЕИ, се надоврза на претходните говорници дека сите прашања на кои работи Европската унија не може да се решат во Брисел и дека има потреба од соработка меѓу регионалните тела за имплементирање на дел од тие прашања. Она на што Работната група ќе инсистира е формализирано партнерство со Европската унија, постојана фокална точка во Брисел, средба на годишно ниво меѓу претставници на Унијата и ЦЕИ и постојан набљудувач на Европската комисија на состаноците на ЦЕИ. Исто така, тој нагласи дека во иднина земјите мора да го зголемат нивниот финансиски придонес за активностите на ЦЕИ и да го намалат товарот што го презела Италија за нејзино функционирање. Во однос на Секретаријатот на ЦЕИ, г-динот Крид рече дека во иднина наместо досегашните Работни групи, планирано е формирање на мрежи на експерти, поточно Групи за имплементација на проекти, составени од луѓе од земјите членки на ЦЕИ, од редот на универзитетските професори, акедемици, претставници од министерствата и сл., кои ќе членуваат и ќе даваат свој придонес во рамките на овие групи. На тој начин, ќе се подобри улогата на ЦЕИ и нејзиниот придонес во регионот, но и во Европа во целост.

Г-динот Милорад Пуповац, шеф на Делегацијата на Република Хрватска, се вклучи во дебатата и дискутираше за решавањето на прашањето за Косово, за кое рече треба многу внимателно да се пристапи, а дека унилатералното решение ќе биде на штета на целиот регион. Таквото решение може да ги наруши уставните аранжмани во Босна и Херцеговина, да ги наруши меѓуетничките односи во Република Македонија, па дури и во Црна Гора и долгорочно да ги поремети односите меѓу Србија и Хрватска. Тој смета дека треба да се избере решение кое е прифатливо за сите страни, а ЦЕИ преку своите новонајавени активности активно да се вклучи и да помогне во поголема стабилност, преку поттикнување економски и регионален развој и соработка на земјите од Западниот Балкан. Оваа негова идеја беше исто така поддржана од страна на **сенаторот Франтишек Копецки од Сенатот на Република Чешка**.

Г-динот Бојко Боев, шеф на Делегацијата на Република Бугарија, земајќи збор на затворањето на седницата, ги презентираше ставовите на Република Бугарија во контекст на следните состаноци на ЦЕИ на владино и парламентарно ниво, во ноември 2007 година во Софија. Тој истакна дека Бугарија по станувањето на земја членка на Унијата активно учествува во сите нејзини процеси и сака да биде активен генератор на стабилност на Балканот, во Европа и во светот пошироко. Република Бугарија ЦЕИ го

гледа како форум за размена на мислења за прашања кои го засегаат регионот и земјите членки, но и како основа за активност и поголем придонес особено во регионот на Западниот Балкан за мир, стабилност и соработка меѓу земјите. Земјата ја изразува својата спремност да помогне на сите останати земји од овој регион кои не се, а кои имаат аспирации да станат членки на Унијата, преку давање експертиза и конкретни искуства на тој план. Г-динот Боев на крај рече дека очекува плодна дискусија и конкретни резултати од следните состаноци на ЦЕИ во Софија.

На крајот на седницата, беше поделен документ во кој се повикува Бугарското претседателство со Парламентарното собрание на ЦЕИ, во финалниот документ да ги наведе резултатите постигнати на состанокот од Рим и да ја наведе потребата од основање, во склоп на Европската комисија, на формално место за контакт за претставување на активностите и целите на ЦЕИ.

Прилог 1

КОМИТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ЦЕИ

По повод состанокот во Рим, одржан на 19 октомври 2007 година, Комитетот за политички прашања и внатрешни работи на Парламентарното собрание на ЦЕИ:

1) Признавајќи го напредокот направен во финалниот документ изготвен од страна на Владината работна група за репозиционирање на ЦЕИ;

2) Имајќи ги предвид постојаните состојби на нестабилност на Западниот Балкан;

3) Имајќи ја предвид потребата за осигурување дека активностите на ЦЕИ се координирани на ефективен начин со активностите на Европската унија, бидејќи, поради различните политички состојби во некои земји членки на ЦЕИ (некои се земји членки на ЕУ, некои се кандидати за пристапување, а некои се земји со кои има само соседска политика), за да се поврзат со Европската комисија, земјите членки мора да поминат преку тројца различни комесари и преку три Генерални директорати;

4) Имајќи ги предвид размислувањата искажани во владините Работни групи дека економските трошоци за функционирањето на ЦЕИ треба да се делат меѓу сите земји членки;

ГО ПОКАНУВА БУГАРСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ЦЕИ

Да ги наведе во финалниот документ што треба да биде изготвен во Софија, во рамките на годишната сесија на Парламентарното собрание што треба да се одржи на 21 ноември 2007 година резултатите од состанокот во Рим, со посебен нагласок на потребата **за основање, во рамките на Европската комисија, на формално место за контакт, за претставување на активностите и целите на ЦЕИ.**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Централноевропската иницијатива

ИЗВЕШТАЈ

од учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија
во парламентарната димензија на ЦЕИ во Парламентарното
собрание на ЦЕИ што се одржа од 20 до 21 ноември 2007 година
во Софија, Република Бугарија

Скопје, ноември 2007 година

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ЦЕИ) учествуваше во работата на Парламентарното собрание на ЦЕИ што се одржа од 20 до 21 ноември 2007 година во Софија, Република Бугарија. Делегацијата беше составена од Нада Станчевска и Славица Грковска.

На седницата на Парламентарното собрание на ЦЕИ, освен нашата делегација, учествуваа и делегациите на Бугарија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Чешка, Унгарија, Италија, Романија и Србија. Модлавија беше претставувана од советник од нивната амбасада во Бугарија. На состанокот, исто така, учествуваше и заменикот на генералниот директор на Извршниот секретаријат на ЦЕИ, Микола Меленевски.

Со состанокот претседаваше Боико Боев, шеф на бугарската делегација во Парламентарната димензија на ЦЕИ, како претставник на бугарското претседателствување со ЦЕИ за 2007 година.

На состанокот свои излагања имаа Боико Боев, шеф на бугарската делегација во Парламентарната димензија на ЦЕИ, Екатерина Виткова, заменик министер за образование и наука, Атанас Костадинов, заменик министер за животна средина и Никола Калудоб, директор на Директоратот "Европа 2" во Министерството за надворешни работи на Република Бугарија и Микола Меленевски, заменик директор на Извршниот секретаријат на ЦЕИ.

На првиот ден од работата пред почетокот на Парламентарното собрание седници одржаа Генералниот комитет за политички и внатрешни прашања и Генералниот комитет за економски прашања. Генералниот комитет за културни прашања не се одржа поради немање кворум.

На седницата на Генералниот комитет за политички и внатрешни прашања за претседател повторно беше избран досегашниот претседател на Комитетот Маурицио Гаспари. Исто така, беше дискутиран предлогот на текстот на финалниот документ предложен да се усвои од страна на Парламентарното собрание на ЦЕИ. Беше усвоен предлогот на пратеничката Славица Грковска во финалниот документ да бидат спомнати и земјите потписнички на Јадранската повелба, односно Албанија, Македонија и Хрватска, како и да се поддржат нивните аспирации за членство во НАТО.

Членовите на Генералниот комитет за Економски прашања, исто така, го реизбраа за Богдан Паску за претседател за уште еден мандат. Во однос на идните состаноци на Генералниот комитет за економски прашања, членовите одлучија во рок од еден месец до претседателот на Комитетот да бидат доставени предлози за темите за дискусија.

Сесијата беше отворена со пригодно обраќање на Боико Боев, шеф на Бугарската делегација во ПД на ЦЕИ кој ги исткана трите основни приоритети на бугарското претседателство со ЦЕИ: усовршување и стратегиско ориентирање на работењето на ЦЕИ за успешно справување со новите предизвици, по петтото проширување на ЕУ; континуирана регионална соработка во рамките на ЦЕИ за поддршка на европската перспектива на земјите членки и хармонизирање на приоритетите на ЦЕИ со другите регионални организации. Тој, исто така, ги наведе досегашните активности на Република Бугарија во рамките на нејзиното претседателствување со ЦЕИ.

По неговото обраќање учесниците дебатираа на тема Образованието за одржлив развој - клуч за постигнување на целите на Лисабонската стратегија.

Во дебатата учествуваше и Славица Грковска која ја претстави состојбата во област на образованието во нашата земја. Таа се осврна и на напорите на Република Македонија за реализирањето на реформите во образовниот систем

Парламентарните делегации од земјите членки на ЦЕИ имаа дебата во врска со иднината на ЦЕИ и за потребата за продолжување на процедуралните реформи на своите парламентарни димензии. Беше усвоено правилото дека е потребна една третина од пратрениците како кворум за одлучување за време на состаноците на трите генерални комитети на Парламентарната димензија. Беше договорено парламентарниот комитет на ПД да одржи седница следната пролет а Постојаниот комитет пред следната годишна сесија на Парламентарната димензија.

По усвојувањето на правилото дека една третина од присутните пратеници се доволни за кворум за работата на генералните комитети, Генералниот комитет за ккултура одржа седница и ја избра Сузан Нојвирт, шеф на австриската делегација, за претседател на Генералниот комитет за култура.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација во Парламентарното собрание на НАТО

ИЗВЕШТАЈ

за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на пролетното заседание на Парламентарното Собрание на НАТО Мадеира, Португалија, 25-28 мај 2007 година

Скопје, јули 2007 година

Во работата на Пролетното заседание на Парламентарното Собрание на НАТО[22], *кое се одржа од 25 до 28 мај 2007 година во Мадеира, Португалија, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав: Бесим Догани, шеф на Делегацијата (ДПА), Владо Бучковски (СДСМ) и Ѓорѓи Оровчанец (НА), членови на Делегацијата како и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

Во овој извештај е прикажано учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во работата на комисиите, како и на дискусиите на пленарното заседание.

На 25 и 26 мај 2007 година се одржаа состаноци на петте комисии: Комисијата за одбрана и безбедност, Комисијата за цивилна димензија на одбрана, Политичката комисија, Комисијата за економија и безбедност и Комисијата за наука и технологија. Комисиите ги разгледаа поднесените извештаи за најзначајните прашања во врска со агендата на НАТО Алијансата, а особено за актуелната дебата за ракетната одбрана во Европа и преговорите за распоредување на ракетната одбрана на САД на територијата на Полска и Чешката Република. Се дебатираше и за статусот на Косово, прашање кое се решава во Советот за безбедност на ОН, како и за операциите во Авганистан, соработката меѓу НАТО и ЕУ, трансформацијата на НАТО, демократскиот развој на Црноморскиот регион, како и глобалните климатски промени.

* * * * *

Жозе Лело, претседател на ПС на НАТО, отворајќи ја Пролетната сесија на ПС на НАТО посочи дека топ приоритет на Алијансата е се уште Авганистан и обезбедувањето помош за авганистанскиот народ. Сепак, уште две прашања се исто толку важни, а тоа се прашањата за распоредувањето од страна на САД на елементи на антиракетниот одбранбен штит на територијата на две земји членки на НАТО, како и прашањето за иднината на Косово. Следната година исто така ќе биде особено значајна за Алијансата затоа што ќе има промени во политичкото лидерство во неколку земји членки на Алијансата и ќе се одржат два самита на Алијансата. Овој период треба да се искористи и за усогласување на новиот Стратегиски концепт, кој треба да го замени постојниот Стратегиски концепт од 1999. На овој начин ќе се консолидира направениот прогрес со трансформацијата на Алијансата и идната улога на Алијансара во 21 век. Со новиот концепт треба да се даде јасен одговор на следниве прашања: обемот на безбедносните закани на кои треба да се одговори, согласно со членот 5 за колективната одбрана, потребата за определување на нови капацитети, географското протегање на Алијансата во смисла на членство и партнерство, како и развојот на поефикасна соработка меѓу НАТО и ООН, како и ЕУ.

ПС на НАТО мора да придонесе за усогласување на новиот Стратегиски концепт и парламентарците мора да имаат проактивна и поодговорна улога во националната безбедност.

Тој се осврна и на трите земји аспиранти од Јадранската група, кои активно се подговуваат за членство во Алијансата, при што истакна дека нивното идно членство во НАТО ќе ја зајакне стабилноста во турбулентниот балкански регион и ќе ги поттикне другите земји во регионот кои се сега веќе членки на Партнерството за мир да го следат патот на трите земји од Јадранската група.

Односите меѓу НАТО и ПС на НАТО постојано се подобруваат со интензивирање на контактите со Советот на НАТО и учеството на амбасадорите на годишните сесии на НАТО парламентот.

---

[22] Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација во чија работа учествуваат 310 членови на националните парламенти од 26 земји - членки на НАТО, 59 национални парламентарци од 13 придружни делегации од Централна и Источна Европа, Украина и Русија, потоа три делегации со статус на медитерански придружни делегации од Алжир, Јордан, Израел и неколку делегации со статус на набљудувачи

Обраќајќи се до сите пратеници, генералниот секретар на НАТО Јап де Хоп Шефер, ја истакна значајната улога што ја имаат парламентарците во обезбедување на неопходна јавна поддршка за Алијансата. Повеќе од кога било на НАТО му е потребна јавна поддршка за мисиите и операциите во Авганистан.

Во врска со активностите на Алијансата во Авганистан, тој ги истакна напорите што се прават за обучување и опремување на Авганистанската национална армија и направениот прогрес во имплементацијата на сите потреби на Авганистанците. Тој се задржа и на односите со Русија, Косово и одбранбениот штит.

На пленарната сесија настапи и Никола Груевски, премиер на Република Македонија кој истакна дека ангажирањето на Владата во реформите во одбраната е многу силно и се рефлектира на стабилното финансирање на одбраната на ниво на 2,3 до 2,6 % на БДП, како и зголемување на инвестициите во модернизирање на Македонската армија. Учеството на македонските војници во мисиите на НАТО ќе продолжи да биде значајна инвестиција на Република Македонија во зачувување на вредностите кои се споделуваат во евроатлантскиот регион. Владата сериозно работи на подобрување на меѓуетничките односи и обединување на сите политички сили во имплементирањето на агендата на реформи за членство во евроатлантските структури. Отворен е и широк фронт против организираниот криминал и корупцијата, кој веќе дава одредени резултати. Особено внимание се посветува на борбата против модерното ропство - трговијата со луѓе, а се работи и на зголемување на независноста и ефикасноста во судството. Клучните економски приоритети за 2007 година вклучуваат одржување на макроекономската стабилност, подобрување на бизнис климата и намалување на невработеноста и сиромаштијата со проектиран раст од 6%. На крајот тој ги потсети пратениците за одржувањето на Форумот за безбедност на ЕАПС во Охрид, што ќе придонесе да се зацврстат определбите за поуспешно решавање на прашањето на глобалната безбедност.

По завршувањето на обраќањето на премиерот следеше сесија на прашања и одговори, при што премиерот Груевски одговараше на десетина прашања поставени од пратеници од повеќе земји.

Во работата на Комисијата за одбрана и безбедност каде што се разгледуваше извештајот за трите земји од Јадранската група за членство во НАТО, поднесен од известителот г. Свер Мирли (Норвешка), учествуваше пратеникот Бесим Догани.

Пратеникот Бесим Догани искажа забелешки по текстот на извештајот. Тој се согласи со повеќето констатации искажани во извештајот, кој објективно ги прикажуваат состојбите во регионот, но сепак истакна дека може да се направат одредени подобрувања на текстот. Имено, во параграфот 49 од извештајот, стои дека поддршката на јавното мислење во Република Македонија за членство во НАТО е 70% и се побара овој податок да се корегира на 90%, што согласно со сите досегашни истражувања и анкети е потврдено.

Во параграфот 59, во врска со работата на надлежните собраниски комисии за безбедностните прашања, тој укажа дека состојбите по парламентарните избори во 2006 година се изменети и двете комисии се многу активни во извршувањето на своите надлежности. Комисијата за одбрана и безбедност десега има одржано 11 седници и две ислушувања на кои биле повикани министрите за внатрешни работи и за одбрана, како и други надлежни претставници да реферираат за одредени прашања за кои Комисијата покренала расправа. Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање има одржано 8 седници, од која една била посветена на случајот Ел Масри, за што Комисијата тесно соработувала со Советот на Европа и другите меѓународни институции. Покрај овие комисии во Собранието на Република Македонија е формирано и трето постојано работно тело за Надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, со што се зајакнува контролната функција на Парламентот.

Се побара параграфот 63, кој се однесува на борбата против организираниот криминал и корупција да се подобри и да се потенцира дека во земјата се преземаат

активности за решавање на конкретни коруптивни случаи за кои веќе има и судски завршници.

Понатаму тој истакна дека Република Македонија има конструктивна улога во однос на Косово и ги поддржува напорите на меѓународната заедница и предлогот на Ахтисари за конечно решавање на ова прашање. За Република Македонија најважно е да се создадат услови Косово да се изгради демократски и институционално и конечно да се заврши целата демаркација на северната граница на Република Македонија. Шефот на Делегацијата, Догани информираше дека на 12 јуни оваа година во Собранието на Република Македонија ќе се одржи средба на комисиите за одбрана и безбедност и делегациите во ПС на НАТО на трите земји членки на Јадранската група, што само ја потврдува лидерската улога на Република Македонија во промовирање на регионалната соработка. На крајот тој изрази очекување на Самитот на НАТО во Букурешт во 2008 година, Република Македонија да добие покана за членство во НАТО.

Во работата на Комисијата за цивилна димензија на одбраната, учествуваше пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Делегација на оваа Комисија, предводена од претседателот на Комисијата Мајкл Клехам, во текот на април оствари регионална посета на Албанија, Црна Гора и Република Македонија при што на членовите на оваа Комисија им беше поделен извештајот од посетата.

По тој повод г. Оровчанец искажа задоволство од реализираната посета и можноста НАТО пратениците да се уверат дека Македонија цврсто стои на својата определба за решавање на сите отворени политички, економски и меѓуетнички прашања, пред се во интерес на сите граѓани во земјата.Тие можеле да се уверат дека Владата го продолжува дијалогот со опозицијата за постигнување на суштински резултати од дијалогот, врз основа на аргументи и политички компромис. Во тек е усогласување на листата на законите за чие донесување би било потребно Бадинтерово мнозинство. Без разлика на повремените тешкотии, функционирањето на македонскиот модел на мултиетничка демократија, нема да биде доведено во прашање.

* * * * * *

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Пролетното заседание на Парламентарното собрание на НАТО, во својство на асоцирана делегација беше успешно и корисно.

Во настапите на членовите на Македонската делегација, пратениците дискутираа по предложените извештаи на комисиите при што ги презентираа ставовите на Република Македонија во однос на приближувањето на земјата кон евроатлантските структури.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација во Парламентарното собрание на НАТО

ИЗВЕШТАЈ

за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 66 РОС-РОТ семинар што се одржа во Дубровник, Хрватска, 24 - 26 јуни 2007 година

Скопје, јули 2007 година

66-от РОС-РОТ семинар, насловен како "Југоисточна Европа: незавршени работи" што се одржа од 24 - 26 јуни 2007 година во Дубровник, Хрватска беше организиран од Парламентарното собрание на НАТО во соработка со парламентот на Хрватска. На семинарот учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав: Ѓорѓи Оровчанец, член на Делегацијата и Есад Рахиќ, заменик член на Делегацијата.

На семинарот учествуваа стотина пратеници на земјите членки на НАТО и земјите-партнери на Алијансата, независни експерти, професори, претставници на ЕУ и ООН и научни работници. Се дискутираше за повеќе значајни теми од посебно значење за регионот, како што: напорите на Албанија, Хрватска и Македонија кон членство во НАТО, комуникациските стратегии на НАТО, безбедноста на границите на Балканот, енергетската безбедност на Балканот, Косово: барење решение, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија: предизвици и можности. Како воведничари на сесиите со свои презентации настапија еминиентни професори како што се: Јоаким Рикер, претставник на Генералниот секретар за Мисијата на ООН на Косово, Агим Чеку, премиерот на Косово, замениците министер за надворешни работи на Албанија, Хрватска и Македонија, специјалисти на одредени прашања како што се граничната контрола, комуникациските стратегии, енергетската безбедност и поискусни претставници на НАТО и Европската унија.

РОС-РОТ семинарот го отвори претседателот на ПС на НАТО, Жозе Лело (Португалија) кој истакна дека креирањето и одржувањето овие семинари се покажало како ефикасен програм за интегрирање на новите парламенти и давање на помош за развивање на знаења за извршување ефикасна демократска контрола врз одбранбените и безбедностните институции. Понатаму тој се задржа на потребата од трансформација на Алијансата, новите предизвици.

Во дискусиите доминираше прашањето за Косово и најголем број од учесниците се сложија дека времето за независност на Косово се ближи, и дека состојбата на теренот е критична. Се потврди дека меѓународната заедница сеуште нема постигнато консензус за донесување на нова резолуција на Советот за безбедност на ООН со која ќе се дефинира идниот статус за Косово. Тоа ја прави состојбата загрижувачка со негативни импликации за целиот регион.

Времето за Косово истекува, доколку не се најде решение во скора иднина, радикалните струи на Косово ќе најдат поддршка кај локалното население, и постои реална закана албанското населени на Косово да ја загуби довербата во процесот на ООН и во нивните локални лидери, уништувајќи ги придобивките на на изминатите осум години соработка со администрацијата на ООН и градењето на институциите.

Сепак, Косовските Срби и српските парламентарци искажаа силно противење за планот на Ахтисари и за независноста на Косово. Руските парламентарци постојна влечеа паралели меѓу косовската ситуација и голем број на други ситуации како што е Абхазија, Нагорно-Карабак и Јужна Осетија и изразија уверување дека решението за независност на Косово ќе преставува сериозен преседан и можно прекршување на меѓународното право. На овие обвинувања, Јоаким Рикер истакна дека ООН, НАТО и ЕУ никогаш не би поддржале план кои целосно не е во согласност со меѓународното право.

Во врска со проширувањето беше реафирмирана политиката на отворена врата. Иако никој не може да предвиди како ќе одлучат владите на земјите-членки на НАТО на Самитот во 2008 година што ќе се одржи во Букурешт, Владите на Албанија, Хрватска и Македонија беа охрабрени да го забрзаат нивниот реформски процесс до највисоко можно ниво.

Хрватска прави сериозни напори и прогрес кон клучното прашање за јавната поддршка за пристапување кон НАТО. Иако не постојат списоци за тоа што земјите треба да направат за да се гарантира добивање на покана за членство во НАТО, влогот е голем и секоја земја треба да направи максимални напори, реформите да бидат одржливи туку тие треба да бидат неповратни и постојани. Успешната регионална

соработка, која ги вклучува и новите членки на Партнерството за мир високо се цени и властите на НАТО ги охрабруваат Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија да аплицираат за Партнерски акционен план.

Дискусиите за Босна и Херцеговина предизвикаа загриженост за моменталната политичка ситуација, за која постојат обиди да се подобри. Очигледно некомпатибилните цел на Босанските Срби, Бошњаците и Хрватите во земјата водат кон влошување ан политичката атмосфера, која кулминираше со промаѓањето на усвојувањето на уставните реформи и полициските реформи, кои се предуслов за понатамошниот прогресс кон Европската унија. Покрај овие загрижености на политичката сцена, безбедностната ситуација се оценета дека е постигнато одредено подобрување, што резултираше со редуцирање на европските трупи што се распоредени во Босна и Херцеговина на 2500.

Пратеникот Есад Рахиќ говорејќи за сосојбите во регионот постави неколку конкретни прашања до поканетите говорници во врска со потребата од завршување на демаркацијата на северната граница на Република Македонија и потребата од постојана борба со организираниот криминал и корупцијата и регионална соработка во тој поглед.

Зоран Петров, заменик министер за надворешни работи на Република Македонија ги претстави заложбите и напорите на Владата на Република Македонија во поглед на зачленување на земјата во евроатланските структури и поддршката што тие постојано ја добиваат од Собранието на Република Македонија, особено која е во прашање учеството на македонските трупи во мировни мисии кои претставуваат многу важна инвестиција на земјта за зачувување на заедничките вредности на евроатлантската заедница. Република Македонија и натаму ќе продлжи да дава логистичка поддршка на мисијата на КФОР на Косово, се до конечно разрешување на ова последно значајно прашање во регионот. Понатаму тој ги претстави активностите што се преземаат од страна на Владата на Република Македонија во поглед на зајакнување на имплементацијата на правичната застапенот на етничките заедници во државната и јавната администрација, имплементација на децентализацијата од централно на локално ниво, борбата против организираниот криминал и трговијата со луѓе, рефорите во правосудството и владеењето на правото како и економската програма на Владата на Република Македонија. Со оглед на сите напори што се прават од страна на нашата земја, со право се очекува на Самитот на НАТО во 2008 година, Република Македонија да добие покана за членство во Алијансата.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација во Парламентарното собрание на НАТО

ИЗВЕШТАЈ

за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 53-то годишно заседание на Парламентарното Собрание на НАТО Рејкјавик, Исланд, 5-9 октомври 2007 година

Скопје, ноември 2007 година

Во работата на 53-то годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО, кое се одржа од 5 до 9 октомври 2007 година, во Рејкјавик, Исланд учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав на пратеникот г.Бесим Догани, шеф на Делегацијата (ДПА) и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата. Во работата на Политичката комисија и Комисијата за безбедност и одбрана учествуваше министерот за надворешни работи на Република Македонија, г. Антонио Милошоски.

Во овој извештај се прикажани активностите на комисиите на Парламентарното собрание на НАТО и учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во нивната работа, како и дискусиите на пленарното заседание. Во работата на заседанието учестуваа околу 340 парламентарци од Северна Америка и Европа. Главен акцент на 53-то годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО беше ставен на активностите на агендата на НАТО Алијансата, вклучително и актуелните операции во Авганистан, НАТО трансформацијата, предизвикот на проширувањето, односите со партнерските земји, демократското владеење во регионот на Црното Море, операционата соработка меѓу НАТО и ЕУ и поделбата на трошоците меѓу земјите членки на НАТО.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија заедно со министерот Милошоски оствари и повеќе билатерални средби и тоа со: делегација на Претставничкиот дом на САД, предводена од конгресменот Џон Танер и останати осум конгресмени и со претседателот на Комисијата за надворешни работи на Исландскиот парламент, Алтингот, Бјарни Бенедиктсон.

Делегацијата на САД изрази задоволство од успешните реформи и постигнувањата на Република Македонија на патот кон НАТО, пред се во поглед на учеството на нашата армија во мировните операции во странство и остварените резултати на планот на економијата. Во едночасовниот разговор, конгресмените се интересираа за нашата позиција во однос на статусот на Косово, имајќи го предвид албанското малцинство во Македонија и за судските реформи во земјата.

Претседателот Бјарни Бенедиктсон беше заинтересиран за состојбите во земјата и побара повеќе информации за политичко безбедносната состојба во државата. Тој истакна дека Исланд го поддржува следното проширување на Алијансата, кое го смета за голем успех. Заблагодарувајќи се за информативниот разговор, тој изрази високо почитување за патот што Македонија го помина, од примач до извозник на безбедност и ја потврди поддршката на Исланд за членство на Република Македонија во НАТО.

Петте комисии на Парламентарното собрание на НАТО (Политичката комисија, Комисијата за одбрана и безбедност, Комисијата за цивилна димензија на безбедноста, Комисијата за економија и безбедност и Комисијата за наука и технологија) одржаа свои седници на 6 и 7 ноември на кои беа повикани високи говорници. Како централни теми во нивните дебати доминираа прашањата во врска со планираниот развој на елементите на одбранбениот систем на САД од балистички проектили во Полска и Чешката Република, односите на НАТО со Русија и идниот статус на Косово.

Комисијата за цивилна димензија на безбедноста одделно ги разгледа извештаите за Црна Гора и за Косово. Во работата на Комисијата учествуваше пратеникот Бесим Догани. При расправата за Косово тој го истакна ставот на Република Македонија во врска со Косово и меѓудругото истакна дека Република Македонија го поддржува новиот формат преговори со посредство на "Тројката" (САД, Руската Федерација и ЕУ) и очекува до решение да дојде што поскоро, зашто е подобро Косово да има статус, отколку статус кво состојба. Република Македонија се залага решението до кое ќе се дојде, да придонесе за трајна стабилност и за нови европски перспективи на регионот, при што е неопходно целосно почитување на основните принципи на Контакт групата, меѓу кои и принципот за неможност за поделба на Косово. Тој подвлече дека согласно со планот на специјалниот пратеник Ахтисари, Република

Македонија инсистира во решението, што би произлегло од преговорите со Косово, да биде вградено и прашањето за итно техничко обележување на македонско-косовската граница.

Извештајот за Косово се разгледа во прва фаза, со тоа што се заклучи истиот да се усвои на следната пролетна сесија на Собранието.

Комисијата за одбрана и безбедност својата работа, меѓу другото ја фокусираше на Извештајот за достигнувањата на трите земји аспиранти за членство во Унијата. Во Извештајот во делот за Република Македонија интервенираше пратеникот Бесим Догани, кој истакна дека, генерално, извештајот дава објективна слика за случувањата во регионот и во Република Македонија, но дека постојат некои непрецизности и потребно е нивно корегирање и допрецизирање. Тој во писмена форма ги достави сите забелешки до раководството на Комисијата, по што Извештајот беше усвоен заедно со предложените измени.

При разгледувањето на Резолуцијата за поддршка на трите аспиранти од Јадранската повелба за членство во НАТО, а со цел подобрување на текстот, Бесим Догани поднесе два амандмани.

Во работата на Политичката комисија со свое излагање учествуваше министерот Антонио Милошоски. Тој го презентираше безбедносното портфолио на Република Македонија од нејзиното осамостојување и елаборирано ги презентираше реформските процеси и најновите постигнувања во Република Македонија, во функција на барање на поддршка за македонската кандидатура за членство во НАТО. Пред Комисијата тој истакна дека Македонија е добар пример како едно мултиетничко општество може успешно да гради функционална демократија. Излагањето наиде на позитивни коментари и поддршка од повеќето учесници, освен од грчките пратеници Киријакос Мицотакис (Нова демократија) и Константинос Алисандракис (Комунистичка партија), кои забележаа дека добрососедските односи се еден од клучните критериуми за прием во НАТО, а одлуката на Владата за преименување на скопскиот аеродром води токму во "спротивната насока" и не промовира стабилност во регионот. Според него, спорот за разликите околу името не е само билатерално прашање, бидејќи "има безбедносни импликации врз регионот". Грчката влада дала многу отстапки и "ќе биде екстремно тешко за кој и да е грчки парламент", да го ратификува членството на Република Македонија во НАТО.

Ваквиот став прилично остро беше осуден од британскиот пратеник Шејни, поранешен министер во Британската влада за Европа, кој го оквалификува како "ретроградeн", додека министерот Милошоски дополнително потсети за постојната добрососедска соработка (грчките инвестиции во нашата земја, јакнењето на туризмот во двете насоки, изучувањето на грчкиот јазик на Воената академија во Република Македонија и др) и увереноста дека разликите околу името не би смееле да претставуваат пречка за нашето интегрирање во Алијансата и дека Грција ќе го одбере вистинскиот пат и ќе ја поддржи Македонија на патот кон НАТО, бидејќи тоа е нејзин интерес.

Инаку поголем број од дискусиите за безбедноста во ЈИЕ се водеше за иднината на Косово. Српскиот пратеник Шормац се повика на меѓународното право и Повелбата на ОН во поглед на неменливоста на границите, барајќи "мирољубиво решение во рамките на ОН" Посочи дека се неприфатливи заканите и појавата на вооружени "терористи со маски на лицата и во црни униформи", како и лошата положба на неалбанското население на Косово. Преку споредбени примери (Кипар и Палестина), побара да не се избрзува со конечната одлука, туку да се даде шанса за реални преговори, во кои "Србија им нуди на Албанците 95 % од ингеренциите на Косово". Во однос на можното идно членство на Србија во НАТО, тој експлицитно изјави дека поминале само десет години од бомбардирањето и дека во овој момент не е можно "ни

да се разговара " на оваа тема. Србија е подготвена да соработува со НАТО, но преферира статус на една Австрија (која е членка на Партнерството за мир и ЕУ) како неутрална земја. Оваа дискусија наиде на поддршка само од страна на рускиот претставник.

Во работата на Комисијата за наука и технологија беа поканети американски и руски претставници да дадат свое видување за намерата за поставување на новиот антиракетен штит.

Американскиот претставник г. Бели, посочи дека поставувањето на антипроектилни елементи во Источна Европа можат да спречат војна со Иран со изградба на ефикасна заштита. Тоа би било помалку предизвикувачки за Иран прв да се реши на удар и во исто време би ги обесхрабрило САД дека нема алтернатива освен одбранбен удар против Иран. Тој препорача зајакнување на дипломатските напори, заради купување на повеќе време, со цел преговорите да бидат успешни. Понатаму истакна дека предлогот за ракетната одбрана, иако е силно оспоруван од Руската Федерација, која смета дека на тој начин се менува суштината на нејзината одбранбена структура, всушност претставува "трет пат", меѓу нуклеарно вооружениот Иран и можните одбранбени удари.

Рускиот претставник, генералот Владимир Никишин, посочи дивергентно спротивен став и рече дека Европа, Русија и САД не се цел на ракетен напад од страна на Иран. Актуелните ирански ракети немаат дострел до наведените дестинации. Ваквиот став води кон тоа дека кај Русите се добива чувство дека американскиот одбранбен план е насочен против Русија.

На повеќе комисии се разгледуваше прашањето за Авганистан, при што беше истакнато дека е потребно ангажирање на повеќе ресурси и зајакната соработка меѓу НАТО, ОН и ЕУ. Двата извештаја кои беа поднесени до Собранието, покажуваат загриженост за значително вложување на безбедно-сните услови во Авганистан и тоа како за цивилите така и за трупите на ИСАФ. Се зголемува насилството на југ, корупцијата кај локалните власти е на највисоко ниво и сојузниците не успеваат да го намалат производството на наркотици. Сите високо ја ценат исклучителната работа на трупите на ИСАФ, кои дејствуваат под тешки услови. Постои мал напредок во Кабул и во околината особено во економската сфера. Во дискусиите можеа да се слушнат размислувања за причините за ваква ситуцијата, односно за отсуство на јасни стратешки цели на Алијансата, натамошна употреба на националните ограничувања и голем недостиг на финансиски и човечки ресурси како за извршување на операциите, така и за народот на Авганистан. Многу пратеници ја реафирмираа својата поддршка на народот на Авганистан и се согласуваат дека присуството во земјата е неопходно. Сепак, најголемиот товар од земјите членки на Алијансата го понесуваат САД, Канада, Холандија и Обединетото Кралство. Овие земји бараат и другите сојузници да го понесат товарот за вистинска поддршка на теренот и географско ротирање на трупите. Преовлада ставот дека присуството на НАТО на теренот е незаменливо се додека народот на Авганистан "не застане на свои нозе". Како главна пречка за успех се посочи недостатокот на политичка волја и малиот напредок во обуката на полициските сили каде што царува корупцијата.

Пленарно заседание на
Парламентарното собрание на НАТО

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Парламентарното собрание на НАТО Жозе Лело (Португалија).

На пленарното заседание со свое излагање се обрати: Геир Хард, премиерот на Исланд, кој истакна дека Алијансата останува политички и воено незаменлива со широк концепт на безбедност. Никој не можел да ги предвиди воените операции во Авганистан, хуманитарната помош во Пакистан или логистичката поддршка во Судан, што значи дека не може да се предвиди што ќе донесе иднината и каде се НАТО ќе има потреба да интервенира. Новата проширена улога на НАТО не е некомпатибилна со суштинските организациски функции на колективната безбедност. Во врска со контрадикциите меѓу силниот НАТО и Европската безбедносна и одбранбена политика, тој побара земјите членки на НАТО да не ја занемаруваат загриженоста за состојбите во регионот на Северна Америка и Артикот како резултат на климатското затоплување за сметка на моменталниот фокус на Авганистан и Ирак.

Пред пратениците настапи и г. Јап де Хоп Шефер, генерален секретар на НАТО, кој ги повика истите да играат главна улога во објаснувањето на јавноста за главните активности на Алијансата, предизвиците и амбициозната агенда за следниот самит во 2008. Тој посочи дека особено важно е да се менаџираат очекувањата на јавноста за операциите на Алијансата, односно да се објасни опасноста и долгорочниот карактер на повеќето операции, како и кои се стандардите за да се постигне успех. Уште еднаш ја повтори круцијалната улога на НАТО во поддршката на Авганистан да стане стабилна нација која повеќе не извезува тероризам и дека сепак постојат јасни знаци на прогрес. Понатаму тој повика на посилни заложби на највисоко политичко ниво за натамошно придвижување на односите меѓу НАТО и ЕУ. Како теми кои ќе се разгледуваат на претстојниот самит во Букурешт тој ги спомена: процесот на проширување, партнерството, енергетската безбедност, борбата против глобалниот тероризам и ракетната одбрана.

Г. Жозе Лело, претседател на ПС на НАТО истакна дека Исланд е најтрансатлантска земја со оглед на неговата географска положба меѓу Северна Америка и Европа. Како земја каде што се наоѓа најстариот национален парламент во светот, со право може да се каже дека таа е основач на Алијансата базирана на демократски вредности. Во своето обраќање тој повеќе се задржа на Арктичкиот регион и потребата за негово зачувување како последица на климатските промени.

Во врска со состојбата со Авганистан истакна дека мора да се инсистира на набавка на "критичната опрема" (хеликоптери, набљудувачка и комуникациска опрема), како и повеќе вооружени сили да ја обучуваат армијата и полицијата на Авганистан.

Во следните две години Алијансата ќе одржи два самита. Едниот во Букурешт во мај 2008 година, а другиот во 2009 година, кога ќе се прославува 60 годишнината на Алијансата.

Понатаму тој истакна дека ПС на НАТО е шампион во проширувањето на Алијансата и посочи дека вратите на Собранието се широко отворени за земји кои не се членки на Алијансата и тие постојано им помагаат на парламентарците во нивните напори да ги подготват нациите за членство во Алијансата. Ова се базира на длабоката увереност на ПС на НАТО дека никој не треба да се плаши од проширувањето. Од овие причини се поддржува политиката на "отворени врати" и се продолжува со асистирање на земјите од "Јадранската група" и Грузија кои бараат членство во Алијансата. Со оглед на приближувањето на самитот во Букурешт и неможноста да се предвиди следниот чекор на процесот на проширување на Алијансата, тој сугерираше дека е време владите на земјите членки на НАТО да се согласат околу општата стратегија која

ќе се однесува на следната рунда на преговори за пристапување. Понатаму, тој посочи дека парламентарците се како амбасадори на вредностите и верувањата на Алијансата. Тие постојано објаснуваат, дома и во странство, што е НАТО и што не е. Тие постојано се среќаваат со оние што ја прават и имплементираат политиката на НАТО, меѓу себе размануваат информации и ги пренесуваат "пораките на НАТО".

На крајот на 53-то заседание на ПС на НАТО, пратениците му одадоа признание на г. Сајмон Лан, на кого на крајот на 2007 година му истекува мандатот на генерален секретар на НАТО. Тој ја извршуваше оваа функции повеќе од десет години. Следен генерален секретар на ПС на НАТО ќе биде г. Дејвид Хобс, актуелен заменик на генералниот секретар.

Во прилог на овој извештај интегрално е доставена и Резолуцијата за поддршка на трите аспиранти од Јадранската повелба за членство во НАТО.
На пленарното заседание се усвоија следниве резолуции:

- за охрабрување на стабилноста на Западен Балкан;
- за улогата на НАТО во цивилната заштита;
- за тековната улога на НАТО во Авганистан;
- за ревидирање на трансатлантскиот товар меѓу сојузниците;
- за односите меѓу НАТО и ЕУ;
- за трансформацијата на НАТО;
- за ракетната одбрана;
- за зајакнување на глобалниот одговор за климатските промени.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Парламентарното собрание
на НАТО

ИЗВЕШТАЈ

за официјалната посета на Република Македонија
на г. Жозе Лело, претседател на ПС на НАТО,
реализирана на 26 и 27 ноември 2007 година

Скопје, декември 2007 година

Во официјална посета на Република Македонија на 26 и 27 ноември 2007 година престојуваше г. Жозе Лело, претседател на Парламентарното собрание на НАТО, во придружба на г. Сајмон Лан, генерален секретар на ПС на НАТО и на г. Дејвид Хобс, заменик-генерален секретар на ПС на НАТО.

Во рамките на програмата, на државно ниво, Делегацијата оствари средби со: г. Бранко Црвенковски, претседател на Република Македонија, г.Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија, г.Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија, г.Лазар Еленовски, министер за одбрана и г.Зоран Петров, заменик на министерот за надворешни работи.

Во Собранието на Република Македонија беа остварени средби со г.Фљора Кадриу и г.Владимир Ѓорчев, претседатели на комисиите за надворешна политика и за одбрана и безбедност, со г. Бесим Догани, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО и со членовите на Делегацијата г. Владо Бучковски, г.Ѓорѓи Оровчанец и г. Есад Рахиќ, заменик-член на Делегацијата. Беа остварени одделни (tête-à-tête) средби со лидерите на парламентарните политички партии (НСДП - г.Тито Петковски; СДСМ - г-ѓа Радмила Шекеринска, ДПА - г.Мендух Тачи, ДУИ - г.Али Ахмет и ЛДП - г.Јован Манасијевски), како и средба со членови на Евроатлантскиот совет на Република Македонија (АТА) - г. Владимир Ѓорчев, г.Ризван Сулејмани, г.Александар Генчев и г.Исмет Рамадани, потпретседатели на АТА.

Г. Лело имаше свое обраќање пред пратениците во Собранието на Република Македонија, кое го следеа и претставниците на дипломатскиот кор во Република Македонија, како и други истакнати личности од земјата. По обраќањето, претседателот на Собранието на Република Македонија и претседателот на ПС на НАТО одржаа зедничка прес-конференција.

Делегацијата за време на престојот во Република Македонија беше во постојана придружба од претставници од Стручната служба на Собранието на Република Македонија, односно од Секторот за меѓународна соработка, Одделението за преведување и Одделението за протоколарни работи.

* * * * *

Цел на посетата

Оваа посета се смета како уште еден израз на внимание и поддршка со која се следи сегашната висока фаза на приближувањето на Република Македонија кон членството во НАТО. Претседателот на ПС на НАТО ја оствари посетата во период кога и НАТО доживува актуелна трансформација поврзана со проширувањето на Алијансата и новите безебдносни предизвици.

Преку средбите и разговорите што г. Лело ги оствари со високите соговорници од наша страна, се информираше за актуелната политичка ситуација во земјата, размени мислења за процесот на евро-атлантските интеграции на Република Македонија и ги пренесе веќе многупати досега афирмираните заложби на ПС на НАТО за постигнувањето на крајната цел на Република Македонија - да стане земја-членка на НАТО на следниот Самит за проширување што ќе се одржи во Букурешт идната година. Во своето обраќање пред пратениците во Собранието на Република Македонија, како и на сите средби, г. Лело отворено и несебично ја покажуваше и искажуваше неговата лична и поддршката на ПС на НАТО на напорите што Република Македонија ги прави на планот на евро-атлантското интегрирање на земјата во моментот на финалното определување на нејзината евроатлантска иднина.

На средбите, разговорите и во обраќањето, г. Лело укажа дека целокупната слика за Република Македонија, во оваа фаза на нејзиното евроатлантско интегрирање, нема да биде комплетна само со реформите постигнати во одбрамбениот сектор, туку во содејство со реформите во судскиот систем, борбата против

корупцијата, спроведувањето на Рамковниот договор и остварувањето на човековите и малцинските права.

* * * * *

СУБЛИМАТ НА РАЗГОВОРИ ПО ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

Внатрешна политичка состојба

Делегацијата на ПС на НАТО беше запознаена со актуелната политичка ситуација во Република Македонија, со активностите во Собранието на Република Македонија на планот на донесување на законите од европската агенда на Република Македонија, како и со функционирањето и активностите на комисиите во Собранието во процесот на евро-интеграцијата на земјата.

На разговорите во Собранието на Република Македонија претседателот на Собранието на Република Македонија ја информираше Делегацијата дека Собранието дава безрезервна поддршка на целокупниот процес на приклучување кон НАТО со целосна посветеност и континуиран ангажман на надлежните работни тела на Собранието во насока на зацврстување на трансатлантската солидарност.

Соговорниците беа запознаени и со процесот на имплементација на Рамковниот договор и за преземените активности на Владата со кои се заокружува неговата имплементација. Делегацијата беше информирана за заложбите на Собранието на планот на донесување на квалитетни закони, кои ќе го почитуваат социјалниот и меѓуетничкиот аспект на македонското општество.

На средбите стана збор и за преземените активности на планот на борбата против корупцијата, за реформите во судскиот систем кои се клучни за евро-атлантската интеграција на земјата, за реформите во образованието, преку кои Република Македонија значително ќе се доближи и интегрира согласно европските стандарди во овие области, како и за реформите во даночната и бизнис сферата, клучни за создавање на адекватна клима за привлекување на странски инвестиции.

Безбедносна состојба и реформи на Армијата

На разговорите акцент беше ставен на стабилната безбедносна ситуација во земјата, како и за фактот што Република Македонија во изминатиов период покажа висока посветеност во остварувањето на реформските процеси во Армијата, што резултираше со највисоки оценки за достигнувањата во оваа област. Особено високо е оценето учеството на македонски војници во мировните мисии во Ирак, Авганистан, Босна и Херцеговина, при што нивниот број перманентно се зголемува, во насока на зголемување на ефикасноста и ефективноста на мисиите.

Во оваа област, министерот за одбрана подетално го информираше соговорникот за преземените активности на планот на реформата на Армијата, која од голема територијална армија стана мала, модерна и мобилна армија, спремна да одговори на современите безбедносни предизвици. Истовремено, беше нагласено дека реформите се остваруваат според утврдената динамика и претставуваат одличен показател за нивната целосна компатибилност со стандардите на НАТО.

Претседателот на Република Македонија укажа на посветеноста и цврстата решеност на Република Македонија најпрагматично да ја искористи приликата за зачленување во НАТО, што коинцидира со поседувањето и на политичка волја и на државен капацитет да се спроведе истото, пропратено со високата поддршка (90%) од граѓаните за постигнување на оваа цел. Во изминатиов период Република Македонија покажа дека има институционален капацитет и исклучително добар прогрес во надминувањето на тензичните состојби, особено оние од 2001 година, како и на планот

на остварувањето на малцинските права, мултиетничката демократија и успешно менаџирање на меѓуетничките односи.

Беше укажано дека и понатаму Република Македонија ќе работи на планот на одржување на стабилната безбедносна ситуација во земјата, не само од апсект на НАТО интеграцијата, туку и од аспект на очекуваното решавање на конечниот статус на Косово, прашање што носи свои ризици што не смее да се потценат. Како непосреден сосед на Косово и Србија, Република Македонија треба да обезбеди се´ што е потребно за да се исклучат било какви тензични меѓуетнички односи.

Економска состојба

Соговорниците беа информирани за активностите на Владата на планот на обезбедување на поволна бизнис-клима во земјата за привлекување на што поголем обем на странски инвестиции преку меѓународната кампања Invest in Macedonia, од која се очекуваат многу позитивни резултати во претстојниот период. Претседателот на Владата истакна дека преземените активности доведоа до рангирање на Република Македонија на 4-то место на светската листа на најреформски земји за изминатава година, што претставува огромен успех за државата.

Како позитивен чекор во очекуваниот инвестициски бум се оценува воведувањето на системот на рамни даноци, со што се очекува создавање на поволна бизнис клима и воопшто простор за привлекување на што поголем обем на странски инвестиции. Во оваа насока беше спомната и регулаторната гилотина како метод во олеснувањето на бирократските процедури и елиминирање на непотребните постапки во остварувањето на правата и обврските на бизнис-субјектите.

Евро-атлантска интеграција

На средбите беа разменети мислења за процесот на евро-атлантската интеграција на Република Македонија. Од страна на пратениците беше информирано за активностите што од страна на сите државни институции се преземаат и реализираат во процесот на европската интеграција на Република Македонија. Притоа, беа споменати реформите во судскиот систем, унапредувањето на системот на јавната администрација, активностите во областа на борбата против корупцијата, хармонизацијата на домашното со европското законодавство, и сл. Беше укажано дека за реформите во оваа сфера постои широк политички консензус, а гледано од аспект на анкетите кои се спроведуваат од реномирани меѓународни институции, граѓаните на Република Македонија со висок процент се изјаснуваат за што поскоро зачленување на Република Македонија во НАТО.

Соговорниците беа информирани за реформите во безбедносниот и секторот на одбрана, при што беа запознаени со активностите што се преземаат на планот на професионализацијата на Армијата на Република Македонија, како и за учеството на македонски војници во меѓународните мировни мисии во Ирак, Босна и Херцеговина и Авганистан, во рамките на глобалната анти-терористичка војна.

На планот на реформите на Армијата, соговорниците беа запознаени дека Армијата на Република Македонија, која од голема територијална армија стана мала, модерна и мобилна армија, е подготвена да одговори на современите безебедносни предизвици. Истовремено, беше нагласено дека реформите со остваруваат според утврдената динамика и претставуваат одличен показател за нивната целосна компатибилност со стандардите на НАТО.

Соговорниците беа информирани дека како членка на Јадранската група, Република Македонија е активен промотор на добрососедска политика и носител на бројни иницијативи за зајакнување на регионалната соработка во евро-атлантската интеграција на земјите од Јадранската група и пошироко во регионот.

Во контекст на аспирациите на Република Македонија за полноправно членство во НАТО, беше искажано уверување дека проблемот со името на нашата земја наметнат од страна на нашиот јужен сосед, нема да претставува пречка во нејзиното

целосно евро-атлантско интегрирање. Истовремено, од страна на г.Лело беше истакнато дека во евро-атлантската интеграција на Република Македонија нема да се посветува внимание на овој чисто билатерален спор, туку внимание ќе се посвети на постигнатите реформи во бараните области важни за исполнување на критеритумите за членство. Во Министерството за надворешни работи на Република Македонија соговорниците беа запознаени дека и покрај постоењето на овој билатерален спор, Република Македонија и Република Грција остваруваат значителна економско-стопанска соработка, потоа соработка на полето на туризмот, извонредна соработка меѓу армиите на двете земји (Грчката армија во првата половина на оваа година отвори јазична лабораторија во најголемата македонска касарна, што претставува уште еден показател за пријателска армиска соработка).

Беше укажано дека ПС на НАТО ја дава потребната поддршка на Република Македонија во пресрет на претстојниот Самит на НАТО на планот на добивање на покана за полноправно членство во НАТО Алијансата. Јасниот сигнал на ПС на НАТО е потврден и со Резолуцијата за поддршка на трите земји-аспиранти на Јадранската група за членство во НАТО, усвоена на октомвриската сесија на ПС на НАТО во Рејкјавик, која кај нас е примена со големо внимание.. Тоа претставува дополнително охрабрување во реализацијата на реформските процеси и приоритетните задачи поврзани со исполнувањето на НАТО стандардите за полноправно членство.

За оваа област, соговорниците добија драгоцени информации за делувањето на Евро-атлантскиот совет на Република Македонија (АТА), презентиран од страна на потпретседателите на АТА, при што беше нагласена јасната определба на оваа НВО заеднички со сите државни институции да работи на планот на реализацијата на реформските процеси во земјата и на планот на остварувањето на приоритетните задачи.

* * * * *

Заклучни согледувања

Официјалната посета на Република Македонија на високата делегација на ПС на НАТО, предводена од претседателот на Собранието, во нашата јавност беше примено како поддршка на политиката што ја води Република Македонија во моментот на определувањето на нејзината евро-атлантска иднина. Со нескриени позитивни импресии беше укажано на улогата на Република Македонија во креирањето на безбедносната структура во регионот преку соработката со членките на Јадранската повелба А3 (заедно со Хрватска и Албанија) и новите членки на Партнерството за мир во регионот (Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина).

Заеднички беше констатирано дека со интензивирање на спроведувањето на сите компоненти на реформскиот процес (реализација и на безбедносните и на политичките критериуми потребни за членство во НАТО), успешно ќе се постигне зацртаната цел - добивање на покана за членство на претстојниот Самит на НАТО во Букурешт.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на делегацијата на секцијата на Собранието на Република Македонија, на состанокот на политичката комисија при Парламентарното Собрание на Франкофонијата, одржана од 1 до 3 март 2007 година во Вале Д´аост, Италија

Скопје, март 2007 година

Од 1 до 3 март 2007 година, во Вале д´Аост, Италија, се одржа редовниот состанок на Политичката комисија при Парламентарното Собрание на Франкофонијата.

На состанокот присуствуваа г. Благој Зашов, пратеник на Собранието на Република Македонија, прв потпретседател на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата и административниот секретар на Секцијата Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка во Службата на Собранието на Република Македонија.

На состанокот на Политичката комисија учествуваа делегациите на овие земји региони и институции: Бугарија, Буркина Фасо, Бурунди, Камбоџа, Камерун, Канада, Централноафриканската Република, Француската Заедница на Белгија, Конго, Франција, Гвинеја, Кантонот Јура, Либан, Македонија, Мали, Мароко, Нигер, Онтарио, Квебек, Романија, Швајцарија, Чад, Того, Вале д´Аост и генералниот секретаријат на ПСФ.

Состанокот на оваа Комисија го отвори г. Ришар Казнав, претседател на Комисијата. Најпрво тој се заблагодари на Секцијата на Вале д´Аост за организирање на состанокот на Комисијата за политички прашања на ПСФ и на учесниците им посака успешна работа.

По усвојувањето на дневниот ред и записникот од состанокот на оваа Комисија одржан за време на XXXII пленарна сесија на ПСФ во Рабат, Мароко, на 1 јули 2006 година, Комисијата ги разгледа Предлогот на извештаите, подготвени од страна на назначените известители на оваа Комисија.

Во првиот дел на состанокот беа разгледани овие извештаи: "Меѓународните и регионалните конвенции за човекови права", известител г-ѓа Вивиан Барбо (Канада), "Следење на дециниската стратегиска рамка", известител г. Иван Бордело (Квебек) и "Следење на примената на Декларацијата од Бамако" известител г-ѓа Амина Дербаки Сбаи, Белгија, Француска заедница на Белгија.

Во Извештајот за меѓународните и регионалните конвенции за човекови права, г-ѓа Вивиан Барбот истакна дека меѓународните договори се суштина на меѓународното уредување на правата на човекот и на меѓународната и правната институционална рамка[23]. Тие претставуваат прв извор на меѓународно право, како што тоа го потврдува членот 38 од Статутот на Меѓународниот суд за правда. Самите договори се засноваат врз правилото пацта сунт серванда, изложено во членот 26 од Конвенцијата од Виена за правото на договорите, коешто го подвлекува суштествениот принцип на правото за меѓународните договори - секој договор во сила ги обврзува странките и треба да биде извршен од нив bona fide. Во основа, обврските преземени на службен, јавен и доброволен начин од една земја би требало да се почитуваат. Потоа, таа наведе дека од моментот кога една земја ќе стане странка во меѓународните договори за човековите права, таа е принудена на три обврски: обврската да почитува одредени права и слободи, обврската да ги заштити поединците од злоупотреба што би можело да се извршува од недржавни актери и обврската да го применува, што значи да води позитивна акција за обезбедување на извршување на правата на човекот.

Потоа, таа додаде дека ратификувајќи ги меѓународните договори, државите ја изразуваат нивната решеност за почитување на конвенционалните обврски и да дозволуваат да се разгледува нивниот напредок во доменот на заштитата и промоцијата на правата на поединецот. Потпишувањето на еден договор ја илустрира намерата на една држава да се обврзува со овој договор и да го ратификува. Што се однесува до ратификацијата, таа претставува финална правна фаза на оваа процедура. Ратификацијата е средство со коешто државата изразува приврзаност кон правата на поединецот пред меѓународната заедница и нејзиното население.

На крајот таа истакна дека една од целите на Франкофонијата е да биде трајна странка на меѓународниот систем - за да може да го валоризира и зацврстува овој

[23] Анексот на овој извештај содржи краток список на меѓународни договори за правата на човекот, како и нивниот статус на ратификација од страна на земјите членки на Франкофонијата

мултилатерален дијалог. Еден од најефикасните начини да се успее во ова е зацврстувањето на овој систем преку потпишување, ратификација и почитување на инструментите од кои е составен. Декларацијата од Бамако според која "Франкофонијата и демократијата се неделиви" ги поддржува овие цели. Затоа, Франкофонијата воспоставила инструменти за следење на ратификациите и на националните извештаи. Овој диспозитив за следење се управува од страна на Делегацијата за мир, демократија и за правата на човекот (DPDDH[24]), којашто е составен орган на Меѓународната организација на Франкофонијата. DPDDH се концентрира на активностите на органите и механизмите на Организацијата на Обединетите нации и на Меѓународната организација на трудот[25], како и на процедурите на Африканската комисија за правата на човекот и на народите[26].

Анексот на овој извештај ги содржи овие меѓународни договори: Конвенцијата за превенција и репресија на злостроството за геноцид (Њујорк, 9 декември 2006 год.), Конвенција за статусот на бегалците (Женева, 28 јули 1951), Протоколот за статусот на бегалците (Њујорк, 31 јануари 1967), Меѓународна конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација (Њујорк, 21 декември 1965), Меѓународниот договор за економски, социјални и културни права (Њујорк, 16 декември 1966), Меѓународниот договор за граѓанските и политичките права (Њујорк, 16 декември 1966), Факултативниот протокол што се однесува на Договорот за граѓански и политички права (Њујорк, 16 декември 1966), Факултативниот протокол што се однесува на Меѓународниот договор за граѓанските и политичките права кој има за цел укинување на смртната казна (Њујорк, 16 декември 1966), Конвенцијата за елеиминирање на сите форми на дискриминација спрема жените (Њујорк, 18 декември 1979), Конвенција против тортура и други казни или свирепи, нечовечни или понижувачки постапки (Њујорк, 10 декември 1984), Конвенција за правата на детето (Њујорк, 20 ноември 1989), Факултативниот протокол за Конвенцијата за правата на детето во врска со учеството на децата во оружени судири (Њу Јорк, 25 мај 2000), Факултативниот протокол за Конвенцијата во врска со правата на детето што се однесува на продажбата на децата, проституцијата и порнографијата чии актери се децата (Њујорк, 25 мај 2000), Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите работници иселеници и членовите на нивните семејства (Њујорк, 15 декември 1989), Конвенцијата за забрана на употреба, складирање, производство и трансфер на нагазните мини и за нивното уништување (Отава, 3 декември 1997), Статутот од Рим за основање на Меѓународниот кривичен суд (Рим, 17 јули 1998) и Додатниот протокол на Конвенцијата на Обединетите нации против организираниот транснационален криминал за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца (Њујорк, 15 ноември 2000).

Со оглед на тоа дека на овој список фигурираше податокот дека Република Македонија не ги ратификувала следниве меѓународни документи: Меѓународнтата конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето во врска со учеството на децата во вооружени судири (Њујорк, 25 мај 2000) и Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите работници иселеници и членовите на нивните семејства (Њујорк, 15 декември 1989), по добиените информации на г. Зашов од страна на надлежните служби во Министерството за надворешни работи на Република Македонија, тој ги информираше членовите на Комисијата за политички прашања на ПСФ дека нашата земја ги ратификувала сите наведени меѓународни документи освен Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите работници иселеници и членовите на нивните семејства (Њујорк, 15 декември 1989).

Во врска со Конвенцијата за забрана на нагазните мини, претставникот на Либан наведе дека неговата земја не може да ја ратификува оваа конвенција заради тоа што Израел за време на последната војна во Либан ги користеше овие мини.

[24] Délégation à la paix, à la démocratie et aux droits de l'Homme
[25] Organisation internationale du travail
[26] Commission africaine des droits de l'Homme et des peuples

Во Извештајот за Следење на дециниската стратегиска рамка, г. Иван Бордело (Квебек), истакна дека во рамките на започнатата институционална реформа од Меѓународната организација на Франкофонијата, од Постојаниот совет на Франкофонијата на 12 декември 2006 година е усвоен Буџетот за 2007 година, како и Предлогот на програмираниот буџет 2006-2009 година. За време на Самитот на Уагадугу во 2004 година, Франкофонијата се здоби со Дециниската стратегиска рамка со којашто се определуваат приоритетите на Организацијата. Потоа, тој ги претстави деталите сврзани за буџетот и членарината на земјите членки на Франкофонијата и додаде дека со оглед на тоа дека Постојниот совет на Франкофонијата, при усвојување на буџетот за 2007 година, одлучил истиот да се намали, ПСФ врз основа на сугестијата од Комисијата за политички прашања, препорача Франкофонијата да се концентрира "во сржта на нејзината главна цел" т.е. одбрана на плурилингвизмот и на културната различност, реализирање на Милениумските цели за развој, во прв ред реализирање на целта за обезбедување на основно образование за сите. Што се однесува до четиригодишата програма, таа се состои од реализирање на следниве мисии на Дециниската стратегиска рамка: промоција на францускиот јазик и на културната и јазичната различност, промоција на мирот, демократијата и човековите права, поддршка на образованието, обуката, високото образование и истражувањата, развој на соработката во служба на одржливиот развој и на солидарноста и трансверзални активности.

Во Извештајот за следење на примената на Декларацијата од Бамако г-ѓа Амина Дербаки Сбаи истакна дека од одржувањето на Самитот во Монктон, различни инстанци на Франкофонијата ја сфатија прогресивно неопходноста за воспоставување на односи на припаѓање на франкофонскиот простор, особено преку почитување на човековите права и принципите на демократијата. Декларацијата којашто беше усвоена на Симпозиумот во Бамако за практичната примена на демократијата кој беше одржан од 1 до 3 ноември 2000 година, беше вреднувана и потврдена две години подоцна за време на одржувањето на Самитот на шефовите на држави и влади во Бејрут, кој беше одржан во октомври 2002 година.

Потоа, таа додаде дека овој текст во Главата 5, од една страна предвидува механизми за набљудување и евалуација на практиката на демократијата, човековите права и слободи, а од друга страна , механизми за конкретна акција во случај на криза на демократијата и тешка повреда на човековите права, како и во случај на целосен прекин на демократските процеси или масовно кршење на човековите права. Во врска со Главата 5 од Декларацијата, таа истакна дека таа има две улоги и тоа: улога на парламентарно набљудување на примената на предвидените начела на Декларацијата и улогата на главен генератор во примената на истата.

За време на Самитот во Бејрут, на 18, 19 и 20 октомври 2002 година, шефовите на држави и влади ја изразија нивната решеност за примена на Декларацијата и ја потврдија нивната "осуда на сите форми на геноцид, воени злосторства и злосторства против човештвото кои содржат толку масовни кршења на човековите права, како и државните удари и тешките повреди на уставниот поредок кои завршуваат со прекин на демократските процеси". Таа истакна дека резолуциите за политичката состојба на франкофонскиот простор коишто ПСФ ги усвојува и ги проследува на инстанците на Франкофонијата и на шефовите на држави и влади имаат огромна важност.

Госпоѓа Сбаи наведе дека овој извештај е поделен на три дела. Првиот дел се однесува на повикување на основните принципи на функционирањето на Опсерваторијата на практиките на демократијата, на правата и слободата во франкофонскиот простор, на примментата на еден систем на предвремена тревога, на седниците во Котону, Бамако +5 и на Конференцијата на Сен Бонифас. Вториот дел се однесува на компаративната анализа на добиените одговори на прашалникот за законодавната власт, елабориран во соработка со DDHDP, којшто беше проследен до сите национални секции на ПСФ, со исклучок на суспендираните секции. На прашањата од овој прашалник одговирија вкупно 37 секции. Прашалникот беше поделен на четири дела. Првиот дел се состои од прашања сврзани за независноста на парламентарната

институција, вториот за надлежностите на парламентот, додека третиот и четвртиот дел се состои од прашања сврзани за транспарентноста, обуката и информирањето во парламентот. Третиот дел од извештајот се однесува на франкофонските мисии за наблудување на изборите.

На крајот, г-ѓа Сбаи истакна дека во случај на непочитување на горенаведените принципи, ПСФ треба да се информира на лице место и да види дали се работи за непочитување на институцијата Парламент или пак тоа се владата и парламентот кои ги кршат човековите права и слободи. Врз основа на фактичката состојба, се предлагаат механизми и се преземаат акции во рамките на Генералниот секретаријат и инстанците на Меѓународната организација на Франкофонијата.

Во вториот дел на состанокот на оваа Комисија беа разгледани овие извештаи: Политичката состојба во франкофонскиот простор, известител Бонгнесан Арсен Је (Буркина Фасо), Преглед на мисијата за техничка евалуација на Меѓународната организација на Франкофонијата- Мавританија, 6 до 10 февруари 2007 година, известител г. Жан-Ив Поти, административен генерален секретар на ПСФ. Во овој дел од состанокот беа определени известителите за темата на Миграциските политики.

Во Извештајот за полтичката состојба во франкофонскиот простор, г. Бонесан Арсен Је најпрво го претстави актуелниот статус на секциите на Парламентарното собрание на Франкофонијата и наведе дека во моментот само секциите на ДР Конго, Брегот на Слоновата Коска и Мавританија се суспендирани, додека секциите на Хаити и Централноафриканската Република се ставени под обсервација. Ставењето на една секција под обсервација е воспоставено од страна на Бирото на ПСФ во 2003 година и истата не ги исклучува прерогативите на наведената секција затоа што таа и понатаму може да присуствува на седниците и да биде корисник на сите програми за соработка.

Состојбата во засегнатите земји се разгледува на секоја седница на Комисијата за политички прашања, која може да се обрати до Бирото и Пленарната сесија кога проблемите се веќе утврдени. Откако г. Је ги наброи суспендираните и секциите под обсервација, тој се осврна на кризните состојби во Гвинеја, Чад и во Либан. Со дополнителни информации за моменталната состојба по распоредување на силите на Обединетите нации во Либан (FINUL[27]) учесниците на оваа Комисија беа запознаени од пратеникот на Секцијата од Либан г. Набил Дефреж. На крајот тој истакна дека политичката состојба во франкофонскиот простор се следи редовно како преку Мисии за техничка евалуација, така и преку мисии за набљудување на избори од страна на ОИФ и ПСФ и упати барање до националните секции за доставување на нивните предлози, мислења, совети, сугестии со цел овие мисии да бидат што подобро организирани во функција на нивно успешно извршување. За оваа цел Комисијата формира работна група за којашто беа предложени овие пратеници: г. Благој Зашов, прв потпретседател на Секцијата на Република Македонија во ПСФ, г. Нгендахајо Жан-Мари од Секцијата на Бурунди, г. Бетеј Лоран, од Секцијата на Франција и г-ѓа Дербаки Сбаи Амина, од Секцијата на Францускатa заедница на Белгија.

Во Извештајот од Мисијата за техничка евалуација во Мавританија, од 6 до 10 февруари 2007 година, г. Жан-Ив Поти, административен генерален секретар на ПСФ истакна дека во оваа земја членка на ПСФ во ноември 2006 година од страна на ОИФ беше испратена една Мисија за набљудување на изборите. Во оваа прилика надлежните органи на Мавританија прејавиле интерес за извршување на една франкофонска експертиза за зацврстување на капацитетите на новите парламентарци. По налог на генралниот секретар на ОИФ г. Абду Диуф, административниот генерален секретар на ПСФ ја извршил оваа евалуација. Потоа, тој наведе дека евалуацијата се состои од: утврдување на фактичката општа состојба на инфраструктурата и средствата коишто парламентарците на Мавританија ги имаа на располагање, идентификување на потребите на парламентарците и службата и воспоставување на врски со меѓународните партнери со цел програмите за помош да се рационализираат.

[27] Force intérimaire des Nations Unies au Liban

На крајот тој истакна дека овој извештај е одобрен од Бирото на ПСФ на 19 јануари 2007 година.

За темата за Миграциските политики, Комисијата ги предложи следниве секции за известители на овој извештај: ДР Конго, Вал д´Аост, Мароко, Мали и Канада.

На крајот од својата работа, Политичката комисија ги усвои Предлогот на декларацијата за политичката состојба во франкофонскиот простор и Предлогот на декларацијата за состојбата во Брегот на Слоновата Коска. Овие предлози на декларации беа прифатени едногласно од учесниците и беа предложени на Бирото за усвојување.

Политичката комисија заклучи следниот состанок на оваа Комисија да се одржи во Либревил, Габон, во јули 2007 година, за време на одржувањето на 33- годишна сесија на ПСФ.

* * * * *

Оценка е дека учеството на Делегацијата на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ на редовниот состанок на Политичката комисија беше многу корисно. Господинот Благој Зашов, прв потпретседател на Секцијата имаше многу корисни контакти со повеќе делегации на земјите членки на Парламентарното собрание на Франкофонијата, меѓу другите со г. Мохамед Бенјахја, член на Секцијата на Мароко во врска со воспоставување на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Мароко, со г. Жан Мари Нгендахајо, член на Секцијата и некогашен министер за внатрешни работи на Бурунди и со г. Хиларион Етонг, потпретседател на Националното собрание на Камерун во врска со воспоставување на дипломатските и економските односи меѓу Република Македонија и Бурунди и Камерун. Господинот Бенјахја изрази големо задоволство за средбата со г. Зашов и се заложи дека ова прашање ќе го покрене во Комисијата за надворешни работи и Бирото на парламентот на Мароко. Господата Нгедахајо и Етонг изразија големо задоволство за средбата со г. Зашов. На оваа средба беше договорено претставниците на Република Македонија, Бурунди и Камерун во ОН во Њујорк да се сретнат за да се договорат за понатамошните активности во врска со реализацијата на оваа идеја. Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на состанокот на Конференцијата на претседатели на секции на ПСФ Европа, од 24 до 26 април 2007 година во Жерзе, Обединето Кралство, на Комисијата за парламентарни прашања, од 21 до 25 мај 2007 година во Софија, Бугарија, како и на 33-годишно собрание и Парламент на млади франкофони, во јули 2007 во Либревил, Габон, на коешто ќе бидат разгледани бројни резолуции и извештаи од активноста на ПСФ.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата

ИЗВЕШТАЈ

од седницата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата,одржана од 5 до 7 март 2007 година во Фор-д-Франс, Мартиник, Франција

Скопје, март 2007 година

Седницата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) се одржа од 5 до 7 март 2007 година во Фор-д-Франс, Мартиник, Франција, на покана од г. Бруно Бур-Брок, потпретседател на ПСФ и делегиран претседател на Француската секција во ПСФ. На седницата присуствуваа претставници од дваесет и една секција во ПСФ, како и претставници на Секретаријатот на Парламентарното собрание на Франкофонијата. Од Собранието на Република Македонија на седницата учествуваше г. Насер Ајдини, потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата и член на Комисијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, извршен секретар на Секцијата.

Со седницата претседаваше г. Его Перон, претседател на Регионалниот совет на Вал д´Аоста, Италија и претседател на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Na sve~enoto otvorawe na sednicata na Komisijata se obratija: g. Klod Lise, pretsedatel na Sovetot na Martinik, senator od Martinik i ~len na Francuskata sekcija vo PSF, g. Iv Dasonvil, prefekt na Martinik, g. Bruno Bur-Brok, pretsedatel na Francuskata sekcija vo PSF i g. Ego Peron, pretsedatel na Komisijata.

Господинот Клод Лисе во своето поздравно обраќање се осврна на карактеристиките на Мартиник, остров во карипскиот и американскиот простор, кој воедно како дел од Франција, е член и на европското семејство. Со својот плурален идентитет кој го прави вистинска крстосница на цивилизациите, Мартиник е соочен со големи предизвици, големи турбуленции и големи ветувања во светот којшто се повеќе го карактеризираат меѓусебната зависност и мултиприпадноста. Истовремено, претседателот на Советот на Мартиник оцени дека Франкофонијата, како простор за дијалог треба да продолжи да ја поддржува и развива културната, но и јазичната различност на народите што ја сочинуваат. Во овој контекст, тој ја нагласи потребата за зачувување на креолскиот јазик на Мартиник, како и јазиците на Гвадалупе и Гвајана[28].

Префектот на Мартиник, г. Ив Дасонвил се осврна на доминантната улога на Франкофонијата на Мартиник, потенцирајќи дека станува збор за прекуморски депарман на Франција, кој воедно е карипски остров во кој преовладува креолската култура. Токму на Мартиник доаѓаат до израз вистинските вредности на Франкофонијата, како што се дијалог меѓу културите и афирмација на идентитетот и културното наследство.

Претседателот на Француската секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата г. Бруно Бур-Брок се задржа на значењето на ПСФ во промовирањето на демократијата и владеењето на правото. Истовремено, тој се осврна на пораката што оваа година франкофоните, преку генералниот секретар на Меѓународната органзација на Франкофонијата, г. Абди Диуф му ја испратија на целиот свет: "Да живееме заедно, различни!"

Претседателот на Комисијата г. Его Перон ги запозна парламентарците со текот на работата и процедуралните прашања во рамките на Комисијата и накратко се осврна на темите за дискусија предвидени за седницата. Тој изрази благодарност до Француската секција на ПСФ и Советот на Мартиник за поканата и организацијата на седницата, затоа што со ова на членовите на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања им се овозможува да запознаат еден поинаков аспект на Франција и на франкофонската разновидност. Тој, исто така, информираше за неговите активности и активностите на Комисијата во периодот по последната седница на Комисијата,

[28] Прекуморски департмани на Франција

одржана во јули 2006 година, во рамките на 32 Сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата, одржана во Рабат, Мароко.

На седницата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата беа разгледани следниве извештаи:
"Политиката на книги на француски јазик: предизвиците на политиката на распределба на франкофонски книги", од известителот г. Бруно Бур-Брок од Франција,
"Влијанието на културите и улогата на парламентите во демократските процеси во франкофонскиот простор", од известителот г-ѓа Виктуар Ласени Дубозе од Габон,
"Ратификација на Конвенцијата на UNESCO за заштита и унапредување на разновидноста во културните изразувања", од известителот г. Жак Шањон од Квебек,
"Ратификација на конвенциите на UNESCO за заштита на културното наследство" од известителите г. Ибрахим Абалеле од Нигер и г. Клемент Донго од Камерун и
"Миграциските политики во рамките на франкофонскиот простор", од известителите г. Дидие Берберат од Швајцарија и г. Усени Тамбура од Буркина Фасо.
Се очекува врз основа на извештаите да се предложат резолуции кои ќе бидат разгледани и усвоени на претстојната Триесет и трета сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што ќе се одржи од 2 до 7 јули 2007 година во Либревил, Габон.

Извештајот "Политиката на книги на француски јазик: предизвиците на политиката на распределба на франкофонски книги", го презентираше г. Бруно Бур-Брок. Во своето излагање тој се осврна на кризата во врска со распределбата на франкофонски книги, приватните иницијативи на овој план, како што се ADIFLOR i BIBLIONET, меѓународниот правен поредок и неговото влијание во распределбата на книги, активностите на Меѓународната организација на Франкофонијата за промовирање на франкофонски книги и слично. Господинот Бур-Брок се задржа на Договорот од Фиренца за увоз на предмети од образовен, научен или културен карактер, кој е усвоен од Генералната конференција на UNESCO во 1950 година и ратификуван од 97 земји, како и на Протоколот од Најроби со кој овој Договор беше комлетиран во 1976 година, а кој досега го имаат ратификувано само 37 земји.

Известителот г-ѓа Виктуар Ласени Дубозе од Габон се осврна на Извештајот "Влијанието на културите и улогата на парламентите во демократските процеси во франкофонскиот простор". Таа истакна дека демократијата е универзално признаен идеал и цел базирана на заедничките вредности на сите народи, независно од културните, политичките, социјалните или економските разлики. Како идеал, демократијата се стреми кон зачувување и унапредување на дигнитетот и фундаменталните права на човекот, обезбедување на социјална заштита и фаворизирање на економскиот и социјалниот развој. Госпоѓата Ласени Дубозе потсети дека Парламентарното собрание на Франкофонијата е привилегирано место за дијалог меѓу културите и форум кој безусловно ги поддржува универзалните вредности, како што е слободата на мислење и слободата на печатот, се додека тие слободи се во границите на слободите на другиот, особено на полето на верските убедувања.

Извештаите "Ратификација на Конвенцијата на UNESCO за заштита и унапредување на разновидноста во културните изразувања", од известителот г. Жак Шањон од Квебек и "Ратификација на конвенциите на UNESCO за заштита на културното наследство" од известителите г. Ибрахим Абалеле од Нигер и г. Клемент Донго од Камерун ги презентираше г. Ибрахим Абалеле. Тој подвлече дека Конвенцијата за заштита и унапредување на разновидноста во културните изразувања е усвоена на Генералната конференција на UNESCO, одржана на 20 октомври 2000 година, на која ПСФ учествувало како набљудувач. На 32 Сесија на ПСФ, одржана во јули 2006 година во Рабат, Собранието усвои препорака, со која пратениците од франкофонскиот простор се мобилизираат да обезбедат ратификација на оваа Конвенција. До февруари 2007 година Конвенцијата ја ратификувале 45 земји[29]. Меѓутоа, оваа Конвеција се уште не е ратификувана од арапските земји. Според укажувањата на пратениците од овие

[29] Собранието на Република Македонија ја ратификува Конвенцијата на 2 април 2007 година.

земји, постојат забелешки во врска со несоодветниот превод на Конвенцијата на арапски јазик.

Господинот г. Дидие Берберат од Швајцарија се осврна на првата фаза од Извештајот "Миграциските политики во рамките на франкофонскиот простор", кој го подготвува во соработка со г. Усени Тамбура од Буркина Фасо. Во функција на подготовката на извештајот, до секциите во Парламентарното собрание на Франкофонијата е испратен прашалник во врска со статусот и мобилизацијата на студентите, можноста на професорите да држат предавања во јужните земји, можностите за добивање и одобрување на стипендии и слично. Господинот Берберат ќе биде задолжен за обработка на одговорите на прашалникот од северните земји, а г.Тамбура за одговорите од јужните земји членки на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Членовите на Комисијата ја разгледаа и информацијата "Мислењето на Парламентарното собрание на Франкофонијата и заклучоците од Самитот на Франкофонијата, одржан во Букурешт". Во отсуство на известителите г. Жак Шањон од Квебек и г. Жоел Бурден од Франција, информацијата ја презентираше г. Разван Теодореску, претседател на Романската секција во ПСФ. Тој нагласи дека Мислењето на тема "Информациските технологии во образованието", елаборирано од Комисијата за образование, комуникации и културни прашања и усвоено од Собранието на 32 Сесија на ПСФ во Рабат, било презентирано на шефовите на држави и влади за време на 11 Самит на Франкофонијата, одржан на 28 и 29 септември 2006 година во Букурешт, Романија. Во Декларацијата усвоена на Самитот се содржани препораките формулирани од ПСФ, особено во делот кој се однесува на препокатата за издвојување на адекватни буџетски ресурси, рамноправно распределени меѓу основното, средното, високото образование и професионалните и технички обуки. Дополнително, се предвидува формирање на партнерство меѓу државите и владите на Франкофонијата за гарантирање на потполно, бесплатно и задолжително основно образование за сите.

Господинот Теодореску потсети дека Парламентарното собрание на Франкофонијата, во своето Мислење и препорача на Меѓународната организација на Франкофонијата (МОФ) да формира нов оператор, кој ќе биде задолжен за спроведување на информатичко општество. Во Декларацијата од Букурешт оваа задача е доделена на Франкофонскиот институт за нови информациски технологии и за обука.

Претседателот на Романската секција во ПСФ, исто така информираше дека Програмата на МОФ за периодот 2006 - 2009 година, содржи четири мисии: Мисија А "Унапредување на францускиот јазик и на културната и лингвистичката разновидност", Мисија В "Унапредување на мирот, демократијата и човековите права", Мисија С "Поддршка на образованието, обуката, високото образование и истражувањето, како и основното образование за сите" и Мисија Д "Развој на соработка во функција на трајниот развој и солидарноста". Парламентарното собрание на Франкофонијата има задача да утврди дали овие заложби ќе бидат доследно реализирани од страна на МОФ и нејзините оператори.

Госпоѓата Фатна Елк´Хиел, пратеник од Мароко, информираше за активностите на Парламентарната мрежа на ПСФ за борба против ХИВ-СИДА. На Петтата седница на Парламентарната мрежа, одржана од 2 до 4 ноември 2006 година во Уагадугу, Буркина Фасо бил усвоен новиот Стратегиски план на Мрежата за периодот 2007-2008 година. Господинот Салвадор Јамеого, национален координатор за борба против ХИВ-СИДА од Секцијата на Буркина Фасо во ПСФ, како претставник на Мрежата учествувал на Регионалниот форум на партнерство за СИДА, организиран од ОНСИДА на 28 ноември 2006 година во Дакар, каде што го презентирал Стратегискиот план. Госпоѓа Елк´Хиел исто така информираше и за различните активности што одредени секции на ПСФ ги организирале во своите парламенти по повод 1 декември, Меѓународниот ден за борба против ХИВ-СИДА.

Во рамките на седницата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на ПСФ беше одржана тркалезна маса на тема: "Коегзистенција на слободите, културите и религиите". Во дебатата беа разменети мислења со претставници на главните религиски конфесии, заедници и здруженија на слободни мислители од

Мартиник: Католичката црква, Адвентистичката црква "Седмиот ден", Еванге-листичката федерација, Еврејската заедница и Масонската ложа на Големиот ориент на Франција.

По дебатата, членовите на Комисијата усвоија предлог на препорака која ќе биде презентирана во рамките на 33 годишна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што ќе се одржи од 2 до 7 јули 2007 година во Либревил, Габон. Во предлогот на препораката, ПСФ ги охрабрува актерите на Франкофонијата да промовираат дијалог меѓу религиите и конфесиите и ги поканува сите секции, парламенти и влади членки на Меѓународната организација на Франкофонијата да реализираат училишни програми со цел за подобар дијалог меѓу културите и религиите.

На крајот од седницата беше одлучено следната седница на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на ПСФ да се одржи во рамките на Триесет и третата годишна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

* * * * *

Се оценува дека учеството на потпретседателот на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата г. Насер Ајдини, на седницата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на ПСФ, што се одржа од 5 до 7 март 2007 година во Фор-д-Франс, Мартиник, Франција даде значаен придонес кон активностите на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата. Во оваа прилика пратеникот г. Насер Ајдини имаше можност да воспостави контакти со пратениците - членови на Комисијата и да размени мислења за темите кои беа разгледувани на седницата, како и за други прашања од заеднички интерес. Истовремено, средбите со пратениците од европските земји беа искористени за лобирање за прифаќање на кандидатурата на Секцијата на Собранието на Република Македонија за организирање на јубилејното Дваесетто регионално собрание на ПСФ-Регион Европа, што ќе се одржи во октомври 2007 година.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Седницата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на ПСФ, се остварува континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во активностите на меѓународните парламентарни собранија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата

ИЗВЕШТАЈ

од Конференцијата на претседателите на секциите на Парламентарното собрание на Франкофонијата - Регион Европа, одржана од 24 до 26 април 2007 година во Џерси

Скопје, мај 2007 година

Конференцијата на претседателите на секциите на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) - Регион Европа се одржа од 24 до 26 април 2007 година во Џерси. На седницата, присуствуваа претседателите на тринаесет секции во ПСФ - Регион Европа, како и административните секретари на секциите, претставници на Секретаријатот на Парламентарното собрание на Франкофонијата и претставници на Секретаријатот на Регионот Европа. Од Собранието на Република Македонија на седницата учествуваше д-р Илинка Митрева, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, извршен секретар на Секцијата.

Со седницата претседаваше г. Фреди Дегилаж, потпретседател на Парламентот на Француската заедница во Белгија и претседател на Регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

На свеченото отворање на Конференцијата се обратија **сер Филип Белаш, беили, претседател на Собранието на Џерси** и **г. Кен Виберт, претседател на Секцијата на Џерси во ПСФ**. Во своите поздравни обраќања тие се осврнаа на историјата и карактеристиките на Џерси, како и еволуцијата на употребата на францускиот јазик на овој англиско-нормандски остров.

Џерси е најголемиот и најјужниот остров од Каналските острови, кои претставуваат територија зависна од Британската круна. Овие острови, кои се наоѓаат во Каналот Ла Манш, во непосредна близина на севернозападниот брег на Франција, биле дел од Војводството Нормандија до 1066 година, кога потпаднале под Англиската круна. Каналските острови биле единствената британска почва, што за време на Втората светска војна била окупирана од германските трупи.

Каналските острови не се дел на Обединетото Кралство, ниту на Европската унија. Од административни причини, островите се поделени на Беиливик на Џерси и Беиливик на Гернси. Беиливикот на Џерси изнесува 116 км^2, а во него, покрај островот Џерси, спаѓаат уште два мали острови.

Официјални јазици на Џерси се англискиот и францускиот. Џерси нема свои претставници во Парламентот на Обединетото Кралство, туку има сопствено Собрание (Chamber of States/Chambre des Etats). Собранието го сочинуваат 55 члена со право на глас и тројца членови без право на глас. Членови на Собранието со право на глас се: beili[30], неговиот заменик, 12 сенатори, избрани за мандат од шест години, 12 претседатели на парохии (constables/connétables), избрани за тригодишен мандат и 29 пратеници, избрани исто така за тригодишен мандат. Членови без право на глас се: деканот на Џерси, главниот обвинител и главниот правобранител, сите назначени од Кралицата (монархот).

Џерси има самостојна економска и даночна политика, која е извор на богатството на островот. Заради исклучително ниските даноци, финансиските услуги сочинуваат 60% од бруто домашниот прозвод на Џерси. Други позначајни стопански гранки се туризмот, земјоделството и млечната индустрија.

Карактеристично е што системот на собраниски комисии, денес е заменет со министерства. На чело на извршната власт на Џерси е намесник гувернер (Lieutenant Governor), назначен од монархот, а прашањата за надворешните работи и одбраната се во надлежност на Владата на Обединетото Кралство во Лондон.

На претседателите на секциите на Регионот Европа на ПСФ им се обратија и: г. Брајан Виберт, претседател на асоцијацијата за зачувување на џерсискиот јазик "Л Дон Балеин", г-ѓа Марион Обер, професор на "Alians fransez" во Џерси и г. Симон Краукрофт, претседател на парохијата Сент Хелиер, кои се задржаа на реализираните активности на полето на културната и јазичната разновидност и напорите за промовирање на вредностите на Франкофонијата.

Господинот Брајан Виберт се осврна на ризикот од исчезнување на џерсискиот јазик и активностите кои ги презема асоцијацијата "Л Дон Балеин" за промовирање на

[30] Беили е претседател на Собранието и на Врховниот суд, кого го назначува кралицата (монархот).

користењето на овој јазик, особено меѓу младата популација. **Госпоѓата Марион Обер** ги образложи проектите за основање на француско училиште во Џерси и за формирање на двојазични француско-англиски паралелки за децата од предшколска возраст. Господинот **Симон Краукрофт** се задржа на процесите и предизвиците за збратимување меѓу парохите од Џерси и градовите во Франција.

Дваесетто регионално собрание на ПСФ - регион Европа

Претседателот на Регионот Европа г. Фреди Дегилаж ги информираше претседателите на секциите дека Македонската и Албанската секција во ПСФ поднеле кандидатури за организирање на XX Регионално собрание на ПСФ - Регион Европа, што треба да се одржи наесен 2007 година. Истовремено, тој подвлече дека Албанската секција заостанува со плаќањето на членарината во ПСФ и Регионот Европа, додека Македонската секција редовно ги подмирува своите финансиски обврски.

Претседателот на Македонската секција д-р Илинка Митрева ја презентираше кандидатурата на Секцијата за организирање на наредното XX Регионално собрание на ПСФ - Регион Европа, осврнувајќи се на активностите што се преземаат во Република Македонија за промовирање на Франкофонијата. Таа подвлече дека по приемот во ПСФ, како асоцијативна членка во 1999 година, Македонската секција активно учествува на состаноците на ова меѓународно собрание. Покрај ова, Македонската секција ја прифати одговорноста да учествува во работата на Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ.

Госпоѓа Митрева потсети дека во Република Македонија се организирани повеќе франкофонски состаноци, меѓу кои и Конференцијата на претседателите на секциите на ПСФ - Регион Европа во април 2005 година. Во рамките на Програмата за акција и соработка на Регионот Европа за 2003 година, Делегација на Собранието на Република Македонија престојуваше на студиски престој во Брисел. Исто така, во 2006 година Собранието на Република Македонија стана добитник на специјалната поддршка на Програмата НОРИА, за периодот 2006-2009 година.

Претседателот на Македонската секција подвлече дека Република Македонија стана полноправна членка на Меѓународната организација на Франкофонијата на Самитот на шефовите на држави и влади, што се одржа минатата година во Букурешт. Интегрирајќи се во големото семејство на Франкофонијата, Македонија продолжува да придонесува кон зацврстување на франкофонските вредности, како што се мирот, демократијата, човековите права и промовирањето на францускиот јазик и културната и јазична разновидност.

Таа, исто така информираше дека во Република Македонија, континуирано, секоја година се одбележува 20 март, Денот на Франкофонијата. Оваа година 20 март беше одбележан со многубројни активности и манифестации, како што се: трибини, средби на студенти франкофони, концерти, изложби, проекции на филмови, промоции на книги, промоција на поштенска марка, пролетно дефиле на Франкофонијата,читање на франкофонска поезија, денови посветени на франкофонската музика на радио и слично. Овие активности беа поддржани од институциите во Република Македонија, вклучувајќи ја и Македонската секција во ПСФ, која го одбележа овој ден со пригодна манифестација во Собранието на Република Македонија.

На крајот од обраќањето, д-р Митрева ги повика претседателите на секциите на ПСФ - Регион Европа да ја прифатат кандидатурата на Македонската секција за организирање на XX Регионално собрание.

Во корист на кандидатурата на Македонската секција за организирање на XX Регионално собрание на Регионот Европа се изјасниија и претседателите на секциите на Романија и Луксембург, по што Македонската секција едногласно беше избрана за домаќин на следното јубилејно собрание на Регионот Европа на ПСФ.

За одржување на Регионалното собрание беа предложени два термина: неделата од 22 октомври или неделата од 5 ноември 2007 година. На почетокот од Собранието парламентарците франкофони ќе бидат информирани за активностите што се реализираат во Република Македонија во насока на промоција на Франкофонијата,

по што ќе следи размена на мислења и искуства на ова поле. На Регионалното собрание, како што е вообичаено ќе бидат разгледани две теми: една од доменот на јазикот и културата, а другата од доменот на политиката. Беше одлучено оваа година двете теми да бидат разгледани на пленарна седница, а не како досега, во рамките на две одделни комисии.

Првата тема која ќе биде елаборирана на Регионалното собрание е: **"Франкофонијата и диспозитивите за промоција на европските јазици".** Темата беше предложена од Француската секција, која ќе обезбеди и известител за оваа тема. Беше одлучено Белгиската секција да стапи во контакт со г. Робер Шоденсон, професор на Универзитетот на Прованс и одговорен за мрежата на Универзитетската агенција на Франкофонијата, со цел да му се предложи да биде аниматор на дебатата. Професорот Шоденсон е автор на многу статии и книги, меѓу кои и "Глобализација - дали францускиот јазик се уште има иднина?".

Втората тема која ќе се разгледува на XX Регионално собрание е: **"Миграционите политики во европскиот франкофонски простор"**. Темата беше предложена од претседателот на Белгиската секција, а во врска со писмото упатено од парламентарниот генерален секретар на ПСФ, г. Жак Лежанр, во кое тој изразува надеж дека секциите ќе разгледаат теми во врска со миграционите политики. Беше одлучено известителот за оваа тема да биде од Македонската секција.

Секоја секција од Регионот Европа на ПСФ треба да подготви извештај за миграционите политики што се спроведуваат во нивните земји. Извештаите ќе бидат усно презентирани за време на Регионалното собрание, од претставници на секоја секција. Претходно, синтеза од овие извештаи треба да биде испратена до Секретаријатот на Регионот Европа, кој истите ќе ги препрати до Македонската секција. Врз основа на овие синтези, известителот од Македонската секција ќе изготви глобален извештај за миграционите политики во европскиот франкофонски простор.

Со цел во дискусијата да бидат опфатени и миграционите политики на Европската унија, претседателот на Секцијата на Луксембург предложи, како експерт на оваа тема, да биде повикан министерот за европски прашања и имиграција на Луксембург. Дополнително, Македонската секција треба да покани експерти од оваа област кои ќе учествуваат во дебатата. Исто така, на Регионалното собрание Македонската секција треба да покани претставници на Парламентот на млади франкофони и Националниот совет за млади.

Програма за акција и соработка на ПСФ - Регион европа

Во рамките на Програмата за акција и соработка на ПСФ - Регион Европа, Католичкиот универзитет од Лувен, односно неговиот Центар за студии на кризи и меѓународни конфликти, му предложил на Државниот универзитет на Молдавија програма за обука на француски јазик за универзитетската година 2007/2008. Претседателот на Молдавската секција информираше дека програмата, која се фокусира на промовирање на демократијата, човековите права и Франкофонијата, била прифатена од Молдавскиот универзитет. За слушатели на програмата се определени студентите од Отсекот "Француски јазик и цивилизација" и Отсекот "Политички науки и меѓународни односи". На обуката, која ќе се одвива преку видеоконференции, може да учествуваат и пратеници и службеници франкофони од Парламентот на Молдавија.

На крајот на проектот, до претседателот на Регионот Европа ќе биде поднесен извештај со евалуација од страна на предавачите и на корисниците на обуката.

Мисии за набљудување на избори и семинари

Претседателите на Секциите беа информирани за учеството на претставници на Регионот Европа во мисиите за набљудување на избори и на парламентарните семинари на ПСФ.

Во мисијата за набљудување на изборите во Сенегал, одржани на 25 февруари 2007 година, учествувал г. Ив Рајнкин, пратеник во Парламентот на Францускатa

заедница во Белгија. Изборите во Мавританија, на 11 март 2007 година, ги набљудувала сенаторката Мишел Андре од Франција. Госпоѓа Дефалк, пратеник во Парламентот на Француската заедница во Белгија, учествуваше на Семинарот за жени парламентарки од Хаити, организиран на 3 и 4 април во Порт о Пренс, Хаити.

Регионот Европа на ПСФ не бил повикан да ги следи изборите во Бенин и Сирија, одржани во март 2007 година.

Две секции од Регионот Европа поднеле кандидатури за учество во идните мисии за набљудување на избори, доколку тие се потврдат, односно доколку земјите во кои се одржуваат изборите побараат истите да бидат набљудувани од ПСФ. Швајцарската секција го кандидираше г. Берберат за набљудување на изборите во Мадагаскар. Македонската секција ја кандидираше д-р Илинка Митрева, претседател на Секцијата за набљудување на претседателските избори во Франција, г. Насер Ајдини, потпретседател на Секцијата за изборите во Белгија и г. Благој Зашов, прв потпретседател на Секцијата за изборите во Мароко и Мадагаскар.

Ротација на меѓународните мандати на Европските секции

На XXXIII Годишно собрание на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што ќе се одржи во месец јули 2007 година во Либревил, Габон истекуваат мандатите на сите избрани функционери на ПСФ. Регионот Европа треба да предложи кандидати за сите функции кои му припаѓаат на овој Регион. Со таа цел, претседателот на Регионот Европа испрати писмо до сите секции кои имаат свои претставници во управните тела на ПСФ и побара да го известат за евентуалните модификации во актуелната распределба на мандатите. Со оглед на тоа што ниту една секција не се изјаснила за промена на мандатите, на Конференцијата во Џерси беше одлучено секциите да ги задржат сегашните мандати. Согласно со претходниот договор, Секцијата на Швајцарија во јули 2008 година ќе го превземе претседавањето со Комисијата за образование, комуникации и културни прашања, со која претседава Секцијата на Вал деАоста.

Македонската секција има свој претставник во Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ. Госпоѓата Теута Арифи е една од трите членки од Регионот Европа во ова тело и единствен претставник на земјите од Централна и Источна Европа во Извршниот комитет на Мрежата.

* * * * *

Се оценува дека учеството на претседателот на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата д-р Илинка Митрева, на Конференцијата на претседателите на секциите на ПСФ - Регион Европа, што се одржа од 24 до 26 април 2007 година во Џерси, даде значаен придонес кон активностите на Македонската секција во ПСФ. Во оваа прилика пратеникот д-р Митрева имаше можност да воспостави контакти со претседателите на секциите и да лобира за прифаќање на кандидатурата на Секцијата на Собранието на Република Македонија за организирање на XX Регионално собрание на ПСФ-Регион Европа, како и да размени мислења за прашања од заеднички интерес.

На Конференцијата на претседателите на секциите на ПСФ - Регион Европа едногласно беше прифатена кандидатурата на Македонската секција во ПСФ за организирање на јубилејното Дваесетто регионално собрание на Регионот Европа, што преставува потврда за активностите на Секцијата за промовирање на целите и вредностите на Франкофонијата и на придонесот во функционирањето на Парламентарното собрание на оваа меѓународна организација.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата

ИЗВЕШТАЈ

од работна посета на Националното Собрание на Македонија на Делегација на НОРИА остварена од 19 до 21 ноември 2007 година во Скопје, Република Македонија

Скопје, ноември 2007 година

На состанокот на Бирото одржан во Нумеа во јануари 2006 година, беше одлучено Националното Собрание на Македонија, како придружна членка на Парламентарното Собрание на Франкофонијата (АПФ), да може да ја користи специјалната подршка од Програмата Нориа.

Програмата Нориа е главна програма за соработка на АПФ. Таа беше создадена во јули 2002 година на состанокот на Бирото на АПФ, одржан во Берн, Швајцарија.

Специјалната поддршка е наменета за парламентите во кои користењето на францускиот јазик е умерено, со цел да се олесни запознавањето со нивните закони преку преведување на француски јазик на нивните ВЕБ-страници. Со неа се овозможува отворање и пристап кон франкофонскиот простор и промовирање на франкофонијата во рамките на културната и јазичната различност. Исто така, со неа се обезбедува подобар пристап кон информациите, преку обезбедување на франкофонска документација и преку професионални обуки на француски јазик.

Контекст и оправданост

Посетата на директорката на Програмата и на Шефот на Мисијата беше реализирана од 19 до 21 ноември 2007 година, како резултат на активностите иницирани во текот на 2006 и 2007 година. Во текот на оваа мисија беа одржани средби со главните носители на спроведувањето на специјалната поддршка Нориа за македонскиот парламент.

Впрочем, во изминатиот период, Нориа учествуваше во финансирањето на преводот на француски јазик на дел од ВЕБ-страницата на Собранието, со што информациите за македонскиот парламент стануваат пристапни за франкофоните.

Освен тоа, добивањето на документацијата на различни медиумски подлоги (книги, речници и дигитални енциклопедии) беше обезбедено од Нориа.

На крајот, беа финансирани и часови по француски јазик на повеќе нивоа. Овие часови се отворени за службениците и за пратениците, кои изразиле интерес за тоа. Нивните резултати од изучувањето на јазикот генерално беа оценети позитивно.

За реализирање на посетата дефинитивно беше утврден периодот од 19 до 21 одложувајќи го првичниот предлог за средба во октомври поради тоа што средбите ќе беа одржани многу брзо по европската регионална средба на АПФ, што се одржа во Скопје.

Главна цел на посетата на претставниците на Нориа во Македонија беше да се направи проценка на почетната двегодишна поддршка во соработка со одговорните од македонската секција и да се дефинираат натамошните активности.

Одвивање на посетата

1. *Средба со македонската секција на АПФ*

Илинка Митрева
Благој Зашов
Насер Ајдини
Лиман Авдиу
Билјана Огненовска

По зборовите за добредојде, г-ѓа Илинка Митрева изрази задоволство од нивото на соработката меѓу националното Собрание на Македонија и програмата Нориа. Таа ги истакна активностите што беа овозможени со поддршка на Нориа:

- превод на француски јазик и ставање во употреба на ВЕБ-страницата на Македонското Собрание;
- одржување часови по француски јазик за службениците и за пратениците;

- донирање на специјализирана документација и претплата на списанија од тој домен, за потребите на собраниската библиотека.

Г-ѓа Миреј Еза ги поздрави напорите на македонското Собрание за вклучување во франкофонската динамика и за очигледниот напредок на тој план. Таа потсети дека основната цел на оваа посета е да се направи проценка на активностите кои веќе се реализирани но исто така, и пред се, да се дефинираат новите правци за партнерство во рамките на целите предвидени со специјалната поддршка.

Средба со Лиман Авдиу и Билјана Огненовска

Оваа средба на техничко ниво се однесуваше на развојот на партнерството за следните две години со цел во потполност да се искористат можностите што ги нуди програмата Нориа. Од двете страни беа предложени можни правци за активности. Тие беа предмет на разговори и утврдувања во текот на целото времетраење на посетата. Овие предлози беа потврдени на последниот состанок (заклучоци).

Средба со Марина Ивановска, директорка на Службата за документација, информатика и библиотека, и со членовите на нејзиниот тим

На оваа средба беа разгледани проблемите со ажурирањето на ВЕБ-страницата на француски јазик, и беше разговарано за можностите на службата за информатика да и се даде техничка подршка за ваквото ажурирање. Тимот од службата за информатика ја презентира методологијата на работа, на прибирање и презентирање на податоците на француски јазик. Тука, треба да се истакне фактот дека информатичарите не се франкофони и затоа нивната работа е посебно тешка.

Средба со Тодорче Лукаревски, шеф на библиотеката

На средбата беа претставени службите на библиотеката, и беше разговарано за организацијата на работа, меѓу другото и за соработката со службите за информации, анализа и истражувања. На оваа средба беше потврдено дека донацијата од Нориа пристигнала во службата и дека списанијата добиле публицитет веднаш по нивното добивање, преку објавување на нивната содржина.

Средба со Музафер Камбери, заменик-генерален секретар на Собранието (средба одржана во неговиот кабинет)

На средбата со заменик-генералниот секретар беа поздравени успешната соработка и позитивните резултати меѓу надлежните служби на двете институции, меѓу другото и соработката меѓу г-дин Ие од Нориа и г-дин Авдиу од македонската секција на АПФ.

Претставниците на македонската секција ја повторија желбата да се обезбеди професионална обука во некоја од франкофонските земји. Овие престои би се однесувале пред се на следните служби: законодавна, истражување и анализа, меѓународна соработка, седници и интерпарламентарни организации.

Претставниците на Нориа во начело изразија подготвеност да работат на обезбедување професионални престои за македонските собраниски службеници, но сепак истакнаа дека може да стане збор само за престои во времетраење од една недела до десет дена и дека со интензивно работење треба да се идентификуваат парламентите кои би можеле да ги примат стажантите. На крајот, треба да се истакне дека е неопходно тие да имаат доволно познавање на францускиот јазик. Претставниците на Нориа исто така му предлагаат на Собранието да ангажира преведувач за да се обезбеди постојаност и ажурирање на информациите што се

добиваат и што се испраќаат од Собранието за франкофонскиот простор. Овој преведувач би бил корисен и за работа на ВЕБ-страницата.

Средба со Весна Карбевска, професор по француски јазик во Центарот за странски јазици, задолжена за часовите по француски јазик што се финансирани од Нориа.

На средбата, г-ѓа Карбевска изрази задоволство за интересот на учесниците на курсот, за доброто одвивање на часовите и за нејзината подготвеност да продолжи со ваквото искуство. Таа изрази резервираност во врска со можноста да се организираат заеднички групи составени од службеници и пратеници. Беше предвидено повторно да се разгледа организацијата на часовите.

Заклучоци

Финалната средба се одржа последниот ден од посетата (г-ѓа Еза и г-дин Ие) со г-дин Лиман Авдиу и г-ѓа Билјана Огненовска.

На средбата беа утврдени следните предлози:

- **ВЕБ-страница**: предвидено е да се преведат нови материјали. Собранието треба да одлучи кои документи ќе бидат преведени. Нориа предложи да финансира "кредит-страници" од нови 500 страници во 2008 година, според условите дефинирани во првата фаза (15 евра за превод на страница на македонски јазик);
- **Часови по француски јазик**: беше одлучено да се продолжи со организирањето на часовите за собраниските службеници. Три курсеви ќе бидат реализирани: постоечката напредна група (која продолжува со часовите), почетната група од првата фаза која ќе продолжи како почетна напредна група, и трета група составена од нови почетници.
  Што се однесува до пратениците, доколку постои задоволителен интерес (над десет запишани) ќе биде формирана четврта група;
- **Професионални престои**: Собранието побара да се обезбедат професионални престои за собраниските службеници франкофони. Нориа изразува надеж дека ќе може позитивно да одговори на ова барање што зависи од финансиските можности на програмата и од можностите за престој во собранијата членки на АПФ;
- **Преведувач**: Нориа предлага да финансира ангажирање на еден македонски стажант преведувач за да работи на редовно ажурирање на ВЕБ-страницата (2 дена неделно). Македонското Собрание се ангажира да обезбеди услови за работа на преведувачот. Административниот секретар на секцијата предлага да го направи изборот на кандидатот и да и предложи на Нориа можни тарифи за плаќање на услугите. Нориа ќе му понуди договор на преведувачот за неговата работа;
- **Донации**: Претплатата на списанијата нема да биде обновена;
- **Техничка опрема**: информатичката служба изрази интерес да добие нова опрема (графичка картица, екран...). Нориа бара да добие про-фактури (три) за потребната опрема.

Претставниците на Нориа изразуваат благодарност до македонското Собрание за приемот и добрата организација на целокупниот престој. Тие им се заблагодаруваат на одговорните во Собранието и на македонската секција која не штедеше напори за оваа прва посета во Скопје да биде успешна на секое поле.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Благој Зашов на семинарот на Парламентарното Собрание на Франкофонијата за пратениците и сенаторите од Мавританија, оддржан на 5 и 6 декември 2007 година во Нуакшот, Мавританија

Skopje, dekemvri 2007 godina

На 5 и 6 декември 2007 година во организација на Парламентарното собрание на Франкофонијата се одржа семинар за пратениците и сенаторите од Мавританија. На овој семинар беа обработени четири теми и тоа: улогата на парламентарецот, функцијата на контрола, јавната парламентарна функција и парламентарната дипломатија. На семинарот пратеникот Благој Зашов, како еден од двајцата претставници од регионот Европа, предаваше на темата парламентарна дипломатија.

Овој семинар е една од формите на активност на Франкофонијата во земјите кои излегле од кризи и имаат потреба од зацврстување на парламентарната демократија. Во периодот од 1994 до 2007 г. се одржани 24 вакви семинари претежно во африканските и азиските земји. Од европските земји вакви семинари се одржани во Букурешт (1995), Софија (1998) и Кишинау (2002).

Покрај едукативниот настап на семинарот пратеникот Зашов имаше прилика и практично да покаже како функционира парламентарната дипломатија. Имено тој го искористи својот престој во Нуакшот, главниот град на Мавританија, во отсуство на дипломатско претставништво на нашата земја таму, да го посети Министерството за надворешни работи на Мавританија и да разговара со генералниот секретар на Министерството амбасадорот Ахмет Гади. Во разговорот беше констатирано дека двете земји воспоставија дипломатски односи во 2002 година и дека постои интерес да се договараат во рамките на Обединетите нации. Зашов го запозна соговорникот за проблемот што Грција го има со името на Македонија и замоли ако дојде до некакво гласање во Обединетите нации да се има предвид природното право на секоја држава сама да си го избира името.

Зашов, исто така, ја посети и Трговската комора на оваа земја и разговараше со заменик генералниот секретар г. Ел Мами.

Забелешка:

Мавританија ја призна Македонија под уставното име. Тоа е голема пустинска магребска земја со над еден милион квадратни километри површина и над 3,5 милиони жители. Оваа земја има потреба од секакви производи бидејќи произведува само железна и бакарна руда, нешто малку нафта и исто така нешто малку зеленчук и овошје. Таму најмногу се присутни француски и кинески фирми. Таа би можела да биде интересен партнер за извоз на производи од Македонија.

(1) Во прилог на Извештајот е списокот на семинари и теми одржани во последните десетина години во организација на Парлементарното собрание на Франкофонијата. Од самите наслови на одржаните семинари може да се согледа на што се инсистирало во обуката на пратениците во земјите лкаде се организирани овие семинари. Би било корисно и во нашата земја да се организира еден семинар за некои од темите како што се парламентарната демократија, односот на мнозинството и опозицијата, односите меѓу законодавната и извршната власт и др. Логистичка и финансиска помош во организирањето на еден ваков семинар би можела да биде добиена преку Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Прилог 1

Семинари за информирање и размена на мислења организирани од страна на Парламентарното Собрание на Франкофонијата

Банги, 1994 г.: Парламентот и правната држава
Односите меѓу законодавната, извршната и судската власт
Улогата и функционирањето на парламентот
Парламентот и цивилното општество

Ломе, 1994 г.: Улогата на паралментарецот во изработката на законите и односите меѓу парламентарното мнозинство и опозицијата
Законодавна иницијатива
Испитување од страна на парламентот на проектите и предлог законите
Односите меѓу мнозинството и опозицијата

Бамако, 1995 г.: Законодавната власт и контролата од страна на парламентот
Демократски процес
Контрола на владината работа
Односите меѓу мнозинството и опозицијата

Букурешт, 1995 г.: Контролната власт на парламентот
Односите меѓу законодавната и извршната власт
Односите меѓу мнозинството и опозицијата

Порт-Луиз, 1996 г. Парламентарен мандат
Парламентарецот во изборната единица
Парламентарецот во неговото собрание

Каиро, 1996 г.: Парламентот израз на националниот идентитет
Утврдувањето на националното претставување
Монокамеризмот и бикамеризмот: термини од институционалем избор
Дали моделите на парламентарната демократија имаат универзално значење?

Ломе, 1997 г.: Статусот на парламентарната опозиција
Улогата и финансирањето на политичките партии
Односите меѓу мнозинството и опозицијата
Улогата на парламентарната опозиција

Софија, 1998 г.: Парламентарен консенсус
Односите меѓу мнозинството и опозицијата
Која улога да им се даде на групите за притисок во рамките на парламентот
Малите политички партии: претставување и улога

Виентиан, 1998 г.: Законодавните функции и контролата од страна на парламентот
Законодавниот процес
Правата и обврските на опозицијата и на мнозинството
Улогата на политичките партии

Антанариво, 1999 г.: Парламентот во 2000 г.
Законодавниот процес
Правата и обврските на опозицијата и на мнозинството
Улогата на политичките партии

Бангуи, 1999 г.: Парламентот во 2000 г.
Работата и улогата на парламентарецот

Улогата на опозицијата и на мнозинството
Улогата на политичките партии

Порт-Вила, 2000 г.: Демократијата и доброто владеење
Законодавните и контролните функции на парламентот
Механизмите за владината стабилност
Политичките групи во парламентот

Ниамеј, 2000 г.: Работата и улогата на парламентарецот
Законодавната процедура и буџетската процедура
Контролата на владината работа и контролата на примената на законите
Улогата на мнозинството и на опозицијата во работата на парламентарецот

Бисао, 2001 г.: Демократијата и доброто владеење
Односите меѓу законодавната, извршната и судската власт
Улогата на мнозинството и на опозицијата во парламентарната работа
Законодавната процедура и буџетската процедура

Дакар, 2002 г.: Парламентот и меѓународните односи
Власта на парламентот во меѓународните односи
Парламентарната дипломатија
Националните и наднационалните парламенти (примери споредени со Европската унија и со Африканската унија)

Кишинау, 2002 г.: Контроланата власт на Парламентот
Контролата на владиното дејствување
Парламентарни анкетни комисии
Контрола на активностите на управните власти за радиодифузијата, телекомуникациите и енергијата
Контрола на извршувањето на законите од страна на локалните јавни власти

Јаунде, 2002 г.: Буџетска процедура Мандатот на парламентарците
Улогата на парламентарецот во рамките на Парламентот
Улогата на парламентарецот во неговата изборна единица
Улогата на мнозинството и на опозицијата во парламентарната работа

Уагадугу, 2003 г. :Африканските жени, големи артисти во развојот
Жените, образованието и задравјето
Жените и економскиот и еколошки развој
Жените, мирот, демократијата и човековите права.

Либервил, 2003 г.: Парламентарната контрола и доброто владеење
Буџетска процедура (практични случаи)
Извршување и контрола на законот за финансии
Жените извршување и контрола
Контрола на примената на законите

Бразавил, 2004 г.: Работата и улогата на парламентарецот
Што е тоа добро владеење
Работата на парламентарецот
Односите мнозинство-опозиција

Порто-Ново, 2004 г.: Механизмите за изготвување на законите и власта за парламентарна контрола
Механизмите за подготвување на законите
Власта и контролата во парламентот

Извршување и контрола на финансиските закони

Морони, 2005 г.: Функционирањето на еден федерален парламент и на регионалните парламенти
Односите на мнозинството и опозицијата
Организирањето на парламентарната работа и контролата на владината работа
Улогата на парламетарецот во изборната единица и во парламентот

Виентиан, 2005 г.: Буџетската контрола
Предлог на закон за буџет: разгледување, гласање и постапка за извршување
Контролата на ефикасноста на буџетот и на јавните расходи

Вануату, 2006 г.: Улогата на парламентите во меѓународните односи: развој во контекстот на глобализацијата
Информативната власт и контролата на парламентот во областа на меѓународните односи
Парламентите и односот со меѓународните организации и парламентарната соработка

Бангуи, 2006 г.: Власта на парламентот
Законодавната власт на парламентот
Контролната власт на парламентот
Улогата на мнозинството и на опозицијата во работата на парламентот

Порт о Пренс, 2007 г.: Демократијата и доброто владеење
Законодавната и контролната функција на парламентот
Механизмите за владина стабилност
Политичките групи во парламентот

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собраниетона Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија на Конференцијата за иднината на Европската безбедносна и одбранбена политика, одржана од 4 до 7 февруари 2007 година во Берлин, Сојузна Република Германија

Скопје, февруари 2007 година

Собранието на Западноевропската унија, Интерпарламентарно европско собрание за безбедност и одбрана (СЗЕУ), во соработка со Германскиот бундестаг организираше Конференција за иднината на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), која се одржа од 4 до 7 февруари 2007 година во Берлин, Сојузна Република Германија. На Конфренцијата учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ во состав: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г. Насер Ајдини, член и г. Павле Трајанов, заменик член на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата. Конфренцијата ја следеа и Н.Е. д-р Ѓорѓи Филипов, амбасадор на Република Македонија во Сојузна Република Германија и г-ѓа Хилда Колевска, советник во Амбасадата на Република Македонија во Берлин.

Конференцијата се одржа во рамките на Германското претседавање со ЕУ и ЗЕУ, а на неа учествуваа околу 400 пратеници од парламентите членки на СЗЕУ, како и претставници на владите, на индустријата и експерти по одбранбени и безбедносни прашања. На Конференцијата, чија цел беше да се предложат практични предлози за иднината на Европската безбедносна и одбранбена политика, се обратија еминентни европски претставници, кои информираа за развојот на ЕБОП.

Во рамките на Конференцијата, на 4 и 5 февруари беа одржани одделни состаноци на трите политички групи во Собранието: Федералната група на демохристијаните и европските демократи, Либералната група и Социјалистичката група, а на 6 февруари 2007 година се одржа и седница на Проширениот претседателски комитет на СЗЕУ.

На крајот од Конференцијата беше усвоена "Порака од Берлин", која ќе биде упатена до шефовите на државите и владите пред Состанокот на Европскиот совет за одбележување на 50-годишнината од Римските договори, што ќе се одржи на 25 мај 2007 година во Рим.

* * * * *

Конференцијата ја отвори **д-р Ноберт Ламерт, претседател на Германскиот бундестаг**, кој се осврна на значењето на Европската безбедносна и одбранбена политика и потребата за нејзин надзор и контрола од страна на националните парламенти.

Претседателот на Собранието на Западноевропската унија, г. Жан-Пјер Масере оцени дека оваа конференција претставува иницијатива која ќе ја потврди улогата на СЗЕУ, како меѓупарламентарен форум чија цел е да ги охрабрува и поддржува владите да дејствуваат во домените кои се витални за иднината на европските граѓани, како што е Европската безбедносна и одбранбена политика. Тој оцени дека во полето на одбраната и безбедноста, европските земји се соочуваат со прашањето за меѓусебна доверба, односно прифаќањето на распределбата на заедничките задачи и меѓусебната зависност. Тој потсети дека се уште не е донесено решение дали на овој план треба да се дејствува со 27 или со помал број на земји, преку структурирана и засилена соработка.

Со **<u>првата сесија</u>** на Конференцијата на тема: **<u>"Политички развој на ЕБОП"</u>** претседаваше **г. Герд Хофер, потпретседател на СЗЕУ и шеф на Германската делегација во СЗЕУ**. Известител за сесијата беше **г. Чарс Гоеренс, поранешен претседател на Собранието на Западноевропската унија.**

Во рамките на оваа сесија на пратениците им се обратија: г-ѓа Клод-Франц Арно, директор за одбранбени прашања во Советот на ЕУ, г. Золтан Наги, раководител на Секцијата за мултилатерални и регионални прашања на НАТО, г.Отфрид Насауер, претставник на Информациониот центар за трансатлантска безбедност од Берлин и д-р Џон Халсман, професор истражувач во Германскиот совет за надворешни прашања.

Госпоѓата Клод-Франц Арно се осврна на перспективите на ЕБОП, истакнувајќи ја потребата за координација меѓу трите столба на ЕУ. Таа оцени дека не е неопходно во иднина целта на ЕУ да биде започнување на голема воена операција. Подеднакво

значајно би било ЕУ да биде вклучена како поддршка на Обединетите нации или другите регионални организации. Госпоѓата Арно ја подвлече потребата за поцврст дијалог со националните парламенти, кои треба што е можно порано да бидат информирани за деталите на предвидените операции. Истовремено, таа истакна дека меѓу ЕУ и НАТО постои различно ниво на задоволство од состојбата на нивната меѓусебна соработка. Европската унија ја нагласува добрата соработка меѓу двете организации во Босна и Херцеговина и во Дарфур и одлучно продолжува да ги развива своите цивилно-воени капацитети за кризен менаџмент. Од друга страна, НАТО е фокусиран на големиот предизвик во Авганистан и се наоѓа во фаза на "ментално реструктуирање".

Претставникот на НАТО **г. Золтан Наги**, се задржа на стратегиското партнерство меѓу НАТО и ЕУ по Самитот во Рига. Тој ги оквалификува односите меѓу овие две организации како "мирна соработка", но не и "среќен брак". Истовремено, тој го подвлече значењето на остварувањето на тесна и концентрирана соработка меѓу НАТО и ЕУ на Косово.

Господинот Отфрид Насауер укажа дека за постигнување на поефективна Европска безбедносна и одбранбена политика е потребна поголема автономија на одлучување, што значи надминување на аранжманите "Берлин плус", кои на Европската унија и овозможуваат пристап до средствата и капацитетите на НАТО. Тој запраша дали ЕУ доволно придонела за стабилизирање на состојбата во Босна и Херцеговина, за да размислува *за* намалување на нејзиното присуство во земјата во блиска иднина.

Д-р Џон Халсман, давајќи едно поинакво, надворешно гледање за ЕБОП, оцени дека Европските држави би можеле да имаат влијание врз политката на САД, доколку се поприсутни и поактивни и доколку дејствуваат заеднички.

Во дебатата што следеше се дискутираше, меѓу другото, за валидноста на концептот за заедничка безбедносна и одбранбена политика, се додека земјите членки на ЕУ се во можност да наметнат рестрикции (т.н. national caveats) за користењето на нивните трупи кои учествуваат во меѓународните операции. Стана збор и за соработката меѓу ЕУ и НАТО, односно меѓу ЕУ и САД, јавното мислење во врска со ЕБОП, како и Предлогот на решението за статусот на Косово.

На учесниците на Конференцијата им се обрати и **г. Рајнхард Зилберберг, државен секретар за европски прашања во Министерството за надворешни работи на Германија**. Тој информираше за приоритетите и планираните активности во рамките на Германското претседавање со ЕУ и ЗЕУ. Во доменот на ЕБОП, приоритети на Претседателството се: отпочнување на цивилна операција на Косово, развој на оперативниот капацитет на ЕУ за кризен менаџмент, интензивирање на соработката со САД и зајакнување на цивилно-воената координација во однос на планирањето и спроведувањето на операциите во рамките на ЕБОП. Господинот Зилбергер се осврна на позитивните резултати од ЕБОП и го најави планираното отпочнување на полициска мисија во Авганистан. Во врска со Уставот за Европа, тој оцени дека ЕБОП не е причината за негативниот резултат на референдумите во Франција и Холандија.

Со **втората сесија** на Конференцијата на тема: **"Операционален развој на ЕБОП"** претседаваше **д-р Карл Ламерс, потпретседател на Парламентарното собрание на НАТО и потпретседател на Комисијата за одбрана на Германскиот бундестаг,** а известител за сесијата беше **г. Роберт Валтер, претседател на Комисијата за одбрана на Собранието на Западноевропската унија.**

Свое обраќање во рамките на оваа сесија имаа: генерал Анри Бентежа, претседател на Воениот комитет на ЕУ, генерал Јохан-Георг Дора, заменик шеф за одбрана на Германската Армија, генерал Џорџо Спањол, директор за операции на ЕУ во SHAPE[31], генерал Кристијан Демеј, командант на силите EUFOR во ДР Конго и полковник Гордон Б. Дејвис, заменик командант и шеф на SETAF[32].

[31] Supreme Headquarters Allied Powers Europe
[32] Southern Europaen Task Force

Генерал Анри Бентежа ја нагласи неопходноста од брзо донесување на одлуки во областа на управувањето со кризи, како и потребата за претходно планирање на воените и цивилните операции на ЕУ, со цел за подобрување на одбранбените перформанси на Унијата. Тој информираше дека две борбени групи на ЕУ се потполно операционални и потребно е истите да бидат комплетирани со воздушни и поморски капацитети за брза интервенција, како и со заеднички командни структури. Тој посочи дека во рамките на ЕУ постојат добро познати недостатоци, особено во полето на стратешкиот транспорт и логистиката. Со цел борбените групи, како основа на операциите на ЕУ за брза реакција, потполно да одговорат на нивната задача, потребно е да бидат разјаснети условите за нивно распоредување. Генералот Бентежа, исто така се осврна на формирањето на цивилен ланец на команда во рамките на ЕУ, со командант и седиште за циливни операции во Брисел.

Генерал Јохан-Георг Дора од Германскиот бундесвер се осврна на потребата за изнаоѓање одговори на сложените прашања, како што се начинот на донесување на одлуки во итни ситуации, зацврстувањето на актуелните командни структури во ЕУ, со цел да можат да се справат со робусни ситуации, како и координацијата на воените и невоените аспекти на идните операции на ЕБОП. Тој се задржа и на германското воено присуство во рамките на операциите на ЕУ во Африка и оцени дека ЕУ треба да и помогне на Африканската унија да развие свои сопствени капацитети.

Генералот Џорџо Спањол се задржа на договорите "Берлин плус" со кои на ЕУ и се овозможува пристап до средствата и капацитетите на НАТО, при што се осврна и на првата воена мисија на ЕУ "Конкордија" во Република Македонија, која ја оцени како многу успешна операција. Генералот Спањол се задржа и на искуствата од мисијата "Алтеа" во Босна и Херцеговина, која е втора мисија спроведена врз основа на договорите "Берлин плус". Тој информираше дека во оваа мисија се вклучени 24 земји членки на ЕУ, како и десет земји кои не се членки на Унијата, меѓу кои и Република Македонија. Генералот ја подвлече потребата за навремено сеопфатно планирање на мисиите и забележа дека договорите "Берлин плус" не овозможуваат комбинирање на воени и цивилни средства.

Генерал Кристијан Демеј оцени дека мисијата ЕУФОР во ДР Конго преставува успех и значаен тест за ЕБОП. Но и покрај ова, тој смета дека искуствата и лекциите од претходната мисија "Артемис" не биле доволно искористени, па заради тоа изрази надеж дека во следните мисии на ЕУ ќе се земат предвид искуствата од ЕУФОР во ДР Конго. Тој се осврна на проблемите со кои се соочува мисијата, како што се: сложена и комплексна структура, недоволните средства за разузнавање, големите застои во распоредувањето на силите за интервенција стационирани во Габон и сл.

Полковникот Гордон Б. Дејвис го подвлече значењето на обуката на трупите стационирани во Европа, со цел да се олесни транзицијата од "статичката" одбрана за време на Студената војна, во одбрана што вклучува брзо распоредување во соработка со партнерите од коалицијата.

Во дискусијата што следеше стана збор за зголемувањето на операционалните капацитети на ЕБОП, кои треба да бидат обезбедени од земјите членки на ЕУ, а одобрени од владите и парламентите. Се дискутираше и за проблемите во врска со финансирањето, транспарентноста, планирањето, командата и контролата.

Во дискусијата се вклучи и **г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ**. Тој се осврна на искуството и придонесот на Република Македонија кон ЕБОП, потсетувајќи дека воената мисија во Република Македонија "Конкордија", реализирана во 2003 година, беше првата воена мисија на ЕУ. Господинот Николски нагласи дека оваа мисија беше спроведена со средства и капацитети на НАТО, врз основа на договорите "Берлин +" и претставуваше прв тест за стратешкото партнерство за управување на кризи меѓу ЕУ и НАТО.

Шефот на Македонската делегација во СЗЕУ оцени дека мисијата "Конкордија" беше успешна заради најмалку три причини: добрата соработка со Македонската влада, добрата соработка меѓу ЕУ и НАТО и поради фактот што со оваа мисија беше спречен натамошниот конфликт во Република Македонија. Тој посочи дека по "Конкордија" следуваше Полициската мисија во Република Македонија - ЕУПОЛ Проксима, чиј

ангажман беше насочен кон советодавна поддршка на полицијата. Проксима беше заменета со ЕУ советодавен полициски тим, чија цел беше да помогне во развојот на ефикасна и професионална полиција во Република Македонија, заснована на европски стандарди.

Господинот Александар Николоски истакна дека Република Македонија денес дава конкретен придонес кон цивилните и воените операции во рамките на Европската безбедносна и одбранбена политика, истовремено зајакнувајќи ги сопствените цивилни и воени капацитети. Учеството на Република Македонија во воената операција на ЕУ за кризен менаџмент во Босна и Херцеговина "Алтеа" е потврда на нејзиниот напредок од земја корисник на првата воена операција на Унијата до земја активен придонесувач во ЕБОП. Потврдувајќи го значењето на актуелниот придонес на Република Македонија кон "Алтеа", а во согласност со искажаната потреба на Унијата за хеликоптерски капацитети, Собранието на Република Македонија во декември 2006 година донесе одлука за продолжување на мисијата на хеликоптерскиот деташман на Армијата на Република Македонија во рамките на операцијата "Алтеа".

Господинот Николоски се осврна и на Предлогот на решението за идниот статус на Косово, подвлекувајќи дека овој предлог на специјалниот пратеник на ОН, г. Марти Ахтисари, го поддржува и Република Македонија. Тој истакна дека за решавањето на отворените прашања на Косово треба да се следи примерот на Република Македонија, која три години по мисијата "Конкордија" стана земја кандидат за членство во ЕУ, а за наредната година се очекува и нејзино членство во НАТО. Тој истакна дека Република Македонија, како успешна приказна, со своето искуство може да придонесе во градењето на институциите на Косово.

Со **третата сесија** на Конференцијата на тема: **"ЕБОП: капацитети и набавки"** претседаваше **г. Жан-Пјер Масере, претседател на Собранието на Западноевропската унија,** а известител за сесијата беше **г. Едвард О´Хара, претседател на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања на Собранието на Западноевропската унија.**

На пратениците им се обратија: г. Дик Занди, раководител на одделението за политика и планирање на Европската одбранбена агенција (ЕОА), генералот Нацарено Кардинали, директор на Заедничката организација за соработка во областа на вооружувањето (OCCAR[33]), г. Бернард Рета, почесен претседател на Тхалес и претседател на Комисијата за одбрана на Асоцијацијата на вселенските и одбранбените индустрии во Европа, г. Маурицио Туки, главен извршен менаџер на SELEX Communications Spa, Finmeccanica Group, г. Жил Маке, прв потпретседател за меѓуинституционални односи на ASTRIUM, г. Ролф Теодор Окен, воен советник на Бордот на директори на Rolls-Royce Deutschland и г. Волфганг Хамел, раководител на Дивизијата за стратегиско инвестирање во Владата на државата Берлин.

Господинот Дик Занди информираше за програмите што се во тек во Европската одбранбена агенција (ЕОА). Со цел да се избегне недоразбирањето, тој нагласи дека ЕОА не е агенција за вооружување, туку нејзината улога е подобрување на одбранбените капацитети за кризен менаџмент на Европската унија. Со други зборови, во центарот на активностите на ЕОА се идните потреби на вооружените сили во Европа. Агенцијата го изготвила документот "Долгорочна визија", усвоен од министрите за одбрана на ЕУ во октомври 2006 година, во кој се анализирани воените импликации за ЕУ во врска со главните глобални тенденции до 2025 година. Од јули 2006 година, речиси сите членки на ЕОА го прифатиле, на доброволна и реципрочна основа, "Кодексот на однесување" за набавка на одбранбена опрема, со што голем број од нивните тендери се достапни до добавувачите од други земји.

Генералот Нацарено Кардинали се осврна на задачите и мисиите на OCCAR, којашто има статус на правно лице веќе шест години и која раководи со заедничките програми за вооружување на нејзините шест земји членки: Белгија, Германија, Италија, Обединетото Кралство, Франција и Шпанија. Три земји (Луксембург, Турција и Холандија) се вклучени во специфични програми на оваа организација, додека

[33] Organisation Conjointe de Coopération en matière d'Armement

Јужноафриканската Република (а наскоро и Малезија) е набљудувач во Програмата за авионот А 400М. Вкупната вредност на програмите раководени од OCCAR изнесува 43 милијарди евра, додека буџетот на Организацијата за 2007 година изнесува 3,4 милијарди евра. Во иднина би можело да се наметне прашањето за спојување на OCCAR со ЕАО, но според мислењето на директорот на Организацијата се уште е рано за таков чекор. Во моментов, најпогодно е да се одржува постојан дијалог меѓу двете тела, со цел да се избегне дуплирање на задачите и активностите.

Господинот Бернард Рета се задржа на тешкотиите со кои се соочува вселенската и одбранбената индустрија во Европа. Тој идентификуваше четири главни предизвици: 1) диспаритетот меѓу европските држави во врска со одбраната, од гледна точка на буџетите и перцепцијата на заканите; 2) тешкотиите во формирањето на заеднички европски пазар за одбрана, отворен за сите, под еднакви услови; 3) недоволното инвестирање во развојот и технологијата, комбинирано со скапи дуплирања и 4) сложената економска и финансиска средина во споредба со конкурентните американски индустрии. Тој укажа дека се потребни итни драстични реформи, со цел европската индустрија во иднина да може да одговори на потребите на ЕБОП.

Господинот Маурицио Туки ја подвлече виталната улога на телекомуникациите во консолидирањето на европската одбранбена индустрија. За него е речиси невозможно ЕУ да им конкурира на САД на овој план. Тој оцени дека е неопходно да се интензивира соработката меѓу европските индустрии, укажувајќи дека Финмеццаница има големо искуство во овој домен.

Господинот Жил Маке ги претстави предизвиците за консолидирање на европските одбранбени индустрии кои зависат од развојот на европскиот вселенски сектор, кој се соочува со мал буџет, комплициран процес на одлучување, безброј извештаи и сл.

Господинот Ролф Теодор Окен оцени дека европскиот пазар за одбранбена опрема треба да биде фрагментиран. Тој го критикуваше "индустрискиот унилатерализам" што доведува до непотребно дуплирање на воена опрема.

Господинот Волфганг Хамел го поздрави постојаниот и одржлив развој на земјите од Централна и Источна Европа по падот на железната завеса. Нивната продуктивност е значително зголемена, со што значајно се придонесува и на европскиот пазар за одбранбена опрема.

Во дискусијата учествуваа повеќе пратеници кои го поддржаа апелот на претставниците на индустријата за поттикнување на земјите да издвојуваат повеќе пари за одбраната, како и да ги споделуваат заедничките трошоци. Беше подвлечено дека европските држави треба да го одбегнат дуплирањето на воената опрема и да преземат активности за да ја направат европската индустрија поконкуретна.

Во рамките на **четвртата сесија** на тема: **"ЕБОП: улогата на парламентарците"**, со која претседаваше **г. Жан-Пјер Масере, претседател на Собранието на Западноевропската унија,** претседателите на политичките групи во СЗЕУ ги презентираа ставовите на групите за начините и средствата за зацврстување на парламентарниот надзор и контрола на ЕБОП, по одржаните семинари на трите групи на 4 и 5 февруари 2007 година.

Господинот Роберт Валтер, претседател на Федералната група на демохристијаните и европските демократи запраша дали е логично секоја од 27те парламентарни комисии за одбрана да биде одделно информирана за една иста заедничка акција на ЕУ. Тој подвлече дека Собранието на Западноевропската унија е идеален форум за остварување на колективен парламентарен надзор над ЕБОП. Се додека не е постигната согласност во врска со Уставот за Европа, неопходно е да се користи постојната правна рамка, а особено изменетиот Бриселски договор, кој би можел да биде потпишан од 17 земји членки на ЕУ, кои се уште го немаат потпишано овој договор.

Господинот Теодорос Пангалос, претседател на Социјалистичката група, потсети дека во сите европски земји без исклучок, јавното мислење е во полза на поактивна улога на ЕУ на полето на безбедноста, па според тоа Собранието на ЗЕУ има

иднина. Неопходно е Европа да ја гарантира безбедноста и одбраната на своите граѓани и да обезбеди нејзините вредности и интереси да бидат респектирани на глобално ниво. Потребна е поинтензивна соработка во полето на безбедноста и одбраната меѓу земјите членки, со цел да се избегнат неефикасните и скапи дуплирања.

Лордот Расел Џонстон, кој говореше во име на Либералната група, потенцираше дека безбедноста е апсолутна потреба за Европа. Собранието на ЗЕУ, како консултативно тело, има значајна улога на поддршка и ориентација на активностите на владите во полето на ЕБОП.

Покрај претседателите на политичките групи, во рамките на оваа сесија се обратија и д-р Волфганг Вагнер, директор за истражување на Институтот за истражување за мир од Франкфурт и сенаторот Убер Енел, претседател на Делегацијата за Европска унија на Сенатот на Франција.

Доктор Волфганг Вагнер подвлече дека парламентите играат незаменлива улога во обезбедувањето на демократскиот легитимитет на активностите во областа на безбедноста. Интегрирањето на воените структури е предизвик за демократската контрола, што станува се потешко на национално ниво. Со цел да се обезбеди контрола на ЕБОП, потребна е тесна соработка меѓу Европскиот парламент и "транснационалните" парламентарни тела како што е Собранието на ЗЕУ. Се додека ЕБОП останува во доменот на меѓувладината соработка, СЗЕУ располага со единствени предности за обезбедување на контрола на ЕБОП, особено поради фактот што тоа ги вклучува и земјите кои не се членки на ЕУ, а придинесуваат со свои трупи во мисиите на ЕУ.

Сенаторот Убер Енел се заложи за зајакнат парламентарен надзор на ЕБОП од страна на националните парламенти. Тој смета дека Европскиот парламент се повеќе ја наметнува својата улога на политички надзор, за којашто нема правна основа, додека националните парламенти остануваат настрана. Прашањата за безбедноста, одбраната и за легитимноста на воените акции на европско ниво се одлучуваат од страна на владите на земјите членки, со одбрување од националните парламенти. Со оглед на тоа што ад хок парламентарни конференции за ЕБОП не се доволни да гарантираат соодветен парламентарен надзор на ЕБОП, сенаторот Енел се заложи за спојување на Собранието на ЗЕУ со COSAC.

На крајот од Конференцијата беше усвоена **"Порака од Берлин"**, која ќе биде упатена до шефовите на држави и влади пред Состанокот на Европскиот совет, што ќе се одржи на 25 мај 2007 година во Рим, по повод 50-годишнината од потпишувањето на Римскиот договор. Во пораката, парламентарците ги повикуваат шефовите на држави и влади да направат напори за развивање на ЕБОП базирана на заедничките цели (кои ги вклучуваат веќе преземените заложби на полето на безбедноста и одбраната), како и на ефикасни способности и технологија. За таа цел, неопходно е да се охрабрат владите да ги развиваат потребните воени потенцијали и да обезбедат ресурси за развивање на европски политики за истражување и технологија, како и заеднички програми за вооружување, кои ќе обезбедат координација и компатибилност на националните набавки на воена опрема. Парламентарците повикаа и на демократски легитимитет, потсетувајќи на решавачката улога на Собранието на ЗЕУ и потребата овој форум да биде зајакнат како важна демократска врска со граѓаните и јавното мислење.

* * * * *

Во рамките на Конференцијата, на 4 и 5 февруари беа одржани одделни состаноци на трите политички групи во Собранието: Федералната група на демохристијаните и европските демократи, Либералната група и Социјалистичката група. Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на **Семинарот за европска одбрана**, што заеднички го организираа Федералната група на демохристијани и европски демократи и Фондацијата Конрад Аденауер.

Работата на семинарот се одвиваше во три *сесии:*

1 "Распоредување, брза реакција и соработка: европски одговор на безбедносните прашања на 21 век";*
2 "Ефективна парламентарна контрола на европската одбрана";*
3 "Прилагодување на европската одбрана во ерата на меѓународен тероризам".*

На учесниците на семинарот им се обрати **г. Кристијан Шмит, државен парламентарен секретар за одбрана на Германија**. Тој се осврна на мисијата "Артемис" во ДР Конго, воената операција за поддршка на мисијата на ОН во ДР Конго (EUFOR RD), мисијата "Алтеа" во Босна и Херцеговина, подршката за мисијата AMIS II во Судан (Дарфур), како и подготовките за евентуалната меѓународна цивилна мисија на Косово.

Тој посочи дека мисијата во Дарфур била лошо прифатена од јавното мислење во Германија, затоа што не се работело за "брза реакција", бидејќи подготовките траеле со месеци, а не денови, како што е предвидено со ЕБОП. Тој се задржа и на лидерската улога на Германија во мисијата во ДР Конго, како и соработката на ЕУ со НАТО и Организацијата на Обединетите нации. Тој потсети дека ниту во договорот од Амстердам, ниту во предлогот на Уставот за Европа не се зборува за заедничка европска армија, туку само за заедничка одбрана.

Беше предвидено на семинарот да се обрати и министерот за одбрана на Грција г. Евангелос Меимаракис, но тој не допатува во Берлин заради гласањето на доверба на Владата на Република Грција во Грчкиот парламент.

Во дискусиите на семинарот беше истакнато дека лидерството во одбраната во Европската унија веќе не е исклучителен домен на Обединетото Кралство и Франција, со оглед на тоа што и Германија станува активен лидер во меѓународните мисии. Од друга страна, беше посочено дека одбраната станува се понезначајна за европските граѓани, бидејќи тие не веруваат дека со вооружени сили може да се одговори на новите закани по безбедноста. Исто така, беше истакнато дека ЕУ има многу лимитиран воен капацитет во однос на нејзината политичка, економска и социјална сила, односно дека таа на одбрамбен план заостанува не само зад САД, туку и зад Русија и Кина.

Најголем дел од семинарот беше посветен на дискусијата за текстот на "Пораката од Берлин", предложен од претседателот на СЗЕУ, г. Жан-Пјер Масере. Членовите на Федералната група имаа голем број забелешки на текстот, во кој според нив, доминанти се залагањата за "Обединети држави на Европа". Одреден број од пратениците истакнаа дека се против заедничка одбрана, армија, заеднички министри и мисии во странство.

Во текот на семинарот беше предложен и нов текст на "Пораката од Берлин", кој подоцна беше преработен и презентиран на Седницата на Проширениот претседателски комитет, како предлог од Федералната група на демохристијаните и европските демократи.

Во дискусијата по двата предлог текста се вклучи и **г. Александар Николоски**, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ. Истакнувајќи дека како претставник од земја која се уште не е членка на ЕУ и на НАТО, тој може да даде непристрасен поглед, г. Николоски укажа дека двата предложени текста се дијаметрално спротивни: првиот се залага за Европа на обединети држави, а вториот за Европа како исклучиво економска заедница. Со оглед на тоа дека Европската унија веќе одамна не е само економска унија, тој сугерираше да се изготви документ кој би бил некаде во средината. Господинот Николоски во своето излагање се задржа и на предлогот на посредникот на ОН г. Марти Ахтисари за идниот статус на Косово, истакнувајќи дека европските земји се наоѓаат пред голем предизвик: дали Косово ќе биде "успешна приказна" или голем неуспех за Европската унија.

* * * * *

На 6 февруари 2007 година во Германскиот бундестаг беше одржана седница на Проширениот претседателски комитет на СЗЕУ, на која учествуваше г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ.

На седницата се дискутираше за составот на "Групата за контакт" на СЗЕУ и статусот на одредени членки на Собранието. Проширениот претседателски комитет одлучи да му предложи на Собранието да им додели статут на придружен член на делегациите на парламентите на Бугарија и Романија, по приемот на овие две земји во ЕУ. Истоврмено, беше предложено на Делегацијата на парламентот од Молдавија да и се одобри статус на специјален гостин во СЗЕУ.

Проширениот претседателски комитет го разгледа календарот на идни активности на Собранието на Западноевропската унија и дневниот ред за првиот дел од 53 годишна сесија на СЗЕУ, што ќе се одржи од 4 до 6 јуни 2007 година во Париз, Франција. Се очекува на сесијата да се обрати специјалниот пратеник на ОН за Косово, г. Марти Ахтисари, како и претседателите на парламентите на Бугарија и Романија.

На седницата се дискутираше и за текстот на "Пораката од Берлин", при што беше презентиран новиот предлог на текстот поднесен од Федералната група. Со оглед на тоа што за лидерите на Социјалистичката и Либералната група (кои исто така, имаа забелешки на текстот предложен од претседателот на СЗЕУ), а и за поголем број од членовите на Проширениот претседателски комитет не беше прифатлив новиот текст, се одлучи да се формира работна група која ќе изготви компромисен текст на пораката. Во работната група се вклучија претседателите на трите политички групи и одреден број на пратеници кои учествуваа во дискусијата.

На Конференцијата беше прифатен компромисниот текст на пораката, изготвен од работната група.

* * * * *

За време на престојот во Берлин, пратеникот г. Павле Трајанов оствари работна **средба со г. Ото Шили, пратеник во Германскиот бундестаг и поранешен министер за внатрешни работи на Сојузна Република Германија**.

Господинот Трајанов и г. Шили разменија мислења за актуелната состојба во Република Македонија по промената на власта по изборите одржани во јули 2007 година, како и за приоритетите на новата Влада. Во разговорите стана збор и за ситуацијата во регионот, со посебен акцент на состојбата на Косово и предлогот на посредникот г. Марти Ахтисари. Господинот Павле Трајанов информираше дека Владата на Република Македонија го поддржа овој предлог, особено делот кој се однесува на обележувањето на границата со Република Македонија.

Господинот Ото Шили истакна дека за време на неговиот седум годишен мандат како министер за внатрешни работи на Сојузна Република Германија, како најголем свој успех го смета учеството во разрешувањето на состојбите во Република Македонија и на Гибралтар. Изразувајќи задоволство од развојот на настаните во Република Македонија, тој се заложи да лобира за интеграцијата на земјата во ЕУ и НАТО, за разрешувањето на проблемот со уставното име, како и за олеснувањето на визниот режим за Република Македонија.

* * * * *

Учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија на Конференцијата за иднината на Европската безбедносна и одбранбена политика може да се оцени како многу успешно и плодотворно. Македонската делегација оствари бројни контакти со пратеници од земјите членки на СЗЕУ и даде конструктивен придонес во градењето на ставовите на овој форум.

Со оваа конференција Собранието на Западноевропската унија уште еднаш ја потврди својата улога како единствена европска интерпарламентарна институција што на националните парламенти им овозможува надзор и контрола на безбедносните и одбранбените прашања и форум за дебата каде што европските политички лидери и експерти разменуваат мислења за овие значајни прашања со пратениците од земјите членки на Западноевропската унија.

Во остварувањето на учеството на Македонската делегација на Конференцијата за иднината на ЕБОП значаен придонес даде Амбасадата на Република Македонија во Берлин, која во целост излезе во пресрет на потребите на членовите на Делегацијата.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на оваа конференција се остварува континуитет на соработката со Собранието на ЗЕУ и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во активностите на ова интерпарламентарно собрание.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на состанокот на проширениот претседателски комитет, одржан на 29 март 2007 година во Брисел, Кралство Белгија

Skopje, april 2007 godina

Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ) на 29 март 2007 година во Брисел, Кралство Белгија, го организираше состанокот на Проширениот претседателски комитет. На оваа седница присуствуваа пратеникот Александар Николоски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија и секретарот на Делегацијата Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.

Првиот дел беше посветен на теми од надлежност на Проширениот претсдетаелски комитет и комисиите на СЗЕУ, а вториот дел на европската безбедност и одбрана, како заедничка сесија на членовите на Постојаниот совет на ЗЕУ и на Политичко-безбедносниот комитет (ПБК) на ЕУ. На оваа сесија беа поканети и амбасадорите на постојаните претставништва при ЕУ на земјите членки и земјите кандидати. Од Мисијата на Република Македонија учествуваше г. Д. Стојанов, министер советник и заменик шеф на Мисијата.

На состанокот учествуваа делегации од Франција, Белгија, Шпанија, Луксембург, Италија, Обединето Кралство, Португалија, Романија, Словенија, Латвија, Република Македонија и Норвешка.

Работниот дел на состанокот се одржа во Палаис д'Егмонт во Брисел. Со седницата претседаваше г. Жан-Пјер Масере, претседател на СЗЕУ.

* * * * *

1. Седницата ја отвори претседателот на СЗЕУ г. Масере и откако ги поздрави сите учесници, им посака добредојде и успешна работа.

По усвојувањето на дневниот ред, претседателот ја отвори дебатата за предлогот на Записникот од одржаниот состанок на Проширениот претседателски комитет на 6 февруари 2007 година во Берлин, СР Германија. Повикувајќи се на точката 7 од Предлогот на записникот и особено на Одлуката која Проширениот претседателски комитет ја донесе на седницата во Берлин, а тоа е да не ги покани парламентарните делегации на Ерменија и Азербејџан да присуствуваат на сесијата во јуни 2007 година г. Јелинчиќ (Словенија) истакна дека со оглед на фактот дека Собранието продолжува да ја кани Грузија и дека сите три земји се вклучени во Програмата за соседството на ЕУ, тој зазеде став дека Комитетот треба да ја преиспита својата одлука. Лордот Расел-Џонстон (Обединетото Кралство) го поддржа овој став. Со оглед на тоа дека немаше други забелешки по ова прашање, претседателот заклучи дека Проширениот претседателски комитет ја преиспита својата одлука од 6 февруари и се согласи да ги покани парламентарните делегации од Ерменија и Азербејџан на сесијата во јуни 2007 година.

Господинот Николоски приговори на употребата на акронимот ПЈРМ во предлогот на записникот и генерално во документите на СЗЕУ и наведе, доколку Собранието на Западноевропската унија не сака да го користи името "Република Македонија", тоа што може да го направи е да го користи терминот "Поранешна југословенска Република Македнија". Овој предлог беше прифатен.

Со овие дополнувања, Проширениот претседателски комитет го усвои записникот од одржаниот состанок на 6 февруари 2007 година во Берлин, СР Германија.

2. Ратификација на номинациите за комисиите

Генералниот секератар на СЗЕУ ги информираше членовите на Комитетот за промените кои се однесуваат на белгиската, италијанската, холандската, португалската, романската и чешката делегација. Комитетот ги одобри предлозите за нови претставници и нивни заменци од овие делегации во комисиите на СЗЕУ.

3. Прв дел на педесет и третата сесија

Претседателот на СЗЕУ г. Масерет го презентираше дневниот ред за 53-та сесија на СЗЕУ, кој ја содржи листата на извештаи кои ќе бидат разгледани во јуни 2007

година, во Париз, Франција. Споредбено со Предлогот од дневниот ред поднесен до Комитетот на неговиот последен состанок, истиот имаше само неколку измени што се однесуваат на насловите на одредени извештаи. Тој, особено внимание посвети на следниве извештаи: Извештајот од Политичката комисија во којшто се објаснуваат заклучоците кои треба да произлезат од Берлинската конференција; Извештајот од Комисијата за одбрана за европските копнени сили, укажувајќи дека е многу важно да се потенцира дека мирот беше добиен како резултат на акцијата на копнените сили на терен; Извештајот на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања за Европската одбранбена агенција со оглед на тоа што EDA[34] се уште не добива доволно ресурси за да може да направи напредок во координацијата на одбранбените политики. Потоа, претседателот наведе дека имајќи ја предвид важноста на овие извештаи, Собранието треба да направи напор со цел да го привлече вниманието на медиумите.

Господинот Масере наведе дека за сесијата во јуни 2007 година, беа испратени покани до релевантните германски и португалски министри и исто така до г. Марти Ахтисари. Наскоро покана ќе биде испратена и до норвешкиот премиер. Тој се надева дека г. Ахтисари ќе биде во можност да се обрати пред Собранието во насока на извештајот на г. Хофер од Комисијата за политички прашања на тема: "ЕУ и безбедноста во Југоисточна Европа". Потоа тој истакна дека имајќи ја предвид моменталната состојба во Косово, присуството на креаторот на предлогот за идниот статус на Косово што ќе се разгледа во Обединетите нации, ќе биде одлична можност членовите на Собранието на Западноевропската унија да бидат запознаени со повеќе детали сврзани за Косово и да дискутираат по истите. Комитетот ја отвори дебатата по подготовките за 33-та сесија на СЗЕУ.

Лордот Расел-Џонстон потсети дека Комисијата за политички прашања на СЗЕУ пред неколку месеци дискутирала за можноста лидерот на најголемата иранска опозициска група, г-ѓа Мариам Рацави да го посети Собранието, како што таа веќе го направила во ПС на СЕ. Претседателот предложи иранската делегација да ја сочинуваат г-ѓа Рацави и можеби уште двајца нејзини колеги и истакна дека таа не треба да се обрати на пленарната сесија на Собранието, туку подобро е да се организира средба со претседателот и лидерите на политичките групи во претседателскиот кабинет за време на собраниската сесија. Потоа тој додаде дека предлогот за посетата на г-ѓа Рацави треба да се разгледува на следниот состанок на лидерите на политичките групи во Стразбург.

Господинот Марк Реман (Франција) се осврна на дебатата која беше особено силна во Европа, а се однесуваше на предлогот на САД за антиракетниот штит. Тој предложи Собранието да дискутира по ова "контроверзно" прашање. Претседателот одговори дека предлогот за ракетната одбрана треба да се дискутира во рамките на дебатата за извештајот на тема " Оружјето во воздушниот простор", кој во име на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања ќе го поднесе г. Мил.

4. Извештај од Берлинската конференција на Собранието на тема: "Европската безбедносна и одбранбена политика: патот понатаму"

Претседателот на СЗЕУ се заблагодари на германската делегација, особено на порпретседателот на Собранието г. Хофер за сите напори кои беа направени во интерес на успешноста на конференцијата. Потоа, тој истакна дека исходот беше одличен, придонесите на говорниците беа согласно со високите стандарди и размената на мислења за време на дебатата беше извонрдно итересна. Тој ги информираше членовите дека ќе им биде поделен ЦД-РОМ кој ги содржи материјалите од Берлин и истакна дека конечната верзија на собраниската "Порака од Берлин" е прилично слаба како резултат на компромис кој беше потребно да се направи.

Подготовки за состанокот на проширениот претседателски комитет/Контакт групата во Рим (22 мај 2007 година)

[34] European Defence Agency

Претседателот ги информираше членовите дека следниот состанок од серијата состаноци на Контакт групата ќе се одржи во Италијанскиот сенат, во Рим, вторник 22 мај 2007 година. Тој го замоли г. Марченаро, потпретседателот на италијанската делегација, да му ги достави на Комитетот сите потребни информации.

Во врска со Комисијата за одбрана, претседателот потсети дека Комитетот кој преку Собранието ги покани претседавачите на националните комисии за одбрана на своите пленарни седници, колоквиуми и конференции, неговите белешки покажуваат дека малкумина од нив редовно присуствуваат, затоа тој предложи дека тие не треба да бидат вклучени на официјална основа.

5. Подобрување на односите со Парламентарното собрание на НАТО

Претседателот ги информираше членовите дека следната сесија на ПС на НАТО ќе се одржи од 25 до 29 мај во Мадеира. Вообичаено, на оваа сесија ќе присуствуваат и членовите на Поткомитетот за врски на Проширениот претседателски комитет и додаде дека на Пленарната сесија на СЗЕУ е поканет претседателот на ПС на НАТО, а постои можност да се поканат и претседавачите на политичките групи, иако тие не се многу активни во оваа организација. Потребно е да се воспостават контакти за да се види што може да биде направено во насока на подобрување на односите меѓу овие две собранија.

6. Состанок на Постојаниот совет и Политичко-безбедносниот комитет на ЕУ

Под раководство на претседателот на СЗЕУ г. Масере и генералниот секретар на СЗЕУ г. Камерон, воведно излагање имаше претседателот на ПБК на ЕУ амбасадорот К. Фон Гетзе, од Германското претседателство (ГП). На почетокот г. Фон Гетзе ги потсети учесниците на неколкуте значајни настани последниве месеци посветени на европската безбедносна и одбранбена политика, што сведочи за големата важност што ГП ја придава на реформите во цивилните и одбранбените капацитети на ЕУ согалсно со стратегијата на ЕУ, со цел за успешно соочување со присутнуте конфликти и предизвиците во светот. Во тие рамки посебно место има стратешкиот дијалог ЕУ-НАТО, при што е договорена тесна соработка особено во однос на Косово и Авганистан. Тој се осврна и на состојбите во БиХ, Конго, Блискиот Исток, Кавказ и др. и во тие рамки на реализацијата на тековните мисии и подготвеноста на силите за брза реакција. Господин Фон Гетзе нагласи дека бројот на ЕУ мисиите последниве две години е на завидно ниво.

Во дискусијата по излагањето повеќе пратеници дадоа коментари и поставија неколку прашања, меѓу кои:

- дали ГП ќе настојува спојувањето на двојната функција на Високиот претставник на ЕУ за ЗНБП и МНР на ЕУ од 2009 година да биде вградена било во Уставот за ЕБОП и надворешната политика на ЕУ генерално;
- претставникот на Португалија постави прашање дали во ЕУ има политичка клима за позначаен напредок кон формирање европска армија, за што неодамна се заложи А. Меркел во интервјуто за Билд.

Господинот Јелинчиќ потсетувајќи на неуспехот на ЕУ и меѓународната заедница во 90-тите години од минатиот век за целосно решавање на проблемите во поранешна Југославија, запраша зошто ЕУ не дава поголем приоритет во решавањето на конфликтите во регионот на З. Балкан и конкретната реализација на неговата европска перспектива, имајќи предвид дека нестабилноста е на самата граница на ЕУ со опасност натаму да се прелее. Во таа смисла го спомна Косово, можните идни проблеми во Војводина, граничните спорови на Хрватска со БиХ и Словенија и "внатрешните проблеми во Република Македонија".

Господинот Александар Николоски изрази согласност со коментарите на својот словенечки колега и во однос на Косово истакна дека статусот треба да се реши што поскоро, но и запраша да ли решението за независност ќе биде доволно за обезбедување стабилност на Косово во следните неколку години. Интересирајќи се за

конкретните чекори на ЕУ за реализација на европската перспектива на регионот, тој запраша кога Република Македонија и Хрватска, како земји кандидати ќе можат да сметаат на членството во ЕУ, што ќе биде охрабрување на целиот регион.

Во одговорите, амбасадорот Фон Гетзе одговори потврдно на потребата за реализација на двојната функција на ВП за ЗНБП и МНР на ЕУ од 2009 година. Формирањето на европската армија треба да се реализира чекор по чекор. Во врска со Уставот тој истакна дека 18 земји членки го ратификуваа, било со референдум или преку парламентите, зависно од новните уставни решенија, што претставува солиден успех. Се согласи со коментарот на словенечкиот пртставник за неуспехот на Балканот во 90-тите години, но не се согласи дека ЕУ повеќе инвестира во решавањето на конфликтите во другите делови на светот. Што се однесува до европската перспектива на Западен Балкан, тој наведе дека таа е конкретна преку големиот обем на реализирана помош на ЕУ во реконструкција и бројот на европски мировници на Косово и БиХ.

Во однос на прашањето на г. Николоски, тој оцени дека европската перспектива на Западен Балкан постепено се реализира. Хрватска веќе ги започна преговорите, а Република Македонија ќе биде помогната на тој пат и покрај тоа што брзината на процесот најмногу ќе зависи од реформските резултати во земјата.

На крај, претседателот ги информираше учесниците дека следниот состанок на Проширениот претседателски комитет ќе се одржи на 22 мај 2007 година во Италијанскиот сенат во Рим.

* * * * *

Учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија на состанокот на Проширениот претседателски комитет може да се оцени како многу успешно и плодотворно. Македонската делегација оствари бројни контакти со пратеници од земјите членки на СЗЕУ и даде конструктивен придонес во градењето на ставовите на овој форум.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на овој состанок се остварува континуитет на соработката со Собранието на ЗЕУ и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во активностите на ова Интерпарламентарно собрание.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на 53-та Годишна сесија (прв дел), што ќе се одржи од 4 до 6 јуни 2007 година во Париз, Франција.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Педесет и третата седница на Собраниетона Западноевропската унија (прв дел), одржана од 4 до 6 јуни 2007 година, во Париз, Република Франција

Skopje, juni 2007 godina

Собранието на Западноевропската унија, Интепарламентарно европско собрание за одбрана и безбедност (СЗЕУ) го одржа првиот дел на својата редовна 53. седница од 4 до 6 јуни 2007 година во Париз, Франција. На седницата учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија, што ја сочинуваа пратениците г. Павле Трајнов, заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ и в. д. шеф на Делегацијата и г. Борис Кондарко, заменик член на Делегацијата во СЗЕУ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за мултилатерална соработка и секретар на Делегацијата во СЗЕУ.

На првиот дел од Педесет и третата седницата на СЗЕУ се расправаше по повеќе прашања од областа на одбраната, безбедноста и актуелните збиднувања во Европа и пошироко, како што се идните насоки на Европската безбедносна и одбранбена политика, прашањето за Косово и улогата на европските сили во Авганистан. Во дневниот ред на Сесијата беа вклучени и прашања во врска со борбените групи на ЕУ, Европската одбранбена агенција и јавното мислење за проширувањето на ЕУ. Пратениците разгледаа 12 извештаи и усвоија 11 препораки и една резолуција[35].

Со свои излагања на пратениците им се обратија: сенаторот Жан-Пјер Масере, претседател на Собранието на Западноевропската унија, г. Георги Пирински, претседател на Народното собрание на Република Бугарија, г. Кристијан Шмит, парламентарен државен секретар во Министерството за одбрана на Германија и претставник на Германското претседателство со Западноевропската унија и Европската унија, г. Теодор Мелешкану, министер за одбрана на Романија, г-ѓа Лив Моника Баргем Стубхолд, државен секретар во Министерството за надворешни работи на Норвешка, г. Тим Џуда, аналитичар за Балканот во вЕкономистг и г. Мануел Лобо Антунес, државен секретар за европски прашања на Португалија и претставник на идното претседателство со Западноевропската унија и Европската унија.

Во рамките на првиот дел од 53. седница беа одржани состаноци на политичките групи и седници на комисиите на СЗЕУ. Господинот Павле Трајанов учестуваше на состанокот на Федералната група на демохристијаните и европските демократи и на седницата на Комисијата за одбрана, а г. Борис Кондарко на состанокот на Групата на социјалистите и на седницата на Комисијата за политички прашања.

* * * * *

На почетокот на седницата на пратениците им се обрати г. Жан-Пјер Масере, претседател на Собранието на Западноевропската унија. Тој го подвлече значењето на опстојувањето на СЗЕУ, како интерпарламентарен форум кој обезбедува демократска контрола на развојот на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП). Осврнувајќи на заканите за укинување на ова Собрание, тој потсети дека на Европа и е потребен меѓународен парламентарен форум, кој ќе дискутира за одбранбените прашања.

Претседателот Масере информираше за активностите на "Контакт групата" на СЗЕУ, која остварила средби со бројни политички лидери од европските земји. Истовремено, тој истакна дека е од големо значење на претстојната Меѓувладина конференција, што ќе биде посветена на институционалниот развој на Европа, да се нагласи потребата за демократски надзор во кој ќе бидат вклучени националните парламенти.

Сенаторот Масере ја образложи одлуката за вклучување на претседателите на комисиите за одбрана од националните парламенти во работата на Собранието на ЗЕУ. Во врска со ова, тој изрази задоволство што постојано се зголемува бројот на членовите на СЗЕУ, кои се воедно и членови на комисиите за одбрана во своите парламенти.

[35] Извештаите, препораките и резолуциите (на англиски и француски јазик) се достапни на интернет страницата на СЗЕУ: www.assembly.weu.int

Господинот Георги Пирински, претседател на Народното собрание на Република Бугарија во своето обраќање пред Собранието на ЗЕУ истакна дека Бугарија ќе продолжи активно да учествува во спроведувањето на заедничката безбедносна и одбранбена политика. Тој потсети дека во последните години Бугарија учествувала со свои трупи во 15 меѓународни мисии. Покрај операцијата "Слобода за Ирак", Бугарија учествува и во операцијата на ЕУ во Босна и Херцеговина АЛТЕА, како и во пет мисии на НАТО (во Ирак, Авганистан, Косово, Медитеранот и Силите за брза реакција) и четири мисии на ООН (во Либан, Косово, Либерија и Еритреја). Контингентот во Авганистан наскоро ќе биде зголемен за 400 војници. Според г. Пирински, Бугарија е една од водечките земји во мисиите во странство, во однос на бројот на населението.

Господинот Пирински додаде дека и покрај социјалните и економските тешкотии, Бугарија презема значајни ангажмани за реструктуирање и унапредување на вооружените сили и во моментов одделува 2,24% од БНП за одбраната. Се очекува овој процент да се зголеми на 2,6% во 2015 година. Во делот на цивилниот кризен менаџмент, Бугарија е подготвена да земе учество во идните мисии во секторите "Полиција" и "Владеење на правото" во Косово и Авганистан.

Претседателот на Бугарскиот парламент, исто така ја подвлече потребата за парламентарна контрола на ЕБОП, бидејќи националните парламенти ги усвојуваат буџетите за одбрана и испраќаат трупи во мисиите во странство. Тој истакна дека СЗЕУ обезбедува оптимална соработка и координација меѓу националните парламенти, спроведува значајна аналитичка активност и одржува корисни дискусии за значајни прашања во полето на одбраната и безбедноста.

Господинот Кристијан Шмит, парламентарен државен секретар во Министерството за одбрана на Германија, во своето обраќање пред Собранието се осврна на активностите на Германското претседателство со ЗЕУ и ЕУ во полето на одбраната, кои се концентрирани на четири области: операции, развој на капацитетите, брза реакција на кризи и партнерства. Во приоритетите е вклучена и безбедноста на Западен Балкан, како и првото значајно намалување на силите во операцијата Алтеа во Босна и Херцеговина.

Господинот Шмит информираше дека ЕУ се подготвува да ја преземе од Обединетите нации Мисијата за цивилна полиција и владеење на правото на Косово. Во меѓувреме продолжуваат операциите за безбедност и полиција во Демократската Република Конго, како и мисиите во регионот Дарфур во Судан, во Авганистан и на Блискиот Исток.

Во врска со меѓународните партнерства, тој подвлече дека се преземаат активности за зацврстување на соработката со ООН. Подеднакво значајно е да се унапредат односите меѓу ЕУ и НАТО и да се интензивира стратешкиот дијалог и соработката за развојот на капацитетите. Африка, е исто така еден од приоритетите на Германското претседателство со Г8.

Господинот Шмит се осврна и на Европската безбедносна и одбранбена политика, истакнувајќи дека ЕБОП постигнала значаен напредок во последните шест месеца, но потребни се дополнителни напори за зацврстување на капацитетите за стратешко планирање на ЕУ. Тој нагласи дека во анкетите ЕБОП редовно добива позитивни оцени од повеќе од половината испитаници, што значи дека станува збор за политика што граѓаните ја поддржуваат и што треба и понатаму да се развива.

Осврнувајќи се на Уставниот договор, г. Шмит го потврди ставот на Германија за задржување на политичката содржина на оригиналниот текст, односно именување на министер за надворешни работи на ЕУ.

Според Министерот за одбрана на Романија, г. Теодор Мелешкану, ЕУ или НАТО треба да развијат систем што ќе ги заштитува сите земји членки, а најранлив регион на Европа е југоисточниот, кој го сочинуваат Романија, Бугарија и Унгарија. Овој регион е најблиску до земјите чии амбиции потешко се контролираат од другите.

Господинот Мелешкану истакна дека Романија учествува во Европската безбедносна и одбранбена политика уште од нејзиниот зачеток во ноември 2000 година. Тој оцени дека 2006 година била значајна за ЕБОП заради објавувањето на

документот за “долгорочна визија” на Европската агенција за одбрана. За Романија е од голема важност учеството во оваа агенција, особено во полето на воените набавки.

Министерот подвлече дека Романија е свесна за одговорноста на регионален и глобален план што произлегува од нејзиниот статус на нова членка на ЕУ, а подразбира преземање на дополнителни обврски, вклучително и во полето на безбедноста и одбраната. Тој оцени дека цврст Уставен договор би ја консолидирал и легитимизирал политичката активност на ЕУ.

На пратениците им се обрати и г. Мануел Лобо Антунес, државен секретар за европски прашања на Португалија. Тој информираше за основните насоки на програмата на идното португалско претседавање со Западноевропската унија и Европската унија, чии приоритети во областа на безбедноста ќе бидат Косово, Авганистан, Медитеранот, Средниот Исток и Субсахарска Африка. Тој нагласи дека Европа е конфронтирана со широк спектар на безбедносни закани, како што се меѓународниот тероризам, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и ризиците од т.н. “одметнати држави”.

Господинот Лобо Антунес се задржа на односите со Русија, истакнувајќи дека зацврстувањето на односите само по себе не е доволно, туку е неопходно ЕУ и Русија да се сконцентрираат на областите во кои делат заеднички фундаментален интерес и каде што можат да постигнат подобри резултати преку заемна соработка. Безбедноста и одбраната на Европа претставуваат еден од најјасните примери на ваквиот тип на заеднички предизвици.

Во врска со идниот статус на Косово, г. Лобо Антунес го нагласи значењето на усвојувањето на резолуција на Советот за безбедност на Обединетите нации по ова прашање. Само во тој случај ЕУ би имала легитимитет да интервенира на Косово, со цел да се воспостави попросперитетна иднина за територијата. Тој информираше дека на Косово наскоро треба да започне мисија за владеење на правото, која ќе ја сочинуваат околу 2000 експерти од ЕУ, САД, Турција и Норвешка. Полициската мисија на ЕБОП ќе има витална улога во обезбедувањето на безбедноста по повлекувањето на Мисијата на привремена администрација на ОН во Косово (МИНУК).

П О Л И Т И Ч К И П Р А Ш А Њ А

Собранието на Западноевропската унија ги разгледа и усвои препораки по следниве извештаи предложени од Комисијата за политички прашања:

- "*Иднината на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) - заклучоците од Конференцијата во Берлин - одговор на годишниот извештај на Советот*", поднесен од г. Луис Марија де Пуџ, пратеник од Шпанија, "*Безбедноста на Големиот север*", поднесен од г. Педро Аргамунт Фонт де Мора, претседател на Комисијата и пратеник од Шпанија и г. Од Еинар Дорум, пратеник од Норвешка И
- "*Европската унија и безбедноста во Југоисточна Европа*", поднесен од г. Герд Хофер, пратеник од Германија.

Извештајот "Иднината на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) - заклучоците од Конференцијата во Берлин - одговор на годишниот извештај на Советот", што го презентираше известителот г. де Пуџ, е изготвен врз основа на резултатите од Конференцијата на Собранието на ЗЕУ за “Иднината на ЕБОП”, одржана на 6 и 7 февруари 2007 година во Берлин. Во извештајот се разгледани развојот на настаните и актуелната состојба на ЕБОП на глобално ниво, со акцент на предизвиците со кои е соочена оваа политика, како и можните насоки во следниве домени: политички развој, операционален развој, набавки на капацитети и улогата на парламентите во развојот на ЕБОП.

Врз основа на извештајот и дебатата во која учествуваа повеќе пратеници, Собранието усвои препорака, во која Собранието на ЗЕУ го поздравува напредокот на ЕБОП, инсистрајќи на неопходноста од значителни вложувања на политички, операционален и институционален план, со цел да се одговори на новите безбедносни предизвици. Собранието, исто така им препорачува на земјите членки на ЕУ

поинтензивно да се фокусираат на интерпарламентарната соработка и на парламентарната контрола на ЕБОП при изготвувањето на новиот Уставен договор, како и да ги вклучат постојните специјализирани тела, како што е СЗЕУ, во дискусиите за иднината на овој договор.

Собранието на ЗЕУ расправаше и по извештајот "Безбедноста на Големиот север" поднесен од г. Фонт де Мора и г. Дорум. Извештајот се осврнува на три области:

1* подигнување на свеста за алармантните последици на климатските промени на Големиот Север врз целата планета;

2* предизвиците што произлегуваат од зависноста на Европа од залихите на фосилно гориво и обидите да се идентификува потенцијалот на Големиот Север за подобрување на европската енергетска безбедност и

3* фактот што Русија во моментов вложува во поморски бази во регионот на Големиот Север, што претставува нејзин единствен излез на Атлантикот.

Во рамките на дебатата по овој извештај на пратениците им се обрати г-ѓа Лив Моника Баргем Стубхолд, државен секретар во Министерството за надворешни работи на Норвешка. Таа истакна дека 2007 година го одбележи почетокот на “Меѓународната поларна година”, која претставува значаен меѓународен истажувачки проект за подобрување на разбирањето на специфичните карактеристики на Арктикот (и Антартикот). Госпоѓата Баргем Стубхолд оцени дека Северната флота на Русија не преставува директна воена закана за Норвешка. Таа исто така го поздрави фактот што програмата на ЕУ за вСеверната димензијаг прераснала во неформална конференција, во која на еднакво ниво учествуваат Норвешка, Русија, Исланд и Финска.

По дискусијата во која свои ставови изнесоа пратеници од повеќе земји, Собранието усвои препорака во која националните влади се повикуваат да ја подигнат свеста за значењето на Големиот Север за глобалната клима, да усвојат интегрирана енергетска политика и сл.

Во извештајот "Европската унија и безбедноста во Југоисточна Европа", известителот г. Герд Хофер се фокусира на идниот статус на Косово и на внатрешната состојба во Србија и во Босна и Херцеговина, што според него претставуваат клучни елементи за безбедноста во ЈИЕ. Тој дава процена на последните политички настани во Србија, поздравувајќи го формирањето новата влада, составена од четири проевропски политички партии. Во извештајот се оценува дека е потребно ЕУ што поскоро да ги продолжи преговорите за договорот за стабилизација и асоцијација со Владата на Република Србија, нагласувајќи притоа дека овој договор не би можел да биде склучен без потполна имплементација на условите поставени од ЕУ, вклучувајќи ја и екстрадицијата на Ратко Младиќ во Меѓународниот кривичен суд во Хаг.

Безбедносната состојба во Босна и Херцеговина се оценува како стабилна, поради што ЕУ одлучила да го намали бројот на трупите ангажирани во операцијата Алтеа. Од друга страна, политичката состојба е оценета како незадоволителна, бидејќи се уште нема реален напредок на полето на јавната администрација, реформите во полицијата, законодавството за јавна радиодифузија и соработката со Меѓународниот кривичен суд во Хаг.

Известителот смета дека е неопходно ЕУ да изгради заеднички став во врска со идниот статус на Косово. Отсуството на ваков став би претставувало неуспех на амбициите на ЕУ за спроведување на заедничка надворешна политика.

На почетокот од дебатата по овој извештај, на пратениците им се обрати г. Тим Џуда, аналитичар за Балканот во “Економист”. Тој оцени дека планот за надгледувана независност на Косово, изготвен од поранешниот фински претседател г. Марти Ахтисари, најверојатно нема да биде усвоен од Советот за безбедност. Господинот Џуда се осврна и на очекувањата од претстојната средба меѓу премиерот на Република Србија г. Војислав Коштуница и претседателот на Руската Федерација г. Владимир Путин, оценувајќи дека во оваа прилика г. Путин нема да се заложи за независност на Косово.

Во дебатата по извештајот учествуваше и г. Павле Трајанов, кој го изрази своето задоволство што Собранието на ЗЕУ во континуитет ја следи состојбата во Југоисточна Европа, придонесувајќи на тој начин кон стабилноста и безбедноста на регионот. Тој

подвлече дека во сите држави од овој регион, но и во самата Европска унија, во изминатите години по Самитот во Солун се зацврсти сознанието дека проектот на обединета Европа нема да биде комплетен без интегрирањето на земјите од Југоисточна Европа.

Господинот Трајанов изнесе куса оцена за состојбите во Република Македонија, истакнувајќи дека земјата е стабилна и со функционална мултиетничка демократија. Тој подвлече дека во изминатите години беа спроведени голем број реформски проекти, со цел за приближување кон ЕУ и НАТО, нагласувајќи дека членството во ЕУ и НАТО е еден од главните надворешно-политички цели на Република Македонија, за која постои општ консензус меѓу сите политички партии и субјекти. Оваа стратешка определба наидува и на огромна поддршка во јавноста, со оглед на тоа што според релевантните истражувања на јавното мислење "за приклучување кон ЕУ и НАТО" се над 90% од испитаниците.

Шефот на Македонската делегација информираше дека во моментов Република Македонија учествува со свои единици во меѓународните мисии во Босна и Херцеговина, Ирак, Авганистан и Либан. Тој истовремено истакна дека Република Македонија ги исполни потребните критериуми за олеснување на визниот режим и целосно укинување на визите, како битен предуслов за побрзо приспособување на стандардите на ЕУ. Во оваа насока, границата ја обезбедува добро оспособена гранична полиција, обезбедено е интегрално гранично управување, пасоши со најдобар квалитет и заштита, а склучени се и договори за реадмисија со земјите членки на ЕУ.

Оценувајќи дека периодот што претстои ќе биде многу значаен на регионот на Југоисточна Европа, пред се, заради завршницата на процесот на дефинирање на идниот статус на Косово, г. Трајанов истакна дека Република Македонија го поддржува планот на специјалниот пратеник на ОН г. Марти Ахтисари, како добра основа за конечно решение на косовското прашање. Со оглед на разликите што постојат меѓу Белград и Приштина, би било најдобро, доколку е возможно да се изнајде решение што ќе биде прифатливо за двете страни. За Македонија е особено значајно што во планот на г. Ахтисари се предвидува демаркација на северната граница, во делот со Косово.

Господинот Павле Трајанов подвлече дека е особено значајно на Косово да се обезбеди имплементација на стандардите, односно владеење на правото, борба против корупцијата, сузбивање на криминалот, реформа на јавната аднимистрација и држење под контрола на радикалните и екстремни структури. Клучната улога за ова мора да ја одигра меѓународната заедница. Меѓународното воено и цивилно присуство на Косово ќе биде неопходно во подолг временски период и тоа ќе биде најсилна гаранција за стабилноста на Косово, а со тоа и на регионот на Југоисточна Европа. Заради ова, од големо значење е ЕУ да постигне заеднички став по ова прашање. Република Македонија од своја страна, ќе земе активно учество во стабилизацијата и демократизацијата на регионот.

Во дебатата во која учествуваа голем број пратеници, преовладуваа дискусиите за иднината на Косово, при што одреден број од дискутантите се изјасниија против неговата независност, оценувајќи дека тоа би претставувало опасен преседан.

Во усвоената препорака, Собранието ја повикува Европската унија да ги продлабочи односите со Србија, со крајна цел за интегрирање на земјата во евроатлантските структури, да постигне заеднички став во врска со иднината на Косово и да го продолжи дијалогот со властите во Босна и Херцеговина.

О Д Б Р А Н Б Е Н И П Р А Ш А Њ А

На седницата на Собранието на Западноевропската унија се расправаше и по три извештаи од Комисијата за одбрана:

1 "Борбените групи на ЕУ - одговор на годишниот извештај на Советот",* поднесен од г. Жан-Пјер Кушеида, пратеник од Франција,

2 "Европските копнени сили во надворешни операции: персонал и финансирање",* поднесен од г. Даг Хендерсон, пратеник од Обединетото Кралство и г-ѓа Меритхел Батет Ламања, потпретседател на Комисијата и пратеник од Шпанија и

3 "Улогата на Европските сили во Авганистан",* поднесен од г. Игнасио Косидо Гутерез, пратеник од Шпанија.

Известителот г. Жан-Пјер Кушеида во извештајот за "Борбените групи на ЕУ - одговор на годишниот извештај на Советот", се задржува на концептот на борбените групи на ЕУ, кој за прв пат бил применет за време на операцијата Артемис во Демократска Република Конго. Овој концепт се состои во можноста на Унијата во секој момент, за надворешна операција да распореди 1500 припадници на силите за брза реакција, во период од десет дена. Во моментов се формирани или во фаза на формирање се 15 борбени групи, кои вклучуваат припаднци од 25 земји членки на ЕУ. За 13 од нив веќе се предвидени ангажмани во наредните три години.

Со цел да се обезбеди максимална ефикасност на борбените групи, во усвоената препорака Собранието на ЗЕУ го повикува Советот на ЗЕУ да ги поттикне земјите членки да вложуваат во опрема и обука, со што би се постигнало распоредување на силите за помалку од десет дена. Собранието, исто така ја подвлекува потребата за што побрзо дополнување на пешадиската компонента со воздушна и поморска поддршка, како и формирање на постојано седиште за мултинационалните операции.

Во извештајот "Европските копнени сили во надворешни операции: персонал и финансирање", г. Даг Хендерсон и г-ѓа Меритхел Батет Ламања укажуваат дека со цел за одржување и подигнување на моралот, учеството на персоналот во надворешните мисии не треба да биде подолго од четири месеца, односно шест месеца со дозволено отсуство, со интервал од минимум 18 месеца меѓу две мисии. Исто така, би било пожелно да се имплементира систем на прогресивно зголемување на платите на војниците кои сукцесивно учествуваат во надворешни операции, како и да се хармонизираат до најголема можна мера, разликите што постојат меѓу земјите учеснички во висината на платите и условите на распоредување. Извештајот се однесува на пет земји: Франција, Германија, Полска, Шпанија и Обединетото Кралство.

Во усвоената препорака, Собранието на ЗЕУ ги поттикнува земјите членки да усвојат серија на мерки за подобрување на работните услови на персоналот во надворешните мисии и за нивните семејства, како и за начините на кои се финансираат овие операции.

Во извештајот "Улогата на Европските сили во Авганистан", известителот г. Игнасио Косидо Гутерез нагласува дека и покрај присуството на 34.000 трупи на НАТО и 12.000 војници на коалицијата "Продолжена слобода", предводена од САД, состојбата во Авганистан се влошува со значителни загуби на човечки животи на меѓународните сили и цивилното население. Тој истакнува дека повторното активирање на талибанските бунтовници и терористичките групи поврзани со Ал-каеда, чии преферирани тактики се самоубиствени напади, предизвикале конфликтот да се прелее во целата земја. Известителот повикува на усвојување на заедничка стратегија што ќе овозможи поголема кохерентност меѓу целите на коалицијата "Продолжена слобода" за елиминирање на остатоците од Талибанските бунтовници и Ал-каеда, од една страна и целите на мисијата ИСАФ[36] на НАТО за повторна изградба на владините институции, од друга страна. Иако коалицијата "Продолжена слобода" и ИСАФ се два одделни ентитети, тие меѓусебно се надополнуваат: едните водат војна, а другите градат мир.

Во извештајот е ставен акцент на потребата да се регулира одгледувањето на афион за производство на опиум. Минатата година од рекордната реколта профитирале воените трговци со дрога, Талибанците и терористичките групи, истовремено обезбедувајќи приход на околу три милиони Авганистанци или 12,6% од населението.

Во препораката што беше усвоена по дебатата за извештајот, Собранието на ЗЕУ ја потврдува својата поддршка за учеството на европските сили во мисијата ИСАФ во Авганистан. Собранието смета дека активностите на ИСАФ би биле поефикасни доколку 37-те земји учеснички направат напори за хармонизирање на различните правила за ангажирање и елиминирање на националните ограничувања. Во препораката истовремено се нагласува дека зацврсувањето на безбедноста треба да

[36] Меѓународните сили за безбедносна поддршка (International Security Assistance Force)

биде придружено со интензивирана обука на авганистанските безбедносни и одбранбени сили, како и донации на опрема, со цел истите да можат автономно да функционираат и брзо да се распоредуваат на територијата на целата земја.

ПАРЛАМЕНТАРНИ ПРАШАЊА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Пратениците ги разгледаа следниве извештаи поднесени од Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста:
1 "Парламентарен надзор на надворешните операции",* поднесен од г-ѓа Емелина Фернандез Сориано, потпретседател на Комисијата и пратеник од Шпанија и
2 "Стабилноста и безбедноста во Европа: предизвикот на проширувањето рефлектиран во јавното мислење"*, поднесен од г. Марко Закера, потпретседател на Комисијата и пратеник од Италија и г-ѓа Анка Петреску, сенатор од Романија.

Госпоѓата Емелина Фернандез Сориано која го презентираше извештајот "Парламентарен надзор на надворешните операции" во своето излагање се осврна на улогата на националните парламенти на земјите членки на ЗЕУ кои се вклучени во надворешните операции. Во зависност од правните процедури и политичката практика во земјите членки, одредени парламенти имаат само ограничена контролна улога во врска со учеството во надворешните операции, додека други парламенти имаат речиси коодлучувачка улога. Овие операции се спроведуваат во различни рамки: операции предводени од ЕУ во рамките на ЕБОП, како што е операцијата ЕУФОР во ДР Конго; операции предводени од НАТО, како ИСАФ во Авганистан; операции предводени од ООН, како што е операцијата УНФИЛ во Либан и операции предводени од коалиции на држави, како што е случајот во Ирак. Во извештајот се разгледани контролните улоги на парламентите на: Белгија, Германија, Италија, Обединетото Кралство, Турција, Франција и Шпанија, како и анализата направена во Британскиот парламент во врска со можностите за зацвртување на улогата на парламентите во однос на распоредувањето на воените сили.

Во усвоената резолуција, Собранието на ЗЕУ се залага парламентите да бидат вклучени во одлуките за испраќање на единици во воени мисии во странство.

Во извештајот "Стабилноста и безбедноста во Европа: предизвикот на проширувањето рефлектиран во јавното мислење", известителите г. Марко Закера и г-ѓа Анка Петреску се задржуваат на анализите на јавното мислење, објаснувајќи како еволуирала довербата на Европјаните за процесот на проширување. Исто така, направена е споредба на ставовите на граѓаните на старите земји членки со оние од новите членки. Вториот дел од извештајот, презентиран од сенаторот Анка Петреску, целосно е посветен на случајот на Романија. По дебатата, СЗЕУ усвои препорака во која парламентите и европските лидери се повикуваат подобро да ги објаснат предностите на проширувањето во областа на безбедноста и стабилноста, особено во борбата против организираниот криминал и нелегалната имиграција.

ТЕХНОЛОШКИ И АЕРОВСЕЛЕНСКИ ПРАШАЊА

На седницата беа разгледани три извештаи од Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања:
1 "Европската агенција за одбрана две години потоа",* поднесен од г. Ив Позо ди Борго, пратеник од Франција;
2 "Противпроектилска одбрана - заедничка европска позиција?"*, поднесен од г. Едвард О´Хара, претседател на Комисијата и пратеник од Обединетото Кралство и
3 "Оружје во вселената - втор дел"*, поднесен од г. Алан Мил, пратеник од Обединетото Кралство.

Известителот г. Ив Позо ди Борго во извештајот "Европската агенција за одбрана две години потоа" се осврнува на активностите на ЕАО од нејзиното формирање, нејзината структура и функционирање, како и нејзината позиција во однос на другите европски институции. Тој подвлекува дека во текот на двете години од нејзиното постоење, ЕАО стана незаменлива референца во европската соработка на полето на

одбранбените капацитети, опремата и технологијата, како и одбранбената индустрија и пазар.

Во усвоената резолуција, СЗЕУ повикува на изготвување на повеќегодишен буџет и програма за работа на Европската агенција за одбрана. Собранието, исто така препорачува да се подобри соработката меѓу ЕАО и другите европски и трансатлантски тела за соработка во областа на одбраната.

Собранието на ЗЕУ ги разгледа извештаите "Противпроектилска одбрана - заедничка европска позиција?", поднесен од г. Едвард О´Хара и "Оружје во вселената - втор дел", поднесен од г. Алан Мил, по кои се водеше заедничка дебата, по што беа усвоени препораки.

ПРАВИЛА НА ПРОЦЕДУРАТА И ПРИВИЛЕГИИ

На првиот дел од 53. седница на СЗЕУ беше разгледан и извештајот "Одборите за жалби и жалбените процедури во координираните организации[37], со посебен осврт на Западноевропската унија", поднесен од г. Хамфри Малинс, пратеник од Обединетото Кралство, во име на Комисијата за правила на процедурата и привилегии. По овој извештај беше усвоена препорака, во која Собранието повикува на разрешување на проблемите со правните квалификации, како и потребата за транспарентни сослушувања и независност во назначувањето на членовите на одборите за жалби во овие организации.

* * * * *

Делегацијата на Собранието на Република Македонија што учествуваше на Првиот дел на 53. седница на Собранието на ЗЕУ, даде конструктивен придонес во градењето на ставовите на овој форум и презентираше ставови кои се од значење за Република Македонија. Во текот за седницата, членовите на Делегацијата остварија средби со пратеници од повеќе земји, при што беа разменети мислења за прашања од заеднички интерес.

Пратениците учествуваа и на седниците на комисиите на СЗЕУ, на кои беа разгледани поднесените амандмани на предлозите на препораките и идните активности на комисиите, како и на состаноците на политичките групи, на кои од политичка гледна точка се дискутираше за темите од дневниот ред на седницата.

Со учеството на Македонската делегација на 53. седница на СЗЕУ се остварува континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во европските организации и институции.

[37] ЗЕУ, Советот на Европа, Европската агенција за вселената, Европскиот центар за среднорочна временска прогноза, ОЕЦД и НАТО.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија на седница на Комисиите на Собранието на Западноевропската унија Постојаниот совет на ЗЕУ/Комитетот за политички прашања и безбедност на ЕУ, одржана на 18 октомври 2007 година во Брисел, Кралството Белгија

Skopje,oktomvri 2007 godina

Комисиите на Собранието на Западноевропската унија - Постојаниот комитет на ЗЕУ/Комитетот за политички прашања и безбедност на ЕУ, во соработка со Претставничкиот дом на Кралството Белгија, одржаа заедничка седница на 18 октомври 2007 година во Брисел. На Конфренцијата учествуваше пратеникот Рафиз Алити, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ, придружуван од г-ѓа Маријана Опашинова, советник за мултилатерална соработка.

Седницата се одржа во рамките на Португалското претседавање со ЕУ и ЗЕУ, чија цел беше разгледување на состојбата на поле на Европската безбедносна и одбранбена политика, во светло на состанокот на европските лидери за иднината на Реформскиот договор на Унијата во Лисабон.

* * * * *

Седницата ја отвори претседателот на Собранието на Западноевропската унија, **г. Жан-Пјер Масере**, кој рече дека демократијата е "способност за констатирање на нештата онакви какви се". Во очи на претстојните настани во Унијата, тој исто така рече дека секогаш треба отворено да се зборува за проблемите за да може тие полесно да се надминат, особено за оние кои директно го засегаат Собранието на ЗЕУ, поточно за актуелните случувања, напредокот и слабостите во развојот на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП).

Г-динот Елмар Линенкнамп, заменик шеф на Европската безбедносна агенција, напрво го пофали квалитетот на извештајот за Европската безбедносна агенција под наслов: "Европска безбедносна агенција - две години потоа", документ на Собранието на ЗЕУ бр. 1965, поднесен од страна на г-дин Ив Поцо ди Борџо, во име на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања, усвоен на 6 јуни 2007 година. Според него, извештајот најдобро ја отсликува работата на Агенцијата во изминатите години од нејзиното формирање. Г-динот Линенкамп истакна дека и покрај укажувањата на некои земји членки агенцијата да не се развива толку брзо, раководството продолжило со предвидената динамика, а таквата решеност придонесла за нејзин поголем успех. Агенцијата била еден вид, како што рече тој, "културен експеримент" за развивање на поевропски, а помалку национален ментален склоп кај земјите членки. Агенцијата се соочила со проблеми поради одбивањето од страна на некои земји да издвојат дозволно финансиски средства нејзино финансирање. Тоа е резултат на неможноста за постигнување договор меѓу земјите членки околу нивните заеднички амбиции во однос на соработката во Европа на поле на одбраната, особено во делот на производство на воена опрема и на истражувањето. Сепак, на крајот, цитирајќи го Хавиер Солана: "да трошиме повеќе, да трошиме заедно", тој рече дека само позајакната и поголема соработка во Европа на тој план е клучот за гарантирање на долгорочно политичко влијание и за безбедност на Европа.

Генералот Анри Бентежо, претседавач на Вониот комитет на ЕУ, потсети дека ЕБОП е активна политика, која покажува дека сеопфатниот пристап на Европа кон кризите е вистинскиот пристап. Сепак, нагласи дека и покрај успешноста на операциите ширум светот, европските безбедносни структури се соочуваат со проблемот на критика од страна јавноста за оправданоста на операциите, особено во Авганистан и Ирак, доколку се земат предвид изминатите случувања во тие земји. Тој исто така го потврди она што претходниот соговорник го спомена проблемот на ограниченост на средства и ресурси за изведување на тие операции. Во врска со односите меѓу ЕБОП и НАТО, генералот **Бентежо** осврнувајќи се на денешната ситуација во светот, констатираше комплементарноста меѓу двете институции е неопходна, од причини што имало ситуации кога експертизата на Унијата била посоодветна за решавање на проблемите во кризните подрачја каде присуството на НАТО не било пожелно. Од друга страна, на други места имало конфликти кои можеле да се решат само со моќен политички и воен ангажман на САД и нивните сојузници во НАТО. Сепак она што е многу

важно е дека за помалку од десет години, Европската унија стана успешен и значаен глобален играч, со повеќе од петнаесет воени и цивилни операции ширум светот, а некои од нив се се уште во тек. Тоа се должи на политиката која се заснова не само на зборови, туку и на дела, политика со која мора да се продолжи и во иднина доколку Унијата сака да ја зајакне својата позиција на светската политичка сцена.

Г-динот Антонио Мисироли, директор на Европскиот центар за политики, подетално ги образложи промените во новиот Реформски договор на ЕУ, кој требаше да се разгледува од страна на европските лидери во Лисабон. Истиот, доколку се ратификува од страна на земјите членки, ќе отвори пат за понатамошен развој на Заедничката надворешна и безбедностна политика/Европската безбедносна одбранбена политика. Во Договорот се предвидува високиот претставник за надворешна и безбедносна политика да биде и потпретседател на Европската комисија надлежен за надворешни работи, но и координатор на Заедничката безбедносна и одбранбена политика, што практично значи дека ќе носи голема одговорност и ќе извршува три функции истовремено. Намерата за внесување вакви одредби е обединување на повеќе функции во едно со цел да се избегне разногласието од повеќе страни како што беше досега и зајакнување на надворешната политика на Унијата на глобален план. Со оглед на големиот број на активности предвидени во иднина за вискиот претставник на Унијата, а со цел за негово поуспешно и поефикасно работење, се предвидува формирање на Европска надворешна акциона служба директно подредена на високиот претставник и составена од луѓе што ќе бидат преземени од различни институции на Унијата. Заедничката надворешна и безбедносна политика и понатаму останува во меѓувладината сфера, така што ни за Европската комисија, ниту за Европскиот парламент не се предвидени нови надлежности во новата Спогодба и нема промени во тој дел. На прашање на пратеник за употреба на системот на гласање со квалификувано мнозинство, одговорот беше дека намерата е да се спречи блокада во гласањето на една земја во однос на другите земји членки. Овој систем, доколку е потребно, ќе се применува и за прашања во делот на Надворешната и безбедносната политика на Унијата.

Амбасадорот Карлос Дуран Паиш, постојан претставник на Португалија, актуелен претседавач со ЕУ/ЗЕУ, подетално ги изнесе активностите на европските сили во Босна и Херцеговина, Косово, Авганистан, Судан, Чад/Централно Африканска Република, Демократската Република Конго и Гвинеја Бисао. Притоа, тој истакна дека забележан е значителен напредок во воените и цивилните капацитети на европските сили, поточно во делот на организирање на цивилната команда, во контролната структура на ЕУ и во оперативната подготвеност на борбените групи за брза реакција. Тој го поздрави напредокот на Европската одбранбена агенција и нејзините активности во изминатиот период. Во понатамошниот дел, Амбасадорот Паиш се осврна на дијалогот меѓу ЕУ и Африка како главен приоритет во текот на португалското претседателство со Унијата.

Пратениците, искористувајќи го присуството на Амбасадорите на земјите застапени во Собранието на ЗЕУ, покренаа неколку прашања, меѓу кои и тоа за претходно споменатите борбени групи и дали се планира нивно распоредување во најскоро време, за да не се изгуби нивниот кредибилитет, како и во однос на потребата од основање постојан оперативн штаб за европските сили. И покрај неговата неопходност и предностите што ги обезбедува, одговорот беше дека во моментот се уште постојат политички пречки за негово основање. Исто така, се поставија прашања во врска со улогата на ЕУ во Дарфур, за ставот на Унијата за ракетниот одбранбен штит во Европа, односите ЕУ- Русија, замрзнатите конфликти во Грузија и Молдавија, актуелните случувања Турција - Ирак и сл. Овие прашања се предвидува да се дискутираат на претстојната пленарна сесија на Собранието на ЗЕУ од 3-5 декември 2007 година во Париз.

* * * * *

Учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на седницата на двете Комисии на Собранието на Западноевропската унија се смета како многу корисна, имајќи го предвид фактот што ваквите настани, во единствената европска интерпарламентарна институција, им овозможуват на пратениците од националните парламенти одблиску и изворно да се запознаат со актуелните случувања и да вршат надзор и контрола на безбедносните и одбранбените прашања. Состаноците се и форум за дебата, каде што европските политички лидери и експерти размануваат мислења и дискутираат за сите значајни прашања со пратениците од земјите членки на Западноевропската унија.

Македонската делегација со присуството уште еднаш го потврдува континуитетот во соработката со оваа меѓународна организација и интересот за натамошно активно партиципирање во европските организации и институции.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на седницата на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања и на Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста, одржани на 10 и 11 октомври 2007 година во Париз, Франција

Скопје, ноември 2007 година

Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ) на 10 и 11 октомври 2007 година во Париз, Франција, ја организираше седницата на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања и на Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста. На овие седници присуствуваа пратеникот Рафис Алити, член на овие Комисии и секретарот на Делегацијата Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.

Sednica na Komisijata za tehnolo{ki i aerovselenski pra{awa

На седницата учествуваа делегации од Обединето Кралство, Белгија, Италија, Шпанија, Република Македонија и Финска.

Работниот дел на состанокот се одржа во Палаис д´Иéна во Париз. Со седницата претседаваше г. Едвард Охара, претседател на Комисијата (Обединето Кралство).

Седницата ја отвори претседателот на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања г. Едвард Охара и откако ги поздрави сите учесници, им посака добредојде и успешна работа.

По усвојувањето на дневниот ред, Комисијата го усвои записникот од одржаниот состанок на 5 јуни 2007 година во Париз, Франција и претседеталот на Комисијата ја претстави Програмата на активностите на оваа Комисија за втората половина на 2007 година.

На седницата на оваа Комисија беа разгледувани следниве работни документи: *Војникот на иднината: европски иницијативи,* подготвен од известителот г-ѓа Кортахарена (Шпанија) и *Можностите за соработка со Кина во доменот на опремата за одбрана*, подготвен од претседателот на Комисијата како известител.

Откако претседателот во име на известителот г-ѓа Кортахарена го презентира работниот документ за Војникот на иднинаната: европски иницијативи, се отвори дебата по истиот.

Господинот Мил (Обединето Кралство) ја подвлече важноста на заштитата на војниците во надворешни операции и наведе дека постојните технологии овозможуваат употреба на материјали коишто имаат својства да им дадат помош на војниците во случај на лесни повреди.

Господинот Морсели (Италија) ја подвлече важноста на прогресивната хармонизација на постојните програми со цел да се развие еден заеднички проект за европскиот војник на иднината. Претседателот забележа дека НАТО веќе десет години работи на прашањата сврзани за Вонјикот на иднината . Исто така, Европската агенција за одбрана на ЕУ развива активности во овој домен.

Во врска со работниот документ за Можностите за соработка со Кина во доменот на опремата за одбрана, претседателот на Комисијата истакна дека овој документ задира во различните аспекти на економските односи меѓу Европската унија и Кина. Потоа, тој наведе дека има и други држави кои се засегнати од развојот на економиите меѓу ЕУ и Кина, како што се САД, Русија и Индија. Подвлече дека ЕУ ја смета Кина за важен партнер со којашто има многу развиени политички и економски односи. Истовремено, статусот на Кина во светот се зголемува и оваа земја има мултиполарна визија за меѓународните односи. На крајот, претседателот наведе дека Кина се наоѓа во процес на модернизација и трансформација на нејзинита армија и нејзиниот буџет предвиден за одбрана од ден на ден се зголемува се повеќе и повеќе.

Претседателот информираше дека следната седница на оваа Комисија ќе се одржи во Париз на 4 декември 2007 година во 8,30 часот за време на одржувањето на Вториот дел на 53 Сесија на СЗЕУ од 3 до 5 декември 2007 година во Париз, Франција.

Sednica na Komisijata za parlamentarni pra{awa i odnosi so javnosta

На седницата учествуваа делегации од Обединетото Кралство, Белгија, Шпанија, Романија, Норвешка, Република Македонија, Финска и Кипар.

Работниот дел на состанокот се одржа во Палаис д´Ие́на во Париз. Со седницата претседаваше Лорд Расел Џонстон, претседател на Комисијата (Обединето Кралство).

Седницата ја отвори претседателот на Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста Лорд Расел Џонстон и откако ги поздрави сите учесници, им посака добредојде и успешна работа.

По усвојувањето на дневниот ред, Комисијата го усвои записникот од одржаниот состанок на 5 јуни 2007 година во Париз, Франција.

На седницата на оваа Комисија беа разгледувани следниве работни документи: *Службите за разузнавање и парламентарната контрола,* подготвен од г.Вил (Белгија) и *Финансирањето на надворешните операции: Улогата на националните парламенти*, подготвен од г. Гринуеј (Обединето Кралство).

Во врска со работниот документ за службите за разузнување и парламентарна контрола, г. Вил како известител, наведе дека овој документ е подготвен врз основа на неговото лично искуство во една комисија за следење на работата на службите за разузнавање во другите парламенти на Европа. Потоа, тој истакна дека постојат различни системи за контрола на работата на овие служби, но за жал парламентарците се соочуваат со многу пречки во овј домен затоа што вообичаено, мнозинството скоро секогаш ја поддржува својата влада. На крајот тој истакна дека би било пожелно Европскиот суд за човекови права да игра поактивна улога за промоција на заедничката легислатива за начелата кои ја регулираат активноста на агенциите за разузнување на ниво на земјите на Европа.

Во дебатата се вклучија неколку членови на Комисијата. Господинот Гринуеј наведе дека најдобро би било во овој домен да се користи искуството на другите парламенти додека Лорд Расел Џонстон наведе дека има една транснационална "мафија" на тајните служби кои оперираат игнорирајќи ги прописите и избегнувајќи ја праламентарната контрола. Господинот Вил истакна дека праламентарците треба да предложат еден закон за однесување на овие служби со цел да гарантираат почитување на човековите права во нивните активности.

Работниот документ за Финансирањето на надворешните операции: улогата на националните парламенти, го претстави г. Гринуеј, известител од Обединетото Кралство.

На почетокот тој наведе дека во моментот Собранието на Западноевропската унија е единствена што ја следи европската политика за безбедност и одбрана и таа треба да отвори дебата за финансирањето на надворешните операции, затоа што со оглед на фактот што воените интервенции се зголемуваат и траат се повеќе и повеќе, парламентарците не успеваат да ги следат и да се информираат за износот на финансиските средства за овие операции. Значи, СЗЕУ треба задолжително да отвори дебата, како и да организира ad hoc семинари за цената на овие операции и за процедурите за идентификација, за да им помогнат не само на парламентарците, туку и на јавноста за да имаат подобра слика за финансиските импликации на ангажирањето на војниците во операциите на европската политика за безбедност и одбрана.

Во дебатата по овој документ се вклучи г. Вил (Белгија) кој наведе дека Владата во оставка на Белгија го игнорираше целосно Парламентот при донесувањето на Одлуката за испраќање на војници во Дарфур и додаде дека секогаш кога се ипраќаат војници во надворешни операции, Парламентот треба задолжително да се информира за финансиските средства потребни за реализација на тие операции.

Претседателот информираше дека следната седница на оваа Комисија ќе се одржи во Париз на 8 ноември 2007 година во 12,00 часот.

* * * * *

Zaklu~ok

Во текот на седницата Македонската делегација оствари повеќе средби и контакти, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на овој настан. Во тие рамки се разменуваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а во контекст на јакнењето на стабилноста и безбедноста во Европа и светот пошироко, развојот на демократските процеси и владеењето на правото.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на Вториот дел на 53 Годишна сесија, што ќе се одржи од 3 до 5 декември 2007 година во Париз, Франција.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на седницата на Комисијата за одбрана и на семинарот за проблематиката на антиракетната балистичка одбрана во Европа, одржани на 6 и 7 ноември 2007 година во Париз, Франција

Скопје, декември 2007 година

Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ) на 6 ноември 2007 во Париз, Франција, ја организираше седницата на Комисијата за одбрана, додека на 7 ноември 2007 година го организираше семинарот за Проблематиката на антиракетната балистичка одбрана во Европа. На оваа седница и на семинарот присуствуваа пратеникот Насер Ајдини, член на оваа Комисија и секретарот на Делегацијата Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.

На состанокот учествуваа делегации на Франција, Шпанија, Обединетото Кралство, Белгија, Португалија, Италија, Чешката Република, Словенија, Романија, Естонија, Летонија и Република Македонија.

Работниот дел на состанокот се одржа во Палаис д'Иéна во Париз. Со седницата претседаваше г. Роберт Валтер, претседател на Комисијата (Обединето Кралство).

Седницата ја отвори претседателот на Комисијата за одбрана г. Роберт Валтер и откако ги поздрави сите учесници, им посака добредојде и успешна работа.

По усвојувањето на дневниот ред, Комисијата го усвои записникот од оддржаниот состанок на 10 октомври 2007 година во Париз, Франција.

На седницата на оваа Комисија беа разгледувани следниве работни документи: *Контролата на морките граници на Европа-Одговор на Годишниот извештај на Советот,* подготвен од известителот г. Жоао Мора Амарал (Португалија, Федерална група), *Европа и мисиите за одржување на мирот во Блискиот исток,* подготвен од известителот г. Дарио Риволта (Италија, Федерална група) и *Копнените сили во надворешни операции: персонал и финансирање,* подготвен од известителот г. Даг Хендерсон (Обединето Кралство, Група на социјалисти).

Во врска со документот за *Контрола на морските граници на Европа-одговор на Годишниот извештај на Советот,* г. Амарал го презентираше предлогот на извештајот и предлогот на препораката за Контролата на морските граници на Европа и се заблагодари на г. Вера Жардим, претседател на португалската делегација во СЗЕУ за извонредната организација на семинарот одржан во Лисабон во месец септември за истата тема. Тој наведе дека предлогот на извештајот и предлогот на препораката ги содржат интервенциите и заклучоците на семинарот. Потоа, тој истакна дека плуралноста на европските актери во овој домен налага поголема комплементарност и соработка со цел Европа да се соочува со предизвиците кои што произлегуваат од контролата на националните и европските граници, особено во доменот на илегалната трговија со дрога и луѓе, но исто така и со тероризмот. Овој предлог на извештај ги опфаќа националните и европските активности, особено улогата на Европсктата агенција за граници. На крајот тој истакна дека предлогот на препораката содржи предлози за подобрување на европските заложби за подобра примена и координација на расположивите средства, вклучувајќи ја употребата на вселенските средства, почитувањето на принципот на субсидиарност и националните одговорности (националниот суверенитет) и апелира на развојот на една европска функција на крајбрежните стражи.

По презентирање на предлогот на овој извештај и предлогот на препораката од страна на известителот, претседателот на Комисијата ја отвори дебатата по оваа тема. Во дебатата се вклучија претставниците на Италија, Португалија, Обединетото Кралство и Словенија. Како заклучок од оваа дебата произлезе дека Европската унија треба да ја подобрува соработката не само меѓу земјите членки туку и со земјите кои имаат кандидатски статус и земјите кои ќе се вклучат подоцна на ЕУ во процесот на проширување на Европската унија. На крајот, предлогот на препораката беше усвојен едногласно.

По предлогот на извештајот за Европа и мисиите за одржување на мирот во Блискиот исток, г. Дари Риволта предложи предлог препорака која беше усвоена едногласно.

Во врска со предлогот на извештајот за Копнените сили во надворешни операции г. Хендерсон истакна дека овој извештај ќе биде проследен со дополнителни информации коишто се усвоени од Комисијата и Собранието во мај и јуни 2007 година. Овој документ се однесува на вооружените сили на Германија и Полска. Работниот документ презентиран од г. Даг Хендерсон, известител и г-ѓа Мериткcел Батет Ламања, коизвестител беше усвоен едногласно од членовите на Комисијата за одбрана.

По точката разно претседателот на Комисијата г. Роберт Валтер ја презентираше програмата за активности за првиот семестар од 2008 година и предлозите на извештаите за овој период. Тој наведе дека веќе се предложени две теми: Европските генералштабови во операции и следењето на силите на Европската унија коишто ќе се распоредуваат во Чад, на границата со Судан на крајот на оваа година.

Претседателот информираше дека следната седница на оваа Комисија ќе се одржи во Париз на 5 декември 2007 година во 9.00 часот. Седницата на Комсијата за одбрана заврши во 17,00 часот.

Seminar za antiraketnata balisti~ka odbrana vo Evropa

Собранието на Западноевропската унија на 7 ноември 2007 година го организираше Семинарот за антиракетната балистичка одбрана во Европа што се одржа во Сенатот на Република Франција.

Овој семинар во присуство на Американците и Русите претставуваше една вистинска европска дебата за ова стратешко и политичко прашање.

Работата на семинарот се одвиваше во две сесии. Во првата сесија се расправаше за Проблематиката на антиракетната балистичка одбрана во Европа. Со семинарот претседаваше г. Жан-Пјер Масере, претседател на Собранието на Западноевропската унија. Во првата сесија со нивни прилози и излагања настапија: г. Едвард Охара, претседател на Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања на СЗЕУ на тема Анализа на опасностите и заканите, балистичката /нуклеарната закана и г. Брино Гризел, претставник на Фондацијата за стратешки истражувања, Париз на тема Американските проекти, НАТО и Русија. Во втората сесија со нивни прилози и излагања настапија г. Роберт Бел од SAIC[38] за Американската визија, претставникот на Русија, г. Дени Ванденсавел, заменик секретар за антиракетна и балистичка одбрана во НАТО, генерал Роберт Ранке, од Министерството за одбрана на Франција и амбасадорот Јири Шнајдер, директор на програмата на Институтот за безбедносни студии во Прага.

Согледувања од излагањата

САД се решени да инсталираат еден систем за антиракетна и балистичка одбрана од широк домен за одбрана на нивната територија и се подготвени да ја прошират заштитата обезбедена од овој систем и на нивните сојузници. Русија се спротивставува остро на инсталирањето на нови елементи на американската антиракета одбрана во Чешката Република и во Полска. Американците ги убедуваат другите земји дека еднисвена нивна цел е одбрана од Иран и Северна Кореја, но Русија не им верува. Францускиот сенатор г. Жан Пјер Масере, претседател на СЗЕУ изрази жалење што ЕУ во овој момент исклучува секој вид на дискусија по ова тема "што е

[38] Science Applications International Corporation

сосема ненормално". Тој истакна дека досега СЗЕУ има усвоено неколку препораки со проценка дека Европјаните би требало да ги проценат заканите за напад против Европа со оружја за масовно уништување и со ракети.

* * * * *

Zaklu~ok

Во текот на седницата членот на Македонската делегација оствари повеќе средби и контакти, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на овој настан. Во тие рамки се разменуваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а во контекст на јакнењето на стабилноста и безбедноста во Европа и светот пошироко, развојот на демократските процеси и владеењето на правото.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани на Собранието на Западноевропската унија кои претстојат во текот на 2008 година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на седниците на комисиите и на 54 Годишна сесија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Собранието на Западноевропската унија

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Вториот дел на Педесет и третатата сесија
на Собранието на Западноевропската унија,
одржана од 3 до 5 декември 2007 година
во Париз, Република Франција

Скопје, декември 2007 година

На Вториот дел од Педесет и третата сесија на Западно-европската унија, која се одржа од 3 до 5 декември 2007 година во Париз, Франција, учествуваа: г. Александар Николовски, шеф на Делегацијата, г. Борис Кондарко, член на Делегацијата, г-ѓа Флора Кадриу, како претседател на Комисијата за надворешна политика и секретарот на Делегацијата Марија Стефанова.

Според редоследот во текот на сесијата свое обраќање имаа: претседателот на Собранието, г. Жан Пјер Масере, државниот секреатар на Министерството за одбрана на Португалија, г. Жоао Мира Гомес како претставник на потругалското претседателство со ЗЕУ, извршниот директор на агенцијата за противракетна одбрана на САД, Пентагон, г-ѓа Патрицијa Сандерс, министерот за одбрана на Турција г. Веди Ѓунул, амбасадорот на Ирачката Република г. Мовафак Абуд, државниот секретар во Кабинетот на премиерот на Франција, г. Лорен Вакиез и државниот секретар во Министерството за надворешни работи на Република Словенија г. Андреј Штер како претставник на престојното претседателство на Словенија со ЕУ.

На сесијата се расправаше за надгледување на поморските граници на Европа, барањето на Грузија за интеграција во евроатланските структури, иднината на неширењето на нуклеарното оружје, трансатлантските безбедносни предизвици, Европа и мировните мисии на Блискиот Исток, терористичките активности на границата меѓу Турција и Ирак, Реформскиот договор и безбедноста и одбраната во Европа, војниците на иднината - европски иницијативи, можностите за соработка со Кина на полето на опрема за одбрана, финасирањето на надворешните операции и улогата на националните парламенти и агенциите за разузнавање и парламентарната контрола.

1. Во презентацијата на Извештајот за **надгледување на поморските граници** на Еропа, известителот Жоао Мота Амарал, истакна дека неодамнешните настани и проблемите на нелегалната имиграција од субсахарска Африка преку Гибралтарскиот теснец, како и нелегалната трговија ја нагласуваат важноста од надгледувањето на европските поморски граници. Европската безбедносна и одбранбена политика мора да ги земе предвид овие нови закани. Она што е потребно е да има вклученост на поголем број на европски држави за да се обезбеди подобра усогласеност и соработка со цел да се надминат предизвиците особено оние кои се однесуваат на нелегалната трговија со дрога и луѓе и тероризам. Извештајот ги наведува активностите на НАТО, на ЕУ и националните влади и анализа на важната улога на Комисијата и на Агенцијата за управување со границите, Фронтекс. Со цел да се постигне поголема ефикасност мора да постои поголема координираност меѓу националните и европските агенции.

2. Извештајот на **неширењето на нуклеарното оружје** се фокусираше на идната улога на Договорот за неширење на нуклеарното оружје (НПТ), нуклеарниот тероризам и новите инструменти и идни трендови, а се задржа и на поврзаноста меѓу нуклеарното неширење и нуклеарното разоружување.

Она што загрижува е продолжувањето на распоредување на нуклеарното оружје, развивањето на нуклеарна технологија и достапноста на нуклеарното оружје и материјалот преку нелегална трговија. Можноста терористичка група да набави нуклеарна направа е најмрачното сценарио кое може да се замисли. Извештајот разгледува нови предлози и стратегии за да се спречат екстремистите да дојдат до нуклеарен материјал и технологија.

По неуспехот на Конференцијата за оцена на НПТ за 2005 година, а како резултат на непридржување на некои земји како Северна Кореја и Иран, целата филозофија на Договорот за неширење на нуклеарното оружје е ставена на тест. Извешатајот ги анализира тврдењата на овие и на други држави дека имаат право да ја користат нуклеарната технологија за цивилни цели и го разгледува прашањето дали треба да се зајакнат мерките за верификација.

Во Извештајот се заклучува дека постои потреба за зајакнување на глобалната контрола на ширењето на нуклеарен материјал, на сродната цивилна и воена

технологија и на системите за испорака (ракети). Поради тоа што НПТ им го гарантира на земјите потписнички правото да развиваат цивилна нуклеарна енергија, потребно е да се развие систем кој ќе дозволи пристап до технологија а во исто време ќе обезбеди контрола и транспарентност. Во заклучокот на Извештајот се наведува дека ако сакаме да се оствари политичката визија за свет без нуклеарно оружје неопходни се нови мерки на разоружување.

3. Во својот Извештај известителот Мајкл Хенкок ги набројa **трансатланските безбедносни предизвици** и тоа тероризмот, војните во Ирак и Авганистан, конфликтот меѓу Израелците и Палестинците, актуелната состојба на Косово, климатските промени, ширењето на оружјето, организираниот криминал и влошената состојба со човековите права.

Од двете страни на Атлантикот се гледаат големи разлики во областите како технологија, капацитети и буџети за одбрана. Европа троши многу на одбраната, но фактот што секоја држава сама го креира и го троши буџетот без упатување кон другите резултира во дуплирање и загуби на капацитетите и искуствата. Постои врска меѓу НАТО и ЕУ но таа во најдобар случај може да се опише како млака.

Без обедиент глас и здрава трансатлантска врска, се наведува во Извештајот, нема да биде можно ефикасно да се решаваат главните прашања. Мора да постои општ консензус за приоритетните прашања, мора да постои транспарентност и мора да постои доверба. Европа, се наведува во заклучоците, мора да биде поприсутна, проактивна и мора да го брани својот став онаму каде што тоа е потребно на Косово, за противракетната одбрана и на Блискиот Исток. Ако Соединетите Американски Држави продолжат со својата во голема мерка унилатерална политика тогаш Европа повторно ќе се смета за џуџе во надворешната политика и ниту една страна од Атлантикот нема да се смета за серозна од страна на луѓето кои се се повеќе фрустрирани и чија доверба ја губиме, завршува г. Хенкок во својот Извештај.

4. Извештајот за **Европа и мировните мисии на Блискиот Исток** се занимава со присуството на силите на земјите членки на ЕУ во операциите за справување со кризи на Блискиот Исток. Извештајот анализира два случаи со цел да ја илустрира инволвираноста на Европа: Либан во периодот по судирот меѓу Израел и Хезболах во 2006 година и териториите под административна управа на Палестинците. УНФИЛ ИИ (Привремените сили на ОН во Либан) беше зајакната во 2006 година со европските сили распоредени во форма на единица за поморско недгледување. На трите европски држави кои беа движечката сила на процесот - Франција, Италија и Германија им се придружија и други и денес има околу 6.000 војници од Европа кои се распоредени заедно со силите на ОН.

На палестинските територии не постојат вооружени меѓународни мировни сили, но Европската унија е присутна преку две скромни мисии: Полициската мисија на ЕУ и Мисијата за помош за управување на граници на ЕУ. Овие две мисии ги претставуваат напорите на ЕУ да придонесе за трајно решавење на израелско-палестинскиот конфликт. Европа е исто така вклучена во дипломатскиот процес преку учеството во Квартетот а Комисијата е еден од главните донатори на цивилна, економска и хуманитарна помош за паленстинските територии.

Во своите препораки известителот им предлага на европските држави вклучени во УНИФИЛ и во мировниот процес на Блискиот Исток да бидат подготвени да го зголемат сегашното ниво на ангажираност во согласност со развојот на безбедносната состојба во Либан и во палестинските територии.

5. Во врска со точката **за реформскиот договор и безбедносната и одбранбената политика на Европа**, известителот Жан Пјер Масере во својот Извештај истакна дека одредбите вклучени во Реформскиот договор не се многу различни од оние во Уставниот договор. Според Реформскиот договор, високиот претставник за надворешна и безбедносна политика, исто така е комесар за надворешни односи и потпретседател на Комсијата. Сепак во Извештајот се наведува дека земјите членки на ЕУ не се

подготвени, во догледна иднина да се откажат од своите суверени права на полето на надворешната и безбедносната политика. Одредбите на заедничката надворешна и безбедносна политика (CFSP) не и даваат нови овластувања на Комисијата да иницира одлуки ниту Европскиот парламент добива позначителна улога на ова поле. Понатаму, не се предвидува подобрување на контролната улога на националните парламенти во контрола врз заедничката надворешна и безбедносна политика. Ако земјите членки на ЕУ, наведува понатаму Извештајот, сакаат да не ги оттуѓат европските граѓани и националните парламенти од заедничката надворешна и безбедносна политика која може да биде детерминирачки фактор за европскиот идентитет, во светот и дома, тие мораат да направат се што можат да ги обесхрабат националистичките тенденции. Најочигледниот одговор на ова би бил Собранието на ЗЕУ да продолжи во својство на Интерпарламентарно европско безбедносно и одбранбено собрание, да врши демократска контрола врз прашањата на евроспката безбедност и одбрана и своето искуство на ова поле да им го стави на располагање на националните парламенти. На крајот во Извештајот се заклучува дека ЗЕУ треба да ги поедностави различните форми на статус што им го доделува на националните парламенти кои учествуваат во неговата работа.

6. За финансирањето на надворешните операции и улогата на националните парламенти, беше истакнато дека кога меѓународните мисии беа помалку и поедноставни на националните парламенти им беше полесно да се справат со финансирањето на операциите и беше можно да изразат мислење за финансиските процени неопходни за дадена мисија. Но денес со зголемен број на надворешни операции, нивните големи трошоци и различни национални и меѓународни финансиски планови, тешко е да се процени дали финансирањето ги исполнува барањата на мисијата, или дали политичката цел е вредна колку финансискиот трошок. Националните парламенти гласаат за буџетот за одбраната и за меѓународните мисии и секој парламент дејствува по свое наоѓање. Во моментов нема постојана мрежа каде што би можеле да се одвиваат неопходни дискусии за целосно разбирање, јасен увид и компаративни оценки за овие прашања. Само Интерпарламентарно собрание како ЗЕУ може ова да го обезбеди.

7. На оваа сесија беше презентиран и **Извешатајот за агенциите за разузнавање и парламентарната контрола** во кој беше изнесено дека во полседната декада речиси сите парламенти формирале работни тела одговорни за контрола врз агенциите за разузнавање. Предизвикот со кој се соочуваат парламентите е да се осигураат дека ефикасноста на службите за разузнавање е во согласност со демократските принципи. Зголемениот јавен инетерес во актулените настани и широката достапност на информациите ја отргнаа работата на агенциите за разузнавање од сенка и парламентарците не можат повеќе да ја игнорираат својата важна одговорност за политичките одлуки кои се донесуваат, начинот на кој тие се имплементираат и целите кои се постигнуваат.

Собранието на ЗЕУ, имајќи ја предвид Резолуцијата донесена во 2002 година, кратко по нападите од 11 септември во САД и нагласувајќи ја потребата за воспоставување мрежа за парламентарна контрола на безбедносните и агенциите за разузнавање, го поздравува фактот што оваа идеја станува се поактуелна и парламентите почнуваат да работат заедно. Но потребен е натамошен напредок, се заклучува во Извештајот, бидејќи работата на парламентарците е се потешка наспроти растечката сложеност на активностите на агенциите за разузнавање кои сега се на првата линија во борбата против новите закани на 21 век.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Република Македонија во
Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-РМ

ИЗВЕШТАЈ

Од третиот состанок на мешовитиот Парламентарен Комитет - Европска Унија - Република Македонија оддржан на 29 и 30 јануари 2007 година во Скопје

Скопје, јануари 2007 година

Г-дин Александар Спасеновски и г-дин Тракателис, копретседавачите на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) го отворија состанокот во 15.05 ч. и ги претставија неговите членови, како и г-ѓата Габриела Коневска Трајковска, претставник на Владата на РМ, г-ѓата Елизабет Милер, претставник на актуелното претседателство на Советот на Европската унија и г-динот Ерван Фуере, висок претставник на Советот на Европската унија и шеф на делегацијата на Европската комисија.

Обраќајки се на Третиот мешовит парламентарен комитет - РМ-ЕУ, г-динот Александар Спасеновски особено го поздрави големиот одѕив на делегацијата на Европскиот парламент и го коментираше развојот на политичките настани во Република Македонија од Вториот состанок наваму, вклучувајќи го добивањето статус на земја кандидат за пристапување кон ЕУ, парламентарните избори и формирањето на нова Влада. Говореше и за аспирациите на неговата земја да се приближи кон членството во ЕУ преку Договор за партнерство.

Г-динот Тракателис возврати на поздравниот говор, и исто така го коментираше неодамнешниот развој на политичките настани во РМ.

Предложениот дневен ред беше одобрен. Крајниот рок за поднесување амандмани на предлог-изјавата беше одреден за 18 часот истиот ден.

Г-ѓата Габриела Коневска Трајковска, заменик претседател на Влада на Република Македонија, осврнувајќи се на односите на нејзината земја со Европската унија, особено во врска со стратегиите на РМ насочени кон ЕУ, во главни црти ја изложи агендата на Владата во однос на пристапувањето кон ЕУ, заедно со неопходните реформи. Детално го образложи принципот на континуитет како главен пристап кон политиките на Европското партерство кои го унапредуваат реформскиот процес, и истакна дека е повеќе од свесна за потребата за имплементација на реформските закони. Подвлече дека е неопходно да се воспостави рамка на вредности, во која би бил вклучен, на пример, принципот на приватна сопственост, а која ќе биде заснована врз Копенхашките критериуми, особено при работата на благосостојбата на граѓаните. Промовирањето на овие приоритети, потпомогнато со силна комуникациска стратегија, би требало да обезбеди информираност, како и учество на граѓаните на патот на Република Македонија кон европските интеграции. Економските критериуми, реформите во судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал и брзата имплементација на реформските закони, како што е воведувањето на рамен данок на приход, би требало да помогнат во зголемувањето на економскиот капацитет и привлекувањето на директни странски инвестиции (ДСИ) во разни сектори, како што е ИТ индустријата, агро индустријата итн. Очекуваната имплементација на Охридскиот рамковен договор, особено употребата на јазиците на малцинствата и трократно зголемените финансии, би требало да овозможат надминување на спротивставувачкиот став на ДУИ.

Заменикот претседател на Владата го допре и прашањето на либерализацијата на визниот режим, кое е од исклучителна важност за граѓаните, и за кое тековно се водат преговори, а се осврна и на финализирањето на договорот за реадмисија, зајакнување на меѓуграничната соработка и модернизацијата на управувањето со границите.

Таа исто така подвлече дека нејзината Влада посветува големо внимание на усогласувањето на националното законодавство, со цел истото да го задоволи “asquis communautaire”.

Г-динот Ерван Фуере, висок претставник на Европската унија и шеф на делегацијата на Европската комисија, ја нагласи улогата и значењето на Мешовитиот парламентарен комитет, особено во врска со патот на РМ кон европските интеграции, а во врска со напуштањето на Парламентот од страна на ДУИ, ја повика Владата да ги вложи сите можни напори во градењето и зацврстувањето на консензус во

Републиката, и побара да се приведе кон крај бојкотот на демократските институции.

Се осврна на договорените стратешки реформи, особено на реформите во судството, потоа на Охридскиот рамковен договор и сите средства за имплементација на истиот, на стратегијата во врска со Ромите, на улогата на локалната самоуправа во унапредувањето на професионалноста и одговорноста на општините, на неопходните антикорупциски политики и подобрувањето на транспарентноста на јавните служби, на економските критериуми, какви што се, на пример, механизмите на функционален пазар, на олеснувањето на визниот режим и конечно на стратегијата за проширување на ЕУ. Секој кандидат треба да се проценува согласно индивидуалните постигнувања, кон кои треба да се придодаде значителниот придонес на Република Македонија кон стабилноста во регионот.

Г-ѓата Елизабет Ана Милер, заменик шеф на мисија, германска амбасада, претставник на актуелното претседателство со Советот на Европската унија, ги повтори главните политички настани кои се одиграа по Вториот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет, споменувајќи го и Самитот за Западен Балкан на ЕУ и го истакна напредокот постигнат благодарение на Пактот за стабилност. Европското партнерство одреди приоритетни реформи за сите земји од Западниот Балкан, со цел да помогне во формулирањето на акциони планови за реформи и на тој начин усвои одбрани делови од “asquis communautaire”.

Се осврна на односите на ЕУ со соседните земји во регионот - Албанија, Србија, Црна Гора, БиХ, како и процесот на одредувањето на статусот на Косово, при што го спомена извештајот за напредок на Европската комисија од 8 ноември 2006 година.

Што се однесува до реформските процеси во Република Македонија, г-ѓата Милер го изрази жалењето на Советот поради нивното успорување, истовремено повторно потврдувајќи дека аспирациите кон ЕУ се иднината на Западниот Балкан, што, пак, исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор го чини обврзно.

Г-динот Андреј Жерновски, откако им се заблагодари на говорниците за нивните изјави, го изрази мислењето дека копретседавачот на Комитетот од страната на Европскиот парламент треба да се замени со не-грчки пратеник во ЕП, но г-динот Јан Маринус Вирсма веднаш го отфрли таквото мислење и објасни дека делегацијата на Европскиот Парламент во Мешовитиот комитет на демократски начин ги искористила процедуралните одредби за избор на копретседавач. Ја нагласи уште и потребата стабилноста во Република Македонија да биде заснована врз заедничко почитување на сите обврски од Охридскиот договор, алудирајќи на тој начин на неучеството на ДУИ во Комитетот.

Г-динот Кустачер, кој изјави дека и самиот потекнува од повеќејазичен регион населен со бројни малцинства, ја подвлече важноста на користењето различните јазици како пракса од посебен значај за граѓаните.

Г-динот Кацин ја нагласи важноста на идните интеграции на Република Македонија, за кои Република Грција, како и Италија се застапува колку и неговата земја, а се во полза на пристапувањето на РМ кон ЕУ. Тој дури и го призна името на Републиката.

Г-ѓата Силвана Бонева ги потврди ставовите изнесени од страна на делегацијата на Европскиот парламент во врска со составот на претседателството на Мешовитиот парламентарен комитет и го поздрави изборот на Г-дин Тракателис за претседавач.

Г-динот Спасеновски се осврна на внатрешно-политичката ситуација во Република Македонија после општите избори од јуни 2006 година, на образувањето на новата владина коалиција во август 2006 година, како и на политиките на новата Влада

насочени кон европските структури, НАТО и ЕУ, а посебно внимание посвети на положбата на малцинствата, имплементацијата на Охридскиот договор, соседските односи со Србија и Косово, новиот едношалтерски систем за започнување на бизнис, воведувањето на рамен данок кој ќе помогне во зајакнување на функционирање на пазарот. Сите овие придобивки помогнаа Република Македонија чекор по чекор да се доближи до пристапувањето кон ЕУ.

Г-динот Игор Ивановски се осврна на претходно изнесеното излагањето на заменикот претседател на Влада, г-ѓа Габриела Трајковска, укажувајќи на политичките ставови на неговата политичка партија, насочувајќи ги своите согледби кон иднината на Република Македонија и изразувајќи сомнежи во владината политика околу имплементацијата на Охридскиот договор. Тој изрази загриженост дека отсуството на ДУИ од Парламентот дијалогот ќе го направи непотполн, како и жалење поради тоа што напуштањето на Парламентот од страна на ДУИ говори за постоење на политичка исклучивост. Заклучи со зборовите дека после повеќегодишна работа на исполнувањето на политичките приоритети, СДСМ ја трасираше насоката кон повторно оживување на политичкиот дијалог во земјата, зајакнувајќи го на тој начин единствениот можен пат кон интеграциите во ЕУ, а тоа е патот виа Охридскиот рамковен договор.

Г-ѓата Силвана Бонева, навраќајки се кон погоре изнесената интервенција, го потцрта континуитетот на политиката на Владата насочена кон европските цели, потврден со единствениот национален пристап кон исполнувањето на ОРД. Парламентот го одржува институционалниот дијалог, кој е дополнително подобрен преку постапките кои Владата ги користи за да ги вклучи сите политички партии. Таа исто така објасни како ентичките малцинства, имено Албанците, биле интегрирани во јавните служби како на државно, така и на ниво на општините, и како партиите од опозицијата учествувале во парламентарната постапка за усвојување на буџетот. Се осврна на постојаното функционирање на "Бадинтеровата постапка", која што била применета, на пример, при работата на законот за државни празници, како гаранција дека нема да се дозволи мнозинството да биде искористено против албанската заедница.

Г-динот Неждет Мустафа ги потцрта уставните одредби за мултиетничка република и подетално ги опиша условите во кои живее Ромската популација во разни делови на Република Македонија. Се осврна и на потребата буџетската политика на Владата да се усогласи со неопходните мерки на полето на образованието и културниот идентитет.

Г-динот Шабан Салиу ги напомена очигледните напори кои Владата ги вложува во насока на интеграцијата на Ромите, вклучувајќи го тројното зголемување на доделените буџетски средства. Се осврна и на законот за државни празници и на состојбата околу образованието.

Г-ѓата Владанка Авировиќ ја претстави темата за економските реформи кои му претходат на пристапувањето кон ЕУ: транзиција кон пазарна економија, развивање на функционална пазарна економија која ќе има капацитет да ги апсорбира ефектите од пристапувањето, спроведување на Агендата 2000, развивање и применување на функционален слободен пазар во однос на слободното движење на стоки, капитал и работна сила, како и членство во СТО.

Ја поздрави одлуката на ЕУ да и додели кандидатски статус на Република Македонија, како и позитивната оценка со која се препознава дека Република Македонија ги задоволува економските услови, особено во однос на состојбата на валутата, девизниот курс, како и процесот на приватизација, правата на интелектуална сопственост, развојот на здрав банкарски сектор, но се осврна и на недостатоците во

областа на судството, нефункционалниот пазар на трудот со мошне висока стапка на невработеност низ целата земја и слабиот сектор за транспорт. Ја истакна интеграцијата на Република Македонија во трговските организации како што е ЦЕФТА и ги спомена трговските односи на земјата со одредени партнери, како што е Република Грција, ставајќи посебен акцент на напорите кои новата Влада ги презема преку буџетот за 2007 - 2009, со кој се цели кон зголемување на стапката на раст од тековните 3-4% на 6-7% во 2009.

Што се однесува до привлекувањето на директни странски инвестиции, ја подвлече важноста на одредбите на ММФ и Светската банка. Зголемувањето на извозот би требало да овозможи и пораст на увозот, додека даночната политика ќе го зајакне приватниот сектор.

Г-динот Тибор Ручек, одговарајќи на нејзиното излагање, ја подвлече важноста на економските критериуми, зацртани со Извештајот за напредок на Европската комисија од 2006 година. Стабилната валута и стабилната надворешна трговија, постојаната стапка на раст и стабилните односи на размена укажуваат на стабилизирање на економијата, но политичката нестабилност би можела да го загрози реформскиот процес. Пренаглото намалување на данокот на приход би можело да резултира со намалување на буџетските приходи и следствените макроекономски проблеми, што е видливо од искуството на Словачка. Г-динот Ручек говореше и за развојот на ДСИ, процесот на приватизација и можните недостатоци, важноста на транспрентни правила во врска со правата на сопственост, кои се од клучна важност за граѓаните од дијаспората кои би сакале да вложат средства во Република Македонија, и заклучи осврнувајќи се кон изузетно високата стапка на невработеност од 31 - 37%.

Г-динот Меијер, известувачот на ЕП, вниманието на Мешовитиот комитет го насочи кон одредените негативни ефекти на минималниот данок кој ќе предизвика намалувањето на државниот буџет и ќе привлече странски инвеститори кои инвестираниот капитал ќе го движат согласно со даночните поттици, нема да инвестираат во инфраструктурата на својата сопственост и ќе избегнуваат долгорочно инволвирање.

Г-динот Ивановски укажа на можноста да се јави конфликт на интереси во ситуација кога едновремено се цели кон зајакнување и на националната економија и на социјалната политика, што бараат европските критериуми. Оваа дилема треба да се избегне со паралелна имплементација на реформите, продолжувајќи ја во исто време борбата против корупцијата.

Г-ѓата Авировиќ ја продолжи размената на мислења укажувајќи на тешкото даночно оптоварување со кое Република Македонија мораше да се носи во минатото, и кое резултираше со пренос на економските активности кон секторот на сивата економија. Новите исклучително ниски стапки на данок на приход би требало да се воведат постапно, достигнувајќи ги минималните 10% дури во конечната фаза во 2009 година, и на тој начин да го поттикнат озаконувањето на економските активности и нивниот исчекор од зоната на сивата економија. Тогаш треба да се практикува нула толеранција кон затајувањето на даноци, како и кон корупцијата во рамките на државната бирократија која резултира со ненаплаќање на даноци.

Г-динот Спасеновски ја заклучи првата работна седница на Третиот состанок во 18 часот, а копретседавачот г-дин Тракателис им се заблагодари на сите членови за нивниот извонреден придонес, како и за добрата атмосфера и искрената и отворена размена на мислења.

* * * * *

30 јануари, втора работна седница

Г-динот Спасеновски ја отвори втората работна седница на Третиот состанок на Мешовитата парламентарна комисија - Република Македонија-ЕУ во 9 часот и 25 минути.

Г-ѓата Флора Кадриу говореше за процесот на реформи на полето на судството, внатрешните работи и државната администрација. Ги претстави реформските мерки кои датираат уште од 2004 година, особено акциониот план за реформи во јавниот сектор, а накратко ги изложи и реформите во судството; основањето на Судскиот совет, реформите во процедуралното право, реформите во законот за посредување, законот за правни застапници, воведувањето на компјутеризирана полиција и судска опрема, како и основањето на Академија за јавни обвинители.

Со реформите во полицијата се започна уште во 2002 година, па домашни и меѓународни експерти ги обучуваа локалните полициски сили. Во 2005 година беше основан Оддел за борба со организираниот криминал. Граничната контрола беше пренесена од војската на полицијата, особено контролата на "зелената" граница.

Реформите во јавната администрација се одвиваат како постојан процес, и во 2007 година сите реформи напредуваа побрзо отколку што се очекуваше.

Г-ѓата Дрчар Мурко своите забелешки ги темелеше врз општите искуства кои произлегуваат од петото проширување на ЕУ, како и врз Извештајот за напредок од 2006 година, кој укажува на успорување на реформскиот процес. Се чини дека на раководниот капацитет и на транспарентноста на управата им е потребно подобрување, додека реформските закони бараат последователни активности и имплементација така да може да се искористи постојната политичка волја за реформи. ЕУ инсистира на борбата со корупцијата да и се даде првостепен приоритет, а инструментализацијата на одредбите на Спогодбата за ЕУ би требала да помогне во спроведувањето на Европската стратегија против корупција и за добро владеење. Укажа на постигнатиот напредок на полето на реформите на законот за претпријатија и интелектуална сопственост, и се заложи за дополнителни реформски напори во однос на затворските услови и заштитата на податоците и личните права.

Г-динот Анастасовски зеде збор со цел да претстави специфични аспекти на административните реформи. Реформскиот процес е соочен со мошне гломазна администрација, па со реформите треба едновремено да се намали административниот апарат и да се применат нови закони во секторот на јавната служба. Според него, администрацијата во Република Македонија се уште го носи товарот на "вишок потреби", како што е големиот број на заменици министри кои го оптоваруваат државниот буџет и јавната администрација, бидејќи пред се ја одразуваат потребата на политичките партии да вклопат дел од сопствената машинерија внатре во административните структури.

Г-ѓата Силвана Бонева се осврна и на неодамнешните отпуштања и вработувања, организираниот криминал, корупцијата, незаконските субвенции и даночниот криминал, како причини на скорешните скандали во врска со криумчарењето на оружје и дрога. Стави посебен акцент на уставните измени со кои законодавната власт се одделува од извршната и на тој начин се зајакнува нејзината независност.

Г-динот Ивановски се осврна на забавувањето на реформите, споменато во извештајот за напредок од 2006 година, тврдејќи дека состојбата во меѓувреме би требала да биде подобрена, бидејќи, со исклучок на еден, сите закони во рамките на Реформската стратегија се веќе усвоени. Конкретните резултати на овој процес би требале да се мерат согласно објективни параметри, кои би овозможиле точна

проценка на довршувањето на реформскиот процес, и кои, по можност, едновремено би укажувале и на имплементацијата која во поедини случаи недостасуваше.

Г-ѓата Силвана Бонева говореше за олеснувањето на визниот режим како прв чекор кон неговата потполна либерализација и го подвлече особеното значење кое таквото олеснување го има за граѓаните на Република Македонија. Се осврна како на краткорочното олеснување на визниот режим, кое ЕУ го предвидува, така и на долгорочно гледано потполното ослободување од визниот режим.

Комплексните реформи на сигурносните мерки во внатрешните работи и управувањето со границите, како и скорото воведување на биометриските пасоши би требале да дозволат олеснување на визните правила. Младите генерации кои живеат под сегашниот визен режим немаат доволно искуство со патувањето, бидејќи 70% од нив, доколку воопшто патувале во странство, биле единствено во Грција. Затоа им недостасува искуството и мошне битното чувство на припадност на ЕУ, додека постарите граѓани порано слободно патувале ширум ЕУ. Строгите визни правила наметнати од страна на ЕУ предизвикуваат и голема економска штета. Бидејќи постоечките граници на Република Македонија со ЕУ (Грција, Бугарија) се таканаречени шенгенски граници, протокот на луѓе и стока би можел уште повеќе да се намали.

Г-динот Кацин го даде својот придонес говерејќи на тема на олеснувањето на визниот режим и договорите за реадмисија меѓу ЕУ и земјите од Западниот Балкан. Ги спомена и цените на визите за повеќе влеза и за еден влез наменети за деловните луѓе, научните работници и студентите, давајќи јасно до знаење дека олеснувањето на визниот режим е од суштинско значење за интеграцијата и дека шенгенските визи кои ги издаваат земјите членки би овозможиле патување низ целокупниот шенгенски простор. Своите забелешки ги насочи особено кон министрите на внатрешни работи од ЕУ, имајќи предвид дека тие се одговорни за слободното движење на граѓаните од Западниот Балкан, што е уште еден битен чекор кон пристапувањето на Република Македонија.

Г-динот Цановски во тој контекст се осврна на проблемот на одредени малцинства кои поради шенгенските граници живеат одделени од своите семејства, што е особено забележително во западните делови на Република Македонија и подвлече дека за академските институции патувањата се нужни, како за професорите, така и за студентите.

Г-динот Митановски исто така ја нагласи потребата студентите од Република Македонија да бидат во можност послободно да патуваат. Доколку подобрената гранична контрола и реадмисијата се спроведат на задоволително административно ниво, ЕУ би требала да ги преземе неопходните чекори за отворање на европските граници за професорите и студентите од Република Македонија, така да тие бидат во можност да го одржуваат традиционално високото академско ниво.

Г-динот Караџаферис, кој не беше во можност да присуствува на првата работна седница, се осврна во поопшти црти на политичката ситуација во Република Македонија, зборуваше и за односите меѓу ЕУ и Република Македонија, односите на Република Македонија со САД и соседните земји, а особено за билатералните односи со Република Грција. Го изнесе и своето мислење за предлог-изјавата, осврнувајќи се на постапката за ратификација на придружувањето, олеснувањето на визниот режим, како и на наводно значителниот број граѓани на Република Македонија кои имаат и бугарски пасоши.

Г-динот Ивановски ја истакна регионалната соработка преку ЦЕФТА и билатералните договори за трговија, потоа либерализацијата на трговската размена и подготвувањето на економијата на Република Македонија за членство во ЕУ, што посебно важи за полето на услуги, јавни набавки, интелектуална сопственост итн, кои

се предмет на реформи наменети да помогнат во зајакнувањето на економијата и пазарите во земјата и ЦЕФТА. Трансформацијата која произлезе од Пактот за стабилност со партнерите од Југоисточна Европа би требала да помогне во подготвувањето на економијата за либерализација, како и за влијанието на конкурентноста која постои во земјите на ЕУ. Парламентарната соработка е додатен фактор на полето на регионалната соработка, па затоа г-динот Ивановски изнесе предлог да се основа постојан секретаријат со седиште во Скопје, за што побара поддршка од од Мешовитиот комитет.

Г-динот Виерсма одговори на погоре реченото потсетувајќи на соработката на земјите на Бенелукс како на пример за успешна регионална соработка, што исто така важи и за Вишеградската група. Пактот за стабилност е уште еден модел на успешна соработка на земјите од поранешна Југославија и тој покажува дека земји со заедичка историја и други врски можат да соработуваат. Се разбира дека регионалната соработка не е замена за членството во ЕУ, но би требала да се сфати како додатен елемент, и ЦЕФТА би можела мошне добро да послужи како предворје за пристапувањето кон ЕУ, затоа што слободната трговија внатре нејзините граници ќе ја зајакне економијата и ќе овозможи отварање на нови работни места во Република Македонија. Косово мора да претставува врвен приоритет за ЕУ, и по решавањето на неговиот статус, можно со доделување на ограничена независност, Република Македонија треба да го вклучи и Косово во регионалната соработка.

Г-ѓата Елмазе Селмани се осврна на доброто ползување на Инструментот за предпристапна помош и КАРДС Програмата 2006, и подробно го информираше Мешовитиот комитет за суштината на КАРДС Програмата за активности во Република Македонија, напоменувајќи дека средствата кои ги обезбедува оваа Програма се од клучна важност за понатамошното спроведување на реформите. Тие ќе помогнат да се зголеми ефикасноста на администрацијата, а полза од нив ќе има и заштитата на животната средина, зоналната и општа мобилноста на работната сила и развојот на земјоделскиот сектор. Инфраструктурата на сите овие подрачја ќе се подобри благодарение на средствата доделени преку таквите инструменти.

Завршната изјава беше усвоена едногласно, откако присутните се согласија околу измените во Параграфите 3, 4, 5, 6, 7, 9, 10, 13, 15, 18, 22, 25 и 27, преку амандманите кои ги поднесоа Кацин, Виерсма, Мурко, Бонева, Анастасовски и копретседавачите.

Беше договорено Четвртиот состанок на Мешовитиот комитет да се одржи во втората половина на 2007 година, на некое од работните места на Европскиот парламент, веројатно при крајот на ноември, откако ќе биде поднесен Мониторинг извештајот на Комисијата.

Г-динот Спасеновски им се заблагодари на сите учесници за нивното присуство и учество во текот на целиот состанок, а г-динот Тракателис го заклучи состанокот во 12.15, откако го изрази своето задоволство поради успешниот исход и истакна дека однапред се радува на следниот состанок кои ќе претставува уште еден чекор напред на патот на Република Македонија кон членство во ЕУ.

Прилог 1

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог-дневниот ред (PE 379.367/rev.)
2. Одобрување на записникот од Вториот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија-ЕУ, одржан на 5-6 декември 2005 година во Брисел (PE 366.158/rev.)
3. Размена на мислења со Владата на Република Македонија, Европската Комисија и Советот на Европската унија во врска со односите меѓу Европската унија и Република Македонија, за Документот на Европската комисија за стратегијата на проширување од 8 ноември 2006 година и за Извештајот за напредокот на Република Македонија
4. Обраќања на:

- Г-ѓа Габриела Коневска Трајковска, заменик претседател на Влада на Република Македонија
- Н.Е. Ерван Фуере, висок претставник на Европската унија и шеф на делегацијата на Европската комисија
- Г-ѓа Елизабет Ана Милер, заменик шеф на мисија, германска амбасада, претставник на актуелното претседателство со Советот на Европската унија

5. Внатрешно-политичката ситуација во Република Македонија после парламентарните избори во 2006 година
6. Процесот на економски реформи за исполнување на европските критериум за членство во ЕУ
7. Реформските процеси на полето на правосудството, внатрешните работи и државната администрација
8. Регионалната соработка после потпишувањето на ЦЕФТА 2006 и трансформацијата на Пактот за стабилност во Југоисточна Европа
9. Олеснување на визниот режим - прв чекор кон неговата потполна либерализација
10. Евалуација на КАРДС Програмата за 2006 година и подготовка за подобро ползување на Инструментот за предпристапна помош (ИПА)
11. Разгледување и усвојување на завршната изјава
12. Разно
13. Датум и место на одржување на четвртиот состанок на МПК - Република Македонија-ЕУ

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Република Македонија во
Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-РМ

ИЗВЕШТАЈ

Од четвртиот состанок на мешовитиот Парламентарен Комитет - Европска Унија - Република Македонија оддржан на 26 и 27 ноември 2007 година во Брисел

Скопје, декември 2007 година

Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ- Република Македонија го одржа својот четврт состанок во Брисел, на 26 и 27 ноември 2007 година, под претседателство на г-дин Антониос ТРАКАТЕЛИС (ЕПП-ЕД, Грција) и г-дин Александар СПАСЕНОВСКИ (Република Македонија). На состанокот, Комитетот размени мислења со г-динот Никола Димитров, специјален претставник на Република Македонија за ЕУ и НАТО, претставувајќи ја Владата на Република Македонија, Н.Е. Антонио Тангер, Амбасадор, специјален претставник за Западниот Балкан, претставувајќи го актуелното претседателство на ЕУ со Советот на Европската унија и г-дин Јан Тружински, заменик-генерален директор претставувајќи ја Европската комисија.

Во Делегацијата на Република Македонија беа и пратениците Иван Анастасовски, Блерим Беџети, Силвана Бонева, Игор Ивановски, Елмазе Селмани и Владанка Авировиќ

Мешовитиот парламентарен комитет се осврна на следните прашања:

- Активностите на Република Македонија за напредокот кон членство во ЕУ, во контекст на внатрешниот и политичкиот напредок на земјата и регионалните и европски настани
- Процесот на економски реформи за исполнување на европските критериуми за членство во ЕУ;
- Процесот на реформи на поле на судството, внатрешните работи и државната администрација во Република Македонија;
- Олеснувањето на визниот режим како чекор кон целосна либерализација и
- Инструментот за претпристапна помош (ИПА)

Г-динот Гула ХЕГИ и г-динот Александар СПАСЕНОВСКИ, ко-претседавачи на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК), го отворија состанокот во15.15 часот.

Г-динот СПАСЕНОВСКИ, осврнувајќи се на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, посебно ги коментираше бројните предизвици што треба да ги надмине неговата земја. Тој исто така посочи три приоритети за РМ: почнување на преговори за членство со ЕУ и подоцна членство во ЕУ и градење на етнички односи.

Г-динот Никола ДИМИТРОВ, специјален претставник на Владата на Република Македонија за ЕУ и НАТО; изрази благодарност за поддршката на Европскиот парламент за членство во ЕУ. Тој се осврна на Извештајот за напредокот на Комисијата за 2007 година и реферираше во детали за економските успеси, посочувајќи го зголемувањето на БДП, СДИ, буџетските приходи и порастот на вработувањата, исто така нагласувајќи го напредокот постигнат во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Широката медиумска кампања "Македонија без корупција" е лансирана во септември 2007 година, со намера на подигање на јавната свест и општа мобилизација за борба против корупцијата.

Видлив напредок е постигнат во однос на имплементацијата на Рамковниот договор. Почнувајќи од 2008 година, целта ќе биде добивање на унифициран систем за мониторинг на процесот на еднаква застапеност во секоја институција. Г-дин ДИМИТРОВ наведе дека одредбите за употребата на јазиците ефективно се применува. Фискалната децентрализација успешно е започната во јули со 42 од 84 општини. Усвоен е новиот закон за религиозни заедници.

Во однос на Законот за полиција, истиот е влезен на сила. Министерството започна со издавање на нови патни документи со биометриски податоци на 1 април 2007 година. Република Македонија го потпиша Договорот за стратешка соработка со ЕВРОПОЛ и е целосно посветена на исполнување на критериумите за понатамошно зајакнување на соработката и потпишувањето на Оперативниот договор со ЕВРОПОЛ. Во тек е имплементација на Стратегијата за Интегрирано гранично управување (ИГУ) и Акциониот план.

Г-динот ДИМИТРОВ коментираше за подобрување на визната политика. Основан е Визен информациски систем со Визен центар во МНР, согласно стандардите на ЕУ. За перспективите за либерализација на визниот режим, Владата го поздрави предлогот на Комисијата за отпичнување на визниот дијалог со земјите од регионот на Западниот Балкан.

Успешната имплементација на ДСА продолжува. Напредокот во хармонизација на законодавството е постигнат во разни области според ДСА како царината, транспортот, внатрешниот пазар и конкуренцијата. Г-динот ДИМИТРОВ исто така ги спомена резултатите постигнати во заштитата на правата на интелектуална и индустриска сопственост.

Беше нагласено дека многу е направено, но е потребно уште да се работи. Што се однесува до соработката со опозицијата, направени се напори за изнаоѓање заеднички решенија со опозицијата. Парламентот усвоил одлука за основање на Национален совет за евро-интеграции, кој ќе биде воден од страна на опозицијата.

Во однос на реформите во судството, зголемена е ефикасноста на судовите. Специјалниот претставник на Република Македонија коментираше за силната заложба на земјата за регионална соработка и добрососедски односи. Таа оддржала конструктивен став за процесот за статусот за Косово. Г-динот ДИМИТРОВ исто така реферираше за прашањето на името, нагласувајќи дека тоа не е дел од условите за прием во ЕУ. Тој ја нагласи важноста ЕУ да ја држи вратата отворена за земјата, иако Извештајот на Комисијата не зборува јасно за отпочнување на преговори.

Х.Е. Г-динот Антонио ТАНЃЕР, Амбасадор, Специјален претставник за Западниот Балкан, претставувајќи го актуелното Претседателство, зема збор. Тој рече дека Западниот Балкан е целна област на актуелното Претседателство. Посебно внимание се посветува на Република Македонија. Г-динот ТАНЃЕР ја подвлече потребата за позасилен проактивен пристап да се демонстрира со посебно мерки и чекори преземени од страна на Република Македонија. Тој не можеше да даде ветувања за почеток на преговорите и со оглед на недостиг на напредок во некои области, г-динот ТАНЃЕР посочи дека тој ден ќе се оддолжи.

Г-динот МЕЈЕР, известител на ЕП, изрази мислење за ситуацијата во Република Македонија. Тој ја опиша политичката клима како неповолна во моментот. Тој посочи на забавувањето во кое влегува Република Македонија. Можен фактор за застојот може да биде постоењето на различни мислења кај политичките партии. Кога би имало поддршка од сите страни во земјата, тогаш би било можно да се продолжи понатаму. Во однос на законот за верски заедници, г-динот МЕЈЕР рече дека има поплаки од одредени малцински цркви. Овие цркви не биле прифатени на еднакви основи.

Г-донот ИВАНОВСКИ изрази мислење за прашањето за името, велејќи дека тоа не треба да биде критериум за членство во Европската унија.

Г-динот Блерим БЕЏЕТИ зборуваше за политичкиот дијалог во земјата и имплементацијата на Охридскиот рамковен договор. Г-ѓа Силвана БОНЕВА исто така коментираше за имплементираните реформи. Г-ѓа ПОДИМАТА се осврна на напредокот

што го направила Република Македонија и нагласи дека членството во ЕУ би влијаело на ситуацијата во целиот регион. Таа исто така го покрена прашањето за еколошка заштита и за прашањето за името на земјата.

Г-динот Јан ТРУШЧИНСКИ, генерален директор, претставувајќи ја Европската комисија, ја заснова својата интервенција на наодите од Извештајот за напредокот објавен на 6 ноември, заедно со препораките содржани во Стратегискиот документ и предложеното ново Парнерство за пристапување. Тој ја нагласи важноста за двете страни, ЕУ и Република Македонија да работат заедно. Тој ја спомена зголемената финансиска соработка и зајакнувањето на регионалната соработка, како и усвоените договори за олеснување на визниот режим и реадмисија. Г-дин ТРУШЧИНСКИ го оцени реформскиот процес како нееднаков и ја подвлече важноста од подобрување на функционирањето на државните институции и соработката меѓу Владата, Собранието и Претседателот. Во областите на полиција, судство, администрација и анти-корупција потребен е понатамошен напредок. Беше нагласена конструктувната улога на земјата одиграна во однос на Косово. На крај, г-дин ТРУШЧИНСКИ зборуваше за прашањето на името и ја охрабри земјата да направи конструктивни напори за изнаоѓање взаемно прифатливо решение со Грција.

Г-дин ХЕГИ зборуваше за економските перформанси на земјата спомнувајќи го растот на БДП, ниската инфлација и високиот степен на странски инвестиции. Беше сепак нагласено дека има огромен дел на сива економија, функционирањето на пазарот страда од слабоста на судството, а потребна и наградба на степенот на едукација и обука на рабоната сила. Г-ѓа БОНЕВА се осврна на напредокот што го направила Македонија во подобрување на инвестициската и бизнис клима и ги презентираше податоците од извештајот на Светската банка.

Г-дин ИВАНОВСКИ ја изрази потребата за поголема ефикасност во остварување на буџетските капитални инвестиции. Енергетската инфраструктура и политичката инфраструктура треба да се подобрат. Регионалните проекти треба да бидат ставени во европските институции.

Г-дин Јелко КАЦИН се осврна на прашањето на визниот режим. Тој зборуваше за разни видови на визни режими, споменувајќи го визниот режим со Хрватска и олеснувањето на визниот режим кој фунционира со неколку држави, вклучувајќи ја Република Македонија. Тој подвлече дека нема договор со Грција во моментот и дека шенгенските земји мора да имаат заеднички договор. Важно за луѓето е да патуваат и да ја видат ЕУ.

Г-ѓа АВИРОВИЌ коментираше за напредокот во визниот режим. Административната страна на контролата на границата е зајакната, а подобрена е и ситуацијата со нелегалната миграција. Таа исто така спомена дека Република Македонија е на самото дно на листата на баратели на азил во земјите на ЕУ.

Г-динот КАЦИН информираше дека Грција не ги признава пасошите на Република Македонија. Тој предложи амандман за повикување на двете страни да најдат решение на тој билатерален проблем.

Г-ѓа Ани ПОДИМАТА зборуваше за Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Во споредба со КАРДС, ИПА ја обврзува Република Македонија со повеќе обврски во однос на имплементацијата. Земјата треба да ги забрза реформите во администрацијата. Државните службеници губат работни места од политички причини. Сите видови дискриминација треба да се надминат, а прекуграничната соработка да се заснова на туристичка и еколошка заштита. Што се однесува до Делот И и Делот И И од

ИПА, многу останува непроменето. Треба да има конструктивен дијалог со политичките групи од Република Македонија и да се продолжи со демократските реформи.

Г-дин ИВАНОВСКИ изрази согласување со г-ѓа ПОДИМАТА за прашањата покренати во нејзината презентација. Тој кажа дека Акциониот план за ИПА е ревидиран.

Г-дин ХЕГИ изрази свое мислење за претпристапните фондови, велејќи дека тие се многу значајни за запознавање на целиот механизам на работни фондови.

Состанокот на МПК беше затворен во 18.05 часот, а продолжи на 27 ноември.

Г-динот Антониос ТРАКАТЕЛИС, ко-претседавач, ја отвори Втората работна сесија на Четвртиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска унија во 09.25 часот.

Г-ѓата Елмазе СЕЛМАНИ ја претстави темата за реформите во судството, внатрешните работи и државната администрација. Процесот на реформи во судството започнал во 2004 година. Г-ѓа СЕЛМАНИ исто така реферираше за законот за судска служба, академијата за обука на судии и обвинители и законот за медијација. Во однос на идните активности, таа зборуваше за поголема независност на судството, законот за адвокатура и исто така нагласи дека поголем акцент треба да се стави на академијата на судии и обвинители.

Што се однесува до реформите во внатрешните работи, процесот на реформи е почнат во 2002 година. Поставена е нова организациска структура Ђ стратегиска, оперативна и тактична. Стратегијата за прекугранична соработка е усвоена, законот за вработување на странци е усвоен, а промените во законот за азил се имплементирани. Г-ѓата СЕЛМАНИ исто така го спомена кодексот на полициска етика.

Во однос на реформите во јавната администрација, таа зборуваше за континуираната едукација на сите нивоа. Таа исто така наведе дека општините биле интегрирани во јавната администрација.

Во нејзината интервенција, г-ѓа Мојца ДРЧАР МУРКО реферираше за новите правила за назначување на судии, за проблемите во делот на судството, како и обременувањето на судовите, а исто така зборуваше и за борбата против корупцијата. Се посочи дека Акциониот план не е целосно комплетен.

Г-динот СПАСЕНОВСКИ, осврнувајќи се на активностите на земјата за напредокот кон членство во ЕУ, нагласи дека стратешка цел на Републиката е да се интегрира во ЕУ и ги нагласи преземените реформи кон реализирање на оваа цел. Тој исто така зборуваше за прашањето на регионален развој, посочувајќи ја активната улога на земјата на тој план.

Г-динот ЃЕОРГИУ го коментираше проактивниот став на Република Македонија кон соседните земји. Сепак, тој нагласи дека Владата на Скопје не го покажала бараното внимание и ги игнорирала копенхашките критериуми, особено во однос на малцинските права. Тој исто така подвлече дека земјата треба да биде охрабрена да продолжи со рефромите кои ги прави. Што се однесува до аранжманот за датум за преговори за пристапување, г-дин ЃЕОРГИУ рече дека тој во моментов не може да се исполни.

Г-дин Евѓени КИРИЛОВ подвлече дека има одреден напредок дури и на положбата на малцинствата. Во исто време, тој се согласи со г-дин ЃЕОРГИУ дека нема

добар баланс. Двете страни треба да бидат вклучени и ЕУ треба да интервенира за ова прашање.

Г-дин ИВАНОВСКИ изрази негово разочарување со забелешките на г-дин ЃЕОРГИУ, наведувајќи дека тој очекувал да ја слушне позицијата на Европскиот парламент, но не позицијата на грчката влада. Во однос на регионалната соработка, неговата земја инвестирала многу и ќе продолжи со Охридскиот рамковен договор. Малцинските права се ставени на високи стандарди.

Г-дин КАЦИН ја нагласи важноста од поздравување и признавање на напредокот направен од страна на Република Македонија. Тој реферираше за посета, која е направена заедно со претставници на сегашната влада и опозицијата. Наведувајќи го прашањето на двојно државјанство, тој рече дека штом ќе се воведе безвизен режим, не треба да има дискусии за проблеми со двојно државјанство.

Г-ѓа АВИРОВИЌ коментираше на прашањето за малцинските права, осврнувајќи се на законот за религиозни заедници, новиот изборен закон, воведувањето на Ромите во образованието. Таа исто така нагласи дека земјата има постигнато добри резултати во однос на копенхашките критериуми и има добри перформанси во економски смисол.

Г-динот ЃЕОРГИУ нагласи дека ќе биде добро ЕУ да има уште еден член. Иако во поглед на Копенхашките критериуми факт е дека гонети се луѓе. Тој исто така подвлече дека прашањето за името не било споменато од него во неговата интервенција.

Беше договорено одржувањето на Петтиот состанок на МПК Република Македонија - Европска унија да биде во јуни 2008 година, по можност во Охрид, ако не, во Скопје.

Г-динот СПАСЕНОВСКИ изрази благодарност на сите учесници за нивното активно учество во текот на целиот состанок, а г-динот ТРАКАТЕЛИС го затвори Четвртиот состанок на МПК во 12.00 часот со изразување задоволство од успешниот исход, очекувајќи го следниот состанок како уште чекор кон напредокот на Република Македонија за членство во ЕУ.

Прилог 1

ЗАВРШНА ДЕКЛАРАЦИЈА

едногласно усвоена, со два гласа воздржани, на 27 ноември 2007 година

Имајќи ги предвид:

А. Заклучоците од Феира од 2000 година и Заклучоците од Солун од 2003 година на Европскиот совет;

Б. Одлуката на Европскиот совет да и додели на Република Македонија статус на кандидат за членство во ЕУ на 17 декември 2005 година;

В. Резолуцијата на Европскиот парламент за Извештајот за напредокот за 2006 година на Република Македонија, од 12 јули 2007 година;

Г. Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија и Стратегијата за проширување и главните предизвици 2006-2007 година од 6 ноември 2007 година;

Д. Склучувањето на договори за олеснување на визниот режим и реадмисија меѓу Република Македонија и Европската заедница на 18 септември 2007 година;

Ѓ. Завршната изјава на Третиот Мешовит парламентарен комитет Европска унија - Република Македонија од 30 јануари 2007 година;

Е. Декларацијата на ЕУ од Салзбург за Западниот Балкан од 11 март 2006 година;

Мешовитиот парламентарен комитет се осврна на следните препораки до институциите на Република Македонија и Европската унија:

1. Потсетува на јасните перспективи за членство во ЕУ што на Самитот на Европскиот совет во 2003 година и ги понуди на Република Македонија и на другите земји од Западниот Балкан и условеноста поставена во Процесот за стабилизација и асоцијација и Солунската агенда;

2. Го поздравува Извештајот на Европската комисија за Стратегијата за проширување и главните предизвици 2007-2008 година и Извештајот за напредокот за Република Македонија од 6 ноември 2007 година и оценките дека земјата продолжила да напредува, но потребни се дополнителни напори;

3. Потсетува дека Европскиот парламент, во својата резолуција од 12 јули 2007 година ја нагласи јасната перспектива на Република Македонија за станување членка на ЕУ и бара отпочнување на преговори за прием што е можно поскоро; ја охрабрува, во таа насока, владата, опозицијата и сите учесници во Република Македонија да ги вложат сите свои напори за спроведување на потребните реформи за да се помогне отпочнувањето на преговорите за прием што е можно поскоро;

4. Го поздравува усвојувањето на Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ, Националниот план за развој за 2007-2009 година, Претпристапната економска програма за 2007-2009 година и нивната континуирана

имплементација; го пофалува фактот што Република Македонија исполнила некои од краткорочните приоритети од Европското партнерство од 2005 година и дека подготовките за прием во ЕУ ќе продолжат да бидат меѓу врвните приоритети на Владата на Република Македонија и верува дека земјата е посветена и решена да ги забрза своите напори за реформи со цел отпочнување на преговорите за прием;

5. Бара од Владата и од сите политички партии ефективно да продолжат со имплементацијата на Охридскиот рамковен договор (ОРД) што е втемелен во Уставот и правната рамка на државата; го поздравува во таа насока основањето на Секретаријат за имплементација на ОРД, зголемените буџетски средства за правична застапеност за немнозинските заедници во јавните институции, како и мерките преземени за понатамошен развој и унапредување на меѓуетничките односи; нагласува дека континуираната имплементација на ОРД придонесува за стабилност на земјата и ги охрабрува сите учесници да продолжат со конструктивниот дијалог за имплементација на ОРД;

6. Го поздравува напредокот на Република Македонија во борбата против корупцијата, што резултираше со значително подобрување на рангирањето на земјата на индексот за перцепција на корупција за 2007 година на Транспаренси Интернешнал; забележува зајакнување на законодавната и институционалната рамка за борба против корупцијата; забележува дека координацијата меѓу вклучените државни институции е подобрена; жали дека корупцијата е сеуште присутна во земјата и ја нагласува важноста од демонстрирање силни напори во борбата против корупцијата на сите нивоа;

7. Ги забележува реформите направени на поле на судството; охрабрува понатамошни реформи и негово продолжување со функционирањето на независен и ефикасен начин; го поздравува отпочнувањето со работа на Академијата за обука на судии и обвинители и подобрената ефикасност на судството; ги повикува сите политички партии особено и континуирано да ги поддржуваат реформите на судскиот систем и успешната имплементација на законските реформи на ова поле; ги повикува властите особено во поглед на назначувањата во Судскиот совет и реформите во обвинителството;

8. И честите на Република Македонија за одржување на постојана соработка со Меѓународниот суд за воени злосторства за поранешна Југославија; нагласува дека потребен е понатамошен напредок во судството за да се подготви трансфер на случаите и враќање од страна на МСВЗЈ;

9. Забележува дека континуираниот процес на децентрализација напредува и го поздравува стартувањето на втората фаза од фискалната децентрализација, вклучувајќи го трансферот на фискални надлежности во делот на образованието, социјалната и детската заштита, противпожарната заштита и културата;

10. Ги поздравува чекорите преземени за подобрување на раководењето со администрацијата, преку основање на одделенија за раководење со човечки ресурси во јавните институции, како и транспарентност во обезбедувањето на информации до јавноста; го поздравува основањето на сектори за европски прашања во министерствата надлежни за подготовките за пристапување во ЕУ; ја охрабрува владата да продолжи со деполитизација на јавната администрација на Република Македонија; посочува дека ЕУ инвестирала многу во градење на програми и подвлекува дека администрацијата заснована на систем на заслуги и професионалната и транспарентна администрација е клучна за подобрување на капацитетот за преземање на обврските за членство во ЕУ; жали за фактот што јавната администрација останува да биде слаба и неефикасна;

11. Бара политичка соработка и конструктивен придонес на сите политички партии во работата на Собранието и правење дополнителни напори за подобрување на политичката клима и политичкиот дијалог за да се интензивира усвојувањето на закони кои се од клучна важност за интеграција на Република Македонија во Европската унија; жали што се појавија проблеми во функционирањето на парламентот; препорачува консултациите меѓу владата и опозицијата да продолжат;

12. Ја пофалува земјата за напредокот направен во усогласување на нејзиното законодавство со законодавството на ЕУ; повикува на континуирана ефективна имплементација и посебно, ефективно спроведување на законодавството на ЕУ; ја охрабрува земјата да продолжи со зголемена динамика на усогласување на своето законодавство со тоа на ЕУ;

13. Забележув дека има напредок во делот на економската и монетарната политика и напредок во целост во подготвувањето на економската политика; ја повикува владата да ја подобри бизнис климата и условите за странските инвеститори; го забележува напредокот на Република Македонија кон воспоставување на функционална пазарна економија, зголемената макроекономска стабилност и намалувањето на целокупниот надворешен долг;

14. Посочува на потребата на институциите на ЕУ да го преиспитаат транспортниот концепт на Транс-европската мрежа за градење на основните европски коридори до 2020 година и за интегрирање на регионот на земјите членки од Процесот на стабилизација и асоцијација, вклучувајќи ја и Република Македонија, земајќи ја предвид особено не само вертикалната, туку исто така и хоризонталната интеграција на регионот во европските трансверзали;

15. Ја забалежува заложбата на земјата за осигурување ефективна имплементација на Спогодбата за стабилизација и аосцијација ни го поздравува во таа насока напредокот постигнат на разни полиња како: царина, транспорт, внатрешен пазар, конкуренција, државна помош, заштита на правата на интелектуална и индустриска сопственост и сл.; забележува со задоволство што се преземени конкретни чекори за либерализација на телекомуникацискиот пазар преку воведување на трет мобилен оператор и предвидената либерализација на пазарот на фиксна телефонија; бара континуирано зајакнување на административниот капацитет преку систематска и планирана обука, за осигурување на непречена имплементација на ССА;

16. Го поздравува фактот што Република Македонија ги поднела сите оперативни програми од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за 2007 година и очекува потпишување на Рамковниот договор на ИПА; го поздравува напредокот направен од страна на властите на Република Македонија за децентрализирано управување со фондовите на ЕУ; ја охрабрува Владата на Република Македонија да го зајакне својот административен капацитет за силно да ги почувствува бенефициите од ИПА; бара од Владата да го искористи ИПА за решавање на одредени итни и значајни еколошки прашања; бара од Комисијата да донесе одлука за децентрализираното управување и да ги поддржи со сите достапни средства властите на Република Македонија со цел да учествуваат во овој процес;

17. Го поздравува успешното склучување на спогодбата за олеснување на визниот режим и спогодбата за реадмисија со ЕУ и очекува нивно спроведување на 1 јануари 2008 година; честита за напредокот направен од страна на Република Македонија на поле на правдата, слободата и безбедноста, а особено на поле на миграцијата, визната политика, управувањето со границите и безбедноста на документите, вклучително со воведувањето на биометриски пасоши, лични карти и возачки

дозволи; бара од Европската комисија да ја исполни својата заложба од Стратегискиот извештај за проширувањето 2007 година без одлагање да отпочне визен дијалог со Република Македонија за воспоставување на взаемен патен режим без визи; ја повикува Република Македонија за континуирана имплементација на бараните европски стандарди во таа насока;

18. Ги забележува потешкотиите со кои се соочуваат граѓаните на Република Македонија како резултат на непризнавањето од страна на Грција на нејзините пасоши, ситуацијата поврзана со прашањето на името; ги повикува двете страни да ги почитуваат обврските од Заедничката декларација како анекс на текстот на Спогодбата за олеснување на визниот режим меѓу ЕУ и Република Македонија повторно да го разгледаат прашањето како прашање од приоритет, штом ќе се исполнат условите, имено со усвојување на Кодекс за визи на Заедницата од страна на ЕУ;

19. Ја забележува конструктивната улога на Република Македонија на поле на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП); го пофалува нејзиното учество во мисијата на Европската унија АЛТЕА, како и на мисиите на НАТО во Афганистан, Ирак и Либан и нејзината спремност да земе учество во унапредување на капацитетите на ЕБОП и во идните цивилни и воени мисии за справување на кризи, водени од страна на ЕУ;

20. Ја зема во предвид регионалната соработка и добрососедските односи како дел од процесот кон напредување кон Европската унија; ја поздравува спремноста на Република Македонија за зголемување на својот ангажман во процесот на регионална соработка, примарно преку основањето на Регионалниот совет за соработка како форум за соработка во регионална сопственост, претседавањето со Спогодбата ЦЕФТА 2006, Спогодбата за енергетска заедница, Спогодбата за заеднички европски авијационен простор и други форми за соработка според нејзиниот општ интерес;

21. Го пофалува конструктивниот став на земјата за решавањето на финалниот статус на Косово и ја нагласува значајната улога што Република Македонија ја одиграла во текот на косовската криза, како фактор за стабилност регионот на ЈИЕ; посочува дека со мултиетничкиот карактер на нејзиното општество, Република Македонија може да служи како модел во регионот на Западниот Балкан; понатаму ја нагласува важноста од финализирање на техничката демаркација на границата на Република Македонија со Србија во делот на Косово, како техничко прашање кое треба да се разреши што е можно поскоро;

22. Ја охрабрува Република Македонија да продолжи решително со реформите кои се потребни за исполнување на условите и барањата поставени со копенхашките политички критериуми и со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Спогодбата за стабилизација и асоцијација, за земјата да одговори на другите прашања и критериуми за членство вклучени во Мислењето на Комисијата и да ги имплементира приоритетите од Европското партнерство, врз основа на одредените стандарди; ја повикува Европската комисија да и помогне на земјата во нејзините напори да се придржува до и да ги имплементира барањата од Европското партнерство; го повикува Европскиот парламент и националните парламенти на земјите членки да го поддржат понатамошниот процес на пристапување на Република Македонија во ЕУ што е можно поскоро;

23. Потсетува дека процесот на проширување во ЕУ придонел кон стабилност, мир, демократски реформи, пазарно-ориентирани стопанства и промоција на европските вредности во новите земји членки, а донесол благосостојба за граѓаните во старите земји членки; за таа цел, ја нагласува важноста за Европската комисија, Европскиот

парламент и владите и националните парламенти на сите земји членки на Унијата да продолжат адекватно да ја информираат нивната јавност за бенефициите од идните проширувања; потсетува истовремено дека евентуалната интеграција во Европската унија зависи од ефективната имплементација на реформите и целосното почитување на принципот на условеност;ја потсетува Република Македонија дека ова е најбрзиот пат кон пристапување во ЕУ.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Република Македонија во
Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-РМ

ИЗВЕШТАЈ

од Четвртиот мешовит парламентарен состанок за иднината на Европа, одржан на 3 и 4 декември 2007 година во Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија

Скопје, декември 2007 година

На 3 и 4 декември 2007 година, во просториите на Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, се одржа Четвртиот мешовит состанок за иднината на Европа. На состанокот учествуваа пратеници од националните парламенти на сите земји членки на Европската унија, пратеници од националните парламенти на земјите кандидати и пратеници од Европскиот парламент. Од Собранието на Република Македонија учествуваа пратениците ***Владанка Авировиќ*** *и* ***Неждет Мустафа****, членови на Мешовитиот парламентарен комитет Европска унија - Република Македонија, како и* ***г-ѓа Маријана Опашинова****, советник за мултилатерална соработка во Собранието на Република Македонија.*

Со седницата претседаваа ***г-дин Ханс Герт Потеринг****, претседател на Европскиот парламент и* ***г-динот Жаиме Гама****, претседател на Парламентот на Република Португалија. На седницата исто така свои обраќања имаа* ***г-динот Жозе Мануел Барозо****, претседател на Европската комисија,* ***г-динот Руи Переира****, министер за внатрешни работи на Република Португалија и* ***г-дин Мануел Лобо Антунес****, државен секретар на европски прашања на Република Португалија.*

На официјалното отворање на состанокот, потпретседателот на Европскиот парламент Краца Цагаропулу му даде збор на претседателот на Португалскиот парламент **г-динот Жаиме Гама**, кој ги поздрави учесниците истакнувајќи дека овој состанок се одржува во еден важен момент за иднината на Европа, период по усвојувањето на Реформскиот договор во Лисабон, во октомври 2007 година, од страна на европските шефови на држави и влади на Европската унија. Тој својот говор го посвети на улогата на националните парламенти и рече дека националните парламенти се најголемите победници од овој нов Договор, бидејќи значително ја зголемиле својата улога во процесот на одлучување после Договорот од Ница и Договорот од Мастрихт. Според него, ова е добра причина за поздравување на постигнатите резултати од преговорите и дека со зајакнувањето на улогата на националните парламенти се формира и еден нов партнерски однос со Европскиот парламент, што секако ќе ја направи ЕУ поефикасна и поодговорна демократија и ќе ја зголеми нејзината ефективност и кохерентност. Тој исто така ја пофали работата на КОСАК, како парламентарно тело кое во иднина уште повеќе ќе работи на единство во надворешната политика на Унијата. Сето ова, рече тој на крајот, се големи предизвици за националните парламенти, а ние мораме да делуваме на начин на кој што ќе покажеме дека мислиме за својата иднина.

Џо Линен, претседавач на Комисијата за уставни прашања на Европскиот парламент, наведе дека по негативните одговори во Холандија и Франција, Европскиот парламент, во периодот на рефлексија, започнал поактивна соработка со националните парламенти за иднината на Европа, а наградата од таа соработка е Договорот што треба да биде свечено потпишан на 13 декември 2007 година во Лисабон, по што ќе следи негова ратификација во сите земји членки. Тој нагласи дека појдовната точка за дискусиите бил Договорот од Ница, а не Уставниот договор. Следната фаза ќе биде отпочнување на кампања во 2008 година, за информирање на јавноста во сите земји членки на Унијата за содржината на Договорот од Лисабон, со цел истиот да биде разбран од граѓаните, бидејќи голем е процентот од нив кои во моментот не се добро информирани. Тој ја поздрави двојната функција на високиот претставник за надворешна и безбедносна политика, кој ќе делува и како потпретседател на Европската комисија од 2009 година и предвиденото избирање на претседателот на Комисијата од страна на Европскиот парламент.

Г-динот Виталино Канас, претседавач на Комисијата за европски прашања на Парламентот на Република Португалија, потсети на конструктивноста на учесниците на последниот состанок на КОСАК и нивниот придонес со донесените заклучоци. Тој изрази задоволство што изминатите години во ќорскокак се надминати и сега треба сите заедно да работат на градење на една стратегија за информирање на јавноста. Со Договорот ќе се овозможи поголема оперативност на институционалните структури, а тоа секако ќе наметне спроведување на одредени реформи. На крајот, ја пофали

новата позиција на високиот претставник за заедничка надворешна и безбедноста политика, бидејќи преку неа тој ќе се промовира како значајна личност во надворешниот свет и ќе ја обедини Европа да зборува во еден глас на светската политичка сцена.

На попладневната сесија, збор имаше и **г-динот Мануел Лобо Антунес**, државен секретар за европски прашања на Република Португалија, кој нагласи дека овој Договор е од одлучувачко значење за Европа, бидејќи истиот е Договор за подемократска, потранспаретна и покохертна Европа. Заблагодарувајќи се на придонесот на претседателот и на пратеници од Европскиот парламент во работата на Меѓувладината конференција, тој истакна дека Европа не може да продолжи со ваквата институционална поставеност и доколку ништо не се смени, тоа ќе доведе до нов неуспех и до политичка и психолошка криза со несогледливи последици за нејзината иднина. Набројувајќи ги новините кои се предвидуваат со овој Договор, тој го поздрави обврзувачкиот карактер на Повелбата за фундаментални права кон Договорот, значењето на европското државјанство како дополнување на националното државјанство, мандатот од две и пол години за нов постојан претседател на Европскиот совет, кој ќе се избира од страна на шефовите на држави и влади, зголемената улога на националните парламенти и на Европскиот парламент во законодавниот процес, особено во делот на Буџетот на Унијата и во делот на меѓународните договори, ротациониот систем на комесарите во Европската комисија, секторските подобрувања во делот на слободата, безбедноста и правдата, како и воведувањето на принципот на солидарност, во случај на напад на земја членка на унијата при што останатите земји членки се обврзани да помогнат и да делуваат со сите средства во нивна моќ. Тој на крајот рече дека овој Договор нуди нови решенија на проблемите од нашето време и станува с# поочигледно дека во одредени критични области, сега и во иднина, се покажало дека ќе бидат навистина ефикасни доколку сите заедно работат како Европејци.

По отворањето на состанокот, работата се одвиваше во три работни групи и тоа:
РГ1: Унапредување на улогата на парламентите во ЕУ: поголеми надлежности за националните парламенти - ново партнерство со Европскиот парламент,
РГ2: Ратификација и имплементација на Договорот од Лисабон - Европската унија како поефикасна и поодговорна демократија
РГ3: Новата институционална поставеност: поголема ефикасност и кохерентност

Пратеникот Владанка Авировиќ учествуваше во Втората работна група на тема: Ратификација и имплементација на Договорот од Лисабон - Европската унија како поефикасна и поодговорна демократија, а пратеникот Неждет Мустафа Спасовски во Третата работна група за новата институционална поставеност: поголема ефикасност и кохерентност.

Во Втората работна група за ратификацијата и имплементацијата на Договорот од Лисабон, дебатата меѓу учесниците главно се водеше околу ратификацијата и уставните аранжмани на поединечни земји членки за ваква постапка. Дискутантите беа поделени во мислењата околу можноста за распишување референдум за ратификација на Договорот од Лисабон, како и од начинот на презентирањето пред јавноста на реформите кои се предвидуваат со Договорот. Мислењата се движеа од одобрување на референдум, со цел да се слушне мислењето на граѓаните до ратификација во парламент, со цел да не се девалвира улогата која ја имаат националните парламенти како демократски избраници на граѓаните. Исто така имаше поделени мислења околу можноста за одржување референдуми во поединечни држави, или одржување на Европски референдум во еден ден на цела територија на Европската унија.

Засега, Ирска е единствена земја која мора да одржи референдум, а од страна на ирските претставници беше кажано дека во моментот јавноста е поделена и има голем број граѓани без јасен став за гласањето на овој референдум. Тоа е поради фактот што граѓаните не се многу информирани околу промените што ги содржи овој Договор, а политичарите бараат начини како најдобро да го презентираат истиот за негова

успешна ратификација. Германските претставници беа на мислење дека ратификацијата треба да оди преку парламентите, бидејќи тие биле оние од кои било побарано мислење во претходните фаза, па следствено тие треба да бидат истите што ќе го дадат својот глас за ратификација на Договорот. Италијанските претставници сметаа дека пораката која треба да се пренесе до граѓаните е дека Европа во иднина ќе се бави повеќе со политика, а помалку со бирократија, ќе се зголеми улогата на националните парламенти и на Европскиот парламент, ќе се придонесе за поголема конзистентност во процесот на одлучување и ќе се намали бирократијата.

Пратеникот Владанка Авировиќ, цитирајќи изјава на претседателот на Европската комисија, г-динот Барозо*, рече дека по усвојувањето на Реформскиот договор сите ние, вклучително и земјите канадидати како Република Македонија, се надеваме на негова успешна ратификација, при што земјите членки очекуваат една позајакната и поефикасна Унија, а земјите кандидати - Унија која ќе може да ги преземе обврските за идни проширувања. Таа го поздрави фактот што со Договорот се утврдува повикувачкиот код на Европа на поле на надворешната политика, се зајакнува правната рамка и заштитата на човековите права и слободи, пристапот на поле на климатските промени и енергетската политика и улогата на националните парламенти во процесот на одлучување. На крајот, таа изрази задоволство за постепената материјализација на сонот за Соединетите Европски Држави и даде негова поддршка, за која како што рече "иако во моментот институционално не сме дел од вас, сме со вас."

* * * * *

Во продолжението на состанокот, се обрати претседателот на Европската комисија, **г-динот Жозе Мануел Барозо**, кој нагласи дека постигнати се конкретни резултати после шест години дискусии, двоумења и застои во однос на напредокот што треба да го донесе Реформскиот договор. Според него, новиот Договор ќе го зајакне капацитето на Унијата да делува, како и нејзината демократска природа и кохезија во надворешната политика и ќе ја стави Унијата на подобра позиција во однос на глобализацијата. Исто како и многу други, тој изрази фрустрираност поради големиот број откажувања и повлекувања, но тоа е цената што се плаќа за секој напредок и за амбициозониот Реформски договор, а почитувањето на европскиот диверзитет значи и правење институционални компромиси. Она што е значајно е дека и покрај разликите, Унијата останува обединета во своите фундаментални вредности и цели.

Во клучната 2008 година, тој ги повика пратениците да се вклучат во презентирање на Договорот пред граѓаните, вклучително и оние во националните парламенти, бидејќи како што рече тој "Европа не е Брисел", "Вие сте исто така Европа." Договорот од Лисабон ќе ја зајакне демократската природа на Европа, од причини што воведува јасна дефиниција на значењето на европско државјанство, дава правна сила на Повелбата за фундаментални права, ги зголемува правата на националните парламенти и улогата на Европскиот парламент. Тоа ќе подразбира и поголема арена за политички и идеолошки дебати, во кои ќе се трага по изнаоѓање на правиот политички баланс: баланс меѓу европскиот интерес и националните интереси, баланс меѓу социјалната правда и економската конкурентност, баланс меѓу отвореноста и заштитата.

За Комисијата, од клучно значење е да се одбрани европскиот интерес во ерата на глобализацијата. "Офанзивната отвореност" ќе биде носечката идеја за заштита на европските интереси без да се западне во протекционистичка агенда: отвореност без наивност, но со активен пристап кој налага од сите партнери да одговорат на реципрочен начин. Сето ова ќе подразбира менување на институциите, бидејќи Унијата не може успешно да се справи со глобализацијата на 21-от век со институции од 20-от

* "Реформскиот договор ни е потребен за да може да им обезбедиме на нашите граѓани посилна Европа и поголем капацитет на делување. Договор не само како договор, туку како инструмент за реализирање на политиките на 21-от век"

век. Тој на крајот истакна дека со Договорот од Лисабон, Европската унија ќе го зајакне својот политички, стратешки и економски глас во дипломатските, безбедносните, одбранбените, трговските и развојните прашања.

На седницата, свое обраќање имаше и **г-динот Руи Переира**, министер за внатрешни работи на Република Португалија, кој се осврна најмногу на темите за миграцијата, тероризмот и глобализацијата. Тој рече дека после војни и поделби, обединета Европа денес претставува простор на вредности кои го сочинуваат нашето политичко и културно наследство, вредности како слободата, безбедноста и правдата. Поздравувајќи го напредокот постигнат во текот на Португалското претседателство во однос на решението понудено од страна на португалската влада за унапредување на SIS II* во Sisone4all, г-динот Переира го најави неговото стартување од 2008 година. Со овој систем се отвораат границите за државите кои се уште не припаѓаат на шенген зоната, како Словачка, Словенија, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Малта, Полска и Чешката Република, со главна цел овозможување на слобода на движење и висок степен на безбедност во зоната на ЕУ. Европската унија сака да креира "европска тврдина": *порта* за влез на оние кои ја посетуваат и легално престојуваат на нејзина територија и *бариера* за сите оние кои доаѓаат нелегално и со криминални цели. Тој исто така го поддржа продлабочувањето на активностите на агенцијата Frontex и го поздрави формирањето граничните тимови за брза интервенција (RABIT) во склоп на оваа агенција.

Во однос на глобализацијата, тој истакна дека Европа мора да биде подготвена да одговори на предизвиците на новото време и го поздрави презентирањето од страна на претседателот Барозо, на неформалниот самит на Европскиот совет во Лисабон на концептот за *5-та слобода: слобода на циркулирање на истражувачи и идеи*, како камент темелник на одговорот на Унијата на глобализацијата. Г-динот Переира наведе дека еден од клучните предизвици за Унијата е и бробата против транс-националниот криминал и тероризам. Просторот на слобода, безбедност и правда имплицира интегрирано делување на границите, заедничка служба, глобална и кохерентна политика за миграција и ефикасна превенција на феноменот на криминал. Затоа, тој повика на зголемена соработка преку ЕВРОПОЛ и SITCEN за размена на информации и анализи меѓу земјите членки. Границите, рече тој, служат за поттикнување на дијалог меѓу цивилизациите, но исто така за спречување на влез на криминалци и терористи. На крајот, изрази уверување дека Реформскиот договор создава услови за реализација на овие цели и го поздрави неговото усвојување.

Претседателот Потеринг и **претседателот Гама**, на затворањето на состанокот нагласија уште еднаш дека националните парламенти и Европскиот парламент со новите решенија не се натпреварува меѓу себе, туку делат иста цел и дека е потребна соработка меѓу сите земји за успешно функционирање на Унијата. Затоа, се повтори ставот дека ваквиот вид на состаноци ќе продолжи да се организираат и во иднина.

На крајот на состанокот, се обрати претседателот на Националното Собрание на Република Словенија, **г-динот Франце Цукијати**, како нов ко-претседавач на вакви настани во следниот период, за време на Словенечкото претседателство со Унијата. Тој ги презентираше активностите на Република Словенија во следните шест месеци кои ќе бидат насочени во насока на активнсоти за успешна ратификација на Реформскиот договор и давање приоритет на земјите од Западен Балкан.

Редовното учество на Делегацијата од Собранието на Република Македонија на вакви состаноци се смета од исклучителна важност за нашите пратеници заради нивно изворно запознавање со актуелните случувања во Европскиот парламент и во Унијата пошироко, но и за разговори и за размена на искуства со пратениците од националните парламенти и европарламентарците за сите реформи и активностите што ги презема Република Македонија за реализација на нејзината приоритетна цел, а тоа е патот кон полноправно членство во ЕУ.

* Шенгенски информационен систем.

* * * * *

За време на состанокот, пратеникот **Неждет Мустафа** оствари средби со **г-ѓа Елс де Грун**, европратеник од Холандија и со **г-динот Франко Фратини**, потпретседател на Европската комисија и надлежен за правда, слобода и безбедност, на кои е разговарано за актуелната состојба на Ромите во Европа и напорите за подобрување на правната, економската и социјалната положба на Ромите во Југоисточна Европа. Добиен е охрабрувачки сигнал дека земјите од ЕУ и земјите кандидати во кои живее ромско малцинство, ќе продолжат во континуитет да се поттикнуваат за успешна интеграција на Ромите во нивните држави. Пратеникот Неждет Мустафа е охрабрен да продолжи со неговата интегративна политика за подобрување на целокупната положба на Ромите во Република Македонија. Исто така, тој е пофален за неговите напори за политичка интеграција на Ромите и за неговиот сериозен ангажман во Ромскиот Европски Форум при Советот на Европа, како и за неговите заложби за поуспешна елиминација на стереотипноста, дискриминацијата и сегрегацијата на ромската заедница во регионот на Југоисточна Европа.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Медитеранот

ИЗВЕШТАЈ

од Втората сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот,
што се одржа од 22 до 24 ноември 2007 година
во Св. Џулијанс, Малта

Скопје, ноември 2007 година

Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот (ПСМ) од 22 до 24 ноември 2007 година учествуваше во работата на Втората сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот што се одржа во Св. Џулијан, Малта. Во составот на Делегацијата беа Илија Димовски (шеф), Мирјана Секуловска и Џеват Адеми (членови).

На тридневната Втора сесија на ПСМ учествуваа делегациите од Алжир, Кипар, Грција, Италија, Египет, Македонија, Малта, Монако, Мароко, Палестина, Сирија, Словенија, Србија, Франција, Тунис и Турција.

Парламентарното собрание на Медитеранот беше отворено со пригодно обраќање на Антон Табоне, претседател на Домот на претставниците на Малта и Абдулвахид Ради, претседател на ПСМ кои ги поздравија учесниците и им посакаа плодна работа и пријатен престој во Малта.

Веднаш по отварањето одделни седници одржаа Европската (Северна) група и Арапската (Јужна) група. Секоја од нив одделно дискутираа за градење на ставови во врска со дневниот ред и понатамошната работа на ПСМ. Северната група едногласно го номинира Руди Сал, член на Француската делегација, за иден претседател на ПСМ.

Во вечерните часови на првиот ден свечено беше инаугурирано седиштето на ПСМ, односно Палатата Спинола[39], која од страна на властите на Малта ѝ беше отстапена на ПСМ. Во Палатата Спинола ќе биде сместен и Секретаријатот на Парламентарното собрание на Медитранот.

На почетокот на вторио ден од сесијата беше претставен генералниот секретар на ПСМ, д-р Серџо Пјаци, кој имаше обраќање во врска со улогата и активностите на Секретаријатот на ПСМ. Според него, приоритети на Секретаријатот се обезбедување на лесно функционирање на ПСМ и неговите органи, ефикасно и ефективно менаџирање со расположивите ресурси, следење на одлуките на ПСМ и неговите органи, поддршка и стимулација на активностите на членовите на ПСМ и овозможување услови за целокупната активност на ПСМ.

Според организационата структура Секретаријатот се состои од Канцеларија на претседателот на ПСМ, Секретаријат на Бирото на ПСМ, Секретаријат на Комитетите, Канцеларија на генералниот секретар на ПСМ и Генерална служба.

Во продолжение претседателот на ПСМ Абдулвахид Раџи го презентираше стратешкиот документ "Градењето на нашето заедничко медитеранско наследство". Според документот медитеранското море е заедничко наследство на земјите од Медитеранот. Досегашната историја на Медитеранот е карактеризирана со миграции и комерцијална размена, колонизација и независност, несогласувања и солидарност. Ефектите на овие, често турбулентни, односи сé уште се чувствуваат денеска, на глобално ниво. Регионот, исто така, на светот му има дадено некои од најзначајните цивилизации, како и три главни монотеистички религии кои продолжуваат да влијаат и денеска.

Основната мисија на ПСМ е да ја потврди централноста на медитеранскиот регион и да ја реафирмира основната улога на нејзините членови во нивниот пристап кон заеднички интереси изаедничките грижи низ форум кој специфично служи за таа намена.

ПСМ претставува единствена можност да ги собере заедно претставниците на државите од Медитеранот кои можат заедничко да дејствуваат врз еднаква основа во полза на нивното парламентарно собрание. Таквиот парламентарен дијалог има за цел да бидат разгледани прашањата кои се директно поврзани со регионот на Медитеранот, да промовира заедничко разбирање и почитување меѓу граѓаните на земјите од

[39] Палатата Спинола е изградена во 1688 и во минатото ѝ припаѓала на семејството Спинола кое било славна во цела Европа, бидејќи од неа произлегле гувернери, кардинали, адмирали, генерали, автори и историчари. По Првата светска војна Владата на Малта ја презема Палатата и ѝ го враќа нејзиниот оргинален изглед и слава.

Медитеранот, како и да развива форми на соработка имајќи ги предвид водните, земјените и човечките ресурси на регионот.

Мисијата на ПСМ е развојот на соработката меѓу неговите членки со посредство на промовирање на политичкиот дијалог и разбирање преку: унапредување и градење на довербата меѓу земјите од Медитеранот; промовирање на регионалната стабилност, сигурност и мир; консолидирање на напорите на земјите од Медитеранот и претставување на мислењата, ставовите и препораките на националните парламенти и влади, регионалните организации и интернационалните форуми.

Во стратешкиот документ "Градењето на нашето заедничко медитеранско наследство"претставена е историјата на Медитеранот, развојот на парламентарната дипломатија во регионот, формирањето, мандатот и улогата на ПСМ, структурата и органограмот на ПСМ.

Документот ги содржи визијата, предизвиците, стратешките објективи и приоритетите на ПСМ, методологија на работата и среднорочен акционен план.

По дискусијата за стратешкиот документ, Парламентарното собрание дискутираше и ги усвои предложените резолуции од трите постојани комитети на Парламентарното собрание. Првиот комитет (за политичка и безбедносна соработка) предложи за резолуција за регионални прашања, односно Средниот Исток. Вториот комитет (економска, социјална и еколошка соработка), предложи резолуција за менаџирање на текот на миграциите и заедничкиот развој во регионот на Медитеранот во заедничка полза. Третиот комитет (дијалог меѓу цивилизациите) предложи резолуција за улогата на парламентите во унапредувањето на ширењето на знаењето за главните цивилизации и религии од базенот на Медитеранот и промовирање на дијалогот меѓу нив.

Во натаможниот тек на работата беа номинирани и избрани лица во ад хок комитетите и работните групи кои се формирани од страна на постојаните комитети. Во рамките на Првиот комитет се формирани ад хок комитет за регионални прашања: Среден Исток, како и Специјална работна група за енергија. Во рамките на Вториот комитет формирани се Специјална работна група за слободна трговија во Медитеранот, Специјална работна група за животна средина и климатските промени и Специјална работна група за интегриран менаџмент со ресурси. Во рамките на Третиот комитет беа формирани Специјална работна група за полови прашања и прашања на еднаквоста, специјална работна група за дијалог меѓу културите и религиите и Специјална работна група за миграцијата.

Од Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на медитеранот Илија Домовски, како член на Првиот комитет беше определен за член во Специјалната работна група за енергија, Мирјана Секуловска како член на Вториот постојан комитет беше определена како член на Специјалната работна група за слободна трговија во Медитеранот, а Џеват Адеми како член на Третиот постојан комитет, беше определен како член на Специјалната работна група за дијалог меѓу културите и религиите.

Спред предвидениот план на активностите за 2008 година, работните групи и постојаните комитети се очекува да се состанат еднаш до два пати годишно.

Во попладневниот дел од работата, ПСМ дискутираше и ги усвои Финансискиот извештај за работата во текот на 2007 година, како и Буџетот на ПСМ за 2008 година. При презентирањето на Финансискиот извештај за 2007 година и Буџетот за 2008 година, генералниот секретар на на ПСМ, Серџио Пјаци, ги повика членките на ПСМ да ги намират нивните финансиски обврски кои ги имаат кон ПСМ. Исто така, тој ја претстави проширената активност на ПСМ и Секретаријатот за 2008 година при што истакна дека со развојот на дејностите на ПСМ ќе бидат потребни повеќе финансиски средства, за што и буџетот на организацијата за 2008 година значително се зголемува, а со тоа и финансискиот придонес на земјите членки. Пјаци побара од членките на ПСМ да овозможат услови за формирање резервен фонд на средства кој би служел за преминување од крајот на една до почетокот на друга фискална година, односно за непречено континуирано функционирање на Секретаријатот и на ПСМ.

На третиот ден од работата пред членовите на ПСМ излагање имаше Ален Ле Роа, специјален претставник на претседателот на Република Франција, Никола Саркози, назначен за реализирање на иницијативата за Медитеранска Унија (МУ).

Тој опширно ја образложи меѓувладината иницијатива за формирање на МУ, претставувајќи го концептот на Унијата, параметрите и методологијата, како уште една важна димензија во рамките на Медитеранот. Според него, преку МУ ќе дојде до развој на инвестициите на ЕУ во Медитеранот. Целта на проектот е да ги зближи земјите од Медитеранот. Тој го постави прашањето дали постојните инструменти во рамките на Медитеранот овозможуваат постигнување на целите подвлекувајќи дека МУ не го заменува Процесот на Барцелона, туку го надополнува бидејќи помалку од 10% од целите на Процесот на Барцелона се постигнати. Целта на иницијативата е да се опфатат сите земји од Медитеранот. И земјите блиски до границите на Медитаранот ќе бидат поканети, ако изразат интерес. Исто така, соседните земји на Медитераснот, зависно од предвидените проекти, ќе бидат вклучени во иницијативата. Идејата на МУ е да ги поврзе тие земји кои немаат крајбрежје на Меидтеранот. Предвидено е ЕУ, со посредство на Европската комисија да биде претставена во МУ.

Според плановите, МУ ќе се залага за соработка на земјите во образованието, индустријата, економијата, животната средина, културата, меѓусебниот дијалог, безбедноста и другите полиња од општествениот живот важни за државите од Медитеранот.

Медитеранската унија треба да се промовира во јануари 2008 година во Франција кога претседателот на Република Франција, Никола Саркози, планира да ги покани на средба претседателите на државите од Медитранот.

Парламентарното собрание на Медитеранот ги усвои Статутот на ПСМ, Деловникот за работа на ПСМ, како и Деловникто за работа на постојаните комитети.

Следната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот ќе се одржи во Монако.

Прилог 1

Кратка информација за структурата и функционирањето на ПСМ

Собранието е основно тело на Парламентарното собрание на Медитеранот. Неговата цел е да ги води активностиет и опрганизацијата на ПСМ. Развива долгорочна програма поделена на годишни работни планови подготвени за секој од трите постојани комитети на ПСМ. Исто така, го разгледува и усвојува буџетот. Собранието се среќава најмалку еднаш годишно.

Претседателот и Бирото се одговорни за координирање на работата на Собранието. Бирото е составено од осум члена кои ги претставуваат основните подрегиони на Медитеранот.

Постојаните комитети кои имаат основна улога во функционирањето на Собранието се фокусирани на политичката и безбедносната соработка и регионалната стабилност; економската, социјалната и еколошката соработка, развојот и партнерството и дијалогот меѓу цивилизациите и човековите права.

За да ги имплементираат одлуките кои се донесени од страна на Парламентарното собрание, постојаните комитети ги детерминираат своите приоритети. Секој постојан комитет дава редовен извештај пред Парламентарното собрание за нивните активности. За некои прашања комитетите можат да се согласат да формираат ад хок комитет или специјална работна група, посебно формирани за одредена цел. Ако е потребно можат да се повикаат експерти.

Парламентарното сбрание може да одлучи да формира ад хок комитет (за критички прашања кои го заслужуваат вниманието на Парламентарното собрание за неодреден период) или специјална работна група (за одреден тим да се посвети на одредено прашање за одреден период), по препорака од страна на Бирото. Овој процес започнува од еден или повеќе членови кои бараат формирање на комитет или специјална работна група во рамките на нивниот постојан комитет. Претседателот на постојаниот комитет го препраќа предлогот до Бирото заедно со неговото мислење. Ако одлуката на Парламентарното собрание е позиотивна, постојаниот комитет го одредува составот, условите и времетраењето за секој од ад хок комитетите, односно специјалните работни групи.

Исто така, Бирото може да одобри други форми на консултација вклучувајќи се во парламентарна, академска и официјална размена, ако е потребно.

Седиштето на ПСМ и Секретаријатот е во Малта и е одговорен за следење на одлуките на Парламентарното собрание, како и за давање поддршка, координација и помош за работата на постојаните комитети и другите тела формирани од страна на ПСМ. Секретаријатот е одговорен и за промовирање на ПСМ.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

БЕЛЕШКА

од средбата на Пратеничката група наСобранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција со Парламентарната делегација на Големото народно собрание на Република Турција, остварена на 21 март 2007 година

Скопје, април 2007 година

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција на 21 март 2007 година оствари средба со Парламентарната делегација на Големото народно собрание на Република Турција (ГНСТ)[40], која беше во придружба на Н.Е. г. Абдула Ѓул, потпретседател на Владата и министер за надворешни работи на Република Турција, во рамките на неговата официјална посета на Република Македонија. Делегацијата на Големото народно собрание на Република Турција ја сочинуваа пратениците: г. Нијази Пакјурек, претседател на Парламентарната група на ГНТС за пријателство со Република Македонија и пратеник од Партијата за правда и развој (АКП), г. Ирфан Гундуз, потпретседател на Пратеничката група на АКП, г. Реџеп Корал, потпретседател на Парламентарната група на ГНТС за пријателство со Република Македонија и пратеник од АКП, г. Ердоган Каплан, пратеник од Републиканската народна партија и г. Мухсин Кочјигит, член на Парламентарната група на ГНТС за пријателство со Република Македонија и пратеник од Татковинската партија, како и г. Хијадет Бајрактар, советник во Амбасадата на Република Турција во Република Македонија.

На средбата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција со Парламентарната делегација на Големото народно собрание на Република Турција присуствуваа: г. Ратко Димитровски, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Турција, г. Трајко Вељановски, г-ѓа Надица Танчева Тулиева, г. Фијат Цановски, г. Кенан Хасипи и г. Оливер Спасовски, членови на Пратеничката група, г. Хади Незири, пратеник, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Пратеничката група. Во разговорите учествуваа: г. Ратко Димитровски, г. Кенан Хасипи и г. Фијат Цановски.

Од страна на пратениците од Собранието на Република Македонија беше изразено задоволство од традиционално добрите и пријателски односи меѓу Република Македонија и Република Турција. Истовремено, беше искажана благодарност за конструктивната поддршка и помошта што Република Македонија континуирано ја добива од Република Турција и беше изразена надеж дека плодната соработка ќе продолжи и во иднина.

Турските пратеници беа информирани за активностите на Владата на Република Македонија, при што беше подвлечено дека најголем дел од активностите се насочени кон развојот на економијата и намалувањето на невработеноста во земјата. Беше укажано дека во Владата има еден министер без ресор кој е припадник на турската заедница и кој е задолжен за економска соработка и инвестиции, пред се од Република Турција. Исто така, беше посочено дека во Собранието на Република Македонија двајца пратеници се од турската заедница.

Претседателот на Пратеничката група информираше за посетата на Република Турција и презентацијата на можностите за инвестирање во Република Македонија, што особено било нагласено во турските медиуми. Притоа, беше изразена надеж дека економската соработка меѓу двете земји ќе се продлабочи и дека турските инвестиции, кои во овој момент се едни од најголемите во земјата, и понатаму ќе се зголемуваат.

Во разговорите стана збор и за културната соработка, при што беше истакнато дека во Република Македонија има голем број на споменици и културно богатство од Османлискиот период, кои треба да се негуваат. Беше изразена надеж дека интензивните активности за отворање на Турски културен центар во Скопје ќе бидат наскоро целосно реализирани, при што беше истакнато дека објектот на Куршумли Ан, како културно-историски споменик од Османлискиот период, би бил најсоодветната

[40] Парламентарната делегација на GNST беше примена од г. Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија, а оствари средба и со членовите на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања

локација за овој културен центар. Истовремено, беше нагласено уверувањето дека и Република Турција, како осведочен пријател на Република Македонија, ќе обезбеди соодветен простор за Македонски културен центар, со што во голема мера ќе се продлабочи културната соработка меѓу двете земји. При тоа, беше изразена благодарност за земјиштето што Република Турција и го подари на Република Македонија за изградба на амбасада во Анкара.

На средбата стана збор и за состојбата во Југоисточна Македонија, а особено во регионите на Ростуше, Дебар и Струга, од каде што во периодот од педесеттите до седумдесеттите години на минатиот век голем број од населението се иселило во Република Турција. Иселувањето од овие региони продолжува, но во последните 20 години најчеста дестинација се земјите од Западна Европа. Овие региони се полупразни и за нивно заживување е потребно зголемување на инвестициите. Беше истакнато дека во ова подрачје постојат многу напуштени погони, кои би можеле да бидат интересни за потенцијалните турски инвеститори, особено по воведувањето на рамниот данок во Република Македонија. Од турските пратеници беше побарано да ги информираат стопанствениците во нивната земја дека Македонија е отворена за странски инвестиции и дека нивниот капитал тука ќе биде сигурен. Членовите на Турската делегација добија уверување дека со политиката на сегашната Влада сите странски инвеститори кои се заинтересирани да вложуваат и да остваруваат профит во Република Македонија ќе добијат одредени привилегии.

Пратениците од Големото народно собрание на Турција изразија благодарност за укажаното гостопримство и истакнаа дека политичките врски меѓу Република Турција и Република Македонија се реализираат на највисоко ниво, а истото важи и за културната и трговската соработка. Тие подвлекоа дека Република Македонија ја чувствуваат како сопствена држава, со оглед на тоа дека претседателот на Групата е по потекло од Скопје, а во изборните единици на другите пратеници живееат голем број на граѓани кои потекнуваат од Македонија.

Истакнувајќи дека се убедени дека припадниците на турската заедница кои живееат во Република Македонија се граѓани од прв ред, турските пратеници побараа од пратениците на Собранието на Република Македонија да вложат напори за натамошно унапредување на нивниот статус. Истото беше побарано и за бизнисмените од Република Турција, кои според нивното уверување се подготвени да вложуваат во Република Македонија, доколку им се обезбедат поволни услови и одредени привилегии. Македонските пратеници беа информирани дека турските бизнисмени со потекло од Македонија имаат формирано неколку здруженија, кои вршат испитување на можностите за инвестирање и реализација на проекти во Република Македонија.

Во врска со отворањето Македонски културен центар во Турција, беше укажано дека на Република Македонија за оваа намена ќе и биде обезбеден соодветен историски објект во Истанбул.

Претседателот на Парламентарната група на GNTS за пријателство со Република Македонија информираше дека бил член Делегацијата при официјалната посета на Република Македонија на г. Рејеп Тајип Ердоган, претседател на Владата на Република Турција, како и дека учествувал на средбите во рамките на официјалната посета на Република Турција на г. Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија. При двете посети било покренато прашањето за повторната изградба на стражарницата на Камениот мост, но за жал, и покрај ветувањата ова се уште не е реализирано.

Од страна на турските пратеници до Пратеничката група на Собранието за соработка со Турскиот парламент беше упатена покана за посета на Република Турција. На ова беше укажано дека Делегација на Пратеничката група за соработка од минатиот состав на Собранието на Република Македонија ја посети Република Турција во 2005 година, при што беше договорено Турска делегација да оствари возвратна посета на Република Македонија во април 2006 година. Оваа посета не беше реализирана заради поместувањето на терминот на парламентарните избори во Република Македонија. Пратениците изразија надеж дека во овој парламентарен мандат на Собранието на Република Македонија ќе биде реализирана возвратната посета на Македонија на

Делегација од ГТНС, како и дека Делегација на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Турција ќе оствари посета на Република Турција. Со оглед на тоа што оваа година се одржуваат парламентарни избори во Турција, беше заклучено дека најпогодно би било возвратната посета на Република Македонија да се оствари наредната година.

На крајот од средбата обострано беше изразен интерес за продлабочување на плодната соработка меѓу двете земји и беше изразена надеж дека Бизнис форумот, што ќе се реализира во рамките на посетата на потпретседателот на Турската влада, г. Абдула Ѓул ќе придонесе за зголемување на економската соработка меѓу Република Македонија и Република Турција.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

од посетата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија, што се реализира од 17 до 20 април 2007 година во Софија, Република Бугарија

Скопје, април 2007 година

На покана на претседателот на Парламентарната група на Народното собрание на Република Бугарија за пријателство со Република Македонија г-ѓа Маргарита Панева, делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија од 17 до 20 април 2007 година ја посети Софија. Делегацијата ја сочинуваа претседателот на Парламентарната група за соработка г. Стојан Андов и членот на групата г. Владо Бучковски. Ова беше прва официјална посета на ниво на пратенички групи за соработка на Република Бугарија.

За време на престојот нашата делегација оствари средби со г. Ангел Марин, потпретседател на Република Бугарија, г. Георги Пирински, претседател на Народното собрание на Република Бугарија, г. Асен Гагаугов, министер за регионален развој, г. Петар Мутафчиев, министер за транспорт, г-ѓа Маргарита Панева, претседател на Пратеничката група за пријателство со Република Македонија и г. Тодор Чуров, заменик министер за надворешни работи. Делегацијата го посети и градот Пловдив каде што оствари средба со претседателот на советот на Пловдив г. Страшимир Дочков.

На средбата со потпретседателот на Република Бугарија г. Ангел Марин, беше особено истакнато дека составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија составена од поранешен претседател на Собранието на Република Македонија во три наврати и поранешен премиер на нашата држава, укажува на значењето што и го дава Република Македонија на односите со Република Бугарија.

Залагајќи се за надминување на "остатоците од минатото" и за интензивна работа за иднината, потпретседателот Марин истакна дека членството на Република Бугарија во ЕУ и НАТО е предност и за Република Македонија бидејќи нашиот сосед е цврсто определен да ни помогне за што поскора интеграција во нив. Зачленувањето на земјите од Западен Балкан во ЕУ и НАТО е стратешка определба на Република Бугарија. Според Марин посебно е важно јавноста во Република Македонија заслужено да ги признава напорите и поддршката на Република Бугарија за интегративниот процес на Република Македонија во Еу и НАТО. Таквото признавање би и дал уште посилен поттик на Република Бугарија за дејствување на тој план.

Исто така, се разговараше и за можностите за заедничко вложување во изградбата на нуклеарната централа Белене при што се потврди дека проектот е отворен за учество на Република Македонија.

Домаќините искажаа подготвеност за пренесување на нивните искуства во процесот на интеграцијата во ЕУ. Беше со задоволство констатирано дека во полето на стоковната размена реализирана меѓу двете држави во 2006 година е поголема за 40% во споредба со 2005 година.

Во текот на разговорите Господинот Андов се заблагодари на подготвеноста Република Бугарија како земја која прва ја призна независноста на Република Македонија и тоа под уставното име, како и за помошта што ни ја даде при ембаргото кон нашата земја од страна на Република Грција. Тој истакна дека Република Македонија воопшто не се сомнева во поддршката на Република Бугарија во процесот за интеграција на нашата земја во ЕУ и НАТО. Со Република Бугарија треба да ги засилиме и да ги развиеме уште повеќе меѓусебните односи на сите полиња. Сегашната економска соработка би требало да биде на многу повисоко ниво. Воспоставувањето на енергетските врски меѓу Република Македонија и Република Бугарија, како и подобрување на патната и друга инфраструктура меѓу Скопје и Софија се од огромно значење. Освен постојниот гасовод се уште нема нафтовод кој би ги поврзал двете држави.

Господинот Владо Бучковски се согласи дека може да се направи повеќе во Република Македонија за измена на перцепцијата во нашата јавност за придонесот на

Република Бугарија во процесот на приближување на Република Македонија кон ЕУ и НАТО. Тој побара Република Бугарија да и се придружи на Република Турција и Република Словенија во обраќањето кон нас со уставното име во рамките на НАТО, односно да ја користи фуснотата како што тоа го прави Турција.

Во текот на средбите и разговорите беше подвлечено дека воведувањето на визниот режим од страна на Република Бугарија кон нашата земја по нејзиното зачленување во ЕУ драстично го намали бројот на влегувањата на граѓаните на Република Македонија во Република Бугарија со што се создаде негативен економски ефект во пограничните региони од двете страни на границата. Нашата делегација се заложи за олеснување на визниот режим за граѓаните на Република Македонија од пограничните општини, предлагајќи официјалните лица од Амбасадата на Република Бугарија во Република Македонија да направат напори за воспоставување на т.н конзуларни денови и во другите градови, освен во Скопје и Битола. Исто така, беше предложено поедноставување на процедурата во согласност со потпишаната спогодба меѓу нашата земја и ЕУ за олеснување на визниот режим и издавање на подолготрајна виза (од три до пет години)

На средбите со официјалните лица на Република Бугарија се разговараше за можностите за инвестирање на патната и енергетската инфраструктура со што би се креирале услови за подобро поврзување на двете земји на енергетски и транспортен план. Во оваа насока како посебно важни се истакна Коридорот 8 и нафтоводот АМБО и што поскорото отворање на уште три гранични премини меѓу двете држави (Пехчево - Симитли, Берово - Струмјани и Делчево - Невесино). Делегацијата беше информирана дека парламентот на Република Бугарија за две до три недели ќе го ратификува договорот за АМБО. Република Бугарија има во план да инвестира пет милијарди евра во подобрување на транспортната инфраструктура на нејзината територија.

Поттикнувањето на прекуграничната соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија, во рамките на еврорегионите, исто така, се оцени како значаен аспект на соработка.

Делегацијата на Собранието на Република Македија се заложи за поинтензивни контакти на парламентарно и владино ниво со цел односите меѓу двете соседни и пријателски земји да се развиваат поинтензивно. Се предложи најмалку два пати годишно да се среќаваатт парламентарните групи за соработка, еднаш во Република Македонија, еднаш во Република Бугарија. Во таа насока беше обновена поканата до претседателот на Народното Собрание на Република Бугарија Георги Пирински за посета на Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

БЕЛЕШКА

од средбата на членовите на пратеничката група за соработка сопарламентот на Сојузна Република Германија соДелегација на Групата за соработка со Југоисточна Европа при германскиот Бундестаг оддржана на 17 мај 2007 година во Скопје

Скопје, мај 2007 година

Во рамките на Програмата за посета на Република Македонија на 17 мај 2007 година беше остварена средба на членови на Пратеничката група за соработка со парламентот на Сојузна Република Германија со членовите на Делегацијата на групата за соработка со Југоисточна Европа при германскиот Бундестаг.

Делегацијата беше во состав: Детлеф Дзембрицки (СПД), шеф на Делегацијата и претседател на парламентарната група за соработка со Југоисточна Европа, Јосип Јуратовиќ (СПД), член на групата, Јирген Климке (ЦДУ), член на групата, Јоахим Гинтер (ФДП), член на групата и Рене Кребс, секретар на групата.

Во својство на заменик на претседателот на Пратеничката група за соработка со парламентот на Сојузна Република Германија, со средбата претседаваше Виолета Ташева (ВМРО-ДПМНЕ). На средбата присуствуваа и пратениците: Мирјана Секуловска (НСДП), Гарип Каба (ДПА), Неждет Мустафа (ОПЕР), Андреј Жерновски (ЛДП) и Влатко Серафимов (СДСМ).

На почетокот претседавачот Виолета Ташева изрази големо задоволство за можноста да се сретнат групите за соработка на двете земји и да се разменат мислења и искуства за унапредување на парламентарната соработка. Таа извести дека претседателот на Групата, Владимир Ѓорчев, заради службени обврски не е во земјава и дека жали што не е во можност да се сретне со пратениците на Бундестагот. Се констатираше дека меѓусебните билатерални односи ги карактеризира пријателство и висок степен на меѓусебно разбирање. Се потенцираше дека Република Македонија е земја кандидат за членство во Унијата и Владата на Република Македонија интензивно работи на приближување на земјата кон европските структури и достигнување на европските стандарди при што сите сили се насочени кон забрзани реформи и подготовки на земјата за преговори со Унијата, што се очекува да се случи наскоро.

На средбата се потенцираше дека Република Македонија прави сериозни напори што поскоро да стане членка на НАТО Алијансата. Постигнати се огромни резултати во областа во реформите на одбраната, професионализацијата на вооружените сили, етничката застапеност во одбранбените и безбедносните сили. Според заклучоците од Завршниот документ од Самитот во Рига, согласно делот кои се однесува на Република Македонија, Македонија може да очекува да добие покана за прием во НАТО во 2008 година и се надева дека Германија ќе биде поддржувач за зачленување на земјата во НАТО.

Гостите беа информирани за одржувањето на Безбедносниот форум на Евроатлантскиот Партнерски Совет што ќе се случи во Охрид на 28 и 29 јуни 2007 и нашите очекувања делегациите да бидат претставени на повисоко односно министерско ниво.

Се истакна дека економските односи ги карактеризира нагорен тренд, но сепак има простор за натамошно унапредување и збогатување на стоковата размена кај двете страни.

Понатаму гостите беа информирани за преземените активности за целосно спроведување на Охридскиот Рамковен договор и цврстата определба за мирен и хармоничен развој на граѓанското општество. Се преземаат чекори за понатамошна стабилизација на мултиетничкиот карактер на земјата и развивање на стратешки приоритети за спроведување на целите на Охридскиот Рамковен договор. Се смета дека развојот на локалната самоуправа е од суштинско значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот, и за унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците.

Понатаму пратениците информираа за активностите околу предлагањето за донесување на нов Деловник за работа на Собранието со цел поефикасно функционирање на парламентот. За таа цел се користи искуството на експерти од Бундестагот а особено значајна беше посетата на Волвган ЦЕ, поранешен генерален секретар на Бундестагот, при што се смета дека неговото искуство во голема мерка ќе придонесе за појасно согледување на потребата од поефикасна работа на Собранието.

Се побара доколку постои можност во Германскиот Парламент да се формира одделна група за соработка со Собранието на Република Македонија, како што постои посебна група за соработка со парламентот на Сојузна Република Германија во Собранието.

Пратениците на Германскиот Бундестаг потсетија дека Германија е земја претседавач со Унијата и дека неодамна во нивната земја се одржала прослава по повод 50 годишнината од потпишувањето на Римските договори при што еден дел на Европа бил исклучен од семејниот настан за што искрено жалат. Тие прават напори регионот да стане дел од Европа и да се овозможи негов одржлив развој. Посочија дека пратениците мора да бидат чувари на демократијата и конфликтите да се решаваат на мирен и вербален начин. Пратениците треба да ги поддржуваат своите Влади и владини коалиции и да се настојува да се изнајде консензус за сите отворени прашања, а државата мора биде заштита за секој граѓанин.

Се заклучи дека состојбата во регионот од ден на ден се подобрува пред се заради јасните европски перспективи. Република Македонја мора да се развива како деетнизирано, односно граѓанско општество. Се прават цврсти чекори во однос на надминување на етничките разлики и покрај тешката економска состојба. Се констатираше дека високите демократски општества се ценат по тоа како мнозинството го третира малцинството, а образованието е начин како да се достигне тоа.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

БЕЛЕШКА

од средбата на г-ца Славица Грковска, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел со г-ѓа Амира Арно, Амбасадор на Државата Израел во Република Македонија (резидентна во Ерусалим, Израел), остварена на 4 јуни 2007 година во Собранието на Република Македонија

Скопје, јуни 2007 година

На барање на г-ѓа Амира Арно, Амбасадор на Државата Израел во Република Македонија (резидентна во Ерусалим, Израел), на 4 јуни 2007 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на г-ца Славица Грковска, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел. Во придружба на г-ѓа Арно беа: г. Виктор Мизрахи, претседател на Еврејската заедница во Република Македонија и претставник од Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

Средбата претставуваше можност за меѓусебно запознавање на двете соговорнички и размена на мислења за актуелната политичка состојба во двете земји. Од страна на г-ца Грковска беше информирано за актуелната политичка состојба во земјата, за работата на Собранието на Република Македонија и неговите комисии. Исто така, беше информирано и за досегашните активности на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел, при што на г-ѓата Арно и´ беше укажано дека досега се остварени повеќе средби во Република Македонија со поранешните амбасадори на Израел во Република Македонија и со претставници од други државни институции од Израел. Од страна на г-ца Грковска беше укажано на потребата од поблиска соработка меѓу двата парламента во иднина на повеќе парламентарни нивоа, при што г-ѓа Арно укажа дека во Парламентот на Израел не е формирана посебна пратеничка група за соработка со Собранието на Република Македонија и дека таа ќе преземе иницијатива за подобрување на оваа ситуација.

Се разговараше и за активностите што Република Македонија ги презема на планот на евро-интегративниот процес. Од наша страна беше укажано дека Република Македонија како свој приоритет ја има европската и евро-атлантската интеграција, за која постои широк политички консензус и силна политичка волја овој приоритет што поскоро да стане сегашност за македонските граѓани.

На средбата стана збор и за проблемот со името на Република Македонија, при што беше побарана поддршка од страна на Израелската влада во напорите да се зачува уставното име на нашата земја. Од страна на г-ѓа Арно беше укажано дека е потребно продолжување и што поскоро завршување на започнатиот дијалог меѓу двете земји во рамките на ОН и дека се надева на успешен исход од истиот во блиска иднина.

Во текот на разговорот беа разменети мислења за можностите, преку активирање на билатералниот договор за културна и образовна соработка, да се започне со преземање на конкретни активности за унапредување на образовниот процес во Република Македонија преку размена на ученици и студенти, како и изнаоѓање начини за материјална помош за училиштата во потребна компјутерска опрема и друго. Г-ѓа Арно се интересираше дали во образовниот процесс на сите нивоа е обезебден компјутер за секој ученик, при што г-ца Грковска ја информираше соговорничката дека еден од проектите на Владата на Република Македонија што започна да се реализира е "компјутер за секој ученик", но тој сеуште е во почетна фаза и нема видливи резултати досега. Се разгледаа можностите за практична реализација на евентуалната донација на компјутерска опрема од страна на Владата на Израел која би се реализирала преку Канцеларијата на УСАИД во Република Македонија, со оглед на фактот што Израелската влада досега има остварувано многу успешна соработка со УСАИД.

На крајот на средбата беа искажани взаемни уверувања дека во духот на конструктивната билатерална соработка, двете земји активно ќе придонесуваат кон нејзино продлабочување и интензивирање.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

БЕЛЕШКА

од средбата на членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Босна и Херцеговина со Делегацијата на Комисијата за надворешна трговија и царина на Претставничкиот дом на Парламентарното Собрание на Босна и Херцеговина, остварена на 6 јуни 2007 година

Скопје, јуни 2007 година

Во рамките на официјална посета на Република Македонија на Делегацијата на Комисијата за надворешна трговија и царина на Претставничкиот дом на Парламентарното Собрание на Босна и Херцеговина, во Собранието на Република Македонија на 6 јуни 2007 година беше остварена средба со претседателот и членовите на Пратеничката група[41] на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Босна и Херцеговина. Делегацијата на Комисијата ја предводеше г-ѓа Снјежана Рајилиќ, претседател на Комисијата, а во нејзин состав беа и: г. Јерко Иванковиќ, заменик на претседателот на Комисијата и г. Шемсудин Мехмедовиќ, член на Комисијата, во придружба на претставник од Амбасадата на Босна и Херцеговина во Република Македонија.

Средбата претставуваше можност за размена на мислења во врска со актуелната политичка и економска состојба во двете земји, како и за процесот на евро-интеграцијата на двете земји. Во таа насока, г. Рахиќ со задоволство го поздрави потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација на Босна и Херцеговина со Европската унија и притоа изрази очекување дека во многу блиска иднина и Република Македонија и Босна и Херцеговина ќе станат полноправни членки на големото европско семејство. Г. Рахиќ изрази надеж дека поради постоењето на посебна Пратеничка група во Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Босна и Херцеговина, во претстојниот период контактите меѓу двата парламента ќе бидат интензивирани.

Од страна на г-ѓа Рајилиќ беше накратко информирано за државната структура на Босна и Херцеговина, поради чија сложеност се среќаваат со проблеми при донесување на важни одлуки, како и со нивната бавна имплементација. Г-ѓа Рајилиќ укажа дека во Парлаемнтот на Босна и Херецеговина не постои посебна пратеничка група за соработка со Собранието на Република Македонија и смета дека како пандан на нашата група би можело да се развива соработка со нивната Комисија за надворешна политика. Од аспект на половата структура на босанскиот парламент таа истакна дека поради отворените изборни листи, во сегашниот состав има само пет жени-пратеници. Како позитивен пример од Република Македонија, кој лично г-ѓа Рајилиќ го има иницирано и кој успешно се реализира во праксата од минатата година, го посочи отворањето на пратенички канцеларии за контакти со избирачите во Босна и Херцеговина по примерот на овие канцеалирии во Република Македонија.

Во однос на економската состојба, г-ѓа Рајилиќ укажа дека очекува со имплементацијата на Спогодбата за слободна трговија меѓу Босна и Херцеговина и Република Македонија да се намали надворешно-трговскиот дефицит на Босна и Херцеговина и да дојде до зголемување на извозот за Република Македонија.

Од страна на г. Спасеновски беше поздравено потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација на Босна и Херцеговина со Европската унија и беше изразено очекување дека започнатите реформи на полицијата и донесувањето на реформиран Устав ќе се реализираат според планираната динамика и очекуваните резултати. Во однос на економската состојба, г. Спасеновски истакна дека со влезот на странски инвестиции во Босна и Херцеговина, особено преку изградбата на термоцентрали во Република Српска како заедничка активност со Чешката Влада, очекува дека ќе се изнајдат можности и за ангажирање на македонски градежни компании за изградба на инфраструктурата на термоцентралите.

[41] На средбата присуствуваа пратениците: г.Есад Рахиќ (СДСМ), претседател на Пратеничката група, членовите на Пратеничката група: г.Стојче Крстевски (ВМРО-ДПМНЕ), г. Александар Спасеновски (ВМРО-ДПМНЕ), г. Фадил Сулејмани (независен пратеник), г-ѓа Ајше Селмани (ДУИ), г. Хади Незири (ДПТ) и г. Слободан Најдовски (ЛДП).

Г. Најдовски истакна дека воопшто за квалитетна и просперитетна економска соработка меѓу земјите од поранершна Југославија потребно е пред се´ отстранување на психолошките бариери дека странските производи се подобри и поквалитетни од нашите. Потребно е да се донесе добра правна регулатива за олеснување на трговската размена и ратификување на сите потребни спогодби, а од страна на парламентите на двете држави да се даде силен поттик на стопанската соработка.

Разменувајќи мислења со Делегацијата, пратениците г. Сулејмани, г-ѓа Селмани и г. Стојче Крстевски ја истакнаа потребата и заложбата за што поблиска соработка меѓу двете држави на економски, политички и стопански план и ја поздравија досегашната заедничка успешна соработка во активностите и заедничките мировни операции во "Партнерството за мир".

На крајот на средбата беше искажано дека во духот на конструктивна билатерална соработка, и Република Македонија и Босна и Херцеговина, особено нивните парламенти, активно ќе придонесуваат кон нејзино продлабочување и интензивирање.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ
од посетата на Вашингтон, САД на Делегација
на Собранието на Република Македонија,
што се оствари од 16 до 21 јули 2007 година

Скопје, август 2007 година

На иницијатива на Амбасадата на Република Македонија во Вашингтон, САД, а во соработка со Меѓународниот републикански институт, од 15 до 21 јули 2007 година во работна посета на Вашингтон присуствуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија. Делегацијата беше во состав: Силвана Бонева (ВМРО ДПМНЕ), шеф на Делегацијата, Цветанка Иванова (СДСМ), Флора Кадриу (ДПА), Роза Топузова Каревска (ЛДП), Селвие Салиу (ДУИ) и Мирјана Секуловска (НСДП), членови на Делегацијата, како и Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународна соработка и Маријана Опашинова, советник во Одделението за мултилатерална соработка.

Целта на посетата беше Делегацијата на Собранието на Република Македонија составена од парламентарки од шест полтички партии, застапени во Собранието на Република Македонија, да лобира за членство на Република Македонија во НАТО алијансата.

За време на посетата на Соединетите Американски Држави, Делегацијата оствари средби со претставници на Претставничкиот дом и Сенатот на САД, со администрацијата на САД (Стејт департментот, Националниот совет за безбедност и УСАИД), со невладини организации и претставници на дипломатскиот кор. Беше остварена еднодневна посета на главниот град на сојузната држава Мериленд, Анаполис. Делегацијата практично се сретна со скоро сите организации и поединци кои работат или на кој било друг начин се поврзани со Република Македонија.

Во Конгресот на САД беа остварени средби со повеќе конгресмени и еден сенатор, и тоа: Кендис МИЛЕР (републиканец), Џуди БИГЕРТ (републиканец), Кристофер СМИТ (републиканец), Луис КАПС (демократ), Хилда СОЛИС, (републиканец), Бил ПАСКРЕЛ, (демократ), Дејвид ДРАЈЕР (републиканец) и сенаторката Кеј Бејли ХАЧИНСОН (републиканец).

Делегацијата оствари средби и со претставници на Стејт департментот и тоа со: Розмари Ди КАРЛО, заменик помошник на државниот секретар за европски и евроазиски прашања од Стејт Департментот на САД како и со Џефри КРИЛА, заменик помошник на државниот секретар за демократија, труд и човекови права и амбасадорката Ширин ТАИР-КЕЛИ, висок советник на државниот секретар за зајакнување на улогата на жените. Се оствари и средба со Берт БРАУН, директор за Југоисточна Европа во Националниот безбедносен совет и личен советник на претседателот Џорџ Буш за Македонија.

Делегацијата оствари средба со претставници на невладиниот сектор и тоа со Институтот за зајакнување на демократиите, Националниот демократски институт (НДИ) и Меѓународниот републикански институт (ИРИ)[42], како и со Ева Новотни, амбасадор на Република Австрија во САД.

---

[42] Меѓународниот републикански институте е непрофитна и непартиска организација која работи на унапредување на слободата и демократијата во светот. Повеќе од 20 години институтот, преку своите програми спроведени во повеќе од 100 земји, работи на подготвување на кандидати во политичките партии на истражување на јавното мислење, едукација на гласачите, на промовирање на практики на добро владење, унапредување на улогата на жените и на младите и на изборните реформи и изборниот мониторинг. Програмата на ИРИ во Македонија во наредните години, пред се ќе се концентрира за активности за развој на политичките партии на локално ниво, двонасочна внатрешна комуникација и демократизација, организирање на кампањи, идентификација на прашања од интерес на граѓаните преку редовни квартални истражувања на јавното мислење, активности во корист на борбата против корупцијата, зајакнување на институтите за истражување и учество на жените, младите и малцинските подгрупи во политичките процеси.

Во рамките на посетата, а во насока за подобро запознавање на Република Македонија и напредокот што го прави на сите полиња за да ги реализира своите стратешки цели - членство во НАТО и во ЕУ, Меѓународниот републикански институт организираше панел дискусија на тема: "Република Македонија: евроатлантски аспирации и перспективи", при што пред поширок аудиториум на еминентни невладини организации и респектирани "think-tank организации", македонските парламентарки ги презентираа реформските процеси што се остваруваат во земјата. Заради поцелисходно претставување на достигнувањата, пратеничките своите исцрпни излагања ги поделија по области и тоа: Силвана Бонева информираше за сите преземени активности на политички план за интегрирање на земјата во евроатлантските структури, Цветанка Ивановска за реформите во правосудството, полицијата, борбата против корупцијата и трговијата со луѓе, Флора Кадриу за приоритетите на надворешната политика на Република Македонија и регионалната соработка, Роза Топузова Каровска за процесот на децентрализација, Мирјана Секуловска за економските реформи и енергетиката и Селвие Салиу за имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и правичната застапеност на етничките заедници во јавната администрација. Потоа се отвори дебата на која пратениците одговараа на поставените прашања.

На сите остварени средби беше врачена Декларацијата на Собранието на Република Македонија за поддршка за прием на Република Македонија во НАТО, едногласно усвоена на 19 јуни 2007 година, со што се презентираше единството во земјата кон нашите аспирации во НАТО.

Од сите соговорници беше поздравена посетата на Делегацијата на Собранието на Република Македонија составена од парламентарки, високиот процент на учество на жените во политиката на сите нивоа, како на парламентарно, така и на владино ниво, како и во процесот на одлучување во државата.

Во текот на средбите со претставниците на ИРИ и за време на средбата со конгресмените, беше поддржан предлогот овој тип на посета на жени парламентарки за лобирање за Република Македонија за членство во НАТО да продолжи и со посети на парламентии на другите земји членки на НАТО, со средби на парламентарки од тие земји. Женскиот парламентарен клуб, кој дејствува во рамките на Собранието на Република Македонија, иницираше и мрежно поврзување со жените пратеници во останатите парламенти на земјите членки на НАТО со цел за презентирање и запознавање со напорите што се преземаат во земјата за исполнување на стандардите за членство во НАТО. Идејата беше презентирана на повеќето средби и истата беше поддржана да се реализира во иднина, со поддршка на институтот ИРИ. Австрискиот амбасор во САД, како земја членка на ЕУ, но не и на НАТО се задржа на процесот кога Австрија пристапувала кон Унијата и кога покрај високото ниво на развој на земјата и високиот животен стандард на нејзините граѓани, сепак водела макотрпни тригодишни преговори за зачленување во Унијата. Австрија е посебно заинтересирана за стабилизирање на целиот балкански регион и е подготвена да и помогне на земјава. Таа се понуди да посредува со Австрискиот парламент при следната евентуалната посета на Делегација на Собранието составена од парламентарки.

Како посебни пораки и оценки кои Делегацијата ги доби од своите соговорници особено се издвојуваат следниве:

П Р Е П О Р А К И

Високо се цени конструктивниот пристап што Република Македонија го имала за време на косовската криза во 1999 година, како и разрешувањето на конфликтот во 2001 година по мирен пат;

Многу успешно се оценува придонесот што Република Македонија го дава со учество на 3% од нејзината Армија во мировните мисии во ИРАК, Авганистан и Босна и Херцеговина;

Односите меѓу Република Македонија и САД се одлични, а соработката се смета за соработка меѓу две партнерски земји;

Се цени дека треба да продолжи процесот на имплементација на Охридскиот рамковен договор со можност тој процес да се забрза;

Да продолжи политичкиот договор со учество на сите полтички партии во него, а во текот на тој процес сите партии треба да покажат национален консензус и политичка зрелост. Потребно е дијалогот да даде резултат, да има прогрес и стабилно општество. Македонија треба да покаже дека во неа функционира демократскиот систем и пазарната економија;

Се побара зајакнато продолжување на ангажманот на Владата на Република Македонија во правец на исполнување на реформските процеси. Политичките партии се повикани на сериозно и конструктивно однесување во овој исклучително важен период за земјата. Институциите на политичкиот систем се повикани како единствено место за политички дијалог и артикулирање на интересите на различките политички фактори, а сите потешкотии и проблеми да се решаваат во рамките на институциите а не надвор од нив. Бојкотирањето на институциите многу лошо се перцепира од страна на САД и европските партнери;

Во однос на членството во НАТО како заедница на вредности, секоја земја аспирант ќе биде оценувана поединечно и ќе треба да ги задоволи потребните критериуми, а потоа да очекува влез во НАТО. НАТО нема да прифати ни една држава што ќе и донесе и внесе проблеми во Алијансата. Ако досега како можно сценарио за приемот на нови земји членки во 2008 година се сметаше формулата "или една земја од Јадранската група ќе биде поканета, или две земји или сите три земји ќе добијата покани", односно сите три опции беа возможни, сега веќе се напушта веројатноста две земји да добијат покани, односно останува опцијата "или само една земја да добие покана или сите три заедно". Беше укажано дека Хрватска има најмалку проблеми во однос на достигнување на стандардите, Албанија има најмногу проблеми, а дека Македонија е некаде во средината во однос на другите земји од Јадранската група;

Конечната одлука за тоа на кои земји ќе им се упати покана за членство во април 2008 година, земјите членки на НАТО ќе ја донесат во декември оваа година. Македонија непотребно изгубила многу време во текот на 2006 година. Следниот период е клучен за Македонија и практично остануваат уште само три месеца, односно од септември до ноември 2007 година. Се препорачува сите сили во државата да бидат сконцентрирани во овој временски период за да се завршат сите неопходните реформи, со цел Македонија да добие покана за членство. Како најголеми поддржувачи на членството на Република Македонија во НАТО од страна на европските земји, членки на НАТО се посочија трите Балтички земји и Романија;

Како посебно значајно се истакна продолжувањето на процесот на децентрализација;

Се очекува забрзано да продолжат судските реформи и да се донесе законот за јавното обвинителство и да се докомплетира Судскиот совет;

Да продолжи борбата против корупцијата и борбата против криминалот така што сите започнати судски процеси да се донесуваат без влијание на полтиката. Ова е особено значајно за подобрување на бизнис климата и странските инвестиции за кои е потребно позитивно безбедносно опкружување;

САД посветуваат големо внимание на трговијата со луѓе и во таа насока сметаат дека треба да продолжи борбата против овој вид на криминал во државата;

Да се донесе законот за правната положба на црква, верска заедница и регионална група. Предложениот Предлог за донесување на закон со предлог на закон, не ги задоволува потребните стандарди кои треба да бидат задоволени;

Во врска со односите со Грција потребно е да се воспостават добри соседски односи. Во идниот период се препорачува да не се провоцира соседната земја а, исто така, да не се реагира на нивните провокации;

Решавањето на прашањето на статусот на Косово е тежок период за регионот, затоа е потребно земјата да продолжи со својата конструктивна улога во поддржувањето на планот на Ахтисари. САД сметаат дека ситуацијата статус-кво не може да трае бесконечно и дека сега е моментот за финиширање на идниот статус на Косово. Тие и понатаму ќе работат на решавање на тоа прашање;

Вториот безбедносен форум на Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС) што се одржа на 28 и 29 јуни 2007 година во Охрид се оценува дека бил организиран исклучително квалитетно и професионално и го потврдува капацитетот на државата за координација на сите нивоа;

Посетата на претседателот Буш на регионот и на една од земјите членки на Јадранската група претставува јасен сигнал дека САД се многу заинтересирани да видат дека сите земји од групата поединечно ги исполнуваат критериумите за прием во НАТО за да добијат покана да и се придружат на Алијансата. На тој начин претседателот Буш ја искажува својата подготвеност за натамошна помош во однос на овој процес.

З А К Л У Ч О К

Посетата се оценува како исклучиво успешна бидејќи ги исполни сите зацртани цели. Делегацијата успешно ги презентираше сите спроведени реформи, како и претстојните активности а кои се во прилог на аспирациите на Република Македонија за членство во НАТО.

Разговорите водени со соговорниците, пораките кои се пренесени и пораките кои се добиени, се оценуваат како исклучително успешни и поволни на патот кон евроатлантската интеграција. Се смета дека е остварена целта на посетата а тоа е заедничко претставување на Република Македонија од претставниците на сите политички партии во позитивно светло, како една успешна приказна на Балканот и земја која забрзано се подготвува за добивање на заслужената покана за членство во НАТО на Самитот на НАТО што ќе се одржи во Букурешт следната година.

Настапите на членовите на Делегацијата беа кохерентни особено при изјавите за едногласноста на сите политички фактори (парламентарното мнозинство и опозицијата) во намерите за евроатлантско интегрирање на земјата. Пораките од соговорниците се охрабрувачки, реални и позитивни. Поддршката од 90% од јавното мислење за интегрирањето во НАТО е презентирана како резултат на заедничките напори и желби и тоа како на граѓаните на Република Македонија, така и на сите политички партии, пред се, за спроведување на неопходните реформски мерки кои ќе ја приближат земјата до НАТО стандарди. Република Македонија е прикажана како сојузник на НАТО, активен учесник во глобалната борба против тероризмот со своите мисии во Ирак, Авганистан и Босна, како земја која од корисник стана контрибутор на стабилноста и безбедноста во регионот и пошироко во светот. Изразена е благодарност за поддршката што Република Македонија ја дава во рамките на глобалната антитерористичка коалиција.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

за реализираните средби во Собранието на Република Македонија на 4 октомври 2007 година со Делегацијата на Групата на Парламентот на Естонија за соработка со Собранието на Република Македонија, во рамките на нивната официјална посета на Република Македонија

Скопје, октомври 2007 година

Во официјална посета на Република Македонија од 4 до 6 октомври 2007 година престојуваше Делегација на Групата на Парламентот на Естонија за соработка со Собранието на Република Македонија, предводена од г. Ханес Асток, пратеник од Партијата на реформистите, претседател на Групата, во чиј состав беа и пратениците: г-ѓа Татјана Муравјова и г. Тави Роивас, исто така од Партијата на реформистите. Во придружба на Делегацијата беа и г. Хеики Краниц, бизнис консултант, поранешен министер за финансии и животна средина на Естонија и г-ѓа Марја Реинберг, секретар на Делегацијата.

Делегацијата на 4 октомври 2007 година оствари средби во Собранието на Република Македонија, а на 5 и 6 октомври 2007 година со министри од Владата на Република Македонија, претставници на ЗЕЛС и со градоначалниците на Прилеп и Битола.

Делегацијата за време на средбите во Собранието на Република Македонија беа придружувани од претставници од Стручната служба на Собранието на Република Македонија, односно од Секторот за меѓународна соработка, Одделението за преведување и Одделението за протоколарни работи.

* * * * *

Во рамките на Програмата, беа остварени следните средби во Собранието на Република Македонија: куртоазна средба со г. Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија; средба со претседателот и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на Балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, со претседателите и членови на Комисијата за надворешна политика, на Комисијата за европски прашања и на Комисијата за одбрана

* * * * *

Цел на посетата

Целта на посетата на Делегацијата беше воспоставување и развивање на поблиски билатерални односи на парламентарно ниво, размена на искуства од парламентарното работење, разгледување на можностите за обезбедување услови за поинтензивна економска соработка, како и согледување на сите можни аспекти за активна поддршка од страна на Естонија на евро-атлантските интеграции на Република Македонија.

* * * * *

СУБЛИМАТ НА РАЗГОВОРИ ПО ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

Внатрешна политичка состојба

Делегацијата беше запознаена со актуелната политичка ситуација во Република Македонија, со активностите во Собранието на Република Македонија на планот на донесување на законите од европската агенда на Република Македонија, како и со функционирањето и активностите на комисиите во Собранието во процесот на евро-интеграцијата на земјата. Соговорниците беа запознаени и со процесот на имплементација на Рамковниот договор и за преземените активности на Владата со кои се заокружува неговата имплементација. Делегацијата беше информирана за заложбите на Владата на планот на донесување на квалитетни закони, кои ќе го почитуваат социјалниот и меѓуетничкиот аспект на македонското општество.

На средбите стана збор и за преземените активности на планот на борбата против корупцијата, за реформите во судскиот систем кои се клучни за евро-атлантската интеграција на земјата, за реформите во образованието, преку кои

Република Македонија значително ќе се доближи и интегрира согласно европските стандарди во овие области.

Економска состојба

Соговорниците беа информирани за активностите на Владата на планот на обезбедување на поволна бизнис-клима во земјата за привлекување на што поголем обем на странски инвестиции преку меѓународната кампања Invest in Macedonia, од која се очекуваат многу позитивни резултати во претстојниот период. Преземените активности доведоа до рангирање на Република Македонија на 4-то место на светската листа на најреформски земји за изминатава година, што претставува огромен успех за државата.

На средбите беа разгледани можностите двата парламента, преку создавање на правно-легислативни услови, да овозможат поактивна стопанска активност меѓу Република Македонија и Република Естонија, особено во секторите на прехрамбената индустрија (органско производство на храна), земјоделството, рударско-металуршката индустрија, размена на искуства од технолошкиот развој и сл.

Соговорниците информираа дека во Естонија активно се следи економската состојба во Република Македонија, при што како мошне позитивен чекор во очекуваниот инвестициски бум се оценува воведувањето на системот на рамни даноци. Во овој контекст напоменаа дека како најголема реформа од економската област што Естонија ја направила во 1993 година била токму воведувањето на системот на рамни даноци и 0% данок на реинвестирана добивка, што се покажа како многу успешен потег на планот на привлекување на странски инвестиции. Исто така, со стекнувањето на статус на полноправен член во Европската унија, Естонија доживеа брз економски растеж, со што нејзините граѓани набргу ги почувствувале и економските бенефити од членувањето во ЕУ, бидејќи значително се подобрил нивниот стандард. Преку реформските зафати, Естонија претставува релативно нова земја-членка на ЕУ која за краток временски период успешно се интегрирала во големиот европски пазар.

Европска интеграција

На средбите беа разменети искуства од процесите на европската интеграција на двете земји. Притоа соговорниците нагласија дека сите реформи што се преземале во Естонија во процесот на нејзино евро-интегрирање биле пред се´ реформи за Естонија да стане модерна, развиена и динамична земја, која реформирана на тој начин ќе биде важна земја-членка на Европската унија.

Од наша страна беше информирано за активностите што од страна на сите државни институции се преземаат и реализираат во процесот на европската интеграција на Република Македонија. Притоа, беа споменати реформите во судскиот систем, унапредувањето на системот на јавната администрација, реформите во областа на борбата против корупцијата, хармонизацијата на домашното со европското законодавство, и сл. Беше укажано дека за реформите во оваа сфера постои широк политички консензус, а гледано од аспект на анкетите кои се спорведуваат од реномирани меѓународни институции, граѓаните на Република Македонија со висок процент се изјаснуваат за што поскоро зачленување на Република Македонија во Европската унија. Сето тоа претставува добра основа Република Македонија да побара поддршка од земјите-членки на ЕУ во нејзините напори што поскоро да добие датум за отпочнување преговори за полноправно членство во големото семејство на европските држави и нации.

Соговорниците истакнаа дека на Република Македонија гледаат како на земја која е многу блиска до Република Естонија по своето историско минато и традиционално добрите билатерални односи и укажаа дека местото на Република Македонија е во Европската унија, со голема поддршка од страна на Естонија и на другите пријателски земји.

Евро-атлантска интеграција

Соговорниците беа информирани за реформите во безбедносниот и секторот на одбрана, при што беа запознаени со активностите што се преземаат на планот на професионализацијата на Армијата на Република Македонија, како и за учеството на македонски војници во меѓународните мировни мисии во Ирак, Босна и Херцеговина и Авганистан, во рамките на глобалната анти-терористичка војна.

На планот на реформите на Армијата, соговорниците беа запознаени дека Армијата на Република Македонија има формирано две бригади на војници кои се во целост компатибилни со НАТО стандардите, а во областа на реформите на полицијата како значајно за одбележување е оформувањето на гранична полиција.

Гостите беа информирани дека како членка на Јадранската група, Република Македонија е активен промотор на добрососедска политика и носител на бројни иницијативи за зајакнување на регионалната соработка во евро-атлантската интеграција на земјите од Јадранската група и пошироко во регионот.

Соговорниците изнесоа многу високи оценки за процесот на евро-атлантското интегрирање на Република Македонија и истакнаа дека Република Естонија ја дава и ќе ја дава безрезервната поддршка на Република Македонија на планот на нејзино комплетно интегрирање во структурите на НАТО. Најавија амбициозна поддршка на нашата земја во пресрет на претстојниот Самит на НАТО на планот на добивање на покана за полноправно членство во НАТО Алијансата.

* * * * *

Заклучни согледувања

Првата официјална посета на Република Македонија на Делегација на Групата за соработка на Парламентот на Естонија со Собранието на Република Македонија може да се оцени како мошне успешна и корисна од аспект на размена на искуства, мислења и ставови во врска со актуелните односи меѓу двете земји. Особено беа разгледани можностите за развивање на поинтензивна билатерална парламентарна соработка.

Посебен акцент беше ставен на разгледување на сите можности за поддршка и лобирање од страна на Република Естонија и нејзиниот парламент на активностите на Република Македонија за што поскоро добивање датум за отпочнување на преговори со ЕУ за полноправно членство во Европската унија, како и добивање покана за полноправно членство во НАТО Алијансата на претстојниот Самит во Букурешт следната година.

Со оваа посета, која според впечатоците на естонската делегација беше реализирана според одлична програма, со висока професионалност, компетентност и коректен однос, тие добиле појасна слика за Република Македонија, за што ќе поднесат позитивен извештај пред Комисијата за надворешни работи на Естонскиот парламент.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

БЕЛЕШКА

од средбата на г. Владимир Ѓорчев, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка
со Парламентот на Сојузна Република Германија со Делегацијата на Изборната комисија за избор на македонски учесници во Меѓународната парламентарна стипендија во Бундестагот на Сојузна Република Германија, остварена на 18 октомври 2007 во Собранието на Република Македонија

Скопје, октомври 2007 година

Делегација на Изборната комисија за избор на македонски учесници во Меѓународната парламентарна стипендија (ИПС) во Бундестагот на Сојузна Република Германија, предводена од г-ѓа Маргрит Вецел пратеник во Германскиот Бундестаг, на 18 октомври 2007 година во Собранието на Република Македонија оствари средба со г. Владимир Ѓорчев, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија. Во придружба на г-ѓа Вецел беа: д-р Уве Јенс Нагел, актуелен заменик на претседателот на Хумболт универзитетот во Берлин, г. Ерик Пуст, заменик раководител на рефератот ВИ 4 во администрацијата на Бундестагот на СР Германија, како и г-ѓа Доротеа Гизелман и г-ѓа Барбара Утевска, претставници на Амбасадата на СР Германија во Република Македонија. Во рамките на посетата, делегацијата оствари средба и со г. Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија, а се одржа и Прес конференција на г. Ѓорчев и г-ѓа Вецел, на која присуствуваше и Н.Е. Ралф Андреас Брет, Амбасадор на СР Германија во Република Македонија.

Средбата се одржа непосредно по изборот на македонски учесници во Меѓународната парламентарна стипендија, при што г-ѓа Вецел истакна дека се особено задоволни од досегашната соработка. Преку оваа стипендија се овозможува на 150 млади високо образовани кадри-стипендијанти од 25 земји да работат со германски пратеници, при што преку тримесечен престој во Бундестагот се здобиваат со извонредни сознанија за работата на парламентот во целина, како и за работата на германските пратеници. Во функција на опортуност на оваа соработка, г-ѓа Вецел истакна дека се наметнува потребата овие млади луѓе пред да заминат на престој во Бундестагот да престојуваат неколку дена во македонскиот парламент и да се запознаат со неговата работа, а по завршувањето на нивниот престој во Бундестагот, да се согледаат можностите дали тие може да бидат ангажирани за одреден период во Собранието на Република Македонија. На тој начин ќе се постигне нивна поголема мотивираност, интеграција во административниот систем на земјата и поголема можност за искористување на нивните стекнати искуства. Истовремено, г-ѓа Вецел најави дека на претстојната средба со претседателот на Собранието на Република Македонија ќе побара Собранието и тој лично како претседател да го преземе покровителството над оваа долгогодишна соработка меѓу Собранието на Република Македонија и Бундестагот на СР Германија.

Пратеникот Ѓорчев истакна дека Собранието на Република Македонија особено ја цени повеќегодишната соработка со германскиот Бундестаг во оваа област и изрази надеж дека покренатите иницијативи од страна на г-ѓа Вецел ќе бидат во натамошниот период реализирани. Г. Ѓорчев укажа дека потребата за високо образовен кадар во административните капацитети на нашата земја е се´ повеќе изразена, но нивното вклучување понекогаш е лимитирано од економските капацитети на земјата. Г. Ѓорчев изрази очекување на позитивна имплементација на овие иницијативи, а во текот на разговорите уште еднаш ја потенцираше важноста од продолжување на оваа активност и во иднина.

Во текот на разговорите беа разменети мислења за актуелната политичка состојба во земјата и за позициите на Република Македонија во европското и евро-атлантското интегрирање.

На крајот на средбата беа искажани взаемни уверувања дека во духот на конструктивната билатерална соработка, двете земји активно ќе придонесуваат кон нејзино продлабочување и интензивирање.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

БЕЛЕШКА

од средбата на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Канада со Н.Е. д-р Сашко Насев, амбасадор на Република Македонија во Канада, одржана на 18 октомври 2007 година

Скопје, ноември 2007 година

Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Канада на 18 октомври 2007 година одржа средба со Н.Е. д-р Сашко Насев, амбасадор на Република Македонија во Канада. На состанокот присуствуваа пратениците: м-р Никола Поповски, претседател на Пратеничката група, г. Петар Поп-Арсов, г-ѓа Валентина Божиновска и г-ѓа Славица Грковска, членови на Групата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Групата и г-ѓа Катерина Михајлова, раководител на Одделението за Северна, Централна и Јужна Америка во Министерството за надворешни работи.

Изразувајќи задоволство од остварувањето на средбата, претседателот на Пратеничката група м-р Никола Поповски ја поздрави неодамнешната одлука на Владата на Канада за признавање на уставното име на Република Македонија. Тој оцени дека оваа одлука е од големо значење, со оглед на фактот дека Канада е една од најразвиените и највлијателните земји во светот, членка на Г8 и на НАТО.

Амбасадорот на Република Македонија во Канада д-р Сашко Насев, истакна дека одлуката на Канадската влада за користење на уставното име во билатералната комуникација со Република Македонија е резултат на долгогодишните активности на сите дипломати во дипломатско-конзуларните претставништва и големата македонска дијаспора во Канада.

Во своето излагање тој се осврна на структурата и фунционирањето на Парламентот на Канада, кој е составен од три сегменти: Кралицата (претставена преку генералниот гувернер), Сенатот и Долниот дом. Во моментов на власт во Канада е малцинска влада на Конзервативната партија, на чело со премиерот Стивен Харпер. Покрај оваа партија, во парламентот се застапени три партии кои се во опозиција: Либералната партија, Новата демократска партија и Блокот на Квебек.

Осврнувајќи се на парламентарната соработка меѓу двете земји, амбасадорот д-р Насев подвлече дека Република Македонија е една од ретките земји за којашто во Парламентот на Канада е формирана интерпарламентарна група за пријателство. Со оглед на сложената процедура за формирање на интерпарламентарни групи, во Канадскиот парламент функционираат само 14 вакви групи. Интерпарламентарната група за пријателство Канада-Македонија е формирана на иницијатива на канадскиот пратеник од македонско потекло г. Луј Темелковски, а нејзин престедател е пратеникот г. Роџер Вали. Оваа група е основана во јуни 2005 година со употреба на уставното име на Република Македонија, и покрај големите несогласувања и притисоци од страна на пратениците од грчко потекло и грчката дијаспора во Канада. Формирањето на групата преставувало прв значаен чекор кон донесувањето на владината одлука за признавањето на уставното име на нашата земја.

Амбасадорот информираше дека во рамките на минатата сесија на Долниот дом на Парламентот на Канада, пратеникот г. Луј Темелковски поднел предлог на закон за користење на уставното име на Република Македонија во билатералната комуникација. Со соодветната одлука на Владата на Канада од 18 септември 2007 година, овој предлог на закон станал ништовен.

Во фукција на продлабочување на парламентарната соработка меѓу Собранието на Република Македонија и Парламентот на Канада, амбасадорот д-р Сашко Насев предложи да бидат упатени покани за посета на Република Македонија до претседателот на Сенатот г. Ноел Кинсела и претседателот на Долниот дом на Канадскиот парламент г. Питер Милекен. Тој информираше дека во рамките на претстојната посета на Канада на министерот за одбрана на Република Македонија г. Лазар Еленовски, предвидено е министерот да биде примен од претседателите на двата дома на Парламентот.

Според амбасадорот на Република Македонија во Канада, унапредување на парламентарната соработка меѓу двете земји е можно во рамките на евроатлантските интеграции, како и во рамките на Глобалната асоцијација на парламентарци за борба против корупцијата (GOPAC).

Членовите на Пратеничката група беа информирани дека на претстојната Светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог, што ќе се одржи од 26 до 28 октомври 2007 година во Охрид, Канадската делегација ќе ја сочинуваат: претседателот на Интерпарламентарната група за пријателство Канада-Македонија г. Роџер Вали, пратеникот Луј Темелковски, пратеничката Меили Фел и директорот на "Христијанската амбасада", г. Џери Шерман. Во врска со ова, амбасадорот сугерираше доколку е возможно, Пратеничката група за соработка со Парламентот на Канада во нивна чест да организира работен ручек или вечера.

Пратеникот Петар Поп-Арсов, член на Пратеничката група, запраша како македонските иселеници во Канада гледаат на можноста да добијат свој претставник во Собранието на Република Македонија. Амбасадорот д-р Насев информираше дека уште во 2006 година, по добивањето на допис од Министерството за надворешни работи, на црковно народен собир била најавена можноста за избор на пратеници од дијаспората. Тој истакна дека постојат технички можности за спроведување на гласањето во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во Канада. Според проценките, во Канада живеат околу 120.000 до 150.000 припадници на македонската дијаспора, но околу 80% од нив потекнуваат од Егејска Македонија и не поседуваат македонски пасоши. Вкупниот број на жители со македонски и поранешни југословенски пасоши се проценува на 32.400, но само 17.000 до 18.000 од нив имаат актуелни пасоши на Република Македонија. Проблем преставува и гласањето на дијаспората во Латинска Америка, со оглед на непостоењето на дипломатско-конзуларни претставништва на Република Македонија на тој континент. Се проценува дека во Латинска Америка живеат околу 3.500 носители на пасоши на Република Македонија.

Амбасадорот Насев посочи дека според искуството од другите земји, одзивот за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва е многу мал. Како пример тој посочи дека во рамките на парламентарните избори во Бугарија минатата година, во бугарските дипломатско-конзуларни претставништва во Канада гласале само 500 лица. Тој исто така, укажа дека канадските закони не дозволуваат политички активности од други земји на територијата на Канада. Сите информации за изборите треба да бидат проследени преку соодветните дипломатско-конзуларни претставништва на Канада и на Република Македонија.

Госпоѓата Славица Грковска, член на Пратеничката група, се интересираше за бројот на студенти од Република Македонија во Канада. Амбасадорот Насев одговори дека бројот е исклучително мал и дека дури нема можности да бидат формирани кокуси на македонски студенти во Канада. Тој нагласи дека на три канадски универзитети постојат студенски друштва на канадско-македонско пријателство и дека на универзитетот во Торонто фукционира Катедра на македонски јазик.

На прашањето од претседателот Групата м-р Никола Поповски како конкретно Пратеничката група може да придонесе за подобрување на односите со Канада, амбасадорот предложи во Собранието на Република Македонија да биде донесена декларација за укинување на визите за канадските граѓани. Тој посочи дека Република Македонија е единствената европска земја која има воведено визи за Канада. Приходите од визите не се големи, а 98% од носителите на визи се по потекло од Република Македонија. Од друга страна, Канада има воведено визи за граѓани од 195 земји, но во тек се преговори за либерализација на канадскиот визен режин со Република Македонија.

На крајот од средбата, во функција на остварување на активностите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Канада, беше побарано Министерството за надворешни работи да достави до Пратеничката група информација за Канада и потсетник за билатералните односи и соработка меѓу Република Македонија и Канада.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

За посетата на Република Македонија на Групата за соработка на Парламентот на Летонија со Собранието на Република Македонија 11 - 15 ноември 2007 година

Скопје, декември 2007 година

Делегација на Групата на Парламентот на Летонија за соработка со Собранието на Република Македонија престојуваше во официјална посета на Република Македонија од 11 до 15 ноември 2007 година. Делегацијата беше предводена од г-ѓа Силва Бендрате, пратеник од Партијата нова ера, претседател на Групата, а во нејзиниот состав беа и пратениците: г. Сергејс Долгополовс, пратеник од Партијата конкорд центар, г-ѓа Сармите Кикусте пратеник од Партијата нова ера, г. Улдис Бриедис пратеник од Народната партија и г-ѓа Скаидрите Друнка од службата на летонскиот парламент.

За време на посетата Делегацијата оствари средби во Собранието на Република Македонија, со министри од Владата на Република Македонија, градоначалникот на Скопје, новоназначениот Почесен конзул на Република Летонија во Република Македонија како и директорот на Институтот за заштита на културното наследство на Република Македонија.

Делегацијата за време на посетата на Република Македонија беа придружувани од г-ѓа Лилјана Поповска, претседател на Пратеничката група за соработка со парламентите на балтичките држави: Естонија, Летонија и Литванија, претставници од Стручната служба на Собранието на Република Македонија, односно од Секторот за меѓународна соработка и Одделението за протоколарни работи.

* * * * *

Во рамките на Програмата, беа остварени следните средби во Собранието на Република Македонија: куртоазна средба со г. Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија; средба со претседателот и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на Балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, со претседателите и членовите на Комисијата за надворешна политика, на Комисијата за европски прашања и на Комисијата за труд и социјална политика.

Делегацијата оствари средби и со преставниците на извршната власт и тоа: заменикот на министерот за надворешни работи на Република Македонија г. Зоран Петров, заменикот на министерот за здравство Владимир Лазаревиќ, министерот за животна средина и просторно планирање г. Џелил Бајрами. Во текот на посетата беа реализирани средби и со градоначалникот на Скопје г. Трифун Костовски и со директорот на Институтот за заштита на културното наследство на Република Македонија г. Паско Кузман.

* * * * *

Цел на посетата

Целта на посетата беше продолжување на развивањето на блиски билатерални односи на парламентарно ниво имјќи предвид дека во минатиот парламентарен состав имаше размена на посети меѓу двете групи за соработка. Посетата беше можност и за размена на искуства од парламентарното работење, особено на полето на усогласување на домашното законодавство со законодавството на ЕУ и разгледување на можностите за поинтензивна економска соработка, посебно по назначувањето на Почесниот конзул на Република Летонија во Република Македонија. Делеагицијата од парламентот на Летонија на сите средби изрази силна и активна поддршка за евро-атлантските интеграции на Република Македонија.

СУБЛИМАТ НА РАЗГОВОРИ ПО ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

Внатрешна политичка состојба

Пратениците од Собранието на Република Македонија дадоа осврт на актуелната политичка ситуација во Република Македонија како и целите во наредниот период: евроатланските интеграции, подобро законодавство и негова имплементација, подобри економски услови и привлекување на странски инвестиции. Домаќините информираа и за активностите во Собранието и реформите во речиси сите сегменти на општеството: како економските реформи, реформите во судскиот систем кои се клучни за евро-атлантската интеграција на земјата, борбата против корупцијата, реформите во образованието како и процесот на хармонизација на домашното законодавство со законодавството на ЕУ.

Преку средбите со членовите на Комисиите за надворешна политика, за европски прашања и на Комисијата за труд и социјална политика делегацијата беше запознаена со функционирањето и активностите на комисиите во Собранието во процесот на евро-интеграцијата на земјата. Беше спомната и можноста за размена на искуства на ниво на комисии меѓу двете земји.

Евроатлански интеграции

На средбите беа разменети искуства од процесите на европската интеграција на двете земји. Иако географски оддалечени двете земји се упатени на соработка бидејќи имаат слична историја и исти цели. Гостите зборуваа за искуствата на Летонија на патот кон евроатланските интеграции. Од наша страна беа изразени пофалби за брзата трансформација на Република Латвија за влез во НАТО и ЕУ. Во однос на хармонизација на законодавството, гостите информираа дека парламентот во Летонија работел во работни групи на хармонизацијата на законите со ЕУ, и тие имале приоритет. Тие им препорачаа на своите колеги при усвојувањето на директивите и резолуциите секогаш да размислуваат двапати, да не се префорсираат, да ги имаат предвид националните интереси на државата и да сметаат на тоа дека имаат преоден период. Гостите информираа и дека министерствата во Летонија го зголемиле бројот на вработените и формирале посебни сектори за приближување на законодавството.

Од наша страна беше презентирани активностите што се преземаат и реализираат во процесот на европската интеграција на Република Македонија. Како приоритетни беа споменати реформите во судскиот систем, унапредувањето на системот на јавната администрација, реформите во областа на борбата против корупцијата, хармонизацијата на домашното со европското законодавство, и сл. За еформите во оваа сфера постои широк политички консензус, а гледано од аспект на анкетите кои се спорведуваат од реномирани меѓународни институции, граѓаните на Република Македонија со висок процент се изјаснуваат за што поскоро зачленување на Република Македонија во НАТО и во Европската унија. Ова претставува добра основа Република Македонија да побара поддршка од земјите-членки на ЕУ во нејзините напори што поскоро да добие датум за отпочнување преговори за полноправно членство во големото семејство на европските држави и нации.

Соговорниците исто така истакнаа дека Република Летонија ја дава и ќе ја дава безрезервната поддршка на Република Македонија на планот на нејзино комплетно интегрирање во структурите на НАТО. Најавија амбициозна поддршка на нашата земја во пресрет на претстојниот Самит на НАТО на планот на добивање на покана за полноправно членство во НАТО Алијансата.

Во однос на спорот со името, гостите подвлекоа дека Летонија во билатералните односи го користи уставното име на Република Македонија и дека треба да продолжат преговорите во ОН за добивање на потполна легализација на името. Притоа беше истакнато дека Република Македонија има моќни пријатели како Кина, Русија и САД и дека е на вистинскиот пат.

Економска состојба

Економската соработка меѓу двете држави за жал не ја следи политичката соработка и е на многу ниско ниво. Но најавата за назначување на Почесен конзул на Република Латвија во Република Македонија ќе овозможи поактивна стопанска активност меѓу двете држави. На средбата со г. Зоранчо Митревски, Почесниот конзул кој треба наскоро и формално да биде назначен, се зборуваше за конкретни чекори како плановите за формирање компанија во Рига и фондација која ќе спонзорира по еден студент годишно на државниот универзитет во Рига за изучување на латвискиот јазик, како и презентација на латвиски производи во Република Македонија. Се зборуваше и за соработка во форма на Јоинт вентуре, која е можеби и најдобра бидејќи така и двете страни имаат интерес соработката да успее. Беше спомнато и латвиското искуство за катастар, кое Република Македонија може да го искористи имајќи предвид дека Латвија е лидер во регионот на Балтикот во водењето на катастар.

На останите средби гостите беа информирани за активностите на Владата како воведувањето на системот на рамни даноци за обезбедување на поволна бизнис-клима во земјата со цел да се привлечат што поголем број на странски инвестиции.

Соговорниците информираа дека со стекнувањето на статус на полноправен член во Европската унија, Република Летонија доживеа побрз економски растеж и за краток временски период успешно се интегрира во големиот европски пазар.

Здравство

Делегацијата од парламентот на Република Летонија се сретна и со и со заменикот на министерот за здравство на Република Македонија г. Владимир Лазаревиќ. На средбата заменикот информираше дека неодамна ја посетил Рига за да види како функционира системот за контрола на храната. Република Македонија во моментов има многу фрагментиран систем за контрола на храната но планира да воведе поинтегрален систем таканаречен “од добиток до уста” и во таа насока многу драгоцено е искуството на Летонија. Заменкот на министерот истакна дека меѓу двете министерства за здравство е потпишан меморандум за разбирање за пренесување на пракса и за размена на експерти.

Соговорниците беа информирани за реформите во здравството и активностите што се преземаат за реформа на државните болници како најголем предизвик. Намерата е болниците да се поттикнат да работат како претпријатија и ако не работат добро самите да ги сносат последиците од тоа, наместо долговите да ги сноси државата како што тое е случај сега. Реформата предвидува и промена на закондавството и секоја амбуланта и болница да биде водена од двајца директори лекар и економист. Гостите нагласија дека болниците во Латвија се претпријатија и можат да одат во стечај ако не работат добро, но досега само една болница била затворена.

Екологија

Во рамките на посетата беше реализрана и средба со министерот за заштита на животната средина г. Џелил Бајрами. Министерот информираше дека Република Македонија во голем дел ги исполнува обврските кон ЕУ во однос на законодавството. Донесени се законите за природа, за отпад за животна средина, а законот за генетско модифицирани производи се наоѓа во собраниска процедура. Буџетот на министерството за 2008 година е зголемен речиси 70%. Министерот понатаму истакна и дека Република Македонија има одлична соработка со соседите за заштитата на животната средина, а како приоритет за 2008 година на министерството е донесување на Националната стратегија за отпад која треба да понуди интегрално решение на проблемот со отпадот. Во оваа насока министерот рече дека би ни користеле искуствата на Република Летонија. Во Република Македонја во моментов не постојат депонии кои ги исполнуваат ЕУ стандардите но до 2010 година Владата ќе одвои 100 милиони евра за решавање на проблемот со депониите. Се планира да се изградат 6 до

8 регионални депонии. Фабриките имаат рок до 2014 година да се приспособат да ги задоволат неопходните стандарди што ги пропишува ЕУ во Стратегијата "чекор по чекор".

Гостите информираа дека во врска со емисијата на штетните издувни гасови. Летонија е една од најчистите држави и во однос на емисијата има квоти. Тие нагласија дека е многу вежно да одржи баланс меѓу одржувањето на чиста животна средина и развој на индустријата На крајот министерот ја замоли Делегацијата од Парламентот на Латвија да ја пренесе до летонското министерство за животна средина пораката за што е можно поскоро потпишување на меморандум за соработка меѓу двете министерства за размена на искуства.

* * * * *

Заклучни согледувања

Втората официјална посета на Република Македонија на Делегација на Групата за соработка на Парламентот на Летонија со Собранието на Република Македонија е продолжување на успешната и корисна билатерална парламентарна работка. Во текот на посетата беа разменети искуства, мислења и ставови а особено беа разгледани можностите за развивање на поинтензивна економка соработка. Во оваа насока како особен поттик се смета назначувањето на почесен конзул на Република Летонија во Република Македонија.

Од летонската Делегација беше побарана поддршка на активностите на Република Македонија за што поскоро добивање датум за отпочнување на преговори со ЕУ за полноправно членство во Европската унија, како и добивање покана за полноправно члентсво во НАТО Алијансата на претстојниот Самит во Букурешт следната година.

Со оваа посета, која според впечатоците на летонската делегација беше реализирана според одлична програма, со висока професионалност, компетентност и коректен однос, тие добиле појасна слика за Република Македонија, за што ќе подготват извештај за сите иницијативи за соработка и ќе го поднесат пред сите комисии во летонскиот парламент, и министерствата за надворешни работи, здравство и заштита на животната околина.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

од посетата на Сојузна Република Германија
на Делегацијата на Собранието на Република Македонија,
што се оствари од 14 до 17 ноември 2007 година

Скопје, ноември 2007 година

На покана на Пратеничката група за Југоисточна Европа на Бундестагот на Германија, од 14 до 17 ноември 2007 година, во Берлин престојуваше делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија во состав: Роза Топузова Каревска (ЛДП), шеф на Делегацијата, Благородна Цветковска (СДСМ), Веле Митаноски (НСДП), Иван Стоилковиќ (ДПСМ), Рафиз Алити (ДУИ), Хади Незири (ДПТ) и Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија.

Од Амбасадата на Република Македонија во Берлин, за време на целиот престој, Делегацијата беше придружувана од страна на амбасадорот,д-р Ѓорѓи Филипов и министерот-советник, Освит Росоклија.

Македонската делегација оствари средби со: претседателот на Пратеничката група за Југоисточна Европа на Бундестагот, Детлеф Џембрицки, пратеник во Бундестагот и полномошникот на Сојузната влада за туризам, Ернст Хинскен, директор на Секторот за парламентарно право на Бундестагот, Томас Хадамек и со бригадниот генерал во Сојузното министерство за одбрана на СРГ, Ханс-Вернер Вирман. Во рамките на програмата, на 16 ноември 2007 се одржа тркалезна маса со членови на Комисијата за прашања на ЕУ на Бундестагот, на која учествуваше и директорот на Претставништвото на ЕК во СРГ, д-р Герхард Сабатил.

За членовите на Делегацијата, работна вечера приреди Пратеничката група за Југоисточна Европа на Бундестагот, работни ручеци приредија Комисијата за економска соработка и развој и Комисијата за одбрана на Бундестагот. На 15 ноември 2007 година, вечера во чест на делегацијата приреди амбасадорот, Ѓорѓи Филипов.

На средбата со претседателот на Пратеничката група за Југоисточна Европа на Германскиот Бундестаг, Детлеф Џембрицки, членовите на македонската делегација беа информирани за начинот на функционирањето и организацијата на Бундестагот, бројот на изборните единици, сложениот изборен систем (комбинација на мнозински и пропорционален модел), изборот, улогата, задачите, примањата и работата на пратениците, функционирањето на парламентарниот ТВ канал, како и преносот на седниците на Бундестагот на целата територија на СРГ. На членовите на Делегацијата им беше објаснета улогата на националната телевизиска програма Феникс и на првата и втората национална програма АРД и 2ДФ. Во дискусијата по овие теми, беа разменети искуства од функционирањето на нашиот парламентарен систем.

За актуелната состојба и натамошниот развој на туризмот во Германија, членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија беа информирани од прва рака, од полномошникот на Сојузната влада за туризам и пратеник во Германскиот Бундестаг, Ернст Хинскен, еден од најкомпетентните претставници во оваа област. Според него, билатералните односи меѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија во областа на туризмот се на ниско ниво. Хинскен ја оцени нашата земја како значајна туристичка дестинација во Балканскиот регионот, со низа можности и природни ресурси, кои на соодветен начин треба да се искористат. Во тој контекст и во функција на интензивирање на билатералната соработка, г. Хинскен предложи, со помош на претставништвото на ГТЗ во Скопје, Владата на Република Македонија да изработи т.н. "Мастер план", во кој ќе бидат набележани приоритетите и натамошните активности за развој на туризмот во нашата држава. Од страна на членовите на Делегацијата беше предложено во Собранието на Република Македонија да се формира постојано работно тело, односно Комисија за туризам. За тоа, колкав е придонесот на туризмот во севкупната германска индустрија, Хинскен истакна дека во оваа област во Германија се вработени околу 2,8 милиони луѓе, а други 150 000 се едуцираат за оваа област и дека во 2006 година, приходот од туризмот изнесувал 150 милијарди евра. Хинскен додаде дека во 2006 година, нашата земја ја посетиле околу 8.000 германски туристи, што според негова оценка е недоволно, имајќи ги предвид неискористените потенцијали што Република Македонија може да ги понуди. Се препорачува интензивирање на соработката меѓу туристичките туроператори.

Пратениците ја истакнаа потребата од интензивирање на соработката во областа на туризмот меѓу двете држави. Потенцираа дека е потребно да се работи на долгорочна стратегија за развој на туризмот во земјата и да се формира посебна Агенцијата за туризам, а не оваа дејност да се развива во Министерството за економија. Побараа воспоставување на трајна институционална соработка и помош со германската страна за развој на планинскиот, манастирскиот, винскиот, здравствениот и другите видови на туризам во Македонија. На крајот се заклучи дека најдобра надворешна политика е туристичката надворешна политика и Република Македонија мора да ги осознае желбите и барањата на германските туристи, да ги намали цените и да ја приспособи туристичката понуда на германските потреби.

На средбата со директорот на Секторот за парламентарно право на Бундестагот, Томас Хадамек, македонските парламентарци беа исцрпно информирани за одредбите содржани во деловникот на германскиот Бундестаг и неговата практична примена, како и за модалитетите на германскиот изборен систем. Од друга страна, Македонската делегација ги информираше германските соговорници за тековните активности на Собранието на Република Македонија околу донесувањето нов деловник на Македонскиот парламент. Од страна на германскиот експерт беше посочено дека многу поважна улога играат меѓусебната соработка и договорите на шефовите на пратеничките групи односно фракциите и работата во постојаните матични комисии за одредени области, отколку случувањата на самата пленарна седница, која е на некој начин "претстава за народот", додека вистинските одлуки се донесуваат во двата претходни дена, од отпочнувањето на пленарната седница (секој понеделник - седница на шефовите на пратеничките групи и секој вторник - седници на комисиите), која вообичаено почнува во среда и трае до петок. Таа недела се вика парламентарна недела. Такви седмици се две во текот на месецот, а другите две седмици се користат за контакти со избирачите и другите обврски, како што се службени патувања во странство и други должности на пратеникот.

На средбата во Сојузното министерство за одбрана, бригадниот генерал, Ханс-Вернер Вирман изрази благодарност до Република Македонија за нејзиниот придонес и активно учество во меѓународните воени мисии ширум светот, како и за логистичката поддршка во периодот на косовската криза во 1999 година. Вирман ја нагласи добрата билатерална соработка во воената област меѓу двете земји. Ја истакна натамошната германска подготвеност за поддршка и логистика на реформите на македонската армија. За нашиот придонес во меѓународните воени мисии (Авганистан, БиХ и Ирак), Вирман истакна дека Република Македонија, од поддржувач, стана активен партнер. Според Вирман, Германија изразува целосна поддршка на патот на Република Македонија кон полноправно членство во НАТО. Изрази цврсто убедување дека местото на Република Македонија и на другите земји од Јадранската група им е во НАТО.

Пратениците информираа за напорите и достигнувањата на Република Македонија за членство во НАТО и ЕУ. Ја истакнаа поддршката од страна на јавноста за членство во НАТО која изнесува 90%, говореа за Армијата која е мала, ефикасна, професионална и со 3% учествува во мисиите во странство со тенденција овој број да се зголеми и во 2017 година и да изнесува до 40 %. Во врска со безбедносните предизвици со Косово, Македонија е подготвена да се соочи со нив и не се сомнева во позитивните сигнали кои ги добива од сојузниците во охрабрувањето да стане членка на НАТО. Членството во НАТО е обврска, а не само привилегија.

Околу актуелната состојба на Косово и идниот статус на покраината, Вирман смета дека од одлуката ќе зависи ситуацијата во целиот регион.

Во врска со прашањето за разликата околу името на нашата држава и заканата за евентуално вето на Грција при донесувањето на одлуката на НАТО во Букурешт за покана за прием на нашата земја во Алијансата, Вирман подвлече дека "овој проблем треба да се сфати многу сериозно". Притоа, проблемот го именува како "емоционално прашање", кое во Букурешт "може да се претвори во камен на сопнување", имајќи го предвид консензусот, како начин на гласање во НАТО. Самиот Вирман не знае како би се решил тој проблем.

Од страна на македонските пратеници беше истакнат ставот дека на Македонија и е многу важно членувањето во НАТО и дека за момент треба да се забораваат интересите на парламентарното мнозинство и опозиција, за да се дооформи рамката на закони кои претставуваат некаков предуслов за исполнување на таа цел. Дел од пратениците ги поврза заедничките елементи кои се предуслов за отпочнување на преговорите со ЕУ и зачленувањето во НАТО и неможноста парламентарното мнозинство и опозицијата да се договорат за приоритетните активности.

На 16 ноември 2007 година се одржа тркалезна маса на која, покрај членовите на Македонската делегација, учествуваа и членови на Комисијата за прашања на ЕУ и членови на Пратеничката група за Југоисточна Европа на Бундестагот, како и директорот на Претставништвото на ЕК во СРГ, д-р Герхард Сабатил, во улога на модератор. Меѓу другите, го издвојуваме учеството на пратениците, Детлеф Џембритцки, Лале Акгин, Ута Цапф, Герд Хефер, Едуард Линтнер и Јосип Јуратовиќ. Централни теми на дискусијата беа Перспективите за зачленување на РМ во ЕУ и европското интегрирање на државите од ЈИЕ.

Како воведничар, Герхард Сабатил се осврна на Извештајот на ЕК за напредокот на РМ во 2007 година, со констатација дека истиот го покажува нивото до кое е дојдена Република Македонија и дека извештајот треба да се гледа од аспект на целиот регион. Тој со доза на критика истакна дека по добивањето на кандидатскиот статус од Република Македонија се очекувало да направи повеќе, но дека очекувањата не се остварилe. Сабатил запраша дали на зачленувањето на Република Македонија во ЕУ се гледа како на задача за целата нација или конфликтните ситуации се толку силни, што го попречуваат напредокот? Тој смета дека проширувањето не може да се добие во Брисел, туку исполнувањето на критериумите и условите и комуникацијата со јавноста се задачи кои треба да бидат реализирани во земјата. Тој повтори дека се зависи од довршување на реформите со консензус и исполнување на домашните задача. Ги посочи следниве осум главни приоритети кои Македонија треба да ги следи: исполнување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, контитуиран дијалог, кохабитација меѓу претставниците на институциите, напредок во реформите на институциите, борба со корупцијата (казненото право), реформи во администрацијата (деполитизација), проблеми со невработеноста на младите и подобрување на рамковните услови за бизнис климата.

Зборувајќи по втората тема од тркалезната маса, Сабатил потсети дека Извештајот на Европската комисија е документ кој се однесува на седум балкански земји вклучувајќи го и Косово. За состојбата по земји, одделно тој потсети на следново: Босна и Херцеговина не напредува, во процесот на интегрирање назадува, се отвораат нови ровови меѓу страните; во Црна Гора е направен чекор напред; во Албанија се гледа напредок во економијата, одговорноста за Косово ја гледа и во таа земја; на Косово нема напредок; за Србија е подеднакво важно прашањето за нејзино евроинтегрирање, како и она за Косово; во преговорите со Хрватска се отворени 14 глави, од кои осум се завршени, а со Турција четири, додека една е затворена.

За преговорите околу идниот статус на Косово, Сабатил со став да се изнајде компромисно решение односно тој смета дека прогласување независност, веднаш по изборите на Косово не е никакво решение; иако проблемот е европски, решавачка улога имаат САД; прашањето за Косово и она за членство на Србија во ЕУ, треба да се разгледуваат паралелно. Решението за Косово треба да биде такво, што нема да предизвика регионални последици.

Околу прашањето за името со Грција, Сабатил смета, за да се дојде до заедничко решение, треба, пред се да се зголеми довербата меѓу Република Македонија и Република Грција. Според него, Брисел може индиректно да учествува во решавањето на ова прашање.

Пратениците на Бундестагот, го иницираа прашањето за стабилноста во регионот и регионалната соработка, во светло на последните настани во с. Бродец, навраќајќи се на прашањето за правата на малцинствата и на тоа како тие се идентификуваат во Република Македонија. Некој од нив имаа критичен став дека оваа тема премногу се експлоатира и дека не треба да биде основа за градење на едно граѓанско општество,

кон кое се стреми Република Македонија. Тие овој став го илустрираа со констатацијата дека Европската унија е изградена врз темелите на граѓанските права, а не врз етно правата. Во врска со употребата на државните симболи, дел од германските пратеници ја нагласија законската обврска за малцинските заедници во Република Македонија за почитување и употреба на знамето на Република Македонија, како државен симбол. Тие директно го праша пратеникот од ДУИ зошто на јарболите пред седиштата на партијата, се веат само знамиња на странски држави или заедници и партиските знамиња односно албанското знаме и на САД и ЕУ, а никаде го нема знамето на домицилната држава.

Понатаму германските пратеници зборуваа за значењето и почитувањето на европските вредности како што се солидарноста, лојалноста и човековите права и се интересираа како македонските пратеници гледаат на перспективата на младите.

Од страна на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на тркалезната маса беа изнесени следниве согледувања:

Извештајот на Европската Комисија е објективен и загрижувачки поради фактот што тој не содржи датум за преговори. За жал, отсуствува политичкиот дијалог меѓу власта и опозицијата, и нема кохабитација меѓу претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Република Македонија. Покрај тоа што голем дел од Охридскиот рамковен Договор е имплементиран сепак се забележува одреден застој. Извештајот содржи јасни пораки до Владата на Република Македонија која што ја има одговорноста за водење на државата, и подигнување на ефикасноста на работата на Собранието;

На планот на исполнување на критериумите за членство на Република Македонија во ЕУ, во земјата во изминатите пет години има напредок но регионалната безбедност, вклучително со планот за независност на Косово не може да ја остави Република Македонија надвор од овие случувања и предизвикува одредена доза на загриженост.

Во однос на името на нашата земја, се смета дека право на секоја земја е самата да го избира своето име.

Меѓу другото беше истакнато дека сепак Република Македонија е извозник на глобалната безбедност. Постигнати се одредени позитивни резултати во областа на одбранбените реформи, борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и економијата. Во извештајот е истакнат напредокот во областа на медиумите, но потребно е поголемо внимание да се посвети на заштита на човековите права;

Забелешката на претставникот на ДУИ беше дека има ревидирање на Рамковниот договор и неговата имплементација не се спроведува во целост. При тоа како пример ја посочи промената на националната припадност кај еден пратеник со цел да не се почитува Бадинтеровиот принцип. Според него за Косово најдобро решение е планот на Ахтисари, а на прашањето зошто во седиштето на ДУИ го нема државното знаме, тој смета дека не е потребно да го има, затоа што ДУИ не е државна институција, а покрај тоа Албанците во Република Македонија според него сеуште не се рамноправни;

Од страна на Делегацијата беше побарана понагласена поддршка од Германија во напредувањето на Република Македонија во евроатлантските институции, како и одредени вложувања во областа на економијата, како и поддршка и реализација на заеднички проекти.

На работниот ручек кој го приреди д-р Рајнер Штинер, претседател на Комисијата за одбрана на Германскиот парламент на кои присуствуваа и г. Герд Хефер, член на Комисијата за одбрана на Германскиот парламент и д-р Герхард Сабатил, директор на Претставништвото на ЕК во СРГ, се разгледуваа прашања од областа на евроатлантските интеграции на земјите од Западен Балкан, Косово и спорот околу разликите со името со Грција. Според оцената на г. Штинер, Албанија с# уште не е подготвена за НАТО, додека Македонија и Хрватска се, но тој лично сметам дека на Самитот на Алијансата во Букурешт, покана ќе добијат трите земји од А3 групата. Тој смета дека на овој начин се задоволуваат интересите и на земјите членки на НАТО а не само на земјите аспиранти. За исполнување на критериумите за влез во НАТО Алијансата, г. Штинер советува Република Македонија да нема проблеми со малцинствата, да ги одржува добрососедските односи и да нема миграциони проблеми.

Во врска со прашањето за разликите со името, г. Штинер посочи дека времето работи за нас и повеќе на шега додаде дека Република Македонија би можела да се именува како "Идна Европска Република Македонија". Како можност за излез од недоразбирањата со Грција, г. Сабатил настапи со личен став, односно со можност решението да се бара преку механизмите на Меѓународниот суд во Хаг. Со оглед дека голем број земји ја имаат признаено Република Македонија по уставното име, шансите да се добие спорот по судски пат се големи, а и Грците би имале силно оправдување, затоа што мораат да го почитуваат договореното.

За нашите амбиции за полноправно членство во ЕУ, г. Штинер потсети дека во завршниот документ на Унијата од Солун, се потврдува дека регинот е важен дел за Европа и дека концептот на ЕУ е концепт на добрососедство и сите земји на Унијата треба да го почитуваат.

* * * * *

Посетата се оценува како успешна, бидејќи ги презентираше досегашните спроведени реформи, како и претстојните активности а кои се во прилог на аспирациите на Република Македонија за членство во НАТО.

Разговорите водени со соговорниците, пораките кои се пренесени и пораките кои се добиени, се оценуваат како добронамерни на патот кон евроатлантската интеграција.

Позитивно се оценува составот на Делегацијата кој беше од различни политички партии, но домаќините односно германската страна се интересираше зошто во Делегацијата нема претставник на најголемата владеачка партија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мултилатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

од одржаната средба на IPEX коресподенти на 29 и 30 јануари, 2007 во Копенхаген, Данска

Скопје, февруари 2007 година

IPEX е систем на меѓупарламентарна размена на информации. Тој е формиран како предлог произлезен од препораката од Конференцијата на претседателите на парламентите на земјите членки на Европската унија, одржана во Рим во 2000 година. Целта на IPEX е да ја поддржи меѓупарламентарната соработка во рамките на Европската унија, обезбедувајќи платформа за електронска размена на информации меѓу парламентите поврзани со Европската унија.

Посебни цели на IPEX се олеснување на размената на информации поврзани со ЕУ меѓу парламентите; обезбедување форуми за размена на ставови поврзани со усолгасувањето на законодавството, вклучувајќи го и аспектот на супсидијарноста, како и одржување на календар на меѓупарламентарните состаноци.

IPEX е отворен за сите земји членки на ЕУ, земјите пристапнички и земјите кандидати за влез во ЕУ, како и за Европскиот парламент. COSAC и ECPRD партиципираат во IPEX врз асоцијативна основа. Во текот на работата IPEX се води од три принципи: едноставност (корисничко онриентирана интернет страница која што не бара посебни информатички познавања), квалитет (информациите на интернет страната точно ќе ги претставува ставовите на парламентите) и интегритет (информациите од парламентите ќе бидат дополнувани само од страна на нивните коресподенти).

Конференцијата на претседателите на парламентите на ЕУ ги поставија целите на IPEX додека генералните секретари на парламентите на земјите членки на ЕУ го надгледуваат проектот и ги именуваат членовите на одборот на IPEX.

Одборот на IPEX се именува за една година и во него членуваат до осум члена кои ги претставуваат националните парламенти, како и Европскиот парламент. Одборот е задолжен за ефективен менаџмент на IPEX и ја надгледува работата на Централната поддршка.

Централната поддршка обезбедува дневно одржување на системот и може да им помогне на националните коресподенти во нивната работа. Централната поддршка е составена од четири члена од националните парламенти застапени во Одборот на IPEX и еден член од Европскиот парламент.

На 29 и 30 јануари 2007 година во Копенхаген, Данска, се одржа редовната средба на IPEX коресподенти. Кореспондентите се среќаваат еднаш годишно.

Средбата се состоеше од два дела - напредна обука и средба на коресподенти.

Напредната обука се одржа во текот на попладнето на 29 јануари 2007 година во просториите на Парламентот на Данска. Обуката беше реализирана од страна на членовите на Централната поддршка. Целта на обуката беше напредно запознавање на функциите и начините на манипулирање со интернет страницата на IPEX.

На 30 јануари 2007 година се одржа вториот дел од средбата на кореспондентите. Средбата беше отворена од страна на г. Хенрик Тварно, генерален секретар на Данскиот парламент и претседател на Одборот на IPEX. Во неговиот говор се осврна на причините и основите на формирањето на IPEX, како и за развојот на настаните, односно активностите преземени од страна на Одборот во текот на 2006 година.

Потоа, членовите на Централната поддршка извршија демонстрација на IPEX интернет страницата со нагласување на новите можности и нејзиниот натамоше развој.

Во текот на средбата се расправаше и се изнесоа мислења и ставови во врска со процесот на контрола и апроксимација на законодавството на ЕУ од страна на националните парламенти, односно за нивните карактеристики и различности.

Се дискутираше и за начините на промовирањето на IPEX во националните парламенти и пошироко, при што се разгледаа неколку предлози и форми за постигнување на оваа цел.

Пред крајот на средбата г. Александро Паланза, заменик на генералниот секретар на Домот на пратеници на Италија и член на Одборот на IPEX ја презентираше работната програм на IPEX за 2007 гопдина.

Програмата за 2007 година како приоритети го наведува реализирањето на:

- соработката на IPEX со Советот на министри на ЕУ за вклучување на документите на Советот во IPEX;
- креирањето на IPEX база на податоци за активностите на меѓупарламентарната соработка насочени кон новите демократии И
- развојот на механизам за автоматско поставување од страна на националните парламенти на информациите поврзани со ЕУ на интернет страницата на IPEX.

Нивното реализирање ќе ја зајакне улогата и функцијата на IPEX за подобра поддршка на активностите на националните парламенти, поврзани со ЕУ, а би овозможил и постигнување на две цели: прво, процедурата за објавување на релевантните информации и документи за активноста на националните парламенти ќе се поедностави и второ, содржината на базата на податоци би се зголемила со додавањето на нови и значајни документи поврзани со натамошни области на активностите на ЕУ.

Вклучувањето на релевантните документи на Советот на министри на ЕУ во IPEX базата на податоци би било мошне значаен развој за сите парламенти на земјите членки на ЕУ, посебно за процесот на контрола на активностите во Вториот и Третиот столб.

Во моментов на интернет страницата на IPEX се објавуваат сите документи на Европската комисија што овозможува размена на информации за сите законодавни предлози и други релевантни документи и иницијативи поврзани со Првиот столб на ЕУ каде што Комисијата секогаш е иницијатор според Договорот за Европската заедница.

Ваквите документи директно се пренесени во IPEX во согласност со обврската што претседателот на Комисијата Баросо и потпретседателот Валстром, ја презедоа по барањето од Конференцијата на претседателите на парламентите на земјите членки на ЕУ, одржана во Будимпешта во 2005 година и во Копенхаген во 2006 година.

Засега, IPEX не ги вклучува предлозите и иницијативите во областа на Вториот столб на ЕУ, каде што Комисијата нема право на иницијатива (предлозите од страна на Советот за заедничко дејствување, Заедничките позиции и препораки за Заеднички стратегиии и други предлози).

IPEX вклучува само некои документи кои се поврзани со Третиот столб (предлозите и другите документи усвоени од страна на Комисијата додека предлозите од страна на земјите членки - кои во ова област го делат правото на иницијатива со Комисијата - не се вклучени).

Пренесувањето на документите поврзани со Вториот и Третиот столб од страна на Советот на министри до IPEX би имало два важни ефекти:

- ќе овозможи пристап на сите парламенти до документите кои сега не се достапни или се достапни во подоцнежна фаза и
- ќе овозможи ефективна размена на информации меѓу парламентите на ЕУ со што ќе се засилат нивните контролни ингеренции во тие области.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мултилатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

од семинарот за правни советници во Парламентот на Кралството Шпанија 4-16 февруари 2007 година, Мадрид, Шпанија

Скопје, февруари 2007 година

Во организација на Претставничкиот дом на Шпанија, од периодот од 4-16 февруари 2007 година, се одржа Семинар за парламентарни и законодавни советници. На Семинарот, како претставник од Собранието на Република Македонија, учествуваше м-р Маријана Опашинова, советник за мултилатерална соработка во Секторот за меѓународна соработка.

На Семинарот имаше вкупно 47 учесници од разни земји од светот и тоа од новопримените земји во Европската унија (од 2004 и од 2007 година), од земјите кандидати за членство во ЕУ, земјите од Средна и Јужна Америка од шпанското говорно подрачје, како и претставници од неколку земји од Африка.

Семинарот имаше за цел поблиско и практично запознавање со работата и начинот на функционирање на Претставничкиот дом на Шпанија, особено во поглед на процесот на разгледување и донесување закони, потоа за меѓународните односи, за функционирањето и иднината на Европската унија, начинот на организација и функционирање на Службата на Претставничкиот дом и сл. Исто така беа организирани факултативни посети на Сенатот на Шпанија, Канцеларијата на Омбудсманот и на регионалното Собрание на регионот на Мадрид.

Информациите и практичните искуства стекнати за време на предавањата на Семинарот, се поделени по делови и се детално разработени со практични примери.

ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

Уставот од 1978 година ја прогласува Шпанија како социјална и демократска држава, предмет на владеење на правото, во која се декларираат слобода, правда, еднаквост и политички плурализам, како највисоки вредности на земјата. Националниот суверенитет припаѓа на луѓето, од кои произлегува целата власт во државата (член 1, став 3 од Уставот).

Уставот ја дефинира Шпанија како парламентарна монархија, во која кралот е шеф на државата и симбол на единство и перманентност. Кралот потпишува и прогласува закони, формално го свикува и распушта парламентот и распишува избори и референдум, го назначува претседателот (по консултација со парламентот) и другите членови на Владата (по препорака на претседателот на владата). Тој исто така потпишува декрети усвоени од Владата и ратификува цивилни и воени назначувања. Иако кралот нема власт за водење на надворешната политика, тој игра значајна улога како највисок претставник на Шпанија во меѓународните односи. Тој е исто така врховен командант на вооружените сили, иако нема вистинска власт кога станува збор за воени прашања. Ова е поради фактот што Уставот не му доделува независна извршна власт на Кралот, бидејќи неговите одлуки мора да бидат одобрени од страна на претседателот или на член на Владата. Претседателот, потпретседателот и министрите заедно го сочинуваат Советот на министри (Влада) како највисока институција на извршната власт.

Согласно член 66, став 1 од Уставот, Шпанија има дводомен парламент: Претставнички дом и Сенат, познат како *Cortes Generales*, како и независен судски систем. Претставниците *Cortes Generales* се избираат универзално избирачко право на секои четири години.

ПРЕТСТАВНИЧКИ ДОМ

Пратениците во Претставничкиот дом се избираат на директни избори и мандат од четири години, со пропорционален изборен систем и со помош на Донтовата

формула, а секоја провинција е изборна единица. Вкупниот број на пратеници во Претставничкиот дом е 350.
(види моментална структура http://www.congreso.es/ingles/index.html)

Тела во Претставничкиот дом

Во Претставничкиот дом, покрај комисиите, на почетокот на секој парламентарен мандат, се формираат следниве тела: Биро на Претставничкиот дом, Одбор на координатори и Постојан совет.

Биро

Работата на Бирото е уредена со Деловникот на Претставничкиот дом. Истото се состои од Претседателот, четворица потпретседатели и четворица секретари (пратеници). Нивниот избор се врши на почеток на мандатот, на иста седница за избор на претседател, со гласачки ливичиња и тајно гласање од страна на сите пратеници. Се избираат првите четворица со најмногу гласови.

Секретарите на бирото му помагаат во работата на претседателот, ги надгледуваат и одобруваат извештаите, му помагаат на претседателот во водењето на седниците и гласањето, придонесуваат за адекватна работа на Домот, еџ официо се членови на Комисијата за деловник, а најмалку еден од нив мора да присуствува на состаноци на Одборот на координатори, а ги вршат и сите останати функции кои ќе им ги определи претседателот на домот.

Состаноците на Бирото се свикуваат на иницијатива на претседателот, со помош на генералниот секретар кој е задолжен за изготвување на извештај од состанокот и за имплементација на одлуките во извештајот.

Бирото е многу значајно тело, бидејќи е надлежно за целокупното работење на Претставничкиот дом, тргнувајќи од внатрешната организација на службите, назначувањето на генералниот секретар од службениците во Домот,за мандат од најмалку 5 години (член 35, став 2 од Деловникот); потоа назначувањата на службениците, платите, надоместоците на вработените, изготвување на Буџетот на Претставничкиот дом и следење на неговото извршување, прием на материјали и документи, подготвување и организирање на дневен ред на седници на комисии и пленарни седници (по претходна консултација со Одборот на координатори) и сл.

Одбор на координатори

Ова тело е составено од сите координатори на пратеничките групи претставени во одреден парламентарен мандат, а исто како и другите тела на домот, се формира на почетокот на мандатот. Одборот на координатори, се состанува по потреба и разгледува прашања кои се врзани со организација на седниците и работењето на парламентот и заседава пред состаноците на Бирото. На неговите седници може да присуствува претставник на Владата, доколку таа смета дека е тоа потребно. По состанокот, Одборот го информира за своите одлуки, а Бирото мора да ги земе предвид неговите одлуки.

Законодавна постапка

Законодавната постапка во Претставничкиот дом се одвива во следниве фази:

- законодавна иницијатива
- објавување и разгледување на закони
- поднесување амандмани

- дебата на законот во целост на пленарна седница
- разгледување од страна на комисиите
- дебата и гласање на пленарна седница
- дебата и гласање на закон и амандмани од Сенатот
- донесување и официјално објавување на законите

Најголем број на закони доаѓаат од Владата како нивен предлагач, но тие исто така може да се предлагаат од страна на пратеници од Претставничкиот дом или од Сенатот, автономните собранија и од граѓани со собрани 500.000 потписи. Законите мора да содржат образложение и дополнителни информации и се доставуваат до Бирото на Домот, кое ги разгледува и решава дали ќе го прифати разгледувањето на одреден закон. Доколку законот се одобри, тогаш Бирото наредува негово објавување и одредува датум за поднесување на амандмани и го испраќа на комисија. Амандманите треба да се доставуваат до Бирото на Претставничкиот дом во писмена форма, потпишани од координаторот на пратеничката група. Бирото потоа ги доставува амандманите до надлежната комисија.

Амандманите може да се однесуваат на цел текст, поточно за враќање на законот во влада, или пак на поедини делови од законот. Амандманите за враќање на законот во Влада се поднесуваат само од пратеничка група, а не поедини пратеници бидејќи за тоа е потребно предлагање на целосно нов текст, што ретко се слушува во пракса.

По крајниот рок за поднесување на амандмани, законот оди на разгледување во целост на пленарна седница, заедно со амандманите на цел закон. По расправата се гласа по законот, поточно дали законот се прифаќа и останува на понатамошно разгледување во Домот или да се врати назад во влада и постапката да се прекине. Доколку законот се прифати да се разгледува, истиот се препраќа на комисија.

Секоја Комисија има свое Биро (составено од претседавач, двајца потпретседавачи и двајца секретари (пратеници). При секое разгледување на одреден закон, комисијата формира посебна под-комисија, од редот на членовите на комисијата, која работи на законот. Работата на комисиите не е јавна, со исклучок на акредитирани новинари кои имаат право да ја следат седниците. Работата на под-комисијата е зад затворени врати и не е достапна за јавноста.

Кога законот ќе се достави до комисијата, заедно со амандманите, комисијата основа под-комисија и назначува известител да работат на законот и да ги разгледаат амандманите. Под-комисијата е клучното тело во законодавната постапка, бидејќи пратениците-членови, заедно со законодавните советници, зад затворени врати, ја водат суштинската и конструктивна расправа по законот/амандманите на законот. Кога тие ќе завршат со својата работа, доставуваат извештај до комисијата, која го разгледува извештајот и законот по делови, заедно со амандманите. Во текот на дебатата, нема можност за поднесување нови амандмани, освен предлог на компромисни амандмани и за амандмани веќе поднесени до комисијата. По завршување на расправата, комисијата усвојува извештај, кој во пракса е најчесто ист со мислењето од извештајот на под-комисијата.

Во рок од 48 часа од поднесување на извештајот на комисија, сите пратенички групи треба да доставаат свое мислење во поглед на извештајот на комисијата, за амандмани кои не биле прифатени од комисијата, а кои тие сакаат повторно да ги бранат на пленарна седница. Потоа, законот оди на пленарна седница, каде обично се презентираат ставови на политичките партии и се дискутираат главните начела на тој закон. Секоја пратеничка група одредува пратеници од своите редови кои ќе дискутираат за законот, најчесто оние кои се експерти од одредената област која ја

покрива законот, обично членови на надлежната комисија. Во текот на дебатата, може да се поднесуваат амандмани само од тахничка или јазична природа на законот.

Времето на зборување е временски ограничено, поточно 10 минути за зборување, пет минути за реплика, 3 минути за контра-реплика и 3 минути за процедурална забелешка. Постои можност, претседателот, во консултација со Бирото и Одборот на координатори, да го намали или зголеми на бројот и времетраењето на зборување. Тој може однапред да го распредели времето за зборување за секоја парламентарна група зависно од нејзиниот релативен капацитет.

Потоа законот се гласа и доколку се усвои, и се препраќа до Сенатот на разгледување. Обично одлуките на пленарна седница, во најголем дел случаи се слични или исти со оние на надлежната комисија. Сенатот мора да го разгледа законот и да одлучи во рок од 2 месеци. Во текот на разгледувањето, Сенатот може да даде амандмани по делови на текстот, да стави вето на законот, или да го усвои. Во случај Сенатот да не го усвои законот, тој се враќа на разгледување во Претставничкиот дом. Доколку на законот е ставено вето, тој се разгледува и гласа во целост, а доколку има амандмани се гласа само по амандманите. Претставничкиот дом е тој кој го има последниот збор и одлучува дали ќе ги прифати сугестиите на Сенатот или не.

Откога ќе гласа по законот, истиот се доставува до кралот, кој формално, во рок од петнаесет дена, треба да го потшише законот. Потоа, законот се објавува во Службен весник.

Дневник&Билтен&Службен весник на *Cortes Generales*

Во Претставничкиот дом, како и во Сенатот, постои ***Дневник*** (*Diario*) од седници на комисии и од пленарни седници, кој ги содржи стенограмите од седниците на комисии и пленарна седница.

Билтенот на Претставничкиот дом излегува по завршување на секоја седница на комисија/пленарна седница и ги содржат предлозите на закони, образложенијата и амандманите, структурирани согласно капацитетот на пратеничката група, поточно почнувајќи прво оние поднесени од најголемата пратеничка група, а продолжувајќи со останатите (од мнозинство кон малцинство).

На крај законите се објавуваат во ***Службен весник на Парламентот*,** во конечна верзија.

КОМИСИИ

Согласно член 75 од Уставот, парламентот работи на пленарни седници и на комисии. Со исклучок на уставни реформи, меѓународни прашања, органски акти и Буџетот, парламентот може, на комисиите, да им делегира овластувања за одобрување на владини и невладини закони. Сепак, истиот може во секое време да побара тие делегирани закони да бидат дебатирани и гласани на пленарна седница.

Во Претставничкиот дом има постојани, ад-хок комисии како и мешовити комисии на двата Дома. Секоја комисија во просек се состои од 39 члена. Бирото на Претставничкиот дом ги организира седниците на комисии и одредува кои комисии да се сретнат во кој ден и во кое време (правилото е да има состаноци на максимум 6 комисии дневно). На денот на кој заседаваат комисиите може да има и пленарна седница, како и седница на под-комисии.

Во моментов во парламентот има 8 пратенички групи, чии пратеници членуваат во комисиите, така што Шпанците ги гледаат комисиите како “мал парламент”.Кај

комисиите има пропорционална застапеност на членови од пратеничките групи. Доколку на комисијата и е доделена улога да одлучува во име на парламентот, тогаш членовите треба да се договорат за она што би го застапувала секоја пратеничка група на пленарна седница. Доколку за одредено прашање има подеднаков број на спротивставени гласови, тогаш се оди со гласање согласно капацитетот на секоја пратеничка група (weigthed vote).

Делегирањето на овластувања на комисите е направено со измените на Деловникот од 1992 година, а со цел за олеснување на работата на парламентот, како и негова поголема ефикасност.

Буџетска процедура

Државниот буџет се дебатира од октомври до ноември. Во текот на пролетната дебата, Cortes Generales ја задолжуваат Владата да изготви буџет на државата. Бројките во Буџетот се претставени со проекција за 3 години. Со почетокот на дебатата во октомври, Владата го презентира Нацрт-буџетот пред Претставничкиот дом. Буџетот мора да се објави пред 1 јануари во службениот весник.

Буџетот се состои од 2 дела: државен буџет и буџет за социјална заштита. Секоја комисија поединечно го разгледува Буџетот од својата област, со свикување на експерти и добивање на нивно мислење по одредени прашања. Министрите доаѓаат на комисија и даваат објаснувања, секој во својот дел, за предвидувањата и плановите за распределба и трошење на буџетските средства во проектираните години. Во најголем дел случаи, деталните појаснувања за Буџетот на министерствата се даваат од функционери на понизок ранг од министрите, бидејќи тие луѓе се експерти во својата област и најдобро може да го образложат планираниот буџет.

Кога Буџетот се поднесува во Претставничкиот дом, се одредува рок за поднесување на амандмани за буџетот во целост (т.е. негово враќање во влада) или на одредени ставки од истиот.

Во пракса не се случува никој да даде амандман за целиот текст, поточно за целосна промена на Буџетот, бидејќи ниедна пратеничка група нема капацитет со амандманот кој ќе го поднесе (за целосна промена на текстот) да изготви нов текст на Буџетот. Бирото на Домот ги врши селекција на амандманите по делови од текстот за Буџетот. Пратеничките групи може да предлагаат помени во распределбите на трошоците, но не може да ги менуваат сумите распределени по министерства. Тоа е надлежност на надлежните министри.

Доколку со Буџетот се предлага зголемување на трошоци, предлагачот мора да објасни од каде ќе се обезбедат тие средства, што во никој случај не може да биде со земање на средства од друго министерство. Исто така, во Буџетот не смее да се предлага намалување на постоечките трошоци по министерства од претходните - за наредната година.

Комисијата за финансирање и буџет и под-комисијата исцрпно го разгледуваат буџетот и амандманите за секое министерство. Во комисијата членуваат пратеници од пратеничките групи - експерти за таа област, како и во останатите комисии (стручни за земјоделие, одбрана, животна средина итн.), а тоа е направено со цел да се слушнат нивните мислења по одредени прашања.

На пленарна седница, сите министри треба да се присутни и да ги презентираат своите делови. Пленарната седница обично трае една недела за Буџетот, од понеделник до петок, а потоа истиот се испраќа до Сенатот. Доколку се случи Буџетот

да не биде донесен во предвидениот рок, автоматски продолжува спроведување на стариот буџет, бидејќи тој се донесува со проекција за 3 години.

Контрола врз Владата

Претставничкиот дом врши контрола и надзор над работата на Владата со помош на следните механизми:

1. Прашања на доверба на влада
2. Интерпелации
3. Поднесување предлози и други акти
4. Назначување и избор на јавни функции
5. Пратенички прашања

Седница за пратенички прашања - практични аспекти

На седница за пратенички прашања, се одредува систем на квота, поточно максимум 24 прашања во една сесија, дистрибуирани согласно релативниот капацитет на пратеничките групи. Прашањата се доставуваат однапред до Бирото, кое ги проследува до Владата.

Владата на претседателот на Претставничкиот дом, му дава известување по кој редослед ќе бидат поставувани прашањата и кој министер ќе одговара на тоа. Тоа не е пишано правило, но е редовна пракса во Претставничкиот дом. Првите три прашања обично се одговараат од страна на премиерот и неговите заменици.

Најчесто прашањата ги поставува опозицијата, а членот на влада до кого е упатено прашањето е должен да одговори со станување од место (со стоење). Потоа пратеникот му реплицира на тој член на влада, по што министерот има повторно право да одговори.

Владата, не е обврзана да даде одговор на прашања и информации во следниве случаи:

- неможност за обезбедување фискални информации
- тајна природа на документи
- бараните документи може да наштетат на јавни/приватни компании заради комерцијален интерес, углед, имиџ итн.

Парламентот и меѓународните односи

Парламентот се придржува и работи во согласност со владината државна политика, но исто така има и своја надворешна политика, која ја остварува преку делегации во меѓународните организации, парламентарните собранија, групи за пријателство со национални парламенти на други држави, Комисијата за надворешна политика и Мешовитата комисија за европски прашања, составена од пратеници и сенатори од двата дома.

Во Претставничкиот дом постојат постојани делегации во: ИПУ, СЕ, НАТО, ОБСЕ други меѓународни организации (Конференции на претседатели на парламенти, состаноци на комисии за европски прашања КОСАК, Конференција на Медитеранот, 5+5 и сл.). Делегациите обично се состојат од 10-14 члена, плус нивни заменици-членови, претставени зависно од релативниот капацитет на секоја пратеничка група.

Групите за пријателство обично се од формална природа, а идејата е групата да се состои од пратеници кои имаат интерес или познавања за конкретната држава и парламент во која членуваат. Исто како и делегациите, групата обично ја рефлектира структурата на пленарна седница, со пропорционална претставеност зависно од капацитетот на пратеничките групи.

Претседателот на Собранието, во неговите меѓународни активности, е секогаш придружуван од парламентарна делегација, со што се дава поголем кредибилитет на пратеничките групи претставени во Претставничкиот дом.

Во поглед на склучување на меѓународни спогодби и договори, член 94 од Деловникот ја наведува листата на спогодби за кои е потребно одобрување од страна на *Цортес Генералес*. Оваа листа ги покрива следниве случаи:

- Спогодби од политичка природа
- Спогодби или договори од воена природа
- Спогодби или договори кои го засегаат територијалниот интегритет на државата или фундаменталните права и обврски
- Спогодби или договори кои налагаат финансиски обврски за Државниот трезор
- Спогодби или договори кои налагаат измена или отповикување на одреден закон или налагаат законодавни мерки за нивно извршување.

Научна и документациона поддршка на Претставникиот дом

Оваа поддршка ја обезбедува Дирекцијата за студии и документација, кој е задолжен за реализирање на барањата за истражувања и анализи од страна на пратениците и од вработените на службата во однос на одредени прашања и по подготвувањето, ги доставува бараните материјали, документи или истражувања до барателите. Многу често самиот сектор спроведува истражувања и анализи на негова иницијатива, а покренува и иницијативи за осовременување на работата преку развивање бази на податоци, информациски билтени, досиеја, фактографии и сл. Една од тие иницијативи е процесот на дигитализација на документи, материјали, брошури и публикации кои ги поседува Претставничкиот дом, кој треба да заврши до крајот на 2007 година, така што во иднина, најголем дел од публикациите ќе бидат во електронска форма. Што се истражува овој сектор? На семинарот беа посочени неколку практични примери:

Пример бр.1: Делегација од Собранието на НР Кина доаѓа во посета на Претставничкиот дом на Шпанија. Групата за соработка во Претставничкиот дом на Шпанија, упатува барање за информации и документација до Дирекцијата за студии и документација. Тие информации се обично поврзани со политичкиот ситем во Кина, Собранието, Деловникот, бројот на пратеници и политички партии застапени во тој момент во Собранието и сл. По добивање на барањето, Дирекцијата врши истражување и собира информаци, кои потоа ги доставува во писмена форма или на ЦД до пратениците и до службата. Доколку им требаат дополнителни информации, Дирекцијата може исто така да се обрати до Министерството за надворешни работи и да побара доставување на информации, кои потоа ги доставува до пратениците.

Пример бр. 2: Владин закон за транспонирање на Директива на ЕУ за генетиката и спречување на криминалот (која што е во моментов во парламентот). Дирекцијата врши истражување и анализа на искуства во другите држави од ЕУ за тоа прашање во однос на шпанското право, при што заедно со останатите информации, доставува и референци во писмена форма или на ЦД до надлежните пратеници. По завршување на законодавната постапка, овој материјал може да се најде на веб-страната на Претставничкиот дом, за секој да може да ја користи таа информација.

Тие исто така добиваат прашалници секој ден, обично по 3-4 прашалника дневно од институции на ЕУ. Во склоп на секторот имаат докторанти кои ја подготвуваат својата докторска теза и работат за тоа време во парламентот (во моментов нивната бројка е околу 40).

Дирекцијата има 3 советници, 19 архивари, библиотекари, 1 технички советник, 7 административни работници, 23 административни помошници и 16 курири. Буџетот за работа на Дирекцијата предвиден за 2007 година изнесува околу 5 милиони евра.

Парламентарни медиуми и комуникација

Парламентот има институционална обврска да ги информира граѓаните за ставовите на секоја парламентарна група (покрај официјалните документи, закони, резолуции и сл.)

Праксата покажува дека медиумите во Шпанија обрнуваат повеќе внимание на вести кои се лесни за разбирање и се фокусираат на она што се случува во моментот, а не на суштински прашања. Кога има пленарна седница, има повеќе од 500 новинари во зградата. Изјавите за медиуми се прават на место специјално одредено за таа цел, со позадина на која го пишува логото на парламентот за да се знае дека таа изјава е дадена од парламентот. Новинарите секогаш се фокусираат повеќе на негативните аспекти (за разлика од владата која се фокусира на позитивнита страна), со цел да го нарушат имиџот на владата. Новинарите ги критикуваат пратениците за неработење, затоа Што не ги гледаат секогаш во парламентарната сала, што секако не е точно, бидејќи доколку тие не се таму, тогаш тие навистина работат, се во своите простории и подготвуваат говори за она за што ќе зборуваат на пленарна, како и пред медиумите.

Прес- центарот во Претставничкиот дом има стручен персонал за сите потреби на пратениците, но и на новинарите. Само 40 пратеници од вкупно 350 доаѓаат од Мадрид, останатите се од другите делови на Шпанија (затоа и толкав број на медиуми, од кои повеќето се локални). Обично информациите на новинарите им се презентираат порано, за да може истите да бидат дадени во вечерните вести и многу се внимава на времето, затоа што ако не се доставаат навреме, тогаш тие ќе одат доцна навечер и никој нема да ги гледа. Со напредокот на информативната технологија, информациите може да се најдат порано од предвиденото, преку Интернет, со што се добива и поголема точност на информации ставени на парламентарната страна, но и реакции на тие информации. Огромниот број пак на информации може да предизвика ефект на недоволна информираност, бидејќи може да ги збуни оние кои ги бараат тие информации. Професионалните новинари вработени во парламентот се обучени за презентирање и ставање на информации на интернет и до средствата за информирање на начин кој е разбирлив и достапен за јавноста.

Комплетниот систем за акредитација вклучува 3500 новинари, а неговата електронска изработка во моментов многу ја олеснува процедурата за издавање акредитации на сите нив, која трае практично неколку минути, а им олеснува и на службите за обезбедување за кратко време да ги проверат тие акредитации.

До 2004 година, секојдневно се доставувале 250 копии на паламентарниот билтен, но таа дистрибуција никогаш не била порано од 12.00 часот напладне. Со новата технологија, тој билтен се дистрибуира електронски, така што секој може да го прочита и тоа во 08.30 наутро. Мрежата на оптички влакна која е инсталирана во Претставничкиот фом овозможува секој ТВ канал да може да влезе во секое време.

Во парламентот исто така има интранет мрежа, на која се содржани сите информации за потребите на службата и пратениците, материјали кои не се објавуваат

на веб-страната, материјали кои се уште во подготвителна фаза, се до нивната конечна верзија, планот за модернизација на парламентот и сл.

Од 1993 година, се разгледала потребата од основање парламентарен ТВ канал и таа се реализирала истата година, а веќе од 1996 година тој канал, покрај пленарните, ги покрива и седниците на комисии. Состаноците на под-комисиите не се јавни.

Во парламентот располагаат со 16 камери кои го презентираат она што се случува во моментот, како и на одложени снимки, зависно од распоредот на активности во парламентот. Целта е да се информира јавноста за она што се случува во парламентот и тоа преку ТВ, интернет, стателит и сл.). За оваа година, се предвидува пуштање на 6 различни сигнали кои одат од веб-страната на Претставничкиот дом преку Интернет, за да можат специјализираните експерти и јавноста преку интернет да имаат пристап до овие информации и седници. Секторот за прес има 2 советници, 4 технички лица и 4 докторанти, кои им помагаат во работата. Парламентарниот ТВ канал има 30 луѓе.

Службениците од комисиите ги изготвуваат извештаите од комисиите и ги ставаат на интернет(во иднина се планира резиме на седниците, за граѓаните накратко да можат да видат и полесно ја разберат содржината од извештајот за седницата, поточно истиот да содржи само основни информации за таа седница.

Секторот за прес директно е одговорен на генералниот секретар; претседателот има свој прес-центар и советник, кој ги договара и организира интервјуата на претседателот, а секоја пратеничка група си има свои прес-асистенти во парламентот (кои си ги бираат од асистентите во својата пратеничка група).

Претставничкиот дом понекогаш врши анкети, за да ги испита јавното мислење на граѓаните за одредено прашање. На веб-страната и на парламентарниот канал нема политички дебати, поточно во период на избори не е дозволено да се прави кампања во парламентот (ова е пропишано со органскиот закон).

Во склоп на парламентарниот прес-центар, каде се наоѓа прес-службата и парламентарниот ТВ канал, обезбедени се простории за медиумите, поточно секој поголем медиум има своја просторија во тој прес-центар, а бројот на тие простории изнесува 38. Селекцијата за тоа се врши врз основа на големината на медиумот, согласно системот за акредитација. Освен просторијата која парламентот ја обезбедува за одредена телевизија, целата останата опрема си ја носи и плаќа таа телевизија. Тоа ги опфаќа компјутерите за работа, телефоните, мониторите и целата телевизиска опрема, индвидуалните оптички врски, кои ги одржува и плаќа самата телевизија.

Радијата имаат свој оддел со компјутери (26) со интернет и два телефона, на кои секое акредитирано радио може да изготвува извештај и, електронски или усно, да го испраќа до редакцијата.

Доколку информациите кои ги презентираат телевизиите се погрешни, парламентарниот центар веднаш реагира до нив, за да ја презентираат точната информација.

Во парламентот има 12 комисиски сали (со по три камери во секоја просторија), 6 во пленарната сала, а нивниот број е планирано да се зголеми во иднина. Седниците се снимаат во BETACAM формат и се чуваат во парламентарната архива за седници. Доколку пратеник побара електронска копија од седниците, тој/таа мора да плати 6 евра за копијата, при што беше посочено дека таа сума одвај минимално ги покрива трошоците за нејзина изработка.

Претставничкиот дом има отворени парламентарни денови, а во текот на тие отворени денови (2) во просек околу 30.000 луѓе доаѓаат да го посетат.

СЛУЖБА НА ПРЕТСТАВНИЧКИОТ ДОМ

Парламентарна автономија и независност се главни предуслови за ефикасна работа. Парламентот не може да биде предмет на владина волја во процесот на одлучување и во давањето насоки за работа. Во член 66, став 3 од Уставот се нагласува дека Парламентот на Шпанија - *Cortes Henerales* е неповредлив, што подразбира негова целосна независност од извршната власт. Сепак, согласно член 9, став 1, парламентот не е целосно самостоен, туку е предмет на контрола од страна на Уставниот суд.

Автономијата на парламентот е јасно прецизирана во член 72, став 1 од Уставот, кој предвидува:

* РЕГУЛАТОРНА НЕЗАВИСНОСТ:Двата дома усвојуваат свои Деловници.

* ФИНАНСИСКА НЕЗАВИСНОСТ: Тие имаат свои независни буџети.

* НЕЗАВИСЕН ПЕРСОНАЛ: Двата дома усвојуваат Статут за вработените во службата, со кој го регулираат нивниот статус.

Претседателите на Претставничкиот дом и на Сенатот имаат овластувања за комплетното административното управување со Домовите (член 72, став 3 од Уставот). Секој дом делува независно во однос на другиот, т.е. Претставничкиот дом не се меша во работата на Сенатот и обратно.

Работата на вработените во Претставничкиот дом се темели на следните организациони норми/акти:

- Деловникот
- Статутот на вработените во службата
- Организационата поставеност во Парламентот
- Норми за внатрешно управување
- Организационите норми издадени од страна генералниот секретар

Со Службата раководи генерален секретар, кој се избира од членовите на службата на Собранието за мандат од најмалку пет години.Секретарот, заедно со Бирото на Претставничкиот дом ја уредуваат организационата поставеност на Службата, описот на работни места, приемот на нови службеници, назначувањата и сл. Во поглед на платите, надоместоците и наградите на вработените, во Претставничкиот дом постои Комисија за медијација, која решава за овие прашања.

Во рамките на парламентарната независност, целта на независната администрација е Претставничкиот дом да не зависи од државата за обезбедување на потребните средства, човечки ресурси за извршување на обврските. Сепак, вработените тие подлежат на истите правила со другата администрација во поглед на членство во синдикатот, колективно договарање и празници. Една од точките кои се усвоени во 19 јануари 2005 година од страна на Бирото на парламентот е можност за работа половина работно време, за родители со деца под 12 годишна возраст, но и можност за работа на универзитети за вработените кои имаат магистратура или дикторат од службата, по крајот на работното време во Домот. Исто така, доколку високи функционери сметаат дека веќе не можат да одговорат на задачите на своето работно место поради оптовареност, а имаат долг работен стаж (пр. 20 години) може да

си дадат оставка на местото и да побараат преместување, со тоа што Домот има воспоставено систем на задржување на истата плата за тие лица и покрај нивното назначување на друго место.

Службениците, при прием во парламентот, треба да полагаат испит кој вклучува прашања од областа на правото (Уставот, Деловникот итн.), начинот на работа и функционирање на парламентот, Статутот на вработените во службата и сл. Местото на вработените им е загарантирано, а може да го изгубат само во случај на оставка, губење на шпанско државјанство или извршување на кривично дело. Парламентот, имајќи го предвид бројот на вработените, се смета дека не е доволно екипиран, споредено со парламенти на други членки од ЕУ.

Претставничкиот дом брои 608 вработени, во кои не спаѓаат личните асистенти на пратениците (150 во 2006 година). Секоја пратеничка група има определен број на асистенти, затоа што парламентот сеуште не може да најде доволно средства да му обезбеди по еден асистент на секој пратеник. Бројот на асистенти за секоја пратеничка група се одредува од страна на Бирото на почетокот на секој мандат, согласно релативниот капацитет на пратеничките групи. Така во моментот тоа изгледа вака:

- Пратеничката група на ГПЦ има 58 асистенти
- Пратеничката група на ГПП 54 асистенти
- Пратеничката група на УУ 7 асистенти
- Пратеничката група на ГРЦ 5 асистенти
- Пратеничката група на ЕАУ-ПНВ 5 асистенти
- Пратеничката група на ИЦВ 4 асистенти
- Пратеничката група на ЦЦ 2 асистенти
- Мешаната пратеничка група 3 асистенти.

Најголем дел од службите се постојано вработени во парламентот, бидејќи привременото ангажирање на луѓе се покажало како непожелно поради принципите на доверливост на документи, непристрасност и сл. Единствените служби во моментот кои се користат од приватни компании се ресторанот и угостителските услуги, како и хигиенското и материјалното одржување на зградите, кои се избираат на тендер. Во Претставничкиот дом има ресторан за пратениците, официјална сала за прием и организирање ручеци при посета на гости, како и ресторан за Службата во Претставничкиот дом, каде им се обезбедува ручек за вработените.

Парламентот исто така обезбедува паркинг за пратениците и вработените, а доколку има пленарна седница и нема место за паркирање, парламентот има склучено договор со приватен паркинг каде луѓето може да се паркираат.

Улогата на службениците во парламентарните тела и постапки

Улогата на советниците и раководните лица е советодавна, поточно обезбедување на совети/консултации за претседателот на Претставничкиот дом, работните тела и пленарните седници. Овие совети не се обезбедуваат поединечно на пратениците или на пратеничките групи, а причината за тоа е што постојат други советници (асистенти на пратениците, на владата), кои обезбедуваат совети за нив, но тие се со политички предзнак и според поинакви принципи и критериуми.

Службениците мора да бидат строго професионални, независни и политички непристрасни во извршување на своите задачи (член 58 од Статутот за вработените во службата), да стојат на стручните ставови кои ги застапуваат, а не да заземаат партиски ставови или да го менуваат своето мислење според мислењата на партиските групи. Тие не смеат да дозволат да бидат манипулирани од пратениците, за добивање

на политички поени. Директните односи со пратениците треба да бидат професионални и неутрални. Тоа е најмногу поради фактот што ниеден парламентарен службеник не сака да ризикува да заземе партиски став и потоа да биде отпуштен од работа за тоа.

Парламентарната служба обезбедува стручни совети од законодавна природа и информации за документите, а не за содржината на тие документи. Ова е предвидено со должноста за непристрасност (член 36, г од Статутот) и некомпатибилноста за обезбедување совети на политичарите и парламентарците за парламентарни прашања (член 4, став 1, ф и ј, од Статутот).

Советниците во комисиите, согласно член 45 од Деловникот, обезбедуваат совети за организација и водење дебати, квалификација на текстови, средување на иницијативи (за Бироата, под-комисиите), присуство на седници, прашања кои ги покриваат нивните активности, изготвување извештаи, белешки и сл. Тие вршат и анализа на законите и актите, на влијанието на законот на законодавството, усогласеност со претходни акти, референци со правото на ЕУ и споредбеното право, за законодавната техника на иницијативата, логистичка корекција, лингвистична кохерентност, наслов, преамбула, дополнителни одредби; законодавна анализа на содржината од аспект на законската рамка, согласно принципите и доктрината на Уставниот суд; совети на Бирото на комисијата за квалицикацијата на амандманите; помош на известителите за средување на амандманите, верификација на ревидираните текстови по секоја фаза со посебен осврт на нивно објавување; поготвување, доколкуе потребно, на навремена корекција на грешки, ревидирање на содржината пред да се испратат со Ахривата на Домот, издавање налог за печатење на текстовите и сл.

Оттука произлегува нивниот совет за регулативите, но не и за содржината на текстовите. Тие тоа го одвојуваат што повеќе можат. Нивните совети се од уставна природа за тековни или идни прашања, совети на веќе поднесени текстови и документи; немешање во изготвувањето на иницијативи од страна на пратениците, бидејки овие работи ги вршат асистентите на пратеничките групи, кои им помагаат во работата на пратениците. Советниците во комисиите вршат и свои сопствени анализи за одредени предлози, во поглед на тоа дали постои некоја контрадикторност во текстот и доколку ја има, да ја откријат и да ја посочат.

Во склоп на службата, исто така работат и 55-60 правници кои се на располагање на двата дома: Претставничкиот дом и Сенатот и може да работат и за едниот и за другиот дом, зависно од потребите и активностите на парламентот. Обично тие се ангажирани за работа на мешовитите комисии, кои се формираат со пратеници од двата дома, за разгледување на одредени прашања.

Парламентарен буџет

Буџетот на парламентот претставува 0,01% од вкупниот државен буџет, но значењето на парламентарниот буџет е повеќе од квалитативна, а не квантитативна природа. Член 66, став 3 од Уставот предвидува дека Парламентот е неповредлив. Член 72 од Уставот предвидува буџетска независност на парламентот, донесување Статут за вработените во службата, како и административно раководење со тие службеници.

Сите Сектори во Претставничкиот дом треба да доставаат предвидувања за трошоци за секоја наредна година, врз основа на проценките од изминатата година и дополнително, доколку има зголемен број на активности. Сите директори на Сектори ги пополнуваат овие листи. Насоки за пополнувањето дава Секторот за економско работење, по добиени насоки од Министерство за финанзии за финансиските движења во државата. Тие ги доставуваат листите до Секторот за економско работење, на крајот на јули во тековната година, кои Секторот после ги средува и испраќа до

заменикот-генерален секретар задолжен за финансиски прашања, а тој потоа ги испраќа до генералниот секретар. Секретарот ги испраќа до Бирото на Претставничкиот дом, кое врз основа на тие листи го изготвува, заедно со стручните служби, парламентарниот буџет. Бирото, по изготвувањето го испраќа до владата за да го вклучи во државниот буџет, со напомена дека ништо не смее да се менува, туку само да биде вклучен во државниот буџет. Амандмани на парламентарниот буџет може да доставуваат само пратеничките групи, но тоа не се случува често, бидејќи самото Биро, пред поднесување до Влада, изготвува солиден буџет и претходно ги консултира пратеничките групи, така што поднесувањето амандмани не се случува често; пратениците ја почитуваат одлуката на Бирото.

Парламентот не дава образложение до Трезорот како ќе ги користи парите, како што прават министерствата. Во случај на поголем финансиски проект за парламентот (реконструкција, технолошко опремување на службата, пратениците и сл.), тогаш парите се обезбедуваат од страна на Владата. Парламентот има свој посебен фонд, кој го користи согласно потребите за секоја година, а доколку не се искористи се пренаменува или останува за следната година. Подолу подетално се изложени фазите, како и практичните аспекти на подготовка и извршување на парламентарниот буџет.

ИЗГОТВУВАЊЕ
Sпарламентарна администрација

УСВОЈУВАЊЕ:
* нацрт-буџет: Биро на Домот
* вклучување во Државниот буџет - Дел 02: Cortes Generales
* парламентот го усвојува Државниот буџет

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА
* налози за трошоци (Биро на Домот)
* налози за плаќање (претседателот на Домот)
* надзор и контрола на извршувањето (Бирото на Домот)

ОТЧЕТ:
Sизвештај за извршувањето, поднесен на пленарна седница

PRAVILNIK ZA VNATRE[NO RABOTEWE

* *Правилник за постапка на финансиско задолжување, ревизија на трошоци, трошоци и налози за плаќање и исплати (*26/01/982 година).
* усвојување на предлозите за трошоци - налози за трошоци (Бирото, со претходна ревизија).
* усвојување на предлози за набавки и склучување договори (Бирото) со предлог-налози за плаќање (претседателот на Домот).
* материјални трошоци (овластени службеници)
* усвојување на трошоци кои налагаат ребаланс на буџетски средства - како резултат на недостиг на фондови или средства и распределба на вишоци или користење на средства (Бирото на Домот со претходна ревизија).

Финансиска ревизија на парламентот

Во парламентот постојат два вида на ревизија: надворешна (од страна на Судот на ревизори) и внатрешна (конрола на финансиското управување со Домот) Парламентот, бидејќи има свој буџет, има и свои внатрешни ревизори. (за Претставничкиот дом, за Сенатот, како и за двата Дома). Внатрешните ревизори се целосно независни, имаат слобода во одлучувањето и не примаат наредби и насоки од

генералниот секретар. Тие само известуваат до него за направената ревизија и го даваат своето мислење за тоа.

Во Претставничкиот дом постои пред-ревизија, поточно ревизија пред да се користат прите за да се провери дали е се во ред со изготвениот буџет, за подоцна да се добие добра основа за пост-ревизија. Обично тоа се врши за да се види дали е направена правилна исплата и дали одредената сума е во ред. Извештајот се потпишува од страна на ревизорот. Понекогаш ревизорите се против одредени трошоци и не се согласуваат со начинот на кој се предвидува трошење на одредени средства. Ревизорот мора да објасни зошто ја донел таквата одлука. Доколку извештајот се прифати, барањето се стопира и нема да има исплата.

Ревизорите реагираат пред да се изврши одредена исплата. Пр. купување нови автомобили (доколку не ги исполнуваат критериумите, ревизорите реагираат). Доколку се појави спор, тој се решава од страна на Мешовитата комисија на двата дома и подносителите на барањето. Обично тоа не се случува во пракса и обично оние кои се подносители, го почитуваат мислењето на ревизорите. Доколку се појави неповолен извештај, ревизорите се заштитени со нивното претходно реагирање и не сносат кривична одговорност за тоа.

ДЕБАТА ЗА ИДНИНАТА НА УСТАВОТ НА ЕУ

Презентацијата и дебатата по ова прашање во Претставничкиот дом беше раководена од страна на г-дин Карлос Клоса Монтеро, заменик-директор на Центарот за политички и уставни студии, кој е директно одговорен на премиерот на Шпанија. Во текот на излагањето беа презентирани предизвиците со кои се соочува Унијата, имајќи го во предвид приемот на 10 нови земји членки во 2004 година и на уште 2 други во 2007 година.

Предизвиците се во главно насочени кон подобрување и реорганизација на институционалниот капацитет на Унијата и за иднината на Уставот на ЕУ. Иницијално основана за 6, Унијата во моментов брои 27 земји членки, при што институциите треба да бидат позајакнати да можат да работат со поглем број членки. Праксаѕта покажува дека целиот законодавен процес, со секое ново проширување, одзема повеќе време за разгледување на предлозите и за дебати, за превод на материјалите и сл. Размислувањата се однесуваат на поедноставување на законодавството на ЕУ, бидејќи сите експерти за европско право од националните земји се соочуваат со проблемот на комплексност на проблематиките и за начините на организирање на работата.

Во поглед на Уставот на ЕУ, беше искажан ставот дека Уставот никогаш немал уставен мандат, туку повеќе се гледа како на каталог на процедури. Сеуште постојат стравувања за крајниот резултат, особено ако се има предвид фактот за неуспешните референдуми во Франција и Холандија, земји основачки на Унијата. Се поставува прашањето: Што понатаму? Секое решение во иднина по ова прашање мора да вклучува промени во поглед на гласањето и воведување систем на дво-третинско гласање, бидејќи сегашниот начин на гласање често доведува до парализа на системот на работа на ЕУ. Како пример, беше посочен системот на САД, каде Уставот е донесен со мнозинство гласови од сојузните држави. Реформите треба да бидат исто така во насока на поедноставување на работата на институциите како Комисијата, Европскиот парламент, Советот на министри и националните парламенти.

ТРАНСПОНИРАЊЕ НА АКТИ НА ЕУ ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ

Законодавството на ЕУ обично се менува по одредена жешка дебата која ќе започне во медиумите, за промена на одредена легислатива. Иницијаторот на иницијативата за измена или дополнување на европското законодавство треба да се придржува до правилата за изготвување и предлагање на таков акт. За тоа постојат и готови теркови за изготвување, како и насоки за содржината на самиот акт и техничките поединости на актот, кои може да се најдат на страната на Унијата: www.europa.eu.

Задача на комисијата е да предлага ново законодавство и да изменува застарени легислативи. Актите на Еу се: директиви (обврзувачки да се имплементираат во дадената форма) и регулативи (со кои треба да се изврши измена на националното законодавство и да се постигне ефектот кој се налага со регулативата). Периодот за разгледување е 6 месеци однапред од страна на комисијата и 6 недели за националните парламенти да го изразат својот став. Министерството за надворешни работи или Секретаријатот за ЕУ прашања, во земјите членки, по добивање на предлогот, го испраќаат до релевантното министерство и до парламентот.

Важен аспект во целиот законодавен процес има ***системот на рано предупредување,*** систем кој налага националните парламенти да се изјаснат дали во одреден документ од ЕУ има кршење на принципот на субсидијарност/ пропорционалност. По донесувањето на одлука од страна на парламентот, владата е известена за ставот и го застапува во институциите на ЕУ. Како да се вклучат регионалните влади во процесот? Во Шпанија, се прават обиди за вклучување на претставници на регионалните влади во процесот на одлучување, бидејќи тие се чувствуваат лишени од овој процес. Друг начин е преку Комитетот на региони, кој се среќава пред Комисијата во Брисел и зазема ставови по одредени прашања.

По донесување на директива или регулатива, постои временски рок за нејзино имплементирање или за изменување на националното закондавство соодветно, со насоки кои ги издава Судот на правдата и кој тесно соработува со луѓето кои се надлежни да работат на нивното спроведување. Што се случува доколку некоја земја членка не ги применувате директивите на ЕУ? Тогаш, после предвидениот рок за имплементација, државата, која не го направила тоа, треба да плати парична казна. Познат е примерот со Франција, која Европскиот суд за правда ја казни во 2005 година со парична казна поради непочитување на законодавството на ЕУ за рибарството. Казната изнесува 20 милиони евра, плус шест месечна казна од 57,76 милиони евра. Тоа послужи како добра лекција за сите земји членки на Унијата за во иднина. Доколку пак, регионалната влада не се придржува во законодавството на ЕУ, тогаш казната ја плаќа националната валда, со тоа што после ќе одбие од средствата предвидени за регионалната влада.

СЕНАТ

Согласно член 69 од Уставот, Сенатот е Дом што ги претставува автономните региони во Шпанија. Секој регион избира по четворица сенатори, по тројца се избираат на островите Гран Канарија, Малорка и Тенерифе и по еден сенатор од секоја од овие групи острови: Ибица-Форментера, Менорка, Фуертевентура, Гомера, Хиеро, Ланзароте, и Ла Палма. Градовите Сеута и Меилја ќе избираат по двајца сенатори секој. Сенаторите се избираат на директни избори, со мандат од четири години. Нивниот број изнесува 208. Останатиот дел од сенаторите, поточно 51 од вкупниот број (259) се назначуваат од автономните региони. Секој регион или регионално собрание, назначуваат по еден сенатор и уште по еден сенатор на секој 1 милион жители.

Сенатот има многу ограничена улога во процесот на одлучување, затоа што последниот збор во донесувањето на закони го има Претставничкиот дом. Сепак, имајќи го предвид фактот дека сенаторите доаѓаат од партии кои исто така се застапени во Претставничкиот дом, има претходно договарања и консултации со самите партии за одредена проблематика, така што амандманите кои доаѓаат од Сенатот делумно се прифаќаат (праксата покажува дека 50% од поднесените амандмани од страна на Сенатот се прифаќаат од Претставничкиот дом).

Во моментов се одвива реформа на Сенатот. Предлозите се сенаторите да се избираат до 10% или 20%, бидејќи сега има премногу сенатори кои ги претставуваат регионите, а тоа да се врши согласно следните критериуми:

- институционални - назначување на одреден број сенатори за секој регион, без разлика на населението
- популациски - повеќе сенатори на понаселените места
- територијални - регионалната перцепција да биде соодветно земена предвид во реформите

Тоа би било да има по 6 фиксни сенатори во секој регион, по 1 екстра сенатор за 1 милион население и по 1 или 2 сенатори плус во одреден регион. Пр. Мадрид ќе има повеќе сенатори, а Кастиља помалку со новата реформа.

Исто така, со реформите се предвидува давање подолг рок за разгледување на законите кои доаѓаат во Сенатот, затоа што сегашниот рок (2 месеци) е премногу мал. Реформите предвидуваат продолжување на роковите на 4 месеци. За закони кои имаат влијание на регионите, се предлага првото читање да почнува во Сенатот, а не во Конгресот.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мултилатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

од состанокот на Генералните секретари на Парламентите на земјите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство во ЕУ што се одржа на 16 март 2007 година во Братислава, Република Словачка

Скопје, март 2007 година

Состанокот на генералните секретари се одржа во Братислава, на 16 март 2007 година, во историската зграда на Словачкиот парламент - Национален совет на Република Словачка, а беше во функција на подготовка на состанокот на Конференцијата на спикери[43] што ќе се одржи од 24 до 27 мај 2007 година, исто така, во Братислава, Република Словачка. На состанокот присуствуваше г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија и Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународна соработка. Словачкиот парламент, како парламент кој претседава со Конференцијата, презеде серија на иницијативи за поуспешно организирање на претстојниот настан. За таа цел тие изготвија прашалник што беше доставен до парламентите членки на Унијата и парламентите на земјите кандидати. Прашалникот се однесуваше за подобрување на меѓупарламентарната соработка во ЕУ.

Состанокот беше фокусиран на следниве три теми: Претставување на нацртот на програмата на Конференцијата на спикери на парламентите на ЕУ, Презентација на г. Бо Мандерин Јенсен, главен советник на претседателот на Европската комисија, потоа Разгледување на Извештојот на Работната група за меѓу-парламентарна соработка, Разгледување на Извештајот во врска со првата година од функционирањето на IPEX,[44] Разгледување на Извештајот од Работната група за помош на парламентите на новите демократии и земјите во развој, како и Подигнување на националната европска свесност.

Во врска со организационите активности на Конференцијата на спикери на парламентите на ЕУ се истакна дека се очекува претседателите на парламентите да пристигнат во Братислава на 24 мај 2007 година кога се планира претседателот на Словачкиот парламент да приреди свечена вечера, додека заминувањето е предвидена за 27 мај 2007 година. Конференцијата ќе се одржи во салата за пленарни седници на Словачкиот парламент и секоја делегација ќе има на располагање по три места и тоа за претседателот на парламентот, генералниот секретар и амбасадорот. Сите други членови на националните делегации ќе бидат сместени во друга просторија и практично ќе ја следат конференцијата преку видео. Овој предлог на домаќините предизвика реакција кај повеќето учесници на состанокот и може да се очекува зголемување, односно промена на предложениот распоред до почетокот на Конференцијата. На 25 и 26 мај 2007 година се очекува разгледување и усвојување на Извештајот на Работната група за меѓу-парламентарна соработка, потоа Извештајот за помош на парламентите на новите демократии и Информацијата за подигнување на националната европска свестност. Се очекува Конференцијата на спикерите да придонесе за поголемо акцентирање на Годишната законодавна и работна програма на Евопската комисија од страна на националните парламенти и да ги охрабри парламентите да ја разгледуваат програмата на ЕК на своите пленарни седници или на седниците на релевантните работни тела и на тој начин на граѓаните и на граѓанското општество да им ги приближуваат европските прашања.

Поопширни информации за претстојната Конференција, се очекува националните парламенти да добијат во писмена форма преку релевантните дипломатски претставништва.

Најголем дел од дискусиите на состанокот на генерални секретари беа посветени на Извештајот на работната група за подобрување на меѓупарламентарна соработка во ЕУ.

Имено на Конференцијата на претседателите на парламентите на ЕУ која се одржа во Копенхаген, од 29 јуни до 2 јули 2006 година, Претседателство било овластено да

[43] Конференцијата на спикери претставува форум за размена на мислења, информации и искуства, како и промовирање на истражувачки активности и заеднички акции меѓу спикерите на парламентите во врска со прашања за улогата на парламентите и организирањето на парламентарните функции, како и за формите и средствата на меѓупарламентарна соработка,

[44] IPEX е база на податоци која ќе служи како важно средство за размена на ЕУ информации со директно дистрибуирање на законодавните предлози од Европската комисија до IPEX база на податоци. Целите на IPEX се поддржување на меѓупарламентарната соработка во Европската унија со обезбедување на платформа за електронска размена на ЕУ информации меѓу парламентите на Унијата.

основа Работна група која ќе ги разгледа начините на подобрување на меѓупарламентарната соработка во ЕУ.

Работната група била повикана да изготви извештај за следната Конференција на претседателите на парламентите на ЕУ во Братислава на следниве теми:

- Дали Хашките насоки можат да се зајакнат?
- Дали координацијата меѓу разните форуми за меѓупарламентарна соработка, вклучувајќи ја Конференцијата на претседателите на парламентите на ЕУ, COSAC, состаноците на комисиите, односно работните тела на националните парламенти и Мешовитите парламентарни состаноци, чии домаќини се Европскиот парламент и националниот парламент на земјата членка која што претседава со Советот - може да биде подобрена и, доколку да, како?
- Дали националните парламенти се во состојба да ја зајакнат соработката меѓу националните парламенти, Европскиот парламент и Европската комисија?
- Дали постоечкиот систем за назначување Претседателство на Конференцијата на претседателите на парламентите на ЕУ може да се подобри?

На состанокот на Проширената тројка одржан на 7 ноември 2006 година, на кој Словачкото претседателство ги поканило генералните секретари на парламентите на Данска, Финска, Франција и Германија, била донесена одлука да се опфати прашањето за координацијата на трите постоечки веб страници кои се занимаваат со меѓупарламентарна соработка, имено веб страниците на Конференцијата на претседателите, IPEX i COSAC.

Националниот совет на Република Словачка, парламентот кој претседава со Конференцијата на претседателите, со поддршка на парламентите на Проширената тројка (Германија и Франција) ја презело одговорноста за свикување состанок на Работната група и обезбедување поддршка за нејзината работа.

Работата на Работната група за меѓупарламентарна соработка се темели врз внесените податоци обезбедени од парламентите учесници, врз основа на прашалникот кој го раздели Парламентот на Словачка во февруари 2007 година. Работната група одржа еден формален состанок на 1 март 2007 година. Националниот совет на Република Словачка го подготви и раздели прашалникот после консултациите со парламентите на Данска, Германија и Финска, како што било договорено на состанокот на Проширената тројка.

Од 27 земји членки на Европската унија, 14 имаат еднодомен парламент, додека 13 имаат дводомен парламент. Поради оваа мешавина од еднодомни и дводомни системи, во 27 земји членки има вкупно 40 парламентарни дома. На прашалникот одговориле 34 национални парламентарни дома од 23 земји членки. Парламентите на земјите кандидати, исто така, беа вклучени во работата на Работната група, со статус на набљудувачи. Два дома од земјите кандидати одговориле на прашалникот. Прашалникот беше доставен до Собранието на Република Македонија на кој навремено е одговорено од страна на Секторот за меѓународна соработка во соработка со Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија. На прашалникот одговорил и Европскиот парламент.

Хашките насоки

Конференцијата на претседателите на парламентите на ЕУ, на состанок во Хаг, кој се одржал на 2 и 3 јули 2004 година, се согласил околу насоките, таканаречени Хашки насоки кои ќе претставуваат темел на меѓупарламентарната соработка во ЕУ. Бидејќи некои аспекти и одлики на меѓупарламентарната соработка во ЕУ се променети или развиени во текот на изминатите години, се наметна прашањето дали тековните Хашки насоки остануваат правилна рамка за меѓупарламентарна соработка денес. Тоа е причината зошто претседателите на парламентите на ЕУ на состанокот во Копенхаген и поставиле задача на Работната група да ги оцени Хашките насоки.

Од тековното Претседателство било побарано да испита како Хашките насоки би требало да се изменат и дали националните парламенти ја поддржуваат идејата за зајакнување на Хашките насоки. Според одговорите на прашалникот, голем број од домовите учесници дале на знаење дека би сакале да видат општо зајакнување на Хашките насоки. Во исто време, значителен број на парламентарни домови сметале дека сегашните рамки на Хашките насоки веќе не обезбедуваат точна слика која е во согласност со најновите актери вклучени во меѓу-парламентарната соработка.

Меѓутоа, што се однесува до целите на Хашките насоки, парламентите главно биле задоволни, па така, бројот на парламентите кои сметале дека е неопходно да се експандираат целите на Насоките бил осетно помал од бројот на оние кои го сметале спротивното. Парламентите биле поделени и во поглед на прашањето дали сите неопходни полиња на соработка се наведени во сегашните Хашки насоки.

Врз основа на овој инпут од страна на парламентите, Работната група одлучила дека најадекватен одговор би било предлагањето на претпазливо ажурирана верзија на постоечките Насоки, која ќе ја задржи рамнотежата на хашкиот текст, но ќе го земе предвид натамошниот развој на настаните и забелешките изнесени од страна на националните парламенти.

Особено значителниот прогрес на полето на меѓупарламентарната соработка, постигнат во текот на изминатите години, се чини дека го оправдува ревидирањето на Хашките насоки, со што истите ќе се усогласат со тековната пракса. Но и Иницијативата на Европската комисија од мај 2006 година, со која националните парламенти се поттикнуваат во поголема мера да се вклучат во развојот и спроведувањето на стратегиите на ЕУ, како и следствените заклучоци на Европскиот совет од јуни 2006 година, бараат соодветна реакција.

Конечно, изгледа дека мнозинството парламенти на ЕУ ја поддржуваат општата цел на Хашките насоки, која е меѓупарламентарната соработка во Европската унија да стане поефикасна, поорганизирана и поусогласена. Меѓутоа, постои колебање во врска со воведувањето на елементи кои би можеле да се протолкуваат како основа за воспоставување институција или како ограничувачки за проактивното дејствување на поединечните парламенти во однос на прашања кои се од важност за нив.

Врз основа на претходно изнесеното Работната група предлага Конференцијата на спикерите формално да ги надополни Хашките насоки, така што ќе може да ги прилагоди измените кои се наложени од настаните после 2004 година, без да ја измени суштински структурата или целите на хашкиот консензус.

Постои силна поддршка за одржување на достигнувањата на Хашките насоки на конференцијата на претседателите, но исто така и потреба да се обезбедат соодветни измени во текстот кои станаа неопходни поради развојот во меѓупарламентарната соработка во рамките на ЕУ. Поддршката за темелните измени на целите на Насоките е помала.

За лесно користење Работната група предлага обновениот документ да биде насловен “Хашко-братиславски насоки".

Во Извештајот на Работната група во врска со соработката меѓу Конференцијата на претседателите и COSAC се заклучува дека во поглед на различните законски основи, улоги и цели на Конференцијата на претседателите на парламентите на ЕУ и оние на COSAC, Конференцијата на претседателите да има предвид дека формална,

институционализирана соработка меѓу двете институции во моментов не е неопходна. Исто така, различните законски основи на двете конференции поставуваат технички и законски прашања кои не можат да се решат во рамките на расположливото време.

Работната група изразено ја поддржува идејата за промена на постоечкиот систем за избор на претседателство на Конференцијата на спикерите на парламентите на ЕУ, бидејќи мнозинството парламенти ја сфаќаат како неопходен чекор кон подобрување на координацијата меѓу двете конференции, односно Конференцијата на претседателите и COSAC. Увидувајќи дека дури и откако е прифатена новата ротација за Претседателство на Конференцијата на спикерите, претседателствата на двете конференции нема да можат потполно да се совпаднат, Работната група ги повикува парламентите кои претседаваат со двете конференции да изнајдат начини за подобра координација, главно во однос на дневниот ред и времето на одржување на состаноците, со цел да се зајакне учеството на парламентите во формулацијата на политиката на ЕУ.

Во врска со *соработката меѓу националните парламенти и Европскиот парламент: Мешовити парламентарни состаноци*[45] *и состаноците на Мешовитите комисии*[46]*,* Работната група бележи дека постои општа согласност меѓу парламентите дека структурата, тајмингот и содржината на меѓупарламентарните состаноци може и главно треба да се подобри. За структурата и процедурите на меѓупарламентарните состаноци по традиција одлучува парламентот домаќин на средбата. Работната група не гледа потреба да го промени овој пристап.

Меѓутоа, тие веруваат дека проблемите кои некои национални парламенти ги посочуваат во врска со Мешовитите парламентарни состаноци и состаноците на Мешовитите комисии можат да се решат доколку Европскиот парламент ги прифати стандардните процедури за таквите состаноци. Секако дека кога ќе се воведат по прв пат, тие процедури треба да бидат разгледани во националните парламенти и треба, доколку е потребно, да бидат отворени за измени.

Работната група предлага од Европскиот парламент да се побара да востанови прирачник, односно *Vademecum* за Мешовитите парламентарни состаноци и состаноците на Мешовитите комисии, откако ќе се консултира со националните парламенти.

Во врска со подобрување на соработка меѓу националните парламенти и Европскиот парламент, Работната група заклучила дека повеќето национални парламенти го поддржуваат натамошниот развој на соработката на националните парламенти со Европскиот парламент. Јасно е, меѓутоа, дека она што е потребно е натамошното истражување на постоечките форми на соработка, отколку создавање на нови. Ова се објаснува со ограниченото капацитет на националните парламенти да управуваат и апсорбираат натамошни активности. Така што вниманието треба да биде свртено кон квалитативниот развој на сегашната соработка, наместо кон каков и да е квантитативен пораст.

Работната група предлага сегашните облици на соработка меѓу националните парламенти и Европскиот парламент поподробно да се разгледаат, координираат и планираат, наместо да се создаваат нови форуми и структури. Подоброто запознавање на членовите на Европскиот парламент и службите на ЕП со надзорот на националните парламенти врз легислативата и политиките на ЕУ, ќе придонесе за подобра соработка. IPEX има значајна улога во тој поглед.

Работната група, исто така, бележи дека постои потреба од зголемена парламентарна интеракција и на други полиња, покрај Мешовитите парламентарни

[45] Тематски состаноци организирани од страна на на Европскиот парламент и земјата преседавач со Советот на Унијата. На овие состаноци се покануваат пратеници од националните паралменти и пратеници од Европскиот парламент

[46] Состаноци организирани од страна на земјата претседавач со Унијата на кои се покануваат претседателите на одредени работни тела на националните парламенти, во зависност од приоритетите кои ги поставува земјата претседавач.

состаноци и состаноците на Мешовитите комисии. Тие сметаат дека е битно новите начини на соработка да не бидат институционализирани и да останат флексибилни и согласни со потребите. Соработката се темели врз подеднакво и доброволно партнерство на националните парламенти и Европскиот парламент.

Во врска со преносот на документите на Европската комисија до националните парламенти, Работната група заклучува дека парламентите главно ја поддржуваат идејата за натамошниот развој на соработката со Европската комисија, со тоа што акцент треба да се стави на квалитетот на интеракцијата.

Се бележи општо прифаќање на иницијативата на Европската комисија своите законодавни предлози и консултативни документи директно да ги пренесува до националните парламенти. Се предлага Комисијата, од своја страна, да го унапреди своето учество во процесот на консултации кои ги создава, особено со тоа што ќе одговара на предлозите од страна на националните парламенти. Со цел да се подобри транспарентноста на коментарите на парламентите на предлозите на Комисијата, како и повратните реакции на Комисијата, Работната група согласувајќи се со барањето изнесено на состанокот на претседавачите на COSAC, одржан во Берлин на 13 февруари 2007 година, ги повикува националните парламенти и Европската комисија да се погрижат парламентарните предлози и одговорите на Комисијата да бидат достапни на Секретаријатот на COSAC, како и на базата податоци на IPEX.

Во врска со соработката во областа на Законодавната и работната програма (ЗРП) и Годишната политичка стратегија на Комисијата (ГПС), Работната група заклучува дека Конференцијата на спикери треба да обрне внимание на мислењето на парламентите учесници. Испитувањето и дискусијата за Годишната законодавна и работна програма на Европската комисија е примарна задача на поединечните парламенти, при што ќе ги применуваат своите интерни процедури.

Конференцијата на спикери го повикува COSAC да даде мислење како испитувањето и дискусијата за Годишната политичка стратегија на Комисијата би можеле корисно да се вклучат во работната програма на COSAC.

Конференцијата на спикери ги повикува националните парламенти да ги споделат своите искуства за работата со ЗРП и ГПС и останува отворена да ја вклучи оваа тема во својата агенда, кога ќе биде погодно.

Во врска со подобрувањето на координацијата меѓу веб страниците кои се занимаваат со меѓупарламентарна соработка, Работната група ја поздравува зголемената соработка меѓу Централната поддршка на IPEX и Секретаријатот на COSAC со цел да се обезбеди дека информациите, достапни на веб страницата на IPEX, се релевантни за крајните корисници во националните парламенти.

Работната група го повикува Одборот на IPEX да ги преземе неопходните чекори со кои ќе овозможи создавање на заеднички портал за разните меѓупарламентарни веб страници (т.е. линкови до разните веб страници). Тој портал може да биде поставен на веб страницата на IPEX. Групата го повикува IPEX да ги доврши веќе поставените задачи и да овозможи зголемена размена на информации меѓу националните парламенти и европските институции - вклучувајќи публикации за одговорите на Комисијата на мислењата на националните парламенти во врска со законодавните и незаконодавните документи на ЕУ.

Работната група предлага Конференцијата на спикери да посвети внимание на мислењата на парламентите учесници и го повикува Одборот на IPEX да ги вклучи предлозите како елементи во планирањето на IPEX. Се предлага Конференцијата на претседателите да побара од Одборот на IPEX и Секретаријатот на COSAC да ги преземат сите дејствија кои ги сметаат за погодни за да го сведат на минимум дуплирањето на работата во врска со календарите на двете веб страници, со тоа што ќе овозможат Календарот на меѓупарламентарната соработка поставен на веб страницата на IPEX да овозможи преглед на широка палета на меѓупарламентарни активности.

* * * * *

На состанокот одржана на 16 март 2007 година, откако генералните секретари на парламентите и нивните соработници ги разгледаа предлозите на Работната група во врска со подобрувањето на меѓупарламентарната соработка, одредени парламенти, меѓу кои парламентот на Италија, Унгарија и Германија, поздравувајќи ја обемната завршена работа од страна на Работната група изразија одредена резерва во однос на определени параграфи во Извештајот, како и во однос на предложените конкретни измени на Хашките насоки. Ова предизвика бурна и долготрајна расправа во која доминираа размислувањата дека Работната група го надминала добиениот мандат кој и бил даден и дека во Извештајот повеќе станува збор за проширување на Хашките насоки отколку за нивното зајакнување. На состанокот не се усогласија предлозите на Работната група и се заклучи до одржувањето на Конференцијата на спикери, националните парламенти меѓусебно да комуницираат преку електонски пат, да се усогласат и да се најде компромисно решение, за да може Извештајот на Работната група заедно со предложените измени на Хашките насоки да се усвои на Конференцијата на спикерите.

Понатаму на состанокот се разговараше за Проектот IPEX. Извештај за првата година од работата на IPEX поднесе г. Петер Ларен, раководител на Секторот за Европска унија во Данскиот парламент.

Тој посочи дека целта на проектот е електронска размена на ЕУ информации меѓу националните парламенти за креирање база на податоци. Проектот добро се одвива благодарение на големата посветеност на работната и техничката група, пред сé, на претставници на Шведскиот и Данскиот парламент. Уште еднаш се нагласи дека успешноста на овој проект, пред се, зависи од посветеноста на државните службеници за ажурирање на релевантни ЕУ информации и документи на националните парламенти. Се цени дека работењето на IPEX коресподенти ќе биде круцијално, проектот IPEX да биде успешна приказна.

Г. Харолд Ромерс (Данска) како нов генерален секретар на Европскиот парламент, чија функција почна на 1 март 2007 година, посочи дека во ЕП сериозно се размислува како Европската унија да им се приближи на граѓаните, каква Унија сакаат граѓаните, каде е границата на Унијата, како да се финансира Унијата и многу други прашања. Европскиот парламент ќе работи на поголема соработка со националните парламенти и понуди следната година Европскиот парламент да биде домаќин на Конференцијата на спикери на парламентите на ЕУ.

На состанокот се обрати г. Бо Мандеруп Јенсен, главен советник на претседателот на Европската комисија. Тој се задржа на одбележувањето на 50-годишнината од формирањето на Европската унија и усвојувањето на Берлинската декларација која сé уште не е усогласена од стана на земјите членки на Унијата, а треба да се усвои на 25 март 2007 година на централната свеченост што ќе се одржи во Берлин по повод 50-от роденден на ЕУ. Господинот Јенсен посочи дека Европа може да се гордее со своите постигнувања во текот на педесетте години развој, со промовирање на заеднички европски вредности, како што се човечкото достоинство, слободата, толеранцијата и меѓусебната солидарност.

* * * * *

Делегацијата на Собранието на Република Македонија заради несоодветното авионско поврзување мораше порано да го напушти состанокот.

Треба да се напомене дека при подготовката за состанокот одржан на 16 март 2007 година организаторот, односно Словачкиот парламент до сите национални парламенти, покрај организационите документи и извештаи, достави и прелиминарен список на учесници кој по електронски пат двапати беше доставен до делегацијата на Собранието на Република Македонија. Во тој прелиминарен список на учесници, нашата

земја беше назначена како Македонија. При регистацијата, членовите на делегацијата на Собранието на Република Македонија забележаа дека е променето името на земјата во "FYROM", како што беа назначени и беџовите за македонската делегација. Откако членовите на делегацијата реагираа кај организатотите, делегацијата беше уверена дека следниот ден ќе се издадат нови корегирани беџови и повторно ќе се врати уставното име на нашата земја во списокот на учесници. Додека членовите на делегацијата беа на состанокот, не беа доставени нови беџеви, а до овој момент организаторот не достави конечна листа на учесници.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мултилатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

од Третиот мешовит парламентарен состанок за иднината на Европа, одржан на 11 и 12 јуни 2007 година во Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија

Скопје, јуни 2007 година

На 11 и 12 јуни 2007 година, во просториите на Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, се одржа Третиот мешовит состанок за иднината на Европа. На состанокот учествуваа пратеници од националните парламенти на сите земји членки на Европската унија, пратеници од националните парламенти на земјите кандидати и пратеници од Европскиот парламент. Од Собранието на Република Македонија учествуваа пратеникот Панче Дамевски од ВМРО-ДПМНЕ и пратеникот Оливер Спасовски од СДСМ, како и г-ца Маријана Опашинова, советник за мултилатерална соработка во Собранието на Република Македонија.

Со седницата претседаваа г-дин Ханс Герт Потеринг, претседател на Европскиот парламент и г-динот Норберт Ламерт, претседател на Германскиот бундестаг. На седницата исто така свои обраќања имаа г-динот Жозе Мануел Барозо, претседател на Европската комисија и г-динот Франк Валтер Штајнмајер, министер за надворешни работи на Сојузна Република Германија и г-динот Џулијано Амато, министер за внатрешни работи на Република Италија и поранешен претседавач со Европската конвенција.

На официјалното отворање на состанокот, г-динот Норберт Ламерт, престедател на Германскиот Бундестаг ги поздрави учесниците истакнувајќи дека овој состанок се одржува во еден важен момент за иднината на Европа, една недела пред самитот на Европскиот совет, за чии одлуки граѓаните имаат големи очекувања. Ова особено се однесува на времето по завршувањето на периодот на рефлексија, период во кој сите земји членкии одржуваа широки дебати со граѓаните за да ги испитаат јавносто мислење и да постигнат консензус по прашањето за целосно прифаќање на Уставот од страна на сите земји членки. Посочувајќи дека во интерес на националните парламенти е усвојување на Устав на ЕУ, претседателот Ламерт тоа го образложи со фактот што со новиот Устав се зајакнува улогата на националните парламенти и повторно се враќаат дел од правата кои на некој начин им беа одземени на парламентите во процесот на одлучување на ЕУ, бидејќи главен збор во тој процес досега имаа нивните влади и Европската комисија, заедно со Европскиот парламент.

Надоврзувајќи се на она што го кажа неговиот колега, претседателот Потеринг истакна дека во моментот не постои расположение кај одредени земји за промена на системот на гласање во делот на првиот столб од заедницата, поточно за гласање со дво-третински мнозинство. Сегашниот систем на одлучување кој подразбира согласност на сите 27 земји членки и ставањето на вето, тој го посочи како чудно сфаќање на демократијата, бидејќи како што рече, солидарноста не е "еднонасочна улица" туку систем на две нивоа, но сепак изрази надеж дека ова прашање на крајот ќе биде решено. Претседателот Потеринг исто така посочи дека националните парламенти не смеат да бидат конкуренти на Европскиот парламент, туку партнери во овој процес, еден вид ко-законодавци.

Министерот за внатрешни работи на Република Италија и поранешен претседавач на Европската конвенција, г-динот Џулијано Амато, изрази задоволство за позитивната клима што постои пред Самитот на Европскиот Совет и што не преовладуваат интересите на националните парламенти над европските интереси. Тој истакна дека Европа не смее да промовира поделби, затоа што тоа ќе биде со фатални последици, а обединета Европа ќе преживее ако сите веруваме во нејзиното постоење. Застранувањето од европските цели, рече тој, ќе изневери три генерации на Европејци и сите лидери кои што се борат да го зачуваат она што досега е постигнато на тој план. И покрај одделните мислења дека на Европа не и е потребен Устав и реформи на европските институции, министерот Амато јасно даде на знаење дека тоа оди во погрешна насока и дека Европа мора да усвои Устав. Европа треба да биде еден "иден фототип на двојно управување", на национално и на европско ниво. Тоа ќе биде во насока да се направи Европа потранспарентна, подемократска и полесно да може да донесува одлуки. За тоа да може да се постигне потребно е граѓаните да го разбираат работењето на европските институции, а лидерите во националните земји мора да ја

пренесат таа порака до граѓаните. Според него, Европа не е супердржава туку мрежа на влади, во која постои меѓусебно поврзан законски систем.

По отворањето на состанокот, работата се одвиваше во три работни групи и тоа:
РГ1: Новите предизвици за Европската унија, особено за областите на климатските промени и енергетската безбедност,
РГ2: Архитектурата и содржината на идниот Устав, и
РГ3: Улогата на парламентите во процесот на реформи.

Пратеникот Панче Дамевски учествуваше во работната група за Улогата на парламентот во процесот на реформи, а пратеникот Оливер Спасовски во работната група за Архитектурата и содржината на идниот Устав.

Во работната група 2 за архитектурата и содржината на идниот Устав дебатата беше фокусирана за идните чекори што треба да се преземат до 2009 година, со цел Унијата да се постави на нова уставна основа, за да се овозможи поефикасно функционирање на нејзините институции. Во дискусиите беше искажан висок степен на консензус за тоа дека Советот треба да ги земе како пример ваквите дискусии за побрзо да може да донесува одлуки по актуелни прашања. Исто така, се посочи на фактот дека потребни се јасни одлуки за да може ЕУ да биде поефикасна и подемократска. Иако реалноста покажува дека 18 држави го ратификувале Уставот, 2 го отфрлиле, а 4 веќе се согласиле со неговата содржина, сепак едно е сигурно - дека сите држави членки го ставиле својот потпис на содржината на тој Устав. Учесниците беа согласни дека потребно е поедноставување на процедурите, зголемување на транспаретноста на работата за граѓаните и дека не е потребно дополнување и менување на постоечкиот Устав, затоа што тоа може само да ги усложни работите и да ја отвори "пандорината кутија", нешта кои на Унијата во овој момент и се најмалку потребни.

За дилемата околу задржувањето во склоп, или исфрлањето на Повелбата за човекови права од постоечкиот Устав како посебен дел од истиот, повеќето дискутанти истакнаа дека таа секако треба да си остане како дел од Уставот, затоа што тоа го зајакнува квалитетот на Уставот.

На дебатата во работната група 3 за улогата на парламентите во процесот на реформи, пратениците од националните парламенти на земјите членки на ЕУ дискутираа во поглед на зајакнатата улога на националните парламенти во новиот Устав. Притоа беа искажани различни ставови во поглед на улогата што треба да ја имаат парламентите во процесот на одлучување во ЕУ во иднина. Некои од учесниците сметаа дека треба да се продолжи рокот од 6 на 12 месеци за националниот парламент да може ефикасно и подетално да ги разгледува законите кои доаѓаат од Европската Комисија и да даде мислење по истите во тој временски рок. Аргументите беа дека со рокот од 12 месеци може правилно да се испочитува принципот на супсидијарност, што според нив во моментот поради кратките рокови, недоволно се почитува. Исто така, во поглед на предлагањето и доставувањето на закони од страна на Европската комисија, парламентите развија жива дискусија која беше зачинета со симболи од фудбалот и тоа: се зборуваше за давање "црвен картон" на Европската комисија, т.е. блокирање на работата на Комисијата за одреден закон од страна на парламентите доколку сметаат дека е нарушен принципот на супсидијарност; потоа давање "жолт картон" на Европската комисија, т.е. предупредување на комисијата од страна на националните парламенти за нарушување на системот на супсидијарност; и улогата на парламентот на "фудбалски судија" во однос на работата на Комисијата. Заклучокот на мнозинството, сепак беше дека треба да се прифати "жолтиот картон" затоа што тоа е најсоодветно решение, а "црвениот картон" е премногу силно решение кое може да доведе до поголема блокада на работата на Комисијата.

Во поглед на работењето на КОСАК и предлозите за негова институционализација беа искажани различни ставови, но преовладуваше мислењето дека КОСАК треба да остане Конференција на националните парламенти и дека досегашните средби се покажале како доста корисни за размена на искуства меѓу

комисиите од националните парламенти и дека во иднина треба рамката и динамиката на средби да се прошири на останати комисии. Исто така, се зборуваше и за давање јасен мандат на Меѓувладината конференција (IGC), а предлозите се испраќање постојан претставник од парламентот беа отфрлени, бидејќи како што беше нагласено, парламентите не се "хомогено тело со хомоген национален став" , па така не можат ни да учествуваат во такво својство на оваа Конференција.

Пратеникот Панче Дамески, земајќи збор во дискусијата истакна дека најзначаен аспект во улогата на парламентот во процесот на евроинтегрирањето, како и во севкупната демократизација на општеството, е непосредната соработка, но и контролата врз работата на Владата. Ова особено е важно по отпочнување на процесот на преговори, а подоцна и со стекнувањето на полонправно членство на земјата во ЕУ, кога Владата го има главниот збор во преговарањето во европските институции.

Надоврзувајќи се на дискусијата за значењето на КОСАК, тој го наведе членството на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија во КОСАП, каде средбите на парламентарците од регионот овозможуват ефикасна размена на искуства за процесот на евроинтегрирање во различните фази во тој процес на секоја од земјите учеснички, но и развивање и зајакнување на регионалната соработка. На тој план, Република Македонија има одлична соработка со сите земји членки и тоа: Хрватска, Црна Гора, Србија, Албанија и Босна и Херцеговина.

Пратеникот Дамевски на крајот нагласи дека транспарентноста приближувањето на Собранието до граѓаните е затоа што Република Македонија и Собранието на Република Македонија, се свесни дека гласот на народот, преточен во закони и правни прописи, е нашиот пат за успешно спроведување на сите преостанати реформи во општеството и нашиот пат кон идно членство во ЕУ.

* * * * *

По продолжувањето на пленарната седница, пратениците имаа можност да го проследат обраќањето на претседателот на Европската комисија, г-динот Жозе Мануел Барозо, кој започнувајќи го говорот со извадок од "Планот Д на Комисијата за демократија, дијалог и дебата"*, истакна дека Комисијата активно работи на "стратегијата во две насоки" (the twin-track strategy) за продлабочување и зајакнување на Европската унија и за зголемување на ефективноста на работењето на европските институции. Во клучен момент во процесот на разрешување на прашањето со Уставот, Европа е соочена со донесувањето на клучна одлука за нејзината иднина. Претседателот Барозо нагласи дека иронијата што има сенки на поделба над Унијата, кога истовремено се слави нејзиното проширување и реунификација како голем политички успех, нема да биде пречка за сите земји членки да се обединат во изнаоѓање заедничко решение околу ова прашање. Тој посебно се обрати до националните парламенти и ги повика да се согласат за решавање на ова прашање и посочи четири точки поради кои го упатува тој апел и тоа: задржувањето на единствениот пазар, зачувување на институционалниот баланс на Унијата, задржување на правната сила која ја има Повелбата за човекови права и задржувње на напредокот на политиките од Уставната повелба, особено во делот на правдата, внатрешните работи и надворешните односи. За да успееме, рече тој, мора да инвестираме што е можно повеќе во резултатите на Европскиот совет.

На седницата, свое обраќање имаше и г-динот Франк Валтер Стајнмајер, министер за надворешни работи на Сојузна Република Германија, земја претседавач со Унијата до крајот на јуни 2007 година. Тој исто така наведе дека во моментот Европа е пред чин на обновување на работењето на ЕУ и момент кога треба да се донесе одлука. Цитирајќи го Черчил и неговата идеја за " еден вид Обединети Држави на Америка",

* "Одговарајќи на очекувањата на граѓаните, е секако најдобриот начин за создавање клима во која што ќе се решаваат институционалните прашања. Треба да работиме чекор по чекор. Активната политичка агенда влева доверба кај граѓаните дека Европа е обединета и фокусирана на нивните клучни цели."

министерот Стајнмајер рече дека државите во тоа време, непомирливи противници на различни страни на боиштата, се обединиле како блиски партнери во мир, а нивното обединување денес резултираше со заеднички европски пазар и заедничка валута.

Според него, иднината на Европа се состои од четири компоненти: европската надворешна политика, понатамошното развивање на европската безбедносна и одбранбена политика, формирање на европско јавно мислење, европската вредност на солидарност и европската социјална димензија во поглед на глобализацијата. За министерот Стајнмајер, зајакнувањето на европската надворешна политика е од големо значење, затоа што ќе и овозможи на Европа да зборува "во еден глас" во меѓународните односи, во разрешувањето на конфликти, преку дијалог и цивилни средства и употреба на воени средства кога е апсолутно потребно. Тоа значи и зајакнување на европската безбедностна и одбранбена политика, што се должи на успешните 16 цивилни и воени операции на ЕУ во последните 4 години. Цитирајќи го Милан Кундера*, тој изрази надеж дека Европејците ќе успеат да го гледаат светот преку европските, како и преку националните очила, особено кога се работи за политиката. Принципот на солидарност дека сме тука еден за друг и дека зависиме еден од друг, рече тој, за него ќе продолжи да биде клуч за надминување на огромните предизвици во ерата на глобализацијата, во европското општество и меѓу земјите членки. Социјалната димензија е веќе главен белег на Европа, а нејзиното развивање, во ера на глобализација, е уште една централна задача за политичките лидери во Европа. Министерот Стајнмајер го заврши своето излагање наведувајќи дека Европа секогаш го должи своето постоење на далековидите политичари кои, не само што развивале мудри визии, туку исто така донеле прави одлуки во прави моменти.

На крајот на состанокот, беа повторно изложени главните насоки за работа на Европскиот парламент и препораката до Европската комисија и Европскиот совет, да ги земат предвид заклучоците од овој состанок во донесувањето на одлуки на крајот на јуни 2007 година за иднината на Европа. Како заклучок прифатен од страна на сите учесници, беше истакнато дека ваквиот вид на состаноци ќе продолжи да се организира и во иднина.

Учеството на Делегацијата од Собранието на Република Македонија се оценува како многу позитивно и корисно, заради запознавање на македонските пратеници со работењето и со актуелните теми на расправа во Европскиот парламент, како и со запознавањето на пратениците од националните парламенти и европарламентарците со реформите и активностите кои ги презема Република Македонија, на патот кон полнправно членство во ЕУ.

---

* "Сите нации во Европа истрајуваат во истата заедничка судбина, но секоја нација има различна перспектива за тоа, обоена со нејзините посебни искуства."

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мултилатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

од Годишниот состанок на офицерите за врски во национaлните парламенти, одржан во Европскиот парламент на 28 и 29 јуни 2007 година во Брисел , Кралство Белгија

Скопје, јули 2007 година

На 28 и 29 јуни 2007 година, во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, се одржа Годишниот состанок на офицерите за врски во националните парламенти на тема: "Консолидирање на мрежата на парламентарната администрација во Заедницата". На состанокот учествуваа службеници кои работат на европските прашања од националните парламенти на сите земји членки на Европската унија, службеници од националните парламенти на земјите кандидати, како и службеници од Европскиот парламент. На состанокот исто така присуствуваа и сите постојани претставници на националните парламенти од земјите членки во Европскиот парламент. Од Собранието на Република Македонија учествуваа г-ѓа Ана Качакова, секретар на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија, г-ца Маријана Опашинова, член на Секретаријатот на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија и г-ѓа Лилјана Петреска, советник во Комисијата за европски прашања при Собранието на Република Македонија.

На состанокот свои излагања имаа г-дин Вилхелм Леман, аминистратор од Директоратот за внатрешни политики на Унијата, г-дин Алан Баро, раководител на Одделението за билатерални односи и г-дин Кристоф Бернацки, раководител на Единицата за мултилатерални односи. Во вториот дел од состанокот, свои излагања исто така имаа г-дин Мартин Аткинс (Обединето Кралство) и г-ѓа Весна Поповиќ (Сојузна Република Германија), постојани претставници на националнте парламенти во Европскиот парламент, како и г-дин Бруно Диаз Пинхеиро и г-ѓа Тереза Пауло (Португалија), офицери за врски на португалскиот парламент во Европскиот парламент.

На официјалното отворање на состанокот **г-дин Вилхелм Леман** ги поздрави учесниците истакнувајќи дека овој состанок се одржува во еден важен момент за иднината на Европа, една недела по самитот на Европскиот совет. Посочувајќи дека во интерес на националните парламенти е усвојување на Уставот на ЕУ, г. Леман ги изнесе ставовите на Европскиот парламент во однос на резултатите што произлегоа од самитот. Она што тој го наведе како позитивен исход од тој процес е гласањето со квалификувано мнозинство во Советот и заедничкото одлучување на Парламентот и Советот, потоа законски обврзувачкиот статус на Повелбата за човекови права, унапредувањето на кохерентноста на надворешните активности на Унијата и балансираниот институционален пакет. За Европскиот парламент е од особено значење што се постигнал договор да се испратат тројца негови претставници во Меѓу-владината конференција, кои активно ќе учествуваат во нејзината работа во наредниот период до конечното обликување на новиот уставен документ. Г. Леман исто го поздрави предлогот за подолгорочно претседателство со Унијата, наместо досегашното од 6 месеци, со надеж дека овој предлог ќе биде вграден во новата уставна спогодба. Тој укажа и на новиот предлог за воведување на системот на "жолт картон" како механизам за рано предупредување од страна на националните парламенти до Комисијата доколку се прекрши принципот на супсидијарност, како и за предлогот за продолжување на рокот од 4 на 8 месеци за разгледување на законите на ЕУ од страна на националните парламенти. Тој исто така ги изнесе видувањата за непостигнатите решенија, имено за недостигот на јасна одредба за приматот на европското право над националното право и покрај најавите за усвојување на декларација во иднина по тоа прашање, за која што смета дека нема докрај да го постигне саканиот ефект. Мислењата на ЕП одат во прилог на усвојување на Протокол со кој би се дала посолидна законска основа, имајќи го предвид фактот дека Декларацијата нема законски обврзувачки карактер, за разлика од Протоколот. Г. Леман изрази жалење за постигнатиот договор за назначување на висок претставник за надворешна политика со Уставот, кој што и сега постои и што го заменува претходното решение на министер за надворешни работи на Унијата.

Г-дин Алан Баро, надоврзувајќи се на она што претходно го кажа неговиот колега, зборуваше за парламентарната заедница на Европа и за проектот "Види, сфати и сподели" и за поставување на цели за деталните активности на Парламентот во

идниот период. Тој ја истакна важноста од зголемување на активностите и контактите меѓу претставници од институциите од Брисел и Стразбур со функционери и служби од националните парламенти, со цел подобро запознавање со начинот на функционирање на Унијата и поблиско следење на активностите на нејзините институции, како и на пратеници и служби од националните парламенти во европските институции со цел поблиску да се информираат за одредени прашања од нивен интерес. Сето тоа, нагласи тој, е во функција на поголемо приближување на институциите на Унијата до националните парламенти, а со тоа и на граѓаните. Планирано е до крајот на оваа година да се одржат два студиски престоја од овој вид (октомври и ноември 2007 година).

Во поглед на мултилатералната соработка, **г-дин Кристоф Бернацки** зборуваше за планираните мешовити парламентарни состаноци, мешовитите состаноци на комисии и другите состаноци со националните парламенти, посебно во периодот од вториот семестар на 2007 година. Целта на овие состаноци е зајакнување на односите на Европскиот парламент со националните парламенти на земјите членки, во делот на прашања од заеднички интерес, но и запознавање на одредени пратеници со активностите на европските институции, особено оние кои досега немале можност да го сторат тоа досега. Г. Бернацки исто така нагласи дека во овие активности, покрај земјите членки, планирано е учество и на претставници и служби од земјите кои стекнале кандидатски статус за членство во ЕУ, поточно Турција, Хрватска и Република Македонија.

* * * * *

Во вториот дел на состанокот, постојаните претставници од националните парламенти на земјите членки во Европскиот парламент ги изнесоа своите мислења за нивната работа во Европскиот парламент, како и позитивните или негативните страни од назначувањето или неназначувањето на постојан претставник од националниот парламент во Европскиот парламент. Г.**Мартин Еткисон**, претставник од Долниот дом на Британскиот парламент во Европскиот парламент, зборуваше за неговите искуства стекнати во текот на неговиот мандат и посочи дека е повеќе од потребно секоја земја членка да има барем еден службеник од националниот парламент кој ќе биде назначен како претставник во Европскиот парламент и одблиску ќе ги следи тамошните случувања и на дневна основа ќе го информира својот матичен парламент. Тоа секако придонело, според неговата практика, до поголема информираност на неговиот национален парламент и ги зајакнало неговите позиции во процесот на одлучување во Унијата. Притоа, тој нагласи дека не се согласува со предлогот овие претставници на националните парламенти да се институционализираат во посебно тело и ги повика сите земји кои не го направиле тоа, да назначат свој постојан претставник во Европскиот парламент.

Г-ѓа Весна Поповиќ, постојан претставник од Германскиот бундестаг во Европскиот парламент зборуваше за позитивните искуства кои ги стекнала во такот на нејзината работа во Европскиот парламент. Таквата позиција и ѓ овозможила размена на искуства со другите колеги од другите национални парламенти, како и со колегите од Европскиот парламент, европарламентарците и претставниците од други институции на Унијата, што секако придонесло за рано предупредување на парламентот на Германија за сите случувања во Унијата. Нејзиниот заклучок беше дека е повеќе од корисно секој парламент да има свој претставник во Европскиот парламент и дека тоа секако ќе придонесе за поголема координација на активностите меѓу националните парламенти и Европскиот парламент.

На крајот од сесијата, **г-дин Бруно Диаз Пинхеиро** и **г-ѓа Тереза Пауло**, офицери за врски на португалскиот парламент во Европскиот парламент, зборуваа за нивното искуство во парламентот како офицери за врски, за нивните согледувања на фактот што Португалскиот парламентот нема свој постојан претставник во Европскиот парламент, како и за претстојните активности на Португалското претседателство со Унијата во втората половина на 2007 година. Тие истакнаа дека нивното секојдневно

работење со колегите од другите национални парламенти и со останатите колеги од Тројката - Германија и Словенија во однос на подготвувањето на програмата и активностите за претседателството со ЕУ, биле од исклучително значење. Секако, од голема важност во текот на нивната секојдневна работа, тие го посочија и користењето на веб-страната на IPEX како општо прифатена алатка за користење и прибирање на информации и размена на иксуства и експертизи од страна на секој национален парламент. На крајот, тие ја поздравија одлуката на Парламентот на Португалија за назначување на свој претставник во Европскиот парламент во 2008 година. Тоа секако е во насока на градењето и зајакнувањето на мрежата на парламентарни претставници во Европскиот парламент.

Учесниците го поздравија фактот што назначувањето на претставници од националните парламенти на земјите членки ќе продолжи за оние кои досега не назначиле, како и желбата на парламентите од земјите кандидати да отворат свои канцеларии и да назначат свои претставници до Европскиот парламент. На крајот од состанокот беше истакнато дека ваквиот тип на состаноци претставува солидна база за координирана и кохерентна соработка меѓу националните парламенти во доменот на односите со ЕУ и ЕП, и дека е повеќе од потребно овие состаноци да продолжат да се одржуваат и во иднина.

* * * * *

Учеството на претставниците од Службата на Собранието на Република Македонија се оценува како многу позитивно и корисно, заради континуирано следење на активностите и актуелните теми на расправа во Европскиот парламент, како и во однос на остварувањето на непосредни контакти со своите колеги од другите парламенти. Претставниците на Службата на Собранието на Република Македонија остварија контакти со г. Алан Баро, директор на Одделението за билатерални односи со националните парламенти и со г-ца Естел Карле де Лоази, администратор во Одделението и разговараа за идните активности со Собранието на Република Македонија. Беа разменети мислења по предлогот на дневниот ред за претстојниот семинар наменет за државните службеници од Службата на Собранието на Република Македонија, што се планира да оддржи на 19 и 20 септември 2007 година во Собранието на Република Македонија (за што веќе е упатено и официјално писмо до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија). Претставниците на Службата на Собранието на Република Македонија разговараа и за можностите за кратки тематски студиски престои во Европскиот парламент на службеници од Собранието на Република Македонија. Г.Баро укажа дека постои можност до крајот на оваа година да биде организиран таков студиски престој за десет службеници, при што беше посочена можноста овој студиски престој да биде наменет за секретари на комисиите во Собранието на Република Македонија. Овој студиски престој, како последователна активност по одржувањето на семинарот во Собранието на Република Македонија, би претставувал извонредна можност за службениците за нивно непосредно запознавање со работата на Европскиот парламент.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мултилатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

од учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во на Основачката конферецнија на Регионалниот огранок на ГОПАК за Југоисточна Европа за борба на парламентарците против корупцијата што се одржа од 5 до 7 ноември 2007 година во Тирана, Република Албанија

Скопје, ноември 2007 година

Во организација на Парламентот на Република Албанија и Глобалната организација на парламентарците против корпуција (ГОПАК), од 5 до 7 ноември 2007 година во Тирана, Република Албанија, се одржа сновачката конферецнција на Регионалниот огранок на ГОПАК за борба на парламентарците против корупцијата за Југоисточна Европа на која зедоа учество парламентарците од Република Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Македонија и Романија. На конференцијата, иако беа поканети, не учествуваа парламентарците од Косово и Србија.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија која учествуваше на Основачката конферецијa на Регионалниот огранок за борба на парламентарците против корупцијата за Југоисточа европа ја сочинуваа: Веле Митановски, Блерим Беџети и Оливер Спасовски, како и Рецеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Конференцијата ја отвори претседателот на Парламентот на Република Албанија, Јозефина Топали. Таа во своето обраќање ја истакна потребата од формирање на силна регионална парламентарна мрежа за борба против корупцијата како голема опасност за демократските општества. Топали се осврна и на напорите и активностите на Република Албанија за борба против корупцијата.

Конференцијата ја поздрави и премиерот на Република Албанија, Сали Бериша. Според него сиромаштијата во демократските земји во голема мера потекнува и од корупцијата затоа борбата против корупцијата значи борба против сиромаштијата и загрозувањето на човековите права. Како премиер на Република Албанија тој изнесе неколку од приоритетите и начините на дејствување на неговата влада, во правец на намалување на корупцијата.

На отварањето на Конференцијата краток говор имаше и амбасадорот на САД во Република Албанија, Џон Витерс. Тој рече дека Конферецнијата помага во достигнување на визијата за слободна Европа, неделива и во мир каде што придонесот на сите присутни земји е значаен, а формирањето на регионалниот огранок на ГОПАК за Југоисточна Европа е само дел од таквиот придонес.

Според Џон Вилијамс, претседател на Глобалниот совет на директори на ГОПАК, корупцијата како глобален проблем може да се контролира само преку заеднички активности против ова појава. Иако корупцијата не може да се искорени, со неуморно дејствување може да се контролира. Во таа насока работата на парламентарците е да предложат и усвојат закони за добробит на населението и да ја направат корупцијата неисплатлива.

Леонард Деми, претседател на Делегацијата на Република Албанија, зборуваше за корупцијата како пречка во градењето на просперитетна Југоисточна Европа, потенцирајќи дека таа е причина за слаб економски развој, негативно влијание врз развојот на конкуренцијата и поттикнува политички и социјални тензии.

Веб Френклин, поранешен сенатор на САД, рече дека со борбата против корупцијата се придонесува во градењето на демократијата и просперитетот. Според него, прв чекор за една демократска земја е да се обезбеди фер и изборен процес и контрола над извршната власт.

Роберт Вилијамс, професор по политички науки при Универзитетот во Дурхам, имаше излагање за улогата на парламентите во борбата против корупцијата. За ефективно вклучување во намалување на корпуцијата, парламентарците би требало да ја подобрат комуникацијата, да развијат контакти и знаење, да ја оценуваат ефективноста на постојните законски решенија и да развиваат приоритетни цели.

Пред присутните, со свое видување, настапи и Веле Митановски, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија. Тој рече дека во Република Македонија претставува предизвик имплементирањето на антикорупциската легислатива. Тој ја претстави структурата на официјалните институции на Република Македонија, формирани за борба против корпуцијата. Пратеникот Митановски го изнесе и напредокот на нашата земја и покачувањето за 20 места на меѓународната скала за борба против корпуцијата, како и другите мерки што се преземаат во функција на намалување на корпуцијата. Митановски ги нагласи поголемата фискална контрола, намалувањето на даноците, пократкото времетраење на судските спорови итн.

Во Тирана, нашата Делегација оствари средба и со претседателот на Парламентот на Република Албанија, Јозефина Топали. На средбата беа потврдени аспирациите на двете соседни и пријателски земји за членство во НАТО. Во однос на билатералниот спор на нашата земја со Република Грција, Топали потенцираше дека секоја земја си го задржува природното право за одбрана на својот идентитет.

На Конференцијата беше формиран Регионалниот огранок на ГОПАК за Југоисточна Европа. Како членови на Советот на директори, беа избрани по двајца претставници на парламентите-учесници на конференцијата. Од Република Македонија за членови на Советот на директори беа избрани Веле Митановски и Блерим Беџети. Веле Митановски беше избран и за благајник на Регионалниот огранок, а за претседател на Советот на директори беше избран Леонард Деми од Република Албанија. Исто така, беше донесен заклучок сите парламенти да формираат национални ограноци на ГОПАК во најскоро време, за што предлагаме со претставниците на Делегацијата од Македонија и другите пратеници од сегашниот и поранешните состави да се формира работна група која би ги координирала активностите.

Прилог 1

Кратка информација за ГОПАК

ГОПАК (Global Organization of Parliamentarians against Corruption), односно Глобалната организација на парламентарците против корупцијата е формирана во 2002 година на глобална конференција организирана од Парламентот на Канада. ГОПАК е структуирана во регионални и национални ограноци на парламентарци кои се посветени на редуцирање на корупцијата преку подобрување на ефективноста на парламентите како институции на деморкатска контрола. Од неговот формирање ГОПАК прерасна во организација со 700 члена од 80 земји.

Активностите на ГОПАК се основани врз три принципи:

1. Блиска поддршка на парламентарците кои се борат против корупцијата во тешки околности;
2. Едукација на парламентарците преку овозможување пристап до експертски организации, искусни колеги и можности за обука и
3. Промовирање на лидерството за да се постигнат резултати бидејќи парламентарците треба да бидат лидери во борбата против корупцијата.

ГОПАК е организирана во самоуправни и самофинансирачки регионални и национални, односно парламентарни ограноци. Регионалните ограноци на ГОПАК работат во рамките на локалниот и регионален контекст за зацврастување на капацитетот на парламентарците во борбата против корупцијата и промовирање на доброто владеење. Дополнително, ГОПАК ги мобилизира регионалните ограноци во глобалните антикорупциски иницијативи.

ГОПАК е воден од Глобалниот совет на директори, составен од три члена од секој регионал огранок. Советот го избира претседателот на Советот и Извршниот комитет за тековно функционирање на организацијата. Сегашниот претседател на Советот е Џон Вилијамс, парламентарец од Канада.

ГОПАК има и професионален секретаријат кој се наоѓа во Парламентарниот центар (Канадска непрофитна организација во Отава). Секретаријатот ја поддржува работата на Советот на директори и на Извршниот комитет и ги менаџира финансиите.

Регионалните ограноци финансиски се независни и поддржани на различни начини. Со неколку исклучоци, парламентарните ограноци на ГОПАК соработуваат блиску со локалните канцеларии на невладината организација Транспарентност Интернационал и други невладини асоцијации. Во неколку случаи ограноците добиваат поддршка од нивните парламенти.

ГОПАК ја одржа својата Втора глобална конференција во септември 2006 година, на која беа формирани осум работни групи за да ја унапредат глобалната иницијатива против корупцијата во клучни области. На секоја работна група ќе ѝ биде определена експертска агенција со технички капацитет и финансиска поддршка за да ја движи напред нивната агенда. Секоја од работните групи со 12 члена ќе работи во постигнување на нивните цели и ќе поднесат извештај за наредната Глобална конференција на ГОПАК, што ќе се одржи во 2008 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мултилатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

од Студиската посета на г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија и државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија, остварена на 6 и 7 ноември 2007 годинаво Европскиот парламент и Европската комисија во Брисел, Кралство Белгија

Skopje, noemvri 2007 godina

Во рамките на Програмата за соработка на Европскиот парламент и Собранието на Република Македонија (COX Programme[47]), која започна да се реализира од оваа година од страна на Директоратот за односи со националните парламенти на Европскиот парламент, на 6 и 7 ноември 2007 година на студиска посета на европските институции престојуваше г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија и Група државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија.

Делегацијата беше во состав: г. Весел Весељи, државен советник за јавни дејности, г-ѓа Љиљана Ивановска, раководител на Секторот за законодавство, г. Фелек Касами, помошник на раководителот на Секторот за истражување и анализа, г-ѓа Марија Алексовска, помошник на раководителот на Секторот за работни тела, г-ѓа Ана Качакова, помошник на раководителот на Секторот за меѓународна соаботка, г-ѓа Василка Илиевска, раководител на Одделението за јавни дејности, г-ѓа Јасминка Перчинкова, раководител на Одделението за политички систем, г-ѓа Даниела Велковска, раководител на Одделението за економски систем, г. Димитрија Велков, советник на Комисијата за одбрана, г. Слободан Кузмановски, советник на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, г-ѓа Линдита Ахмед-Јашари, советник на Комисијата за култура, г. Глигор Стоименов, советник во Кабинетот на претседателот на Собранието, г-ца Станислава Гоговска, помлад соработник во Секторот за меѓународна соработка и г. Драган Пулевски, помлад соработник во Одделението за економски систем.

* * * * *

Програмата за студискиот престој се одвиваше во два работни дена и содржеше бројни состаноци и средби со високи функционери на Европскиот парламент ЕП) и Европската Комисија (ЕК). За посебно одбележување е средбата со евро-парламентарецот Ерик Маер, Известител за Република Македонија на Комисијата за надвореши работи на ЕП и г. Силвио Гонзато, Шеф на Секретаријатот на Комисијата.

Во рамките на Програмата беше реализирана билатерална средба на г. Жарко Денковски со неговиот колега г. Харалд Ромер, генерален секретар на ЕП.

Исто така, во просториите на Мисијата на Република Македонија при Европските заедници беше остварена средба и со Амбасадорот г. Блерим Река, Шеф на Мисијата.

Во постојана придружба на Делегацијата беше г. Тони Павлоски, секретар за парламентарна соработка во Мисијата на Република Македонија при Европските заедници, кој несебично ја пружи потребната логистичка и стручна помош во реализиацијата на овој студиски престој.

Студиската посета временски коинцидираше со официјалното објавување на Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2007 година, поради што претставуваше можност делегацијата да се запознае со прелиминарните коментари на соговорниците по истиот, без да се навлегува во неговата политичка природа. Недвосмислена беше поддршката за продолжување на реформите и за натамошна активна и конструктивна партиципација на Собранието на Република Македонија во целокупниот интегративен процес на земјата.

* * * * *

1. Во срдечните разговори со ***г. Харалд Ромер, генерален секретар на ЕП,*** г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, се заблагодари за овозможената средба и му ги пренесе позитивните впечатоци од студиската посета. Накратко го информираше за структурата, функционирањето и актуелните активности во Собранието на Република Македонија. Укажа дека претстои

[47] Cooperation and Exchange Programme - Програма за соработка на Европскиот парламент со националните парламенти на земјите-членки на ЕУ, земјите со кандидатски статус и на земјите-аспиранти.

донесување на нов Деловник на Собранието, со кој ќе се овозможи и преструктуирање на службата според потребите на Собранието во зајакнатата позиција во евро-интегративните процеси и со која ќе се овозможи компатибилност на Службата и Собранието во целина со европските парламентарни стандарди. Г. Денковски истакна дека од особено значење и интерес за Собранието е соработката со ЕП и натаму да продолжи со зголемена динамика, со што и пратениците и службениците ќе имаат можност континуирано да соработуваат и разменуваат искуства со своите колеги.

Господинот Ромер истакна дека ЕП и натаму безрезервно ќе го поддржува Собранието на Република Македонија во неговите напори да се достигнат европските стандарди, при што укажа дека токму и оваа СОХ Програма, наменета за зајакнување на функционирањето на парламентите и на работата на парламентарната администрација, е еден од инструментите на билатералната соработка. Во однос на отворањето на канцеларија во ЕП за работа на постојан претставник на Собранието на Република Македонија во ЕП, г. Ромер укажа дека активностите ќе може да бидат иницирани по добивањето датум за отпочнување на преговори за членство на Република Македонија во ЕУ, со што ќе биде обезбедена правна и административна рамка за непречена реализација на оваа постојана активност.

Во текот на разговорот беа споделени мислења за модалитетите, формите и инструментите за реализација на соработката на ЕП со Собранието на Република Македонија.

2. Во рамките на студискиот престој беше остварена средба со пратеникот ***г. Ерик Мејер, евро-парламентарец,*** припадник на Партијата на зелените и член на Комисијата за надворешна политика. Ерик Мејер и беше добро познат на македонската делегација од причина што токму тој пратеник е известител за напредокот на Република Македонија за 2007 година определен од Комисијата за надворешна политика на ЕП.

На средбата при излагањето на г. Мејер се стави акцент на позицијата која Република Македонија ја има во моментот во рамките на институциите на Европската унија, како и за напредокот на земјата на патот кон семејството на европските народи. Од своја перспектива, тој истакна дека постигнат е значаен напредок во исполнувањето на критериумите според кои Република Македонија треба да стане рамноправна земја-членка на Европската унија, но истовремено укажа дека преостануваат да бидат исполнети одредени работи за да се докомплетира совршената слика која од нас ја бара ЕУ. Посочи дека во рамките на усогласувањето на нашето законодавство со правото на ЕУ бележиме значаен напредок, но дека заостануваме во поглед на исполнувањето на политичките критериуми од Копенхаген, што претставува основен предуслов за зачленување во Унијата. Исто така, од негова страна беше нагласено дека администрацијата е еден од клучните фактори на патот на Република Македонија кон европскиот клуб и во тој дел соопшти дека и Службата на Собранието на Република Македонија треба да даде особен придонес во насока на ефикасност, ажурност и квалитет за достигнување на европските стандарди. Зборувајќи како евро-парламентарец, истакна дека во исполнувањето на политичките критериуми недостасува конструктивен политички дијалог меѓу сите политички партии, докомплетирање на започнатите судски реформи, како и продолжување на реформите за зајакнување на административниот капацитет на државата. Беше спомената и борбата против корупцијата и организираниот криминал како елементи и обврски на кои мора постојано да се работи.

Со особено задоволство мора да се истакне фактот дека г.Мејер зборувајќи за нашата држава го употребуваше уставното име-Република Македонија и беше евидентно неговото големо познавање за историјата и воопшто за општествените и економските прилики во земјата.

Излагањето на г.Ерик Мејер наиде на голема заинтересираност кај македонската делегација и до него беа упатени голем број на прашања. Во краткиот временски период од разговорот со него се разменија мислења во поглед на тоа што треба да се направи за да македонската собраниска служба биде поефикасна и поквалитетна за да ги

исполни бараните критериуми од страна на Европската унија. Понатаму стана збор и за неговиот став околу определувањето на датумот за отпочнувањето на преговорите за членство во Европската унија како и што тој како пратеник во Европскиот парламент подразбира под квалитетен политички дијалог во Република Македонија.

Мејер со задоволство дебатираше со претставниците од Службата на Собранието на Република Македонија и на поставените прашања ги повтори своите ставови и мислења кои веќе се нотирани во Извешатајот за напредокот на Република Македонија за 2007 година од Комисијата за надворешна политика на Европскиот парламент.

3. Во рамките на студискиот престој претставниците на Службата на Собранието на Република Македонија во просториите на Мисијата на Република Македонија остварија средба со ***Н.Е. Блерим Река, Амбасадор на Мисијата на Република Македонија при Европските заедници во Брисел.*** На средбата присуствуваше и г-ѓа Естел Карле де Лоази**,** администратор во Одделот за билатерална соработка во Европскиот парламент. На средбата Амбасадорот Река ги запозна присутните со работата и активностите на Мисијата, при што истакна дека Мисијата остварува интезивна соработка со сите органи на ЕП и ЕК, како и со институциите во Република Македонија, во функција на формирање на позитивно јавно мислење и политичко влијание во институциите на ЕУ во процесот на евро-интеграцијата на нашата земја. Во однос на бројот на вработените во Мисијата, Амбасадорот информираше дека нашата Мисија е најмалубројна споредено со мисиите на другите земји со кандидатски статус. Со оглед на бројните сериозни обврски и надлежности кои бараат огромен ангажман, амбасадорот истакна дека има неодложна потреба од доекипирање на Мисијата.

Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија Жарко Денковски во лично име и во името на сите вработени во Собранието на Република Македонија искажа голема благодарност за остварената средба и притоа ги објасни активностите и задачите на Службата на Собранието на Република Македонија, а особено на Комисијата на Собранието на Република Македонија за европски прашања која ги разгледува прашањата поврзани со евро-интеграцијата.

Г. Денковски и г. Река искажаа заедничко мислење дека за стратешките прашања за државата, а во насока на реформите во јавната администрација согласно оценките за јавната администрација изнесени во последниот извештај на Европската комисија, Собранието на Република Македонија е неминовно упатено на континуирана и ефикасна соработка со Мисијата, со поголема посветеност и дополнително интезивирање на соработката, се´ со цел за побрзо влегување на Република Македонија во големото европско семејство на држави и народи.

4. На средбата со ***г. Алан Баро, Шеф на одделот за билатерални односи во Директоратот за односи со националните парламенти во ЕП***, делегацијата беше запознаена со активностите на овој Оддел, неговите надлежности и начинот на функционирање. Работата на Одделот е сконцентрирана на соработката со националните парламенти на земјите-членки на ЕУ, земјите со кандидатски статус и земјите-аспиранти, при што особен акцент се дава на соработката со двете последни категории на парламенти од причина што програмите наменети за нив се во насока на нивна подготовка пред влегувањето на земјата во ЕУ. Имено, програмите за соработка се реализираат преку семинари и парламентарни работилници (кои се одржуваат и во ЕП и во националните парламенти), студиски престои во ЕП и се таргетират одредени категории на пратеници и службеници. На овој начин се воспоставуваат блиски релации меѓу параментот и ЕП и се овозможува непречена континуирана соработка и меѓусебно запознавање, што претставува прв чекор во целокупната натамошна соработка. За посебно одбележување е СОХ Програмата иницирана минатата година и преку која Собранието на Република Македонија веќе имаше конкретна реализација на еден семинар во Собранието на Република Македонија и овој студиски престој во ЕП.

Г. Баро истакна дека и за следната година се предвидени повеќе настани, а прва реализаиција ќе биде на веќе однапред договорениот студиски престој во ЕП на уште една група државни службеници во текот на првото тримесечие на идната година.

Г. Денковски во своето излагање накратко го информираше г. Баро за актуелната состојба во Собранието на Република Македонија, за организационата поставеност на Службата и за активностите што Собранието на Република Македонија ги презема на планот на евро-интегративните процеси на земјата. Упати особена благодарност за извонредната организација на овој студиски престој и изрази надеж и очекување дека и реализацијата на СОХ Програмата и во наредната година ќе се одвива на конструктивен начин.

Во однос на можностите за користење на директна помош преку овој директорат за потребите на Собранието на Република Македонија (експертизи, мислења, поблиска соработка со другите национални парламенти), беше одговорено дека тоа е можно да се реализира преку овој директорат, а истовремено да се искористуваат можностите и на Европскиот центар за парламентарни истражувања и развој (ЕЦПРД), преку TWINNING програмите и преку заедничко организирање на семинари за повеќе парламенти.

5. На работниот ручек со ***г. Пјотр Новина-Конопка[48], директор на Директоратот за односи со националните парламенти во ЕП***, се разговараше за досегашните активности на Директоратот. Г. Конопка истакна дека Директоратот е целосно посветен на воспоставувањето на цврсти односи на ЕП со националните парламенти, особено со парламентите на новите земји-членки, земјите со кандидатски статус и земјите-аспиранти. За реализирање на поставените цели, разработена е широка програма за соработка за секој парламент поединечно. Беше истакнато дека СОХ Програмата претставува амбициозен проект за кој се обезбедени доволно буџетски средства, при што беше потенцирано дека оваа Програма ќе се реализира и во текот на следната година.

Г.Денковски го информираше соговорникот за поставеноста, функци-онирањето и активностите на Собранието на Република Македонија, за структурата и организационата поставеност на Службата, како и за активностите кои се во насока на имплементирањето на европските стандарди во парламентарното работење.

Г. Денковски изрази особена благодарност за поддршката што ЕП ја пружа на Собранието на Република Македонија преку активностите на оваа програма, притоа потенцирајќи ги бенефитите од истата за Службата и за Собранието во целина. Г.Денковски изрази очекување дека и понатаму програмата ќе се реализира според предвидената динамика и модалитети, со оглед на потребата на целосно европско адаптирање на Собранието на Република Македонија во евро-интегративните процеси на земјата.

6. Сесијата со ***г. Хенрик Олсен, администратор во Одделението за интерпарламентарна соработка, Секретаријат на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија*** беше во насока на запознавање со работата на Комисијата за надворешна политика на Европскиот парламент како и работата на различните Секретаријати кои го помагаат функционирањето на Комисијата и различните поткомисии во нејзини рамки.

Накратко информираше за надлежностите на Комисијата за надворешна политика при што истакна дека Комисијата е одговорна за заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија. Во овој контекст рече дека остваруваат заедничка соработка и со поткомисијата за одбрана ибезбедност на Европскиот парламент. Исто така, посочи дека ги разгледуваат и односите меѓу останатите институции и тела на Европската унија, односите во рамките на Обединетте нации како и останати меѓународни организации и интерпарламентарни собранија за работи кои претставуваат надлежност на Комисијата. Како една од главните активности на Комисијата го посочи зајакнувањето на политичките релации со останати држави,

[48] Поранешен пратеник во Полскиот парламент во пет последователни пратенички мандати.

особено со оние кои се од особен интерес за Европската унија, во смисла на зајакната соработка преку различни програми и креирање на меѓународни договори за членство и партнерство, потоа набљудувањето на процесот на пристапување на земјите кандидати за членство во Унијата, разни прашања поврзани со човековите права, заштитата на правата на малцинствата, како и промоцијата на демократските права во земјите кои не се членки на ЕУ - ова се често разгледувани прашања на седниците на Комисијата. Информираше дека при разгледувањето на овие прашања во работата на Комисијата се вклучуваат и соработуваат со останати комисии и тела на Европскиот парламент. Во своето излагање ја елабориираше и соработката која Европскиот парламент ја остварува и со останатите национални парламенти на земјите кои не се членки на Европската унија.

Во смисла на оваа соработка ги спомена заедничките мешовити Комитетите за соработка со земјите од Медитеранот, со Афричките земји, но и со земјите кандидати за членство во унијата Турција, Хрватска и се разбира Република Македонија. Г. Олсен рече дека Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европската унија е формиран врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година како и со посебна Одлука на Собранието на Република Македонија. Во основа, МПК претставува форум каде што членовите на македонското собрание и Европскиот парламент размануваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Комитетот, како билатерално тело со кое Република Македонија се одвојува од другите земји на т.н. Западен Балкан, претставува форма на формално и ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и ЕП. Основна цел на МПК е разгледување на сите аспекти на односите меѓу РМ и ЕУ.

По предлог на Секретаријатот на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на ЕУ и до Европската комисија. МПК се состанува два пати годишно- еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент. Објаснувајќи ја активноста на Мешовитиот парламентарен комитет рече дека седниците на МПК завршуваат со усвојување на Завршна изјава/декларација/препорака која, пак, всушност е документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања. Беше најавено одржувањето на Четвртиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ на крајот од месец ноември во Европскиот парламент во Брисел

Најавата од одржувањето на состанокот на МПК пројави голема заинтересираност кај претставниците од Службата на Собранието на Република Македонија и најмногу се прашуваше за плановите од тој состанок, како и за очекуваните бенефити за Република Македонија одо овој состанок.

7. На средбата со ***Маника Хауптман, администратор во Секретаријатот на Комисијата за економски и монетарни прашања на Европскиот Парламент,*** се говореше за организацијата и начинот на работа на Секретаријатот, релациите меѓу пратениците-членови на одделни комисии, подготовката на состаноците и агендите за работа, како и за актуелните економски прашања кои се дебатираат во комисијата.

Работата на Европскиот парламент, освен на пленарните сесии, во голем дел претходно се одвива во комисиите на ЕП кои разгледуваат прашања од различни области на ЕУ политиките: економски и монетарни прашања, буџет и контрола на буџетот, надворешни работи, земјоделство и внатрешниот пазар.

Во ЕП формирани се 20 парламентарни комисии кои покриваат различни области. Бројот на членови на комисиите е различен и варира од 28 до 86 пратеници како и нивни заменици-членови. Секоја комисија има претседател, биро и секретаријат. Политичките одлуки донесени во текот на седниците на комисиите се пренесуваат на пленарните седници на ЕП.

Парламентарните комисии се состануваат еднаш до два пати месечно во Брисел. Комисиите често покренуваат сопствени иницијативи, учествуваат во подготовката,

изменување или прифаќање на законските предлози, ги разгледуваат предлозите кои доаѓаат од страна на Европската комисија и Советот на Европската унија. За својата работа комисиите подготвуваат одделни извештаи кои потоа се презентираат на пленарна седница. ЕП по потреба може да формира поткомисии и привремени комисии.

Госпоѓа Маника Хауптман во своето излагање се осврна на надлежностите на Комисијата за економски и монетарни прашања. Оваа комисија е одговорна за прашањата кои се однесуваат на:

- економските и монетарните политики на ЕУ
- функционирањето на Економската и Монетарната Унија како и Европскиот монетарен и финансиски систем (вклучително и релациите со релевантни институции или организации);
- слободното движење на капиталот и плаќањата (прекугранични плаќања, биланс на исплати, контрола на движењето на капиталот со потекло од трети земји, мерки за поттикнување на извоз на капиталот на Унијата;
- меѓународниот и финансискиот систем, вклучително и релациите со различни финансиски и монетарни институции и организации;
- правилата на конкуренцијата и државната помош,
- даночните прописи и
- законската регулатива и супервизијата на финансиските служби, институции и пазари, финансиско известување, ревизија, корпоративното управување, и други специфични прашања кои се од областа на финансирањето и финансиски служби.

Сите земји членки на ЕУ кои се дел од Економската и Монетарна Унија (ЕМУ), имаат заедничка цел - креирање на поефикасни национални економии.

Во оваа сесија од страна на делегацијата на Службата на Собранието на Република Македонија беа покренати повеќе прашања кои се однесуваа на: начинот на поставеност и организација на економските комисии во ЕП, процентот на донесени или разгледани закони од областа на економијата на годишно ниво, постапката на планирање и разгледување на буџетот на ЕУ, контрола на трошењето на буџетот на ЕУ, и можноста за одржување на заеднички седници на одделни економски комисии по специфична актуелна тема на интерес (пр. Енергетската политика, мерките за стимулирање на обновливи извори на енергија со импакт врз економијата, земјоделството, транспортот и животната средина). Беше поставено прашање до каде е процесот на креирање на новата заедничка енергетска политика на ЕУ, и дали во повеќегодишната финансиска рамка (2007-2013 година) се предвидени средства за стимулирање на обновливи извори на енергија, имајќи го предвид недостатокот од енергија со кој се соочува Унијата.

Од македонската страна беше нагласено дека Заедничката земјоделска политика на ЕУ мора да остане *заедничка политика* и истата треба да биде разбрана во европски контекст. Во одредувањето на земјоделските политики кои ќе ги спроведуваат националните влади, парламентарните комисии за земјоделство ќе имаат значајна улога во секоја од земјите членки на Европската унија, а одлуките кои ќе ги донесуваат истите во националните парламенти нема да бидат едноставни. Ова од причина што во ЕУ останува отворено прашањето - дали во 2009 година би требало да се прифати намалување на буџетот за земјоделството и дали е реално можно да се задржи денешното ниво на буџетското субвенционирање за земјоделството на ЕУ и после 2013 година. Во оваа насока беше побаран коментар од Маника Хауптман за идните перспективи околу висината на буџетските субвенции на ЕУ за земјоделството, бидејќи оваа проблематика директно ја засега и Република Македонија, односно домашното земјоделско производство и пласманот на ЕУ пазарите.

Госпоѓа Маника Хауптман информираше дека активностите на Комисијата за економски и монетарни прашања на ЕП се реализираат според претходно утврдена програма со која се определени термините на одржување на седниците како и агендите на истите.

Комисијата за економски и монетарни прашања остварува соработка со националните парламенти на земјите членки на ЕУ, одржува редовни седници и посебни седници за сослушувања. Во 2007 година одржани се седници за: Интерпарламентарно сослушување со националните парламенти на тема: "придобивките и разликите во Евро зоната", и "Неодамнешниот развој на директното оданочување и Лисабонската Стратегија".

Сите документи поврзани со одржување на седница на Комисијата за економски и монетарни прашања (предлог на дневен ред, записник од претходна седница, документи од Европската комисија, предлози на амандмани) се објавуваат на официјалниот сајт на Комисијата.

Во ЕП постои можност за одржување на зеднички седници на неколку комисии, но оваа можност не е строго определена со Деловникот за работа на ЕП. Економските комисии во ЕП според надлежностите се систематизирани во одделни комисии, и тоа:

- Комисија за буџет;
- Комисија за буџетска контрола;
- Комисија за економски и монетарни прашања;
- Комисија за внатрешен пазар и заштита на потрошувачи;
- Комисија за транспорт и туризам;
- Комисија за земјоделство и рурален развој;
- Комисија за регионален развој и
- Комисија за индустрија и енергетика.

На годишно ниво околу 30% од вкупниот број на прифатени предлози на ЕК, амандмани, директиви на ЕП, предлози на одлуки на Советот, се од областа на економијата.

Европската Комисија, Парламентот и Советот на министри имат различна улога и надлежности во однос на одлучувањето на буџетот. На почетокот трите институции постигнуваат согласност во насока на обезбедување на буџетска дисциплина, долгорочно планирање и зајакнување на соработката во однос на годишните буџети. Оваа постапка е позната како "интеринституционална согласност" и вклучува повеќегодишна финансиска рамка (2007-2013). ЕП преку посебна Комисија за буџетска контрола, врши контрола на имплементацијата на буџетот на Унијата и буџетот на Европскиот Фонд за развој, како и контрола на финансиските активности на Европската инвестициска банка.

Заедничката енергетска политика сеуште е во почетна фаза на преговори, а во Буџетот на ЕУ не се предвидени средства за стимулирање на користење на обновливите извори на енергија.

8. На средбата со ***г. Емилио де Капитани, Шеф на Одделението на Секретаријатот на Комисијата за граѓанските слободи, правда и внатрешни работи***, кој поради својата долгогодишна и успешна работа во ЕП беше претставен како "Институција во областа на заштитата на граѓанските слободи и човековите права", беше претставена работата на оваа комисија. Тој истакна дека значењето на Комисијата произлегува од процесите што се појавувале во текот на развојот на Европската унија и кои сеуште се присутни. Имено, економската интеграција, како историски доминантна, сама по себе, довела до проширување на интеграцијата и на полиња од чисто политичка природа, како процеси кои што водат кон создавање на вистинска европска политичка заедница. Со укинување на внатрешните граници помеѓу земјите членки, се појавила и потребата од ефикасна заштита на надворешните граници на Унијата против нелегалните емигранти, криумчари или трговци со дрога, што доведе до координација на политиките, соработка помеѓу националните судски и полициски власти или создавање на европски тела во областа на полициските и кривичните работи на пример: Европската полиција - ЕВРОПОЛ. Интеграцијата во оваа област се одвива во рамките на третиот столб на Унијата - "Соработка во областа на полициските и кривични работи" познат и како "Правда и внатрешни работи", од кој што, во 1997

година, уредувањето на повеќе значајни подрачја беа пренесени во првиот столб на Унијата - Е.З. (азилот, имиграцијата, судската соработка во граѓанските работи).

Истовремено, бидејќи економската интеграција помеѓу државите-членки добила големи пропорции, се јавила потребата од соработка во класичните области на националната политика - надворешните работи и безбедноста. Од друга страна, земјите-членки, нагласи г.де Капитани, во овие процеси се´ повеќе ја согледале потребата од заштита на слободите на граѓаните и на основните човековите права, како што е слободата на движење, како и потребата од воспоставување на заедничка политика на Унијата за азил и емиграција. Поради ова, надлежноста на оваа Комисија во најголема мера се однесуваат на заштита на граѓанските и основните човековите права, вклучувајќи ја заштитата на малцинствата, согласно договорите и Повелбата за основните права на Европската Унија; мерките потребни за борба против сите форми на дискриминација; законодавството во областа на транспарентноста и на заштитата на физичките лица кои се однесуваат на процесуирањето на личните податоци, како и определувањето на ризиците од сериозни повреди на заедничките принципи од земјите членки.

Во однос на методологијата на работа на Комисијата, г.де Капитани истакна дека од големо значење е за одредени прашања кои се разгледуваат на седница на Комисијата, да бидат поканувани експерти по одредена проблематика, реномирани универзитетски професори и други истакнати интелектуалци, кои со својот ескпертски придонес ја збогатуваат дебатата и учествуваат во донесување на квалитетни законски акти.

Во врска со заштитата на личните податоци, како мошне важно прашање, г.де Капитани нагласи дека се уште ова прашање не е решено на највиско ниво кое ќе овозможи вистинска заштита на личните податоци на граѓаните. Не помалку значајна е надлежноста на Комисијата која се однесува на основањето и развојот на слободите на граѓаните, безбедноста и правдата, што се остварува преку мерките кои се однесуваат на влегувањето и движењето на луѓето, азилот и миграцијата, како и правната и административната соработка во областа на граѓанските работи; мерките кои се преземаат за управување со заедничките граници и мерките што се однесуваат на полициската и правната соработка во сузбивањето на криминалните работи. Значајно место во остварувањето на надлежноста на оваа комисија е постоењето на повеќе тела и агенции преку кои ја остварува надлежноста, како што се Европскиот монитаринг центар за дроги и прекурзори, Европскиот мониторинг центар за расизам и ксенофобија, Европол и други тела.

Покрај ова, г. де Капитани истакна дека еден од најважните чекори со кои се олеснил животот на лицата што патуваат во рамките на Европската унија бил преземен во 1985 година, кога владите на Белгија, Франција, Германија, Луксембург и Холандија потпишале спогодба во градот Шенген (Шенгенска спогодба), при што е постигната согласност за укинување на проверките на лицата на нивните меѓусебни граници, за хармонизирање на контролите на нивните граници со границите на земјите што не се земји членки на ЕУ и за воведат заедничка политика за визи. На овој начин се оформи зона без внатрешни граници, позната како Шенген зона, која зона постепено се проширува, а Спогодбата од Шенген од 1985 година, Конвенцијата за нејзиното спроведување од 1990 и сите останати закони што произлегуваат од оваа спогодба, се составен дел на договорите за Европската унија.

Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, г- динот Жарко Денковски, заблагодарувајќи се на исцрпното излагање во врска со работата на оваа комисија, напомена дека за граѓаните на Република Македонија од особено значање е олеснувањето на визниот режим со земјите од Шенген зоната што ќе придонесе за нивно непречено патување во овие земји. Од овие причини нагласи дека Република Македонија, во рамките на својата надворешна политика, настојува да создаде услови за ратификување на договори со Европската унија кои во голема мера ќе придонесат за олеснувањето на визниот режим.

9. Објаснувањата во врска со работењето и надлежноста на Комисијата за правни прашања на ЕП ги даде ***г-динот Роберт Бреј, администратор во Секретаријатот на***

Комисијата. Имено, оваа комисија има мошне значајна надлежност, бидејќи ги разгледува прашањата што се однесуваат на толкувањето и примената на европското законодавство, усогласеноста на актите на ЕУ со примарното законодавство и почитувањето на принципите на субсидијарност и пропорционалност; толкувањето и примената на меѓународните закони, доколку се однесуваат на ЕУ; поедноставувањето на процедурите при донесувањето на законите и при нивната кодификација; актите на Унијата кои се однесуваат на законите од областа на граѓанското и трговското законодавство; законите кои се однесуваат на компаниите, интелектуалната сопственост; заштитата на животната средина и на процедуралните правила. Покрај ова, Комисијата има значајна улога за заштитата на правата и привилегиите на парламентарците, а ги разгледува и прашањата што се однесуваат на Статутот на земјите членки и правилата на Службата; имунитетот; организацијата и статутот на Европскиот суд, како и прашањата кои се однесуваат на Канцеларијата за хармонизација во внатрешниот пазар.

Покрај излагањата за надлежноста, г. Бреј истакна дека оваа Комисија има 28 членови, и исто толку заменици кои се групирани по политички партии, а во службата редовно работат 6 секретари и помошници-секретари кои се грижат за остварување на надлежноста на Комисијата. Беше истакнато дека од голема важност во остварувањето на надлежноста е работата на лицата ангажирани од членовите на Комисијата и нивната соработка со службата на Комисијата.

10. На средбата во **Европската комисија**, претставниците на Службата на Собранието на Република Македонија имаа можност да се остварат средба со надлежните функционри кои работат во Одделот за Република Македонија: ***г. Мартин Досон, политички советник, г. Феруџо Бого, политички советник (поранешен советник во Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија) и г. Томас Грубер, економски советник.***

Средбата претставуваше извонредна можност за прелиминарно запознавање со Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија во 2007 година, кој само ден пред тоа беше и официјално публикуван и презентиран од страна на Комесарот за проширување г. Оли Рен. Беше истакнато дека генерално Република Македонија покажува напредок, особено во сегментот на почитувањето на правата на малцинствата и спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, во борбата против корупцијата, хармонизацијата на законодавството, економските реформи, фискалната децентрализација и сл. Европската комисија изразува очекување дека во претстојниот период ќе бидат постигнати очекуваните резултати и во реформата на правосудството, јавната администрација и исполнувањето на политичките критериуми согласно Копенхашките критериуми.

Излагањето предизвика интерес за дебата, при што беа разменети мислења со претставниците на овој Оддел за прашања за реформите на јавната администрација и за тоа кои се очекувањата на Европската комисија на овој план, при што беше укажано дека критиките за работата на јавната администрација во Република Македонија се однесуваат на генералната работа на администрацијата, а не посебно на собраниската администрација. Во таа насока беше укажано дека собраниската администрација успешно ја остварува својата работа и е еден од клучните носители на ерво-интегративниот процес на земјата и во иднина треба да има уште проактивна улога.

Делегацијата беше запознаена со методологијата на работа на овој Оддел, при што беше информирана дека во Одделот работат околу 10 службеници од повеќе земји-членки на ЕУ, секој специјализиран за одредено поглавје од Извештајот. Извештајот се подготвува цела година, при што во подготовката се користат периодичните извештаи на Владата на Република Македонија, извештаите на реномираните меѓуанродно организации како што се Советот на Европа и ОБСЕ, како и на Amnesty International. Овој Оддел е во тесна соработка со Делегацијата на ЕК во Република Македонија, од каде се црпат изворни информации за актуелната политичка, економска, безбедносна и општествена состојба во земјата.

На средбата беа елаборирани прашања за начинот на користење на IPA и IPARD фондовите во одделни сегменти (земјоделство, екологија, и сл.), при што беше укажано дека во делот на екологијата во 2008 година треба да се постигне одредено ниво на развој, по што ќе може да се започне со користењето на овие фондови. ЕК за периодот 2007-2011 година само за Република Македонија има одвоено 400 милиони евра помош, односно 200 ЕУР *per capita.*

На прашањето за евентуални можности за потесна соработка меѓу ЕК и Собранието на Република Македонија, беше укажано дека таа соработка постои и може во иднина позабрзано да се ефектуира преку реализацијата на ЕК програмите TAIEX и SIGMA.

* * * * *

Заклучни согледувања

Учеството на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и на државните службеници од Службата на Собранието на Република Македонија се оценува како многу позитивно и корисно, заради остварување на континуиитет во следењето на активностите и актуелните теми на расправа во Европскиот парламент.

Од особено значење е одржувањето на билатералната средба на г. Денковски со г. Ромер, со што уште еднаш се потврдија заложбите на ЕП за широка поддршка на активностите на Собранието на Република Македонија во евро-интегративниот процес на Република Македонија.

Од не помало значење е и средбата со евро-парламентарецот Ерик Мејер, со кого, во интерактивна дискусија, беа елаборирани битни прашања од евро-интегративниот процес на Република Македонија.

Средбата во ЕК претставуваше изворна можност за запознавање со начинот и методологијата на креирање на политиката на ЕУ, особено во делот на подготвувањето на редовните годишни извешти за напредокот на Република Македонија во приближувањето кон ЕУ.

Оваа студиска посета е многу значајна посебно од аспект на отпочнување на поинтензивна и директна соработка на собраниската администрација со администрацијата на ЕП.